29342

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за историја
Институт за национална историја

СКОПЈЕ

# МЕСТОТО И УЛОГАТА НА МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО ВО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ

**-ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА -**

Кандидат:
м-р Соња Николова

Ментор:
проф. д-р Тодор Чепреганов

СКОПЈЕ
2016

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

# ПРЕДГОВОР

Народноослободителната борба на македонскиот народ и нејзиното победоносно завршување, претставува историска пресвртница во вековната борба за признавање на неговиот национален идентитет и државност. Бројни македонски дејци во историската епопеја за слободна и независна Македонија, и покрај притисоците, неправдите и пропагандите, цврсто опстоиле на ставот за посебноста на македонскиот народ, се бореле и несебично се жртвувале за македонската кауза, носени единствено од идеалот за слободна, обединета и независна македонска држава.

Методија Шаторов-Шарло, без дилема, е револуционер од висок ранг, интернационален комунист кој зад себе остави неизбришливи траги и печат врз националната историја на македонскиот народ. Борбата за слободна и обединета македонска држава, како и доследноста и неотстапувањето од определбата за посебноста и различноста на македонскиот национален идентитет на Балканот, засекогаш ќе го смести во плејадата национално-револуционерни идеолози и дејци на македонскиот народ.

Голем број научни работници-историографи, инспирирани и мотивирани од значењето на периодот во кој македонскиот народ се стекна со своја државност и национално признавање, во годините по ослободувањето, директно, а уште повеќе индиректно во обидот за анализирање, толкување и расветлување на овој период, неизбежно биле условени да го опфатат и Методија Шаторов и неговата улога како политички секретар на партиската организација на Македонија. Но, она што може да се забележи во македонската историографија, создадена во периодот до 1991 година, без исклучок, е оценката за опортунистичко-предавничката улога на Методија Шаторов. Од учебниците во училиштата, високообразовните институции и институти па с... до научната мисла и литература објавена од страна на МАНУ, како највисока научна институција во Македонија, Методија Шаторов, дефинитивно бил етикетиран како предавник на македонскиот народ, без притоа објективно да бидат земани во обѕир причините, условите, влијанијата и интересите на главните воено-политички фактори. Ниту пак подоцна била направена објективна проверка на заклучоците на рефератот на Лазар Колишевски усвоени на Првиот конгрес на СКМ во 1948 година со кои било

запечатено местото на Методија Шаторов во македонската историографија,[1] а секое понатамошно анализирање и објективно интерпретирање на настаните било оневозможено.

Македонската историографија е млада наука која со право можеме да кажеме дека е врсник на македонската држава. Како структурен дел на СФРЈ, Социјалистичка Р. Македонија, беше релативно зависна и условена од општествените текови кои ги диктираше централата. Во услови на доминација на југословенската политичка идеологија и сложени политички притисоци од соседните држави, се наметна потребата од нагласување и глорифицирање на одредени моменти од штотуку завршената Народно-ослободителна антифашистичка борба (НОАБ), Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) и Титовата улога, а од друга страна, „скротување" на каква било национална политичка линија во историографиите на федералните единици од кои една беше и македонската. Затоа, секој историски революционерен лик кој стоел на национална македонска линија и не се согласувал со општо-југословенскиот концепт, бил елиминиран. Секако дека првата жртва (уште на самиот почеток на НОАБ на македонскиот народ), иако не и последна, која се спротиставувала на про-југословенската политичка идеологија застапувана од Јосип Броз Тито, е Методија Шаторов. Расчистувањето со неговата политичка линија продолжува и во повоените години, особено во доменот на македонската историографија.

Затоа, историските хипотеки оставени од страна на македонската и југословенската историографија и утврдувањето на „предавничката улога" на Методија Шаторов-Шарло, беше резултат на политичко интерпретирање на настаните, без да се навлезе подлабоко и

[1] *Историја на македонскиот народ*, Книга III, Периодот меѓу двете светски војни и Народната револуција (1918-1945), (Скопје: Институт за национална историја и НИП „ Нова Македонија"), 1969; *Историјски архив Комунистичке партије Југославије*, том VII, Македонија у Народноослободилачком рату и Народној револуцији 1941-1944 (Београд: Историјско одељење Централног комитета КПЈ, 1951); *Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 – 1945*, Том I, Документи на Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Македонија 1941 – 1945, Книга прва, Документи на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија 6 април 1941 – 22 ноември 1942 (Скопје: Институт за национална историја, март 1968); Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. VII, крај на април – 28 ноември 1941 (Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1979); *Развојот и карактеристиките на Народноослободителната војна и на Револуцијата во Македонија,* Симпозиум, Скопје, 9-10 декември 1971 година (Скопје: МАНУ и ИНИ, 1973); *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија*, Материјали од Научниот собир одржан 1, 2 и 3 ноември 1979, I и II книга (Скопје: Комунист, 1980); Лазар Колишевски, *Аспекти на македонското прашање* (Скопје: Култура, 1969); Велимир Брезовски, *Комунистичката партија на Македонија 1941-1944*, Редакција Миле Михајлов, Тодор Чепреганов, Ѓорѓи Чакарјаневски (Скопје: ИНИ, 2003).

објективно во интерактивноста на историските процеси, факторите и причините за политичкиот спор во македонската партиска организација.

Токму од тие причини го прифатив предизвикот да се зафатам со демистифицирање на активноста и улогата на Методија Шаторов во македонското национално-ослободително движење, преку повторно препрочитување на документацијата и научно расчистување на неколку прашања:

1. До каде вистината се почитувала, а историографијата објективно го забележала она што навистина се случило и колку политичкиот интерес на владеачките структури бил пресуден, историските настани да добијат ново руво, фризирано, селектирано и глорифицираноза наводно „повисоките интереси на нацијата"?
2. Зошто било потребно Методија Шаторов и неговата национално-политичка програма за обединета и самостојна македонска држава да биде осудена, а самиот елиминиран и етикетиран како предавник на македонскиот народ, дамка која го следи с до денес?
3. Зошто и во понатомошниот тек на НОАБ, сите национални елементи кои се залагале за самостојна македонска држава биле отстранети? И конечно:
4. Дали во македонската историографија прашањето за историската рехабилитација на Методија Шаторов Шарло е завршено?

Она што си го поставивме како цел беше неопходноста за научно утврдување на револуционерната активност на Методија Шаторов, преку научно истражување и анализа, уточнување на сликата за него и елиминирање на дилемите во однос на прашањето кој и што бил Шаторов во рамките на меѓународното работничко и комунистичко движење, во периодот на емиграција надвор од Македонија и сокакво, веќе стекнато искуство, ја презема функцијата политички секретар во македонската партиска организација.

Но, она што го дефиниравме како клучен предмет на истражувањето е периодот на дејствување на Методија Шаторов во македонската партиска организацијаи неговиот придонес во национално-ослободителното движење на македонскиот народ.

Се надеваме дека со докторската тема даваме само скромен придонес кон утврдувањето на вистината за ликот и делото на Методија Шаторов-Шарло и конечно, со научно аргументирани ставови, расчистување со анатемата фрлена врз неговото име и дело.

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ..... 2

ВОВЕД ..... 8

ГЛАВА ПРВА ..... 20

МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ВО ЕМИГРАЦИЈА 1920-1939 ..... 20

1.1 Активноста на Методија Шаторов во работничкото и комунистичкото движење во Бугарија ..... 21

1.2 ВМРО(Об.) и улогата на Методија Шаторов во македонското национално движење ..... 30

1.3 Во Коминтерната и во Франција ..... 55

ВТОРА ГЛАВА ..... 61

МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО - ПОЛИТИЧКИ СЕКРЕТАР ..... 61

НА ПК НА КПЈ ЗА МАКЕДОНИЈА ДО АПРИЛ 1941 ГОДИНА ..... 61

2.1 ПК КПЈ за Македонија и Комунистичката партија на Југославија до доаѓањето на Методија Шаторов ..... 62

2.1.1 КПЈ во илегала ..... 66

2.1.2 КПЈ и ВМРО(Об.) во Вардарска Македонија ..... 71

2.1.3 Возобновување на партиската организација и појавата на МАНАПО ..... 77

2.1.4 Доаѓањето на Јосип Броз и промените во КПЈ ..... 80

2.2 Поставувањето на Методија Шаторов за политички секретар во Македонија и состојбата во Покраинскиот комитет од април 1940 година ..... 84

2.3 Покраинската партиска конференција од 8 септември 1940 година и нејзиното значење ..... 91

2.4 Петта земска конференција-октомври 1940 година ..... 97

2.5 Заокружувањето на македонската национална програма во ПК на КПЈ за Македонија до 1941 година ..... 101

ГЛАВА ТРЕТА ..... 105

ПОКРАИНСКИОТ КОМИТЕТ И МАКЕДОНСКАТА ПАРТИСКА ..... 105

ОРГАНИЗАЦИЈА ВО УСЛОВИ НА ОКУПАЦИЈА ..... 105

3.1 КПЈ и ПК на КПЈ за Македонија во мартовските демонстрации ..... 106

3.2 Состојбата по наци-фашистичкиот напад и окупацијата на Македонија ..... 114

3.3 Формирање на Бугарски акциони комитети ..... 118

3.4 Состојбата во Партиската организација во Македонија по Априлската војна ..... 122

3.4.1 Состојбата во месните партиски организации ........................................................123
3.4.2 Ставот на Методија Шаторов во врска со војната и окупацијата - „Писмо до Стојана“ ...127
3.5 Поврзувањето на Македонската партиска организација со БРП ......................................132
3.5.1 Кога е поврзана МПО со БРП? ..........................................................................................134
3.5.2 Како и по чија иницијатива дојде до поврзување на МПО со БРП? ..............................144
3.6 Ставот, политиката и позициите на БКП кон македонското прашање ...........................149
3.7 Ставот, политиката и позициите на КПЈ и на Јосип Броз Тито кон македонското прашање ..164
ГЛАВА ЧЕТВРТА ............................................................................................................................178
НАДМИНУВАЊЕ НА СПОРОТ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ПО МПО ..........................................................178
4.1 Активноста на Лазар Колишевски во Македонија и конфликтот со Методија Шаторов – Шарло ...........................................................................................................................................179
4.2 Одлука на ЦК КПЈ за исклучување на Методија Шаторов-Шарло од КПЈ .......................188
4.3 Состојбата во МПО и ПК на КПЈ за Македонија летото 1941 година ..............................193
4.4 Воената активност на МПО и ПК на КПЈ за Македонија ..................................................200
4.5 Рефлексијата на Воено-политичката ситуација во Европа ..............................................210
4.6 Одлуката на Јосип Броз до Извршен комитет на Комунистичката интернационала ..........218
4.7 Одлука на ЦК на КПЈ до членовите на КП на Македонија ................................................224
4.8 Одлука на ЦК на КПЈ до ЦК на КПБ ...................................................................................228
4.9 Извештајот на Методија Шаторов-Шарло .........................................................................235
4.10 Покраинскиот комитет и партиските организации во Македонија по исклучувањето на Методија Шаторов ......................................................................................................................248
4.10.1 Одлука за почеток на востание - 11 Октомври и контроверзите околу него ..............253
4.10.2 Кризата во Македонската партиска организација и нејзината разврска ......................258
ГЛАВА ПЕТТА ................................................................................................................................267
АКТИВНОСТА НА МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ВО БУГАРИЈА ..............................................................267
ДО НЕГОВОТО УБИСТВО ..............................................................................................................267
5.1 Методија Шаторов во софиското раководство на БРП ......................................................268
5.2 Методија Шаторов командир на III (трета) оперативна зона ..........................................281
5.3 Акцијата на Милеви скали ...................................................................................................291
5.4 Контроверзите околу убиството на Методија Шаторов ....................................................294
ГЛАВА ШЕСТА ...............................................................................................................................303
МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ВО ИСТОРИОГРАФИЈАТА ..........................................................................303

6.1 Методија Шаторов во македонската историографија до 1991 година .....................................304
6.2 Методија Шаторов во македонската историографија по 1991 година .....................................312
6.3 Методија Шаторов во бугарската историографија .............................................................316
ЗАКЛУЧОК.....................................................................................................................................325
КРАТЕНКИ.....................................................................................................................................339
ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА..................................................................................................................342



...МИНАР ЗА ИСТОРИЈА

# ВОВЕД

По завршувањето на Балканските и Првата светска војна, доаѓа до промена на геополитичката состојба на Балканот. Дотогаш сите балкански народи стекнаа свои национални држави, освен македонскиот народ. И покрај фактот што македонскиот народ беше мобилизиран во војските на трите балкански држави и учествуваше во воените операции, шестгодишното војување на македонскиот простор, заврши со национална, материјална и политичка катастрофа за македонскиот народ. Поделбата на етно-територијалното ткиво предизвика катастрофални последици на економски, политички, социјален и културен план, а можеби најмногу траги остави во процесот на неговото национално созревање и борбата за идентитетско признавање. Национално-револуционерното движење на македонскиот народ во овој исклучително важен период кога се поставуваа државните граници и новата геополитичка распределба на силите на Балканот, не успеа да еволуира, да се обедини и да застане под водството на заедничко национално-македонско, воено-политичко раководство и да се наметне на балканската воено-политичка сцена како посебен автономен субјект кој ќе се избори за своја држава.

Ситуацијата по Првата светска војна и мировните договори, во однос на македонската државност и македонското национално прашање останува статус кво. На 27 ноември 1919 година, во Неј на Сена бил потпишан Мировен договор меѓу сојузните здружени сили и Бугарија со кој биле санкционирани одредбите на Букурешкиот мировен договор од 1913 година и поделбата на Македонија. Единствена корекција Договорот претрпел за делови во југоисточна Македонија. Струмица и нејзината околина кои дотогаш биле под окупација на Бугарија, сега биле приклучени кон новосоздаденото Кралство на Србите, Хрватите и Словенците (СХС).

Со оваа корекција, не сметајќи ги незначителните исправки на границите со Албанија кај Дебар и со манастирот Св. Наум, Македонија била поделена на следниот начин:

-на Грција ѝ припаднал најголемиот дел 35.169 км$^2$;

-на Кралството на СХС 25.774 км$^2$;

-на Бугарија 6.798 км$^2$ и

-еден мал дел од територијата на Македонија останал во границите на Албанија.

На тој начин целоста на Македонија, во нејзините географски и етнографските граници, на површина од 67.741 км$^2$, била разбиена. Со тоа била разбиена и нејзината економска и национална компактност и бил оневозможен нормалниот демографски, општествен, економски, културен и национален развој на македонскиот народ.[2]

Настаните кои се случиле во Македонија, во релативно кус временски интервал, војните во и околу Македонија, поделбата на Македонија меѓу нејзините соседи, резултирале со огромни човечки и материјални загуби. Голем дел од активното население настрадало за време на воените дејства и повеќекратниот терор во наредните години. Македонија речиси постојано, без престан, била едно големо воено боиште на кое се судирале разноразни војски. Машкото работоспособно население било мобилизирано и испраќано на бројните фронтови да се бори за туѓи интереси и цели, оставајќи ја земјата необработена и уништена. Дополнителните околности, како гладот, болестите и епидемиите придонеле за негово десеткување. Поради ваквата ситуација, македонското население ја напуштало земјата барајќи егзистенција и подобар живот во други држави.

До Првата светска војна Македонија била претежно земјоделска и сточарска земја, со слаби индустриски капацитети, пред сѐ, изразени во ситни мануфактурни претпријатија и семејни, занаетчиски дуќани кои работеле домашно занаетчиско производство додека во останатите делови на Европа во овој период засилено се развивале производните сили.[3] Во тоа време Македонија и Балканот се соочувале со тектонски политички поместување и со раскинување на феудалните врски како заоставштина од минатото. Па сосема нормално било што очекувањата на луѓето по завршувањето на Првата светска војна оделе во насока за подобрување на нивната економско-социјална положба и стремежот кон национална слобода.

Селанството се надевало на брзо решавање на аграрното прашање. Македонските селани имале надеж и верување дека конечно истото ќе се реши и ќе ја добијат земјата во

---

[2] *Историја на македонскиот народ.* (Скопје: ИНИ, 2008), 224.

[3] Во поглед на индустриското производство, Македонија спаѓала во редот на неразвиени индустриски земји во однос на останатите делови на Европа. Таа располагала со мали индустриски капацитети, претежно парни мелници, ситни индустриски работилници, монополски претпријатија и лесна индустрија со по неколку вработени. Жителите во градовите покрај аргатската работа, егзистенцијата ја остварувале во семејните занаетчиски дуќани со капацитет од неколку вработени лица. Работна сила била неписмена и не образувана, со недоволно стручни квалификации. Тоа е и една од главните причини што работничката класа во Вардарска Македонија дури при самиот почеток на Втората светска војна бројно нараснува и успева да се организира и политички да истапи, преку разни форми на незадоволство и отпор, во борбата за своите права.

сопствено поседување и користење. Нивните очекувања биле посебно засилени по победата на Октомвриската револуција во Русија и промените кои во однос на сопственоста на земјишните имоти таму биле направени. За жал нивните очекувања биле изневерени, а аграрната реформа особено во Вардарска Македонија била искористена за колонизација и создавање на етнички енклави како упоришта на владејачкиот систем, со цел асимилација и денационализација на македонскиот народ и губење на неговиот идентитет.[4]

Во поглед на политичкото консолидирање и компактност се среќавал истиот проблем како и во сите други домени на општественото живеење. Разгорената револуционерна свест стекната во годините наназад, која својата експлозивност ја достигнува во илинденскиот период, се соочува со трагичните последици по Илинденското востание. Фракционерска поделба на револуционерното ткиво и појавата на длабока идејна криза меѓу самите револуционерни дејци како и неуспешните обиди истата да се надмине, особено по завршување на Балканските и Првата светска војна, од своја страна ќе доведе до нагласување на противречностите меѓу национал-револуционерните опоненти со што македонското револуционерно движење ќе се најде во состојба на дезинтеграција и политичка стагнација.

По Версајскиот мир, кризата под притисок на политичките системи на трите држави со спротивни цели и национални програми уште повеќе ќе се нагласува. Секоја од овие држави си поставила за цел македонското движење да го стави во целосна функција на својата државна политика. Токму оваа расцепканост на три полиња ја поделила македонската култура и нејзината национална и политичка комуникација. Сите три

---

[4] Македонија по завршувањето на Балканските и Првата светска војна била изразито аграрна земја со традиционален и примитивен начин на земјоделско производство. Македонскиот селанец располагал со ситни поседи или бил без нив, иако 80% од населението било селско. И покрај реалноста, широките народни маси сепак имале надеж дека егзистенционалните прашање особено решавањето на аграрното прашање по завршувањето на војните, ќе бидат позитивно решени. Но, наместо тоа, и покрај очекувањата, паралелно со останатите мерки на денационализација во Вардарска Македонија започнува населувањето на колонистите од другите краеви на Кралството СХС во прв ред заради остварување на денационализаторските и воено-стратешки политички цели. Затоа до 1940 година на територијата на Вардарска Македонија биле создадени 280 колонистички населби со 4.200 семејства. Експлоатацијата која била вршена врз македонското земјоделско население особено ескалирала во третата деценија, кога рапидно биле намалени откупните цени на тутунот, афионот, свилата и памукот. Во годините помеѓу двете светски војни македонското земјоделско население било во крајно тешка состојба која се граничела на работ на егзистенцијата. Зоран Тодоровски, Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941), *Македонија. Милениумски културно историски факти,* (Скопје: Медија Принт Македонија, Универзитет Евро-Балкан, 2013), 2248-2249.

државни системи како свој приоритет го имале уништувањето на идентитетот на македонската нација.[5]

Разбитувањето на македонскиот идентитет се вршело континуирано и системски, преку недемократските режими и нивните ригорозни мерки кон сите појави со македонски белег, особено преку забранатаза користење на мајчиниот јазик, дури и во домовите, воведување на државниот јазик во училиштата и без основното демократско и човечко право македонските деца да ја следат наставата на мајчин јазик.[6]

---

[55] Владеачкиот апарат во сите три држави презема активни мерки за асимилација и денационализација на македонскиот народ. Македонците во Вардарска Македонија не биле признати како посебен народ, туку биле прогласени за Срби односно за „јужни Срби". Во Кралството на СХС на македонскиот народ му било забрането да се декларира како Македонци и да го зборува својот мајчин јазик. Како една од мерките за асимилација и денационализација, српската власт го воведува српскиот јазик како официјален јазик во администрацијата. Имињата и презимињата на граѓаните биле променети и завршувале со иќ. По истата патека се движи и грчката влада која водена од желбата да формира идна држава со една нација и еден јазик почнува да спроведува политика на масовно протерување на македонското население од Егејска Македонија и колонизирање на грчко население. Со потпишувањето на Нејскиот мировен договор била потпишана Конвенција за т.н. доброволно иселување на инородното население што живеело во двете држави. По спроведувањето на конвенцијата 86.571 жител од Егејска Македонија, односно македонско население било принудено да замине во Бугарија. Со Лозанскиот договор пак од 1923 година задолжително било иселувањето на христијаните од Турција и муслиманите од Грција. Врз основа на овој договор од Грција биле иселени 354.000 муслимани од кои 40.000 македонски муслимани. Вкупно емигрирано македонско население по двата договори изнесувало 127. 374 Македонци или 34,39% од македонското население кое емигрирало во Бугарија или Турција. Во Егејска Македонија останале околу 242.000 Македонци. Грчката држава не застанала само на мерката на протерување. Таа вршела смислена колонизација на Егејска Македонија со цел да се промени етничкиот состав на населението на оваа територија и грчката државна граница да ги добие своите етнички граници. Паралелно со ова бил донесен законот од 1926 година кога започнал процесот на деноминација на македонските населени места што значи се менуваат имињата на реките, планините, селата и градовите кои добиле грчки топонимски карактер. По анектирањето на Егејска Македонија, Грција не признаваше македонско име и македонски јазик. Македонците беа именувани како славофони, славофони-Грци или ендопи (домородци). Македонските презимиња се менуваат и завршуваат на –ис, -ос, -пулос. Исто таму, 2247 и 2264.

[6] За успешната србизација на македонскиот народ српските власти посветувале големо внимание. Тие покажале големи амбиции во ширењето на основното и средното гимназиско образование. Биле обновени постоечките гимназии, а во Скопје бил отворен Филозофскиот факултет како клон на Белградскиот универзитет. Но, недоверлива во училишниот кадар од Македонија, сметајќи го за егзархиски продукт, српските власти систематски и трајно ги преместувале македонските учители во другите делови на земјата, а во Вардарска Македонија донесувале учители од српска националност.

Состојбата била слична па дури и полоша во Егејска Македонија. Поставувањето на вештачките граници и нивната заштита ја приморувале Грчката држава да презема мерки за наметнување на својата елинистичка култура, како резултат на тоа панично прогонувала и уништувала секаков културно – историски или јазичен славјански белег. Македонскиот јазик кој бил сметан за варварски се забранувал и во домашни услови и во секојдневниот живот. Ваквите потиснувачки мерки особено биле карактеристични за време на диктаторскиот режим на Јоанис Метаксас во 1936 година. Поради кршењето на забраната за користење на македонскиот јазик, околу 4.500 Македонци биле осудени и пратени на робија на грчките острови. Но под притисок од страна на Друштвото на народите и меѓународната јавност, Грција во обид да се прикаже како држава која ги заштитува правата на малцинствата дозволува во 1925 година да се испечати еден буквар наречен „Абецедар". Меѓутоа, веднаш по неговото публикување бил уништен и ниту еден примерок не стапил во употреба. Во однос на образованието, децата биле воспитувани дека треба да се гордеат бидејќи се Грци, како и за славната грчка историја, бришејќи ги притоа македонските војводи и

Во општествено-административните институции и во органите на власт било оневозможено учеството на македонскиот народсо неговите национални обележја. Македонскиот народ немал свој национален политички претставник, бидејќи не бил национално признат и му било оневозможено правото на учество и партиципирање во власта со свои парламентарни претставници и партии.[7]

Општ е впечатокот дека првите години по воспоставувањето на Версајскиот мир, теророт, асимилацијата и денационализацијата биле секојдневие во животот на македонскиот народ.[8]

Во крајна линија трите соседни држави спроведувале државна политика за целосно идентитетско исчезнување на македонскиот народ.

*

Бугарија по завршувањето на Првата светска војна се наоѓа во исклучиво тешка и сложена политичка состојба. Условите што ѝ биле диктирани при потпишувањето на Нејскиот мировен договор на принципот „земи или остави" уште повеќе го

---

комити од историската свест на младата популација. И покрај сите напори. македонското семејство во Егејска Македонија до денес успева да ги сочува македонскиот народен јазик, култура и историска традиција. Исто.

[7] Во Вардарска Македонија политичкиот живот го сочинувале српските граѓански политички партии, радикална, демократска и земјоделска, како и турската национална организација Џемиет. Македонскиот народ немал своја легална, граѓанска политичка партија, бидејќи македонската нација не била призната. Српските партии континуирано продолжиле со политиката на непризнавање на македонскиот народ. Единствена политичка партија која им влевала надеж на македонските народни маси дека ќе го застапува решавањето на македонското прашање била Комунистичката партија на Југославија. Многу слична била состојбата и во Егејска Македонија. Единствената партија која макар и декларативно во својата политичка платформа, дозволи терминолошко споменување и признавање на македонскиот народ како посебен национален субјективитет на Балканот е Грчката комунистичка партија, секако под директно влијание на политичкиот став заземан од Коминтерната. Исто.

[8] Српските власти особено биле осетливи и агресивни на македонските национални организации и на активноста на четите на ВМРО. Веднаш по формирањето, под силен притисок се нашле и припадниците на ВМРО(об) и на Македонската младинска тајна револуционерна организација (ММТРО). Според статистиката во периодот од 1919-1929 година имало околу 1.400 политички убиства, а уапсени и затворени имало повеќе од 25.000 македонски граѓани и селани. Од 1923 до 1933 година биле убиени 1.500 души. Вооружените акции на четите на ВМРО уште повеќе ја влошувале севкупната политичко-економска и социјална положба на македонскиот народ. Мерките на државните власти што ги преземале против дејствијата на комитските чети на ВМРО кои од Бугарија навлегувале на територијата на Вардарска Македонија биле придружени со убиства и масовно тероризирање на невиното македонско население. Систематските акции коишто ги превземале против нив имале за цел да го одвратат македонскиот народ, а особено растечката интелигенција и младина од влијанието на ВМРО. Како потпора на српската политика биле формирани специјални четнички единици т.н летечки одреди. По теророт и масакрот особено се истакнувал одредот на војводата Јован Бабунски. Во периодот од 1 јануари 1919 до 1 јануари 1926 година воените, полициските и државните паравоени чети на кралството на СХС извршиле 263 убиства, 178 обесчествувања, 1.342 опожарени куќи, 4.850 уапсени лица без вина, 5.445 жестоко мачени лица и безброј акции во коишто било ограбено населението со заплашување на смрт или со апсење. Исто.

продлабочувало незадовоството на широките народни маси кон владеачкиот режим, кого го обвинувале за националната бугарска катастрофа. Со доаѓањето на Александар Стамболиски на чело на бугарската влада драстично бил сменет дотогашниот курс на надворешна политика на Бугарија, манифестирајќи мирољублива политика кон соседните земји, особено кон Кралството СХС.

Под налетите на српската и грчката потисничка политика, во Бугарија во периодот по Балканските и Првата светска војна емигрирале скоро 300.000 бегалци од Македонија, Тракија, Босилеградско, Царибротско и Добруџа.[9] Делот од Македонија што подпаднал под бугарска власт, со претежно македонско население, бил третиран како една административно-територијална целина, со центар во градот Петрич поради што често се нарекувал и Петрички округ. И покрај одобрените заеми и кредити коишто бугарската влада во 1926 година како помош им ги доделила на бегалците,[10] Пиринска Македонија како територијална област, била сиромашна и економски заостаната, за разлика од останатите делови од Бугарија.

Во однос на македонското револуционерно движење по Првата светска војна автономистичката ВМРО ги концентрирала своите сили во Пиринска Македонија, која воедно претставува и нејзина воена база од каде се подготвувале вооружените акции. Воведува своја даночна политика, свои правила во кои бугарската официјална власт не се мешала, поради што Пиринска Македонија наликувала на „држава во држава“. На таа територија, ВМРО автономистичка предводена од Тодор Александров, ги обучувала и организирала терористичките групи и четите на организацијата како и најголемиот дел од четничката милиција за своите вооружени акции и уфрлања на територијата на Вардарска и Егејска Македонија. Бугарските државни власти користејќи го отворено македонското прашање како бугарско прашање, за своите државни интереси промислено и целно го толерирала дејствувањето на ВМРО во границите на Бугарија и за таа сметка, Пиринска Македонија била под целосна контрола на ВМРО. Раководството на ВМРО бил најголемиот застапник и спроведувач на политиката на бугарските влади. И покрај тоа што таа, зависно од општествено-политичките услови, во одредени периоди политички ќе

---

[9] Исто, 2257.

[10] За помош на бегалците, бугарската влада добила 2.4 милиони фунти стерлинзи и 4.5 милиони долари заем, наменет за изградба на домови, добивање на земјоделска помош (алати и земја) а на 220.000 бегалци. Бугарската влада се обврзала да им додели најмалку 132.000 хектари земја. Ваквите мерки придонеле 220 000 бегалци да добијат земја во Бугарија и можност за егзистенција. Исто, 2258.

се декларира дека се залага за обединета автономна Македонија која ќе се приклучи кон Бугарија, или за автономна Македонија под протекторат на одредена голема сила, или за независна самостојна Македонија, таа никогаш нема да ја напушти бугарската национална идентификација на македонското население, кореспондирајќи единствено со терминолошката определба „македонски Бугари“ .

Неоспорен е фактот дека најголемиот дел од македонската емиграција свое прибрежиште наоѓа во Бугарија.[11] Таму, под влијание на новите процеси и услови доаѓа до поместување и прегрупирање на силите во национално-ослободителното движење. Една од причините за раслојување и поделба во редовите на емиграцијата во Бугарија биле социјалните разлики, разните политички позиции и материјалните интереси. Обично делот од македонската емиграција кои што емигрирале по Илинденското востание, по Првата светска војна веќе располагале со свои позиции, биле блиски, но и самите биле дел од бугарските буржуаски слоеви. Оваа македонска структура во која влегувала и интелигенцијата директно била поврзана со бугарските државни интереси и преку неа бугарските влади ја остварувале својата пропаганда и влијание врз македонското ослободително движење. Вториот слој од македонската емиграција била селската сиромаштија. Оваа структура брзо се пролетеризирал, бидејќи претставувала во најголем дел ефтина работна сила во Бугарија. Под влијание на работничките и комунистичките движења и актуелизирањето на комунистичките организации од нејзините редови подоцна била пополнувана БКП и ВМРО(Об.).

По Првата светска војна и периодот на стагнација, не само што продолжила туку се интензивирала национално- ослободителната борба на македонскиот народ, префрлувајќи го политичкиот центар во Бугарија. Национално-ослободителното движење како историски процес во кој се дефинира и кристализира мисловното спознание замакедонскиот народ, минува низ неколку еволутивни форми, почнувајќи од политичкиот сепаратизам во времето на Илинденскиот период, барањето за автономија, залагањето за федерализам, за конечното национално себеперцепирање и идентитетско препознавање да успее да го финишира токму во периодот меѓу двете светски војни.

[11] Вкупниот број на македонската емиграција во Бугарија до крајот на 1930 година достигнал околу 100.000. *„Историја на македонскиот народ“*, Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна (1912 – 1941), д-р Иван Катарџиев, том четврти, (Скопје: Институт за национална историја, 2000), 256.

Победата на Октомвриската револуција во тој период, значеше, за прв пат момент на победа на работничкото движење, кое даде поттик и верба на милиони обесправени работници и селани, дека еден ден ќе успеат својата борба да ја крунисат со правен социјалистички општествен систем и подобра иднина. Идејата за подобра иднина, во таборот на коминистичките секции, сплоти милиони национално и економско-политички обесправени луѓе кои беа спремни и го чекаа знакот за почеток на револуцијата. Нормално во тие услови и во чекор со новиот советски социјалистички поредок зајакнуваше и репрезентот и „чуварот" на комунистичкото движење-Коминтерната[12]. Под нејзина команда, надзор и одлучување беа ставени сите комунистички партии и секции кои егзистираа на тлото на Европа, респективно и Балканот. Нејзината организациска структура и чиновнички апарат не само што парираше на најбирократските и репресивни системи туку со својата организираност и суровост во голема мера ги надминуваше. Под нејзино раководство и во нејзина служба се бараше да бидат ставени сите национално-ослободителни и класни револуционерни движења кои како моторна сила ќе бидат искористени во остварување на нејзините планови, секако најмногу во класната борба за победа над постоечкиот капиталистички систем. Во такви услови на доминантен репресивен апарат со огромна политичка, финансиска моќ и со огромни човечки ресурси со кои располагаше Коминтерната, македонското национално-ослободително движење поделено и расцепкано на многуројни фракции и групации во дваесетите години иницираше опсервација, а подоцна преземање на контролата и надзор врз него, врзувајќи го за своите комунистички организации и секции.

---

[12] Зборот Коминтерна потекнува од рускиот јазик и е кратенка за Комунистичка интернационала. Основачкиот конгрес бил одржан од 2 до 6 март 1919 година. На Конгресот присуствувале 52 делегати од 34 партии. Партиите од разни земји кои пристапиле кон Коминтерната биле прогласени за секции на таа над национална организација. Се работи за т. н. Трета интернационала формирана во Москва во 1919 година во која влегле партиите кои произлегле од работничкото движење и кои ја прифатиле ленинистичката теорија и болшевичката тактика на револуционерна борба како доминантна револуционерна методанаспроти ревизионистите кои во поголемиот дел го задржале името социјалдемократи и се определиле за мирнодопски методи на борба за работничките права по пат на синдикати, слобода на печат и слободни избори во институциите на парламентарната демократија. Припадниците на револуционерната струја по примерот на руската партија го зеле за себе името комунисти и поради тоа се именува како Трета интернационала. По смртта на Ленин во 1924 година во Коминтерната доаѓа до судир на две фракции – троцкистичка и сталинистичка. Во судирот сталинистичката фракција ја презема власта и Коминтерната започнува да ја губи својата самостојност и се повеќе се претвора во продолжена рака на советската надворешна политика. Во 1943 година Сталин ја распушта Коминтерната за да не ги влошува односите со Запад.

Меѓутоа, не треба да се заборави дека токму Коминтерната, тргнувајќи пред с и над с од сопствениот интерес, се одважи да им го признае правото на носителите на македонското национално ослободително движење да се борат за самостојна, независна и обединета македонска држава во рамките на идна Балканска федерација, под мотото Македонија да престане да биде јаболко на раздорот и воедно да ги поддржи организациите кои беа спремни да ја реализираат оваа идеја. Тоа, де факто, во историскиот момент, значеше признавање и прифаќање на историската реалност за постоењето на посебен македонски народ и јазик.

Чекор напред, во обидот за обединување на македонското револуционерно ткиво беше формирање на единствениот револуционерен фронт со потпишувањето на Мајскиот манифест во 1924 година.[13] И покрај кратката временска рамка во која опстојува, Манифестот беше обид и реалност макар за кратко да се прекине истребувачката борба

---

[13] Согледувајќи ја нарасната политичка и финансиска моќ на Коминтерната, Тодор Александров летото 1923 година ги испраќа Димитар Влахов и Михаил Монев на почетни преговори во Москва. Во декември 1923 година на средбата меѓу Борис Шпак (Андреев-Базаров) и Тодор Александров во селото Покрвник, Горноџумајско, биле дефинирани основите на преговорите за обединување на силите во македонското национално револуционерно движење и за создавање на револуционерен фронт. Зимата во Виена продолжиле преговорите меѓу претставниците на Советска Русија, Андреев и Голдштајн (Черски), со овластениот од Тодор Александров преговарач, Димитар Влахов. Во март 1924 година Димитар Влахов оди на преговори во Италија со третиот член на ЦК на ВМРО Петар Чаулев и заедно со него заминуваат за Рим каде доаѓа до средба помеѓу нив двајца и Тодор Александров и Александар Протогеров. Поради личното непријателсво меѓу Чаулев и Протогеров, двајцата во Рим не остваруваат директен контак. На средбата тројцата учесници едногласно се согласуваат и ги прифаќаат принципите за самостојна револуционерна борба на македонскиот народ, за единствен македонски и балкански фронт, понатаму за независноста на Македонија и на Балканската федерација. На 29 април 1924 г. во Линц Австрија, тројцата членови на ЦК на ВМРО, Петар Чаулев, Тодор Александров и Александар Протогеров потпишуваат Декларација во која биле утврдени принципите и ставовите на идната, нова политика на ВМРО. На следниот ден 30 април 1924 година бил изработен и „Протокол за обединување на македонското револуционерно движење" во два примероци потпишан одделно од централните комитети на ВМРО и Македонската федеративна организација. Бидејќи овие два документи не биле планирани за публикување, од страна на тројцата членови на ЦК, било договорено изготвување на Манифест до македонскиот народ. Задачата за изготвување на манифестот му била доверена на Протогеров, но по неуспешниот обид да го состави, задачата му била предадена на Д. Влахов кој и го изготвил документот. Т. Александров забележал дека пасусите кои се однесуват на бугарската влада се недоволно остри и посочил свое поостро изразување кон неа. Бидејќи Т. Александров морал да замине од Виена во присуство на Димитар Влахов ги ополномоштува Александар Протогеров и Петар Чаулев да го потпишат документот-Манифестот. Манифестот е потпишан на 6 мај 1924 година а истиот од страна на Димитар Влахов е публикуван во весникот „ Балканска федерација" на 15 јули 1924 година. Тој е еден од најзначајните програмски документи за обединување на сите политички револуционерни групации под заедничко македонско лого. Воедно претставува идејно политичка основа за обединување на македонското револуционернои движење и формирањето на ВМРО(об). Димитар Влахов, *„Мемоари"*, Второ издание, Книгата се објавува по повод 100-годишнината од Илинден, 1903 – 2003, (Скопје: „Слово", 2003), 217-247; *„Историја на македонскиот народ"*, Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна (1912 – 1941), д-р Иван Катарџиев, том четврти, (Скопје: Институт за национална историја, 2000), 327; Ленина Жила, *ВИЕНСКА „СТАПИЦА"* Историја на преговорите меѓу СССР и ВМРО на Тодор Александров, (Скопје: Институт за национална историја, 2014), 306-320.

меѓу македонските дејци, припадници на разните политички и идеолошки струења и да се прифати една општа платформа за решавање на македонското прашање. Но, наталожените нерешени прашања и идеолошката спротивставеност честопати го разделуваа македонското револуционерно ткиво до степен на самоуништување. И покрај потпишувањето на Манифестот, набргу, двајцата потписници под притисок на бугарската дворска клика веднаш ќе отстапат и ќе се откажат од потписите, кога Димитар Влахов без нивно одобрување, избрзано ќе го објави Мајскиот манифест во „Балканска федерација". Соочен со опасноста по сопствениот живот и притисокот од бугарскиот двор, Тодор Александров ќе го деманитира и оспори потписот и својата согласност за документот. Меѓутоа, процесот и пред с□ иницијатива за обединување под покровителсвото на Коминтерната, подоцна ќе биде основа и иницијативен столб за формирање на една нова македонска револуционерна организација ВМРО(Об.).

Во тој контекст во годините меѓу двете светски војни македонското национално револуционерно движење се најде на тромеѓето меѓу комунистичката идеологија, национално-револуционенрата борба и сопствените идеали. Одделни политички структури во Бугарија, БКП и Коминтерната настојуваа на македонското национално движење да му дадат своја нотка и да биде суптилно искористено. Но, тие средини исфрлија и македонски дејци кои задоени со идеалот за едно подобро праведно општество, со хуманистичкиот порив за себежртвување во борбата за остварување на својот стремеж и идеал, успеаја да се наметнат во структурите на Коминтерната и БКП и да се борат со сите расположливи средства за национално признавање на својот народ и формирање на самостојна, независна и обединета македонска држава. Еден од тие дејци кој што беше дел од апаратот на Коминтерната и БКП беше Методија Шаторов – човек кој како дел од македонското, национално револуционерно и ослободително движење во периодот меѓу двете светски војни целосно се вложи во барањето начини за помирување на поделеното ткиво на македонското национално револуционерно движење, борба за признавање на македонската индивидуалност, и конечно формирање на самостојна, независна и обединета македонска држава, македонски јазик и култура.



СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

*

Методија Шаторов е роден на 10 јануари 1897 година во Прилеп.[14] Потекнува од прилепската фамилија „Шаторовци". Прекарот кој го носи фамилијата, го стекнала според месноста „Шаторов камен" во близината на Прилеп.[15] Татко му Тасе бил ситен дуќанџија, мајка му домаќинка која заедно со татко му работела во дуќанот во кој честопати и Методија Шаторов од мали нозе помагал во работата.[16] Основно образование завршил во Прилеп, а гимназија учи во Битола. Поради Балканските војни гимназијата била преместена во Призрен, каде и ја завршил. На 24 јуни 1915 година, матурирал на учителската школа во Скопје со многу добар успех. Според успехот Методија Шаторов добил диплома за зрелост и способност за учител од „А" категорија. Се враќа во Прилеп каде почнува да работи како секретар на селска општина во Прилепско.[17] Методија Шаторов основата во своето образование и првите чекори во професионалниот живот ги

---

[14] Во монографиите, зборниците и документите во македонската историографија, без исклучок за датум на раѓање на Методија Шаторов е земен 10 јануари 1897. *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)* (Скопје: ИНИ, 2007), 25, 135, 169; Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов-Шарло (политички ставови),* (Скопје: ДНУ- Прилеп, 1996), 17; Ристо Шуплиновски, *Шарло (монографски прикази и полемики)*, ракопис..., 52; *Методија Шаторов-Шарло* документи и материјали, избор, предговор и редакција Зоран Тодоровски, соработник Ристе Бунтески-Бунте (Скопје: ДАРМ, 2012), 9.

За разлика од македонската во бугарската историографија, кај Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма*, Просопография на стариот Бугарин (Велико Търново: *"Знак '94 "*, 2006) на стр. 15/16 наведува дека датумот на раѓање на Методија Шаторов е 10 јануари 1898. Според Балкански овој податок се среќава во повеќе извори од бугарска провиниенција : *„Кратка българска енциклопедия"*, т.V, С., 1969; Д. Горостанов, *„Година равна на век"*, С.,1990; Вл.Танов, *„Утре животът ще бъде наш"*, С., с.106. и др. Исто така 1898 година како година на раѓање на Шаторов, според Балкански ја има и во документ предаден од неговата ќерка Кремена, во Музејот на револуцијата, потоа во работничката книшка издадена од фирмата на Ставре Јовиќ, во Скопје, како и во друга работна книшка (Пословна књижица) издадена во Прилеп на 25. X 1939 година, годината на раѓање е 1898. Според него, копии од документите во кои се гледа датумот на раѓање од 10. I 1898 година му има дадено и внукот на Методија Шаторов, Бојко Тодоров, син на неговата ќерка Кремена Шаторова, од уверението издадено од Прилепската општина. Врз основа на податоците наведени во овие документи Тодор Балкански смета дека годината на раѓање на Методија Шаторов е 1898.

Додека пак Илия Стефанов во *Убийството на Методи Шаторов* (София: 2005) на стр. 4 како и во разговорот воден со него, за година на раѓање на Методија Шаторов ја зема 1897 година како во документите од македонска провиниенција.

[15] Еден од предците, дедо на Методија Шаторов својот добиток го пасел и чувал на местото „Шаторов Камен" по кое и семејството го добило прекарот „Шаторо". И денес с уште кај месните жители и староседелци во Прилеп, се споменува прекарот „Шаторо". Тој не е исчезнат од локалниот говор и денес прекарот го има наследено и со него гоословуваат внукот на Методија Шаторов, Илија Димоски Шаторо.

[16] Методија Шаторов бил едно од шеснаесетте деца кои ги имале неговите родители, татко му Тасе и мајка му Јонка. Меѓутоа детските години пред него успеале да ги преживеаат само сестра му Талија и Гена кои се постари од него, а после цели 12 години се раѓа Методија Шаторов. По него се родиле брат му Киро и Тодор и сестра му Блага. Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов-Шарло (политички ставови)...*, 17; *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 9.

[17]*„Методија Шаторов-Шарло"*, документи и материјали..., 31/32, 39, 44: Ристе Бунтески-Бунте *„Методија Шаторов Шарло (политички ставови)"*...,17/18; Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов* (София: 2005), 4.

стекнува во Македонија и тоа во еден исклучително тежок период кога на Балканот беснееле Балканските и Првата светска војна. Македонија била целосно опфатена во воените случувања, а крајниот резултат била поделбата на Македонија меѓу соседните балкански држави. Познати се последиците и билансот од шестгодишното војување на македонскиот народ за кои Методија Шаторов неминовно и самиот бил сведок. И нормално како и кај секој Македонец, војните, распарчувањето на територијата на Македонија, материјална пустош и сиромаштија, огромните човечки загуби и денационализаторската политика и асимилацијата на соседите, имале силно влијание и во свеста на Шаторов. Барајќи подобра иднина, можност за школување и работа Методија Шаторов во 1918 година, го напушта Прилеп и заминува во Софија, Бугарија.[18]

[18] „*Методија Шаторов Шарло (политички ставови)*"..., 20.

# ГЛАВА ПРВА

# МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ВО ЕМИГРАЦИЈА 1920-1939

## 1.1 Активноста на Методија Шаторов во работничкото и комунистичкото движење во Бугарија

По пристигнувањето во Бугарија во септември 1918 година, Методија Шаторов бара начини за егзистенција пред с во работничките средини и се вработува како касиер, електротехничар, административен работник, и веднаш активно се вклучува во македонските масовни организации во Софија. Од тој момент тој е постојано активен во национално-револуционерно движење на македонската левица иако неговите контакти датираат уште за време на Првата светска војна кога се поврзал со членови на бугарската социјалдемократска партија (тесни социјалисти). Во периодот по војната, 1918-1919 година, веќе постојано учествувал во масовните собири и демонстрации на социјалдемократската партија.[19]

Во 1919 година добива задача да му помага на Димо Хаџи Димов во Емигрантскиот комунистички сојуз, со цел да се привлечат македонските бегалци кон оваа организација. Во 1920 година станува член на синдикалната организација Сојуз на банкарските трговски службеници и на Емигрантскиот комунистички сојуз, а истата година во октомври станува член на Бугарската комунистичката партија (БКП), по предлог на раководството на банкарските и трговските службеници. Веќе наредната 1921 година е назначен за секретар на партиска ќелија. Зема активно учество во целокупниот партиски и вонпартиски живот и во сите масовни јавни дејности, во агитацијата и пропагандата на партијата и во секојдневните партиски активности.[20] Бил постојано на терен и „врбувал“ нови партиски

---

[19] *Методија Шаторов-Шарло документи и материјали*, избор, предговор и редакција Зоран Тодоровски, соработник Ристе Бунтески-Бунте ( Скопје: ДАРМ, 2012), 45. Понатаму (*Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали...)

[20] Според новинарот и публицист Ристо Шуплиновски, по емигрирањето на Шаторов во Бугарија, неговите почетоци и првичната активност, Шаторов ја има во Емигрантскиот комунистички сојуз (ЕКС) . Бугарската комунистичка партија по Првата светска војна не им дозволила на македонските социјалисти и идни комунисти веднаш да имаат своја организација, туку под нивно влијание бил формиран ЕКС во кој учество земале и емигрантите од Тракија и Добруџа. Овој сујуз всушност по својата содржина и програма бил клон на Бугарската комунистичка партија која имала свое влијание и контрола врз сојузот. На чело на ЕКС бил македонскиот революционер Димо Хаџи Димов од кого Методија Шаторов ги стекнал првите револуционерни знаења и впечатоци.

Сосем набрзо, откако се вклучува во работничките и синдикалните средини самиот Шаторов започнува да организира штрајкови и протести особено во друштвото „Светлина“, „Аврамов“, кооперативата „Освобождание“.

Од овој период е забележана уште една комуникација и дружба со писателот Христо Смирненски, која вреди да се спомене. Најверојатно писателот Смирненски со кој Шаторов другарувал за време на неговите први години во Софија му ја има пренесено љубовта кон поезијата, па според сеќавањата на Перо Ивановски дадени на Р. Шуплиновски, понекогаш Шаторов пишувал песни и рецитирал поезија за време на

членови и одржувал постојан контакт со работничките маси. Во 1921 година освен што бил секретар на ќелија, а подоцна и секретар на група ќелии, Шаторов учествувал во илегалната воена организација на партијата. Исто така вршел и вооружено обезбедување на клубови и демонстрации. Зема активно учество во Септемврискoто востание[21] во Бугарија во 1923 година и како што истакнува самиот во својата биографија, а во врска со востанието „ми беше поставена одговорна задача“.[22]

По Септемврискoто востание и ударите кои и биле нанесени на партијата Методија Шаторов е вклучен во обновата на Софиската организација. Станува секретар на Првиот софиски реонски и член на Окружниот софиски комитет. Со уште двајца членови на партијата во летото 1924 година ја реорганизираат Софиската организација на производствен принцип. По еден состанок на бирото на Софискиот окружен комитет е фатен и затворен. Во затворот поминува пет дена и под силен притисок од него се барало да ги каже учесниците на состанокот. Сепак, Шаторов не признава ништо, по што, поради немање докази бил пуштен.[23]

По атентатот во Софиската катедрала,[24] како што ѝ самиот наведува „освен што бев секретар на Првиот реонски комитет, член на Окружниот комитет, бев и заменик на

---

неговата партиска работа во Македонија. Ристо Шуплиновски, *Шарло (монографски прикази и полемики)*, ракопис, 57.

[21] Востанието било организирано од БКП, а учество зеле членови-комунисти, како и приврзаници на соборената земјоделска партија на поранешниот премиер Александар Стамболиски. Востанието имало поддршка и кај македонскиот народ во Пиринска Македонија, пред с[illegible] кај членовите и симпатизерите на БКП. БКП пред почетокот на востанието се обидела да ја привлече на своја страна и ВМРО. ВМРО во преговорите со БКП ветила дека ќе остане неутрална за време на востанието и дека ако тоа успее, ќе ја признае новата комунистичка власт. Но како услов за својата неутралност раководителите на ВМРО го поставиле барањето во Пиринскиот дел на Македонија да нема востанички акции. Дури еден дел од левицата на Организацијата на чело со Алеко Василев-Пашата, активно го помагале септемврискoто комунистичко востание. Но, востанието не го постигнало очекуваниот успех бидејќи не се проширило. Уште повеќе што против востаниците се кренале и четите на ВМРО заедно со редовната бугарска војска. По овие настани започнало прследување од страна на власта врз учесниците во Септемврискoто востание, во што се вклучиле и вооружените чети на ВМРО, после што им биле изречени смртни пресуди на поголемиот дел од водачите на востанието.

[22] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 45.

[23] Исто таму.

[24] На 16 април 1925 година во три часот попладне во црквата „Света Недела“ во Софија бил извршен терористички напад од военото крило на БКП. Под урнатините се нашле 130 загинати и повеќе од 340 ранети лица кои присуствувале на погребното пеење на ген. Константин Георгиев, поранешен началник на штабот на Бугарската армија и градоначалник на Софија. Од загинатите и повредените најмногу имало од редовите на владата на Демократскиот зговор. Меѓу ранетите се нашол и премиер-министерот А. Цанков, министерот за внатрешни работи ген. Русев, претседателот на парламентот, офицери од Бугарската армија како и униформираната полиција, началници од Државната безбедност, офицери во резерва, раководни дејци од реакционерно-монархистичката ВМРО, државни и административни службеници. Цола Драгойчева

секретарот на Градскиот софиски комитет, другарот Горниев“. Меѓутоа, бугарската власт користејќи ги случувањата и вриежот во работничките и комунистичките средини, особено по нападот во црквата „Света Софија“ започнува жестоки репресалии и затворање на комунистичките активисти.[25] Во една од акциите на полицијата против активистите и членовите на БКП, бил уапсен и Методија Шаторов, по што бил затворен шест недели, а потоа интерниран во Горна Џумаја. Таму, продолжува Шаторов „работев (во вонредно тешки услови за работа) физичка работа на градежен работник. По два месеци се разболев поради лошите климатски услови. По 4 месеци, во есента 1925 година бев примен на лекување во болница“. И покрај тоа што се наоѓал во болница не ги прекинал врските, како што вели и „со провинцијата, давав упатства, луѓе, јавки, материјали и др“.[26]

Од полицијата бил окарактеризиран како „активен комунистички функционер“ којшто „ работел на националноослободителното движење среде македонската емиграција во Бугарија“.[27] Во 1926 година и покрај тоа што бил болен учествувал во формирањето на работничката партија. Во 1927 година поради нарушеното здравје морал да замине на лекување во Москва. [28]

Несомнено дека неговиот политички подем започнува во редовите на КПБ. Таму ги стекнува првите партиски функции, искуството да работи и да ги анимира широките работнички маси и да ја пропагира комунистичката идеологија во борбата против класниот непријател. Но неговото зреење и неговата афирмација како раководител, од првите раководни функции кои ги стекнува во БКП, продолжуваат преку политичкиот ангажман што го добива во ВМРО(Об.), особено среде национално-револуционерните движења и задачите во Коминтерната, кога во својот работен и професионален живот стекнува статус на бескомпромирен револуционер и борец, интернационален комунист достоен и спремен за извршување на најсложените партиски задачи. За таа цел во 1926,1927, 1930 и 1931година како што самиот вели по ’партиски задачи’ претстојувал во Австрија и во Германија, а подоцна во триесетите години во СССР и Франција.[29]

---

*„Повеля на дълга*“(спомени и размисли), (София: Партиздат, 1972), 483; Ленина Жила, *Виенска „Стапица“*, Историја на преговорите меѓу СССР и ВМРО на Тодор Александров, ( Скопје: ИНИ, 2014), 88/89.

[25] Ленина Жила, цитираниот труд..., 89.

[26] *Методија Шаторов-Шарло*, документи и материјали..., 46/47.

[27] Исто таму, 10.

[28] Исто.

[29] Исто, 11.

По втората партиска конференција одржана во Берлин, се враќа во Бугарија каде е избран за член на ЦК на БКП и секретар на Софиската партиска организација, но во 1928 година повторно е приведен од страна на полицијата по провалата која настанува во ЦК на БКП. Во притворот, 45 дена бил подложен на жестока тортура за да ја признае својата активност и да ги соопшти врските и контактите во партијата. Неговото држење било достојно за почит и „ни во полициското ни во судското иследување не дадов никакво признание“.[30] Потоа бил испратен во затвор каде останува 11 месеци, но и понатаму бил поврзан со партијата бидејќи според неговото кажување и таму имало организација.

По излегувањето од затвор во јули 1929 година, наредната година заминува од Бугарија. При крајот на 1929 година најпрвин престојува во Прага а подоцна од таму заминува за Виена и за Москва, на работа во Коминтерната.

На Втората илегална конференција на БКП одржана во Берлин (декември 1927 – јануари 1928) учествува како делегат од Софија. На конференцијата под псевдонимот Марко бил забележан со својата дискусија во која се залагал за формирање на единствена македонска организација во Вардарска Македонија. Во записникот од конференцијата стои „говор на др. Марко-софиски делегат-службеник-Македонец“. [31] Како што забележал записничарот „бидејќи самиот е учесник во нац[ионално]-рев[олуционерното] движење, тој се обидува подробно да се задржи на нац[ионалното] прашање и грешката на Партијата во таа област“. Во тој контекст Шаторов посебно се задржал на состојбите во

---

[30] За тортурата која била вршена врз Шаторов пишувало во органот на ВМРО(Об.) „Македонско дело“ од 25 октомври 1929 во кој се истакнувало дека: „Карактеристичен пример за беспримерната инквизиција, на која се подвргнале и подвргнуваат затворениците е случајот со трговскиот службеник Методија Шаторов. Него откако го тепале повеќе пати по рацете, главата, грбот секој ден од 2 часот попладне до полноќ, решиле да го фрлат од прозорецот на станот бр. 71 или по т.н. 'черна ст'лба надоле'. И еден ден, по преголемото тепање во бесвест го префрлуваат на оградата на скалите од третиот кат и така обесен со главата го тераат да 'признае'. А иследниците се наоѓаат на првиот кат на скалите, и бараат пак да го тепаат. По 11 месеци непрекинато малтретирање бил ослободен како невин!“

И во белградскиот весник „Време“ во прилогот под наслов „Методија Шаторов во визбите на бугарската полиција“ експлицитно било објаснето како била спроведувана истрагата, односно тортурата врз Методија Шаторов. Во него се објаснувало: „Четири дена го тепале со палки по главата, грбот, а потоа го подвргнале на следната тортура: му ги дигнале рацете угоре и го тепале со водени ортоми, се додека рацете не му потекле, потоа го тепале по ушите, додека и тие не потекле и додека не паднал во несвест. Потоа го натуриле со ладна вода, и кога дошол при свест барале да напише изјава. Него го тепале непрекинато од два часот поручек па довечер. Но со оглед дека не можел да пишува, бидејќи рацете му биле потечени, го тепале повторно, превртувајќи го по подот и удирајќи го од сите страни. Потоа го врзале за една греда и така го влечеле по подот и скалите до четврти кат...Неколку недели страдал од натчовечки болки во главата и целото тело. Главата му била постојано завиткана со водени чаршафи“. Ристо Шуплиновски, Цитираниот труд, 61.

[31] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 33.

периодот од 1918 до 1927 година. Во дискусијата потенцирал неколку важни моменти и тоа дека македонското движење **„имало долга и самостојна историја“ која поголемиот дел од македонскиот народ не ја разбирал** (болдирано С. Н.); дека со поразот на Бугарија во Првата светска војна дошло до погром на „бугарскиот национализам“ и дека со тоа дошло до погром и на „национализмот во македонското движење“, за понатаму да истакне дека со тоа се создале „поволни услови тоа движење да премине во наши раце“. Но, според Шаторов обидот на Хаџи Димов и на Серчани во 1918 – 1919 година да ја обноват ВМРО на нови основи не било поддржано од Партијата, и наместо тоа се формирал Емигрантски комунистички сојуз (ЕКС). Шаторов особено потенцирал на грешките и слабостите на Партијата во поглед на македонското движење, поради што го испуштиле моментот за да ги привлечат и вклучат во рамките на Партијата и со тоа смета Шаторов „им го препуштивме македонското движење на буг[арските] банкротирани националисти на чело со нивниот агент Т. Александров и [ние] на тој начин дозволивме тоа движење да помине во туѓи и непријателски раце за да игра потоа една фатална улога во внатрешните борби во Бугарија“. Шаторов истакнал дека и покасно партијата не успеала да ја увиди својата грешка бидејќи и во периодот 1919 – 1920 година не презеле ништо за да го заштитат „нашето масовно движење во Петричкиот округ, кое се тероризираше од ситните терористички банди на Т. Александров кои ги немаа за[д] себе макед[нските] маси – последните беа со нас“.[32] И ќе продолжи многу жестоко: „Тие ги убиваа нашите луѓе, а ние [бевме пасивни]. Нашите дејци, а со нив и сите искрени макед[онски] революционери од тие краишта, енергично инсистираа да се замеша Партијата за да ги разбие тие банди, што тогаш беше лесна работа, и да го земе македонското движење во свои раце“. Шаторов за таквата „пасивна и погрешна“ линија го осудува ЦК што им дало можност на националистите да се опорават и во таква ситуација ЦК „веќе да разгледува како да гради единствен фронт со нив, што не е лесна задача зашто тие се отворени агенти на бугарската буржоазија, со која Партијата беше во смртна борба“.[33] Шаторов сметал дека ако во годините по Првата светска војна Партијата енергично ја прифатела борбата со „национал[истичките] буг[арски] агенти и да се потпреше врз макед[онските] масиво Петричкиот округ кои беа со неа, таа ќе успееше да

[32] Исто таму.
[33] Исто.

ги разбие", и потенцира „ако притоа земеше правилна линија по нац[ионалното] прашање,[34] таа ќе успееше да го завладее р[аководст]вото на тоа движењеи на дело да го оствари единствениот фронт на национално революционерното макед[онско] движење со раб[отничко]-селанско рев[олуционерно] движење во Б[угарија] и на Балканот.

„Го убиваат Петров – ЦК молчи. Убиваат 14 наши активни другари во Петричко – ЦК молчи. ЦК добива ултиматум од бандата на Тодор Александров и крие од партијата"[35] и го поставува прашањето „чудно ли е што по сето тоа агентите на буг[арската]буржоазија

---

[34] И покрај жестокоста со која Методија Шаторов настапува во својата дискусија на Втората илегална партиска конференција и ја напаѓа БКП, заради пропустот и грешката која ја има со својата инфериорна позиција во поглед на македонските маси и македонското движење, потребно е да се истакне дека во овој период македонското национално прашање с□ уште било разгледувано во доменот на актуелно балканско, нерешено прашање. Статусот на Македонците и прашањето за македонскиот национален идентитет во легалните и илегалните политички партии и организации с□ уште талкало помеѓу ставот за бугарското потекло на македонскиот народ и оспорувањето на неговиот посебен национален идентитет и од друга страна отсуството од официјалното признавање за постоењето и посебноста на македонскиот народ и јазик како самостојни и различни во однос на бугарскиот, српскиот и грчкиот. Затоа ваквата дефиниција за македонското национално-революционерно движење со предзнак македонско с□ до формирањето на ВМРО(Об.) немало политичка поткрепа, односно политички субјект кој ќе застане, ќе ги артикулира и брани основните, суштинските барања на македонското движење изразени во неговиот политички, национален и територијален сепаризам и барањето да му се признае самостојноста и еднаквоста во однос на балканските народи. Сè до крајот на триесетите година македонското национално прашање талкало во исцрпувачката дуалистичка борба на македонецот за себепризнавање и национално идентификување како Македонец. Ниту во круговите на македонските дејци кои работеле и дејствувале во бугарските и македонските организации во Бугарија прашањето не било расчистено и до крај решено. Напротив, респективен дел од нив и покрај новиот политички момент во 1934 година од страна на Коминтерната и донесената Резолуција на КИ од 1934 година за македонското прашање, кој преставува официјален политички документ со кој за прв пат во историјата на македонскиот народ влијателна меѓународна организација го признала постоењето на македонската нација, македонска национална свест и македонски јазик што воедно значело одобрување и официјализирање на реалноста за постоењето на македонската нација, тие не го промениле своето верување и не отстапиле од својата бугарска определба без разлика на нивната политичка провиниенција. Процесот особено бил обременет поради моќноста и доминантното влијание на политичките структури предводени од Тодор Александров во Петричкиот крај, доминантно населен со македонско население, кои во тоа време имале јасна бугарска национална определба, па како што истакнува Шаторов **'им го препуштивме македонското движење на буг[арските] банкротирани националисти на чело со нивниот агент Т. Александров и [ние] на тој начин дозволивме тоа движење да помине во туѓи и непријателски раце'** (болдирано-С. Н.).

[35] Во преговорите кои Тодор Александров ги водел со комунистичкиот центар во Москва се смета дека тој ги испратил следниве услови до Москва како вовед за преговори односно свој ултиматум: „распуштање на комунистичката банда на Пандурски, забранување на комунистичкиот весник 'Освобождение' бидејќи и двете ја ширеле болшевичката пропаганда во Бугарија, како и распуштање на агенцијата која ги корумпира македонските бегалци во странство. Овој вовед во конверзациите се чини дека бил прифатен во Москва. Но кога во септември 1923 година имало подем на комунистите во Бугарија, кој бил енергично задушен од власта во Софија, Александров пратил абер дека бил директен со оние од Москва кога неговите услови биле непочитувани во секоја точка.

Љупчо Поповски, „NY Times по смртта на Тодор Александров", „Лоза", Утрински весник, http://loza.mk/2015/04/ny-times.

и на буг[арскиот] национализам завладеаја со макед[онското] движење и успеаја да го спротистават на раб[отничко]-сел[анското] движењеи на КП?![36]

Понатаму во дискусијата Шаторов истакнува дека по превратот, партијата како да се освестила и почнала да бара контакти и врски со „макед[онската] организација и со мак[едонското] движење“. Го распуштила комунистичкиот емигрантски сојуз и престанал да излегува весникот „Освобождение“ и заклучува дека , во основа „бевме веќе принудени сосема да капитулираме“, а уште повеќе што „ЦК го крие од Партијата и од масите ултиматумот што го добива“.[37]

Шаторов истакнува дека во таква ситуација Партијата започнала да влегува во братствата и да работи што било правилно и дало добри резултати. Но според Шаторов „повторно се разочаравме и во масата на ВМРО и братствата. Под влијание на тој процес на олевјавање, кликата на Т.-александровци прави маневри. Се ориентира лево. Го бара СССР и нашата партија. Пред тоа да успеевме да ги изградиме своите конфронтации и да изградиме и организираме една дејствителна левица погодна за внатрешната борба и за раководење на макед[онското] движење, ние го публикувавме ‘Манифестот’ и им олеснивме на Воената лига и на нејзините одреди во ВМРО да извршат свој погром над македонското движење и неговата левица. Го обвинувам ЦК дека не презеде мерки да го спаси Хаџи Димов, кој лесно стана жртва и ако се знаеше дека сигурно ќе го убијат“.[38]

Нагласува дека и покрај фактот што веќе постои ВМРО(Об.) „фактички и на дело не ја поддржуваме во Бугарија и буг[арска] Македонија таа да собере околу себе сè што е способна во макед[онското] движење. За понатаму во дискусијата да обвини „Југослов[енската] партија во Македонија дури работи со ВМРО, а не со ВМРО(Об.)“, со што Шаторов предизвикал „еднодушно противење и препирање на конференцијата“ бидејќи според присутните „тука другарот запаѓа во една [фрапантна] грешка – тој ја негира во овој момент неопходноста од создавање самостојна организација на КПЈ во Македонија – треба да се создава ВМРО(Об.), а комунистите да формираат ком[унистички] фракции кои се доволни“.

---

[36] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 33.

[37] Исто таму, 34 .

[38] Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов- Шарло (политички ставови)*(Скопје: ДНУ- Прилеп, 1996) 45-47; *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 35.

На истата конференција Шаторов дискутирал по извештајот на Васил Коларов. Во однос на партиското влијание меѓу емиграцијата, Шаторов истакнал дека расте и при тоа нагласува дека „Српската партија (КПЈ–С.Н.) сакаше да нема организација на ВМРО (Обединета), туку само Комунистичка партија. Денес во српска Македонија не постои Ком[унистичка] партија, освен во Скопје". Тогаш го истакнал своето мислење дека во Македонија не треба да има Ком[унистичка] партија туку само ВМРО(Обединета), меѓутоа реакцијата која ја предизвикал со ваквиот став го принудил да го ублажи своето незадоволство во однос на политиката на комунистичките партии кон ВМРО (Обединета), и да истакне „Јас не велам дека не треба да се создаде КП, туку само велам каква е ситуацијата внатре. Треба ли да постои ВМРО(Обединета) меѓу емиграцијата во стара Бугарија. Мое мислење е дека треба. Меѓутоа, нашата партија го спречуваше тоа".[39] На крајот од дискусијата го потенцирал и прашањето за противречностите во самата ВМРО (Обединета) кои се причина за фракционерството и поделбата меѓу комунистите и левите елементи од буржуаскиот табор.[40]

Неговата дискусија од страна на присутните членови на БКП била оценета како многу искрена и дека при тоа биле кажани многу вистини, но од последната критика сметаат останатите раководители на БКП „се гледа дека тој с□ уште не си ја разјаснил и не ја разбрал самосто[јната] улога што КП треба да ја има во макед[онското] и др. нац[ионално]рев[олуционерни] движења".[41]

По завршувањето на конференцијата во Берлин, Шаторов се враќа во Софија по што бил избран за секретар на Градскиот комитет на БКП и за член на ЦК БКП. каде бил задолжен да работи во доменот на национално революционерното движење бидејќи при ЦК БКП не постоела комисија која се занимавала со национално-револуционерните движења.

На Осмата конференција на Балканска комунистичка федерација (БКФ) одржана во септември 1928 година, непосредно по завршувањето на VI конгрес на Комунистичката интернационала (КИ) одржан од 17 јули до 1 септември 1928 година, направен е епохален чекор напред во ставот за третманот на Македонците во трите балкански држави. **На оваа**

---

[39] *Методија Шаторов-Шарло*, документи и материјали..., 37.
[40] Исто таму.
[41] Исто.

**конференција за прв пат, од страна на Васил Коларов бил изнесен ставот дека во границите на Бугарија постои асимилација на Македонците и дека нема разлика во третирањето на Македонците во трите соседни држави, со што де факто се признава националниот идентитет на македонскиот народ како посебен и различен од бугарскиот, неговото негирање, асимилирање и национално потиснување во Бугарија** (болдирано С. Н.). Според Коларов, Македонците се национално потиснати во сите три држави и тоа во Грција, Југославија исто како и во Бугарија. На оваа конференција била согледана реалната состојба и нереалноста во очекувањето во оваа фаза на политичка констелација на силите да се реализира идејата за Балканска федерација, што од друга страна предизвикало полека да се напушта паролата за Балканска федерација и да се застапува ставот за правото на самоопределување до отцепување во самостојна македонска држава. За спроведување на заземаните ставови од страна на БКП и БКФ на конференциите и за обнова на ВМРО(Об.), Методија Шаторов како револуционер со изграден национален став и познавач на националното прашање бил специјално ополномоштен од Задграничното биро (ЗБ) на ЦК на БКП и испратен во Бугарија да го спроведе курсот од Берлинската конференција по националното прашање.[42]

Како партиски кадар кој најголем дел од својот политички ангажман го имал во највисоките органи на БКП и на ВМРО(Обединета) Шаторов сигурно дека многу добро ги познавал состојбите во македонското национално револуционерно движење и посебно состојбите со македонските емигрантски и бегалски маси. Поради тоа кај него „најрано од сите македонски револуционери и комунистички дејци созреала идејата за создавање посебна македонска национална организација. Историјата го забележала неговиот исклучителен ангажман во работата на ВМРО(Об.) чиј член станува во 1926 година, за во 1935 година по налог на Коминтерната повторно да се врати во Бугарија токму со задача да ја обнови нејзината дејност и да се посвети на нејзината работа.[43]

[42] Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов- Шарло (политички ставови)...*, *43*.
[43] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 37.

## 1.2 ВМРО(Об.) и улогата на Методија Шаторов во македонското национално движење

По пропаѓањето на преговорите за обединување на силите на македонското национално и револуционерно движење врз основа на Мајскиот манифест,[44] убиството на Тодор Александров[45] и масакрот на левицата во Горна Џумаја (Благоевград)[46] покажале дека поделеноста меѓу самите Македонци е огромна. Особено по убиството на Петар Чаулев[47], и на Тодор Паница[48], се чини дека плановите за формирање на ВМРО на една нова, широка и обединета основа за момент се откажуваат.

Меѓутоа, и покрај теророт и братоубиствената борба, одредени личности ја продолжиле активноста и барале начини да се реализира обединувањето на разбиените сили во македонското, национално ослободително движење. Во писмо упатено до ЦК на КПЈ на 16 ноември 1924 година, Георги Димитров нагласува дека „ќе се работи за возобновување на ВМРО, врз основа на Мајскиот манифест и за обединување на сите македонски револуционерни сили“. [49]

Документите покажуваат дека летото 1925 година засилено се работело на планот за создавање на нов македонски центар.[50] За таа цел, во Москва, специјална комисија ги разработила основните документи – програма, устав и резолуции коишто постоечкиот македонски форум требало да ги прифати. Веќе при крајот на септември и почетокот на октомври подготовките за формирањето на ВМРО биле при крај. Се предвидувало да се

---

[44] Види белешка 13.

[45] Тодор Александров револуционер, македонски политички лидер и еден од водачите на ВМРО. Роден е во штипско Ново село на 4 март 1881 година, загинува на 31 август 1924 година во с. Сугарево.

[46] По убиството на Тодор Александров Михајлов ги повикал главните македонски дејци на левицата и раководителите на Илинденската организација, и со помош на бугарската војска и полиција ликвидирал десетици дејци на македонската левица, меѓу кои и Арсениј Јовков.

[47] Петар Чаулев е македонски револуционер, учесник во Илинденското востание. Роден е на 18 декември 1881 година во Охрид. Во 1911 година бил член на ЦК на ВМРО. По Првата светска војна учествувал со Тодор Александров и Александар Протогеров во создавањето на ВМРО и заедно со нив е потписник на Мајскиот манифест. Бил убиенвоМилано, 23 декември 1924 година.

[48] Тодор Паница (1879 - 1925) е македонски револуционер со бугарско потекло, учесник во македонското револуционерно движење, член на Македонската револуционерна организација, приврзаник на Серската група, еден од организаторите на Народната федеративна партија и еден од основачите на ВМРО (Обединета).

[49] Д-р Иван Катарџиев, *Историја на македонскиот народ*, Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна (1912-1941), том четврти, (Скопје: ИНИ, 2000), 391.(понатаму: *Историја на македонскиот народ,* том четврти).

[50] Горги Димитров исто така соопштил дека бил формиран и привремен ЦК на ВМРО на чело со Чаулев, а дека во Виена имало и организационен обединителен македонски комитет составен од претставниците на три групи. Основната цел на таквата активност била насочена кон обединување на целото македонско движење за да се обнови ВМРО“. Исто таму, 391.

формира привремен македонски центар којшто ќе ја спроведе основачката конференција на новата ВМРО.

Од 1 до 11 октомври 1925 година во Виена во присуство на раководни лица од повеќе македонски групи и претставници од трите дела на Македонија, како и во присуство на советскиот полномошник Черски[51], била одржана основачка конференција на ВМРО(Об.).[52] За претседател на конференцијата бил избран Димитар Влахов, а за

---

[51] Соломон Лазаров Голштеин–Черски (25 мај 1884-14 мај 1968) е бугарски, швајцарски и советски комунистички деец со еврејско потекло. Како член, претставник и еден од раководителите во Коминтерната и СССР, ги следи, координира и организира револуционерните движења на Балканот. Во периодот од 1936-1956 бил репресиран и еден од жртвите во познатите сталинови чистки.

[52] По многу перипетии основачкото собрание на ВМРО(Об.) било одржано на 1 октомври 1925 година во Виена. На основачката конференција присуствувале: Ризо Ризов, претставник на Иницијативниот одбор во Вардарскиот дел на Македонија, Георги Занков, претставник на Илинденската организација, Христо Јанков, претставник на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија, на македонската емиграција во Бугарија и Турција, Димитар Влахов претставник на ВМРО, Владимир Поп Томов, претставник на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија и др. Работата на конференцијата траела 11 дена.

Биле донесени неколку документи: Декларација на Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета); Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета) за положбата во Македонија; Резолуцијата за блиските задачи и организационото изградување на ВМРО(Об.); Резолуција за принципите и идејните основи на ВМРО(Об.) како и Уставот на организацијата.

Во шест точки биле дефинирани програмските цели на ВМРО(Об.):

„1. Да се развие засилена пропаганда и агитација меѓу македонскиот народ, без разлика на националностите што го сочинуваат, за неговото организирање за револуционерна борба, чијашто цел е ослободување и обединување на Македонија во едно политичко цело – независна македонска република и нејзиното федерирање со другите слободни национални републики – за изградување на Балканската федерација.

2. Да ја продолжи досегашната борба и да ја усогласува со борбите на сите национални и политички организации и партии на Балканот кои го прифаќаат принципот на самоопределување на балканските народи и нивното федерирање во Балканска Федеративна Република.

3. Да ја разобличува престапничката политика на сите балкански влади и да води решителна борба против нивната завојувачка и делбеничка политика, како и против колонизаторската, асимилаторската и денационализаторската политика на Грција и Србија.

4. Да ја разобличува суштината на политиката на европските империјалистички држави во однос на Балканот и специјално на Македонија.

5. Да разоткрива и да води непоштедна борба против предавниците Македонци кои се ставиле во услуга на бугарскиот,српскиот и грчкиот империјализам.

6. Да ја засили својата пропаганда и агитација во туѓина меѓу работните маси и прогресивното општествено мислење, како и сред македонската и балаканската емиграција за ***Балканска федерација*** и за ***независна Македонија***".

Исто така биле прифатени и уставните принципи за изградба на Обединетата:

- „изградување на масовна револуционерна организација во трите дела на поделена Македонија, како и во редовите на македонската емиграција;
- обединување на сите организации, групи и лица од сите социјални средини, без разлика на пол, вера и државјанство, а кои искрено ги прифаќаат целите, принципите, идеите и методите на ВМРО (Об.);
- стапување во врска со сите национални и револуционерни организации и партии на Балканот што ги прифаќаат програмските цели на Обединетата; во конкретните услови извојување на јазични и културно-просветни слободи и рамноправност како и во поделбата на земјата на

секретар Владимир Поптомов. На конференцијата биле поставени темелите на организацијата и биле изнесени рефератите по однос на најзначајните прашања од интерес на македонското движење.[53]

За општ организационен центар била одредена Виена. Како крајна цел на ВМРО (Об.) било дефинирано создавањето на една масовна организација за организирање и спроведување на вооружено востание. Сите три дела на поделена Македонија биле оформени во посебни организациони области на чело со свој областен комитет.[54] На крајот на конференцијата бил избран Централен комитет на ВМРО(Об.) во состав: Димитар Влахов, Георги Занков, Христо Јанков, Димитар Арнаудов и Панко Брашнаров.[55]

Треба да се има предвид дека етаблирањето на ВМРО(Об.) на територијата на цела Македонија одело многу тешко. Најголем проблем претставувале внатрешните несогласувања, различните идејни и политички погледи. Основата на судирите произлегувала пред с□ од дилемата дали ВМРО(Об.) треба да добие комунистичка ориентација, дали да биде трансмисија на политиката на Комунистичката интернационала по националното прашање.[56]

---

селаните и поширока поткрепа на економски и послаби слоеви. ВМРО (Об.) според својот карактер била револуционерна организација".

Поставените цели требало да се реализираат преку:

- „развивање усна и печатен апропаганда за разбудување на национално-револуционерната свест на македонските маси;
- вооружување на македонското население за успешно изведување на масовно народно востание, при што четништвото се напуштало. „*Историја на македонскиот народ*",том четврти, 392- 395.

[53] На конференцијата посебно внимание се посветува на неколку актуелни теми за кои присутните истапиле со свои реферати и тоа за состојбата во Македонија и емиграцијата, реферат за меѓународната положба на Македонија, реферат за задачите на организацијата и нејзината организациона структура и др. Георги Занков посебно внимание посветува и апелира, новата ВМРО (Об.) да не се претвори во партиска организација, односно „да не се бојадисува со никаква боја" нагласувајќи ја опасноста од можното влијание на комунистичките партии и нивната класна идеологија врз организацијата. Како негативен пример го посочува ЕКС којшто се декларирал како класна организација и останува надвор од мнозинството од емиграцијата. Ризо Ризов ги потенцира проблемите со КПЈ и тешкотиите од строгите мерки на власта нагласувајќи дека ја немаат поддршката од КПЈ. Интересен е ставот на Владимир Поптомов кој се однесува за Пиринска Македонија, при што Поптомов нагласува дека населението во овој крај е исклучително бугарско и како такво тоа не се чувствува национално угнетено. Но, поради стопанските врски со другите делови на Македонија, револуционерните традиции на серчани тука постојат благопријатни услови за работа. За положбата во Егејска Македонија и перспективите за работа на ВМРО (Об.) се задржува Христо Јанков. Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)* (София : Университетско издателство, „Св. Климент Охридски", 1993), 42-46. (понатаму: Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)).*

[54] *Историја на македонскиот народ*,том четврти, 396

[55] Исто таму, 392.

[56] Исто, 396.

Во основата на секоја македонска организација едно од примарните прашање е македонското национално прашање и националната определба на македонскиот народ. Нормално дека ниту ВМРО(Об.) не била исклучок. Пограмата на ВМРО(Об.), вклучително и нејзините цели и методи на борба се донесуваат два пати. Првиот пат на Конститутивната седница 1925 година и втор пат, после 4 години во 1929 година на првата Општа редовна конференција. Идеологијата и практичното дејствување на ВМРО (Об.) впрочем како и за секоја организација и движење во најголема мера зависат од историските услови, глобалните политички фактори и нивното влијание врз неа. ВМРО(Об.) на политичката сцена се појавува после победата на социјалистичката револуцијата во Русија, кога нараснува влијанието на комунистичките движења, во време на воен и политички крах на Бугарија кога останатите делови на Македонија се надвор од бугарското влијание односно го примаат општествено-политичкото влијанието на земјата под чија управа се наоѓаат. Сепак би истакнале дека од сите најголемо влијание врз ВМРО(Об.) има Комунистичката интернационала (КИ) - Коминтерната и нејзините секции БКФ и БКП. Во тој поглед и политичките решенија по националното прашање донесени од страна на Коминтерната, БКФ и БКП ги прифаќаат безпоговорно, аналогно на тоа и ВМРО(Об.). Така, како што се менувал ставот на КИ во однос на македонското национално прашање во еднаква мера декларираните ставови биле прифаќани и пропагирани од страна на ВМРО(Об.).

Тргнувајќи од една хронолошко-тематска анализа, за почеток во решавањето на македонското национално прашање се зема одржувањето на Шестата конференција на Балканската комунистичка федерација во Берлин во почетокот на декември 1923 година на која била донесена Резолуција „Иднината на Македонија и Тракија“.[57] Резолуцијата и

[57] Во резолуцијата се истакнува: „Поседувањето на Македонија, поради нејзината географска положба, го обезбедува господарството над Балканскиот Полуостров. Поради оваа причина таа земја постојано била предмет на освојувачките стремежи како на заинтересираните империјалистички земји така и на соседните балкански држави“.

Повод за туѓинското мешање во македонските околности секогаш давал шарениот етнографски состав на македонското население. *Сите народности што владеат во соседните земји се застапени во Македонија, но во таква сразмерност што ниедна од нив нема апсолутно мнозинство.* Според тоа владеењето на која и да било балканска држава над Македонија значи *национално поробување* на мнозинството на македонското население и ја предизвикува националната борба, што заинтересираните држави ја подржуваат и ја искористуваат за своите освојувачки цели. Договорите што беа склучени во 1912 година меѓу Бугарија и Србија и Бугарија и Грција привидно ја имаа целта ослободување на поребеното население од турскиот јарем, додека тие всушност го подготвуваа освојувањето и поделбата на Македонија меѓу сојузниците...*Бидејки само со создавањето на автономна Македонија и автономна Тракија, и со*

покрај тоа што претставува формална парола на КИ со која на обесправените народи им се гарантира правото на самоопределување до отцепување, при тоа наложувајќи им на БКП и на КПЈ да им дадат целосна поддршка на националните движења таа програмски и акционо не го имплементира во себе и практичното реализирање „како“ и „на кој начин“ обесправените народи ќе успеат „правото на самоопределување до отцепување“ и реално да го реализираат во една Федеративна балканска република, односно федерација, а во однос на Македонија се наметнува и прашањето „кој“ ќе биде националниот субјект кој ќе го понесе и националниот суверенитет, ако тогаш, македонскиот национален субјект не бил перцепиран како самостоен, туку се сметало дека македонско население е збир на националности односно измешана аморфна маса без доминантен национален субјект. Сепак во тој момент донесувањето на резолуцијата преставува еден позитивен момент и почеток на процес кој ќе трае со години и ќе доведе до неговата конечна реализација, меѓународно признавање на македонскиот народ.

Согласно почетниот импулс и став деклариран од страна на Коминтерната, програмските и другите документи на ВМРО(Об.) единственото возможно и трајно решение на македонското прашање го гледале во независна и обединета Македонија како самостојна држава на Балканот а како крајна формулација Македонија се гледала како независна држава во рамките на една Балканска федерација.

Оттука во 1925 година за актуелна парола на ВМРО(Об.) се прифаќа паролата за „Независна Македонија и Балканска федерација“. Формата „Независна Македонија“ по својата национална, политичка, верска и културна суштина, означува негација и откажување од националното обединување на бугарскиот народ не само во стратешка туку и во било каква смисла. До формирањето на ВМР(Об.) Македонските организации и покрај програмските декларирања за формите и начините како автономна, федеративна или било каков друг облик на независно перцепирање на идната Македонска држава, факт е дека нејзината национална содржина секогаш била разгледувана во единство со

---

*нивната конфедерација со другите балкански земји во Федеративна балканска република мирот перманентно ќе се утврди кај балканските народи и ќе бидат создадени погодни услови за нивниот екомномски развиток, а нивната егзистенција нивната политичка независност ќе бидат цврсто обезбедени*“. На Петтиот конгрес на КИ одржан од 16 јуни до 8 јули 1924 година за националното прашање се потврдува ставот заземан на шестата конференција на БКФ. *Документи и материјали 1921-1941,* том I. книга 2, Извори на историјата на СКМ, редакција, превод и коментари Иван Катарџиев. (Скопје: „Комунист“, 1985), 98-102.

бугарската националност. За разлика од останатите, претходни, македонски организации ВМРО(Об.) категорично ја застапува формата „Независна Македонија“ со што сака да ја раскине папочната врска со Бугарија. Нејзината агитација и пропаганда од една страна ги насочила своите сили против Бугарија и нејзината политика спрема Македонија а од друга страна кон афирмација на самостојниот карактер на борбата на македонскиот народ. И овој момент, значи, историска еволуција во кристализирањето на свеста за посебниот, национален идентитет и определба на македонскиот народ, бидејќи и официјално од една македонска организација со предзнак ВМРО, Бугарија се третирала еднакво со Југославија и Грција дури се оди уште повеќе, се оценувало дека положбата во Пиринска Македонија во некои делови била потешка и од Егејска и од Вардарска Македонија. За ВМРО(Об.), борбата против Бугарија е дел од борбата за ослободување на Македонија. Ваквата пропаганда на ВМРО(Об.) според бугарските автори внесува дополнителна збрка и нејаснотии во масите, коишто пред с□ се чувствувале како „Бугари“ и биле поврзани со Бугарија.[58] Според нив агитацијата за независна македонска држава на антибугарска основа внела збрканост и во рамките на европското толкување за етничката суштина на Македонците. Ставот на ВМРО(Об.) во однос на паролата „Независна Македонија“ дава нова смисла и во однос на државниот состав на „Балканската федерација“ бидејќи придонесува за национално раздробување и исчезнување на ставот за обединет бугарски народ, бидејќи на тој начин одобрува можност и за независна Добруџа и независна Тракија. Ова всушност ќе го означи крајот на мотото и великобугарскиот идеал за сите Бугари во единствена Бугарија.[59]

Меѓутоа, мора да се признае дека процесот на националната идентификација на македониот народ, во тој период, се наоѓа во сложена фаза на својот развој и созревање. С□ уште за македонскиот народ владееше ставот и констатацијата дека тоа е измешана маса од повеќе националности без носител на националниот субјективитет и дека сите оние кои живеат во Македонија влегуваат во етнонимот македонски народ и во тој контекст на ниту една народност не и се дава предимство, но сепак во посочената етапа особено е важна иницијативата за одделување од бугарската држава. Согласно ваквото декларирање, ВМРО(Об.) го негирала правото на бугарската држава да го покренува

---

[58] Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*,50.
[59] Исто таму, 51.

прашањето за националните права на „македонските Бугари“. Во таа смисла се истакнува „да се признае на Бугарија таквото право значи, од една страна, да се согласиме со предавничкото разбирање на ’автономистите’ дека македонското прашање е бугарско државно прашање и се содржи во прашањето за малцинствата“.[60] ВМРО(Об.) се држи до тој став и покрај обидот на одредени дејци, пред Друштвото на народите, да го покренат прашањето за „македонските Бугари“, за кое ВМРО(Об.) смета дека ваквото дејствување е„**диверзија бидејќи во нивниот Мемоар се зборува за Бугари, а не за Македонци“** (болдирано С. Н.).[61]

Револуционерната дејност на ВМРО била раководена од следните три принципи: 1. независноста на движењето на внатрешни фактори; 2. дека населението во Македонија без разлика на националностите е единствен народ и во таа смисла ВМРО(Об.) ја употребува терминологијата македонски народ, Македонец; 3. прогласувањето на единствен македонски и единствен балкански револуционерен фронт.

Во однос на политиката на балканските држави ставот на ВМРО(Об.) е јасен и дециден: „нема разлика помеѓу Бугарија, Грција и Србија кон Македонија. Четите на Србија и Грција се еднакви по зулумите со четите на Врховниот комитет од Бугарија. Исто така и пропагандите не се разликуваат една од друга. Бугарската егзархија секогаш била противник на македонското обединително дело“.[62]

Ставовите на некои дејци во ВМРО(Об.) оделе уште подалеку па во една од статиите објавени во весникот „Македонско дело“ се тврди дека како што во минатото се формирало српското, грчкото и бугарското дело така се формирало и македонско дело кое што се појавило во првичен облик како духовно, а потоа политичко и социјално сознание: „кој може да одрече дека востанијата во Скопје, Охрид и Костур од 1040 година, во Охрид- 1081, во Рупел- 1255, во Малешевијата- 1876, во Кресна 1878, во Охрид 1881 и венецот на сите големи востанија во 1903...не е масовно, општонародно *македонско* дело?“.[63]

Веќе во наредниот период, во 1929 година се прави уште еден чекор понапред, кога доста видно започнува да се губи употребата на терминот „македонски Бугари“ а се

[60] Исто, 52.
[61] Исто.
[62] Исто 54
[63] Исто.

почесто терминолошки и во Организацијата, публикаците и во печатот доминира употребата на термините македонски народ и Македонци. Тоа е неминовен историски процес во кој полека, но сигурно се напушта дотогашниот став дека македонскиот народ е дел од бугарската нација за сметка на новото и јасно, македонско национално идентификување. Тој процес ќе се најде во една значајна етапа,токму во документите и решенијата на Берлинската конференција на ВМРО (Об.). По Винескиот пленум, со цел да се привлечат кон себе бежанските маси кои претставуваат респективна револуционерна сила, БКП формира Комисија за работа во националните организации – Емигрантска комисија при Извршно биро (ИБ), во која влегуваат Христо Калајџиев, Методија Шаторов и Христо Москов.[64] Целта е да се зацврстат позициите на БКП во емигрантските организации и да се привлечат комунистите кон неа. Меѓутоа, Исполнителното биро на БКП, следејќи ја линијата по македонското прашање заземена на Виенскиот пленум се спротивставува на создавањето на нови различни од постоечките организации, а аналогно на тоа и на ВМРО(Об.), особено нејзината провокација со с□ позастапената и веќе јавно декларирана про-македонска линија.Спротивставувањето и инфериорноста кон ВМРО (Об.) била изразена до 1928 година кога истата е корегирана со решенијата донесени на Берлинската конференција и на Осмата конференција на БКФ. Со нив се изедначуваат ставовите по македонското прашање меѓу БКП и ВМРО (Об.) без да постојат разлики помеѓу нив.[65]

Еволутивен чекор напред во однос на правилниот став по однос на македонското национално прашање се случува на Осмата конференција на БКФ, кога Васил Коларов ќе признае дека постои „**асимилација на Македонците во границите на Бугарија**" (болдирано С. Н.) со што се потврдува дека Македонците се национално различни од Бугарите и во решенијата на Конференцијата се зборува дека нема разлика во третирањето на Македонците во трите држави т.е. нема разлика во националното потиснување од Бугарија, Грција и Југославија.[66]

Се усвојува паролата за самопределување до отцепување во самостојни држави на Македонија, Тракија и Добруџа преку организирана борба, и во таа смисла се бара причината за постоење на ВМРО(Об.) како национално-ослободителна организација.

[64] Исто 119.
[65] Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов- Шарло (политички ставови)...*,44.
[66] Исто таму, 47.

Конференцијата и поставува задача на БКП да го потпомага зацврстувањето на ВМРО (Об.) во Бугарија. Веќе на Вториот проширен пленум на ЦК на БКП во Берлин се заокружува сфаќањето за македонското прашање. Во донесените резолуции на пленумот без никаво двоумење се зборува за национално-поробените македонско-тракијски области од страна на Бугарија, за национално-потиснатото македонско население во бугарска Македонија. Со решенијата на БКП, БКФ и директивите за работа во национално-ослободителното движење се става крај на неправилната линија на ИБ кон ВМРО Обединета.

Уште една поволност и причина за позитивниот тек во развојот на ВМРО(Об.) е убиството на Александар Протоѓеров во јули, 1928 година. Заедно со убиството на Тодор Александров, убиството на А. Протоѓеров е последниот чин во потполното расцепување на ВМРО, која го држеше цврстиот став за „македонски Бугари“ како дел од бугарското племе. Тоа од своја страна создаде благопријатни услови за развој на ВМРО(Об.) која целосно беше на македонска основа.

Всушност, може со сигурност да се констатира дека кон крајот на летото, август/септември 1928 година, формирањето на ВМРО(Об.) во Бугарија е директно поврзано со пристигнувањето на Методија Шаторов како специјален полномошник на Задграничното Биро (ЗБ) на ЦК на БКП.[67] Главната задача му била доделена на Шаторов и тој требало да го спроведе курсот на Берлинската конференција по националното прашање. Според сознанијата преземени од неговиот реферат, до тој момент, во ЦК на БКП не функционирала комисијата за работата меѓу национално-револуционерното движење, а тоа според него е резултат на потценувањето на тој важен проблем. Меѓутоа, како еден од најдобрите познавачи на националното прашање, задачата на Методија Шаторов била работата да ја постави на сосема нови основи, односно да ја наметне и спроведе македонската линија, поточнода го оживотвори ставот дека национално-револуционерното движење всушност има ослободителна функција и во Бугарија – став кој дотогаш не беше прифатен од македонските организации (се сметаше дека Македонците не беа асимилирани во Бугарија-С.Н). Затоа сосем логично е, а и сите извори тоа го посочуваат, дека создавањето на ВМРО(Об.) во Бугарија се поврзува со пристигнување на Методија Шаторов. Навистина, Методија Шаторов ја активира работата

[67] Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*, 122.

на комфракциите, ја исправува поранешната линија и порачува комунистите-Македонци, Тракијци или Добруџанци да влегуваат во братствата и да ја спроведуваат линијата на БКП. Под негово непосредно раководство при ЦК на БКП се формира Комисија за работа од тројца членови (по еден член од Македонија, Тракија и Добруџа).[68] Мрежата се распространува и на месните организации. По иницијатива најверојатно на самиот Шаторов, во септември 1928 година се одржува собир на македонските дејци, коишто ги поставуваат основите на ВМРО(Об.) во Бугарија.[69]

Меѓутоа спротивставеноста и идејните разлики на двете крила во ВМРО(Об.) доаѓаат до израз веќе на Првата општа редовна конференција на ВМРО(Об.) која се одржува во Берлин во 1929 година, на која присуствуваат членови на ЦК на ВМРО(Об.)

---

[68] Подоцна, за време на неговиот престој во Москва, Методија Шаторов изготвува реферат токму за неговата активност во ВМРО(Об.), односно за неговата работа во националреволуционерната комисија која била формирана по иницијатива на Партијата. Рефератот бил презентиран на Заседанието на Балканскиот земски секретаријат, одржано во февруари 1930 година во Москва. За ова повеќе во *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали...,153; Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов- Шарло (политички ставови)...*, 22.

[69] По иницијатива на Методија Шаторов во текот на септември 1928 година, се собираат македонските комунисти кои ги поставуваат темелите на ВМРО(Об.) во Бугарија. Шаторов не учествувал на чинот на формирањето од причини што бил уапсен истиот месец. Како негов полномошник, со текот на основачкиот состанок раководел Симеон Кавракиров, кој пред присутните ја изнесува платформата на ВМРО(Об.) и партиската политика во однос на состојбите во македонското националноослободително движење. Како главен пропаганден лозунг бил прифатен „Долу убиствата на Македонците“. На состанокот било избрано и раководство на ВМРО (Об.) за III-та револуционерна област, односно Обласниот комитет на ВМРО(Об.) за Пиринскиот дел на Македонија во состав: секретар на ОК на ВМРО(Об.) Симеон Кавракиров и членовите Никола Грнев и Борис Михов. Како основа на својата дејност ОК на ВМРО(Об.) зацртува две цели:

„1. Работа и пропаганда меѓу македонската емиграција, формирање на фракции на ВМРО(Об.) на база на веќе постојните комунистички фракции, привлекување во редовите на ВМРО(Об.) дејци на револуционерното движење од блиското минато, да го користи авторитетот меѓу емиграцијата како и разочараните активисти од ВМРО.

„2. Навлегување во Пиринска Македонија и формирање таму на групи и организации на ВМРО (Об.)“.

Од самиот почеток, ОК ја застапувал тезата и се залагал ВМРО(Об.) да се формира само во Пиринска Македонија, „која била ‘македонска територија’, а не и во ‘старите предели’ на Бугарија“. Со формирањето на ВМРО(Об.) во Бугарија комунистичките фракции на БКП во емигрантските организации т. е. во братствата влегуваат во ВМРО(Об.). Имено кон ВМРО(Об.) преминува и целата работа во однос на националноревлуционерното движење. Се променува само формата на дејствување бидејќи истите лица ја вршеле истата работа, но сега не од името на БКП туку од името на ВМРО(Об.). Во тој поглед најактивни се покажале Велешкото, Кукушкото, Тиквешкото, Солунското, Гевгелиското братство во Софија како и оние во Пловдив и Варна. Со цел да ја зацврсти работата во братствата ВМРО(Об.) спроведува агитација за активирање на пасивизираните членови кои ја напуштиле организацијата поради несогласување со раководството. Истовремено од „група Македонци“ ВМРО(Об.) објавува повик во кој се повикува да се сопрат убиствата, за прекинување со ВМРО и прифаќање на платформата на ВМРО(Об.) и ја исфрлаат паролата „Долу империјализмот!“, „Да живее слободна и независна Македонија!“. Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*, 124.

како и раководители и претставници од револуционерните области, инструктори и делегати од БКП, КИ и БКФ.[70]

Поделеноста на фракциите, од една страна организациската линија на Владимир Поптомов и Димитар Влахов, блиска до комунистичката ориентација а од другата национал-револуционерите на Георги Занков, Павел Шатев, д-р Филип Атанасов, главно се базирала поради влијанието и директната зависност на ВМРО(Об.) од БКП. Претставниците на национал-револуционерното крило категорички барале, партиското влијание на БКП да се отстрани и организацијата да се постави на независни и некласни основи. Но, она што всушност предизвикувало вистинска вознемиреност и алармантност кај нив, далеку подоминантна од класната комунистичка идеологија, била содржината која се појасно се препознавала и застапувала во платформата на ВМРО(Об.) а тоа е конечниот став заземен од страна на комунистичката фракција во однос на македонското национално прашања, истото да се разгледува како самостојно македонско, а не како бугарско прашање. И ова растечко промакедонско толкување во спротивност на дотогашното пробугарско толкување во рамките на решавањето на националното прашање се препознава како еден од главните мотиви за раздор во ВМРО(Об.) и тоа од самите македонски дејци.

На конференцијата се дефинирала и целта, при што било нагласено дека Организацијата има за цел да се бори за обединета и независна Македонија. Средството за постигање на крајната цел е вооружено востание. Движечка сила ќе бидат селаните, занаетчиите, трговците, интелигенцијата и работниците од секоја националност и тоа ќе го претствува единствениот македонски револуционерен фронт за што Конференцијата донесува резолуција. На оваа конференција, се прави и организациона измена и од обласни комитети се преминува во централни комитети кои треба да бидат формирани во секоја револуционерна област. Една од одлуките била образувањето на пленарниот состав на ЦК, во кој влегуваат 11 души, како и членовите на областните ЦК и членовите на ЗБ: Владимир Поптомов, Димитар Влахов и Јордан Анастасов.

Во однос на македонското прашање бил донесен заклучок дека тоа не е прашање на бугарската држава ниту пак на „бугарското племе“ тоа е прашање на целокупниот

[70] На конфренцијата учествувале: Владимир Поптомов, Димитар Влахов, Христо Јанков, Димитар Арнаудов, Ризо Ризов, Павел Шатев, Јордан Анастасов како и претставникот на БКП во Загреб инструкторот на ВМРО(Об.) Крекманов. На Конференцијата имало и претставници од БКП, КИ и БКФ.

македонски народ. Доминацијата на комунистичкото крило било причина за појавувањето на раздор и поделеност помеѓу комунистичката фракција и националреволуционерите кои набргу ќе организираат своја конференција во Цариград. Во тој период интересно ќе биде и активирањето и влегувањето на Михаил Ѓерџиков во ВМРО(Об.) што се случува по покана и влијание на националреволуционерите. Тие по убиството на Протогеров ќе направат обид кон себе да ги привлечат останатите револуционерни крила меѓу кои и шанданистите, така што Ѓерџиков, стапува во преговори со нив. Главната цел на националреволуционерите ќе им биде да ја поставаат организацијата на првичните основи од 1903 година, што ќе значи да не бидат зависни од никој, против било какво партиско прилепување и орудие за партиски интереси. По ваквото превирање и фракционерско дејствување во ВМРО(Об.) по скоро двегодишни организациски борби, ситуацијата ќе се стабилизира во 1930-31 година.

Меѓутоа токму фракционерството, предизвикано од длабоките идејни разлики по однос на решавањето на македонското прашање ќе биде причина ВМРО(Об.), и покрај позитивниот меѓународно-политички момент, поддршката на Коминтерната, во еден респективно подолг период да не застане на здрави нозе и да не успее во обидот да ги собере под свое крило сите обесправените маси. Георги Димитров следејќи ја работата на ВМРО(Об.) разочарано ќе констатира дека таа имала слаб организационен раст, не создала цврста база сред емиграцијата и населението од Пиринска Македонија и не ги задоволила очекувањата.

Затоа во 1930-31 ќе биде направен повторен обид за афирмација на месните комитети на ВМРО(Об.) во Пиринска Македонија. Симеон Кавракиров прави обиколка на сите места во округот и формира организаци на ВМРО(Об.), при што масовно работи на привлекување на интелектуалците и младината. Но, ваквата активност од друга страна ќе го алармира раководството на ВМРО михајловистичка која владеела и имала доминација во Пиринска Македонија. Не сакајќи да ја загуби својата доминација, летото 1932 година, ќе организира и изврши убиства и прогони на раководството на ВМРО(Об.) со цел да се обезглави организацијата. Посебно тежок удар организацијата доживува по паѓањето на секретарот на ВМРО (Об.) во Пиринскиот дел на Македонија, Симеон Кавракиров. Се прави погром во организацијата која е на директен удар од Ванчо Михајлов и ВМРО. Извештаите кои стигнуваат од Обласниот комитет на III револуционерна област во

Бугарија се поразителни и говорат за длабока организациона, кадровска и финансиска криза.

Кризата особено ќе се почувствува кога во 1932-1933 во ставовите на КИ кон ВМРО(Об.) настапува промена и во круговите на Коминтерната се сметало дека повеќе нема потреба од ВМРО(Об.), бидејќи, како што се наведува, веќе бил поставен единствен фронт меѓу класовите и национално револуционерните движења. Во исто време во ЦК на ВМРО(Об.) доаѓа до расцеп, кога од него излегува Васил Хаџи Кимов и Борис Михов. Двајцата членови не се согласуваат со две суштински прашања во однос на организацијата и тоа класовиот карактер кој го поприма организацијата и покажуваат сомнеж во однос на ставот дека Петричко е национално поробен од Бугарија, односно, во самата суштина, тие не се откажуваат од својата бугарска национална определба, сметајќи се за македонски Бугари и не се согласуваат со афирмираниот македонски став.

Во тоа време во Коминтерната с□ поактуелно станувало прашањето за признавањето на македонскиот народ и македонскиот јазик, како посебни и различни од останатите на Балканот. Бидејќи се согледува нереалноста во однос на ставот за формирање на Балканска федерација, Коминтерната го напушта претходниот лозунг-парола, го менува својот курс и зазема парола за право на потиснатите народи за самоопределување меѓутоа во рамките на постоечките држави и нивните граници, како реална можност истото да се постигне во оваа етапа, но без притоа сосема да се откажат и да ја напуштат идејата за Балканска федерација. Во дадената етапа таа се поместува на страна и се остава за идни поповолни услови, поставувајќи им на балканските комунистички партии изработка и делување по „новата национална програма“ која го прокламира ставот за самоопределување на национално потиснатите народи во склоп на постоечките држави.[71]

---

[71] Согледувајќи ја нереалноста на паролата за „Независна Македонија во Балканска федерација “ во чие реализирање требало да се помине првата фаза на создавање на независни држави при тоа соочени со илузорноста на самиот став дека било која од балканските буржуаски и еспанзивни државни системи доброволно ќе се согласат да го отстапат својот стекнат дел во штотуку завршените војни, па потоа доаѓањето на втората етапа формирање на Балканска федерација во која Македонија рамноправна и обединета ќе биде нејзин составен дел, Коминтерната го напушта овој став но го прифаќа новиот лозунг за самоопределување на национално потиснатите народи во склоп на постоечките држави. Во своето програмско дефинирање Коминтерната била доста внимателна оваа прифатена парола да не биде сфатена како барање за малцински права-карактеристична за буржуазијата бидејќи била свесна дека формата малцински права доколку успее да се реализира во буржуаските системи особено на Балканот ќе ја финишираат борбата на обесправените маси само до моментот кога истите ќе им бидат и удоволени а со тоа

Документите создадени од 1933-1934 година го спроведуваат новиот курс на Коминтерната, особено оние кои се однесуваат на работата на БКП во однос на македонското прашање.[72]

Но на идеолошка и практична почва она што инспирира е новата етапа во решавањето на македонското национално прашање и поконкретното поjмовното дефинирање на македонската нациjа, особено во документите на БКП, односно на Бугариjа. Во нив е запазено дека терминолошки се напушта поимот „македонски народ" како збир од народности што би значело една неjасна, апстрактна категориjа, и се почестото преминување на конкретно терминолошко употребување на поимот „македонска нациjа". Тогаш всушност настапува и новата етапа во меѓународното афирмирање и решавање на проблемот со македонското национално прашање кое се содржи во Резолуциjата на КИ по македонското прашање и ВМРО(Об.) утврдена на заседанието на Политсекретариjатот на 11 jануари 1934 година,[73] односно официjалното решение на Коминтерната, неговиот БЛС, од февруари 1934 во кое се потенцира постоењето на „македонското нац[инално] рев[олуционерно] движење, возоглавено од ВМРО(Об.)" односно македонската нациjа и неjзиното признавање.[74]

---

ќе им биде одземена мобилизирачката сила и ќе се прекине континуитетот коj според Коминтерната требало да продолжи се до почнувањето на општа заедничка социjална револуциjа. Оваа програмска определба смета Коминтерната, ќе ги анимира масите како дестабилизирачки фактор со што ќе успее под своjа контрола и за своj интерес да ги стави сите националноослободителни движења на Балкнаот. Меѓутоа во поглед на решавањето на македонско национално прашање овоj став на Коминтерната значи враќање наназад бидеjќи jа легитимира поделеноста на македонскиот народ во трите балкански држави и согласно со таа реалност предвидува македонското прашање да се решава во секоjа држава поединечно. Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*, 203-206.

[72] Исто таму, 207.

[73] *БКП,Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори, Съставители: Цочо Билярски и Ива Бурилкова (София: Главно управление на архивите при Министерския съвет, 1999), 881.

[74] Меѓутоа според Дечо Добринов поjмовното дефинирање „македонска нациjа" е покренато од страна на БКП уште во 1933 година, така што во апел на ВМРО(Об.) од 18 април 1933 година се истакнува дека таа се бори за самоопределувањето и отцепување на македонскиот народ во една нациjа дури до степен на одделување од Бугариjа, Југославиjа и Грциjа. При еден допис на автор со псевдоним „М" во анализата коjа се однесувала за положбата на македонскиот народ во Вардарска Македониjа, се тврди дека месната младина се здобила со „своjа сопствена македонска физиономиjа, се служи со сопствен македонски jазик и се гордее со него" и без надворешно влиjание се оформило веќе едно македонско национално чувство.

Паралелно со промените кои во однос на националната идентификациjа се случуваат во Вардарска Македониjа, слична е состоjбата и во Пиринска Македониjа. Веќе во резолуциjата донесена на четвртиот пленум на ЦК на БКП од август 1933 година, се поjавува нов момент кога се истакало дека Македониjа и Тракиjа се национално поробени и подложени на експлоатациjа, согласно со тоа борбата на национално потиснатите се насочува кон востание за отцепување на тие делови од Бугариjа. Значи правото на самоопределување сега се надополнува со правото до отцепување.

За жал, и покрај заложбата на КИ, БКФ и БКП, актуелизирањето на националното идентификување на Македонците како Македонци, ќе манифестира видлив опортунизмот, кој произлегува токму од македонските средини. **Поточно, поедини револуционери и дејци во македонското нацоналноослободително движење, и покрај меѓународното афирмирање и признавање не се согласуваат со реалноста за постоењето на македонската нација различна од бугарската и ваквиот став на Коминтерната, респективно БКП, го прогласуваат за чин на „црвен врховизам“** (болдирано С. Н.). Еден од поистакнатите македонски револуционери кој до крај ја осудува политиката на БКП и КИ поради официјализирањето на ставот за постоењето на самостојна македонска нација, е Васил Хаџикимов кој ќе остане верен на своите пробугарски позиции и не согласувајќи се со промакедонската линија во ВМРО(Об.) истата ја напушта.[75]

Нападите од страна на ВМРО михајловистичка и теророт врз раководстсвото на Обединета, финансиската криза како и нејзината организациона состојба вклучувајќи ги и нејзините идејни поставки, налагаат свикување на нова областна конференција за решавање на актулените прашања и кризната состојба во организацијата и реорганизирање на Организацијата.

Поволна клима за консолидирањето на ВМРО(Об.) ќе се почувствува по 19 мајскиот преврт од 1934 година кога се забранува ВМРО.[76] Периодот потоа, особено по доаѓањето на Методија Шаторов ќе означи едно олеснување и можност за идејно-програмскиот развој на ВМРО(Об.) особено во поглед на зацврстување на тезата за постоењето на „македонската нација“. Во такви услови се прави обид ВМРО(Об.) да се консолидира со помош на внатрешна реорганизација и според залагањето на Георги Димитров да и се даде уште една можност ВМРО(Об.) да ја изживее својата полна улога. Секретарот на Обласниот комитет на ВМРО(Об.) Асан Чаракчиев издава директиви, ја одржува врската со окружните и околиски комитети, се залага околу уредувањето на печатот особено в. „Македонско знаме“ и „Македонска революција“. Пролетта 1935 година во Пиринска Македонија се подготвува нова областа конференција и за таа цел во

[75] Своите ставови по однос на ова прашање Васил Хаџикимов ги објавува во 1934 година во програмската статија „На борба“ во в. „Македонска борба“. *БКП,Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 886.

[76] Иван Михајлов како раководиел на организацијата тајно бил пренесен во Турција, а оттаму заминал во Полска (1938). За време на Втората светска војна престојувал во Загреб, кај Анте Павелиќ и соработувал со германските воени служби.

април 1935 година од Париз повторно е повикан Методија Шаторов-Димо како нов раководител на ВМРО(Об.).[77] На Конференцијата се назначува нов состав на централното раководство, а посебен акцент било ставено на две особено важни прашања, односно паролите за самоопределување и паролата за македонска нација, кои биле дискутабилни за членството и предизвикале реагирање помеѓу членовите на организацијата.[78] И покрај напорите на Шаторов за афирмирање на идеата за обединета македонска држава, меѓудел од присутните и кај некои членови на раководството се појавува негодување и опортунизам особено во поглед на ставот за самоопределувањето на Македонците од Пиринскиот дел, до користење на правото за отцепување од Бугарија, и заедно со другите делови кои се под Србија и Грција, организирање на самостојна македонска држава. Становиштето за посебноста на македонската нација и за нејзиното национално ропство во трите нејзини делови (Бугарија, Србија и Грција) и дека борбата треба да се води против тројното национално ропство а не само за класно ослободување, предизвикало реакција. Против усвојувањето на паролите односно ставовите се јавува Борис Михов и Алексо Мартулков, особено по однос на македонското прашање остро се искажал Б. Михов, неприфаќајќи го како такво, по што бил исклучен од централното раководство на ВМРО(Об.).[79]

[77] Фактот што Методија Шаторов како решение на Коминтерната секогаш бил ангажиран кога состојбата во ВМРО(Об.) ќе покаже нов или кризен момент дури и по нејзиниот опстанок, го нагласува неговото високо котирање и респектирање од коминтерновските политички кругови. Затоа, исто како во 1928 година, Шаторов повторно во април 1935 година со назнака раководител на ВМРО(Об.) е повикан да ја среди состојата. Интересно е што секогаш, согласно новиот чекор и преземените мерки во поглед на признавањето на македонската нација, задачите од ваков карактер му се доделуваат на Шаторов. Пројавеното несогласување и опортунизам кој се јавил кај одредени комунисти во Петричкиот крај се однесувал на ставот дека во Пиринска Македонија исто како и во другите угнетени делови на Македонија се случува асимилација и национално угнетување, со кое тие не се согласуваат туку го застапуваат ставот дека во Пиринска Македонија постои единствено социјално потисништво па согласно тоа се сметало дека нема потреба од национална организација како што е ВМРО(Об.) и според нив социјалните прашањата ќе ги реши БКП. Назначувањето на Шаторов, токму тој да ги решава прашањата од национален интерес јасно ги дефинира и неговите чисти промакедонски позиции. Дечо Добринов. *ВМРО (Обединета)*, 213; *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали...,160; Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов- Шарло (политички ставови)...* 59/60.

[78] Веднаш по пристигнувањето на Методија Шаторов била одржана Обласна конференција во месноста Бела вода на Витоша, во присуство на околу 10-тина делегати претставници на групи и организации и раководството на ВМРО(Об.). На дневен ред биле поставени следните точки: 1. реферат за внатрешната и меѓународната положба; 2. Извештај на ЦК на III Револуционерна област; 3. Разјаснување на паролата за самоопределување и паролата за „македонската нација" и 4. Избор на раководство. Посебно остра дискусија била водена во однос на паролите за самоопределувањето и за македонската нација. Дечо Добринов, *ВМРО(Обединета)*, 213.

[79] Исто.

Методија Шаторов по вклучувањето во Организацијата во 1935 година во Бугарија го зема под свое раководство организациониот оддел, а А. Чаракчиев работи со младината. На Васил Ивановски му е доделен оделот за пропаганда и агитација и тој сушност е теоретичарот на ВМРО(Об.) и еден од редакторите на в. „Македонско знаме". Четвртиот член во ОК на ВМРО(Об.) за Пиринскиот дел на Македонија бил Христо Калајџиев кој бил задолжен за масовна работа меѓу емиграцијата, а за техничкиот дел одговарал Арсо Поптодоров.[80]

ВМРО(Об.), своја поткрепа, секако пронаоѓа во круговите на Коминтерната особено по донесувањето на „Резолуцијата на КИ по македонското прашање и ВМРО (Об.)", во која се истакнува дека ВМРО(Об.) е должна да стане масовна организација на работниот народ од цела Македонија, раководејќи ги во борбата за своето национално ослободување и обединување, против поробувачите од бугарска, српска и грчка буржуазија. Веќе наредната 1935 година истакнати научни работници го актуелизираат македонското национално прашање, се залагаат за давање на научно толкување и официјален став за постоење на самостојна македонска нација и македонски јазик.[81]

---

[80] *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори...,928; Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета,)* 226.

[81] Некаде пред 25 јуни 1935 година А. С. Величков, бугарски емигрант од Киевскиот универзитет кој работи во украинската комунистичка академија во СССР, упатува писмо до ЗБ на ЦК на БКП во Москва во врска со намерата на група советски научници- слависти од Киев да работат на прашањата за утврдување на македонскиот јазик. Во писмото упатено до БКП меѓу другото се вели: „...Ние се ангажираме за научно разработување на следната тема: **Постои ли македонски јазик како самостоен славјански јазик или тој е само еден дијалект, наречие од бугарскиот јазик**". Сите слависти во Украина се согласуваат дека македонците **се посебен самостоен славјански народ** но што се однесува до јазикот постојат разногласија. Едни се согласуваат со ставот дека специфичен македонски литературен јазик нема и дека македонците го употребуваат бугарскиот литературен јазик **а други пак мислат дека македонскиот јазик е самостоен славјански јазик со свои особености различен од сите останати јазици"**...„ Јас не знам дали нашата партија и КИ имаат официјален став по ова пашање, во случајот ако имаат став дека е посебен јазик **вие веднаш треба да ни соопштите** за да ја насочиме истражувачката работа по правилниот пат"...„Прашањето е сериозно и заслужува да се одвои време за негово разјаснување".

Во одговорот на Владимир Поптомов до ЗБ на ЦК на БКП околу иницијативата за формирање на група за разработување на прашањата за македонскиот јазик и нација и резолуцијата на Васил Коларов до Антон Иванов, се истакнува: „...Прашањето за карактерот на македонската нација, како самостојна национално-историска индивидуалност, како и прашањето за самостојниот карактер на македонскиот јазик се прашања кои одамна го чекаат своето научно-марксистичко осветлување и е од големо и актуелно политичко и револуционерно значење за Балканот". Понатаму во одговорот на Поптомов се потенцира дека ставот за постоењето на самостојноста на македонската нација и јазик се базирани врз поставките на V конгрес на Коминтерната изразени во лозунгот-паролата за обединета и независна Македонија и во резолуцијата за македонското прашање на БЛС од февруари 1934 година во која беше даден принципилениот став по прашањето за македонската нација и јазик. Задржувајќи се на шовинистичките ставови на трите буржуазии кои не го признаваат постоењето на македонската нација и јазик и ги прикажуваат како свои, Владимир Поптомов понатаму ќе заклучи: „...Од сето гореспоменато се согледува дека Коминтерната и компартиите стојат на ставот за признавањето на самостојна македонска нација и

Во тој поглед не заостануваат ниту македонските дејци. Револуционерното крило во ВМРО(Об.) со промакедонска определба во дадениот период развива силна револуционерна и агитациона дејност во Пиринска Македонија и воопшто во Бугарија. За таа цел се печатени и објавувани билтените на ВМРО(Об.),в.„Обединист“, в. „Македонско знаме“, в. „Македонска револуција“. Од плејадата на македонски теоретичари по ова прашање особено се истакнува Васил Ивановски-Бистришки, кој прави обид за научно објаснување на историската реалност за постоењето на македонската нација. Од особено значење е објавувањето на неговата статијата „Зошто ние Македонците сме посебна нација“ која е објавена и прифатена како резолуција на 4 конгрес на Македонскиот народен сојуз одржан во 1934 година во Детроид, Америка, но била објавена и во издание на Коминтерната и тоа на повеќе јазици. Значајно е што Редакцијата на весникот ја смета оваа статија за официјален став на ВМРО(Об.). Во статијата се истакнува :„...Зошто ние Македонците сме одделна нација? Одговорот на тоа прашање, пред с□, е од големо политичко значење. Познато е дека како бугарскиот, така и српскиот и грчкиот империјализам го негираат постоењето на македонската нација. Според првиот, Македонците се ’најдобриот дел од бугарската нација’. Според вториот, Македонците се ’чисти Срби“ а според третиот, Македоците се ’славјаногласни Елини’...Со цел да ги разобличиме тие маневри на поробувачите и да им покажеме дека тие немаат никакво право над Македонија, за да ја спречиме нивната асимилаторската политика и да водиме континуирана борба за извојување на правото на самоопределување на македонскиот народ до негово издвојување од бугарската, српската и грчката імперјалистичка држава и негово обединување во самостојна независна република на работниот македонски народ, ние, Македонците треба високо да изјавуваме дека не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту Бугари, туку сме одделна македонска нација, која се бори за свое национално ослободување и одделување во своја македонска држава...Во Македонија постојат сите

---

јазик“. Понатаму истакнува: „..Сето ова само ја потврдува потребата од неопходно итно научно разработување на ова прашање, особено што за одговорот на прашањето живо се заинтересирани македонските национал-револуционерни маси во Македонија и во емиграцијата и раководните другари во ВМРО(Об). Во Петричко другарите одамна настојуваат да ги заинтересираат советските научници да дадат одговор дури тие преземаа и конкретен предлог да се замоли професор Державин да напише брошура по прашањето за македонската нација. За петричко ова прашање има особено значење бидејки не само што бугарската буржуазија но и нејните агенти во лицето на македонските врховисти водат широка пропаганда за бугарскиот национален карактер на Македонците“. *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 952-958.

елементи на една самостојна македонска нација со своја територија и економска целост со свој јазик и општ национален карактер и со своја македонска историја...“.[82]

Продолжувајќи во тој дух во септември 1935 година Владимир Поптомов предлага изданијата на ВМРО(Об.) од бугарски јазик да се преведат на „популарно македонско наречје“. Понатаму во статија „Единствен фронт со македонските маси и борбата со скршнувањата“ изготвена од Методија Шаторов, а објавена во сп. „Пропагандист“ на ЦК БКП се истакнувало: „Има другари кои с□ уште не можат да разберат дека оценката на партијата дека македонските Славјани претставуваат одделна нација не подлежи на сомнеж. Единствениот аргумент на тие другари е што македонските Славјани зборуват на бугарски јазик. Дека Македонците како под бугарска така и под српска власт не говорат бугарски јазик имаат докажано редица на филолози од меѓународен карактер. Но да допуштиме за момент дека тие зборуваат бугарски? Значи ли тоа дека се дел од бугарската нација? Се разбира дека не!..Македонците можат да говорат и на бугарски, но пак да се одделна нација. Според нашето убедување, прашањето за одделен македонски јазик не е нешто кое не може да се реши. Другарите кои тврдат дека не постои македонска нација стојат на неболшевички позиции по националното прашање, тие застануват на позициите за присоединување на ’Бугарите од Македонија’ кон Бугарите од стара Бугарија т.е. на освојувачките империјалистичка позиција на бугарската буржузија“.[83]

Ставот всушност значи признавање на борбата на македонскиот народ во трите поделени делови Бугарија, Грција и Југославија, против асимилација и за правото за самоопределување до отцепување во сопствена македонска држава, со право за употреба на македонски јазик во училиштата.[84]

Соочени со опасноста од фашистичкото продирање ЗБ на ЦК на БКП во декември 1934 година испраќа писмо во кое се истакнува неопходноста од формирање на Народен фронт, што значи широка платформа за единствено делување на сите демократски и антифашистички сили. Во тој состав биле споменати и ВМРО(Об.) и македонските братства. Веќе во 1935 година, во круговите на Коминтерната се прокламира и шири

[82] *ВМРО(Об.)*, документи и материјали, книга II, избор, редакција и коментар Иван Катарџиев (Скопје: Институт за национална историја-Скопје, 1992), 283-290; *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 907-912.

[83] *Методија Шаторов-Шарло*, документи и материјали,... 160; Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*, 222, 223.

[84] Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов- Шарло (политички ставови)...*, 62.

идејата за формирање на народен фронт и тогаш доаѓа до отворање на вратите на ВМРО (Об.) со препорака да се направат политички компромиси, без разлика дали членовите ги симпатизираат михајловистите или протогеровисти. Се надминуваат поделбите и се прави обид да се смени однесувањето кон поедини фракции на ВМРО. Се настојува да се стави крај на политичкиот сепаратизам во македонското националоослободително движење. За утврдување на новите насоки, Обласниот комитет на ВМРО(Об.), организира специјално заседание на кое организациониот секретар Методија Шаторов реферира за неопходноста и потребата да се изгради единствен фронт од членската маса на ВМРО и од двете крила.[85]

Во поглед на обединувањето на сите раскинати делови и фракции на македонското движење, ЗБ на ЦК на БКП упатува писмо до внатрешното раководство во Бугарија во кое се вели: „Ние не треба да ги храниме илузиите дека ВМРО(Об.) сама ќе успее да го обедини македонското национално револуционерно движење околу себеси. Но, таа организација ќе изигра огромна историска улога ако ја преземе иницијативата за создавање на национален македонски фронт. Крајно време е ВМРО(Об.) одново да го подигне знамето на обединувањето".[86]

Новиот курс на ВМРО започнува да се спроведува пролетта 1935. Во тоа време во ВМРО(Об.) влегуваат повеќе фракции, братства, нагласувајќи ја неопходноста од обединет народен фронт кој ќе биде платформа за сплотување на широките народни маси. Меѓутоа проблемите и суштинските идејно-политички разлики покажуваат дека во дадената меѓународна положба и констелација на политичките сили, ВМРО (Об.) тешко дека ќе се обедини. Од друга страна ова национално раздвижување ќе предизвика засилена реакција од страна на режимот во Софија, започнува затворањато на членовите на Обласниот комитет и на Окружниот комитет на ВМРО(Об.). Во „Големиот македонски процес на ВМРО(Об.)" како што пишувал в. „Македонски вести" затворени се Асен Чаракчиев, Христо Калајџиев, Алексо Мартулков, Борис Михов и уште многу други секретари и членови на комитети на ВМРО(Об.).[87]

На судењето до полн израз дошла националната определба на судените. Асен Чаракчиев се држел до тезата за постоењето на македонската нација, нејзиното асимилирање и потиснување и идејата за самоопределување на населението во Пиринска

---

[85] Исто таму, 63.
[86] Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*, 229.
[87] *ВМРО(Об.)*, документи и материјали, книга II,356, 357.

Македонија с□ до отцепување од Бугарија. Од овој став, Јордан Анастасов се иззема и вели дека Македонците се Бугари, за да веднаш потоа, пред судот истакне дека истиот став со него го делат и Димитар Влахов и Владимир Поптомов. Во јули 1936 година биле донесени пресудите. На повеќегодишен затвор се осудени Димитар Влахов и Владимир Поптомов, а се ослободени Јордан Анастасов и други членови на организацијата од притворените. Методија Шаторов на овој судски процес во отсуство е осуден на 5 години затвор и парична казна од 50.000 лева.[88]

Новите услови на меѓународната политичка сцена, диктирале и нови одлуки и нови пароли во однос на македонското национално-револуционерно движење. Дотогашните ставови за „Автономна Македонија“, „Балканска федерација“, „Независна Македонија“ веќе отстапуваат место на новите програмски цели со кои се поврзувало македонското движење. Се сметало дека борбата за ослободување на македонскиот народ, борбата за неговото самоопределување не треба да се поставува во никакви рамки, ниту пак да се предрешава прашањето за неговото одделување во независна држава. „Како македонскиот народ ќе го искористи своето право за самоопределување до отцепување, тоа ќе зависи од конкретните услови, откако масите ќе победат во борбата за ослободување“.[89]

Токму заради ваквиот нејасен и до крај нерасчистен став на Коминтерната и нејзиното калкулирање во однос на Македонија и нејзината иднина, непосредно пред самиот почеток на Втората светска војна, балканските комунистички партии и револуционерни дејци (меѓу кои и Методија Шаторов-С.Н.), соочувајќи се со ваква широка платформа на одлучување по однос на македонското прашање „право на самоопределување на македонскиот народ до отцепување во самостојна државно - политичка единица“ и одлуката за неговото решавање „подоцна“, согласно воено-политичката разрешница, ќе ја имаат последицата од една страна да бидат ставени во состојба на збунетост и нејасност како да постапат а од друга страна одредени политички

---

[88] На 7 јули 1936 година биле разгледани обвинувањата против 20 Македонци, обвинети како членови на ВМРО(Об.). Како членови на ЦК на ВМРО(Об.) биле осудени: Димитар Влахов, Владимир Поптомов и Јордан Анастасов Констатинов, додека пак како членови на Обласниот комитет на ВМРО(Об.) биле обвинети Васил Ивановски, Методија Шаторов, Асен Чаракчиев и Христо Калајџиев. Во судскиот процес биле обвинети и многубројни дејци и револуционери, членови на ВМРО(Об.), но и нејзини симпатизери. Исто таму.

[89] Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов- Шарло (политички ставови)...*, 73.

фактори ќе го искористат моментот, македонското прашање да го стават единствено во доменот на сопствените интереси и да наметнат свое целосно влијание врз него.[90]

Веќе по 7-от конгрес на Коминтерната, забележливо било отстапувањето од претходниот став во однос на македонското националното прашање. Коминтерната смета дека по оваа етапа организациите и дејците на македонското движење активно треба да се вклучат во антифашистичката борба во секој од разделените делови од Македонија и донесува одлука да се распушти ВМРО(Об.).

По големата провала од 1936 година, Методија Шаторов заминува за Москва каде ја продолжува својата активност во редовите на ЗБ на БКП и во органите на Коминтерната. ЗБ на БКП во 1937 година и понатаму ќе бара начини за продолжување на судбината на ВМРО(Об.) сметајќи дека обединување на македонските маси може да обезбеди единствено ВМРО(Об.). Меѓутоа на шестиот пленум на ЦК на БКП февруари 1936 година била решена судбината на ВМРО(Об.).Тогаш претставникот на ЦК на БКП, С. Димитров истакнува дека ВМРО(Об.) треба да се преструи во илегална организација а нејзините кадри да се приклучат во редовите на БКП со што се исклучува и потребата за нејзиното постоење.[91]

Анализата од изминатиот период покажува дека и покрај поволните услови и поддршката на Коминтерната, ВМРО(Об.) не само што не успеала да ги обедини македонските револуционерни движења во трите распокинати делови во Грција, Бугарија и Југославија, туку таа не успеала да обезбеди единство ниту во редовите меѓу самите

---

[90] Ваквата широка платформа од страна на Коминтерната, без конкретно дефинирани ставови и насоки по однос на македонското национално и ослободително движење, го остави македонското прашање отворено и тензично, без конечно решение. Политиката на КИ во поглед на решавањето на македонското прашање изразува силна перфидност а историјата покажа дека нејзиното делување и калкулирање секогаш било раководено од интересот и можноста да го искористи за себе. На почетокот, целта на Коминтерната во однос на македонското револуционерно движење, била да го искористи движењето како детонатор за избивање на револуционерен вриеж на Балканот. Затоа согласно сопствениот интерес, КИ и СССР се стремат на секаков начин да го држат отворено македонското прашање и да ја осуетат можноста истото да се уреди и реши. Во интерес на КИ било Балканот постојано да биде напнат, а македонското прашање е едно посакувано средство за тоа. Независно од сите декларации и пароли вистината е дека КИ не сака да го реши ниту половично македонското прашање, бидејќи до колку тоа се случи, таа ќе си создаде пречка на патот за социјална револуција на Балканот и ќе биде оневозможена да калкулира и манипулира со него. Интересот на Коминтерната според нејзиното сценарио пред с , бил насочен кон националното движење, истото да биде искористено од комунистите коишто ќе ја играат главната улога, ќе формираат партизанска револуционерна армија и заедно со работниците и селаните ќе воспоставaт своја власт т.е. диктатура на пролетеријатот. За да може ова да се оствари КИ претендира македонското прашање да остане отворено и тензично и да биде под целосно раководство на КП. Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*.164-166.

[91] Исто таму, 238.

македонски ревеволуционерни дејци во Бугарија. Колку и да не сакаме да ја прифатиме вистината повеќе од јасно □, дека во рамките на општествено – политичката рамка и околностите во кои се појавува и развива ВМРО(Об.), еден од основните проблеми за решавањето на македонското национално прашање и обединувањето на македонското революционерно движење е дуалистичкиот карактер во определбата на македонскиот народ како посебна нација особено кај еден респективен дел на македонските революционерни дејци кои ја прифатиле и не отстапувале од бугарската национална определба, поточно од определбата дека македонскиот народ во својата генеза е нераскинливо врзано за бугарското племе и единствено прифатлива терминолошка определба за нив бил поимот „македонски Бугари". Во интерес на ова можеби најдобро сведочи констатацијата на Методија Шаторов дадена уште на Втората илегална конференција на БКП одржана во Берлин (декември 1927 – јануари 1928) на која во својот реферат истакнал дека **„македонското движење 'имало долга и самостојна историја' но проблемот е што поголемиот дел од македонскиот народ не ја разбирал".** (болдирано С. Н.)

На 36 седница на ЗБ на БКП во јануари 1937 година, учесниците Методија Шаторов, Васил Коларов, Владимир Поптомов, Искров, Трајчо Костов-Спридонов посочуваат на редица слабости на Обединета. На седницата, Методија Шаторов поднесува извештај за состојбата во македонското националноослободително движење. Во тој контекст во извештајот тој констатира дека до 19 мај „македонското движење имаше влијание" во Пиринска Македонија, но дека 10-12 години партијата таму немала организација како и ВМРО(Об.).[92] Постоеле само партиска и младинска организација. До провалите кои се случиле во 1935 година во „округот имало околу 250-300 члена, вклучително 50-60 во Софија и во Варна 25 души". Посебно потенцирал дека „само дел од членовите на ВМРО(Об.) беа и комунисти...", а дека „разни сандинисти, земјоделци и федералисти и др. не беа опфатени со ВМРО(Об.).Санданистите не влегуваа зашто ВМРО (Об.) била комунистичка. ВМРО(Об.) се состоеше исклучиво од комунисти или симпатизери на ком[уни]змот" и дека истата останала секташка организација. Исто така во извештајот истакнува дека не успеале да исфрлат правилни пароли и да ги привлечат прогресивните маси. Според него за таквата состојба имало „и друг момент-големиот

[92] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 55.

терор на Мих[ајлов] и стравот од него". Во однос на печатот во извештајот се истакнува дека в. „Македонско дело" се ширело многу малку, а дека в. „Македонски вести" одиграле поголема улога „и покрај спротиставувањето на уредникот Ангел Динев". Во однос на братствата тој во извештајот подвлекува дека како партија учествувале на изборите од 1936 година и дека во низа братства имало еднофронтовски листи и дека одредени лица се избрани на местата на протогеровистите и федералистите. Како резултат на активноста која ја пројавиле успеале да ги заземат најголемите братства „Кукушко, Гевгелиско и др. меѓутоа другите – мнозинството, останаа со михајловистите. Еницевардарско го расцепивме – михајловистите останаа со 15 д[уши], а другите 200 д[уши]". [93] Но она што е посебно интересно во извештајот е инсистирањето на Шаторов од неопходноста да „создадеме национ[ална] македонска организација". Во тој контекст истакнува дека „не можеме да создадеме легална организ[ација], демократска масовна организација, која ќе ги обедини сите не[фашистички] елементи. Како задача ја поставува борбата за демократски права и слободи; сметал дека прашањето за земјата, куќите, шумите, добитокот не е решено; се залага за македонска култура, за славење на македонските празници, за македонски училишта; посебно потенцира дека „насекаде во Југославија Макед[онците] се нарекуваат Македонци, кај нас исто. Во Буг[арија] насекаде се водат дискусии: дали Македонците се Бугари". Подвлекува дека паролата „слободна и независна М[акедонија] е многу популарна и ако се истакне од една дем[ократска] организација ќе се прифати, но таа не треба да се истакнува половично и нерешително како што правевме досега". Нагласува дека мотото треба да биде „да ја трансформираме ВМРО(Об.) во нова дем[ократска] организација – комитети по местата и во центарот". Сметал дека при поинаква полож[ба] во Б[угарија] „создавањето на мак[едонска] нац[ионална] партија ќе има големи успеси".[94]

Согледувањето на потенцијалот и енергијата која ВМРО(Об.) може да ја акумулира во обединувањето на широките маси ќе биде повод членовите на ЗБ на 19 април 1937 година да испратат писмо до ЦК на БКП со молба да се разгледа уште еднаш

[93] Исто таму, 56.
[94] Исто, 58.

можноста за понатамошно постоење на ВМРО(Об.).Во таа смисла ЗБ на БКП ја гледа идната ВМРО како фронт на сите демократски, прогресивни, македонски елементи. [95]

Од аспект на дефинираниот став за признавање на македонскиот народ, интересен е моментот на делумно отстапување од веќе прифатената линија во комунистичкиот табор, кој се рефлектираше и во БКП. Во писмото од 19 април, прв пат и официјално се појавува една констатација која отстапува од дотогашната прифатена вистина во врска со асимилација која е вршена во трите дела, и наместо тоа во писмото, во однос на ова прашање, се вели: „За потпомагање на борбата на **македонското население во Југославија и Грција за признавање на правото за национално малцинство, училишта на мајчин јазик, цркви и др**“. (болдирано С. Н.) јасно се гледа дека во ова писмо Бугарија не е назначена на исто рамниште како останатите две држави. Нејасно е како и од кои причини доаѓа до исправка на споменатиот текст, но веќе наредниот ден, писмото е корегирано и наместо спомената реченица, во писмото од 20 април стои: “во трите дела Македонците се борат за национални права“.[96] Писмото од 19/20 април 1937 година е последниот документ кој се однесувал на иднината на ВМРО (Об.).

Овие суштински проблеми кои се појавуваат во генезата на македонското националноослободително движење, ќе остават длабока трага и во понатамошниот тек на настаните и нема да го напуштат во текот на целиот негов еволутивен развој, што од друга страна го прави примарен проблем на идентитетот на македонскиот народ с до денес.

И покрај распуштањето на Обединета, која на историската сцена се појави во времето на специфични општествено-политички услови и претставуваше облик и репрезент на желбата за обединување на македонските револуционерни сили, позитивниот тренд во однос на развојот и стабилизирањето на македонското национално-револуционерно движење е еден закономерен историски процес, без разлика на одлуките, декретите и резолуциите на разни политички субјекти па и кога станува збор за самата Коминтерна. Точно е дека тие во одредени историски моменти можат да го попречат или подржат историскиот процес, но факт е дека тој процес доколку е автентичен и извира од длабокото национално чувство е неуништив, се појавувава во други пројави и форми, но сепак опстојува и продолжува. Во Софија три години по распуштањето на ВМРО(Об.) и

[95] Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*, 241.
[96] Исто таму, 242.

две години по прекинувањето на секаква организациона активност поврзана со неа, се формира Македонскиот литературен кружок во кој се објавува поезија, мноштво прозни, ликовни и музички дела исполнети со македонски мотиви. Тоа и публицистичките дела пред почетокот на Втората светска војна се јасен доказ за нараснатата македонска национална самодејност и самосвестност.[97] Од своја страна од редовите на македонската емиграција во Бугарија, од пазувите на Обединета излегуваат бројни македонски интелектуалци и борци-идеалисти меѓу кои со јасно издифиренциран и кристално чист македонски став е и нејзиниот револуционерен деец и творец, Методија Шаторов.

### 1.3 Во Коминтерната и во Франција

Методија Шаторов од 1926 до 1939 година на неколкупати ќе престојува во различни држави во Европа и тоа во Австрија, Германија, СССР, Франција и Шпанија во кои ќе извршува партиски задачи кои му биле дадени од БКП, БКФ и Коминтерната.[98]

По излегувањето од затвор во 1929 година, Методија Шаторов при крајот на 1929 година ја напушта Бугарија и најпрвин заминува во Прага, каде по легален пат, чекал да добие виза за СССР а потоа во 1930 заминува во Виена.[99] Во февруари истата година пристигнува во Москва, каде Коминтерната го повикува „во врска со партиски задачи".[100] Всушност, станува збор за сослушување од страна на органите на Коминтерната во однос на неговото држење во големата провала која ја зафаќа БКП во 1928 година, кога бил приведен и 11 месеци затворен од страна на полицијата.[101] Откако успешно ја поминал коминтерновската „истрага" Методија Шаторов бил примен на студии во Меѓународната ленинска школа.[102]

---

[97] *Историја на македонскиот народ*, (Скопје: ИНИ, 2008).

[98] Постојат одредени кажувања дека Шаторов има престојувано и во НР Кина, како полномошник на Коминтерната меѓутоа до сериозни и документирани податоци по ова прашање не наидовме, и останува отворено за некои идни истражувања.

[99] Ристо Шуплиновски, *Шарло (монографски прикази и полемики)*, ракопис, 55.

[100] Исто, 55.

[101] Во Москва Шаторов детално го реферирал притворањето и држењето во затворот. Во врска со тоа истакнува: „...Неверојатните мачења и страдања во полицијата беа заменети со затвор, каде што останав 11 дена. Бев ослободен откако полицијата од мене ништо не можеше да дознае во текот на истрагата. Тројца другари кои пред полицијата не издржаа и дадоа податоци за организацијата, за време на судењето се откажаа од своите признанија во полицијата. На таков начин во однос на двајцата (мене и Петров) не можеше да се организира процес. Останатите другари, сите беа осудени". Исто, 56.

[102] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 39; Ристо Шуплиновски, *Шарло(монографски прикази и полемики)*, 56.

Според анкетниот лист, пополнет во врска со неговото префрлување од БКП во ВКП(б)[103], Методија Шаторов работата во телата на Коминтерната ја започнува во 1930 година, кога бил задолжен по прашањето за национално-револуционерните движења на балканските народи. При пополнувањето на формуларот со податоци, во графата за националност и покрај тоа што во Коминтерната пристигнува од БКП, Методија Шаторов се изјаснил како **Македонец** (болдирано С. Н.) што секако за тоа време било редок случај. Во графата за познавање на јазици напишал дека знае руски и германски и дека „повеќе (подобро) го владеам рускиот јазик, а помалку (послабо) германскиот. На руски читам, разбирам се, но зборувам со грешки, особено во падежите“.[104]

Поради болеста, морал да го прекине студирањето и заминал во Германија. Во СССР, повторно се враќа во мај 1933 година. На 16 септември 1933 година пак е на студии во Московската ленинска школа заведен како Марко (Марк) Каталина, под име и презиме од школото.[105]

Методија Шаторов бил дисциплиниран човек, револуционер во чие однесување не можело да се забележи самоволие. Целосно бил приврзан кон Коминтерната и посветен на делото. Според сеќавањата на Перо Ивановски-Тиквар дадени на Ристо Шуплиноски, Методија Шаторов бил близок и повеќе од познаник на Георги Димитров, со кого се познавале уште од времето на Септемврискoто востание во Софија, Бугарија. Револуционерната дејност ги поврзувала и подоцна во Виена и Берлин, кога Шаторов веќе бил ангажиран во Коминтерновскиот апарат, а Георги Димитров бил генерален секретар на истата.[106] Од периодот кога престојува во Москва, историогарфијата не располога со доволно податоци, како за неговиот живот така и за неговата дејност поради самиот факт што ваквата активност била оценета како крајно тајна. Но она што од спомените на Перо Ивановски како и на Густав Влахов, може да се разбере е неговиот работен ангажман како заменик -директор на хотелот „ Лукс“ и високото котирање помеѓу

[103] Серуски комунистички партии (болшевици).

[104] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 39.

[105] Во својот живот Методија Шаторов имал повеќе псевдоними. Познат е по конспиративните имиња, псевдонимите: „Марко“, „Димо“, „Атанасов“, „Сава“, „Каталина“, „Пешо“, „Панталеј“, „Панајот“, „ Бај Панајот“, „стариот Бугарин“ во југословенската историографија, а во македонската историографија како „Шарло“ и „Митре“.

[106] Ристо Шуплиновски, *Шарло (монографски прикази и полемики)*, ракопис, 59.

политичката елита во Москва.[107] Бил респектиран партиски член и човек од доверба. Затоа успевал, на многу македонски револуционери во тие тешки времиња да им се најде при помош.[108]

Но едно не смее да се заборави, дека периодот кога Шаторов ги извршува задачите во Коминтерната е еден исклучително тежок период не само политички туку и во однос на опстанокот и егзистенцијата во Москва. Во тоа време Коминтерната е немилосрдна во чистките и егзекуциите на многу политички фигури кои во неразјаснете околности исчезнуваат. Наоѓајќи се на високи позиции и извршувајќи најразлични задачи од кои несомнено некои биле поврзани и со набљудување и следење на партиски кадри како и задачи со чисто разузнувачки карактер, Методија Шаторов имал и свои непријатели. Во таа смисла во документацијата познат е случајот кога во јануари 1937 година Шаторов се обраќа до претставништвото на ЦК на БКП со барање да се преиспита неговата партиска активност поради обвинувањата од другарот Иванов. Во образложението Шаторов бара да биде испрашан „за целата моја мината и идна дејност". Истакнува дека тој во партијата е 17 години и дека неговата биографија им е позната и ја имаат „написмено". Потенцира дека „тоа што сум го вршел со својата преданост, верност и активност во Партијата и во революционерното движење, како надвор така и кога сум бил во рацете на класниот непријател – сметам дека било мој долг на комунист, исто како што би требало да се држи секој партиски член. Јас немав личен живот во тие седумнаесет години. Дури и кога бев на смртна постела, им помагав на послабите другари од мене. Јас сум готов во секој момент

---

[107] Во тоа време хотелот „Лукс" важел за ексклузивно место на комунистичката елита од сите земји во светот. Во сеќавањата на Цола Драгојчева може да се забележи дека во хотелот биле сместени бугарските раководители од ЗБ, понатаму сестрите Благоеви, ќерки на Димитар Благоев еден од столжерите и основачите на БКП, со кои Драгојчева имала близок однос, од кои посебно интересна е Стела Благоева која била задолжена за решавањето на кадровските прашања во комунистичките секции. Во интерес на темата е податокот дека пристигнувањето на Методија Шаторов во 1939 година во Македонија се поврзува со името на Стела Благоева која имала увид во распоредот и упатувањето на револуционерите и раководителите во рамките на комунистичките секции на Коминтерната.

[108] Во разговорите што на неколкупати ги водевме со Перо Ивановски, во однос на престојот на Методија Шаторов во Москва, интересно е кажувањето на Ивановски, дека за време на неговиот работен ангажман во хотелот „Лукс", Шаторов успева преку свои контакти и влијание да ја смести фамилијата на Димитар Влахов, сопругата и синот Густав со снаата Илзе. Густав Д. Влахов, *„На пресвртница"* како ја видов и доживеав 1948, ( Скопје: НИО „ Студентски збор", 1990), 21.

Во тие тешки денови за фамилијата Влахови, во време кога Д. Влахов не котирал високо и неговите политички позиции во Москва не биле баш завидни, Методија Шаторов успева да обезбеди две соби и храна што за тие услови било цело богатство. Индикативно е што своето пријателство и познанство како и помошта која им била пружена од страна на Шаторов, Димитар Влахов, никаде не ја спомнува, вклучувајќи ја и неговата автобиографија „Мемоари", ниту пак го споменува Методија Шаторов како свој познаник.

да одговорам и да поднесам и најстрога револуционерна казна не само за темните моменти од мојот живот, како член на Партијата, но и за тие пред стапувањето во неа...".[109]

Покрај Виена, Берлин и Москва, Методија Шаторов во својот политички ангажман на два пати престојува и во Франција, во Париз. Во документите за работата на Шаторов во ВМРО(Об.) се споменува дека во април 1935 година Методија Шаторов-Димо од Париз бил повикан во Бугарија за да ја „оглави организацијата".[110] Интересно е што во истиот период во Париз се наоѓа и раководниот центар на КПЈ. Имено, по преселувањето на југословенцкиот центар од Берлин во Париз, во француската престолнина се нашле скоро сите југословенски раководители како на пр. Милан Горкиќ кој во тоа време бил политички секретар на ЦК на КПЈ, Сретен Жујовиќ како организационен секретар, понатаму Родољуб Чолаковиќ член на Политбирото на ЦК на КПЈ. Во рамките на тој револуционерен центар во Париз, со отповикувањето на Милан Горкиќ и неговото политичко и физичко елиминирање, се појавува Јосип Броз идниот генерален секретар на КПЈ. Според мемоарите на Карло Штајнер, при крајот на 1935 или почетокот на 1936 година, на тајна конференија во Москва се нашле Јосип Броз, Благоје Паровиќ и Методија Шаторов.[111] Затоа денес, во недостаток на автентични документи од тој период не може со сигурност да се утврди дали познанството помеѓу Методија Шаторов и Јосип Броз потекнува од Париз или од Москва, и од кога всушност истиот датира. Но една работа е наполно јасна а тоа дека двете политички фигури имале средба неколку години пред доаѓањето на Методија Шаторов во Македонија, и неговото назначување за политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија. Уште повеќе што улогата на Методија Шаторов, во однос на Вардарска Македонија, според кажувањето на Перо Ивановски, се поврзува пред 1939 година. Според Ивановски во Коминтерната имало најава Методија Шаторов да ја

[109] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 54.

[110] Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов - Шарло (политички ставови)...,*59; Ристо Шуплиновски, цитираниот труд, 64.

[111] Според мемоарите на Карло Штајнер, при крајот на 1935 или почетокот на 1936 година, околу половина година по одржувањето на VII Конгрес на Коминтерната, на строго тајна конференија во Москва присуствувале околу триесетина избрани политички функционери од разни комунистички партии и агенти на Тајниот одел на Коминтерната подоцна преименуван во ОМС-Оддел за меѓународни врски. Покрај шефот на ОМС- Миров-Абрамов (Мирски) , Николај Јежов-подоцна министер за внатрешни работи, шефот на кадровското одделение на Коминтерната Черномордик, и други видни функционери, меѓу југословенските преставници на Конференцијата биле Штефек Цвијиќ, Јосип Броз (Валтер), Благоје Паровиќ, **Македонецот** Методија Шаторов (болдирано, С.Н.) и Карло Штајнер (Крамер) на која биле разгледани актуелните прашањата од меѓународната ситуација. Карло Штајнер, *Повратак из гулага* (Загреб: Глобус, 1989), 176.

„оглави“ македонската партиска организација неколку години порано, меѓутоа, поради новонастанатите околности со ВМРО(Об.) и подоцна со граѓанската војна во Шпанија, Шаторов од Коминтерната добил задача да ги помогне и координира доброволните единици кои од Франција заминуваат за Шпанија како учесници во војната.

Во документите се споменува дека во периодот од 1937 до 1939 година, Шаторов како член на ЗБ на ЦК БКП, бил претседател на Бугарскиот комитет за помош на шпанскиот народ со седиште во Париз.[112] Задачите на Комитетот биле „да развива политичка дејност во корист на републиканска Шпанија; да му укажува материјална и морална помош на шпанскиот народ и да им помага на бугарските семејства што имаат потреба тука и во Бугарија“. Такви национални комитети постоеле за сите емигранти во Франција и биле обединети во еден Интернационален комитет со седиште во Париз. Комитетот се грижел за болните, ранетите и инвалидите. Меѓутоа од неговите писма и извештаи, испраќани во СССР и БКП, се насетува дека Методија Шаторов таму врши и помалку суптилна, разузнавачка активност и будно го следи однесувањето и политичката дејност на одредени партиски лица или интересни личности за партијата.[113]

Меѓутоа, новата воено-политичка состојба, започнувањето на Втората светска војна на 1 септември 1939 година со нападот на Полска, означува и нов момент во животот на Методија Шаторов. Француската влада станува негостопримлива и нерасположена кон емигрантите со сомнителна прогресивно-комунистичка дејност и под

---

[112] Методија Шаторов во февруари 1937 година, испратен од БКП, заминува во Париз со задача да го раководи партискиот пункт. Поради промената на политиката на Француската комунистичка партија (ФКП) кон емигрантските комунистички организации, кои според неа требало да се распуштат, членувањето им било дозволено само при ФКП. Шаторов ја преземал и таа должност па ја реорганизирал бугарската група во Париз која броела 27 души. Воспоставил врски и контакти и со БЗНС, непартиските организации и анархисти. Исто така биле воспоставени врски и со просветното друштво „Дружба“ и била организирана акција за собирање на парични средства за помош на шпанските социјалисти. Во мај 1937 година во Париз била организира средба помнеѓу лидерите на БЗНС – „Врапча“ Д. Гичев и раководството на БКП. Организатор на средбата бил Шаторов. На средбата на која присуствувал и Станке Димитров, како претставник од БКП на 12 јули станало збор и за организарање против политиката на Борис III. Освен врските коишто ги одржувал со пунктовите во Прага, Софија и Москва, Шаторов го уредува и префрлувањето на интербригадистите. При тоа ги подржува врските на ЦК со ФКП, со Димо Дичев, претставник на БКП во ЦК на шпанската КП, со С`би Димитров (В. Михаjлов), претставник на БКП во интербригадите во градот Албасате. По партиска задача патувал и во Шпанија. Зема учество и во издавањето на печетени материјали, а во летото 1937 година поради провала во пунктот во Прага ја презема и таа работа. Веќе во ноември 1939 година, Шарло ја напушта Франција и заминува за Прилеп. Последното писмо од Париз му е со датум од 19 октомври 1939 година. Во Париз била и неговата жена Марија Петрова со која има ќерка, Кремена. И неколку месечната Кремена заедно со мајка ѝ, Марија, во истото време ја напуштаат Франција и Париз и заминуваат за Софија. *Убийството на Методи Шаторов* (София: 2005) 7,8. (Понатаму: Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов*)

[113] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали....73.

притисок на неа Шаторов се наоѓа во збирот на револуционерите кои треба да ја напушти Франција. Оттаму со еден респективно голем политички багаж, како идеолошко и политички изграден интернационален револуционер и комунист, со големо практично искуство како творец и следбеник на чиста македонска линија, Методија Шаторов при крајот на 1939 година пристигнува во Македонија.

# ВТОРА ГЛАВА

## МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО - ПОЛИТИЧКИ СЕКРЕТАР НА ПК НА КПЈ ЗА МАКЕДОНИЈА ДО АПРИЛ 1941 ГОДИНА

## 2.1 ПК КПЈ за Македонија и Комунистичката партија на Југославија до доаѓањето на Методија Шаторов

Вардарска Македонија во рамките на новоформираното кралство на почетокот била именувана како „Нови јужни краишта“, а подоцна била преименувана во „Јужна Србија“, додека пак Македонците биле нарекувани „јужни Срби“. Веднаш по формирањето на новата држава, српската власт извршила административно-територијална поделба и вовела воено-полициски режим за спроведување на нејзините интереси.[114] На територијата која ја сметале за „историски“ своја биле забранети македонскиот јазик икултура, презимињата ја добиле наставката „иќ“, а секаков обид за македонско изјаснување бил казнуван. Општо земено, во Кралството СХС/Југославија, Вардарскиот дел од Македонија имал колонијален статус, непризнат национален идентитет, режимска политика на прогонување и етничко чистење, и континуирана асимилација и денационализација на македонскиот народ.

Од друга страна, победата на пролетерската револуција во Русија и нејзиното постоење како моќен субјект на меѓународната сцена, декларирањетопротив експлоатацијата и националното угнетување, нараснатата антивоена свест, штрајковите, востанијата и другите форми на револуционерен отпор, како и изневерените очекувања за рамноправност на сите народи воновата државна заедница- Кралството на СХС/Југославија, биле причини за барањето на нови форми и облици на политичкоорганизирање и делување на работничката класа. Како резултат на прогресивниот бран кој ги зафаќа прогресивните и работничките средини во Кралството, по консолидирањето на редовите на левите фракции и сили, во декември 1918 година доаѓа до иницијатива за обединување на југословенскиот пролетеријат, а во пролетта 1919 година, и до основачко собрание на СРПЈ(к).[115]

---

[114] За време на Кралството СХС/ Југославијаво Вардарска Македонија бил стациониран силен воено-полициски апарат со околу 17.500-20.000 жандарми. Љупчо Арсов, „Создавањето и развојот на Комунистичката партијана Македонија“, *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија*, Материјали од Научниот собир одржан 1, 2 и 3 ноември 1979 г., Прва книга, (Скопје: ООЗТ Комунист-Скопје, 1980), 29.

[115] Од 20 до 23 април 1919 година во Белград, во присуство на 432 делегати од цела Југославија, со исклучок на Словенија, бил одржан Конгресот на обединување на кој била формирана Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти)-СРПЈ (к) *Хронологија радничког покрета и СКЈ 1919-1979*, Том I, 1919-1941, (Београд: Народна књига ИСИ, 1980), 70.(Понатаму: *Хронологија радничког покрета и СКЈ 1919-1979*).

Во политичкиот живот во Вардарскиот дел на Македонија не постоела легална, македонска политичка партија. Политичката структура во Вардарска Македонија во периодот на владеењето на Кралството СХС, ја сочинувале српските граѓански политички партии, Радикалната, Демократската, Републиканска, Земјоделската партија и организацијата на муслиманите „Џемиет". Оваа политичка структура била така поставена, што целосно била контролирана и ставена во функција на великосрпските интереси.[116]

Несомнено дека по војната, под влијание на регионалните текови и во Македонија се засилило работничкото движење и се почувствувало одредено раздвижување на македонските социјалисти и прогресивни структури. Била забележана политичка активност од страна на прогресивни лица и интелигенцијата во градовите Скопје, Велес и Битола што довело до обновување наскопската организација, а дваесетина претставници од македонските социјалистичките организации зеле учество на Конгресот на обединување на СРПЈ(к) во Белград.[117]

Веќе по наредниот Конгрес, познат како Вуковарски конгрес одржан во јуни 1920 година Партијата нараснува на 65.000 члена, а комунистичката струја постигнува идеолошка доминација и го одбележувасвојот понатамошен пат.[118]

Во Македонија, партиските активисти по Вуковарскиот конгрес биле поставени пред решавање на актуелните проблеми поврзани со спроведувањето на општинските и парламентарните избори. На Првата обласна конференција во јануари 1920 година било донесено решение за активно вклучување во изборната трка за добивање на мандати. Меѓутоа, насочувањето на предизборните активности и ориентацијата на Партијата за дејствување исклучиво во градските средини, му дала елитистички предзнак на движењето, реално не согледувајќи го потенцијалот на селото. Ова е еден од главните

[116] Д-р Надежда Цветковска, *Политичките партии во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија (1919-1929),*(Скопје : ИНИ, 2004), 28-33.

[117] По Конгресот на обединување,во Македонија настапил период на обновување на партиските организации и во другите градови. Во јануари 1920 година во Скопје била одржана Првата обласна партиска конференција на СРПЈ(к) за Македонија. На Конференцијата бил избран Покраински партиски секретаријат за Македонија и Стара Србија со седиште во Скопје. На конференцијата бил обновен и партискиот орган „Социјалистичка зора". Историја на македонскиот народ, книга III,Скопје ,1969, 16; Милутин Фолиќ, „Весникот 'Социјалистичка зора' и врските на КПЈ во Македонија и на Косово и Метохија 1919-1921", *Основање и развојот на Комунистичката партија на Македонија,...*, 356.

[118] На Вториот конгрес на СРПЈ(к) одржан од 20-24 јуни 1920 година во Вуковар, во присуство на 374 делегати била донесена и прифатена програмата во која биле изложени идејно-политичките основи и цели на Партијата. На Конгресот, Партијата се преименувала од СРПЈ(к) во КПЈ. *Хронологија радничког покрета и СКЈ 1919-1979...*, 94.

пропусти на младата комунистичка организација во Македонија. Несомнено, слабата партиска мрежа во селата, незаинтересираноста и слабиот кадровски капацитет во овие средини кој би ја ширел комунистичката мисла, немањето став по однос на националното прашање, дејствувањето по автоматизам од насоките на централното партиско раководство и несогледувајќи ја вистинската моќност на селскиот елемент во претстојните избори како гласачко тело, биле грешките на Партијата што значело пропуштена шанса за артикулирање на комунистичката револуционерна идеологија и нејзино прифаќање во селските средини.[119]

И покрај силната репресија која ја вршела власта, резултатот од општинските избори одржани во август 1920 година претставувал морална победа на работничкото движење, а во градовите Велес, Куманово и Кавадарци и фактичка победа на Комунистичката партија на изборите.[120]

Парламентарните избори за Конституантата се одржале на 28 ноември 1920 година. Текот на изборите бил под силен надзор и притисок на воените команди, властите и началниците на окрузите. И покрај тоа, податоците кои пристигнале од избирачките места за првите парламентарните избори во Кралството СХС го заокружиле почетниот изборен резултат и недвосмислено го покажале успехот и гласачкото расположение на населението кон КП во сите окрузи во Вардарска Македонија.[121] Сепак, успехот на општинските, а подоцна и на парламентарните избори било оправдување за акциите и репресијата што великосрпскиот режим ги презел врз македонското население. Под изговорот дека бугарската автономистичка пропаганда работи со помош на комунистите и

---

[119] Исто таму, 110.

[120] *Историја на македонскиот народ,* книга III..., 9; д-р Иван Катарџиев, *КПЈ во Македонија до Обзнаната*, (Скопје: Култура , 1961), 123.

[121] Изборните резултати што ги постигнала КПЈ во Македонија на парламентарините избори за Конституантата претставувало политичко изненадување. Според анализите на режимскиот печат се нагласувале два моменти: едниот дека во нив дошло до израз националното расположение на македонските гласачи, а вториот дека тоа било резултат на бугарската пропаганда. Како аргумент за ова ги наведувале сугестиите на Тодор Александров до избирачите, доколку немаат можност да гласаат за месни луѓе членови на ВМРО, тогаш да гласаат за кандидатите на Комунистичката партија. „*Историја на македонскиот народ*",том четврти..., 148-149.

Во интерес на оваа анализа би го спомeнале „Окружното писмо" на Тодор Александров со задачи и препораки од 28 јуни 1920 година „До членовите на ВМРО во Македонија и нејзините истомисленици зад границата" во кое вели „...3. Ако српската шовинистичка власт попречи, и не дозволи да се изберат за пратеници месни водачи, сите избирачи да го дадат својот глас за комунистите, под услов тие да прифатат во прво време да се борат за федеративно управување и за применување на договорот за малцинствата...". Подготвил: Цане Ѓорѓиевски http://www.angelfire.com/super2/vmro-istorija/Dokument/okruzno920.html

нивните приврзаници за да изберат свои претставници во парламентот тврделе дека „јавна тајна е оти под маската на комунизмот се криел чист бугаризам“.[122] Ваквите соопштенија биле одличен параван зад кој се криел бруталниот големосрпски национализам и оправдување за формирањето на паравоени чети наречени „летачки агитациони банди“ кои пустошеле во Македонија.[123]

По одржаните парламентарни избори за Конституантата ипостигнатиот успех на Комунистичката партија, опасноста од нејзината моќ станала реалност која не им одела во прилог на великосрпските интереси. Белградската управувачка елита соочена со незадоволството на народните маси и алармирана од резултатот на парламентарните избори, ги искористила настаните поврзани со револуционерните бранувања и штрајкот на рударите во Тузланскиот рударски басен,[124] под изговор дека КПЈ организира преврат и на 29/30 декември ја објавува Обзнаната[125] за забрана на комунистичката дејност.

Веднаш потоа следеле масовни апсења на комунистите, растурање на партиските и синдикалните организации, забрана на нивниот печат и конфискување на архивите и паричните средства. Мерките преземени од страна на власта биле насочени кон разбивање и целосна елиминација на комунистичката организација.[126]

Слабостите во Партијата, предизвикани од фракционерската борба, недоволно јасниот став по однос на нерешеното национално прашање како и аграрната реформа, битно придонеле за конфузност во нејзините редови и нејзина некохерентност. Во услови на парламентарна наивност и политичка незрелост, од Конгресот на обединувањето до Обзнаната, Партијата не успеала да ја организира и да ја поведе работничката класа во револуционерен преврат и борба,иако тогаш, под влијание на внатрешните и надворешните фактори постоела солидна критична маса кај работничката класа и можност за преземање на револуционерни акции од поширок карактер.Таа го испуштила

---

[122] „*Историја на македонскиот народ*“,том четврти..., 150.

[123] Исто таму.

[124] На 21 декември рударите од Босна и Херцеговина започнуваат генерален штрајк со барање за покачување на платите. Владата барајќи начин, да ја стави под своја контрола секоја револуционерна активност и да го зацврсти новоформираниот владејачки систем, штрајкот го користи како непосреден повод за донесување на Обзнаната. *Хронологија радничког покрета и СКЈ 1919-1979*, 106.

[125] Обзнана- административен акт, проглас со нагласено значење на наредба, директива, декрет по кој мора да се постапи, во спротивност се подразбира преземање на санкции. Со овој Декрет на владата-Обзнана одземени им се демократските права на граѓаните во „нужна одбрана на државата“ и се забранува комунистичката организација,печатот и нивната активност.

[126] Перо Морача, *Комунисти Југославије 1919-1969*, (Београд: НИП Младост, 1969), 37.

историскиот момент за кревање на револуција и се определила за мирна парламентарна борба, наивно верувајќи дека ќе успее даја истисне владејачката класа од раководните позициите во државата, користејќи мирни легални средства и префрлувајќи го тежиштето на борбата против Обзнаната во Уставотворното собрание. На тој начин Партијата преминува во дефанзива, што предизвикало губење на почетниот револуционерен импулс, пасивизирање на членството и делумен распад на организацијата.[127]

Нов и конечен удар од страна на режимот, дошол по изгласувањето на Видовденскиот устав[128] и донесувањето на Законот за заштита на државата[129] со кој Комунистичката партија се прогласува за непријателска и терористичка, насочена против постоечкиот систем и најстрого се забранува нејзината активност. Со донесувањето на Обзнаната, Видовденскиот устав и Законот за заштита на државата завршува периодот на легално работење на Комунистичката партија[130] и започнува период на дејствување во нелегални услови.

### 2.1.1 КПЈ во илегала

И покрај бледите обидите за консолидирање и реафирмирање на партиските редови, преку формирањето на Независната работничка партија на Југославија –НРПЈ[131]

---

[127] Исто таму, 36.

[128] На 28 јуни 1921 година, бил изгласан Видовденскиот устав. Усвојувањето на Уставот било проследено со длабока поделеност помеѓу парламентарните партии и бојкот од страна на пратениците на КПЈ. Не задоволувајќи ги нивните барања за укинување на репресивните мерки против револуционерното работничко движење во прв ред укинување на Обзнаната, комунистичките пратеници на 11 јуни го бојкотираат и напуштаат Собранието. *Хронологија радничког покрета и СКЈ 1919-1979*, 113.

[129] На 2 август 1921 година, Собранието на Кралството СХС, на вонредна седница го донесува „Законот за заштита на јавната безбедност и поредокот во државата". Донесувањето на Законот следува по атентатите извршени од страна на комунистички ориентирани младинци врз регентот Александар и министерот М. Драшковиќ.

Со чл.18.од овој Закон, Комунистичката партија фактички била ставена надвор од законот и целосно била забранета нејзината активност. На комунистите им било забрането вршење на јавна функција, биле поништени мандатите на пратениците од редовите на КП и исфрлени од Собранието, а нејзиниот раководен кадар бил изведен пред суд и затворен. Исто таму.

[130] Легалното дејствување на КПЈ го опфаќа периодот од нејзиното формирање на основачкиот конгрес на СРПЈ(к) во април 1919 па с до август 1921 г. кога е донесен Законот за заштита на Државата. Од 1921 г. започнуваперион на дејствување на Партијата во нелегалност.Во годините што ќе следат Партијата, ќе помине неколку фази на политичка,фракционерска борба која значително ќе ја ослабне позицијата на Комунистичката партија во редовите на работничкото движење.

[131] Независната работничка партија на Југославија-НРПЈ е формирана е 1923 година и преку неа КПЈ барала легални форми за дејствување меѓу широките работнички маси.Перо Морача, *цитираниот труд*, 45.

периодот до шестојануарската диктатура,[132] Партијата ќе го помине во знакот на внатрепартиски судири и фракционерска борба. Во мултинационална заедница, каква што била Кралска Југославија [133] едно од особено важните и болни прашања со кои КПЈ се соочила уште од самото нејзино формирање е националното прашање и начинот на неговото решавање, особено македонското. Српскиот национализам и доминација изразен не само во режимските партии туку присутен и во КПЈ не признавала постоење на македонска нација. Во третата декада на XX век с□ уште бил активен ставот на српскиот политички естаблишмент дека македонското национално револуционерно движење и ВМРО се појавува под фи(о)рмата на Бугарија и под бугарско лого и секој обид на македонскиот народ за афирмирање на сопствените права, се идентификувал и поврзувал со желбата за автономија како почетна етапа во процесот на отцепување и приклучување кон Бугарија.

Следејќи го ставот на Балканската комунистичката федерација (БКФ) наметнат од тогаш доминантната Бугарска комунистичка партија (БКП) дека македонското прашање треба да се третира во доменот на социјално-политичката сфера без притоа да се артикулира главниот проблем посебноста на македонската нација, за што секако ниту една од балканските партии немала интерес, и дискусијата на КПЈ во однос на правата на Македонците се движела во доменот на социјалниот аспект. За македонскиот народ кој живеел на просторот на Вардарскиот дел од Македонија останала определбата дека е аморфна маса без дефинирани посебни национални обележја, мешавина од останатите балкански народи.[134]

Тргнувајќи од една хронолошка анализа, за почеток во решавањето на националното прашање се зема одржувањето на Шестата конференција на Балканската комунистичка федерација одржана во Берлин во почетокот на декември 1923 година на

[132] На 6 јануари 1929 година бил објавен Прогласот на крал Александар со кој се најавила кралската диктатура. Бил укинат Уставот, било распуштено Народното собрание и забранета работата на политичките партии. Целата власт - законодавна, извршна и судска - се нашла во рацете на монархот.

[133] Според податоците во извештајот на Дмитриј Мануилски реферирани на дваесетата седница на Петтиот конгрес на Комунистичката интернационала одржан на 30 јуни 1924 година се истакнува дека во Југославија живеат 11 850 000 жители од кои околу 5 милиони Срби или 42,2%, 2 800 000, Хрвати или 23,7%, 950 000 Словенци или 8%, 600 000 муслимански Србо-Хрвати или 6,3%, 650 000 Македонци или 5%, 500 000 Маџири 4% и 650 000 припадници на разни националности, што претставува типичен пример за „национална држава". „*Комунистичка интернационала*", Стенограми и документи конгреса, књига 6, (Горњи Милановац: ИМРП, Културни центар, ЈУР „ Привредна књига", 1982), 535.

[134] „*Историја на македонскиот народ*",том четврти..., 350-351.

која била донесена Резолуција „Иднината на Македонија и Тракија“.[135] На Третата земска конференција на КПЈ одржана од 1-4 јануари 1924 година била усвоена „Резолуција за македонското и тракиското прашање“ која со мали измини ја пресликува содржината од претходно донесената резолуција.[136] Резолуцијата и покрај тоа што преставува формална парола-лозунг на Комунистичката Интернационала со која на обесправените народи им се гарантира правото на самоопределување до отцепување, таа програмски и акционо не го имплементира во себе и практичното нејзино реализирање „како“ и „на кој начин“ обесправените народи ќе успеат „правото на самоопределување до отцепување“ и реално да го реализираат во една обединета Балканска федерација, а во однос на Македонија и прашањето „кој“ ќе биде националниот субјект кој ќе го понесе и националниот суверенитет, ако преовладувало мислењето дека во Вардарскиот дел на Македонија постои измешана национална структура од сите балкански народи без доминантен национален субјект, или како што е нагласено во Резолуцијата: „Сите народности кои владеат во соседните земји се застапени во Македонија, но во таква сразмерност што ниедна нема апсолутно мнозинство“.[137] Во тој период, во однос на афирмирањето и актуелизирањето на правата на македонскиот народ, КПЈ ќе застане зад објавување на брошурата на Коста Новаковиќ „Македонија на Македонците! Земјата на земјоделците!“ како легално издание на НРПЈ.[138] Во Македонија, брошурата наишла на големо прифаќање и одобрување, иако во неа не се третирало решавањето на националното прашање, сепак во дадените општествено-политички услови тоа е чекор напред во однос на правата на Македонците. Може да се заклучи дека и покрај бледите заложби на КПЈ да

---

[135] Види белешка 53.

[136] *Документи и материјали 1921-1941*, том I, книга 2, Извори на историјата на СКМ..., 98-102.

[137] Македонските комунисти во Вардарскиот дел на Македонија не останеле рамнодушни на ваквото третирање на македонскиот народ од страна на повисоките форуми, БКФ и КПЈ. На состанокот одржан во Скопје по враќањето на делегатите Тодор Зографски и Антоние Грубишиќ, кои присуствувале на Третата земска конференција на КПЈ, и по запознавањето на членството со ставовите од Резолуцијата, била водена дискусија по однос на ова прашање. Интересен е податокот дека повеќето од членовите не останале пасивни туку се вклучиле во расправата и прашувале зошто не било потенцирано на Конференцијата дека ако се исклучат Турците (кои немаат соседна држава) мнозинството од населението во Вардарскиот дел на Македонија го имаат Македонците. Општ е заклучокот дека во 1924 година македонското национално идентификување и националното чувство минувалениз своите еволутивни фази, с[illegible] уште било ранливо и оптоварено со рецидивите на соседните пропаганди, но со с[illegible] појасна визија за патот до конечното издиференцирање на македонската национална свест. Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, *КПЈ и ВМРО(обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930*, ( Скопје: Институт за национална историја, 1974), 99-102; *Документи и материјали 1921-1941*, том I, книга 2, Извори на историјата на СКМ..., 98.

[138] Исто, 119.

се добилижи до македонските обесправени маси, во овој период партијата не успева да го согледа главниот проблем на македонскиот народ, борбата за нејзиното национално идентификување и национално револуционерното движење да го апсорбира и искористи во сопствените редови.[139]

Неуспевајќи да даде реално и прифатливо решение по однос на најгорливите прашања, националното и аграрното, Партијата, потпирајќи се единствено на својата класна идеологија, долго време ќе остане изолирана од македонските обесправени маси. Силниот притисок од режимотирешавањето на внатрешните конфликти дополнително ќе ја слабеат паббројот на членството и нејзината улога во широкиот фронт на работничката класа рапидно ќе се намалува и покрај засилените општествено-класни противречностиво Кралството СХС и продлабочувањето на политичката криза во државата.

Состојбата во КПЈ за Македонија во периодот пред шестојануарската диктатура и по неа се одликува со слаба партискаактивност. Изолирани и повремени политички акции имало во неколку поголеми градови во Вардарска Македонија каде што се споменуваати повремено функционираат месни комитети,а воостанатите местапостоеле поединечни врски и контакти со поединци, сепак далеку од организирана форма на партиско-политичко дејствување.[140] И покрај обидите за реафирмирање и консолидирање на

[139] Во однос на македонското национал-револуционерно и ослободително движење, особено во почетокот КПЈ не успеала да заземе позитивен став и не покажала заинтересираност истото да го апсорбира во своите редови и покрај заложбата на Коминтерната во тој период сите национални движења да ги придобие и стави во интерес на вториот револуционерен бран за кој се претпоставувало дека наскоро ќе следи а иницијативата ќе започне токму од Балканот. И покрај тоа што Коминтерната го поттикнала и го одобрила обединувањето на расцепканото македонско револуционерно ткиво на балканскиот простор, КПЈ имала силна апатија во прифаќањето на ВМРО во сопствените редови и застапила дури и идеја за формирање на „селанска организација" која ќе биде носител на движењето секако под капата и контрола на КПЈ. *„Историја на македонскиот народ"*,том четврти..., 351.

Ова всушност ја покажува слабоста и отпорот на КПЈ, која долго време ќе го има кон македонското национално движење што носело ознака ВМРО. Ваквиот став КПЈ ќе го застапува и кон ВМРО(Об.) и покрај нејзината македонска линија и комунистистички карактер подржуван од страна на БКФ и Коминтерната, и обидот да се неутрализира неговото влијание во македонските средини, сметајќи го за пробугарско и недоволно сигурно истото да застане зад заеднички југословенски позиции.

[140] Во своите извештаи за периодот од август 1927 година до февруари 1928 година обласниот секретар на ОК на КПЈ за Македонија, Милан Мијалковиќ дава слика за состојбата во партијата за која вели: „...Освен во Куманово никаде немаше партиска организација. Постоеја само личности од кои некои во Скопје, Штип и Велес беа активисти исклучително во ВМРО (се однесува на ВМРО обединета м.б.)...". За ваквата состојба обласниот секретар причините ги наоѓа во социјалниот состав.Освен пет интелектуалци, сите останати биле ситни сопственици, а мнозинството биле сиромашни членови кои живеат по правилото: ден и комад. *Документи и материјали 1921-1941,* том I, книга 2, Извори на историјата на СКМ..., 183/184.

Партијата во Вардарска Македонија, поради низа причини сепак до тоа не доаѓа.[141] Според извештајот на Кочо Рацин, делегат на Четвртиот конгрес на КПЈ одржан во јуни 1928 година во Дрезден, во анализираниот период се отсликувала следната состојба:во Македонија постоеле само четири месни комитети и тоа во Велес, Куманово, Штип и Прилеп. СКОЈ постоел само во Куманово и Велес. Партиската организација во тоа време имала вкупно 37 члена, а скоевската организација 44 члена,што значи вкупно 81 член на целата територија.[142]

Во јули 1929 година биле затворени група комунисти од Куманово, меѓу кои и дотогашниот секретар на ПК на КПЈ за Македонија, Милан Мијалковиќ, а веднаш потоа и 30-тина активисти во Велес.[143] По овој удар, кревкото партиско раководство разбиено од претходните години наполно престанало да работи. Провали настанале и во другите револуционерни организации. Со партиската провала бил опфатен и ПК на СКОЈ за Македонија по што и тој останува без раководство и е разбиен. По ваквата ситуација, до 1932 година членството во КП ќе се сведе само на10 - 15 души, а партиската организација во Македонија останува без раководство, загубена врска со Централниот партиски комитет и меѓу самите партиски ограноци.[144]

---

[141] Слабата активност на партиската организација во Македонијасе должи, покрај репресијата од страна на владеачкиот режим, кој бил исклучиво силен во овој дел од Кралството Југославија, и на внатрепартиски фактори, меѓу кои може да ги истакнеме следните: 1.Непостоењето на комунистички образовани кадри кои би го претставувале политичкото јадро околу кое ќе се собере работничкиот елемент во Македонија со што ќе се пополнат редовите на Партијата и истите ќе прераснат во организирана политичка сила; 2. Појавата на фракционерство во редовите на раководството и нереалниот став на раководни поединци за пополнување на редовите во Партијата со болшевички чисти револуционери во услови кога во Вардарскиот дел од Македонија немало издиференцирано ниту работничка класа ниту свест за нејзината улога и сила. Во такви услови очекувањата за пополнување на редовите на Партијата исклучиво со прекалени револуционери-болшевици би ја намалиле и онака малата бројност на Партијата и би ја свеле на 10-тина членови; 3.Честата промена на раководниот кадар и префрлување на седиштето на раководството од еден во друг град дополнително ја слабеело Организацијата и нејзината политичка стабилност; 4.Слабата комуникација со централното раководство на КПЈ и поединечните, но често неуспешни обиди за испраќање на инструктори кои би дале насоки и помош во обидите за консолидирање на Партијата во В.Македонија со што во целост била игнорирана и маргинализирана улогата на македонската партиска организација. Ваквата состојба во В.Македонија е констатирана и критикувана на Третиот конгрес на КПЈ одржан во јуни 1926 г. на кој се дадени насоки за надминување на "идеолошката криза". Д-р Иван Катарџиев, *Време на зреење,* Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930), книга II, ( Скопје: Култура, 1977), 146-160.

[142] Исто, 162.

[143] Славка Фиданова, „КПЈ во Македонија во времето од 1929 година до Априлската војна“,*Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија*, ..., 93-94 ; д-р Иван Катарџиев, Време на зреење..., 164.

[144] Славка Фиданова, *цитираниот труд*, 93-94.

Провалата која ги зафаќа партиските организации во Македонија во август 1929 година ја зафаќа и се проширува и во организациите на ВМРО(Об.) која изминатите години во Вардарскиот дел од Македонија покажале успешна револуционерна активност. До неа доаѓа поради фактот што уапсените членови од ВМРО(Об.) биле членови и активисти на КПЈ за Македонија.

### 2.1.2 КПЈ и ВМРО(Об.) во Вардарска Македонија

Тргнувајќи од претпоставката дека вториот револуционерен бран во Европа ќе започне токму од Балканските земји, а Македонија со нејзините национално-револуционерни сили ќе биде носител на почетниот импулс, Коминтерната во 1923/24 година прави напори за обединување на македонските револуционерни организации без разлика на која фракција и на чие лоби припаѓаат.[145]

И покрај неуспешниот обид за обединување на силите на македонското национално революционерно движење и за создавање на општ револуционерен фронт под заедничката платформа на „Мајскиот манифест",[146] Коминтерната и БКФ, односно Георги Димитров не се откажува од првичната замисла и повторно прави обид за реорганизирање на револуционерните крила во една нова обединета ВМРО под заедничко македонско лого. Во таа смисла „Мајскиот манифест", не се напушта, напротив се зема како идејно политичка основа за обединување на македонското револуционерно движење и формирање на ВМРО(Об.).[147]

Со сигурност може да се каже дека ВМРО(Об.) свои групи и организации, најнапред формирала во Вардарскиот дел од Македонија. Причината секако се распознава во обидот за организирање и борба против потисничката политика, асимилацијата и денационализацијата која српскиот хегемонистички и национално-експанзионистички режим го спроведувал врз македонскиот народ во Кралството на СХС.[148]

---

[145] Димитар Влахов, *Мемоари*..., 217-242; „*Историја на македонскиот народ*",том четврти..., 327.

[146] За ова повеќе кај Димитар Влахов, *цитираниот труд*, 217-250; „*Историја на македонскиот народ*",том четврти..., 327; Ленина Жила, *Виенска „Слапица"*..., 306-320.

[147] Види белешка 48.

[148] Покрај организираното спротивставување од страна на ВМРО кон владеачкиот режим, друга организирана сила која во првите десет години од создавањето на Кралството СХС, застанала да ги брани и штити интересите на потиснатите народи во Кралството СХС/Југославија секако била КПЈ. Но, во дадениот период КПЈ се наоѓала под силна фракционерска борба и нејзината улога на политичката сцена била во голема мера ослабувана и неутрализирана од неусогласени ставови и немањето на единствена линија по однос на решавањето на националното прашање што била можеби примарна причина, истата да не успее да

Карактеристично е што првите обиди за формирање на организации врз основите на Мајскиот манифест во Вардарскиот дел на Македонија биле уште летото 1924 година од страна на Ризо Ризов.[149] Овие организирани групи и форми подоцна биле основата од кои ќе биде формирана ВМРО(Об.) за Вардарскиот дел на Македонија.[150]

---

се наметне кај македонските обесправени маси како своја доминантна политичка определа и опција. Затоа обесправените маси во Вардарскиот дел на Македонија понесени од својот револт, ќе побараат нови форми за револуционерно организирање и истите ќе ги пронајдат во организациите на ВМРО(Об.). Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета),* 88.

[149] По средбата со Тодор Паница во Велес, во јуни 1924 година, Ризо Ризов детално бил информиран за случувањата во Виена и постигнатата спогодба меѓу членовите на ЦК на ВМРО Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев и од друга страна, Димитар Влахов и претставниците на федералистичкото крило на Тодор Паница и Филип Атанасов. Дознава и за прекинувањето на дотогашните несогласувања и судири и обединување на македонското револуционерно движење во широк, обединет револуционерен фронт. За таа цел, на Ризов му биле дадени насоки да се ангажира во формирањето на групи и организации во Вардарскиот дел од Македонија, укажувајќи му при тоа дека иницијативата има широка поддршка од страна на БКФ и советската дипломатија кои од своја страна ќе извршат притисок врз балканските комунистички партии, да му дадат целосна поддршка на обединувањето, односно на идната ВМРО Обединета. По разговорите, Ризо Ризов свикал состанок со местниот комитет на КП на Велес и ја образложил иницијативата за формирање на Обединета која ќе го застапува и брани основниот принцип за формирање на „ независна обединета Македонија во рамките на Блаканска федерација". При тоа Ризов го истакнал своето мислење дека без полната поддршка на КП и нејзините организации во Вардарскиот дел од Македонија, не можеле да очекуваат успех во делувањето на Обединета. По долга дискусија, меѓу присутните членови се издвоил со свое мислење Тодор Шоптрајанов, кој во тоа време бил покраински секретар на СКОЈ за Македонија, истакнувајќи дека не се согласува партиската организација да ја формира Обединетата. Сепак, бил формиран Иницијативен одбор на ВМРО(Об.) во кој покрај Ризо Ризов влегувале: Панко Брашнаров, Дончо Мирчески, Тодор Зографски и Јовче Ципунов. Но, проблемот со изјаснувањето на КПЈ, во однос на формирањето на ВМРО(Об.), ќе се провлекува и наредната 1925 година, сѐ до пристигнувањето на официјалното писмо од Димитар Влахов кој нагласил дека ставот на БКФ е давањето на целосна поддршка на иницијативите за формирање на ВМРО(Об.) од страна на Комунистичките партии на Југославија, Грција и Бугарија. Тие самите на теренот, да се залагаат за создавање на нејзините организации во кои ќе членуваат, и да ја раководат нејзината дејност. Иако било побарано мислење и од ЦК на КПЈ, не постојат податоци кои ќе потврдат дали и како ЦК на КПЈ се произнесел по ова прашање. Според авторите Тодор Г. Зогравски и Димче А. Зогравски во книгата „ Борбено Куманово" во врска со ова прашање на стр. 250 е даден извадок од писмо на ЦК на КПЈ до Обласниот комитет за Македонија во кое стои дека не се одобрува на членовите на Партијата да влегуваат во **Б. Нац.федер.организации** (болдирано С.Н.). Авторите се задржуваат на дискутабилноста, што се подразбира под поимот **Б. организации** (болдирано С.Н.). истакнувајќи дека е нејасно на што се мисли? И уште повеќе што понатаму во писмото се препорачуваат партиски фракции, ќелии во постојните револуционерни македонски организации- автономистички и федералистички, а не се нагласени новите ВМРО(Об.) организации, нагласувајќи дека ваквиот став КПЈ го базирала врз директивите на БКП. Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, *КПЈ и ВМРО(Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930,* (Скопје: Институт за национална историја, 1974), 133-146.

Во интерес на расчистување на ова прашање поточно разјаснување на ставот на КПЈ во однос на формирањето на ВМРО(Об.) ќе го наведеме уште говорот на Методија Шаторов на Втората илегална конференција на БКП одржана во Берлин каде учествувал како делегат од Софија. Во својата дискусијата обвинил дека „Југослов[енската] Партија во Македонија дури работи со ВМРО, а не со ВМРО(Об.)", со што, според записникот од Конференцијата, Методија Шаторов предизвикал „еднодушно противење и препирање на конференцијата" бидејќи според присутните „тука другарот запаѓа во една [фрапантна] грешка. Повеќе за ова види во: *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 37.

[150] Тодор Г.Зографски и Димче А.Зографски, *цитираниот труд*, 133-146; Дечо Добринов, *ВМРО (обединета),* 89.

По одржувањето на Основачката конференција на ВМРО(Об.) во Виена, делегатот од Вардарскиот дел од Македонија Риза Ризов, кој присуствувал на основачката конференција, со писмо го известил Панко Брашнаров за деталите од Конференцијата и го задолжил да пристапи кон организирање на основачко собрание и на територијата на Вардарска Македонија и да формира Областен комитет на ВМРО(Об.).Како резултат на оваа иницијатива на 6 март 1926 година во Велес била одржана Првата конференција на ВМРО(Об.) во Вардарскиот дел на Македонија. На конференцијата во присуство на претставници од повеќе градови од Македонија, биле конкретизирани ставовите за дејствување на новата ВМРО(Об.) и разгледани најактулените прашања за организацијата. Поради недоволната комуникација меѓу КПЈ и ВМРО(Об.) и отсуството на нејзината поддршка, едно од најзначајните прашања на Конференцијата бил токму односот на КПЈ кон ВМРО (Об.) како и прашањето за начинот на комуникација и до која граница би требало да се соработува со михајловистичката ВМРО.[151]

Ваквата нејасна политика на КПЈ во Македонија продолжила и понатаму. Одредено придвижување во поглед на соработката помеѓу КПЈ и ВМРО (Об.) се почуствувала по одржувањето на Третиот конгрес на КПЈ во јуни 1926 година на која присуствувале Панко Брашнаров и Ацо Петровски. Според резолуциите прифатени на Конгресот било наложено КПЈ да формира свои фракции во национално- револуционерните организации во Македонија, но без јасен став за кои национално –револуционерни организации станува

---

[151] Врз основа на податоците со кои располага македонската историографија, нејасно е кога била одржана Првата обласна конференција на ВМРО(Об.) во Вардарскиот дел на Македонија. Според Тодор Зографски во *„КПЈ и ВМРО(Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930"* на стр. 146 се истакнува дека основачката конференција била одржана кон крајот на октомври 1925 година во Велес во куќата на Борис Ковач. Даринка Пачемска во *Внатрешна македонска револуционерна организација (обединета)* на стр. 84 наведува дека до организационо оформување доаѓа во октомври 1925 година. Додека пак според д-р Иван Катарџиев во *„Историја на македонскиот народ"*,том четврти на стр. 415 се истакнува дека Првата конференција на ВМРО(Об.) за Вардарскиот дел на Македонија била одржана на 6 март 1926 година, како што се среќава и кај авторот од бугарска провиниенција Дечо Добринов во *„ВМРО (Обединета")* на стр. 92.

Како и да е, на конференцијата покрај нагласувањето на принципите врз кои ќе се организира и работи ВМРО(Об.) едно од главните прашања кое предизвикало централно внимание и било дискутирано, бил негативниот однос на КПЈ кон ВМРО(Об.), со укажување дека е потребна промена на ваквото однесување согласно линијата на Комунистичката Интернационала. Понатаму се усвоил послободен пристап во организацијата и на десничарските структури кои во своето делување се приклонети кон ВМРО михајловистичката, но сепак, без десничарски екстремности, и во согласност со принципите на Манифестот. Тргнувајќи од ставот дека за Македонија можат да се борат сите структури без разлика каде се наоѓаат, Обединета нагласувала дека е потребно формирање на широк фронт со заеднички интерес за слободна Македонија без да се чека ослободувањето да биде услуга од било која надворешна сила па ниту на Руската унија.Според Панко Брашнаров: 'независна Македонија е дело на Македонците'. *„Историја на македонскиот народ"*,том четврти..., 416.

збор. Членовите на ВМРО (Об.) кои во поголем број биле и членови на КПЈ за Македонија се изјасниле дека тие нема да воспоствуваат контакти со ВМРО михајловистичка сметајќи ја за терористичка организација и одговорна за убиствата на голем број македонски и бугарски револуционерни дејци и како директен експонент на бугарскиот режим, туку соработката ќе се воспоставува со ВМРО(Об.) која е репрезент на националнореволуционерното движење.[152] Пројавената активност од страна на македонските револуционерни дејци не останала не забележана од страна на власта. Алармирана за засилена активност во Вардарскиот дел на Македонија започнала со првите затворања на членовите на Обединета.[153]

Наредните години и покрај жестокоста на режимот, местни ограноци на ВМРО (Об.) се формирале во повеќе градови во Вардарска Македнија. До 1927 година во трите револуционерни округа, ВМРО(Об.) го зголемила членството како резултат на засилената организациска активност.[154] Освен расположението за членување во ВМРО(Об.) во Вардарска Македонија, организацијата добила поддршка и за кратко време го проширила своето влијание и кај македонските студенти и интелигенцијата во Белград и Загреб, делувајќи преку весниците „Македонско дело" и „Балканска федерација".[155]

Меѓутоа, регионалните услови и организациите кои делувале од соседна Бугарија имале силно влијание и го отежнувале текот на дејствување на самата ВМРО (Об.). Делувањето на михајловистичката ВМРО на територијата на Вардарска Македонија ги провоцирала српските државни органи сиот бес и одмазда да го истурат врз недолжното македонското население и секој сигнал за револуционерна активност жестоко да биде казнуван и задушуван.

Сепак и покрај теророт, Обединетата во Вардарска Македонија продолжила со активностите и успеала наредната 1928 година во јануари да одржи Конференција на која

[152] Г. Зографски и Димче А. Зографски, *КПЈ и ВМРО(Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930*, 154-157.

[153] Дечо Добринов во *„ВМРО (Обединета")*, 98.

[154] И покрај силната репресија на органите на власт до крајот на 1927 г. во Вардарскиот дел на Македонија, ВМРО(Об.) засилено се развива. Организацијата се проширила во Кочани, Царево село (Делчево) а активноста се засилила во останатите градови каде што веќе функционирале местните организации на ВМРО(Об.). Според податоците во Брегалничкиот револуционерен округ организацијата располагала со 101 член, Битолскиот 54, а во Скопскиот 46. Се проценува дека во Вардарска Македонија имало над двеста активни членови. *„Историја на македонскиот народ"*, том четврти..., 416/417.

[155] Исто таму.

била разгледувана влошената ситуација предизвикана од серијата атентати врз важни личности на режимот, меѓу кои и убиството на ген. Ковачевиќ.[156]

Организацијата доживеала силен удар по Шестојануарската дикатура, кога видни членови и активисти во ВМРО(Об.) биле упасени меѓу кои и секретарот на раководството Панко Брашнаров. Од обвинетите активисти на судскиот процес одржан во јуни 1929 година во Велес биле осудени 10 члена на организацијата, што преставувало силен удар за ВМРО(Об.).[157]

По одржувањето на Првата општа конференција на ВМРО(Об.) во Берлин[158] и покрај намалена активност на ВМРО(Об.) во Вардарскиот дел на Македонија, во март 1930 година, се одржува Обласна конференција на која присуствувале делегати од осум околии. На Конференцијата биле разгледани документите и одлуките донесени на Првата општа конференција на ВМРО(Об.) одржана во Берлин, по што било избрано ново раководство а обласното раководство се преименувало во ЦК на ВМРО(Об.) за Македонија под српска власт. Меѓутоа жестокиот терор, репресивната политика на српските државни органи, прогонувањето и затворањето, како и жестоката реакција на било каква пројавена револуционерна активност, предизвикало рапидно намалување на бројот на членовите на организацијата која за една година своето членство од 200 го намалила на само 50 члена.[159]

И покрај политиката и подршката на Комунистичката интернационала, до осетно подобрување на релацијата КПЈ и ВМРО(Об.) сепак нема да дојде. Во мај 1934 година ЦК на КПЈ упатува писмо „До комунистите во Македонија“ во кое детално биле зацртани задачите на делување.[160] Но и покрај обидите на раководните структури на КПЈ, тие не успеваат да ја надминат формалната рамка на однесување и поддршка. Во текот на целото делување на ВМРО(Об.) во Вардарскиот дел на Македонија ќе постои недоверба и

[156] Исто.

[157] Дваесет и еден активист на ВМРО(Об.) биле обвинети од страна на српскиот режим. Судењето се одржало во јуни 1929 година во Велес на кое биле осудени 10 члена на организацијата. Најголема казна му била изречена на Панко Брашнаров кој бил осуден на 5 години затвор, додека пак останатите биле осудени на две години и поблаги казни. Исто, 418.

[158] Првата општа конференција на ВМРО(Об.) била одржана во Берлин, на 10 јули 1929 година, со цел да се надминат несогласувањата и поделбите во Организацијата и истата да стекне внатрешно единство и кохезија. Особено била значајна Резулуцијата за надворешната и внатрешна положба на Македонија и за задачите на ВМРО(Об.) во која се дефинирало дека „Обединета се бори за независна и обединета Македонија“ како и за „Балканска федерација на слободните народни републики на Балканот“. Исто, 396.

[159] Исто,418.

[160] Исто.

резервираност кон неа. Ова несомено е една од главните причини што ВМРО(Об.) нема да успее да се имплементира и поврзе со активноста на комунистите од Вардарска Македонија на подолга и поцврста релација. Поради ваквата политичка осаменост, а секако под налетот на режимот, Обединетата не успеала да обезбеди респективна политичка активност, заштита и опстанок на членството. И покрај главниот принцип усвоен во програмата на ВМРО(Об.) за обединување на македонските револуционерни маси без разлика на државата под чија управа се наоѓаат истите не покажале политичка зрелост да се обединат под едно револуционерно раководство кое ќе ги координира акциите во трите дела на поделена Македонија. Уште повеќе што во Вардарска Македонија во четвртата деценија од 20 век, веќе се препознава една нова тенденција во рамките на револуционерното движење, кое за своја водилка ја има пред с класната а не националната идеологија. Интересот и иднината на Македонија се препознавало во организирањето и приклонување кон идна федеративна Југославија формирана врз федерални принципи. Ваквото дифиренцирање меѓу самите македонски комунисти и револуционери кои со недоверба гледале кон организациите со предзнак ВМРО ќе биде една од причините за згаснувањето на ВМРО(Об.), а самите прогресивни членови ќе бидат во недоумица на која организација да се приклучат и чија идеологија да следат.

Ова всушност ќе биде и главниот проблем за понатамошното делување на ВМРО (Об.). Наредните неколку години ВМРО(Об.) не успева да се наметне како револуционерен фактор кој ќе биде способен да ја собере под свое раководство незадоволната структура на македонското население поради што постепено доаѓа до згаснување на организацијата.[161]

---

[161] И покрај расположението кај народот за прифаќање на ВМРО(Об.) во Вардарскиот дел на Македонија, КПЈ и нејзините ограноци во Македонија не покажале интерес за негово вклучување или пак соработка со Обединета. И покрај фактот што ВМРО(Об.) била формирана на иницијатива и со поддршка на Коминтерната, сепак во земјите во кои македонскиот народ организирал своја револуционерна борба, текот и интензитетот на активностите во голема мера зависеле од расположението и односот на партиите во државата и државните услови. Додека организацијата на ВМРО(Об.) во Бугарија пројавила силна активност и била под директен надзор од БКП, во КПЈ со потценување и одбивност се гледало на револуционерните организации кои го носеле името на ВМРО, сметајќи го за „федералистичко движење" и за активност на чаршиските еснафи. Предрасудите кои КПЈ ги имала во текот на целиот период на постоење на ВМРО(Об.) не покажува промена во расположението. Но без разлика на ваквата резервираност од страна на комунистичката централа, одреден респективен број на македонски дејци покажале силен афинитет и кон ВМРО(Об) и кон членувањето во КПЈ која била синоним на револуционерната дејност во Кралството Југославија и единствен носител на прогресивното движење.Тоа резултирало со поделеност во ставовите дали да постојат посебни ограноци на ВМРО(Об.) и на КПЈ, или пак КПЈ да влегува како огранок во организациите на ВМРО(Об.). Во врска со ова прашање Методија Шаторов сметал дека нема потреба од

## 2.1.3 Возобновување на партиската организација и појавата на МАНАПО

Процесот на партиската обнова кој започнал од најниските партиски редови и структурни единици на угнетената работничка класа, од локалните партиски ќелии, во периодот од1931/1932 година, успешно завршил . Таа како политичка опција станува се поинтересна и перспективна за народите на Југославија, особено по Четвртата земска конференција одржана во декември 1934 година по која членството на КПЈ се наоѓа во постојан пораст.[162]

Во наредниот период, 1933-1935 година, по длабоката партиска криза во Македонија, се прават обиди за возобновување напартиските организации поттикнати од средините на работниците, младината, членовите во синдикалните здруженија и средношколските активисти, здружени во воспитните кружоци и групи, каде што спонтано доаѓало до ширење на револуционерната идеја. Од своја странаи КПЈ барала начин за доближување и ширење на својата партиска мрежа напуштајќи ги дотогашните крутифракциски ставови.[163] Наредните две години биле направени напори за поврзување на партиската организација на Македонија со централата. Неколкупати биле испраќани инструктори во Македонија кои успеале да воспостават врска со месните комитети во поедини градови кои сè уште покажувале активност.Со помош на инструкторите и нивното залагање се обновила активноста во редовите на Партијата и дошло до формирањена раководството и покрај постојаните провалиод 1933 до 1935 година.[164]

---

постоење на самостојна комунистичка организација во Вардарска Македонија туку самите комунистички активисти да бидат членови и на ВМРО (Об.).

[162] Од 24 до 25 декември 1934 година во Љубљана се одржува IV земска конференција во присуство на 11 делегати од Кралството Југославија. На Конференцијата била анализирана состојбата на Партијата и оценета изминатата претходна етапа, со заложба да се извлечат поуки од истата и да се постават нови насоки на Партијата. Една од најзначајните одлуки на оваа конференција била одлуката за формирање на национални партии во рамките на КПЈ и тоа КП на Хрватска и КП на Словенија, а во најскора иднина КП на Македонија. *Хронологија радничког покрета и СКЈ 1919-1979*, Том I, 1919-1941, Београд 1980, Народна книга ИСИ, 224.

[163] Со формирањето на новото централно раководство и влегувањето на Ј. Б. Тито во ЦК на КПЈ во 1934 година започнало провејување на нова клима во врвот на Партијата. С повеќе се напуштале крутите фракциски ставови за копирање на Советска Русија, согледувајќи ги сопствените автентични услови и изворните проблеми својствени за повеќенационална држава каква што била Југославија. Поучени од крупните провали и парализирањето на Партијата во услови кога непостои доволна поддршка од широките народни маси, се дошло до сознание дека Партијата мора да се потпре на народниот потенцијал. Националното, селското и социјалното прашање биле доминантните проблеми кои Партијата морала програмски да ги реши.

[164] Кон средината на 1933 година ЦК на КПЈ го испраќа инструкторот Никола Оровчанец со задача да ја помогне партиската организација (која во тоа време била разбиена) да дејствува на поврзувањето на членовите во цврста организација, да формира МК и привремен ОК за Македонија, да организира влегување

Периодот од 1935 до 1937 година бележи една успешна партиска активност во повеќе градови во Македонија, која се должи пред сè на залагањето на централното раководство на КПЈ со своите искусни обучени кадри да ја помогне и обнови партиската организација на територијата на Вардарска Македонија.[165]

Бројот на македонската интелигенција постепено се зголемувал и таа во средината на триесеттите години сè поактивно се вклучувала во општествено-политичкиот живот, трасирајќи си го патот и преземајќи ја улогата на активен политички чинител. Револуционерната мисла во универзитетските градови Белград, Загреб и Скопје, навлегувала и во круговите на македонската студентска младина, и ги изградува во напредни револуционери и комунисти.[166]

Нараснатата интелектуална маса, новите политички моменти, еволутивно созреаната национално-програмска концепција прочистена од фракциските струења на КПЈ по однос на суштински важни прашања, одиграле пресудна улога во појавувањето и оформувањето на една нова струја во Македонија чие раководно јадро го сочинувале

---

во реформистичките синдикати и др. Се формирал привремен ОК во Скопје, кој истовремено вршел функција на МК за Скопје и воспоставил врски со повеќе градови во Македонија каде што се обновиле партиските ќелии и МК. Биле обновени и скоевските организации и комитетите за Црвена помош. Во рамките на активностите започнало излегувањето на весникот „Искра" од страна на ОК. Во ова време дошло до воспоставување врска со Загреб, од каде што пристигнувале партиски материјали кои се растурале во Македонија. Во 1934 година била воспоставена врска помеѓу кумановската и скопската организација со Србија, а велешката организација воспоставила врска со Антун Колендиќ, кој успеал да донесе партиски материјал и истиот да биде растурен по месните организации. За целиот период на работењето на партиската организација како една од нејзините најзначајни активности била пропагандната дејност. Само со едукација на народните маси можело да се постигне формирање на револуционерна свест и отфрлање на разните облици на индоктринација. Со цел ширење на комунистичката идеја започнал со издавање весникот „Комунистички билтен" и разни прогласи со револуционерна проблематика. Проф. Славка Фиданова, „КПЈ во Македонија во времето од 1929 година до Априлската војна", *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија...*, 98-103.

[165] Инструкторите кои биле испраќани во Македонија во овој период биле комунистички образовани револуционери од редовите на КПЈ кои своето марксистичко образование го стекнале на курсевите кои за таа цел биле организирани во Комунистичкиот универзитет на националните малцинства – КУНМЗ. Македонија во тој период не располага со свој комунистички кадар образован и способен да ја преземе улогата на координатор на партиската организација и с уште ја поминува фазата на револуционерно обликување која ќе трае до доаѓањето на Методија Шаторов-Шарло на чело на партиското раководство во Македонија.

[166] На белградскиот Универзитет во триесеттите години студирале околу 250 македонски студенти. Поголемиот дел од нив развиле револуционерна активност и биле иницијатори за формирање на Културно-просветно здружение на студентите од Македонија под името „Вардар". Со акцијата раководел студентот Страшо Пинџур, кој на почетокот на март 1936 година упатил молба до Универзитетскиот сенат да го одобри формирањето на Здружението. Истото на 13 јуни било одобрено, а во ноември 1936 година било одржано основачко собрание. Меѓутоа поради притисокот од страна на реакционерните студентски здуженија на 27 април 1937 година истото било забрането. Здружение „Вардар" формираат и македонските студенти во Загреб во 1936 година кое развило широка активност запознавајќи ја студентската младина со македонската национална култура и тешката положба на македонскиот народ.

македонските студентии интелектуалци-комунисти. Врз основа на програмата содржана во документите на IV партиска конференцијана КПЈ во 1936 година било создадено Македонското народно движење-МАНАПО.

Идејните основи и принципи на движењето биле содржани во програмскиот документ –„Политичка декларација",[167] која била усвоена во средината на 1936 годинана посебен нелегален состанок на напредните македонски студенти-антифашисти во Загреб. Декларацијата била потпишана скоро од сите студенти на загрепскиот Универзитет, а потоа била испратена во Белград за усвојување и потпишување од тамошните македонски студенти.[168]

Идејно-политичкото оформување на МАНАПО продолжило на состанокот одржан во Охрид, во август 1936 годинаво присуство на студенти,интелектуалци и политички експонирани Македонци од Скопје, Куманово, Велес, Битола, Прилеп, Кавадарци и други градови од Македонија. На состанокот билеприфатени барањата на Декларацијата и линијата на револуционерно движење во рамките на Југославија како федеративна државна заедница со целосна национална слобода и рамноправност на македонскиот народ.[169]

Принципите и барањата на МАНАПО, со залагање на комунистите, почнале успешно да се популаризираат и да се шират меѓу народните маси. Воедно се воспоставувале контакти со приврзаниците на опозициските партии и со други активни чинители, барајќи можност за заеднички настап на престојните избори. Во 1936/37 година

[167] Во Декларацијата се содржани неколку основни барања меѓу кои особено се истакнуваат: „1. Македонскиот народ има право на слободен национален живот во рамките на една југословенска федерација; 2. Ова барање ќе стане остварливо само со борбата за ликвидација на монархофашистичката диктатура и хегемонија и со воспоставување најширока демократија; 3. За остварување на овие цели македонскиот народ ќе се бори со останатите народи и напредни сили во Југославија...; 4. Македонскиот народ бара да се воспостават дипломатски односи и да се склучи договор за пријателство со СССР; 5. Се бара неодложно распишување на слободни парламентарни избори со тајно гласање". Д-р Александар Д. Христов, *Создавање на македонската држава,* Матица македонска, Мисла. Скопје 1971, 273.

[168] Политичката декларација била широко прифатена од страна на македонските студенти кои студирале во Загреб и Белград. Некаде околу три четвртини од нивниот вкупен број ја потпишале, иако првично им било ставено до знаење дека истата ќе биде печатена и јавно дистрибуирана. Јавното признавање со ставање потпис, воедно значело и спремност за евентуалните репресалии од страна на режимот доколку Декларацијата падне во нивни раце.Сепак до печатење и растурање на Декларацијата не дошло по проценката дека во ваков момент дополнителното провоцирање на режимот е непотребно. Историја на македонскиот народ, книга III..., 99.

[169] Исто таму, 100.

биле водени преговори со приврзаници на Здружената опозиција во Скопје за создавање на заедничко демократско антифашистичко политичко движење.[170]

Иако во овој период МАНАПО не успеал да се наметне и да ја преземе улогата на главен чинител на македонската политичка сцена и не прераснува во сеопфатно политичко движење, неговата појава значеше темел и зародиш на една нова концепција и идеја за структурно уредување на Вардарскиот дел на Македонија во рамките на идна демократска федеративна Југославија. Ваквиот минималистички концепт на решавање на македонското прашање кој во себе програмски го беше усвоил МАНАПО, без визија и програмска определба за обединување на останатите две поробени македонски целини во подоцнежните години ќе дојде во колизија со Шарловиот концепт за обединета независна Македонија како дел од една поширока Балканска федерација. Сепак појавата на МАНАПО е резултат на тогашната регионална општествено-политичка констелација и меѓународни услови кога анализите покажаа дека лозунгот за создавање на Балканска федерација не е повеќе активен и остварлив, а КПЈ во својата политичка програма се определи за афирмирање на идната Југословенска федерација како заедница на слободни и рамноправни народи. Како реална последица на дадените услови, МАНАПО се појавува на македонската политичка сцена со политичка програма која во своите редови ги сплоти македонските комунисти и прогресивната интелигенција -ројугословенски ориентирана.

### 2.1.4 Доаѓањето на Јосип Броз и промените во КПЈ

Веднаш по излегувањето од затвор во 1934 година Јосип БрозТито бил вклучен во работата на партиското раководство на Хрватска, а наскоро и во ЦК на КПЈ. Го застапувал ставот за обединување на редовите на Партијата, истакнувајќи ја неопходноста од поврзување на раководството со членството и приспособување на револуционерната борба на автентичните потреби на земјата. Притоа се залагал за посмели обиди за излегување од илегалност, борба на Партијата за сопствено место во опозицискиот табор, поврзување на сите слоеви на работничката класа, како и раководна улога во решавањето на националното прашање. За цело време настојувал партиското раководство да се

[170] И покрај обидите текот на преговорите завршиле без успех. Причините за неуспешноста на преговорите лежи во непризнавањето на македонскиот народ како посебна нација. Ниту една од граѓанските опозициони партии не го признавала правото на македонскиот народ за национална слобода и рамноправност. Па сосем логично е и неприфаќањето на опозиционите партии за формирање на еден народен фронт,во кој сепак активен чинител ќе бидат прогресивните сили и КПЈ. Исто, 101.

консолидира и да се врати во земјата. Во средината на 1937 година по смената на Милан Горкиќ, Јосип Броз, без потврда и мандат од Коминтерната,работи на преземање на водечката улога во КПЈ а веќе на почетокот на мај 1938 година формира и привремено партиско раководство.[171]

Од 1936 до 1938 година, Комунистичкиот блок го потресуваат познатите Сталинови „чистки" во кои истакнати Југословенски революционери биле неправедно прогласени за виновни и погубени (Филип Филиповиќ, Коста Новаковиќ, Иван Грзетиќ, Милан Горкич, Камило Хорватин, Владимир Чопиќ, Петко Милетиќ и др.), а опстанокот на КПЈ бил доведен во прашање. Со сигурност може да се каже дека Јосип Броз Тито е еден од ретките југословенски комунисти, кој во тие кризни години и покрај тоа што бил доволно присутен на комунистичката сцена и забележан од страна на истражните органи на Коминтерната, успева да ги избегне нивните репресии.[172] Како и да е, с□ до есента 1938 година постоела сериозна опасност по опстанокот и била неизвесна иднината на КПЈ. Во тие моменти, упорноста на Јосип Броз особено доаѓа до израз, неуморно поставувајќи барање до Коминтерната за назначување на генерален секретар на ЦК на КПЈ и решавање на југословенското прашање.[173]

---

[171] Во составот на привременото раководство влегуваат: Јосип Броз, Миха Маринко и Франц Лескошек (членови од претходното раководство на ЦК КПЈ), понатаму Едвард Кардељ од ЦК на КП на Словенија, Јосип Краш, Андрија Жаја, Драгутин Петровиќ од ЦК на КП на Хрватска , Милован Ѓилас и Александар Ранковиќ членови на ПК на КП за Србија. Подоцна во составот на Привременото раководство влегува и Иван Милутиновиќ, а по функција секретар на СКОЈ во составот на раководството влегува и Иво Лола Рибар. Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том четврти, декември 1937 – август 1939, ( Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1978), 62-66, 393. (понатаму: Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том четврти); Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич,* кн. I (Београд: Издавачка радна организација „РАД", 1983), 83.(Понатаму: Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич).*

[172] Јосип Броз Тито е еден од најмаркантните политичари кои го карактеризираат дваесетиот век, не само во Европа, туку и во Светот. Неговата импозантна револуционерно-политичка кариера, уште повеќе надградувана со неговата државничка улога која ја имаше како доживотен претседател на СФРЈ, му го обезбеди местото во плејадата на светски лидери. По падот на Берлинскиот ѕид и распадот на тоталитарните режими, доаѓа до надминување на идеолошката заслепеност и едноумието кое владееше во пост-воените социјалистички системи и до неутрализирање на глорифицирањето на социјалистичките лидери. Во тие рамки идеологиите засновани врз култот на личноста с повеќе отстапуваа место на реалистичките толкувања и теории во општествените науки. Несомнено дека по 1991 година постојат сериозни обиди од голем број на регионални и светски историчари за разјаснување на енигмите, поврзани со комплексната политичка фигура како што беше Јосип Броз Тито. Сепак во историографијата, до денес, с□ уште не се дадени целосни податоци и научни толкувања кои ќе го расветлат овој период од револуционерната активност на Јосип Броз, а уште повеќе ќе одговорат на прашањето која и каква беше улогата на Тито во Коминтерната како и во процесот на елиминирање на сите истакнати комунисти на КПЈ, кои беа можни конкуренти и претенденти на местото генерален секретар на КПЈ.

[173] Во 1937 а особено во 1938 година доаѓа до израз меѓусебната борба на претендентите за местото генерален секретар на ЦК КПЈ кое по елиминирањето на Милан Горкич во 1937 година останува испразнето скоро две години. Во 1938 година позицијата на Јосип Броз била особено осетлива поради функционирањето

Иако неколкупати се обраќа до Коминтерната со барање за окончување на кризата, конечна разрешница прашањето ќе добие по неговото заминување во Москва, во август 1938 годинаи средбата со генералниот секретар на ИК на Коминтерната, Георги Димитров.[174] По исцрпното излагање и доставените детални информации за состојбата на Партијата во Југославија, неизвесноста ќе биде завршена и Јосип Броз ја добива поддршката од Коминтерната.[175]

На почетокот на 1939 година по враќањето од Москва, Јосип Б. Тито го конституира претходно формираното привремено раководство во ЦК на КПЈ.[176]

Во однос на залагањето за обнова и консолидација на КП во Македонија интересен е извештајот од 8 август 1938 година доставен од страна на Тито до Георги Димитров во кој се истакнува следното: „Сега во сите покраини на Југославија постојат партиски организации кои се поврзани со раководството. Само во Македонија оваа работа уште не е средена, иако постојат многу месни организации кои не се поврзани ниту меѓусебно,ниту со покраинското раководство. Условите таму се добри, но нема раководен кадар од самата

---

на т.н. „паралелен центар" во Париз, претставуван не само од Иван Сребрењак кој во тоа време ја обавува функцијата шеф на Обавештајната служба на СССР во Париз, туку и од истакнатите комунистички функционери Иван Мариќ и Лабуд Кусовац кои во Париз ја имаат довербата на КП на Франција и интербригадистите кои од Франција заминуваат во Шпанската граѓанска војна. Пролетта 1938 година во Париз пристигнува бугарскиот револуционер и емисар на Коминтерната, Антон Козинаров-Богданов, кого го информираат за состојбата во раководството на КПЈ, оцрнувајќи го Јосип Броз. Во изборната трка и борба, еден од најсериозните против-кандидати на Јосип Броз е секако Петко Милетиќ. П. Милетиќ високо котирал во круговите на Коминтерната, но истовремено ја имал и подршката на членовите на КПЈ како и на затворениците од затворот во Сремска Митровица каде од 1932 година и самиот бил затворен. Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том четврти, 66 и 320; Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I, 82-113.

[174] Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I, Исто таму.

[175] Прашањето и дискусиите во Коминтерната, во однос на опстанокот на КПЈ а во тие рамки и изборот на идниот генерален секретар на КПЈ, веќе подолго време биле водени и главно изборот се движел помеѓу двајцата сопартијци Петко Милетиќ и Јосип Броз. Иако во тој момент Јосип Броз не ја уживал поддршката на врвните раководители во Коминтерната, Мануилски, Андреев, Белов и донекаде Георги Димитров, сепак конечната одлука за изборот на Јосип Броз со право може да се каже дека се должи на поддршката и лобирањето кое во тие денови ја имал од страна на Јосип Копинич. Копинич важел за еден од најреспектираните и високо цепети комунисти со југословенско потекло во редовите на Коминтерната, кој заедно со Мита Деспотовиќ учествувале во елиминирање на конкурентот Петко Милетиќ и подигање на рејтингот на Јосип Броз. Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I (Београд: Издавачка радна организација „РАД". 82-101 и 107-113.

[176] На 5 јануари 1939 година на седница на Секретаријатот на Извршниот комитет на Коминтерната, Јосип Броз добива мандат да формира ЦК на КПЈ во Југославија и да продолжи со консолидацијата и чистењето на Партијата од фракционерство. Со тоа била завршена неизвесноста на КПЈ од скоро две години, а на Јосип Броз му била дадена согласност за неговата дотогашна работа и извршената реорганизација на Партијата, воедно, со ова му било овозможено, или поточно му била дадена задача од страна на Коминтерната да продолжи со расчистувањето на сите фракционерни крила. Оваа историска шанса, Јосип Броз, ќе знае перфидно и мудро да ја искористи, не само за расчистување со троцкистичките и опортинистички елементи наложени од Коминтерната, туку ќе расчисти и со сите свои политички конкуренти и неистомисленици.

Македонија. Неопходно е ова прашање што побргу да се реши".[177] Ваквата констатација Тито ќе ја повтори и во еден друг извештај од почетокот на септември во Москва, во кој се вели: „Во Македонија во неколку места постојат организации, но нема покраинско раководство. Другарите од Македонија непрекинато молат да им испратиме неколку способни другари што ќе ја раководат партиската работа во Македонија. Ова прашање е многу тешко да се реши, зашто кај нас се чувствува недостиг од раководни кадри од редовите на самите Македонци. Но бидејќи оваа покраина е многу важна и бидејќи во неа условите се поволни, ние ќе мораме да повлечеме од Шпанија еден или двајца другари за работа во Македонија".[178]

Сепак, стабилизирањето на состојбата во македонската партиска организција ќе следи по одржувањето на Земското советување на раководниот актив на КПЈ (познато како Мајско советување) на 9-10 јуни 1939 година на Шмарна Гора, каде присуствувале делегати од сите делови на земјата освен од Далмација и Македонија. На советувањето била усвоена резолуција во која посебно се истакнуваат задачите за идејно изградување на партискиот актив, почнувајќи од членовите во основните организации па с□ до членовите на ЦК КПЈ во сите делови од земјата.[179]

Како резултат на раздвижувањето во редовите на КПЈ и обидот на територијата на цела држава да се воспостави цврста партиска мрежа која ќе биде поврзана и по вертикала и по хоризонтала, Јосип Броз поаѓајќи од значењето на Македонија за идната Југословенска држава, во 1939 година во Македонија го испраќа Милован Ѓилас како инструктор на ЦК на КПЈ со задача да назначи нов привремен Покраински комитет на КПЈ за Македонија, со цел да ја реактивира и консолидира македонската партиска

[177] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том четврти, 76.
[178] Исто таму, 109.
[179] Мајското советување има особено значење во обновувањето и консолидацијата на организациите на КПЈ. После дискусијата и изнесените реферати на советувањето била усвоена Резолуција во која посебно се истакнувале задачите за идејно изградување на партиското членство на сите нивоа на партиско организирање. Во точка 7 од Резолуцијата се посветува внимание и на состојбата во Македонија. Во неа се вели: „Се констатира дека ЦК КПЈ до денес не му посветил доволно внимание на обновувањето на врските со Македонија и на обновувањето на организациите во таа важна покраина. Со оглед на тоа што во Македонија се чувствува особено силно национално угнетување, а во врска со меѓународните случувања, таа претставува поволен терен за пропаганда на разни империјалистички сили, во прв ред на Италија, потребно е КПЈ да посвети внимание на таа покраина и што побргу да поработи на реорганизацијата и активирањето на КП во Македонија, врз мобилизирањето на широките слоеви на угнетени народи во Македонија во борбата за секојдневните потреби, слобода и рамноправност". Исто, 255/256 и 372.

организација.[180] Иако овој прв обид на Јосип Броз за реактивирање на македонската партиска организација (МПО), ќе има слаб и делумен успех, сепак ќе значи почеток на процесот за политичко ревитализирање и обнова на МПО. Потенцирајќи дека една од основните слабости во партиското работење во Македонија е недостигот на цврсти, комунистички образувани кадри од редовите на самите Македонци, решението за консолидирање на партиската организација во Вардарска Македонија и поставувањето на искусен партиски револуционер, веќе наредната 1940 година ќе биде понудено со именувањето на Методија Шаторов-Шарло за политички секретар на ПК, со одлука на Јосип Б. Тито, донесена во согласност од Коминетерната.

## 2.2 Поставувањето на Методија Шаторов за политички секретар во Македонија и состојбата во Покраинскиот комитет од април 1940 година

Едно од с уште неразјаснетите прашања во македонската историографија е доаѓањето на Методи Шаторов во Македонија во 1939 година и неговото поставување за политички сектретар на ПК на КПЈ за Македонија. Во круговите на историчарите и истражувачите на оваа проблематика, се среќаваат неколку претпоставки-верзии, во кои се бараат причините за доаѓањето на Методија Шаторов во Македонија и неговото поставување за политички секретар на ПК.

По ослободувањето и формирањето на Р. Македонија во рамките на Југословенската држава, под влијание на владеачката политичка гарнитура, и целосното подредување на централната југословенска идеологија, за името на Методија Шаторов постоеше молк или тотално негирање и оцрнување на неговата улога во национално ослободителното движење во Македонија. Со тоа беше испуштена шансата за објективно документрирање на с уште свежите сеќавања на неговите сопартијци. Во шеесетите и

[180] По пристигнувањето во Македонија, Ѓилас веднаш формира Покраински комитет во состав: Блажо Орландиќ-секретар, и членовите: Страхил Гигов, Орце Николов и Кочо Попов. На членовите на ПК им биле зацртани примарните задачите заради успешно пребродување на политичката криза во која се нашла македонската партиска организација, понатаму се потенцирала потребата од зајакнување на постојните и формирањето на нови организации, промената на дотогашниот метод на работа, поврзување со селото, како и потребата да се изврши поголем пробив меѓу жените и младината и др. Славка Фиданова, „КПЈ во Македонија во времето од 1929 година до Априлската војна", *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија...*, 119-126.

седумдесетите години благодарение на научните собири одржани скоро во секој град, темата НОАБ во Македонија, и местото и улогата на секој град поединечно, донекаде овозможи врз база на реконструкцијата на настаните и сеќавањата на учесниците, истите да станат достапни материјали за проучување. При крајот на седумдесетите и почетокот на осумдесетите години, започнува препрочитувањето на одредени настани од овој период. Објавените материјали од сеќавањата, па и од толкувањето на настаните на повеќе автори и учесници во НОВ, Светозар Вукмановиќ Темпо[181], Вера Ацева[182], Лазар Колишевски[183], Антун Колендиќ[184], Цола Драгојчева[185], беше предизвик самите тие на некој начин да ги прераскажат настаните па и да демантираат некои свои претходно дадени изјави и толкувања од НОАБ, да влезат во жестока дискусија и полемика помеѓу себе, на моменти дури и до целосно меѓусебно конфронтирање, што овозможи вистината макар и на овој начин полека да се пробива и настаните да го добијат своето вистинско лице, така како што и реално се имаат случено, а меѓу нив секако да излезе на виделина и вистината за Методија Шаторов.

Во македонската историографија постојат неколку претпоставки поврзани со ова прашање. Според Светозар Вукмановиќ-Темпо кој е директен учесник и сведок на настаните, во функција на делегат и инструктор на ЦК КПЈ за Македонија во 1939/1940, поставувањето на Методија Шаторов за политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија е резултат на одлуката на генералниот секретар на ЦК на КПЈ Јосип Броз Тито, донесена под влијание на заслугите и местото кое Шаторов го стекнал во високите политички кругови во Коминтерната. Во август 1939 година, Светозар Вукмановиќ-Темпо пристигнува во Македонија, со задача да направи увид во состојбата на партиската организација. Меѓутоа сликата која ја стекнува при неговата прва посета не е баш

---

[181] Svetozar VukmanovićTempo, *Revolucija koja teče*, Memoari, knjiga I, II, (Beograd: Komunist, 1971); *Борба за Балканот*, (Скопје: Мисла, 1982) (понатаму: Svetozar VukmanovićTempo, *Revolucija koja teče*).

[182] Вера Ацева, *Писмо до Светозар Вукмановиќ- Темпо*, (8 април 1988 година, Скопје ), (Скопје: Култура, 1991).(понатаму: Вера Ацева, *Писмо до Темпо*).

[183] Лазар Колишевски, *Аспекти на македонското прашање*, (Скопје: Култура, 1962); Драган Кљакиќ, *Времето на Колишевски*, редактор и превод од српски Мирко Миронски, (Скопје: Матица Македонска, 1994).

[184] Антун Колендиќ, *Белите дамки на македонската историја* , (прв пат објавено Dr. Anton Kolendić, *Bjele mrlje makedonske povjesti*, "Start magazin", Zagreb, No. 537, 19.8.1989, 50-55) https://www.marxists.org/makedonski/kolendik/1989/beli-damki.htm.

[185] Цола Драгойчева, *Повела на дълга*, (спомени и размисли), (София: Партиздат, 1972); *Щурмът Повела на дълга*, книга 2, (спомени и размисли), (София: Партиздат, 1975); *.Победата Повела на дълга*, книга 3, (Спомени и размисли), (София: Партиздат, 1979); *Из моите спомени, На класови и интернационалистически позиции*, (София: Партиздат, 1979); *Такава е истината*, (София: Партиздат, 1981).

пријатна и охрабрувачка. Наидува на разбиена партиска организација, членовите на ПК во делумно мирување и неактивност, додека пак одредени партиски организации биле целосно пасивизирани. По посетата на Македонија со доста непријатни впечатоци се враќа во Србија, каде поднесува извештај за состојбата во Македонија.[186] На почетокот на 1940, заедно со Сретен Жујовиќ повторно се враќаат во Македонија како инструктори на ЦК КПЈ со задача да ја обноват и консолидираат партиската организација во Македонија.[187] Со својата практична работа и активности на теренот инструкторите вршеле обиколка на најголемите партиски организации во Македонија. Ги посетиле скопската, кумановската, битолската, прилепската и велешката партиска организација и по извршениот увид особено Светозар Вукмановиќ незадоволен од состојбата во местните партиски организации и начинот на работење, со овластување од ЦК на КПЈ презема мерки за промена на постоечкото раководство, поставување на нови раководни кадри од самите градови кои по потекло се од работничките средини, за што подоцна поднесува извештај до Александар Ранковиќ и Милован Ѓилас, членови на покраинското раководство на Србија и членови на ЦК на КПЈ. Сумирајќи ги резултатите од двомесечното работење, во извештајот за состојбата во Македонија поднесен во Белград, Темпо за политички секретар го предлага Орце Николов, а за организационен Перо Иваноски-Тиквар. Во текот на разговорот споменува дека во Прилеп се наоѓа комунист кој за себе тврди дека работел во Коминтерната.[188] Извештајот бил проследен до Загреб каде се наоѓа Јосип Броз со централното партиско раководство, и наскоро стигнува повратната информација од таму. Јосип Броз порачал, веднаш да се стапи во контакт со Методија Шаторов кој е докажан комунист и во блиски релации со Горги Димитров, и неодложно да се назначи за политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија. Затоа пролетта 1940 година, се назначува привремен ПК во состав: Методија Шаторов-Шарло политички секретар, Перо Ивановски-Тиквар организационен секретар, а за членови Орце Николов, Добривое Видиќ, Коце Стојановски –Металец. [189]

И Лазар Колишевски, еден од најголемите опоненти на Методија Шаторов, дава свои видувања околу неговото доаѓање во Македонија и поставувањето за политички

[186] Svetozar VukmanovićTempo, *Revolucija koja teče*, 109, 121.
[187] Исто таму, 111-138.
[188] Исто.
[189] Исто, 138.

секретар на ПК на КПЈ за Македонија. Според Лазар Колишевски постојат неколку можности, варијанти и причини за доаѓањето на Методија Шаторов во Македонија и неговото поставување на највисоката раководна функција. Една од можностите е, назначувањето на Методија Шаторов за политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија да биде по заслуга и иницијатива на Сретен Жујовиќ-Црни, со кого Методија Шаторов се познавал уште од времето на нивниот престој и работа во Франција. Лазар Колишевски смета дека Шаторов е поставен по препорака на Сретен Жујовиќ, кој го запознал Методија Шаторов уште во Париз. Тогаш Шаторов од Жујовиќ барал врска, со цел преку Југославија да се префрли во Бугарија. Држејќи се до својата претпоставка, Колишевски ќе истакне дека новите податоци потврдуваат дека Шаторов бил разузнувач на Коминтерната, бидејки Москва кон крајот на триесеттите го засилила својот интерес за Југославија, посебно за Македонија и уште нагласува дека со отворање на архивите на Коминтерната допрва во целост ќе се расветли неговата улога.[190]

Како современик, сограѓанин и активен учесник во настаните како секретар на МК на КПЈ за Прилеп, а подоцна и член на Бирото на ПК на КПЈ за Македонија, со свои размислувања и анализи околу прашањето како Методија Шаторов пристигнува во Македонија и по чија наредба станува политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија, ќе проговори и Вера Ацева. Всушност ова е само едно од прашањата, кои го испровоцирале вклучувањето на Вера Ацева во полемиката со Светозар Вукмановиќ и Лазар Колишевски, поврзани со Методија Шаторов и неговото место и улога во македонската партиска организација како и желбата да даде свој одговор на с уште нерасчистените па дури и погрешно интерпретирани настани и состојби во македонската историографија. Своите сеќавања и увид во настаните ги објавува во „Писмо до Светозар

[190] Споредувајќи ги исказите на Лазар Колишевски дадени во *Времето на Колишевски* и сеќавањата на Сретен Жујовиќ во *Сећања из предратног партиског рада*, сепак не наидовме на потврда на оваа претпоставка. Имено за доаѓањето и средбата со Методија Шаторов, Жујовиќ се присетува и раскажува: „Се сеќавам дека во една прилика еден другар бараше состанок со мене. Кажа дека бил на робија. Кога му кажавме каква треба да биде работата, другарот рече дека нему 'меродавниот човек му рекол дека тоа не може да биде така' како што ние посочуваме. Го запрашавме кој е тој 'меродавен човек' меѓутоа другарот не сакаше да ни каже. Уствари тоа беше Методија Шаторов. Ние тогаш почнавме да го бараме тој меродавен човек, за да видиме од каде тој добива директиви и како стојат работите со него. Во тоа време ми се чини дека од ЦК КПЈ од Белград ( во тоа време раководството на КПЈ се наоѓа во Загреб, не е во Белград м. б.) ни стигна писмо дека треба да се поврземе со Шаторов, дека тоа лице таму работи и дека треба да го вклучиме во Покраинскиот комитет. Во писмото беше нагласено дека треба со него да се работи, како и тоа дека Шаторов исто така се има школувано во Советскиот сојуз, а во Македонија пристигнал од Париз...". Сретен Жујовиќ, *Сећања из предратног партиског рада* ...33; Драган Кљакиќ, *Времето на Колишевски*,...76.

Вукмановиќ-Темпо“ како одговор на објавената монографија „Борба за Балкан“ и „Револуција која тече“ од Светозар Вукмановиќ како и во интервјуто во „Млад борец“ и „Борба“ предизвикана од изјавите и објавените материјали на Светозар Вукмановиќ-Темпо и Лазар Колишевски во седумдесетите и осумдесетите година на минатиот век. [191]

Според Ацева постојат неколку можности како и на кој начин Шаторов пристигнува во Македонија. Таа не ја отфрла можноста Шаторов во Македонија да е пристигнат по препорака на Коминтерната, базирајќи ја констатацијата на фактите дека Шаторов долги години работи и извршува задачи за Коминтерната.[192] Според неа интересна и сосема можна е верзијата која ја знаат и прилепските комунисти од кажувањето на самиот Шарло. Тој пристигнува во Македонија во септември 1939 година кога француската влада поради започнувањето на Втората светска војна решила да ги протера странците. Поради откажаното гостопримство Шаторов е приморан да ја напушти Франција и предложил на Коминтерната да замине во Македонија.[193]

Тргнувајќи од една посериозна рекапитулација и анализа на настаните, при тоаземајќи ги во обѕир сите претпоставки како релативно можни одговори, с додека не се дојде до документирани податоци кои се наоѓаат во архивите на Коминтерната, фактите говорат дека одлуката за поставување на Методија Шаторов за политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија има своја хронологија и тек во настаните. Сосема е сигурно дека поставувањето на Методија Шаторов е резултат на Титовото залагање за поставување на цврст и образуван кадар на чело на партиската организација во Македонија посебно ако тој доаѓа како кадар на Коминтерната, кој ќе биде спремен да одговори на политичките притисоци и предизвиците и ќе успее да ја консолидира разбиената партиска

---

[191] За полемиката водена од страна на Вера Ацева со Светозар Вукмановиќ-Темпо и Лазар Колишевски види повеќе во: Вера Ацева, *Писмо до Темпо*, 92-98; Архив на ИНИ „ Велимир Брезовски“, ф. Вера Ацева, Сл. IV 1128/1, 13-15.(понатаму: Архив на ИНИ, ф. Вера Ацева )

[192] Вера Ацева својата претпоставка за поставувањето на Шаторов на чело на македонското партиско раководство го поткрепува со кажувањето на Густав Влахов во „Млад борец“ според кого во 1938 година, Методија Шаторов бил помошник управник во Коминтеровскиот хотел „Лукс“, во кој се собирала највисоката комунистичка елита од целиот свет. Да се биде на таква позиција во тоа време, секако дека подразбирало огромна доверба и респект кој Шаторов го уживал во Коминтерната. Така што сосема е издржана претпоставката на Вера Ацева, поставувањето на Шаторов на позицијата политички секретар во Македонија да биде како резултат на довербата која за него ја имаат Георги Димитров и Коминтерната. Архив на ИНИ, ф. Вера Ацева, 14.

[193]Архив на ИНИ, ф. Вера Ацева 15; Вера Ацева, *Писмо до Темпо*, 97/98.

организација.[194] При тоа не смее да се заборави Титовото полтронство и калкулација дека при поставувањето на искусен и респектиран кадар на Коминтерната и Георги Димитров, прагматичниот Тито тргнува единствено од потребите на своите интереси и цели.

Воден од ставот и залагањето сите покраини на Кралството Југославија да ги обедини под чадорот на КПЈ на чие чело ќе се најде самиот тој, Тито ќе прави усилби за консолидирање на партиските редови и формирање на покраински раководства во покраините каде што не постојат.Активно ќе се залага за формирање на покраинско раководство и во Вардарска Македонија.За таа цел во доставениот извештај до Коминтерната за време на неговиот престој во Москва, во септември 1938 година го запознава генералниот секретар на ИК на Коминтерната, Георги Димитров за затекнатата состојба, барајќи можни решенија за обнова на партиското раководство во Македонија и негово поврзување со централното раководство во земјата. Тито ќе упати сериозен предлог, нагласувајќи *„Но бидејќи оваа покраина е многу важна и бидејќи во неа условите се поволни, ние ќе мораме да повлечеме од Шпанија еден или двајца другари за работа во Македонија“*.[195] Изборот на Јосип Броз се однесувал на Алексо Демниевски – Бауман и уште неколку борци кои би ги вклучил во Македонската партиска организација. Од засега непознати причини ова барање на Јосип Броз не му било удоволено и покрај тоа што неколкупати Бауман бил побаран како можна раководна опција за Македонија.[196]

---

[194] После провалата која се случила во 1937 година и со која биле зафатени скоро сите месни комитети дошло до затворање и пасивизирање на партиската организација во Македонија. Некои од месните комитети биле во целост неактивни и освен поединечни, индивидуални случаи на политичко ангажирање не можело да се зборува за организирана политичка дејност. Партиската активност во Македонија сè до средината на 1939 година ќе бележи повремени активности од страна на активисти кои не биле зафатени со прогонот на режимот, меѓутоа без меѓусебна корелација и без координација со ЦК на КПЈ.

[195] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том четврти, декември 1937 – август 1939, ( Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1978) 109. (понатаму: Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том четврти).

[196] Алексо Демниевски-Бауман (1905-1961 ) родум од Велес, бил член на КПЈ од 1926 година. Во втората половина на 1928 година бил испратен во Комунистичкиот универзитет на националните малцинства-запад каде бил запишан под псевдонимот Сергеј Михајлович Бауман. По приправничкиот курс заедно со уште 13 југословенски комунисти продолжил на познатата школа КУНМЗ. Од СССР заминува како учесник во Шпанската граѓанска војна. Во бобрите ја губи ногата и се враќа во Советскиот Сојуз. Во Југославија се враќа во 1944 година со доброволечкиот корпус и учествувал во пробивот на Сремскиот фронт. Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, *КПЈ и ВМРО(обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930*, 126/127.

Можноста за испраќањето на Бауман во Вардарскиот дел на Македонија била позната кај македонските комунисти. Во разговорот со Перо Ивановски-Тиквар околу овие настани и во однос на прашањето од каде дојде одлуката Методија Шаторов да биде политички секретар а не Алексо Демниевски-Бауман, Ивановски истакнува дека постоело барање од страна на Јосип Броз изборот за назначување на секретар да биде Бауман. Ивановски смета дека во одреден момент Бауман тргнува да ја оглави

Во мај 1939 поради потребата од практична и теоретска помош во Македонија е испратен Милован Ѓилас. По пристигнувањето во Македонија, Ѓилас веднаш формира Покраински комитет во состав: Блажо Орландиќ-секретар, и членовите: Страхил Гигов, Орце Николов и Кочо Попов. На членовите на ПК им биле зацртани задачите кои треба да бидат примарни заради успешно пребродување на политичката криза во која се нашла македонската партиска организација. [197] Меѓутоа и покрај испраќањето на Ѓилас состојбата во Македонија не постигнала некој позначаен напредок. Јосип Броз во својот извештај до ИК на КИ од септември 1939 година во делот посветен за состојбата во Македонија ќе истакне: „Во Македонија пристапивме кон создавање на ПК и кон обновување на организацијата, поради што ЦК испрати таму свој член" напоменувајќи дека партијата не е згасната и брои некаде околу 140 членови на КП.[198] Но и покрај напорите на централното раководство до поконкретни резултати во Македонија (освен во партиската организација во Прилеп) с□ до 1940 не доаѓа. Тогаш во Македонија пристигнуваат инструкторите Светозар Вукмановиќ-Темпо и Сретен Жујовиќ кои развиваат поширока партиска активност и ги заживуваат пасивните партиски организации. Постапувајќи по веќе зададената задача од страна на Јосип Броз и ЦК на КПЈ за избор на нов ПК и доставената информација за постоење на коминтеровски кадар во Македонија, сосема сигурно е дека без двоумење, решението за консолидирање на партиската организација во Вардарска Македонија и поставувањето на искусен партиски револуционер, ќе биде понудено со именувањето на Методија Шаторов-Шарло за политички секретар на ПК, со одлука на Јосип Б. Тито сметајќи на поддршката од Горги

---

организацијата во Македонија но одлуката била променета. Истата констатација се среќава и кај Дејан Алексиќ. Тој истанува дека во 1936/37 година од страна на КПЈ било поставено прашањето за назначување на Алексо Демниевски на чело на МПО. По доаѓањето на Јосип Броз на чело на КПЈ, била донесена одлука Алексо Демниевски да биде политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија и со таа задача Демниевски во Виена, ја чека врската за да биде префрлен преку Австрија во Југославија и во Македонија. Доаѓа до провала и закажаната врска на Бауман не воспоставува контакт. Пред Бауман биле поставени две можности, да чека наредна врска за која не се знаело кога ќе успее да се воспостави или да замине преку Франција во Шпанија и да земе учество во Шпанската граѓанска војна. Изборот на Бауман без двоумење паднал на втората варијанта. Дејан Алексиќ, Сеќавање за Алексо Демниевски – Бауман, Архив на ИНИ, Сл.IV 1164, 3.

[197] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том петти, септември 1939 – септември 1940, ( Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1978) 282, 289. (понатаму: Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том петти).

[198] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том петти, 20, 22.

Димитров кој лично го познавал Шаторов и имал целосна доверба во неговата спремност да застане на чело на МПО.[199]

### 2.3 Покраинската партиска конференција од 8 септември 1940 година и нејзиното значење

Со доаѓањето на инструкторите на ЦК на КПЈ и поставувањето на Методија Шаторов за политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија, била дадена поддршка на младите кадри со што започнува да се менува состојбата во партиската организација. Пролетта 1940 година во повеќе градови во Вардарскиот дел на Македонија доаѓа до формирање на нови партиски раководства, во кои влегуваат млади луѓе и активисти од редовите на работничките средини. Овие промени придонеле работниците од градските средини полека да прераснат во доминантниот носител на партиските активности и да ја преземат иницијативата во политичкото делување, за разлика од дотогашните раководства кои биле пополнувани од чаршиски, граѓанско-еснафски и занаетчиски структури. Бранот кој од крајот на 1939 година ги беше зафатил партиските организации се шираше и потврдуваше во секојдневното економско-политичко делување, каде работниците многу похрабро истапуваа со свои економски и политички барања.[200]

Нараснатата револуционерна свест, побудила и провоцирала акции и во доменот на националното прашање. С□ повеќе кај Македонецот се забележувала иницијативата за признавање и решавање на неговиот национален статус, истакнувајќи дека Македонците не се ниту Срби, Бугари ниту Грци.[201] Показ за тоа е ситуацијата и револтот кај македонската интелигенција, кој го предизвикал професорот и академик Никола Вулиќ, со своите ставовите за време на предавањето одржано во „Српски културен клуб“ пред елитната публика и интелектуалните кругови од престолнината.[202] Предавањето во вид на

---

[199] Кај бугарските сопартици и современици на Методија Шаторов, не постои двоумење во однос на одлуката за поставувањето на Методија Шаторов за политички секретер во Македонија. Според Цола Драгојчева, долгогодишен член на ЦК на БКП и една од блиските соработници на Методија Шаторов во Бугарија, тој несомнено бил поставен по препорака на Георги Димитров, којшто лично го познавал и високо ги ценел неговите политички, револуционерни и воени квалитети. Цола Драгойчева, *Победата,Повела на дълга,* книга 3, (спомени и размисли)..., 339.

[200] *Реконструкција на Покраинската конферецијa на КПЈ за Македонија 8 септември 1940 –Скопје,* 22.

[201] *Документи и материјали 1921-1941,* том I, книга 2, Извори на историјата на СКМ, редакција, превод и коментари Иван Катарџиев, ( Скопје: „Комунист“, 1985), 321.

[202] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава,* том втори, од крајот на Првата светска војна до создавањето на македонската држава, Универзитет „Кирил и

статија било објавено во весникот „Време" под наслов „Стара Србија и Македонија" и предизвикало жестока реакција и дискусија на 2 декември 1939 година помеѓу академик Вулиќ и проф. Јован Радоњиќ, со македонската интелектулна младина од друштвото „Вардар", која студирала на универзитетот во Загреб. Ставовите кои ги застапил академик Вулиќ го негираат постоењето на македонска нација, македонски јазик, а според неговите тврдења, не постои историски предуслов за самостојна македонска држава, бидејќи Македонија е само поим за јужносрпски области и тоа како дел од Јужна Србија или напросто Србија.[203]

Покрај македонската студентска младина, со одговор се огласила и Партиската организација на Македонија откако академик Вулиќ неколку месеци подоцна, повторно го покренува ова прашање во статијата под наслов „ Јужна Србија" објавена на 11.07.1940 година во весникот „Правда". Истиот месец во Билтенот на ПК на КПЈ за Македонија, бил објавен одговорот или демантот на ставовите на професорот Вулиќ за кој се смета дека е во авторство на политичкиот секретар Методија Шаторов.[204]

Актуелизирањето на македонското национално прашање и начинот на неговото третирање и решавање ги анимирало и македонските комунисти. Во таа смисла интересни се согледувањата на Сретен Жујовиќ и неговото искуство кое го стекнува при неговото инструкторство во Македонија. Според него во почетокот организациите во Македонија биле многу слаби, без учество на партијата во синдикатот и меѓусебно поврзување. Меѓутоа вели Жујовиќ „...Македонците се покажаа како многу храбри борци. А жандармеријата настапуваше многу грубо кон нив. Ние по доаѓањето во Македонија го поставивме прашањето за омасовување и организирање на масовна прослава за Илинденското востание и тргнавме кон **собирање на масите врз национална линија** (болдирано С. Н). Кога така ја поставивме работата тогаш Македонците многу лесно не разбраа. Штом беше објавена прославата остваривме директен контакт со масите и после тоа работата заживеа. Јас мислам дека **благодарејќи токму на тоа што Партијата така**

---

Методиј" Факултет за филозофско-историски науки, Филозофски факлултет, Група за историја – Институт за национална историја, (Скопје: Македонска книга, Култура, Мисла, Наша книга, 1981), 158. (понатаму: *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава,* том втори).

[203] Повеќе за ова во: Вера Ацева, *Писмо до Темпо,...*57-60; *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава,* том втори..., 158-162.

[204] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава,* том втори..., 176-180.

**го постави националното прашање во Македонија дојде до тоа луѓето со поголем ентузијазам да работат во Партијата...“.**[205] (болдирано С. Н.).

Новата партиска клима, активностите во општествената, политичката и културната сфера секако биле одраз на целокупната состојба во К. Југославија што од друга страна иницирале засилена активност во работничките и синдикалните средини, како и разгорување на работничката свест. За неполни два месеци во Скопје избиле осум штрајкувачки акции, а незадоволството и отпорот се ширеле низ целата земја. На ова полицијата реагирала жестоко, намерно наметнувајќи му политички карактер на отпорот, оправдувајќи го својот брутален одговор кон штрајкувачите дури и со распуштање на синдикалните организации.Борбата станувала се поостра и помасовна, и во неа се вклучиле и студентите од универзитетските средини.[206]

Револуционерниот бран што ја зафатил Партијата, нејзиното омасовување и нараснатата политичка активност претставувале нов квалитет во политичкото организирање на македонските комунисти. Во средината на април 1940 година се формира Месниот комитет на Скопје, а потоа и привремениот Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија во состав: Методија Шаторов-Шарло, Петар Ивановски-Тиквар, Коце Стојановски-Металец, Добривое Видиќ и Орце Николов кој ќе биде дополнителен мотив и стожер за наредните активности.[207] Тие продолжиле со истиот интензитет, што резултирало со масовно обновување на партиските ограноци во повеќе градови во Македонија. Во Скопје, Велес, Куманово, Прилеп, Битола, Гевгелија и Штип биле обновени месните комитети, а во Кавадарци, Тетово, Крушево, Охрид, Гостивар биле

---

[205] Жујовиќ ова свое мислење го потврдува и со еден друг пример, кога се случила провала во кумановската партиска организација и кога бил затворен секретарот на месниот комитет во Куманово кој воедно бил и нивната партиска врска, иако му било познато местото на престојот на Сретен Жујовиќ во Скопје, и покрај предупредувањето од страна на Светозар Вукмановиќ дека може да дојде до провала и да биде предаден, Жујовиќ со сигурност знаел и гарантирал дека до тоа нема да дојде бидејќи како што сметал тој, „вака како што се поставени работите во Партијата во голема мера е подигнат моралот кај членовите“ и Сретен Жујовиќбил сигурен дека тие се решени за својата слобода и решавањето на нивното национално прашање да се борат до крај. Сретен Жујовиќ, *Сећања из предратног партиског рада...*, 35.

[206] Svetozar VukmanovićTempo, *Revolucija koja teče*,135-137; Вера Ацева, *Писмо до Темпо...*, 51/52.

[207] Славка Фиданова, „КПЈ во Македонија во времето од 1929 година до Априлската војна“. *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија...*, 127; Svetozar VukmanovićTempo, *Revolucija koja teče*, 123-138.

формирани нови. На просторот на Вардарска Македонија, пролетта 1940 година дејствувале 16 партиски организации.[208]

Обновата на комунистичката организација ја подзасилила обновата и на другите организации, Скоевската организација и Организацијата на народната помош. Пролетта 1940 година доаѓа до обновување и на младинската организација и формирање на ПК на СКОЈ. Во средината на 1940 година биле формирани одбори за Народна помош и Покраински одбор за народна помош.[209]

Покраинскиот комитет предводен од искусен партиски работник каков што бил Методија Шаторов, со засилена динамика воведува нова клима во работата. Методија Шаторов тргнувајќи од искуството во претходниот период кој го стекнал надвор особено како активист во ВМРО(Об.), бил свесен дека само масовна партиска организација базирана врз сопствените автохтони услови и капацитет од сопствените македонски средини може да стане носител на политички промени и да ги поведе широките македонски маси во револуционерна акција. Нагласувајќи го националното прашање како доминантно и примарно за решавање, жестоко спротивставувајќи се на српската доминација во Македонија, во своето политичко раководење започнува масовно ширење и пропаганда меѓу обесправените народни маси.[210] Ги отвара вратите на Партијата и покрај

[208] Славка Фиданова, „КПЈ во Македонија во времето од 1929 година до Априлската војна“, *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија*,...127; Svetozar VukmanovićTempo, *Revolucija koja teče*, 123-138; Вера Ацева, *Писмо до Темпо...*, 53.

[209] Славка Фиданова, „КПЈ во Македонија во времето од 1929 година до Априлската војна“,*Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија...*, 128.

[210] Сретен Жујовиќ во споменатиот труд ќе истакне, дека низ земјата биле одржани месни и окружни партиски конференции на кои биле избрани делегати за претстојната Покраинска партиска конференција. Главното прашање кое се разгледувало било националното прашање, а потоа работата по синдикатите, организацијата на партиската работа и формирањето на масовните политички акции. Би ја издвоиле како интересна, неговото анализа во однос на политичката состојба и клима во Вардарска Македонија во 1940 година, која во македонската историографија не е често споменувана, или не е споменувана во ваков контекст. Според Жујовиќ, биле водени доста разговори за контактите со разните политички струи кои биле присутни и ги имало во поголем број во тоа време, меѓу кои имало извесна нетрпеливост. Сретен Жујовиќ вели: „...Се сеќавам дека станувашe збор за бугарашите меѓутоа и меѓу нив имаше разни струи, имаше струи на бугараши со кои можеше да се разговара, а и такви со кои воопшто не можеше да се разговара ниту соработува...“. *Сећања из предратног партиског рада...*, 38.

Текстот е даден со намера да се стекне една објективна слика и компарација на политичките услови во Вардарскиот дел на Македонија во тоа време, со податоците со кои претежно располагаме во македонската историографија, пишувани во периодот на федеративна Македонија. При тоа се добива една лажна слика и погрешен впечаток дека во 1940 година во Македонија постои веќе прочистена политичка клима и политичко расположение кај народот приклонето кон класната идеологија на КПЈ и кон идната Југословенска Федерација. Наспроти ова ја имаме констатацијата на Сретен Жујовиќ и анализата на Методија Шаторов за состојбата со македонската национална определба, која во извештајот од 1941 година ја доставува до БРП.

централната партиска програма базирана на класната идеологија дозволува влез на сите прогресивни структури без разлика на класната определба кои ќе застанат во одбрана на македонските интереси, отфрлајќи ги само шпионите и предавниците, истакнувајќи ја неоходноста од формирање на општ македонски национал-револуционерен фронт. Вака подготвена партиската организација на Македонија, кадровски и идејно-политички стабилизирана,проширена и зацврстена, на 8 септември 1940 година одржува Покраинска партиска конференција во Скопје.[211]

На Конференцијата во присуство на околу дваесетина делегати[212] од цела Македонија и во присуство на двајцата инструктори на КПЈ, биле разгледани политичката ситуација и организационата состојба на партиската организација, сите клучни прашања од општествениот, меѓународен и внатрешно-политичкикарактер, содржини кои ја потенцирале борбата на македонскиот народ за подобар живот, демократизација и национално ослободување.[213] По пат на тајно гласање од страна на делегатите биле избрани членовите на новиот ПК на КПЈ за Македонија,[214] како и делегати за Петтата земска конференција на КПЈ[215].

---

[211] Во македонската историографија среќаваме различни податоците за одржувањето на Покраинската конференција на КПЈ за Македонија. Разидувања има во поглед на точниот датум на одржувањето на конференцијата, бројот на присутните како и пренагласување на улогата на инструкторите на КПЈ, Светозар Вукмановиќ и Сретен Жујовиќ, за разлика од игнорирањето на улогата на политичкиот секретар Методија Шаторов во Конференцијата.

[212] Спoредсеќавањето на Перо Ивановски во прилогот „Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, на стр. 168 за бројот на присутните се вели: „на Конференцијата беа присутни 18 делегати-учесници. Голем хендикеп беше што два дена пред нејзиното одржување беа провалени и уапсени членови на Месниот комитет на Битола (Киро Дандаро и Богоја Фотев). Поради тоа не можеа да дојдат и делегатите од Ресен и Кичево. Поради слични причини не дојдоа и делегатите од Струмица, Гостивар и Гевгелија.

Во прилог на утврдувањето на точниот датум на одржување на конференцијата и бројот на учесници се земени во обѕир и податоците во „Обавештајниот извештај“ за месец септември 1940 година на Вардарскиот жандармериски полк во кој се известува дека „ноќта 5/6 о.м. се затекнати Филиповиќ Петар, Димитријевиќ Ќиро работник, Светијевиќ Александар студент по право Христиќ Јоспи и Христиќ Ристо адвокатски приправници Тодоровиќ Вангел работник и Сорина А. Роса приватни чиновници сите од Битола потоа Фотиќ Благоја, Фотиќ Герасим и Смоковиќ Илија сите од село Бистрица и Коневиќ Димитрије од Охрид на дело при растурањето на материјал. Сите се уапсени и предадени на градската полиција во Битола. При претресот кај нив била пронајдена поголема количина на комунистички летоци“. *Реконструкција на Покраинската конфереција на КПЈ за Македонија 8 септември 1940 –Скопје...*, 18.

[213] Со реферат за политичката состојба истапил Методија Шаторов, а организацаионата состојба ја реферирал Перо Ивановски. Исто таму, 32.

[214] Во Покраинскиот комитет биле избрани: Методија Шаторов-Шарло од Прилеп-политички секретар, Перо Ивановски од Прилеп-организационен секретар, Орце Николов од Скопје, Коце Стојановски од Скопје, Добривое Видиќ од Србија, Гојчо Стевков(ски) од Куманово, Борис Гонев од Велес, Кузман Јосифовски од Прилеп и Вера Ацева од Прилеп, а во Бирото на ПК биле избрани: Методија Шаторов-Шарло, Перо Ивановски, Орце Николов, Коце Стојановски и Добривое Видиќ. *Реконструкција на Покраинската конфереција на КПЈ за Македонија 8 септември 1940 –Скопје...*, 87; Надежда Цветковска,

Донесувањето на Резолуцијата[216] која има програмски карактер за комунистите од Вардарска Македонија ја прави оваа конференција една од најзначајните во историјата на комунистичкото движење во Македонија до војната. Историското значење на покраинската конференција се согледува во националната програма која била промовирана како „Македонска платформа“, а зад чие подготвување стоел Методија Шаторов-Шарло. За прв пат, во еден програмски комунистички документ, националното прашање, посебноста на македонскиот национален идентитет, било поставено како „прашање над прашањата“.

Во однос на формирањето на општ македонски национал-револуционен фронт во Резолуцијата се истакнува „...едно от основните и најважни задачи на организациите от Партиата во Македониа, е тактиката за создавајне на општ македонски национал-революционен фронт који треба да биди како част од општата борба на пролетериато во Југославиа. Само сојузот мегју работниците во Југославиа со македонското национал-ослободително движение можи да клаи крај на србскиот империализам и можи да донеси слобода на сите народи: србскио, македонскиот и другите потиснати народи во Југославиа. Потребата од тактика за обединение на сите македонски групи и елементи, који сет готови да водат борба за слобода против големосрпскиот империјализам али да сет тугји и непријатели на разните имериалистички и фашистки пропаганди, бугарска, грчка, немска, талијанска и др. Ете што треба да биди раководно начело на комунистичките организации во секидневната борба...“.[217]

Во Резолуцијата биле изнесени и ставови по однос на начинот на решавањето на сопственоста на земјата. Земјата која дотогаш се наоѓала во сопственост на српските колонисти требало да биде одземена и доделена на користење на македонските селани, а колонистите да бидат иселени „...тука и во врска со това развивајне активности и работа за спечалувајне на македонскио селанин који преставува основниот елемент на национал-революционото македонско движение. Лозунка и сакајне земјата во Македониа од чифликсајбите, големосрпските шовинисти ’герои’ , таја на колонистите, манастирите,

---

„Политичката состојба во Вардарскиот дел на Македонија и активноста на Методија Шаторов-Шарло од 1939 до 1941 година“, *Методија Шаторов Шарло и неговото време...*, 15.

[215] За делегати за Петтата земска конференција биле избрани: Методија Шаторов Шарло, Перо Ивановски, Коце Стојановски, Гојчо Стевков(ски), Борис Гонев и Сретен Жујовиќ. Исто таму.

[216] *Документи и материјали 1921-1941,* том I, книга 2, Извори на историјата на СКМ, редакција, превод и коментари Иван Катарџиев,( Скопје: „Комунист“, 1985), 334.

[217] Исто таму, 337.

црквата, круната и вакафите, треба да премини во раците на македонските селани и производители. Македонците од големите ридои и планини да слезат и работат земјата на своите татковци и дедовци, а на стварно бедните колонисти да им се даит земја во Србиа земјата на тамошните чифликсајби и чорбаци, манастирска и крунска. Прашаинето за тутуно и неговата цена како и цената на памбуко, кожурците, афионо и пченицата, за непостоеине на монополо и борбата околу ниф треба да послужи како форма и база обединение на македонското село и тутунопроизводители и спечалувајне им за општио национал-револуционен фронт, против големосрпската тираниа и робство".[218]

Иднината на слободна и независна Македонија, се гледала во рамноправност и сојузништво со останатите народи во Макеоднија, а во Резолуцијата се нагласува: „Македонското национал-револуционо движение не е и неможи да биди туго на правата и борбата на целиот македонски народ вклучително таја на Арнаутите, Турците, Куцовластите и др., који сет исто така експлоатирани и поробени, подложени сет на терор и асимилациа. Работниците и селаните Арнаути и Турци во Македониа сет браќа по судбина на македонските Славјани. Борбата им е општа и победата можи да се добие само со општи сили. Партиските организаци по местата во својата агитациа да не испуштат од предвид Арнаути, Турци и Куцовласи, а да развива братство, солидарност и општност на борбата, зато што само слободна и независима Македонија можи да гарантира слобода на сите потиснати и поробени во Македониа".[219]

Покрај двете суштествени прашања, во Резолуцијата се заземал став и за чистотата на Партијата, создавање на партиски организации по селата, како и местото и улогата на младината и жените во партиските редови.[220]

### 2.4 Петта земска конференција-октомври 1940 година

По еден подолг период на политичка нестабилност, изминати дванаесет години од последниот Четврти конгрес на КПЈ (јуни 1928 година, Дрезден) и шест години од Четвртата конференција на КПЈ (декември 1934 година, Љубљана), моментот на доаѓање на Јосип Броз на чело на КПЈ ќе биде пресуден, централното партиско раководство да се

[218] Исто.
[219] *Документи и материјали 1921-1941,* том I, книга 2..., 334-338.
[220] Надежда Цветковска, „Политичката состојба во Вардарскиот дел на Македонија и активноста на Методија Шаторов-Шарло од 1939 до 1941 година", *Методија Шаторов Шарло и неговото време...*, 15.

стабилизира, да ги консолидира партиските редови и да го реанимира и активира поширокото партиското членство. Напуштајќи го крутиот коминтерновски шематизам и поставувајќи ја КПЈ на нови основи, чистејќи ја Партијата од фракционерските и троцкистички елементи, водејќи се од автентичните услови на Југословенската држава, Јосип Броз ќе се залага почетните резултати од неговото доаѓање на чело на КПЈ, дотогаш донесените одлуки и новите насоки да ги имплементира и материјализира во програма која ќе биде донесена и усвоена на следниот партиски конгрес,а неговото лидерство Партијата и официјално да го верифицира. Но и покрај заложбата на Јосип Броз за комплетно признавање на новото партиско раководство на КПЈ, на чие чело стои токму тој, обидот од страна на Коминтерната не наишол на апсолутно прифаќање и одобрување на неговиот мандат, особено не во дадениот момент со што се забележува една суптилна резерва кон Титовиот мандат. Насоката од страна на Коминтерната била, дека во тој момент е доволно закажаното собрание да има карактер на Конференција и да се задржи во тие рамки. Затоа заложбата на Јосип Броз за одржување на Конгрес на КПЈ, нема да се реализира и покрај бројноста на учесниците на Петтата земска конференција на која присуствувале околу стотина делегати од сите краеви на Југославија и која по сериозноста во подготовките ги надминувала сите дотогашни Конгреси. [221]

Пролетта 1940 година по насока на централното раководство и првичниот план, започнуваат подготовки за одржување на конгрес (конференција) од поширок состав на кој се планирало да присуствуваат делагати од сите краеви на Југославија. За таа цел во текот на летото 1940 година во сите покраински и национални раководства се одржуваат конференции на кои се разработуваат документи за претстојната Петта земска конференција и се врши избор на делегати за учество на конференцијата.[222]

---

[221] *Петта земска конференција на КПЈ (19-23 октомври 1940),* Извори за историјата на СКЈ, изготвиле Перо Дамјановиќ, Милован Босиќ и Драгица Лазаревиќ, (Белград: Издавачки центар Комунист, 1980), IX-X.

[222] Во периодот од мај до септември 1940 година, по насока на ЦК на КПЈ биле одржани национални и покраински конференции на кои биле изработени документи и избрани делегати за претстојната земска конференција. Најверојатно, на почетокот на мај е одржана Петтата конференција на КПЈ за Србија на која се избираат 17 делегати, како прва конференција во низата конференции што следуваат; Од 29 до 30 јуни била одржана Третата конференција на КП на Словенија на која биле избрани 13 делегати; Петата конференција на КПЈ за Босна и Херцеговина била одржана на 27-28 јули на која биле избрани 5 делегати; Покраинската конференција на КПХ за Далмација била одржана 3-4 август на која биле избрани 12 делегати за учество на претстојната конференција; Осмата конференција на КПЈ за Црна Гора, Бока, Санџак и Косово и Метохија одржана 16-18 август на која биле избрани 10 делегати од кои двајца од Косово. Првата конференција на КП на Хрватска била одржана во Загреб на 25 август на која биле избрани 18 делегати;

Петтата земска конференција се одржува во специфични историски услови кога Втората светска војна, веќе една година беснее на европскиот континент, во услови на силна експанзијата на наци-фашизмот и опасноста Балканот, респективно и Кралството Југославија да бидат зафатени од тој бран. Во таа смисла и документите кои биле подготвувани и изложени во вид на реферати ја опфаќале оваа проблематика, како и дефинирањето на претстојните задачи на Партијата и нејзиното оспособување во улогата на авангарда кај широките народни маси.[223]

По одржаната покраинска конференција во септември 1940 година на покана на ЦК на КПЈ, пет члена делегација од македонската партиска организација предводена од Методија Шаторов заминува за Дубрава кај Загреб, и учествува на Петтата земска конференција од 19 до 23 октомври 1940 година.На оваа Конференција Методија Шаторов бил избран за единствен член на ЦК на КПЈ од Вардарскиот дел на Македонија.

Значењето на Петтата земска конференција за македонскиот народ се согледува во потенцирањето на националното и аграрното прашања и начинот на неговото решавање. По изнесениот реферат од страна на Милован Ѓилас,[224] Методија Шаторов започнал

---

Покраинската конференција во Македонија одржана најверојатно на 8 септември на која биле избрани 5 делегати( биле избрани 6 но едниот од нив се откажува од присуството на Петтата земска конференција б. м.) и на крај Шестата покраинска конференција на КПЈ за Војводина одржана најверојатно на 8 септември со избрани 7 делегати. Покрај делегатите избрани од националните партиски организации, на 8-9 септември на Шестата конференција на СКОЈ биле избрани четворица делегати и еден делегат избран на Земското советување на Народната помош. Освен овие делагати на Петтата земска конференција учествувале и членовите на ЦК на КПЈ а по покана на ЦК зеле учество уште тројца делегати учесници на конференцијата од кои двајца како членови на Комисијата на ЦК на КПЈ за работа во војска и делегат од страна на ЦК на КПЈ одреден за раководење со партиската школа на ЦК КПЈ. Вкупниот број на учесници делегати на Конференцијата бил 101 делегат од сите краеви на Југославија. *Петта земска конференција на КПЈ (19-23 октомври 1940),* Извори за историјата на СКЈ, изготвиле Перо Дамјановиќ, Милован Босиќ и Драгица Лазаревиќ, ( Белград: Издавачки центар Комунист, 1980), 8-10.

[223] На конференцијата биле поднесени 11 реферати, меѓу кои реферати: Извештај за организационото прашање на КПЈ-референт Јосип Броз; Политичка ситуација-референт Едвард Кардељ; За синдикалната работа-референт Александар Ранковиќ; За аграрно-селското прашање-референт Иван Милутиновиќ; За националното прашање-референт Милован Ѓилас...итн. Исто таму.

[224] Рефератот за националното прашање најпрвин му било доделено на Моша Пијаде кој ги изготвил тезитеза националното прашање. Бидејќи доцнел со материјалите текстот бил половичен и нецелосен. Со тезите на М. Пијаде непосредно пред Конференцијата се запознава Милован Ѓилас и ги оценува како неподобни за Конференцијата. Потоа своето мислење им го изложува на Е. Кардељ и на Ј. Б. Тито по што тие донесуваат заеднички став, рефератот за националното прашање да го изготви и доработи Милован Ѓилас. Во својот реферат, Ѓилас се држи до класната идеологија во решавањето на националното прашање сметајќи дека тоа ќе се решава преку класна револуција.Секако дека ваквата апстрактна солуција не била во интерес на македонскиот народ кој национално не бил признат, туку долги години бил потиснуван и експлоатиран од страна на српскиот владеачки режим, спроведуван под мотото на српскиот национализам. Затоа заложбата на Методија Шаторов за време на Конференцијата за примарното значење и неодложното решавање на националното и аграрното прашање биле сосема на место и покрај тоа што неговата дискусија на Конференцијата подоцна е оценета како шовинистичка. Исто таму, XIV-XVIII и 375-400.

жестока дискусија во која го критикувал М. Ѓилас за апстрактноста на рефератот и изложениот „шовинистичкиот став“ во него, сметајќи дека ваквото формално поставување на едно од најзначајните прашање за македонскиот народ нема да доведе до негово суштинско решавање. Суштината на македонското национално прашање го чинеле две есенцијални проблематики кои биле дебатирани на Конференцијата: 1. Македонскиот национал-револуционерен фронт и 2. Односот спрема српските колонисти во Македонија. Во однос на првата проблематика Милован Ѓилас застапува теза дека национално револуционерниот фронт треба да биде составен исклучиво од работници и селани истакнувајќи дека нивна суштинска цел треба да биде класната борба на силите што го сочинувале фронтот. Од друга страна ставот на Шарло, кој воедно бил и став од претходно донесената Резолуција, бил далеку посеопфатен. Во рамките на Македонскиот национално-револуционерен фронт, потенцирал Методија Шаторов, би требало да влезат сите македонски сили, вклучувајќи ги и работниците, селаните, средните слоеви и либералната буржоазија, односно сите сили со исклучок на предавниците и империјалистичките агенти. Според него селаните биле основната маса во националниот фронт - 90%, но решавањето на прашањата за јазикот, културата итн., биле од интерес за целата нација вклучувајќи ја тука и либералната буржоазија.

Затоа ова прашање истакнал Шарло требало да се реши веднаш, обединувајќи ги сите споменати сили за негово решавање, а не да се чека на револуција. Во врска со втората проблематика прашањето со српските колонисти и ставот за нивно иселување Шарло бил јасен, напоменувајќи: „Не можеме да одиме кај македонскиот селанец и да му кажеме оти колонистите им се браќа на македонските селани. Оти генералите, џандарите, шпиуните не се браќа. Ако би оделе во сојуз со колонистите, тие (македонските селани) би н□ пречекале со своите лопати. Сите тие се угнетувачи на македонскиот народ и со нив не можеме да имаме добри односи...На колонистите им е дадена најубавата и најдобрата земја. Пасиштата и шумите им се одземени на селаните. Во Македонија има малку земја, затоа бараме да се иселат колонистите во Србија. Земјата има да им се даде на македонските селани, а доколку има повеќе тогаш да им се даде на другите нации“.[225]

Петтата земска конференција го одбележува почетниот момент на разидување на ставовите на Шарло и неговата национално-обединителна програма и Титовата про-

[225] Види повеќе во: *Документи и материјали 1921-1941,* том I, книга 2..., 349/350.

југословенска концепција во која Вардарскиот дел на Македонија ја гледал како дел од идната Југословенска држава без при тоа да биде акционо поставено прашање за обединување на Македонија што било основната визија на Методија Шаторов. Ставовите по однос на овие прашања подоцна ќе бидат искористени од страна на Ј. Б. Тито за етикетирањето на Шарло како опуртунист и предавник и една од причините за негово отстранување од редовите на КПЈ.[226]

### 2.5 Заокружувањето на македонската национална програма во ПК на КПЈ за Македонија до 1941 година

Покраинското партиско раководство на чело со Методија Шаторов за кратко време успеало да ги мобилизира месните партиски организации во Македонија и да го зголеми членството. Свесни за потребата од ширење на комунистичката мисла и информирањето не само на членовите на партијата, туку и на широките народни маси како и значењето на политичката пропаганда, ПК на КПЈ за Македонија прави напори да започне со издавање на илегална комунистичката литература, и за овој период на политичко зреење карактеристично е објавувањето на разни повици и прогласи до обесправените народни маси.[227] Нараснатите класни антагонизми, заострувањето на меѓународните односи и фашистичката експанзија, а секако и консолидирањето на партиската организација наметнувале потреба за интензивирање на пропагандната дејност. По информативниот вакум од 1934 година кога престанале да излегуваат двете илегални, комунистички гласила, информативниот молк кој неколку години ја бележи организацијата се надминува во јули 1940 година кога започнува да излегува органот на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија во Македонија „Билтен“[228]. Всушност средувањето на партиската

[226] Лазар Колишевски е еден од главните критичари на Методија Шаторов и неговиот „погрешен“ став по однос на решавањето на националното прашање и прашањето со српските колонисти. Токму ставовите искажани на Петтата земска конференција, подоцна, во *Аспекти на македонското прашање*, ги приложува како докази и аргументи за наводниот национал-шовинизам на Шаторов.

[227] За спроведување на линијата на Партијата уште во 1939 година започнало издавањето на неделниот весник „Наша реч" како легален орган на Партијата. Веднаш по формирањето на Покраинскиот комитет почнале да излегуваат и илегалните весници „Билтен" и „Искра" во кои покрај директивните статии, се обработувале и други прашања како аграрното, националното, прашањето за положбата на работничката класа и други актуелности што довело до подигање на идејно-политичката свест кај партиското и во скоевското членство. проф. Славка Фиданова, „КПЈ во Македонија во времето од 1929 година до Априлската војна“, *Методија Шаторов Шарло и неговото време...*, 129.

[228] Карактеристично за в. „Билтен“ од 1940 година е што во првиот и вториот број статиите се печатат освен на српски и на македонски јазик и тоа во првиот број 5 статии на српски и исто толку на македонски. Додека во вториот број од девет статии четири се на српски, а пет на македонски јазик.

организација значело и средување на партиските гласила. Во прилозите и материјалите на гласилата била содржана целокупната програмска и практична акција на ПК на КПМ во тогашните услови,а содржините биле инспирирани од борбата за одбрана и афирмација на македонскиот национален индивидуалитет, борба против реакционерните мерки на Владата Цветковиќ-Мачек, борба против скапотијата, борба против врзувањето на Кралството Југославија со империјалистичките блокови, борба за демократски, национални и социјални права, како и определба за сојуз со СССР. Партискиот орган „Билтен" излегол во вкупно 4 броја, а последниот број на Билтен бил отпечатен на 30 октомври 1940.[229]

Како резултат на политичката обнова која ја зафатила партиската организација во Македонија, нараснатата политичка моќ и бројот на членството на организација, веќе во јануари 1941 се наметнала потребата од печатење на еден посериозен партиски весник. ПК на КПМ во јануари 1941 започнува со издавањето на весникот „Искра" [230]. Иако весникот „Искра" се печати само во еден број неговото појавување има суштинско значење за развојот и нараснувањето не само на комунистичката –класна свест, туку и за национално-ослободителна свест.

Важноста на овие документи, покрај содржините кои ги третирале најзначајните прашања од животот на македонскиот народ, покрај информативната улога што ја имале, се согледувала во тоа што биле пишувани на македонски јазик, а како нивен потписник

---

Наредните броеви, трет и четврти, исклучиво се печатени на македонски јазик. Во 1940 година еднаш месечно излегувал партискиот орган в. „Билтен". Така до крајот на 1940 година биле објавени вкупно 4 броја. Со техниката раководел на почетокот Сретен Жујовиќ, па Орце Николов а по неговото апсење Перо Ивановски ја преземал работата со техниката. *Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, том II, книга 2, Ивори за историјата на СКМ, ( Скопје: „Комунист", 1983), 16.

Меѓутоа во разговорорт што го водевме со Перо Ивановски во врска со ова прашање тој секогаш нагласуваше дека с до политичкото елиминирање на Методија Шаторов, материјалите во партискиот печат биле уредувани директно од Шаторов. Билтенот се печатал во петстотини броја што во илегалните услови било огромен успех и напор. Биле снабдувани сите месни партиски организации ширум Македонија.

[229] Исто таму. 16-24.

[230] Партискиот орган „Искра" се карактеризира со некои специфики карактеристични само за него. Името „Искра" заедно со амблемот срп и чекан биле сместени во петокрака ѕвезда, а над името со големи букви е испишана паролата на македонски јазик„ Пролетери од сите земји соединете се". Долу под името стои „Орган на ПК на КП во Македонија", а веднаш под овој текст малку десно, стои изреката на Гоце Делчев: „Слободата на Македонија лежи во натрешното вооружено востание. Кој мисли инаку тој лаже себеси –лаже и другите. Гоце Делчев". Весникот целосно бил печатен на македонски јазик. Повеќе од јасно е акцентирањето на борбата на македонскиот народ, и нагласувањето на македонската линија, сплотен со заеднички внатрешни сили да дојде до својата слобода и обединување. Од засега непознати причини во периодот до војната излегол само еден број од органот „Искра" со околу 8 материјали иако биле изготвени материјалите и за вториот број. Исто.

стои ПК на КПМ.[231] Скоро сите текстови завршувале со слоганот: „Да живее слободна Македонија“, и „Да живее слободна Македонска Република“, што укажувало на еден нов квалитет во однос на дотогашниот статус на македонската партиска организација, нејзината автономија и повисок степен на самостојност што секако доведувало до доближување до широките народни маси кои дотогаш биле изложени на жесток српски потиснувачки режим. Токму овој момент на политичко диференцирање на партиската организација во Македонија, различна од српскиот политички естаблишмент, ја прави комунистичката организација прифатлива опција и предизвик за македонскиот народ.

И покрај тоа што во овој период, ПК на КПЈ за Македонија, целосно ја следи линијата на КПЈ, може да се резимира дека, повиците, решенијата и одлуките кои биле донесени од страна на Покраинскиот комитет, во периодот од април 1940 година па с□ до Проширениот пленумот во јануари 1941 година,[232] покажуваат нов квалитет во однос на решавањето на две важни прашања. Прво, достигнатиот степен на автономност и самостојност на партиската организација во Македонија изразена во преименувањето на ПК на КПЈ за Македонија во ПК на КП во Македонија и второ донесувањето на Решението на Проширениот пленум на ПК на КП во Македонија во кое се потцртува „Како посебна политичка задача пред Комунистичката партија во Македонија Проширениот пленум го поставува создавањето на македонски демократски фронт со сите антиимперијалистички (вклучувајќи) (...) групи и елементи за влегување во општиот демократски фронт на Југославија врз база на сојузот на меѓусебна помош и пријателство со СССР, за мир и демократија, за народна власт во Југославија. Пленумот исто така потцртува **дека Комунистичката партија во Македонија ниту за момент не се откажала од својата крајна цел полно ослободување и рамноправност на Македонија-дури до барањето, до отцепување во самостојна државна заедница“.**[233] (болдирано С. Н.). Ваквиот став заземен на Пленумот, чиј идеен творец и промотор бил политичкиот секретар Методија Ш. Шарло, го претставувал фундаментот на националната

[231] Прогласите и повиците, како и материјалите кои излегувале од Покраинскиот комитет во периодот од јуни 1940 до јуни 1941 година се потпишувале со ПК на Комунистичка Партија во Македонија.

[232] Проширениот пленум на ПК на КП во Македонија се одржува во јануари 1941 година по Петтата земска конференција одржана од 20 до 23 октомври 1940 година во Загреб. На Пленумот, покрај рефератот од учесниците на Конференцијата биле прифатени и решенијата од Конференцијата. На крајот на Пленумот биле дефинирани идните партиски задачи кои биле поставени како приоритети за македонските комунисти. *Документи и материјали 1921-1941*, том I, книга 2..., 381/382.

[233] Исто таму.

обединителна државотворна програма на народноослободително движење на македонскиот народ. Ова становиште на ПК на КПМ за чиста национална програма со право на отцепување, во политичката ситуација се разминувало со општата југословенската линија што ја застапувале Јосип Б. Тито и КПЈ.

Созреаните општествено-политички условиво Вардарска Македонија, нараснатото незадоволство кај работничките структури и економската состојба во која се наоѓала работничката класа,[234] одразот на решавањето на хрватското прашањево Кралството Југославија,[235] како и незадоволството од српската асимилаторска и денационализаторска политика и непризнавање на македонската национална индивидуалност, јазик, култура и црква, нуделе шанса и реална можност Методија Ш. Шарло како секретар на ПК, Вардарскиот дел од Македонија токму во овој сплет на внатрешни и надворешни услови да го претвори во „пиемонт" кое ќе ги привлече и обедини останатите делови во самостојна македонска држава, секако со поддршка од Коминтерната, на која се надевал и имал целосна доверба во нејзиниот авторитет.

[234] Лошите услови за работа во Вардарска Македонија пред војната, немањето на елементарни права, долгото работно време, слабата заштита и многу ниските надници, обезбедиле услови поединечните форми на незадоволство кои ги манифестирале работниците да ескалираат во организирани форми на отпор предводени од синдикалните организации во чии редови се наоѓале партиски кадри. Паралелно со јакнењето на националната свест во В. Македонија доаѓа до зреење и на работничкото движење. За време на 1940 и 1941 година, периодот пред војната, бил исполнет со многубројни штрајкови и тарифни единици кои ги опфаќале сите поголеми градови во Македонија и сите производни бранши. Според Вера Ацева летото и есента 1940 година успешно биле организирани над 30 штрајкови во Македонија. Само во Скопје во 1940 г. биле одржани 17 тарифни акции и штрајкови, но ниту другите градови не заостанувале по изразеното незадоволство. д-р Надежда Цветковска, *Граѓанските партии во Вардарскиот дел на Македонија (1935-1941)*,( Скопје: ИНИ, 1996), 123-124; Вера Ацева, *Писмо до Темпо*..., 51-53.

[235] На 26 август 1939 година во Кралството Југославија по постигнатиот Договор помеѓу Драгиша Цветковиќ и Владимир Мачек била формирана нова т.н. „Влада Цветковиќ-Мачек" која се заложила кај широките народни маси за решавање на федералистичкото барање и проблемот со „Хрватското прашање ". Со Договорот, Бановина Хрватска се конституирала како засебна автономна државноправна област. Борејќи се за стекнување на национална самостојност при крајот на 1939 година македонската прогресивна јавност растура писмо-леток до „сите Македонци без разлика на вера, народност и политичка припадност" со потпис „Македонци" на чист македонски јазик, во којсе согледувале определбата и целите на македонското национал-ослободително движење. Во него се истакнувало дека во „Југославија не постои само Хрватското прашање" и се нагласувало дека „...народите во Југославија не се бореле за решавање само на тоа прашање...". туку за „...решавање на сите национални барања и за потполна демократизација на земјата...". *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том втори..., 162-165; д-р Надежда Цветковска, Цит. труд, 65; д-р Иван Катарџиев, „Политичките борби во Велес и нивната класна и национална определеност во последните години на стара Југославија", *Велес и Велешко во НОВ 1941*,Материјали од Научниот собир „ Велес и Велешко во НОВ 1941" одржан на 19 и 29 април 1972 година во Титов Велес, Организациски одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ-Т.Велес (Титов Велес: НИП „Нова Македонија", 1973), 65.

# ГЛАВА ТРЕТА

## ПОКРАИНСКИОТ КОМИТЕТ И МАКЕДОНСКАТА ПАРТИСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО УСЛОВИ НА ОКУПАЦИЈА

## 3.1 КПЈ и ПК на КПЈ за Македонија во мартовските демонстрации

Балканот со својата местоположба заземал значајно место во стратегиските планови за време на подготовките и во текот на Втората светска војна, како кај силите на Оската, Германија и Италија, така и кај сојузниците Велика Британија и Франција.[236]

Настаните на Балканскиот Полуостров кои со молскавична брзина се одвивале до априлската војна и покрај политичкиот ангажман на Велика Британија на тој план нешто посуштествено да се измени,[237] не ја промениле ситуацијата на изолација во која се нашла Југославија и нејзиното опкружување од страна на соседите. Освен Грција која останала неутрална, останатите балкански држави веќе биле вовлечени во фашистичкиот блок-Тројниот пакт и се чекал моментот кога Германија и нејзините сојузници целосно ќе го освојат Балканот.[238]

---

[236] Една од главните причини за избувнувањето на Втората светска војна била желбата за повторна распределба на колонијалните поседи и стекнувањето на пристап и монопол во користење на енергетско-суровински потенцијал на Блискиот и Среден Исток. Балканскиот Полуостров како комуникациска врата за продор во Мала Азија и Африка до богатите наоѓалишта на нафта, го прават посебено интересен, и му се дава посебно значење во плановите на завојуваните страни.Притоа територијалните претензии и аспирации меѓу самите балкански земји, како и нерешените национални прашања претставувале влог со кој големите сили вешто манипулирале со малите балкански држави нудејќи им остварување на територијални желби како награда за послушност и соработка. д-р Тодор Чепреганов, *Судирот на британските и германските интереси на Балканот во текот на Втората светска војна*, (Скопје: ИНИ, 2000), 82.

[237] Во 1939 година текот на настаните во Европа не оделе во позитивна насока за интересите на В. Британија. Таа веќе станала свесна за губењето на својата позиција на доминација во Европа и Балканот и нараснувачкото влијание и зацврснувањето на позициите на Хитлерова Германија. Во тивката војна која од 1939 до 1941 година се водела меѓу В. Британија и нацистичка Германија за придобивање на балканските држави на своја страна, В. Британија настојувала со сите можни комбинаторики и ветувања да ги мотивири Југославија, Грција, Бугарија и Турција своите воено-политички сили да ги обединат во балкански пакт и да му се спротивстават на Хитлер и неговите сојузници. Од друга страна и Германија врши притисок балканските земји да ги вклучи во својот табор, во што и успева. Исто како и В. Британија и таа во своите ветувања понудила ревизија на версајските граници, но за разлика од В. Британија, експедитивниот Хитлер своите ветувања настојувал веднаш да ги реализира што било дополнителен мотив за балканските држави во донесувањето на одлуката за пристапување кон Тројниот сојуз. Тодор Чепреганов „Мартовските настани од 1941 година во Македонија од еден друг агол ", *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 83.

[238] Со помош на фашистичките структури во Романија на 5 септември 1940 година на власт доаѓа една од најреакционерните фигури, маршалот Антонеску. По воведувањето на воено-фашистичка диктатура, на 23 ноември 1940 година Романија пристапила кон Тројниот пакт, а во пролетта 1941 година на територијата на Романија веќе биле стационирани околу 200.000 германски воени сили кои во март истата година заедно со 12. германска армија и 41. германски оклопен корпус биле ангажирани во воените операции кон Југославија и Грција, а подоцна за напад на Советскиот Сојуз. На 29 февруари 1939 година Унгарија го потпишува Антикоминтерна пактот, го напушта Друштвото на народите и 1940 година пристапува кон Тројниот сојуз. Иако истата година потпишува со Југославија пакт за вечно пријателство,таа заедно со Германија и Италија во април ја напаѓа Југославија.Бугарија својата фашизација ја започнува уште во јуни 1923 година кога профашистичките сили успеваат да извршат државен удар, по кој во Бугарија доаѓа на власт профашистичката влада на Александар Цанков. Во март 1938 година бил потпишан таен бугарско-германски протокол за испорака на германско оружје и било извршено одредено преориентирање на

Неспорно е дека приклучувањето на балканските држави во Тројниот пакт и дипломатскиот притисок на Германијаврз Кралството Југославија, имале свое влијание врз донесувањето на нејзината конечната одлука. Следејќи ги политичките текови, сосем очекувано, на 25 март 1941 година во Виена, бил потпишан Договорот за пристапување на Кралството Југославија кон Тројниот сојуз.[239]

Меѓутоа, незадоволствотопо потпишувањето на одлуката за пристапување кон Пактот и политиката на југословенската Влада, од 25 до 27 март 1941 година, предизвикало масовни демонстрации кај цивилното население во Југославија, организирани од страна на српски политички партии, пробритански ориентирани.[240] На 27 март 1941 година, политичката ситацијата ескалирала и бил извршен државен удар од група офицери на чело со генарал Душан Симовиќ. Крајниот резултат бил уривање на Владата на Цветковиќ-Мачек, поништување на Пактот, формирање на нова пробританска влада на чело со генарал Душан Симовиќ и поставувањето на престолот на малолетниот крал Петар II Караѓорѓевиќ.[241]

---

бугарското стопанство за германските производствени потреби. Како награда на ваквата лојалност на Бугарија ѝ било ветено територијално проширување на сметка на Југославија и останатите соседи, а во правец на реализација на ветеното било и отстапувањето на Добруџа од страна на Романија и нејзино приклучување кон Бугарија во септември 1940 година. Своето воено и политичко определување Бугарија ќе го официјализира на 1 март 1941 година со пристапувањето кон Тројниот сојуз. Веднаш потоа во Бугарија од правец на Романија влегува 12. германска армија. Грција настојувала да ја сочува својата неутралност и покрај понудата од страна на Велика Британија и Франција, за гаранција на нејзиниот територијален интегритет по италијанската окупација на Албанија во септември 1939година. Понудената помош од страна на сојузниците била прифатена од Грција, под услов, доколку биде нападната од страна на Италија, сојузниците да ѝ притекнат на помош, до што и доаѓа во октомври 1940 година. Сепак Италија најголеми освојувачки апетити покажува спрема Албанија. Во април 1939 година започнува истоварањето на италијанските оружени сили во Албанија. Набргу Италија ја окупира цела Албанија, италијанскиот крал бил прогласен за крал на Албанија и била воспоставена персонална унија помеѓу Италија и Албанија. *Други светски рат*, прва књига, (Београд: ИРО Народна књига, 1981), 212.

[239] Притисокот од страна на Германија за пристапување на Југославија кон Тројниот пакт ќе добие своја конечна завршница веднаш по серијата разговори водени на 14 февруари 1941 година, помеѓу претседателот на Владата на Кралството Југославија, Драгиша Цветковиќ и министерот за надворшни работи, Александар Цинцар Марковиќ од една страна и Хитлер од друга страна. Било заклучено дека е дојдено времето за пристапување на Кралството Југославија кон Тројниот сојуз. На 20 март 1941 година југословенската Влада донела одлука за пристапување кон Тројниот пакт. Финиширањето на настаните се случило на 24 март кога делегација на чело со Д. Цветковиќ и А. Ц. Марковиќ заминала во Виена. На 25 март 1941 година бил потпишан Договорот за пристап на Кралството Југославија кон Тројниот пакт. д-р Тодор Чепреганов, *Судирот на британските и германските интереси на Балканот во текот на Втората светска војна...*, 93-94.

[240] Тодор Чепреганов „Мартовските настани од 1941 во Македонија од еден друг агол", *Методија Шаторов и неговото време...*, 84.

[241]Д-р Тодор Чепреганов, *Судирот на британските и германските интереси на Балканот во текот на Втората светска војна...*, 93/94.

Масовните демонстрации предизвикани од склучувањето на Пактот, во историјата познати како мартовски демонстрации, доста долго во македонската историографија беа препишувани како организиран настан и активност на КПЈ. Глорифицирањето на улогата на КПЈ и на Партиската организација во Македонија за време на мартовските случувања, беше нормална состојба во времето на идеологизирање на улогата на КПЈ за македонското минато.[242]

Компарирајќи ги сеќавањата и изјавите на учесниците и истакнати членови на КПЈ, како и анализите на автори кои се занимаваат со оваа проблематика, ќе се потрудиме да дефинираме неколку моменти во поглед на мартовските случување. Во врска со демонстрациите и улогата на КПЈ во нив, Светозар Вукмановиќ–Темпо истакнува: „...Беше тоа на 25 март 1941 година. Партијата и нејзиното раководство не се двоумеа. Беа доследни на својот дотогашен став. Го повикаа народот на масовни демонстрации, кои започнаа истиот ден и траеја с□ до соборувањето на Владата која го потпиша срамниот пакт".[243] Значи, Светозар Вукмановиќ на почетокот е дециден и потврдува дека КПЈ е организацијата која го повикала народот на демонстрации и политичките промени. За веднаш потоа, во истиот текст да истакне: „27 март беше сончев и необично топол ден. Од станот излегов после осум часот и тргнав кон центарот на градот. По пат сретнував помали групи на демонстранти. Носеа транспаренти со натписи 'Да живеат сојузниците', 'Да живее кралот'...**Не сфатив што се случува** (болдирано С. Н.)". Понатаму Темпо продолжува:„...Штом ја задоволив љубопитноста, тргнав со група демонстранти. Бев внимателен и се држев по страна. Се правев дека не учествувам во демонстрациите, но сепак не можев да останам надвор од нив. Така можев да го пратам она што се случуваше на улиците на Белград".[244] Излагањето на Светозар Вукмановиќ во неговите Мемоари, е повеќе од контрадикторно, и сосема е јасно дека од неговиот текст не може објективно да се констатира и дефинира улогата на КПЈ во мартовските случување.

---

[242] Според проф. д-р Тодор Чепреганов во македонската историографија постојат мал број на трудови кои се однесуваат на настаните од 25 до 27 март 1941 година. Но и во нив, на настаните од 25 до 27 март им се приоѓа од идеолошки и политички аспект без да се навлегува во суштината на самите настани. Подетални истражувања не постојат, податоците кои можат да се пронајдат се пред с сеќавања на некои учесници во истите и аргументите по ова прашање се доста контрадикторни. Тодор Чепреганов, „Мартовските настани од 1941 во Македонија од еден друг агол, „*Методија Шаторов и неговото време...*", 84-87.

[243] Svetozar VukmanovićTempo, *Revolucija koja teče...*, 156.

[244] Исто таму,156/157.

Според анализата на проф. д-р Тодор Чепреганов, членот на ЦК на КПЈ, Милован Ѓилас исто така дава свое видување по однос на ова прашање и вели: „...Ние комунистите за тоа не знаевме ништо ...ниту Покраинските комитети не знаеја што с se случува во провинциите на Србија...Воените лидери, во соработка со националистичките како Сокол и Националната одбрана исто така започнале да го подготвуваат народот за протести...Фактички ние во Белград не знаевме ништо за овие собирања...“. Според кажувањето на Милован Ѓилас факт е дека не станува збор за некои организирани демонстрации од страна на комунистите во деновите 25 и 26 март 1941 година. Тоа од своја страна недвосмислено говори дека ЦК на КПЈ, воопшто не заседавал за да преземе каква било акција во однос на настаните кои следувале по потпишувањето на пристапувањето на Кралството Југославија кон Тројниот пакт“.[245]

Во однос на организирањето, текот и одзивот на мартовските демонстрации и улогата на македонските комунисти, Дејан Алексиќ во своето сеќавање по однос на оваа тематика истакнува: „...Се сретнав со Шарло и тоа на Камениот мост. Тогаш сабајлето после слушањето на радио програмата, слушнав дека во Белград почнале широки демонстрации, манифестации и дека пристапиле за прв пат комунистички истакнати револуционери да зборуваат од името на КПЈ. Кога му кажав (на М.Шаторов б.м) дека ние сме воспитувани така, кога народот излезе, секогаш и ние треба да излеземе со народот, среде народот и заедно со него да се бориме за оние прашања кои се поставени на тие манифестации, митинзи, демонстрации, итн. Шарло кратко ми одговори ’Тоа е нивна работа’“.[246]

Анализирајќи и компарирајќи го кажаното од страна на Темпо, Милован Ѓилас и Дејан Алексиќ сосема оправдано се доаѓа до заклучок дека КПЈ не е и не може да биде организаторот на мартовските демонстрации. Првата работа која е повеќе од очигледна е фактот дека самите раководители и истакнати членови на КПЈ, не учествувале во чинот на организирање ниту пак знаеле дека Партијата има удел во организирањето на демонстрациите, тие се изненадени и подоцна во текот на самите демонстрации дознаваат

---

[245] Тодор Чепреганов, „Мартовските настани од 1941 во Македонија од еден друг агол“, *Методија Шаторов и неговото време...*,86/87.

[246] Дејан Алексиќ, „Мартовските настани во Скопје“, *Скопје во НОВ 1941*, материјали од научиот собир, (Скопје: Градски одбор на СЗБ од НОВ-Скопје, 1973), 102; и Дејан Алексиќ, Архив на ИНИ, Сл.IV 1164. (Разговор на новинарот Ристо Шуплиновски со Дејан Алексиќ - II. 27-ми мартовски демонстрации во 1941 година во Скопје и ставот на Методија Шаторов-Шарло, одржан во Белград, јуни 1991 година), 13.

за настанот. Второ, доколку биле организатори тогаш сосема е нормално да бидат во првите редови што исто така не е случај, со исклучок на демонстрациите во Србија. Факт е дека Темпо не знае што се случува надвор, а неговото тврдење дека стои по страна а не учествува во демонстрациите само заради функцијата која ја има во КПЈ сепак не држи од проста причина што токму раководителите во Партијата ја имале функцијата на организатори на партиските активности. Ако демонстрациите ги организирала КПЈ логично е Светозар Вукмановиќ да биде дел од мартовските демонстрации.

Но сепак, најиздржани аргументи во прилог на констатацијата дека КПЈ не стои позади организирањето на мартовските настани и дека истата работа и е препишана подоцна, како заслуга, исклучуво во интерес на глорифицирање на нејзината улога во настаните, е позицијата на генералниот секретар на КПЈ - Јосип Броз Тито. Во тие денови Тито се наоѓа во Загреб и неговата активност с уште се движи во доменот на неговото верифицирање и зацврстувањето на неговата функција како генерален секретар на КПЈ, која на почетокот на 1941 година с уште била лабилна во однос на довербата на Коминтерната. Затоа сосема е логично што известувањето за случувањата во Белград од 25-27 март, (за кои Јосип Броз дотогаш не знаел, а уште помалку ги организирал) му ги пренесува другарката на Милован Ѓилас, Митра Митровиќ која од Белград веднаш заминува за Загреб, каде на 28 март има средба со Јосип Броз. На средбата му поднесува детален извештај за случувањата во Србија и воедно го известува за масовите антифашистички демонстрации во кои учествуваат членови на КПЈ, офицери на Кралската војска и кои се масовно подржани од народот.[247] Согледувајќи дека на повидок се значајни политички моменти и дека ситуацијата добива политичка тежина, Тито на 28 март тргнува со авион од Загреб во Белград. На 29 март 1941 година во Белград присуствува на проширениот состанок на раководниот актив на КПЈ од Србија, на кој учествуваат и членови на Политбирото на ЦК на КПЈ кои во тој момент се наоѓале во Белград. Дури по одржаниот состанок и по увидот во политичката состојба, Јосип Броз го пишува прогласот „До народите на Југославија“ во кој зазема конечен став по овие политички прашања.[248]

[247] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 6..., 373.

[248] Мартовските демонстрации иако не биле организирани од страна на КПЈ, сепак, имале огромно значење за тогаш слабата и илегална Комунистичка партија на Југославија. Тие денови се од историско значење за неа, бидејќи КПЈ излегува од илегала и нејзините демонстранти застануваат во заедничките редови со народот на Југославија и со Кралската војска. Несомнено престојот во Белград, Јосип Броз го користи и за други, за него поважни активности, а тоа е организирање на состаноци со претставници од

Денес е познато дека Мартовските демонстрации се резултат на организираната активност на британските разузнавачки служби и тајни агенти, кои успешно ја завршиле својата активност, согласно нивниот интерес за спречување на Југословенската влада да пристапи во Тројниот сојуз.[249] Затоа врз основа на анализата од оваа временска дистанца можеме објективно и аргументирано да го утврдиме местото и улогата и на МПО како и улогата на македонските комунисти во мартовските демонстрации. Се поставува прашањето како македонските комунисти реагирале на пристапувањето на Кралството Југославија кон Тројниот пакт; Кој ги организирал демонстрациите во делот на Македонија во рамките на К. Југославија – српските државни органи или комунистите; Доколку демонстрациите биле организирани од страна на комунистите, кој ја дал директивата за нив; Дали ПК на КПЈ за Македонија ги поддржал или не демонстрациите и каков бил интересот на македонскиот народ да учествува во нив?

Во периодот по 1991 година во врска со овие прашања доста се полемизира и при тоа се даваат одговори кои ги побиваат едностраните толкувања карактеристични за минатото, кога се тврдело дека „нема никакво сомневање во тоа дека комунистите и скоевците беа готови да земат учество во историските мартовски настани и заедно со широките народни маси да го осудат срамното предавство поради кое дојдоа во прашање и во опасност слободата и независноста на нашите народи и на нашата земја“, „македонскиот народ и македонските комунисти предводени од КПЈ и Тито кажаа не на

---

граѓанските партии и барање на можности и солуции за легално вклучување и наметување на КПЈ на политичката сцена, преку формирање на разни сојузи или во коалиција со граѓанските и опозициски партии. Токму за таа цел, Иво Лола Рибар добива задача да ги организира средбите со лидерите на левицата на Демократската партија, со д-р Драгиша Смиљаниќ, понатаму со д-р Драгољуб Јовановиќ од левицата на Земјоделската партија, Душан Богдановиќ од левица на Републиканската партија и со д-р Иван Рибар татко на И. Л. Рибар. Но обидот не успеал и до средба доаѓа само со д-р Иван Рибар. Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 6..., 373 и 399.

[249] Иако мартовските настани долго време беа препишувани на КПЈ, според проф. д-р Тодор Чепреганов во позадина на нивното организирање стојат српската опозиција и британските тајни служби: „...Пристапувањето на Кралството Југославија кон Тројниот пакт на 25 март 1941 година предизвикало реакција кај голем дел од српските и просрпски ориентирани граѓани на Кралството Југославија. Незадоволството се јавило, прво во Србија, а потоа и во другите делови на Кралството, за кое пристапувањето на К. Југославија значело потчинување на нацистичка Германија и напуштањето на српскиот вековен сојузник Франција и Англија. Демонстрациите кои уследиле како резултат на пристапувањето на Кралството Југославија биле организирани од страна на српските опозициски политички партии кои соработувале со британската известителна служа СОЕ“. Затоа според Чепреганов „сосема аргументирано може да се истакне дека државниот удар од 27 март е дело на британската известителна служба“. Повеќе за ова во Тодор Чепреганов „Мартовските настани од 1941 во Македонија од еден друг агол“ *Методија Шаторов и неговото време*..., 83/84: Серијал „Jugoslavija u ratu 1941-1945 - Epizoda 1 – 27 https://www.youtube.com/watch?v=P9g-1Yval1o; Dokumentarac o protestima 27-og Marta 1941 https://www.youtube.com/watch?v=upJklJWYGd4.

капитулантската влада на Цветковиќ-Мачек“, понатаму дека „демонстрациите на 26 март 1941 година во Скопје и Куманово, како јавен протест на КПЈ во Македонија и израз на отпор на македонскиот народ против фашизмот енергично ја осудиле постапката на кралската влада и имале силен антифашистички карактер“ и уште низа вакви тврдења.[250]

Од друга страна пак улогата на политичкиот секретар на ПК на КПЈ за Македонија во македонската историографија беше толкувано во крајно негативна конотација, препишувајќи му грев за неговото незаинтересирано однесување за време на мартовските демонстрации, честопати оценувајќи го ваквото однесување на Шаторов дури до границите на предавство.

Но, фактите говорат дека македонската партиска организација од доаѓањето на Методија Шаторов на чело на организацијата до априлската војна се карактеризира со релативна стабилност и консолидација, со нараснато членство, национална програма и верба дека партиската организација како политичка опција ќе стои на позициите на македонските национални интереси. На тој начин се оправдува полетот и нараснувањето на бројната состојба на членството, а во духот на таквата инспирација биле пишувани документите, прогласите и летоците на ПК на КПМ. Во тој период Партиската организација следеше нагорна, позитивна политичка линија, а покраинското раководство под водството на Методија Шаторов работеше обединето, без внатрепартиски потреси, постепено стекнувајќи политичка самостојност и автономија, држејќи се до принципите на строга партиска конспиративност, принципот на заштита и нараснување на бројната состојба на членството. Партијата од состојба на политичка обнова во која се најде и ги беше зафатила месните организации и ограноци, во ниту еден случај не можеше да застане

[250] Т. Чепреганов во врска со ваквите толкувања истакнува: „Како беше можно Македонците, да бидат толку загрижени за пропаѓањето на државата која беше окупатор, денационализатор и асимилатор на самиот македонски народ? Секако дека не одговараат тврдењата од написите, несомнено пишувани во едно идеологизирано и политизирано време, таа држава, Кралството Југославија, македонските комунисти да ја чувствувале за своја и дека биле загрижени за губењето на нејзината независност“. Понатаму Чепреганов се задржува и на паролите кои според сеќавањата на учесниците, биле карактеристични за мартовските настани и за кои се тврди дека биле изрекувани од страна на македонските комунисти и македонскиот народ: „Долу Пактот“, “Подобро војна одошто Пакт“, “Поарно гроб отколку роб“... итн. Професор Чепреганов понатаму прашува: „...Дали било можно...ова да го извикувале членовите на КП од Македонија и македонскиот народ? Како е можно народ кој е под окупација без какви било национали права, во состојба кога врз него се врши присилна денационализација и асимилација по вертикала и хоризонтала, наместо слобода да бара да умре и за кого, за Кралството Југославија и уште повеќе да се нагласува дека со потпишување на пактот било **’извршено предавството кон слободата и независноста’** (потцртано од Т. Ч.)“. Тодор Чепреганов, „Мартовските настани од 1941 во Македонија од еден друг агол“ *Методија Шаторов и неговото време...*, 88/89.

на линија на просрпските интереси, а уште помалку пожртвувано да се бори за опстанокот на српскиот систем на управување, во кој партиската организација, во изминатите дваесетина години даде огромни жртви, токму во логорите и затворите на тој систем. Да се тврди дека партијата во Македонија ќе се стави во функција на бранител на озлогласената кралска Југославија, ќе ги извикува паролите „подобро в гроб отколку роб", „подобро војна отколку пакт", да ризикува и да ги стави своите национални интереси во втор план за сметка на српските интереси е далеку од логично размислување и сосема неприфатливо за научно толкување.

Од тие причини сосем аргументирано можеме да констатираме дека една од белите дамки во македонската историографија е толкувањето на мартовските настани, а особено е ненаучно заснована критиката која му се упатува на Методија Шаторов за неговата наводна незаинтересираност и одбивање македонските комунисти да учествуваат во демонстрациите.[251]

Методија Шаторов е искусен партиски работник, идеолошки непоколеблив во својата комунистичка идеологија, во години на зрела возраст кога раководи со ПК на КПМ. Истовремено тој е патриот и борец за македонските национални интереси. Нормално е дека ваков лидер во ниту еден момент нема да го ризикува кредибилитетот на партиската организација и да ја стави во интерес на туѓи позиции, да го изгуби и разочара членството и на ваков начин да ја уништи можноста за реализирање на сопствената визија, Македонија да ја води обединета, македонска КП, како репрезент на националниот интерес на сопствениот народ. Од друга страна послушноста како кадар на Коминтерната му налагала во целост да ја следи наредбата и линијата на интересот на Советскиот Сојуз и политичката линија на Коминтерната.

Затоа дејствувањето на Шаторов за време на мартовските демонстрации е во согласност со политичките нормативи кои комунистичките партии и дејци ги имаат прифатено, што подразбира послушност на наредбата на претпоставениот (досега нема документ кој ќе докаже дека ЦК на КПЈ издал наредба за организирање и вклучување на КПЈ во мартовските демонстарции) и ја следи линијата на Коминтерната за чување на кадрите за класна социјалистичка револуција. Во тоа време с уште е актуелен договорот

[251]Дејан Алексиќ, *Скопје во НОВ 1941*, материјали од научиот собир, (Скопје: Градски одбор на СЗБ од НОВ-Скопје, 1973), 95-117.

Рибентроп – Молотов, па секое отстапување или можност за загрозување на договорот барем од страна на некоја комунистичка секција биле постојано следени. Во таа смисла, сосема е нормално и аналогно на текот на настаните, предупредувањето кое Георги Димитров му го упатува на Тито во писмото од 29 март 1941 година во кое се вели: „Изречито советуваме на оваа етапа да се ограничите на интензивно и умесно објаснување на масите за ставот што сте го зазеле, **но откажувајќи се од улични демонстрации** (болдирано С. Н.) и на секој начин избегнувајте оружени судири на масите со властите. Не препуштајте се на моменталните расположенија...Не ставајте ја под удар и не фрлајте ја предвремено во оган авангардата на народот. Уште ни оддалеку не настапил моментот за решителен судир со непријателот. Основната задача на Партијата сега се состои во тоа неуморно да ги објаснува своите гледишта и сестрано да се подготува себеси и масите. Примете го тоа на знаење и извршување“.[252]

Општиот заклучок е дека досегашното оцрнување на Шаторов по ова прашање е резултат на необјективно толкување на посочените настани, далеку од научната вистина.

### 3.2 Состојбата по наци-фашистичкиот напад и окупацијата на Македонија

Со превратот од 27 март биле нарушени плановите на Германија за напад на Советскиот Сојуз и конечно пресметување со Велика Британија, па настаните ќе послужат како повод, уште истиот ден, Хитлер да донесе одлука за напад на Југославија. Германската врховна команда го изработила планот „директива 25“ со кој се предвидувало да се изврши концентричен напад од Австрија и Бугарија кон Југославија, заради уништување на југословенската војска и спречување на нејзиното евентуално повлекување кон Грција.[253]

Утрото на 6 април 1941 година, германската авијација започнала силен воздушен напад на југословенските аеродроми и воздухопловни центри. Напоредно со воздушните напади, на 6 април копнените сили од составот на 12. германска армија стационирана во Бугарија, продираат кон Македонија.[254] На 7 април, германските сили ги заземаат Кочани, Штип, Велес и Скопје, на 8 април навлегуваат во Прилеп го заземаат Тетово и Качаник, а

---

[252] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 6..., 277 и 397/398.

[253] Растислав Терзиоски, *Окупација на Македонија 1941-1944*, (Скопје: Менора, 2009), 24-26; *Други светски рат*, прва књига, (Београд: ИРО Народна књига, 1981), 222.

[254] Ванче Стојчев, *Бугарскиот окупациски систем во Македонија 1941-1944*, (Скопје: Григор Прличев, 1996), 51; Растислав Терзиоски, *Окупација на Македонија 1941-1944*..., 28/29.

на 9 биле заземени Битола и Гостивар. На 11 април италијанските сили влегуваат во Дебар и Струга со што се воспоставува врска меѓу италијанските и германските воени сили.[255] Во текот на 12 и 13 април германските сили го заземаат Кичево со што наполно ја запоседнуваат територијата на Македонија. Веќе на 18 април стапува на сила актот за безусловна капитулација на кралството Југославија.

Непосредно пред почетокот на воените настани, силите на Оската особено внимание посветуваат на Македонија и македонското прашање, пред с□ поради нејзината местоположба и комуникациско значење што го има со Грција и Средоземјето, но и поради ревизионистичките претензии и статусот на „награда“ кој Македонија го имала во претензиите на балканските држави. Тоа давало можност за калкулирање со неа, па во плановите биле разгледани неколку можни комбинаторики за нејзината иднина.[256]

Првите директиви за поделба на Македонија, Хитлер ги дава на 27 март, за време на советувањето кога се конкретизирал планот за напад на Југославија и како награда за поддршката што му ја дале сојузниците Италија, Унгарија, Романија и Бугарија, Хитлер им ветува територијално проширување. Според текот на настаните веќе на 8 април, првите денови од нападот, Хитлер ги планирал бугарските сили за окупација на Вардарскиот дел од Македонија и ослободување на германските војски, без притоа да бидат нагласени и конкретизирани границите на македонскиот простор, водејќи сметка и за интересот на Италија и нејзиното територијално проширување кон Македонија. Со „Привремените насоки за поделба на Југославија“ донесени на 12 април 1941 година било предвидено територијата на Македонија да се подели помеѓу Бугарија и Италија. Тие биле разгледани уште еднаш на Советувањето одржано на 17 април 1941 година кога било одлученообласта населена со Македонци да ѝ припадне на Бугарија со запоседнување на

[255] Со поврзувањето на италијанските и германските воени сили се прекинала железничко-патната врска меѓу Југославија и грчко-британските сили во Грција, со што бил уништен планот на југословенската команда, патот до Солун да се држи под контрола за снабдување и евентуално повлекување на југословенските сили. Ванче Стојчев, *Бугарскиот окупациски систем во Македонија 1941-1944...*, 51; Растислав Терзиоски, *Окупација на Македонија 1941-1944....* 30.

[256] Според некои анализи се предвидувало Македонија како Вардарска бановина на Кралството Југославија да се прошири со делот од Егејска Македонија заедно со Солун, но истата била отфрлена со мартовските настани. Втората варијанта предвидувала Македонија да се најде под директна германска окупација и владеење во рамките на Велика Србија и преку квинслиншките структури од типот на Недиќ, Љотиќ и слични структури Германија лесно да владее со нив. Третата варијанта предвидувала слободна, автономна Македонија од типот на Хрватска, на чело со Ванчо Михајлов и ВМРО под протекторат на Германија и Италија и како четврта варијанта се предвидувало Македонија заради заслугите на Бугарија, да се даде под нејзина директна окупација. Растислав Терзиоски, *цитирнаиот труд...*, 21/22.

воената линија Пирот-Врање-Скопје-долината на Вардар. На 21 април 1941 година во Виена била склучена спогодба меѓу претставниците на Германија и Италија, министеротза надворешни работи на Германија - Фон Рибентроп и министеротза надворешни работи на Италија – Ќано, а на 24 април во Виена била дефинирана демаркационата линија меѓу Бугарија и Италија во Македонија.[257]

Воспоставувањето на окупацијата на Македонија се вршело во неколку фази. Веднаш по навлегувањето на воените сили била воспоставена воена власт најнапред во големите градови, потоа во помалите населени места и по главните комуникациски јазли. Со цел да се држи контрола над населението, биле истакнати огласи на германски, српски и бугарски јазик со кои населението се повикува на послушност, а сите органи на власта и останатите јавни служби кои функционирале за време на Кралството се повикувале да го продолжат своето функционирање за потребите на германскиот окупатори.

С□ до доаѓањето и воспоставувањето на бугарската окупаторска власт, во периодот на инерегнумот, состојбата во Македонија во однос на поставувањето на локалната административна власт била неизвесна.

Според сеќавањата на Васил Хаџи Кимов, иако германските воени сили во целост ја окупирале територијата на Македонија, во првите денови од окупацијата не била извршена промена на административниот апарат, па градот Скопје с□ уште се наоѓал во административно владеење на Панта Јовановиќ и Рустем бег.[258] Најверојатно, поради немањето доволно сознание за каква националност на населението се работи и секако поради можноста да калкулираат со неколку опции по иднината на Македонија во своја корист, Германците оставиле простор за дејствување.

Факт е дека македонскиот народ за разлика од останатите народи во Југославија повеќе од две децении бил изложен на жесток терор од српската власт, и поради тоа

---

[257] Врз основа на овие одлуки била договорена демаркационата линија на територијата на Македонија и биле утврдени границите меѓу двете држави со што Вардарска Македонија била поделена на два дела. На 27 април 1941 година на бугарскиот и италијанскиот Генералштаб им била доставена одлуката за демаркационата линија во Македонија, која се протегала: Западно од Качаник-Лешок-Жилче, потоа источно од Железна Река - Ново Село - Мамудовац - Горно и Долно Бигор - Доленци - Староец - Белица - Велмеј - Мешеишта, западно од с. Подмоље преку Охридското Езеро - излегува јужно од Охрид на петтиот км. на патот Охрид - Св. Наум, потоа преку ограноците на пл. Галичица избива кај с. Евла во Преспа и продолжува источно од с. Козјак по гребенот на Баба Планина до старата југословенско-грчка граница. Во текот на целото војување ниту Италија ниту Бугарија биле задоволни од дефинираните граници па оваа линија честопати претрпувала промени и отстапки и претставувала едно чувствително прашање во односите на двете сојузнички. Исто таму, 45-48.

[258] Васил Хаџи Кимов, ЦДА-ф.1932, о. п. 4, а. е. 32, 20.

сосема била нормална реакцијата на народот и почетното воодушевување што го изразиле кон германските сили, благодарејќи за наводното „ослободување“. Во исто време, претставници од разни политички и идеолошки структури започнале да се прашуваат што понатаму и да дејствуваат во насока да се промени српската административна структура. Во тој контекст, на 8 април во „Галичкиот ан“ спроти црквата „Св.Димитрие“ се состанале Спиро Китинчев, Димитар Чкатров, Димитар Ѓузелов, Тома Кленков, Иван Пиперката. На состанокот од страна на Трајко Попов биле поканети и претставници на Партијата (Партиската организација на Македонија, б. м.) Коце Стојановски-Металец, Ангеле Петковски и Илија Нешовски, а поканата била прифатена по претходно консултирање со Партијата преку другарот Савелиќ. Присуствувале и приврзаници на политичкото крило на Иван Михајлов меѓу кои: Д. Цилев, Т. Чундев, Д. Куртов, Симон Андрев, Исак Калајџиев, Никола Коларов. На состанокот присуствувале и Германци. Разговорот го водел Димитар Чкатров и истиот одел во правец на идејата за формирање на комитет кој ќе ја прогласи Македонија за слободна и независна под протекторат на Германија. Но и покрај тоа што на состанокот и двете идеи биле разгледувани, едната за приклучување на Македонија кон Бугарија, а другата за независна Македонија сепак на крајот на состанокот преовладувала втората идеја. Од состанокот подоцна бил раширен леток меѓу народот, со повик, народот да се мобилизира и да ја откаже послушноста на српските админстративни власти кои во тоа време с□ уште се наоѓале во Скопје.[259]

Според овие податоци, иднината на Македонија на почетокот на априлската војна била повеќе од неизвесна. Германија и покрај ветувањата кон Бугарија, политички играла и на картата за независна Македонија, држејќи го на тој начин и Ванчо Михајлов и Бугарија во постојана неизвесност и игра.[260]

---

[259] До денес не е пронајден примерок од летокот со што би се потврдила неговата веродостојност. Димитър Минчев, *Българските акционни комитети в Македония-1941*, (София: Македонски научен институт София, Македонска библиотека № 34, 1995), 16-18 ; Васил Хаџи Кимов, ЦДА-ф. 1932, о. п.4, а. е. 32, 20.

[260] Сознанието за текот на состанокот и разговорите кои биле водени меѓу присутните, даваат за право да се заклучи дека Германија не ја отфрлила можноста за независна Македонија, со што постоела реална опција, зависно од текот на настаните, Хитлер политички да ја изигра Бугарија и повеќе од јасно е дека тој калкулирал со иднината на Македонија. Ако на ова се додаде и обидот после капитулацијата на Бугарија во септември 1944 година преку Ванчо Михајлов и неговите приврзаници да се преземе власта, ваквите очекување биле сосема реални. Меѓутоа, Васил Хаџи Кимов во неговите сеќавања истакнува и тврди дека за понатамошниот тек на настаните,пресудна улога имало неговото и вмешувањето на Стефан Стефанов, преку формирањето на Бугарскиот централен акционен комитет на 13 април 1941 година. Васил Хаџи Кимов, *цитираниот труд...*, 21/22.

### 3.3 Формирање на Бугарски акциони комитети

Паралелно со навлегувањето на германските сили во Македонија, во Скопје доаѓаат Васил Хаџи Кимов и Стефан Стефанов приврзаници на бугарските власти.

Според првичната анализа на Хаџи Кимов, иднината на Македонија била поврзувана со можноста за создавање автономна или независна македонска држава, доколку Бугарија не се ангажира во настаните, а во случај ако оваа варијанта е неизводлива, тогаш да се побара од народот тој сам да реши под чиј режим да се заклони, поточно во состав на која држава да биде: бугарска, српска, грчка, албанска (италијанска) или германска. Во своите сеќавања Хаџи Кимов истакнува дека тој и С. Стефанов ја подржувале идејата за приклонување на Македонија кон Бугарија.[261]

По пристигнувањето во Скопје и средбите со Иван Пиперков, д-р Александар Георгиев, Благој Попанков, Страхил Коцев, а особено по извршените консултации со

---

[261] Според сеќавањата на Васил Хаџи Кимов во периодот непосредно пред нападот на Југославија, македонската емиграција во Бугарија живо била заинтересирана и возбудено ги очекувала настаните. Таа не можела да се помири со фактот дека во таков историски момент треба да стои настрана како пасивен набљудувач. Според Хаџи Кимов, скоро сите остатоци на разбиеното македонско ослободително движење, без разлика на паролата под која порано се бореле дали за „автономна“, „федеративна“, „независна“ македонска буржуаска или советска држава, во овој решавачки момент за Македонија покажале дека во основа биле секогаш за нејзиното присоединување кон Бугарија, раководени од сознанието за бугарскиот карактер на Македонија, а македонското прашање го сметале за бугарско национално прашење. Тука Хаџи Кимов, ги вклучува сите македонски легални и илегални организации на чело со ВМРО, со сите нејзини крила од врховисти до централисти, како и сите бугарски политички партии и организации од крајната десница до крајната левица на чело со БКП. Доколку имало некаков отпор, тој бил пропаганден и немал врска со идејата за постоење на македонската нација. Затоа сите, во услови на подготовката на Бугарија за учество во Втората светска војна, молчешки и го признавале правото на бугарската држава да биде раководна сила, уште повеќе што ситуацијата била поткрепена со сојузот меѓу Германија и СССР. Хаџи Кимов ќе истакне: „Веројатно поради тоа не само БКП, туку и КПЈ заседоа став и временско исчекување на настаните до неизбежниот судир меѓу тие две држави. Но тоа не означуваше, дека одделните раководители и поактивни дејци на бившите легални и илегални македонски организации и групирања ќе го имаат тоа разбирање и трпение потполно и ќе се откажат од секое учество во претстојната драма на Југославија. Тоа за нив и нивните приврзаници беше не само прашање на чест, туку и смислен план да пуштат корени во Македонија како носители на извесни интереси, што ќе треба да ги бранат во една обединета Бугарија. Но пареллено со тој букет на амбиции и сметки за освојување на терен од Македонија, постоеја меѓу нив и кругови на чесни македонски синови, кои што исто така го бараа присоединувањето, но за разлика од другите настојувања, поаѓајќи од нејзините интереси, да и помогнат побезболно да го изживее преодното време и неизвесната иднина. И најглавното: да не позволат на врховистите (михајловисти, протогеровисти и др.) да го исполнат замислениот план и со помошта на бугарските буржујски влади (а таа помош нема да им се откаже) да создадат услови за еден режим на терор против с што е напредно, подобен на оној што го возглавуваа во Пиринскиот крај до 1934 година од една страна и од друга страна, да не продолжат да ја играат старата игра со експолоатација на македонското прашање и македонското ослободително движење во врска со Егејска Македонија, која, како се знае, не беше припоена исцело кон Бугарија по окупирање на Грција од Германија и Италија“. Под менторство на Павел Шатев, таа задача и должност, била доделена да ја извршат Васил Хаџи Кимов и Стефан Стефанов. Двајцата, ноќта помеѓу 8 и 9 април со германските војски преку преминот „Деве баир“ доаѓаат во Македонија. Исто таму, 8-15.

Спиро Китинчев, се дооформува идејата и на 13 април 1941 година се формира „Бугарски централен акционен комитет“– БЦАК со седиште во Скопје.[262] Целите и задачите на Комитетот како и усвоената „Декларација“ биле изложени во првиот број на весникот „Македонија“ кој се смета за орган на Комитетот.[263] Напоредно со формирањето, како главна задача на Комитетот, се истакнувала потребата од пронаоѓање на истомисленици кај месното население и поврзувањето со нив во внатрешноста, формирање на мрежа од градски и селски месни акциони комитети, не само во Вардарска, туку и во Егејска Македонија како и преземање на активности за подготвувањето на теренот за пречек на бугарските државни структури.[264]

По примерот на БЦАК формиран во Скопје и акционите комитети формирани во делот од Македонија окупиран од Бугарија, и на територијата на Западна Македонија, речиси во сите градови, се формираат комитети на кои главна задача им е агитација и подготвувањето на теренот за пречек на бугарските структури. Теророт врз населението во претходниот период од страна на режимот на Кралството Југославија, како и бугарската, италијанската и големоалбанската пропаганда, во голема мера придонеле за лесна манипулација со населението. Истовремено и Албанците во Западна Македонија формираат албански комитети кои пак агитирале и се подготвувале за пречек на

---

[262] Според Хаџи Кимов, кај германските власти повеќе преовладувала идејата за независна Македонија поради што не го признавале формираниот комитет, и барале докази дека жителите на Скопје се Бугари, а не Срби поради што Хаџи Кимов и Стефанов прават вонредна акција и целиот град во текот на 24 часа бил окитен со бугарски барјаци-знамиња. Дури по разговорите со членовите на Комитетот и нивните протести, Командантот на германските сили бил принуден да го обиколи градот за да се увери и да го признае Комитетот. На тој начин била извршена замена на српскиот административен систем со членовите и приврзаниците на Комитетот. Избраниот Комитет бил во состав: претседател-Стефан Стефанов, потпретседател-Спиро Китинчев, секретар–организатор-Васил Хаџи Кимов, благајник-Крум Органџиев и советници: Илија Атанасов, Благој Попанков, Иван Пиперката, д-р Атанас Георгиев. Исто, 22-23.

[263] Во првиот број од весникот, била објавена и Декларацијата која ја усвојуваат членовите на БЦАК во која јасно и недвосмислено се истакнува: „Бугари, Македонија е слободна! Слободна е Македонија за вечни времиња. Дојде крајот на ропството, од кое Македонија патеше до пред само неколку дена. Вековното македонско ропство - грчко, турско и српско, духовно и политичко, а во XX век и економско и социјално, исчезна засекогаш. Еден велик идеал, слободата, за кој Македонија води вековни борби со беспримерен стоицизам и безброј свидни жртви, е веќе реалност ... Македонија е слободна и е веќе во општобугарската национална општност. Бугарскиот народ во Македонија е длабоко разбранет и исполнет со неизмерна радост, и признателност кон царот на Бугарите, Цар Борис III, кон великиот водач на моќниот германски рајх Адолф Хитлер и кон Дуче- творецот на пријателска Италија...“. Исто, 25.

[264] По формирањето на БЦАК, Хаџи Кимов продолжува со формирањето на месните комитети во останатите градови во Македонија. Така биле формирани месни градски Акциони комитети скоро во сите градови и села низ Македонија. Интересен е податокот дека во составот на комитетите влегуваат претставници од разноврсни општествени структури и политичка и идеолошка определба, па во нивните редови се нашле интелектуалци, работници, занаетчии, а не мал број и декларирани комунисти. Повеќе за ова кај Васил Хаџи Кимов, ЦДА-ф. 1932, о. п.4, а. е. 32.

албанските административни власти. Водени од националистичките стремежи, примарната цел и на едните и на другите, била подготовка на теренот за дочек на административниот апарат на земјата-окупатор и приклучување кон истите.[265]

Во македонската историографија до денес улогата на овие Комитети се оценуваше единствено во доменот како продолжена рака на бугарската или албанската/италијанската политика што секако дека истите и биле, но при тоа се симплифицирала и неутрализирала одредена состојба и историски факти. Ваквото толкување, секако беше резултат на потребата за истакнувањето на македонската национална свест, како длабоко издефиренцира состојба на почетокот на Втората светска војна, што не одговара на вистината. Иако политички ослабнати, факт е дека во Македонија во периодот на интерегнумот делуваат остатоците на неколку политички крила од поранешното македонското револуционерно ткиво на ВМРО- михајловисти, протогеровисти, буржуаски групации и сл. за кои била заедничка бугарската национална определба. Нивен хендикепт е дека сите тие групации во тој период се без водечка сила која не успева да ги сплоти и обедини под една капа и раководство, туку остануваат изолирани и без поддршката на широките народни маси, па како резултат на тоа во тие значајни историски услови не успеваат да се наметнат како главен атрибут на македонската политичка сцена. Сепак од денешен аспект, анализата во врска со формирањето и дејствувањето на акционите комитети дава една објективна слика за состојбата во Македонија, во периодот на воспоставувањето на окупацијата. Иако не можеме да се апстрахираме од прокламираниот бугарски национален карактер кој бил деклариран во документите на БЦАК и останатите АК-ти, факт е дека во тој момент тие имаат своја улога како носители на политичката власт во периодот на интерегнумот, кога народот е оставен сам на себе и доброволно влегува во редовите на Комитетите, а забележана е појава на вклучување и на партиски активисти од КПЈ за Македонија, во редовите на Комитетите.[266]

Во услови кога сите бивши Југословенски републики се затворени кон себе, без објективни сознанија во кој правец ќе се движат работите, факт е дека АК-ти биле општествно - политичка форма која дејствувала на територијата на Македонија до

[265] Д-р Владо А. Ивановски, *Ослободителната војна во Западна Македонија, 1941-1944*, (Скопје: ИНИ, 1973), 19-26.

[266] Документирано е дека во акционите комитети влегуваат и истакнати членови на КПЈ за Македонија, меѓу кои Страхил Гигов, Ванчо Прке и др. Сепак, овие случаи, претставуваат поединечни одлуки на поединци и немаат никаква врска со одлука на ПК на КПЈ за Македонија.

доаѓањето на бугарската власт и воспоставувањето на бугарскиот административен систем.

По утврдувањето на воените граници потребата од ангажирање на германските сили според претходно предвидениот план за напад на Советскиот Сојуз–план „Барбароса", на 18 април Хитлер одобрилнавлегување на бугарски воени сили со што започнува воената и административна окупација на Македонија од страна на Бугарија.[267] Истиот ден, Петтата бугарската армија ја започнала окупацијата на Македонија и Поморавието во Јужна Србија, и до крајот на април, во Македонија бил поставен комплетен полициски и административен апарат, претежно доведен од Бугарија во кој се ангажира и еден мал дел од македонското население, во секој случај максимално верен и лојален на бугарската окупациона власт.[268]

Организирањето и функционирањето на бугарскиот окупациски систем во Македонија, според Бугарите значело „анексија" на таа територија, односно нејзино присоединување кон Бугарија.Иако анексијата не била официјализирана со посебен пропис, ваквата состојба била регулирана со низа закони,прописи, уредби и акти од страна на Бугарското народно собрание и Министерскиот совет. Во исто време започнало асимилирањето и денационализирањето на македонскиот народ. Бугарската влада веќе имала подготвено сили кои за кратко време и без поголеми проблеми воспоставиле воена, судска и законодавна,а потоа административна и политичка власт, како и црковна јурисдикција, настојувајќи животот и функционирањето на бугарската власт во Македонија да наликува во целост на бугарската.[269]

---

[267] Растислав Терзиоски, *Окупација на Македонија 1941-1944*..., 52.

[268] Единиците на бугарската 5. армија, Прва брза, Шеста и Седма пешадиска дивизија, до 24 април 1941 година ја окупирале територијата на Македонија источно од р. Вардар. а до крајот на месецот и западниот дел на Македонија с до назначената демаркациона линија со Италија. Воено-територијално Македонија била поделена на две дивизиони области: 1-ва дивизиона област со Штаб во Скопје и 15-та дивизиона област со штаб во Битола. Од 1943 година со новите воени засилувања од Бугарија во Штип бил стациониран Штабот на 17-дивизиона област. Исто таму, 52/53.

[269] Бугарија направила големи напори за прикажување на „анексијата" како чин на преземање на свои „национални" територии, но не успеала во целост да ги прикрие своите вистински намери. Донела низа закони, уредби, акти и прописи со кои сакала да го зацврсти своето владеење во Македонија. Меѓу нив како најзначајни биле: 1.Законот за државјанство, со кој на македонските граѓани им се признавало правото на бугарско државјанство; 2. Законот со кој бугарската влада се овластува да донесува (наместо Собранието) потребни законски акти. Со овој Закон се укинало дотогашното југословенско законодавство и администрација и започнало формирањето на бугарското законодавство и администрација; 3. Понатаму била извршена конфискација на имотите, биле укинати основните и средните училишта и Филозофскиот факултет во Скопје, биле укинати дотогашните и воспоставени нивни судски органи; 4. Како посебно ригорозни закони се истакнувале: законите за измени и дополнение на Законот за заштита на државата со 13

## 3.4 Состојбата во Партиската организација во Македонија по Априлската војна

По априлската војна и погромот на Југославија, пред македонската партиска организација се поставиле нови и сериозни задачи. Како составен дел од КПЈ, таа ќе се најде во еден од најтешките моменти, растргната помеѓу политичките интереси на двете соседни комунистички партии КПЈ и БРП, во период на политичка неизвесност кога се поставувале темелите не само за иднината на партиската организација, туку и за македонскиот народ и држава.

Наспроти капитулантската влада и неспособниот и неподготвен политички врв во Кралството Југославија, во априлските настани единствената политичка сила која останува обединета и не отстапува од ставот против распарчувањето на целокупноста на Југославија, за време на априлската војна и капитулација, била КПЈ. Во текот на војната КПЈ под водството на Јосип Броз ќе направи обид да се организира, понатаму да се приклучи кон официјалните одбранбени сили, односно кралската војска и да спроведе одбрана на земјата повикувајќи ги членовите на Партијата да го прифатат повикот за мобилизација и активно да се вклучат во одбрана на земјата.[270] Таа правела напор за формирање на доброволни одреди, собирање на оружјето, заштита и помош на членовите и народот. ЦК на КПЈ уште на првиот состанок по априлскиот напад на 10 април во Загреб ја анализира состојбата и со донесените одлуки јасно го покажува ставот против окупацијата на земјата.[271]

---

видоизменети члена со кој се заострувале казните за сторените прекршоци(посебно ригорозни казни, дури и смртна казна биле предвидени за членување во забранети организации, преземање на вооружени дејства, диверзантски акции и сл.). Со нараснувањето на НОВ и ПО на Македонија во 1943 година овој Закон претрпел измени кои дополнително ја зголемуваат неговата ригорозност и казнивост. Во тој период во значителна мера се зголемил бројот на судски процеси во воено-полевите судови, како и бројот на смртни казни за сторителите на противзаконските дејства. Д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, *Главниот штаб и државноста на Македонија(1941-1945)*, (Скопје: ИНИ, 2001), 26-32.

[270] На состанокот одржан на 8 април на кој покрај Јосип Броз присуствувале и членови на ЦК на КПЈ и ЦК на КПХ, била донесена одлука во воената команда во Загреб да се испрати делегација која ќе бара да им се даде оружје на работниците, на антифашистички расположените граѓани, да се разоружаат петоколонашите и да се испрати делегација до бановинските власти со барање да се пуштат од затворите и од концентрационите логори политичките затвореници. Но барањата од страна на КПЈ биле одбиени. Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 6..., 400/401.

[271] Јосип Броз со еден дел од раководството се наоѓа во Загреб каде на 10 април свикува заеднички состанок меѓу членовите на ЦК на КПЈ и ЦК КПХ. На состанокот била дадена оценка за краткотрајната војна и била разгледна општата ситуација особено прогласувањето на Независната Држава Хрватска. Било решено дека и покрај сломот на југословенската војска, КПЈ и нејзините членови ќе ја продолжат борбата против окупаторот. За таа цел е решено да се формира Воен комитет на чело со Тито; да се работи врз

### 3.4.1 Состојбата во месните партиски организации

Во Вардарскиот дел од Македонија поради низа објективни и субјективни услови, ситуацијата била различна од останатите делови на Југославија. Во архивските материјали и литература не постојат многу податоци за периодот пред и по априлската војна како и за активноста на партиската организација предводена од Методија Шаторов, но од она со кое се располага, може да се согледа отсуството на објективност во толкувањето на настаните и процесите, односно голем дел од документите отстапуваат од веродостојноста на реалната ситуација. Од денешен аспект, сепак врз основа на материјалите и сеќавањата со кои располага македонската историографија може да се направи една компарација и да се долови општата воено-политичка состојба во која се наоѓа Вардарскиот дел од Македонија.

Според изјавите и сеќавањата на учесниците во овие настани, во првите денови по априлскиот разгром, биле одржани партиски состаноци во поголемите месни партиски организации, па во литературата може да се наиде на податок дека веднаш по шесто априлскиот напад, на 7 април 1941 година партиската организација во Прилеп одржува состанок, на 10 април партиски состанок одржува тетовската организација, а на 11 април партиските организации во Куманово и Битола. Како што стои во изјавите и сеќавањата на учесниците на настаните, на состаноците била разгледувана општата воено-политичка состојба и биле донесени соодветни одлуки и решенија, понатаму било анализирано што и како да се дејствува во новонастанатата ситуација.

Како највпечатлив пример за политичка активност, во македонската историографија, се нагласува состанокот на прилепската организација. Според сеќавањето на Вера Ацева во врска со состанокот на МК на Прилеп, се истакнува: „Вториот ден од фашистичкиот напад на Југославија, односно на 7 април 1941 година со почеток во 18 часот во домот на Марко Ристески, започна состанокот на Месниот комитет на КПЈ за Прилеп кој траеше с до 8 април во 6 часот изутрина...донесени се следните мошне значајни заклучоци: Да се разобличува фашистичкиот непријател и неговата власт; Да се

---

собирање на оружје и воена опрема и седиштето на ЦК на КПЈ да се премести од Загреб во Белград. На состанокот била нагласена потребата од зачувување на единството на КПЈ и било одлучено членовите на ЦК да се упатат во Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Словенија за да им ги пренесат на партиските организации, одлуките од седницата. На 15 април 1941 година, во Загреб, Тито го пишува прогласот на ЦК на КПЈ „ Народи на Југославија" (проглас по повод на априлската војна 1941) кој во близу 20 000 примероци бил растурен низ земјата. Исто таму, 242 и 401/402

собира и на сигурни места засолнува секаков вид оружје и муниција како и друг воен материјал; Да се разделат на населението прехрамбени и други артикли од воените магацини, кои служеа за воена резерва, за да не паднат во рацете на окупаторот; Да се организира акција за ослободување на политичките затвореници од прилепскиот затвор; Да се прифатат и снабдуваат со цивилна облека офицерите и војниците од југословенската војска за да не паднат во заробеништво; Да се формира воена комисија; На 9 април 1941 година да се одржи партиско советување на кое да присуствуваат, покрај членовите на Местниот комитет на КПЈ за Прилеп секретарите на партиските ќелии како и други поистакнати комунисти од Прилеп...“.[272]

Според заклучоците од состанокот на месниот комитет во Прилеп воочливи се неколку моменти. Прво што е повеќе од очигледно е нагласувањето на состанокот и идентификувањето на ставовите на месниот комитет на Прилеп со ставовите на ЦК на КПЈ, па дури и глорифицирањето на спремноста на месниот комитет во Прилеп во дадената ситуација уште при априлскиот напад, како месен комитет да бидат способни да извршат проценка на воено-политичката ситуација, да донесат заклучоци и одлуки во однос на ситуацијата како и одлука за формирање на воени комисии. Факт е дека месниот комитет во Прилеп бил составен од млади луѓе, пред с работници меѓу кои се наоѓа и една мала група на интелектуалци школувани во универзитетските центри во Кралска Југославија, Белград, Загреб и Љубљана од кои делумно, поради априлската војна, некои од нив се вратени назад во своите домови. Но, за волја на вистината, во такви услови кога настаните со молскавична брзина се случуваат и кога ниту големите сили с уште немаат јасна слика и перцепција за текот на настаните, далеку од научно толкување е да се истакнува дека месниот комитет на Прилеп е способен да донесе една воено-политичка проценка и врз база на неа да ја насочува дејноста на Партијата.

Понатаму се наметнува прашањето кој ја издаде наредбата на МК на Прилеп да формира воена комисија на 7 април 1941година ако се знае дека ЦК на КПЈ на 10 април донесува одлука за формирање на Воен комитет,[273] а истата ја потврдува како одлука на

[272] Цитирано според Владо А. Ивановски, „Состанокот на Месниот комитет на КПЈ за Прилеп од 7/8 април 1941 година, „*Прилеп и Прилепско во НОВ 1941 година*, (материјали од Научиот собир одржан на 11,12 и 13 декември 1974 година), Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ-Прилеп, (Скопје: Култура, 1976). 103.

[273] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 6..., 401

Мајското советување, кога е одлучено сите раководства да формираат воени комитети значи еден месец подоцна.[274]

Во текот на месец април, активностите на Јосип Броз и одлуките кои ги донесува Политбирото на ЦК на КПЈ, се однесуваат на обидот на Тито, да се наметне како легален политички фактор на политичката сцена во Југославија, КПЈ да излезе од повеќегодишната изолација, правејќи обид за коалицирање со останатите демократски и опозициски партии во земјата,користејќи го при тоа обидот за ослободување на затворениците и вклучување на членовите на КПЈ во редовите на југословенската војска и одбрана на Кралството Југославија.[275] И можеби најприоритетната задача која во тие денови се поставува пред членовите на КПЈ, и истата е сериозна закана по иднината на КПЈ, е зачувување на монолитноста и единството на КПЈ на целата територија, во рамките на претходните граници на Кралството. Иднината на Вардарскиот дел на Македонија, а во тие рамки и иднината на македонските комунисти во целост ќе бидат зависни од надворешните фактори, од глобалната и регионална воено-политичка ситуација.

Оттука наведените заклучоци или не се донесени како што се наведени или се донесени на некој друг состанок. Од денешен аспект без да глорифицираме одредени настани, во доменот на објективноста, би можеле да резимираме дека во дадените околности, месните партиски организации, самоиницијативно одржале состаноци согласно новоизменетата ситуација, на кои биле донесени одлуки во рамките на нивните компетенции и можности за помош и евакуација на населението, санирање на штетите од бомбардирањето на градовите и нивно расчистување, уништување на полициската и судската документација, разгледување на состојбата со комитетите, собирање и складирање на оружје, храна, санитетски материјал и други неопходни продукти, и следење на иселувањето на српското население од Македонија.[276] И можеби една од

---

[274] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 330

[275] Види белешка, 244.

[276] По доаѓањето на бугарскиот воен и административен апарат меѓу првите мерки кои биле спроведени во Македонија било иселувањето на српските колонисти и нивните семејства кои беа населени во Македонија по Првата светска војна. Денес е јасен и познат ставот на Методија Шаторов кој беше изложен на Петтата земска конфренција, за протерувањето на колонијалистите од Македонија и осудата која го пратеше Шаторов долги години за ова прашање. Во тој контекст ќе дадеме едно видување од понов датум, изложено за време на Научниот собир одржан на 28 и 29 ноември 1996 година во Струмица од страна на Кочо Урдин. Во врска со иселувањето на колонистите К. Урдин вели: „Ако Шарло тогаш не се произнесол против колонистите, и ако Бугарите не ги избркаа колонистите, сега Србите ќе бараа да бидат уставотворен народ". *Благој Јанков- Мучето живот и дело (1910-1044),* Прилози од Научниот собир

главните задачи, која по навлегувањето на бугарските окупациони сили во Македонија, се поставила пред македонските комунисти, била борбата за разобличување и надминување на почетната заблуда кај македонскиот народ која ја имал во однос на „ослободителната" улога на Бугарија во Македонија.

Од друга страна пак, ако со изнесеното ги споредиме сеќавањата на Васил Хаџи Кимов, во кои се истакнува дека: „... ни БКП, ни КПЈ заедно со ПК за Македонија немаа во моментот на отпочнување на војната никаков изработен план за дејствување и ги пропуштија настаните да се одвиват без нивно активно учество. Само така може да се објасни исполнувањето на предоставениот од нив вакум со содржина од други движења и раководства, од други (групирања) Од друга страна, јасно, ни една комунистичка партија не можеше легално да вирее во една воена национал-социјалистичка или фашистичка окупација. Тие требаше да се послужат со извесни авангардни прогресивни резерви, со какви КПЈ во врска со Македонија, не располагаше, а БКП ги имаше во изобилие во резултат на македонското прогресивно движење возглавувано од левицата во старата ВМРО и ВМРО (Об.)",[277]веќе добиваме една сосема друга слика за состојбата.

Имајќи ги предвид фактите дека македонскиот народ по изминатите дваесетина години исполнети со терор, прогони и убиства на с□ што значело прогресивно и напредно, отворените обиди за асимилација и денационализација на македонскиот народ, прогон и затворање на членовите на КП и ригорозноста во казнувањето на членовите на ВМРО(Об.), се добива сосема јасна претстава зошто македонскиот народ со олеснување гледал на крајот на Кралството Југославија и макар во почетна заблуда, доаѓањето на германските и бугарските сили ги перцепирал како „ослободување". Народот искрено се понадевал дека ужасните години конечно завршиле. Македонскиот народ во преходната држава немал никакви шанси за сопствен општествено-политички и научен афирмитет. Тој бил во пазувите на голата егзистенција без право на национално произнесување, без право на политичко организирање и свој национален претставник како носител и репрезент на барањата на македонскиот народ, без официјален македонски јазик, без своја интелигенција и работничка класа која би ја повела класната борба на народот за разлика од останатите републики. И на крај македонскиот народ бил без своја автономна и

---

одржан на 28 и 29 ноември 1996 година во Струмица, (Скопје: Институт за национална историја-Скопје, Општински одбор на Сојузот на борците од НОАВМ-Струмица, 1997), 310.

[277] Васил Хаџи Кимов, *цитираниот труд*, 18-19.

обединета комунистичка партија која со својот политички, интелектуален и партиски апарат би ги бранел интересите, пред с□ и над с□, на македонскиот народ.

### 3.4.2 Ставот на Методија Шаторов во врска со војната и окупацијата - „Писмо до Стојана“

Во такви услови кога во глобалната воено-политичка ситуација, а особено кога во таборот на комунистичките партии, с□ уште бил на сила договорот Рибентроп-Молотов, воено-политичката ситуација пролетта 1941 година е повеќе од неизвесна за иднината на Југославија, а во тие рамки и за иднината на Македонија.

Методија Шаторов на чело на ПК на КПЈ за Македонија доаѓа во април 1940 година. До априлските настани во 1941 година, за само една година, буквално прави политичка реконструкција и обнова на Комунистичката партија во Македонија. Сепак, позитивниот тек на настаните во македонската партија ќе бидат прекинати по априлската војна. Во тие историски моменти, неколку ситуации и постапки ќе го детерминираат текот на настаните и крајната последица, политичкото елиминирање на Методија Шаторов. Она што е карактеристично за неговото однесување на почетокот на априлската војна е неговата скептичност и грешна проценка дека до неа може да дојде. Годините поминати во комунистичките партии, како лојален партиски активист и човек со челична дисциплина, ќе бидат пресудни за Шаторов и неговите политички ставови и потези, во кои се препознава „слепо“ верување во политиката на Коминтерната. Тој ја следи оценката дадена од Коминтерната и нејзиниот секретар, Георги Димитров за империјалистичкиот карактер на војната, дека таа ќе се води помеѓу капиталистичките земји, понатаму ја следи директивата за чување на кадрите за конечна класна револуција и единствено во таа смисла можеме да го бараме и да го оправдаме ставот на Шаторов за неприфаќањето на неизбежноста за престојната војна на Балканот.[278]

---

[278] Под влијание на идеологизираната слика која ја има за моќниот комунистички сојуз-Коминтерната, за која смета дека е непогрешлива, Шаторов стекнува мислење дека војна во скора иднина нема да се случи, особено наивно верувајќи дека договорот меѓу СССР и Германија, барем во блиска иднина, ќе ги штити интересите на СССР. Затоа на состанокот на Покраинскиот комитет непосредно пред шестоаприлскиот напад, во дискусијата помеѓу членовите доаѓа до жестока полемика околу ова прашање. Во изјавата дадена од страна на организациониот секретар Перо Ивановски, кој бил присутен на состанокот се истакнува: „Во ПК водевме големи полемики по овој проблем. Во ПК дојде до остри расправии, а меѓу Шарло и Орландиќ, член на ПК, дури до отворено непријателство. Јас, Бајо Видиќ (член на ПК) и Орландиќ стоевме на мнение оти војната е неизбежна и треба да се направат припреми за одбрана во врска со директивите на ЦК КПЈ. Шарло викаше: ‘Вие сте будали каква војна кога во Скопје уште горат ламбите’.

Следна работа карактеристична за активностите на ПК на КПЈ за Македонија и за политичкиот секретар Методија Шаторов во периодот непосредно по априлската војна е директивата на Шаторов за чување на кадрите односно директивата за предавање на оружјето на окупаторот. Долги години во македонската историографија беа критикувани и погрешно третирани тие негови директиви поради што Шаторов добиваше етикети на опортунист, контрареволуционер и непознавач на теренот, а истите беа користени како доказ во еднострано оцрнување на неговата улога како политички секретар во Македонија.

А во суштина Шарло бил сосема во право, бидејќи по навлегувањето на германските фашистички војски, се издава наредба за предавање на оружјето, а прекршувањето на наредбата повлекувала казна со стрелање.[279] Оттука постоела реална опасност за секој член на Партијата кој ќе биде фатен со оружје да биде стрелан. Токму оваа директива на Шарло за предавањето на оружјето која во суштина значи да не се носи оружје со себе, особено директивата се однесувала за партиските раководители да не носат оружје поради опасност од провали и смртни казни, значела заложба за заштита на кадрите.[280] Во таа фаза, партиските организации и нивните членови во никој случај не

---

Александар Спасовски „Има ли место за нова оценка на улогата и дејноста на Методија Шаторов Шарло", *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 262.

[279] При стапувањето на германските војски во градовите нивните команданти држеле говори во кои ги известиле граѓаните дека доаѓаат како ослободители и пријатели, дрско и супериорно најавувајќи ја скорешната победа на Третиот Рајх. При тоа повикувале на покорност и побарале да се излезево пресрет на потребите на германските војски; се заканувале со смртни казни на оние граѓани кои нема да го предадат оружјето и на оние кои ќе ги прикриваат офицерите и војниците на југословенската армија. Растислав Терзиоски, *Окупацијата на Македонија 1941-1944...*, 31-32.

[280] Според сеќавањето на Кирил Петрушевски – Димуш, близок соработник на Шаторов, интересна е неговата изјава за ситуацијата која всушност ќе биде и директната причина за давањето на директивата за зачувување на кадрите. Во изјавата Димуш објаснува: „...По повод овој случај, сметам дека треба да се објасни како што било и од каде и како дошло до такво недоразбирање, иако јас усно сум му објаснувал на повеќето другари, али пак слушам од поедини другари е останато тоа убедување, па затоа решив овој настан да го изнесам писмено затоа што досега не сум имал можност.

Во 1941 година април месец кога влегоа германските фашистички окупаторски војски во Скопје јас и Методија Шаторов Шарло утрото излеговме да разгледаме и да видиме како е состојбата во градот. Одејќи и слеговме на железниот мост и видовме декас е блокирано од моторизирана фашистичка војска, решивме да се вратиме назад и во тој момент еден вооружен фашистички војник ни повика да застаниме на повик ние застанавме. Тој дојде не праша и не претресе дали со себе носиме оружје. Откако увиде дека не носиме оружје не упати да одиме кон железниот мост, а каде не знаевме.

Додека одевме по мостот видовме како на двајца граѓани фашистичките војници најдоа оружје, а подоцна беа стрелани, а причина беше најденото оружје кај нив.

Продолживме да одиме по патот кој беше блокиран од фашистичката војска с до воената болница и таму во дворот останавме с до крајот на денот со голем број граѓани кои беа спроведени исто како нас. Неколкумина од спроведените граѓани кои се обидоа да побегнат беа фатени и стрелани...Тогаш Шаторов рече дека до сите партиски организации во Македонија треба да се изаде една директива со следната

смееле да си дозволат провали и нивно ликвидирање, по било каква цена, особено по едногодишниот макотрпен труд вложен во консолидирање и омасовување на редовите на Партијата.

Токму за таа цел, за омасовување на партиското членство, свесен дека само моќна и бројна Партија може да ги застапува интересите на народот и во крајна линија да води борба, Методија Шаторов, донесува одлуката да се отвори пристапот и влезот на нови членови во Партијата, без да се почитува дотогашната ригорозност во примањето на новите кадри за која се залагале некои од младите партиски активисти, што од друга страна значело  и „непочитувањето“ на наредбата на Јосип Броз за „чистење на редовите на партијата“.[281] Шаторов свесен дека единствено обединет народ може да ја донесе слободата и независноста и обединувањето на Македонија ширум ги отвора вратите на партијата и дозволува сите прогресивни сили, работници, интетелктулаци, либерали, социјалисти, чаршиската структура од редовите на занаетчиите и еснафите, с□ што се бори за слободна и независна Македонија да влезе во нејзините редови со единствена цел, нејзина конечна слобода во рамките на обединета македонска држава.[282]

Свесен за првичната погрешена проценка во однос на војната и согледувајќи ја новонастанатата регионална и локална ситуација во која се нашла Македонија, а при тоа тргнувајќи од националните интереси на македонскиот народ, Методија Шаторов дава свое искрено мислење кое во целост го претставува неговиот личен став и ставот на ПК на КПМ. Во вид на разговор, на самиот почеток на окупацијата, во април, ќе биде објавено

содржина: 'Сите организирани партиски другари, со себе да не носат оружје оти фашистите на секој што ќе му најдат оружје го стрелаат на лице место...'“. Љубен Петревски- Димуш, „Методија Шаторов-Шарло, сеќавање од Кирил Петрушевски-Димуш“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 242/243.

[281] Во својот извештај од 16. 09. 1941 година, Методија Шаторов, истакнува дека само еднаш во неговото работење, годинава, не ја послушал директивата на ЦК на КПЈ и тоа кога била дадена наредбата за распуштање на Партијата. Во своето образложение наведува дека, доколку ја испочитувал и спровел наредбата од 300 членови колку ги имала Партијата тогаш во Македонија не би останале ни 5 души. Миле Михајлов, „Извештајот на Методија Шаторов-Шарло до Извршниот комитет на Комунистичката Интернационала од 16.09.1941 година“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 185/186.

[282] Идејата на Методија Шаторов и неговата заложба за широк национален фронт, беше актуелизирана уште на Петтата земска конференција во октомври 1940 година. Од неа Шаторов не се откажува ни подоцна по априлската војна, иако според крутите комунистички толкувања основната  и главна сила на револуционерното движење, сметале младите македонски комунисти, задолжително требало да ја претставуваат работниците. Таков став имал и младиот Кузман Јосифовски-Питу, што ќе биде една од причините за неговото исклучување од ПК и од МК на Прилеп. *Изјава на Вера Ацева за работата на ПК на КПЈ за Македонија од септември 1940 до летото 1942*, Сл. IV. 1128/ II, 1-4.

неговото „Писмо до Стојана“. Во писмото се вели:„...Мнозина се прашуваат како така една држава како Југославија која броеше 15 милиони, капитулира за 10-12 дена. На това се дава отговор оти Немците биле многу спремни, со голема техника и дисциплина. Това е истина, али не сет само тие причините. Има многу поглавни причини а тие сет: прво, безразличието на широките народни маси по одношение на југославјанската држава и првителства, који 23 години пљачкаја и потискаја народите на Југославија; второ: предателството на петоколонашите и трето полната анархија во организацијата на военио апарат...Како резултат на војната и наша Македонија е окупирана од германски, италијански и бугарски војски. **Овај факт нас не интересује како Македонци кои половина век сме се бореле како Македонци за национално и политическо ослобожденије, како последователи на водачите и основателите на македонската натрешна организација на чело со Гоце Делчев, Јане Сандански, Гјорче Петров, Пере Тошев и Димо Х. Димов** (болдирно С.Н). Во член 1 од уставо на Натрешната револјуциона организација е речено, оти организацијата се бори за политическа и национална слобода за автономија на Македонија. Во чл. втори на истио устав се вели, оти таа за осуштестване на таја цел се бори против шовинизма **за збиране на сите македонски сили во едно цело. Знае се од македнската историја оти во натрешната организација влегвале лугје не само македонски Славјани, ами и Цинцари, Турци и др. који се бореле против турското господтсво и потисничество...јасно е како бел ден оти Македонците не се борат само за да имат свој попови и даскали и биле тие бугарски арнаутски или влашки. Македонците се борат за своја национална и политичка слобода** (болдирано С. Н.)“. Во однос на окупацијата, ставот на Методија Шаторов е јасен: „...**Некој македонци-врховисти сакајат да кажат оти борбата на Македонците е свршена со окупацијата на Македонија од страна на германски италијански и бугарски војски. Дали това е истина. Но, ни не може да биде, зато што Македонија не доби ни национална ни политическа слобода** ( С.Н.). Денеска не само Македонија ами целиот Балкански Полуостров (без турска Тракија) е окупиран од армиите на две големи империјалистички државі: Германија и Италија, со прилепените бугарски војски. Голем дел од Македонија има веќе бугарска администрација. Полицејски чиновници, джандари, кметови, секретарбирници, писари, даночни чиновници-сет назначени и требе да се кажи, оти сите тија сет от Бугарија. На Македонците не се дава

чиновничка служба дури немат право да бидат селски кметови. **Со право се праша секој честен Македонец: 'Каква ли је оваја слобода, штом Шумадинците се заместени со Бугари, а Македонците се држат под карантина'**(болдирано С. Н.). Во најдобрио случај на македонската интелегенција се таксуваат служби по селата на Бугарија, но по никаков начин служба во Македонија. Аргументите за това сет истите, кој употребјава и србите: не знаете официално државен јазик....**За мнозина стана јасно, оти характеро на оваја војна не е ослободителна а е војна завојевателна** (болдирано С. Н.)". И во однос на прашањето каква е позицијата на македонскиот народ во новонастанатата ситуација Методија Шаторов е дециден: **„...едно време беф ти пишал оти Македонците нема ништо да спечалат од една империјалистическа војна, а ти во тија моји зборови се сомневаше. Ти велеше оти нека да има војна само и само да им видиме грбовите на Србите, да се ослободиме. Како што слушам не си бил задоволен од 'слободата'. Ти си во правото, зато што во Македонија се променија само управниците, а не и системот** (болдирано С. Н.). Ние не видофме нити наши чиновници нити да се споменува нешто за нашите македонски революционери, нито пак за македонската култура. **Се што е наше ни се представуе како да е било бугарско** (болдирано С. Н.)". Во писмото до Стојана, Методија Шаторов дава објаснување и на улогата на Бугарскиот централен акционен комитет, и при тоа истакнува: „...Како во вашио град така туку речи во сите градови на Македонија се создадоја македонски комитети. Во тија комитети влегоја испечени врховисти, а негде и искрено мислешти и верователи Македонци. Во некој градови, како што е скопскиот, беја од Бугарија испратени преседатели и секретари за да раководеле дејноста им. Со други зборови беја испратени тутори, за да не би Македонците нешто да згрешат. Много честни членови од комитети избегаја, зато што видеја, да комитетите се използуват за спроведуване на исто бугарска политика а не на македонска за викане само ура и да живее Хитлер, Мусолини и цар Борис; За вршене на нечести дела и грабене на имоти; земане потписи, меници и пр. Некаде влегоја во тија комитети и отворени македонски предатели, кои во продолжение на 23 години беја десната рака на великосрпските шовинисти.Тија комитети многу брзо си изиграја ролјата, зато што не се јавија заштитници на македонските интереси и изгубија секакво доверје во народот. **Комитетите беја и сет база на окупаторите** (болдирано С. Н.)". Понатаму во писмото, Шаторов го дава својот одговор каде и како ја гледа иднината на македонскиот народ:

**„...Праша се што да се чини. Одговор е само еден: да се обединат сите Македонци и други народности во Македонија за општо своје право за слобода и равноправност, но не за цепене на македонската земја и македонскиот народ. За таја своја слобода и равноправност Македонците треба да се борат заедно со Бугарите, Хрватите, Србите, Грците и Црногорците на балканскио полуостров, зато што судбината денеска им е еднаква** (болдирано С. Н.). Целио Балкански п-в е окупиран од големите имперјалистическите држави Германија и Италија. Создаване на држава по подобие на Хрватско (Анте Павелич) е една комедија. Анте Павелич е орудие на Немците који одделија од Хрватско и дадоја Далмација на Италија. **Това не е независимо Хрватско, не е слобода. Балканските народи денеска изгубија својата слобода и независимост и сите сет окупирани от туѓји војски, затова и борбата за слободата треба да биде општа...“**. (болдирано С. Н.). И на крај, неговата слепа послушност и верба во СССР: „...Ништо не се знаје што ке биде утре. Советскио Сојуз е неутрален и не зема страна во оваја империјалистическа војна, али не еднаж е зајавено от советските државници, оти имат инетерси во Дарданелите и на Бал[канскиот] П[олуостро]в. **Со таја своја мирна политика Сов[етскиот] Сојуз ке остане последователен** (болдирано С. Н.). Било во процесо на самата војна било слет војната на мирната конференција, Сов[етскиот] Сојуз ке држи на својето и ке добие што сака. Нема друга држава на свето која да штити слободата и независимоста на малите народи од имер[јалистите] освен Сов[етскиот] Сојуз. Во самио Сов[етскиот] Сојуз живејат стотина народности во мир, братско разбирателство и полно равноправие“.[283]

## 3.5 Поврзувањето на Македонската партиска организација со БРП

По априлскиот разгром на Кралството Југославија, навлегувањето на бугарските војски и окупацијата на Македонија, раководството на КПЈ за Македонија и политичкиот секретар Методија Шаторов ќе се најдат, пред една од најсложените задачи и предизвици. Основното прашање кое се поставило пред организацијата и нејзиното раководство било што понатаму во новонастанатата ситуација. Со окупацијата и новите граници, постоеле

[283] *Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 – 1945*, Том I, Документи на Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Македонија 1941 – 1945, Книга прва, Документи на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија 6 април 1941 – 22 ноември 1942 (Скопје: Институт за национална историја, март 1968), 13-18. (понатаму : *Извори*, т. I, кн. 1).

реални шанси и опасност врската со КПЈ да биде прекината, а македонската партиска организација да се најде изолирана од централата. Во такви услови секретарот Шаторов, се наоѓа во состојба на исчекување на директиви од повисоките партиски форуми. Секако дека и Јосип Броз Тито и ЦК на КПЈ, непосредно пред априлската војна ја разгледувале политичката ситуација во Македонија и состојбата во МПО и барале можни решенија. Во тој контекст, се интересни насоките кои од страна на членот на ЦК на КПЈ Иван Милутиновиќ, му биле дадени на организациониот секретар Перо Ивановски-Тиквар, пред неговото заминување од Загреб.[284]

Веќе во мај 1941 година, политичкото раководство на Македонската партиска организација, организациски било поврзано со ЦК на БРП(к).

И токму поврзувањето на Македонската партиска организација со БРП(к), долги години му се препишувало како најголем грев на Методија Шаторов, чин поради кој Шаторов беше етикетиран како „Стариот Бугарин“ и предавник на интересите на македонскиот народ, а секој негов следбеник беше нарекуван „шарловист“. Ваквата пракса имаше свој тек с до осамостојувањето на Македонија. По 1991 година македонските историчари и публицисти, започнаа со процесот на препрочитување на историските податоци и материјали како и со проверување на објективноста на изјавите и сеќавањата на учесниците. Сосема е сигурно, дека во расветлувањето на настаните во голема мера помогна и познатата полемика помеѓу самите учесици во настаните, кои веќе ослободени од стегите на поранешниот систем ги побивале не само искажаните туѓи невистини, туку ја имале доблеста да демантираат и некои свои претходно дадени изјави и сеќавања.

---

[284] Во врска со прашањето како и на кој начин дојде до поврзувањето на МПО со БРП во недостаток на автентична документација, од особено значење е изјавата на организациониот секретар на ПК на КПЈ за Македонија Перо Ивановски –Тикварот. Во врска со насоките кои му биле дадени, Ивановски ќе истакне: „...Бевме во исчекување што ќе стане со нас во новосоздадените околности. На 16 март 1941 година јас имав разговор со членот на Бирото на ЦКЈ Иван Милутиновиќ во Загреб каде што се наоѓав на политички курс при ЦКЈ. Разговаравме јас и Вуко Кнежевиќ дојден од Македонија и Милан Поповиќ дојден од Косово. Тој ме предупреди дека наскоро е можна војна и дека може да се случи нашата територија да биде окупирана, во тој случај врските со ЦКЈ се отежнати. 'Во таков случај вие ќе треба да се поврзете со ЦК на Бугарија, но за сето тоа да н известите нас'. Јас таа порака ја сфатив само како практична потреба. Таа порака му ја пренесов на Шаторов по моето враќање. Сега кога тоа предвидување со војната и окупацијата се случи, Шаторов не покажуваше брз интерес за да се поврзе по своја иницијатива, туку чекаше да бидеме повикани“. Перо Иваноски Тиквар, „Методија Шаторов- Шарло и неговото време (1897-1944)“, *Методија Шаторов- Шарло и неговото време...*,172.

Меѓутоа, до денес не само што не постои целосно објаснување како, кога и под кои услови се случило поврзувањето, туку и податоците со кои располага историографијата се нејасни и контрадикторни. Податоците се контрадикторни во однос на прашањата кога и колку пати заминува Методија Шаторов во периодот април-септември 1941 година во Бугарија. Од нив не може да се утврди ниту како и каде доаѓа до средба со бугарското раководство и по чија иницијатива се случува поврзувањето. За збрката да биде уште поголема веќе во деведесетите години постои несоодветствување на самите изјави и сеќавањата дадени од еден ист учесник во посочените настани и тоа во зависност од периодот кога истите се дадени и за која цел. Така што изјавите дадени во 1948 година, и оние дадени во шеесетите и осумдесетите години во голема мера се разликуваат помеѓу себе.

### 3.5.1 Кога е поврзана МПО со БРП?

Според податоците кои македонската историографија ги има и со кои денес располога, за поврзување на МПО со БРП(к) доминираат главно две толкувања во однос на датумите кога се случува поврзувањето на МПО со БРП(к):

а) Според првото - поврзувањето е настанато некаде во втората половина на април 1941 година, а

б) Според второто - поврзувањето е настанато при посетата на Методија Шаторов во Бугарија од 24 мај до 1 јуни 1941 година.

*

При крајот на април, поради иселувањето на српските колонисти од Македонија и заминувањето на активни партиски членови од српска националност од МПО, ЦК на КПЈ смета дека македонското раководство е ослабнато и без доволен увид и контрола од централата, па донесува одлука, на работа во ПК на КПЈ за Македонија да ја испрати Мара Нацева, повеќегодишен лојален член на КПЈ.[285]

Во врска со нејзиното заминување на работа во Македонија таа ќе каже: „Кон крајот на април другарот Марко ми соопшти дека сум одредена за член на ПК за Македонија и што побргу да отпатувам за Скопје. Го зедов одредениот партиски

[285] Мара Нацева во Ниш во 1940 година, станува член на КПЈ, каде Нацева живее и работи. Нејзината активност ќе биде приметена од Светозар Вукманивиќ-Темпо и со негова помош таа влегува во Нишката партиска организација. Svetozar VukmanovićTempo, *Revolucija koja teče...*, 114.

материјал како и пораката до тогашниот секретар на ПК на Македонија Шарло Шаторов веднаш да дојде во Белград. Ми беше речено дека тој треба да присуствува на мајското советување“.[286]

Понатаму Нацева продолжува: „Во Скопје се јавив во ПК, го предадов материјалот, решението за моето одредување на работа во ПК и пораката за заминување на Шарло во Белград. Од страна на ПК ме прими организациониот секретар Перо Тиквар, ми рече дека секретарот на ПК, Шарло е на пат. Тогаш Шарло беше во Софија за поврзување со ЦК на бугарската партија , што дознав подоцна...“.[287]

Меѓутоа, вака како што е даден исказот на Мара Нацева е контрадикторен во однос на неколку фактички ситуации. Прво, таа споменува дека од Белград носи порака упатена до Методија Шаторов, дека е поканет да присуствува на Мајското советување. Во истиот текст таа вели: „Се сеќавам дека беа во тек подготовките за Мајското партиско советување во Загреб...“, а подолу во текстот вели: „Го зедов определениот партиски материјал како и пораката до тогашниот секретар на ПК на Македонија Шарло Шаторов веднаш да дојде во Белград. Ми беше речено дека тој треба да присуствува на Мајското советување...“.[288]

Ако Мајското советување требало да се одржи во Загреб, (се претпоставува на почетокот на мај, но не е исклучено истото да било одржано на 5 или 6 мај, б. м.), тогаш е нејасно зошто било потребно Методија Шаторов да патува во Белград. Во сеќавањето на Нацева никаде не се споменува, каква била организацијата на КПЈ во врска со одржувањето на советувањето, нема никакви податоци за делегатите кои би требало да присуствуваат на Мајското советување меѓу кои е назначен и Шарло, дали било потребно да патуваат до Белград, па оттаму да одат во Загреб на советување. Во ваква ситуација се наметнува прашањето, доколку се собирале делегатите во Белград, тогаш зошто истото не се одржало во Белград, туку во историографијата е познато дека Мајското советување се одржало во Загреб.

Повеќе од логично е дека ова што Мара Нацева го споменува во врска со поканата на Шаторов за Мајското советување е исфризиран материјал, даден за тогашните политички потреби и затоа таа еднаш вели дека Шарло треба да се јави на Мајско

[286] Мара Нацева, „Спроведување на јулските одлуки на ЦК КПЈ во Македонија“, *Скопје во ослободителната војна и револуција 1941-1945*, том I, книга втора (Скопје: Архив на Скопје, 1984), 186.
[287] Исто таму, 186/187.
[288] Исто.

советување, а друг пат да се јави во Белград. Факт е дека Шаторов бил повикан во Белград, бидејќи според одредени навестувања и сознанија, во најмала рака веќе се претпоставувало, а можеби и се знаело дека постои интенција МПО да биде поврзана со БРП(к). Исто така може да се потврди изјавата на Нацева и од други извори, дека нејзе и бил даден партиски материјал и тоа според датумот на најзиното заминување од Србија во Македонија, станува збор за априлскиот проглас кој се печати во Загреб под наслов „Народи на Југославија“[289] и истиот се пишува и објавува до средината на април, и со тие материјали Нацева пристигнува во Македонија, некаде при крајот на април или почетокот на мај 1941 година.

Свое објаснување за датумот на поврзување на МПО со БРП(к) дава и Вера Ацева, која вели: „...Шаторов на барање од ЦК БКП во Софија е отиден во крајот на април (самиот Шаторов во жалбата до Коминтерната пишува дека во Софија заминал на 24.V.1941, а се вратил на1.VI. истата година - ( ова е веројатно грешка, треба да биде на 24. IV отишол, а се вратил на 1. V– В. А). Во тоа меѓувреме дошол повик од ЦК КПЈ за Мајско советување. Со оглед дека Шаторов бил отсутен, на советувањето е испратен Коце Стојановски-Металец од ПК...“.[290]

Од дадените сеќавања како објективно и вистинито можеме да го констатираме тврдењето дека Коце Стојановски заминува во Белград и таму има средба со претставници на ЦК на КПЈ, а не во Загреб каде што би требало да биде Мајското советување. Истото тврдење е потврдено и од Перо Ивановски-Тикварот.[291]

Антун Колендиќ во 1989 година, се вклучува во полемиката помеѓу Вера Ацева, Светозар Вукмановиќ-Темпо, Л. Колишевски и Цола Драгојчева и дава свое објаснување за приклучувањето на МПО со БРП(к) во кое се вели: „...Ивановски пишува дека во април 1941 година Шаторов со писмо беше повикан во Софија, да му се јави на Централниот комитет на бугарската партија. Шаторов веднаш го извести Покраинскиот комитет за тоа и отпатува во Софија... Откако отпатува, дојде повик од ЦК КПЈ Шаторов веднаш да дојде во Белград, зашто беше избран член на ЦК КПЈ... Ние (т.е. ПК за Македонија) немавме друг избор, па го испративме членот на ПК Коце Металец во Белград да види за што се

[289] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, том шести..., 242.

[290] Делови од „ Писмо до Темпо“ и интервју на Вера Ацева во в. „Млад Борец“ како нејзин одговор на одговорот од Лазар Колишевски, објавен во в. „Нова Македонија“. Архив на ИНИ „ Велимир Брезовски“, ф. Вера Ацева, Сл. IV 1128/1, 38.

[291] Перо Иваноски Тиквар, *цитираниот труд*,172/173.

работи и да каже дека Шаторов не е во Скопје, туку дека отиде во Софија. Коце се врати и рече дека другарите инсистирале Шаторов да дојде во Белград. По два дена Шарло се врати од Софија. Му кажавме - Коце и јас - за повикот од Белград. Тој одговори: 'Завршено е со тоа. Ние сега сме поврзани со ЦК на Бугарија'". Понатаму, Ивановски тврди дека во декември 1940 година Иван Милутиновиќ, член на Политбирото на КПЈ, му рекол дека ЦК КПЈ и ЦК КП на Бугарија се договориле дека, во случај на војна, т.е. на прекин на редовните врски помеѓу Белград и Македонија, ПК за Македонија треба да побара и да воспостави врска со Софија, а преку неа со ЦК КПЈ![292]

„Како второ, последните денови од април 1941 година мене во Скопје Петар Богданов, член на ЦК на КП Бугарија, делегиран 'за работа во Македонија', ми соопшти (бидејќи тогаш раководев со студентската партиска ќелија и со младинските скоевски групи) дека „од сега, *со одлука на Коминтерната* партиските организации во Македонија преминуваат под раководство на ЦК КП на Бугарија", па дека „СКОЈ ќе биде РЕМС (Работнички младински сојуз)"!

„Во мај 1941 година организацискиот секретар на ПК Перо Ивановски - Тиквар ми соопшти дека пристигнал итен повик од ЦК КПЈ Шаторов да дојде на советувањето на ЦК. Шаторов - ми рече Ивановски - одбива да оди и тврди дека тој е поврзан со ЦК КП на Бугарија. Меѓутоа, Тиквар и останатите од ПК (Коце Металец и Мара Нацева) сметаат дека треба да се оди. Тиквар ми предлага мене да одам во Белград и да ја изложам пред ЦК ситуацијата и да слушнам што порачува ЦК! Иако прогонет илегалец, стигнав во Белград и имав два долги состаноци со членот на Политбирото Иван Милутиновиќ.

„Милутиновиќ ми рече дека ЦК КПЈ знаел за 'приклучувањето', го осуди како штетна акција и ги презел потребните мерки за тоа веднаш да се поправи. Се вратив во Скопје и оттогаш - од крајот на мај 1941 година - иако имав редовни партиски и други контакти со многу партиски ќелии и комунисти од Скопје, Куманово и Велес, *никогаш* не слушнав дека некој поединец или група се согласува со 'приклучувањето' кон бугарската партија или дека се залага за тоа![293]Денес, кога под впечатокот на со децении

[292] Средбата меѓу Ивановски и Иван Милутиновиќ не се случува во декември 1940 година, туку на 16 март 1941 година кога Перо Ивановски се наоѓа во Загреб, непосредно пред избувнувањето на војната (б. м.)

[293] Изјавата на Антун Колендиќ која овде се среќава и се однесува на неговото заминување во Белград, во која наведува дека бил испратен од страна на Перо Ивановски, Мара Нацева и Коце Металец е негова лична изјава која досега не е сретната и потврдена на друго место. Не постои податок, кој ќе потврди

популаризираната официјална историја - како што тоа го кажува В. Ацева - владее црно-бела слика за Македонија во 1941 година (на едната страна предавник, Шаторов, а на другата - спасител, Колишевски), тешко е да се сфати тогашната стварност.

„Меѓутоа, доволно е да се погледнат *тогашните* партиски документи (а не надокнадните, со ништо недокажани прераскажувања или изјави на 'крунските сведоци на Револуцијата'), па да се увери човек во фактите. Го наведувам само циркуларното писмо на делегатот на ЦК КПЈ Д. Павловиќ - Шиљо од 19 август 1941 година во кое, како директива, изречно се кажува дека 'прашањето на која партија ќе биде приклучена македонската партиска организација не е ниту централно ниту важно: тоа е прашање кое братски ќе го решат раководствата на двете партии'"![294]

Според Цола Драгојчева која во тоа време е член на ПБ на ЦК на БРП(к) и одговорно лице на раководството на партијата,[295] Методија Шаторов лично не доаѓа во Бугарија во месец мај. Таа истакнува: „Разни југословенски историчари тврдат дека Методија Шаторов лично доаѓал во Софија веднаш по разгромот на Југославија за да 'ја предаде' Македонската партиска организација на БРП. Тоа е чиста измислица. Шаторов пристигнува во почетокот на октомври 1941 година од како раководството на КПЈ направи напори да го дежавуира лично него и раководениот од него ПК од комунистите и останатите маси во Вардарска Македонија. Дотогаш во Софија доаѓаа други пратеници на ПК, а ние во одговорот испративме за врска последователно неколку членови на ЦК".[296] Понатаму на прашањето кој го направи поврзувањето и по чија иницијатива до него дојде, Драгојчева вели: „Во април-мај кога се најдовме пред новата политичка ситуација на Балканот, нашиот ЦК беше загрижен како да постапи и на каква основа да ги изгради односите со ПК за Македонија: беа прекинати сите нелегални канали за врска со ЦК на КПЈ. Тогаш кога Југославија беше разгромена од хитлеровските агресори, ги проживуваше мачните месеци на полна дезорганизација, беше прекината и врската меѓу

---

дека раководството на ПК КПЈ за Македонија, го испраќаат Колендиќ во Белград. Од досегашната документација се знае дека Коце Стојановски-Металец има заминато во Белград. Во разговорот што го водевме со Перо Ивановски по ова прашање, тој е дециден дека таква работа не постои и дека ова тврдење е во доменот на шпекулации. Останува можноста Антун Колендиќ, навистина да има заминато во Белград, но во случајот, тој не е испратен од страна на ПК, туку можеби во сопствена режија или на барање на некој друг орган.

[294] Антун Колендиќ, *Белите дамки на македонската историја.* https://www.marxists.org/makedonski/kolendik/1989/beli-damki.htm

[295] *БКП,Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори, 1046.

[296] Цола Драгойчева, *Такава е истината...*, 63.

ПК за Македонија со ЦК на КПЈ. Во тој момент Шаторов побара врска со нас. Го истакнувам тој факт: ПК на КПЈ за Македонија –од името на Методи Шаторов и другите тогашни раководни дејци во обласга побараа врска со нас, самите, по своја волја без да ги притискаме со разни емисари. И наша заслуга е што во тој критичен момент за Југославија БРП не се поколеба да го исполни својот револуционерен долг преземајќи го раководството на таа организација. Ние не можевме, немавме право да им ја откажеме својата помош. При крајот на април и почетокот на мај Шаторов успева да се поврзе со своето раководство и да добие согласност од него, временски, до разјаснување на положбата, да ја постави македонската организација под раководство на нашиот Централен комитет. Го известивме за тоа Задграничното биро со писмо редактирано од Трајчо Костов и Антон Иванов и датирано од 10 мај 1941". [297]

Меѓутоа, датумот 10 мај 1941 година, во документот на БРП(к), кој во вид на извештај е доставен до Задграничното биро-ЗБ, јасно покажува и докажува дека воспоставувањето на врска со БРП(к) настанува или при крајот на април или на почетокот на мај 1941 година, бидејќи веќе на 10 мај, во извештајот кој се проследува до ЗБ се вели: „...Веќе имаме врски со Македонскиот областен комитет, кој по споразум со КПЈ премина под наше раководство. **Одусниот извештај на Обл. к-т (Катја)** (псевдоним на Шаторов б.м; болдирано С. Н.) се гледа дека таму партијата брои околу 400 члена главно во градовите, но политичкото влијание и било големо. Организациите биле млади, незацврстени, кадрите безискуство и слаби. Една третина од населението (пред с□младината) биле со јасно оформено македонско сознание. 1/3 (по-старото поколение) со бугарско национално сознание, а останатото 1/3 - неоформени потполно, но со симпатии кон македонското сознание. За бивша Југославија никој таму не жали, но општо е разочарувањето од новата положба". [298] Според содржината на текстот, за разлика од тврдењето на Цола Драгојчева, дека Методија Шаторов с до октомври 1941 година нема дојдено во Бугарија, сосема е јасно дека до средба помеѓу Шаторов и претставници од ЦК на БРП(к) доаѓа уште при крајот на април, односно почетокот на мај со што тврдењето на Драгојчева се доведува под сомневање. Според текстот повеќе од јасно е дека директна средба има, затоа што станува збор за усмен извештај даден лично од страна на Обласниот

[297] Исто таму.
[298] За ова повеќе во: *БКП,Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 1051/1052.

комитет – „Катја“, што е псевдоним на Методија Шаторов. Ја исклучуваме можноста, во тоа време некој друг член од МПО да бил повикан и да даде извештај за состојбата во МПО, а Шаторов да биде изземан и игнориран по однос на вака значајно прашање. Она што во текстот со сигурност не може да се констатира и с□ уште е нејасно, е прашањето каде била одржана средбата, дали некаде на територијата на Македонија или пак некаде во Бугарија.

Ако детално се анализираат изјавите и сеќавањата на учесниците во настаните и ако објективноста на истите се споредува како меѓу нив, така и со податоците од постоечката документација, повеќе од јасно е, дека истите се многу контраверзни и контрадикторни за да би можеле со сигурност да тврдиме дека до средба меѓу политичкиот секретар на ПК на КПЈ за Македонија, Методија Шаторов и претставници од ЦК на БРП(к) доаѓа при крајот на април или на почетокот мај 1941 година, ниту пак можеме да тврдиме каде средбата била одржана и што конкретно тогаш било договорено. Сепак во интерес на расчистувањето на ова прашање кое за своја основа го зема тврдењето дека до средба помеѓу Шаторов и претставници на БРП доаѓа при крајот на април или почетокот на мај, постојат релативни докази (с□ уште до крај непотврдени б.м) кои дозволуваат ова тврдење сериозно да биде прифатено како можно.

Според сеќавањата на Перо Ивановски –организациониот секретар на ПК, дадени подоцна се вели: „Шаторов на повик на ЦКБ на 24 мај 1941 замина на разговори. Во меѓувреме за ден-два дојде повик од Белград од ЦКЈ, Шаторов да замине на разговори. Поради тоа што тој не беше тука, јас и Коце се договоривме да отиде некој од нас, затоа што не знаевме за каква работа е повикан Шаторов. Се договоривме да отиде Коце затоа што тој имаше некои документи за патување. Во сеќавање ми е дека по неколку дена се вратија и двајцата едновремено. Ние прво го известивме Шаторов за повикот од Белград и дека во неговото отсуство отиде Коце и се врати со порака таму да отиде Шаторов. По тоа тој ни реферираше за своите разговори со Бугарите и ни раскажа дека со одлука на Коминтерната ние сме организационо поврзани со ЦКБ и поради тоа што тоа е одлука на КИ, тогаш и двата централни комитети ќе бидат информирани преку нив и затоа не мисли да е потребно да отпатува за Белград. Ни раскажа и за обидот на ЦКБ да ја раздели нашата организација на две области, согласно со административната поделба на власта и дека тој се спротивставил. Не само што инсистирал организацијата да остане цела да не се дели и

да претставува една целина, туку ако е потребна некоја промена, тогаш е повеќе потребно кон нас да се присоедини Пиринската област, а не оваа целина да се дели на две области. Други решенија околу неговиот статус немаше, што значи остануваше и натаму да работи овде кај нас како наш секретар. Неговата отсутност траеше од 24 мај до 1 јуни 1941".[299]

Податоците кои Перо Ивановски ги дава во прилогот „Методија Шаторов- Шарло и неговото време (1897-1944)"[300] во однос на датумот на поврзувањето на МПО со БРП(к) односно датумот на средбата на Шаторов со раководството на БРП(к) се контрадикторни ако се споредат со податоците кои се среќаваат во статијата „Белите дамки на македонската историја" на Антун Колендиќ.[301] Според првата изјава цитирана од Антун Колендиќ станува збор за април месец, а во втората изјава дадена во прилогот „Методија Шаторов- Шарло и неговото време (1897-1944)" станува збор за датумот од 24 мај до 01 јуни.

Но да видиме кои аргументи одат во прилог на можноста, Шаторов да има заминато на 24 мај 1941 година во Софија, на средба со претставниците на БРП(к), и тогаш официјално да станало поврзувањето. Еден од најиздржаните аргументи, во прилог на оваа верзија е податокот кој се среќава во „Извештајот на Методија Шаторов" од 16 септември 1941 година.[302] Во самиот извештај испратен до Коминтерната, до ЦК на КПЈ како и до ЦК на БРП(к), покрај останатото, е дадено објаснување и за прашањето поврзано со оваа проблематика, како и за неговата улога во поврзувањето со БРП. Шаторов во извештајот вели: „...**И покрај сето тоа ние не се поврзавме со ЦКБ с□ додека ЦКЈ не ни даде одобрување така да ние стварно го прашавме ЦКЈ за поврзувањето на ЦКБ и тоа го разгледувавме повеќе пати во ПК на Македонија во месец август, но тој (ЦКЈ) мислеше дека поврзувањето со ЦКБ ќе ги активира партиските организации. На другарите од ЦКЈ им напоменувам дека ние баравме од нив дозвола за поврзувањето со ЦКБ, тие нам ни порачаа дека ќе ни испратат јавка помеѓу двата централни комитети т.е. да и ние воспоставиме врски заради што отидов во Софија на 24. 05, а**

[299] Перо Ивановски Тиквар, „Методија Шаторов- Шарло и неговото време (1897-1944)", *Методија Шаторов- Шарло и неговото време*....172/173.
[300] Исто таму.
[301] Антун Колендиќ, *Белите дамки на македонската историја.* https://www.marxists.org/makedonski/kolendik/1989/beli-damki.htm.
[302] Миле Михајлов, „Извештајот на Методија Шаторов – Шарло до Извршниот комитет на Комунистичката Интернационала од 16. 09. 1941 година", *Методија Шаторов- Шарло и неговото време*...,184-194.

**се вратив до 1. 06. До овој датум ние бевме поврзани организационо и акционо со ЦКЈ, а потоа настанаа недоразбирањата и тогаш стаса порака да се јавам во Белград заради добивање на нови директиви. Другарите во ПК решиле да отиде еден член на ПК кој истовремено беше и член на воената комисија и тој се јави во ЦК и им дал информации за положбата на партијата во Македонија и моето отсуство, дека во тој момент се наоѓам во Софија".**[303] ( болдирано С. Н.).

Ако го прифатиме овој податок 24 мај 1941 година како евентуално можен датум за средба на Шаторов со ЦК БРП во Софија, во прилог на оваа верзија одат и хронолошките податоци кои се среќаваат во Титовите Собрани дела т. 7, каде стои дека во втората половина на мај „Тито во придружба на куририт на ЦК КПЈ, Даворјанка Пауновиќ Зденка, преку пунктот за врска на ПК КПЈ за Србија...стигнува во Белград. Од тој ден, седиштето на Политибирото на ЦК КПЈ е во Белград. Тука е и седиштето на ЦК СКОЈ, на ПК КПЈ за Србија, на ПК СКПЈ,...Тито се состанува со членовите на ПБ- Александар Ранковиќ, Иван Милутиновиќ и Милован Ѓилас и со членовите на ЦК КПЈ- Иво Лола Рибар, секретар на ЦК СКОЈ и со Светозар Вукмановиќ Темпо, раководител на централната техника во Белград. На тој состанок, во Тополска 14, Тито со членовите на ЦК КПЈ, донесува одлука во Македонија да се упати Лазар Колишевски кој ќе ги однесе документите на ЦК КПЈ, настанати од 15 април до почетокот на мај, и да утврди зошто секретарот на ПК за Македонија Методија Шаторов Шарло не се одѕва на повикот од ЦК КПЈ да дојде во Загреб на советувањето на КПЈ, зошто ги прекинал врските со ЦК КПЈ".[304]

Потоа, Александар Ранковиќ некаде при крајот на мај го известил Тито дека на повик на ЦК КПЈ во Белград дошол Лазар Колишевски и дека со прогласите на ЦК КПЈ од 15 април и од 1 мај и со заклучоците од Мајското советување на КПЈ отпатувал за Македонија.[305]

По пристигнувањето на Колишевски во Македонија (најверојатно крајот на мај почетокот на јуни, б.м) Перо Ивановски му соопштува дека Методија Шаторов не е тука.[306] Овој податок укажува дека не постои сомневање, дека Методија Шаторов во тоа

---

[303] Исто таму, 187/188.

[304] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 331.

[305] Исто таму, 332.

[306] Лазар Колишевски, „Мајските и јунските дни во 1941 во Македонија", *Скопје во ослободителната војна и револуција 1941-1945...*, 118.

време присуствува на состанокот со БРП(к) каде се случува и официјалното поврзување на МПО со БРП.

Во прилог на второто тврдење ќе го разгледаме и сеќавањето на Љупчо Арсов, кој со помош на своите семејни врски успева по априлската војна од заточеништвото во кое се нашол во логорот близу Сливница, да биде ослободен и безбедно да пристигне во Софија каде престојувал повеќе од еден месец. Според сеќавањата, во месец мај Љупчо Арсов е во Бугарија и како што истакнува „во тоа време веќе дојдоа и некои студенти од Македонија со намера да се поврзат со студентите од Софискиот универзитет. Меѓу нив беа: Кузман Јосифовски, Мирче Ацев, Лилјана Чаловска, Благој Попов од Прилеп и др. Тие брзо се поврзаа со напредните бугарски студенти и други напредни луѓе, а меѓу нив беше и другарот Митко Зафиров, по професија новинар. Митко беше наш познаник уште од Белград, зашто таму доаѓаше неколку пати пред војната“.[307] За престојот во Софија Арсов понатаму раскажува „За време на мојот престој во Софија, имав можност да се сретнам со некои истакнати членови од раководството на БРП, со членовите на ЦК Тодор Павлов и Христо Калајџиев, како и со Митко Зафиров, па дури и со членот на Политбирото на ЦК на БРП, Антон Југов. Во тоа време не знаев дека Павлов, Калајџиев и Митко Зафиров биле одредени како членови на Комисијата на БРП за воспоставување врски со партиските организации во Вардарска Македонија, Егејска Македонија и Тракија со цел да се присоединат кон БРП зашто тие територии биле присоединети кон Бугарија“.[308]

Во деновите на престој во Софија, Љупчо Арсов присуствувал на повеќе состаноци и на еден од тие состаноци станало збор и за поврзувањето на МПО со БРП. За овој состанок Арсов раскажува: „...Но, овој состанок не беше толку интересен по тоа прашање (станува збор за дискусијата по однос на прашањето дека нападот против Англија само што не започнал, б.м), туку по едно друго прашање што беше поставено. Калајџиев, имено инсистираше на тоа дека сега Југославија е разбиена и поделена меѓу повеќе земји – Германија, Италија, Унгарија и Бугарија, па веќе како единствена земја не постои. Според тоа, во тие делови не може повеќе да постои ниту единствена Комунистичка партија на Југославија. Поради тоа би било потребно, а и неопходно, надлежноста на Бугарската

307 Љупчо Арсов, Сведоштва, (Скопје: „Комунист“, 1984), 106-108.
308 Исто таму.

работничка партија да се протегне и на партиските организации во Македонија. Калајџиев тврдеше дека било општо воспоставено правило-'на една државна територија да може да дејствува само една комунистичка партија', а Македонија во тоа време е составен дел на Бугарија. Ете поради тоа би било нужно ЦК на БРП непосредно да се поврзе со партиската организација во Македонија и со неа да раководи. Тие (ЦК БРП-б. М.) тогаш уште немаа воспоставено врска со Покраинскиот комитет на КПЈ во Скопје, па би требало ние да им помогнеме во тоа. Да напоменам дека овој разговор се водеше во почетокот на мај 1941. Калајџиев притоа го постави прашањето директно кон мене: како ЦК на БРП би можел да се поврзе со Покраинскиот комитет на КПЈ во Скопје?".[309]

Наскоро по тој разговор Љупчо Арсов имал уште една средба и тоа со членот на ПБ на БРП(к) Антон Југов, во врска со можноста за поврзување на МПО со БРП: „Во текот на тој разговор, Антон Југов ништо не говореше за тоа дали има или нема македонска нација. Во еден миг тој само напомена оти тоа прашање мора сега да се потисне на втор план. Такви прашања принципиелно ќе се утврдат по војната. Сега било важно и неопходно организацијата на КПЈ во Македонија веднаш да се поврзе со БРП и во Македонија веднаш да се почне со организирана работа и борба против фашизмот. Времето било опасно, условите за работа ќе биле с посложени, а борбата уште потешка подвлекуваше Југов, па поради тоа работата и акцијата на Партијата треба во целата земја –Бугарија, да биде поврзана и единствено раководена. Принципот 'една држава-една партија' беше лајтмотив за време на нашиот разговор".[310]

Од аспект на ова сведоштво, несомнено е дека официјалното поврзување на МПО со БРП(к) настанува сепак во втората половина на месец мај, или како што стои во „Извештајот" на Методија Шаторов тоа се случува од 24 мај до 01 јуни 1941 година.

### 3.5.2 Како и по чија иницијатива дојде до поврзување на МПО со БРП?

Покрај прашањето, поврзано со датумот на поврзување на МПО со БРП, прашање кое се поставува пред македонската историографија и побудува интерес е и прашањето како и по чија иницијатива дојде до поврзување, дали по иницијатива на Методија Шаторов, ЦК БРП или Задграничното Биро на БРП, или пак по јасни и конкретни насоки дадени од комунистичкиот центар, Коминтерната.

---

[309] Исто, 114/115.
[310] Исто, 116.

Вера Ацева истакнува дека: „Во април 1941, уште додека не беа влегле бугарските окупаторски војски во Македонија, во Прилеп со автомобил дојде Митко Зафировски, родум од Гевгелија. (тој живеал во Софија долги години како емигрант). Се јави кај Кузман Јосифовски, се познавале од Белград. (Митко пред војната доаѓал во Белград). По налог на ЦК БКП требало да се поврзе со ПК и да пренесе порака на некој од ПК, односно секретарот на ПК да отиде во Софија и да се јави во ЦК БКП. За ова Кузман Јосифовски ме извести мене. Јас му дадов јавка за ПК, а тој му ја предаде на Зафировски. Затоа Зафировски заминал за Скопје. Кон почетокот на мај, во 1941 година Методија Шаторов-Шарло заминал за Софија според кажувањето на Перо Ивановски-Тиквар.[311] Тој и пред тоа имал намера, само подоцна, да појде во Софија за да си го види семејството. Таму имал ќерка. **Можеби планирал и да воспостави врска со ЦК БКП, меѓутоа, немало размислување за организационо поврзување на Партиската организација од Македонија со БКП** (болдирано С. Н.). Методија Шаторов-Шарло се наоѓал во Софија точно во она време кога е повикан од ЦК КПЈ како негов член да присуствува на Мајското советување". [312]

Според д-р Велимир Брезовски „До поврзување на организацијата во Македонија со БРП (Бугарска работничка партија) дојде по иницијатива на Централниот комитет на БРП. При ЦК на БРП постоеше македонски политички центар, кој беше распуштен и во текот на мај беше формирана трочлена комисија со задача да го изврши присоединувањето на комунистичките организации од трите дела на Македонија. Членот на комисијата Митко Зафировски имаше задача да го изврши присоединувањето на организацијата во Македонија што беше во рамките на Југославија, а другите членови Тодор Павлов и (Х)Ристо Калајџиев за Егејска Македонија и Тракија. Во врска со оваа задача, Зафировски се поврза со членовите на КПЈ од Македонија, кои по завршувањето на војната се најдоа во Софија. Беа одржани повеќе состаноци со македонските комунисти Љупчо Арсов, Благој Попов од Прилеп, Мино Богданов од Велес на кои беа присутни и членови на ЦК на БРП и на кои беше соопштена одлуката за поврзување на организацијата од Македонија со БРП и тоа беше мотивирано со принципот дека една

[311] Вера Ацева објаснува дека: „Во еден разговор Тиквар ми рече дека средбата на Шарло со ЦК БКП можеби и не била во Софија туку во друго место". Вера Ацева, *Писмо до Светозар Вукмановиќ-Темпо...*, 86.
[312] Исто таму.

територија треба да има една партија. Од македонските комунисти беше барана врска со Покраинскиот комитет. Формалното поврзување го изврши Мино Богданов и потоа без знаење на другите членови на ПК, Шаторов замина во Софија и го изврши формалното поврзување со БРП.[313]

Ова толкување на Велимир Брезовски во целост се согласува со сеќавањето на Љупчо Арсов.

И Антун Колендиќ во прилогот „Белите дамки на македонската историја", дава свое видување на настаните во кој се нагласува: „...Како трето, Трајчо Костов, секретарот на ЦК БКП, во 1946-1947 ми го повтори неколкупати следното: „Задграничното биро (т. е. Политбирото на БКП во Москва) со писмо напишано во *април 1941 година* му нареди на ЦК на бугарската партија (т.е. конкретно нему, на Т. Костов) веднаш да го преземе 'раководството и контролата' над сите организации во 'новоослободените краеви на бивша Југославија и Грција'"! Имено, на Бугарија, по крахот на Грција, ѝ припадна и дел од Егејска Македонија. На моите директни прашања од каде таа идеја и со кои аргументи се правдаше тоа 'приклучување' на македонските комунисти на бугарската партија, Костов сѐ сведуваше на тогашната проценка на другарите во Москва дека засекогаш е завршено со версајска Југославија.Тоа го илустрираше со повеќе докази, на пример, Советскиот Сојуз го призна разбивањето на Југославија и го истера југословенскиот амбасадор, а советскиот амбасадор во Бугарија тогаш (во април-мај 1941 година) му го честита на цар Борис 'припојувањето на новоослободените краеви' т. е. на деловите на Југославија и Грција, што дипломатски де факто е признавање! Главниот аргумент, пак, секогаш му беше договорот на претставниците на ЦК на Бугарија и Југославија од првите денови на 1941 година, за соработката на двете партии! Интересно е тоа што и Костов, како и сите останати бугарски раководители, вклучувајќи го и Г. Димитров, секогаш го истакнуваше и следното: 'Кој тогаш, во април 1941 година, можеше да очекува дека таа слаба и растргната КПЈ ќе крене востание и ќе поведе партизанска војна?' Како четврто, јас имав многу разговори со Георги Димитров во текот на 1945-1947 година и редовно - за ЦК КПЈ - за тоа праќав детални извештаи, кои сигурно се зачувани...Димитров ме прими во својот приватен стан и одговараше многу отворено на сите мои прашања. Имено, тој ме

[313] Велимир Брезовски, *Комунистичката партија на Македонија 1941-1944*, Редакција Миле Михајлов, Тодор Чепреганов, Ѓорѓи Чакарјаневски (Скопје: ИНИ, 2003), 47/48.

знаеше уште од 1933 година, кога ја водеше Балканската секција во Виена, а јас доаѓав како курир на ЦК КПЈ.Во разговорот лесно можеше да се забележи дека Димитров не го познава ниту односот на силите ниту стварноста на тогашна Бугарија. Тоа е и разбирливо кога се знае дека тој, во текот на емиграцијата, ги пратеше случувањата во татковината само преку 'извештаите' и пропагандните статии. На прашањето за улогата и положбата на Македонија во идната федерација, рече: 'Кога хитлеровците ја освоија Југославија и ја расчеречија, Секретаријатот на Извршниот комитет на Коминтерната долго и подробно го разгледуваше неочекуваното менување на ситуацијата. Советските другари тврдеа дека новонастанатата ситуација и новоскроените граници ќе останат трајно, дека тоа е апсолутно утврдено и потпишано со договорот Молотов-Рибентроп. Трајни се западните граници на СССР (се мисли на териториите добиени од Полска и Романија - А. К.), како и вклучувањето на Добруџа во Бугарија, а со самото тоа и разбивањето на версајска Југославија! Во врска со Југославија и Грција, посебно се дискутираше за новонастанатата положба на Македонија. За тоа реферираше В. Поп Томов. Го застапуваше ставот дека е неопходно да се активираат големите капацитети кои лежат во националното движење на Македонците. Затоа е потребно да ги води силна и решителна Компартија. На Балканот е најсилна и најдобро организирана Бугарската партија...Затоа предложи македонските организации (и КП и ВМРО(Обединета)) да се стават под контрола на ЦК КПБ и организациски да се поврзат со него'. Димитров 'дополнително се согласил со овој предлог', иако кажува, 'не учествувал во дискусијата'.По согласноста од Димитров, бугарското Задгранично биро во Москва ја прифати таа одлука и веднаш ја спроведе во живот. Меѓутоа, продолжува Димитров - Валтер (Тито) енергично протестираше, најпрво преку кратка телеграма, а потоа со низа надолго објаснети обвинувања. Ние, Извршниот комитет, брзо ја исправивме оваа наша очигледна грешка. Валтер доби сатисфакција. Не смее да се заборави дека до оваа грешка дојде во време кога сè уште дејствуваше пактот Молотов-Рибентроп и кога КП на Југославија беше мала, илегална партија, послаба не само од КП на Бугарија, туку и од КП на Грција! Кога дојде до Хитлеровиот напад на Советскиот Сојуз и кога почна партизанската војна во Југославија, ние се уверивме дека згрешивме и болшевички ја признавме грешката и ја поништивме погрешната одлука.Има уште многу факти кои непобитно ја докажуваат вистината: ниту Шаторов беше некој важен фактор, ниту Колишевски беше 'спасител'. Битката се водеше помеѓу бугарското

лоби како истурен фактор на советската политика и Тито со КПЈ како бранител на Југославија! И на крајот, сигурен сум дека, кога најпосле ќе се отворат советските, односно коминтернските архиви, ќе биде непобитно докажано дека Методија Шаторов - Шарло секогаш бил совесен, до смрт верен човек на Коминтерната, комунист кој се трудеше да ги изврши сите задачи и директиви на раководството. Тоа го правеше во Бугарија, СССР, Кина, Шпанија и во својата родна Македонија подеднакво! Дури и кога ги 'приклучи' партиските организации на Македонија кон Бугарија и кога, исклучен од ЦК КПЈ, му се јави на ЦК со молба да биде испратен во партизани и кога, ден пред ослободувањето на Бугарија, во шумите на Софија, на 8 септември 1944 година беше убиен со куршум во грб...".[314]

И на крај, во интерес на расветлувањето на ова прашање, зошто и по чија иницијатива дојде до поврзувањето, ќе го изложиме објаснувањето на Методија Шаторов дадено во извештајот до КИ. Во него Шаторов потенцира: **„Македонскиот ПК немаше врски со ЦКЈ и ве уверувам вас во тоа дека ние бевме повикани, а не дека ние баравме поврзување со ЦКБ, затоа се неприфатливи обвинувањата на моја адреса и на адресата на моите другари во ПК на Македонија"**.[315] ( болдирано С. Н.)

*

И покрај тоа што сведоченњата, сеќавањата и изјавите кои ги анализиравме, компариравме и приложивме не нудат можност за целосно расчиствување и давање на конечна оценка што и како настаните навистина се случиле, постои реална и објективна оправданост да се прифати дека Методија Шаторов остварува најмалку две средби со претставници од ЦК БРП. Едната средба веројатно се случува при крајот на април или почетокот на мај, на која е воспоставена единствено врска односно комуникација со БРП, без подетални насоки. Држи податокот дека оваа средба можеби се случува и во Македонија, но не е исклучена можноста истата да била одржана и во Бугарија. Додека пак официјалното поврзување и насоките кои при тоа му биле дадени на Шаторов, се случува на средбата од 24 мај кога Методија Шаторов заминува во Софија на средба со претставниците на ЦК БРП, со целосно знаење и на барање на Коминтерната и

[314] Антун Колендиќ, цитираниот труд.

[315] Миле Михајлов, „Извештајот на Методија Шаторов – Шарло до Извршниот комитет на Комунистичката Интернационала од 16. 09. 1941 година", *Методија Шаторов- Шарло и неговото време...*, 188.

Задграничното биро на БРП(к). Улогата на Шаторов, а во тие рамки и на ПК на КПЈ за Македонија, во настаните може да се анализира и оценува единствено од аспект на крајното спроведување и извршување на директивите на повисоките форуми, во случајот Коминтерната. Во анализираниот период не постоела ниту најмала можност Методија Шаторов и македонскиот ПК, да си дозволат слобода, директивите дадени од повисоките форуми да бидат игнорирани и бојкотирани туку едноставно, тие морале да бидат беспоговорно извршени.

### 3.6 Ставот, политиката и позициите на БКП кон македонското прашање

Експанзијата на наци-фашизмот претставуваше сериозна тревога за западните демократски сили од Европа и пошироко, и сигнал дека треба да се обединат и заеднички да се спротивстават на неговото ширење. Меѓутоа, поради нивниот егоизам и територијален експанзионизам до тоа не дојде. Од своја страна и единствената социјалитичка држава во светот СССР имаше свои цели и покажуваше територијален експанзионизам кој настојуваше да го реализира. Во тоа беа инволвирани скоро сите комунистички секции како дел од Коминтерната. Во таа насока, се движат и заклучоците донесени на Седмиот конгрес на Коминтерната кои биле целосно посветени на идејата за формирање на широкнароден фронт кој ќе ги сплоти не само работниците и селаните, туку воопшто ќе претставува полигон за обединување на целиот демократски свет.[316]

Меѓутоа, по Конгресот дошло до одредени отстапувања во однос на она што се случувало на Балканот. Претходниот став на Коминтерната, актуелен во триесетите година, за формирање на Балканска федерација, полека но сигурно се напуштал, а самата идеја како да била ставена на страна. Паролата за Балканска федерација на рамноправни држави била заменета со паролата за право на народите на самоопределување до отцепување, која подоцна ќе претрпи измена во самоопределување и стекнување на

[316] Седмиот конгрес на Коминтерната се одржал во Москва од 25 јули до 20 август 1935 година. Како резултат на популарноста стекната во Лајпцишкиот процес како истакнат водач на комунистичкото движење и борбата против фашизмот, Георги Димитров бил избран за генерален секретар на Коминтерната. Неговиот извештај насловен „Офанзива на фашизмот и задачите на Комунистичката интернационала во борбата за единството на работничката класа“ имал централно место на Конгресот и се оценува како пресврт во меѓународното комунистичко движење. Димитров се залагал за заедничко дејствување со останатите прогресивни политички струи, со други леви и либерални партии, и се залага за формирање на коалиција - обединет фронт против растечкото влијание на фашизмот. Обединетиот фронт, имал за задача привлекување кон борбата против фашизмот и на луѓето кои припаѓаат на селанството и ситната буржоазија. Конгресот ги потврдил заклучоците во извештајот на Димитров и гласал да се заземе курс кон формирање на обединет фронт т. е. Народен фронт. *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*. Том втори..., 958.

национални права на потиснатите народи, но во рамките на постоечките држави.[317] Тоа пак од своја страна, ќе рефлектира негативно влијание врз конечното решавање на македонското прашање и воедно во дадениот период ќе значи напуштање на идејата за негово конечно затворање. И покрај позитивниот тек, кој до триесетите години навестуваше можност за негово конечно решавање, преку иницијативата за создавање на ВМРО(Об.) и нејзината дејност, македонското прашање после Седмиот конгрес на Коминтерната и претстојната наци-фашистичка експанзија, беше одложено за некое идно време кога воено-политичките услови ќе бидат поповолни. Сигурно дека во позадината на ваквите одлуки, посебно во нерешавањето на македонското прашање, скоро сите заинтересирани ја гледале можноста за калкулирање со него, а посебно можноста Македонија да биде нудена како награда за придобивање на балканските земји на страната на Тројниот пакт или кон силите на Антихитлеровската коалиција. Тргнувајќи пред с од својот интерес, калкулациите на Коминтерната оделе во насока дека во постоечката констелација на силите, помудро е територијалните претензии и интереси на балканските држави да не се провоцираат и актуелизираат, со што би се нарушила политичката рамнотежа и сензитивните односи меѓу нив.[318]

Затоа, по испуштената шанса во 1934/35 година истото конечно да се реши, пред почетокот на Втората светска војна, во меѓународна воено-политичка ситуација статус кво-то во однос на македонското прашање, била најоптимална опција за Коминтерната. И покрај тоа што БКП во целост не ја отфрла паролата и можноста за Балканска федерација која за волја на вистината и покрај големата пропаганда се задржала само во доменот на агитациона парола, а не и како акциона, сепак, мирот на Балканот и иднината на Македонија долги години се гледала токму во неа, но во моментот кога на политичката сцена на Европа фигурирал моќниот СССР, потребата од Балканската федерација како можно решение с повеќе станувала не актуелна. Преовладувало мислењето дека непосредното организирање и кревање на масите против империјализмот може да се случи само под паролата за самоопределување, во сојуз со СССР.[319]

---

[317] *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 884,901/902, 1044.
[318] Исто, 1045.
[319] Дечо Добринов, *ВМРО (обединета)...*, 209; *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 1044/1045.

Меѓутоа, априлската војна и распадот на Југославија како воено-политичка сила на Балканот во основа ја менува и воено-политичката констелација на силите. Во новата ситуација, иднината на Македонија, а во тие рамки и иднината на Македонската партиска организација била исклучително неизвесна и секако предмет на интерес на БРП. Во директивното писмо на Трајчо Костов насловено како „ Директивно писмо за политичките задачи на БКП по победата на Германија над Југославија, за опасноста балканските проблеми особено македонскиот да се продлабочи и за ставот на партијата за негово разрешување“ од април 1941 година се вели: „Поради случувањата и фактите, кои ви се познати, положбата на Балканот и кај нас, во последните денови доста се променија. Навистина, случувањата на Балканот с□ уште не се завршени (за војната воопшто да не зборувам – таа допрва ќе се развива)…општата ситуација на Балканот за сега се потенцира во следново: На Балканот е создадена ситуација која се карактеризира со тоа што поради своите воени победи во Југославија и Грција, Германија за сега ги зацврсти своите позиции на Балканот, а заедно со тоа до извесен степен ги зацврсти и позициите на бугарскиот фашизам.За нашата работа се создаваaат дополнителни тешкотии... Југославија се поделува, но околу нејзиното наследство уште сега се забележуваат разни разногласија меѓу самите завојувачи и меѓу нивните сателити, респ. Бугарија. Италија како што изгледа, претендира на дел од Македонија и Солун, како и на целото Јадранско крајбрежје кое сака да биде ставено под нејзина контрола,…Германија изгледа претпочита под свое покровителство на Балканот, да создаде–**лилипути,** непријателски настроени меѓу себе и послушни. Како сето тоа ќе се разреши, се разбира дека сега не може да се предвиди“. Според него таквата состојба отворала „нови преспективи во борбата и тоа ќе извади на сцената нови фактори...“.[320] Во писмото тој се осврнал и на претстојните задачи и улогата на БРП, во поглед на новонастанатата состојба. Според Трајчо Костов главната задача на Партијата требало да биде објаснувачка, односно да делуваат меѓу народот и да му ја објаснуваат состојбата. Поточно, да се расветлува заблудата во однос на новиот поредок за кој се залагала Хитлеровата клика, т.н. хитлеров „социјализам“. Имајќи ја предвид идеолошката матрица на Костов, требало да се „...популаризира единствено

[320] *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 1047-1051.

советскиот пат како правилен начин за разрешување на националните и социјалните проблеми“.[321]

Исто така се осврнува и кон ставот на БРП кон македонскиот народ. Костов потенцира дека тие како членови на БКП имаат за задача : „да ја разјаснуваме срамната трговија со многустрадалниот македонски народ. Додека нашата партија, од почетокот на 90–тите години, па до денес не престанала да се бори за правата и слободите на македонскиот народ, додека таа секогаш го признавала и заштитувала правото на слободно самоопределување на сите потиснати балкански народи, во таа смисла на прво место и на македонскиот народ, нашите лажни патриоти и империјалистички лакеи за цело време, безброј пати тргуваа со тој народ: по Берлинскиот договор во 1878 година, потоа во 1912 година тие први, сами го признаа и осветлија почетокот на расцепувањето на Македонија, која ја разделија на три дела: бугарски српски и грчки...“.[322]

Според него почетокот на Втората светска војна и окупацијата на дел од народите на Балканот во преден план исфрлиле „две нови прашања од големо значење: македонското и за заштита на национално поробените малцинства“. А новонастанатата состојба со окупацијата не водела кон „разрешување на суштинските балкански национални прашања, туку кон ново раскинување на Балканот, согласно со интересот на германско-италијанските империјалисти без да се води сметка за волјата на самите балкански народи, при што нови големи национални малцинства ќе останат поробени и обесправени, што ќе создаде само нови проблеми, непријателства и повод за нови братоубиствени војни“. И бил сосема во право кога истакнал дека „ослободувањето“ на македонскиот народ од Бугарите „не е посакуваното ослободување на македонскиот народ: македонскиот народ никој не го прашува, други располагаат бесрамно со неговите судбини, се подготвуваат да ја прекројат македонската земја, македонските градови се жестоко разрушени од бомбардирањата, а дел од Македонците се убиени...наместо слобода на целото македонско население, без разлика на националност и вера, Македонија повторно се претвора во огниште на национално потисништво и денационализација; наместо да стане центар за изградба на договор меѓу балканските народи, Македонија се претвора одново во јаболко на раздорот и непријателства меѓу балканските народи. Треба

---

321 Исто таму.
322 Исто.

да се објасни дека 'Голема Бугарија' таква каква што ја проповедаат големобугарските шовинисти и македонските врховисти, многунационална и потисничка, внатрешно немоќна какви што беа послеверсајските многунационални држави, ќе биде играчка во рацете на германскиот империјализам...". Поведен од својата идеолошка матрица ќе заклучи дека „разрешувањето на националните прашања на Балканот не може да се добие по пат на завојување и империјалистичко насилство, со распокинувањето на другите народи и изострувањето на националните непријателства, туку по пат на братски договор меѓу балканските народи во сојуз со големиот СССР, кој има докажано на дело дека е против империјалистичкото поробување и распокинување на народите и самиот има дадено блескав пример на мирно братско сожителство и заемен сојуз меѓу слободните и рамноправни многубројни советски народи. Ние сме за правото на **сите** балкански народи слободно да си ја определат својата судбина, против импeрјализмот на Балканот, за дружба и земна помош со СССР...".[323]

Но, по навлегувањето на бугарската војска и окупацијата на Македонија како и по воспоставувањето на бугарскиот административен апарат, БРП будно следејќи ги насоките на повисоките форуми и тргнувајќи од своите интереси прави напори да воспостави врска со македонското раководство во Вардарскиот дел на Македонија, односно со политичкиот секретар Методија Шаторов. Веднаш по воспоставувањето на врската, односно по првиот контакт, ЦК на БКП на 10 мај 1941 година, упатува писмо до Георги Димитров со детални податоци за работата на БКП во Македонија, за печатење и објавување на општа балканска декларација и др.[324] Посебно е интересна идејата околу

---

[323] Исто.

[324] Според податоците со кои располагаме во македонската историографија во *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том втори, на стр. 200 и 237, како и во *Собрани дела*, том шести, на стр. 358 во однос на потпишувањето на заедничка балканска декларација, стои дека обидот за потпишување на декларацијата бил неуспешен. Имено, покренатите прашања и нивното решавање меѓу кои секако едно од најзначајните е македонското прашање се сметало дека најпозитивно би биле решени со заеднички договор меѓу братските комунистички партии, КПЈ и БРП. Според овие сознанијата, Јосип Броз во февруари 1941 година, го испраќа Саво Малешевиќ во Софија, како свој претставник во БРП, со предлог –декларација, која по согласност со ЦК БРП би требало да биде потпишана и да послужи како општа балканска декларација во утврдувањето на ставот кон македонското прашање и неговото решавање. Од своја страна и бугарскиот централен комитет имал подготвено проект – декларација која во одредени делови се разликувала од југословенската. Но, во македонската и југословенската историографија, не наидовме на податок кој ќе не упати на фактот дека декларацијата била потпишана и објавена. Во прилог на оваа констатација во *Собрани дела*, том шести, на стр. 274 во одговорот на Георги Димитров до Јосип Броз од 22 март 1941 година се потенцира: „Не е потребна сега општобалканска декларација и нема потреба да се истакнува специјално македонското прашање". Меѓутоа, според податоците кои се среќаваат во бугарската историографија стојат други, поинакви податоци во однос

заедничката декларација на балканските комунистички партии со која требало да се спротивстават на „шовинизмот и имеријалистичката поделба, за политика на братска солидарност и соработка на балканските народи“. Во декларацијата требало да биде нагласено спротивставувањето „на ослободувањето на Македонија по империјалистички пат“, што во суштина било „ново делење и поробување на македонскиот народ“. Во декларацијата требало да се потенцира, дека балканските ком-партии сметале дека право на „македонскиот народ е сам да ја определи својата судбина во **слободна, обединета и неподелена Македонија** ( болдирано С. Н.)“.[325]

Исто така ЦК на БКП се осврнува и на чинот на поврзувањето со македонскиот ПК. Во него се истакнува дека: „Веќе имаме врска со Македонскиот обласен комитет, кој по договорот со КПЈ премина под наше раководство. Од усниот извештај на Обл. к-т (Катја) се согледува дека таму партијата брои околу 400 члена, главно во градовите, но политичкото влијание им било големо. Организациите биле млади, незацврстени, кадрите неискусни и слаби. Една третина од населението (пред с□ младината) било со јасно **оформена македонска свест.** 1/3 (постарото население) со бугарска национална свест, а останатата 1/3 – наполно неоформено, но со симпатии кон македонската свест. За бивша Југославија никој таму не жали, но сеопшто е разочарувањето од новата положба (од распарчувањето на Македонија, разрушувањето, ограбувањето, насилното бугаризирање од новата Буг. администрација и нејзините фашистички методи и др). Се покажа, дека македонското население (не само Албанци, Турци, Грци и Срби) не можат да ги читаат бугарските весници и нашите документи треба да бидат преведувани на македонски јазик. Широко е распространето убедувањето кај народот дека вистинското ослободување на Македонија е возможно само со помошта на СССР. Бугарската администрација веќе го иселува на делови српското население, ги предизвикува Албанците против Турците, забранува на населението да се нарекува **македонско**, наместо в. „ Македонија“ којшто излегуваше по окупацијата, започна издавањето на в. „Целокупна Бугарија“.

И на крајот во писмото му ги пренесуваат донесените решенија:

---

на споменатата декларација. Имено, Цола Драгојчева во *Такава е истината* на стр. 59 во врска со ова прашање истакнува: „Таква беше и смислата на заедничката декларација потпишана во март 1941 година од страна на централните комитети на КПЈ и БРП. Резиме од таа Декларација беше објавена во партискиот в. „Работническо дело“ во првата половина на јуни истата година. Со декларацијата им се укажуваше на народите од двете страни непосредната опасност од војна и на Балканот...“.

[325] Задгранични органи на БКП 1941-1944, ЦПА ф.3, оп.4, а.е 590; Цола Драгойчева, *Такава е истината...*, 61.

„1) Да остане положбата на партиската организација во бившата југословенска Македонија таква каква што беше во Југославија, т.е. партиските организации во Македонија да се раководат непосредно од досегашниот македонски областен комитет кој отсега ќе работи под наше раководство и контрола.

2) Да се зацврстат комитетите и организациите со испраќање на подготвени кадри од стара Бугарија.

3) Да се потпомогне комитетот за издавање свој орган на македонски јазик.

4) Да се предупредат македонските другари за опасноста од секташко изолирање на масите и да се насочи вниманието кон создавање здрави врски со масите по пат на масови комитети и организации.

5) По исклучително болното, нерешено аграрно прашање да се потенцира барањето за оземјување на безимотното и малоимотното македонско население (без разлика на националната припадност) по конфискувањето на чифлиците на српската, македонската, турската буржуазија и на разните реакционерни елементи (војводи, четници, и др. – спроведувачи на великосрпската колонизаторска политика), без да се вознемирува работничкото српско и друго инородно населени, коешто си ја има купено земјата.

6) Да се поведе борба за расчистување на рушевините, организирање на прехраната, создавање на работа, израмнување на работничкте плати со тие во Бугарија (сега таму надниците се најмалку со 1/3 пониски во однос на Бугарија),... самоуправување, своја администрација, училишта на мајчин јазик, демократски права и слободи итн. Борбата за сите тие барања да се води под големата и општа парола за правото на самоопределување на македонскиот народ, за слободна единствена и неподелена Македонија, против војната, против империјалистичкото расцепување, за братски сојуз со народите од другите балкански страни, најтесни врски и соработка со СССР.

Решивме исто така, македонскиот комитет засега да се нарекува **Комитет на македонските работници,** додека не се избистри положбата на Балканот и не се реши конечно прашањето за организационата форма на партијата во Македонија и другите окупирани земји...“.[326]

---

[326] Во југословенската и македонската историографија во однос на прашањето дали Коминтерната била известена и дали дала согласност за поврзувањето на МПО со БРП, беше прифатен ставот дека информацијата од БРП за настанатото поврзување завршува до Задграничното биро, без притоа истото да биде доставено до Коминтерната. Аналогно на ваквото убедување, се тврди дека Коминтерната не дала

Имајќи ја во предвид хиерархијата во партиските форуми текстот на предвидената општобалканска декларација требало да биде во согласност со ЗБ на БКП. Но и покрај тоа ЦК БКП во писмото сугерира „**дека ќе биде целесообразно таа да не биде потпишана од КПЈ, која не постои повеќе како единствена организација. Потпишувањето од КПЈ би значело индиректно признавање на англиската парола за воспоставување на предвоена Југославија, туку од Српската, Хрватската, Словенската, Македонската и Црногорската партија, од РПБ и КП Романија, КП Турција, КП Грција и од албанските комунисти** (болдирано С. Н.). Презедовме мерки да воспоставиме непосредни врски со Романија и Србија и преку последната со Словенците и Црногорците. За реализирање на таа идеја нужно ќе биде да се добие согласност од Турците, Грците и Албанците. Можете ли да помогнете во тој правец...“.[327]

Ова во основа е состојбата во која се наоѓа КПЈ, а со тоа и ПК на КПЈ за Македонија по априлскиот војна. Доаѓа до прекин во врските со ЦК на КПЈ, а во регионални рамки КПЈ ја губи својата монолитност и позиција и нејзината иднина сериозно е доведена во прашање. Во ваква ситуација, несомнено дека единствената мисла на политичкиот секретар Методија Шаторов била што и како понатаму? Во услови кога голем дел од народот живеел со илузиите за наводното „ослободување од Бугарија“, меѓу кои респективно и дел од македонските комунисти, притисокот врз Методија Шаторов бил огромен. Во такви услови, некаде околу 15 мај 1941 година, упатува писмо до ЦК на

---

согласност за поврзување на МПО со БРП. Додека пак, според бугарската историографија, општо прифатено е толкувањето, дека Коминтерната е известена, и таа дава согласност, односно дека по нејзина директива настанува поврзувањето. Факт е дека во оригиналниот документ, на крајот од писмото е истакнато дека писмото е редактирано по барање на Лука и Чернооков, односно дека писмото составено од ЦК на БРП е испратено до ЗБ на БРП, за разлика од податокот во Зборникот на документи *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори, каде на стр. 1051, писмото е насловено како „Од писмото на ЦК на БКП до Георги Димитров со детални податоци за работата на БКП во Македонија, за издавање на општа балканска декларација“. Задгранични органи на БКП 1941-1944, ЦПА ф. 3, оп. 4, а. е. 590; *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 1051.

[327] Во интерес на решавањето на националните прашања во кое како доминантно се препознава македонското прашање и неизвесноста во поглед на него како тоа ќе се решава. факт е дека бугарското раководство во писмото од повисоките форуми бара да се почитува проектираната општобалканска декларација и правото на македонскиот народ сам да си ја определи својата судбина во слободна, обединета и неподелена Македонија. Втората работа која е воочлива во овој дел од текстот во писмото, е тврдиот став на бугарските комунисти дека КПЈ како монолитна организација повеќе не постои, а документот-декларацијата сметаат дека, во дадената воено-политичка ситуација, било потребно и бараат да биде потпишана од нејзините наследнички. Овој податок е од исклучително значење бидејќи ја расветлува состојбата во која се нашла КПЈ и односот на останатите комунистички секции, како и на комунистичкиот центар кон неа, и дава реална слика за нејзината објективна позиции во периодот април-јуни 1941 година, за разлика од фризираните документи со кои располагаме и во кои се глорифицираше не само улогата на КПЈ туку и нејзината позиција на Балканот.

БРП(к) со барање за разјаснување на состојбите по априлската војна и ставот кон македонското прашање. Во писмото покрај објаснувањето на состојбата во Македонија, желбите и надежите на македонскиот народ, Шаторов бара детални одговори на прашањата кои се однесуваат за иднината на партиската организација, македонското комунистичко движење и воопшто за иднината на македонскиот народ.[328]

Во него се вели: „Сосема ни е јасно дека поради актуелните настани, социјалното прашање (борбата против војната, против беспраавноста и теророт, против пропаѓањето и скапотијата, против самоволието на власта итн.) сега станува поостро и понеодложно. Преку организирање на масите во таа социјална борба ние ќе создаваме импозантна општествена сила во новите земји како и во старите територии и ќе ги подготвуваме можностите за дефинитивно решение и на националните прашања...“.[329]

Во однос на иднината на Македонија Шаторов прашува: „Пред с, дали може сега да ја истакнуваме паролата Македонија да и се врати на Југославија и да и се даде автономија внатре во една нова југословенска држава, дури и кога последнава би била во пакт за заемна неутралност со СССР? Мене ми е сосема јасно, дека нема да се најде ниту еден Македонец што би се согласил со слично решение на прашањето и според тоа ние апсолутно би се откинале од масите што би било непоправлива несреќа за нас. Сметам дека е сосема излишно повеќе да се зборува за ова прашање.

Второ, може ли уште сега, **да се издигне актуелното прашање,** како задача за непосредно решение, барањето МАКЕДОНИЈА ДА СЕ ОТЦЕПИ ОД БУГАРИЈА И ДА СЕ ФОРМИРА КАКО НЕЗАВИСНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА? Теоретски, тоа може да е мошне правилно и мошне корисно, но сега засега во реално создадената необилна положба, исфрлањето слична АКЦИОНА (т.е. не само пропагандна) ПАРОЛА исто така би ни одзело големи делови од македонското и бугарското население, кое, макар и заблудено, гледа на присоединувањето на Македонија кон Бугарија, како на решение на нашите национални вековни прашања. **Потребно е, и може во сегашните услови, да се води разјаснувачка, пропагандна и политичко – акциона работа за разобличување на империјалистичкиот карактер на случувањата на Балканот, да се разоткриваат**

---

[328] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 104-109; *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946),* Том втори..., 1052-1055.

[329] *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали...,104; *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946),* Том втори..., 1052-1055.

**тајните намери на силите на Оската и на Англо-американската банда,** а исто така и на империјалистичките балкански влади; Потребно е да се посочува примерот на правилното решавање на националното прашање во СССР, потребно е нашата борба за вистински мирен и братски договор меѓу балканските народи да се поврзува со нашата општа борба против војната и против народните балкански влади - оружје на империјалистичките завојувани лагери; Потребно е, да им се укаже на масите дека и националното прашање, како и социјалното, бара заедничко дејствување ( сојуз, пактови и др.) со СССР итн. Токму во тој однос, последниот партиски документ правилно го постави прашањето, макар што не го дообјаснува целосно, а тоа сме должни да го сториме во нашата понатамошна агитациска пропагандна и целокупна работа...

Трето, крајно време е да се стави точка на сите доктринерско-секташки спорови и расправии во врска со прашањето дали Македонците се одделна нација или се македонски Бугари. За тоа прашање веќе многупати имав можност да си го кажам мислењето подетално, така што сметам дека е излишно сега да го повторувам. Само ќе кажам дека за ВИСТИНСКИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА СПОСОБНИ СЕ ДА СЕ БОРАТ НЕ САМО ТАКАНАРЕЧЕНИТЕ МАКЕДОНСКИ СЛАВЈАНИ, ТУКУ И МАКЕДОНСКИТЕ БУГАРИ, а исто така не помалку од нив и сите оние национални малцинства кои во согласност со новата положба остануваат во границите на земјите што се присоединети кон Бугарија. Гоцеделчевото сфаќање на ова прашање продолжува да го има и сега своето полно значење, а ние во никој случај не би требало да развиваме македонски или бугарски шовинизам... Во секој случај, **на Бадевиот великобугарски шовинизам** ние не можеме и не треба да му спротивставуваме некаков нов **великомакедонски шовинизам,** кој понекогаш оди дотаму што проверени и прекрасни македонски дејци се прогласуваат за ... национални ренегати само затоа што ... не сакале да се чувствуваат „македонски славјани...

**Четврто...** во каква точно ФОРМА ќе се реализира вистинското ослободување на Македонија – тоа е прашање што ќе биде решено според реалните историски можности и со безусловна помош на СССР. Ние сме должни сега засега, **да ја истакнуваме илузорноста на сегашното 'решение' на македонското и на тракиското прашање и да ги мобилизираме масите околу нашите пароли, околу нашата социјална и национална програма.**

На крај, не треба, според мене, **не е умесно секоја радост на секој Македонец од настанатата промена да ја определуваме како пример на реакционерен шовинистички бес**. Од искуство веќе се убедив дека сличниот однос често дава многу негативни резултати за нас, бидејќи има луѓе што искрено мислат дека настанатото е навистина некакво правилно решение на прашањето...

**Петто,**...Кога го пропагираме советското искуство, советското решение на националното и на социјалното прашање, не треба да заборавиме дека истакнувањето на паролата за советска власт кај нас и на целиот Балкан (нејзиното истакнување како акциона парола за непосредно реализирање со востание и сл.) с уште не претстои во најблиските денови и следствено би требало да се помисли посериозно за ФОРМАТА, во која евентуално би се изразила една државна соработка меѓу балканските народи (односно држави) при основна претпоставка за барање главна поддршка во мирната политика на моќниот СССР. Тоа прашање уште не ми е многу јасно, макар што ми е познат нашиот поранешен однос кон балканска федерација. Сега условите се значително изменети и зарем не треба и ние да го измениме да го уточниме, да го детализираме нашиот однос кон идејата за балканска федерација, без да правиме, се разбира, капитал од името (балканска федерација, или балкански сојуз, или балканска соработка). Во врска со тоа се поставува и прашањето со која партија денес, би требало да се поврзе понепосредно македонското и партиско комунистичко движење - со југословенската или бугарската.[330]

**Еве за овие последниве, а исто така и за првите прашања би требало што поскоро да добиеме исцрпни јасни и сестрани аргументирани директиви и имено такви директиви јас замолив да ми се дадат, а за таа цел да се побара побрзо и поактивно учество, пред с на другарите што одлично го познаваат македонското и тракиското прашање и ги следат одблизу сите перипетии во развојот на односите меѓу Германија и СССР** ( болдирано С. Н.). Јас се разбира, го искажав своето мислење како лично мое мислење во погореизнесената смисла...ако се дадат директиви што целосно не се согласуваат со моето лично мислење јас ќе се потрудам да ги сфатам и

[330] Датумот и содржината на писмото јасно докажуваат дека до 15 мај МПО с уште организационо и политички не била поврзана со БРП. Бидејќи судбината на МПО била нејасна, Методија Шаторов наивно верувајќи и имајќи целосна доверба во повисоките форуми и нивните одлуки, бара насоки и директиви како треба тој и покраинското раководство најисправно да постапат понатаму, немоќен да сфати дека во оваа ситуација туѓите национални и повисоки интереси ќе бидат одлучувачки и детерминирачки за иднината на Македонија. Исто таму.

најточно да ги применам во својата практика. **Меѓутоа има извесна збунетост кај нашите луѓе и нашите симпатизери и таа збунетост би требало што поскоро да се отстрани од корен. А за таа цел најдобро би било токму сега да се добијат поисцрпни, појасни покатегорични директиви кои можат да одиграат просто историска улога во денешната меѓународна и балканска положба** (болдирано С. Н.).[331]

Наскоро, по испратеното писмо, Шаторов добива покана за средба со ЦК на БРП, на која заминува на 24 мај и се враќа на 1 јуни 1941 година. Според сеќавањата на Перо Ивановски, Методија Шаторов по враќањето од Бугарија детално ги известува членовите на ПК за текот на средбата со бугарското раководство и за разговорите со Бугарите, како и за одлуката на Коминтерната организационо да бидат поврзани со ЦКБ. Но, Шаторов на членовите на ПК им раскажал и за обидот на ЦКБ, да ја раздели македонската организација на две области, согласно со административната поделба на територијата окупирана од Бугарија како и за неговото спротивставување. Не само што инсистирал организацијата да остане цела, да не се дели и да претставува една целина, туку ако е потребна некоја промена, тогаш навестил дека е повеќе потребно кон Македонската да се присоедини Пиринската област, а не таа целина да се дели на две области". [332]

Ако вака како што се поставени работите, се земат предвид сите чинители и комплексно се анализираат, се доаѓа до неколку клучни заклучоци. Во периодот меѓу двете светски војни БКП се истакнува како најмоќна комунистичка секција на Балканот. Во нејзините редови се вклучува респективен дел од македонската емиграција која подоцна се приклонува кон левицата и во редовите на ВМРО(Об.). Секако дека процесот на оформување на македонската национална свест не останал надвор и не бил изолирана појава, напротив во годините по 1934 година особено била активна паролата за правото на народите за самоопределување. Во рамките на бугарските напредни структури особено во рамки на БРП дејствувале и бројни македонски дејци кои барајќи начини и модули ја афирмирале и идејата за самобитноста на македонската нација.[333] Но како што се менувале глобалните политички ситуации и услови така се менувала и стратегијата кон

[331] Исто.

[332] Перо Иваноски Тиквар, „Методија Шаторов- Шарло и неговото време (1897-1944)", *Методија Шаторов- Шарло и неговото време*...,172/173.

[333] *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 907-912;

признавањето на македонската нација и прашањето со налетот на фашизмот, останало да виси без своја конечна завршница.[334]

Во комунистичките кругови во Бугарија еден дел ја прифаќа идејата за правото на обесправените и национално потиснатите народи да се определат слободно по сопствена волја и да се изјаснат во согласност со главните линии кои се усвоени во документите на Коминтерната и токму на тлото во Бугарија се одвива овој процес кој бил поддржуван од БРП. Ваквата толеранција и поддршка мора да се признае дека историски е периодична и нестабилна, врамена единствено од насоките кои се даваат од центарот-Коминтерната. Факт е дека ова право се движи единствено во доменот на декларативното изјаснување без сериозни обиди да се дозволат било какви политички отстапки. Затоа во периодот меѓу двете војни карактеристично е што и покрај обидот на Коминтерната во 1934 година ниту една од балканските комунистички партии не дава можност македонските партиски организации да стекнат своја автономност да се одделат од матицата партија и од државата во која делуваат, а уште помалку тие делови да се обединат под единствено македонско раководство и да функционираат како обединет политички субјект на Балканот. Она што максимално било дозволено, било делувањето со помалку или повеќе слобода, но исклучиво во рамките на матицата- партија.

Неспорен е фактот дека територијата на Македонија по распадот на турската империја кај сите балкански држави побудува можност за свое територијално проширување. И таа идеја со помал или поголем интензитет се врежала во сите балкански политички структури. Во тие услови и покрај усвоените принципи на марксизмот-ленинизмот и пропагираниот интернационализам, комунистичките секции не успеваат во целост да се апстрахираат од националните експанзионистички идеологии. Конкретно еден дел од Бугарската комунистичка структура, особено членовите на Задграничното биро, вешто калкулирале со новонастаната ситуација на Балканот, искористувајќи го распадот на Кралството Југославија и нејзината поделба како конечна состојба. За волја на вистината, ставот на БРП кон Версајска Југославија бил поддржуван од коминтерновските кругови кои во секој момент на нејзиното постоење гледале со доза на сомнеж. Уште повеќе што во органите и телата на Коминтерната функционирал оној моќен раководен

[334] Исто таму, 1045.

дел од ЗБ на БРП кој бил во блиски релации со неа во Москва. Дел од нив го носат товарот на великобугарските желби за неостварениот сон за Санстефанска Бугарија и гледаат историски момент за остварување на оваа дамнешна желба. Сметаат дека со влегувањето на бугарската војска на територијата на Македонија се исправува грешката од минатото, а македонскиот народ кој ги има „бугарските корени“,[335] во тој историски момент се припојува со својата матицата. Затоа за нив ова било историска шанса МПО да се поврзе со БРП.[336]

Во таа насока и во прилог им оделе и интересите на СССР. Паралелно со менувањето на политиката на Сталин кон Југославија, и Коминтерната ги менувала своите директиви. Да се потсетиме дека веднаш по окупацијата на Југославија, Сталин ја укинува југословенската амбасада во Москва, не ја признава избегличката влада во Лондон и со тоа фактички ја признава окупацијата и разгромот на Кралството Југославија како Версајска творба.[337]

---

[335] Цола Драгојчева во своите сеќавања, не може да се апстрахира од својата националистичка матрица и посебеноста на македонската нација и нејзиното афирмирање на балканската политичка сцена го оправдува и гледа како резултат на потребата за заштита на „македонските Бугари“ кои живеат во Вардарскиот дел на Македонија, кои изложени на силниот притисок на српската асимилаторска и денационализаторска политика, после Првата светска војна, заради потребата од заштита се изјаснуваат како Македонци. Драгојчева смета дека „македонските Бугари“ доколку не можеле да се изјаснуваат како „Бугари“, одбираат да се нарекуваат Македонци како побезболна варијанта, за разлика од определбата „јужни Срби“ која од страна на српската официјална политика им била наметнувана. За разлика од неа, Дечо Добринов во *ВМРО (Обединета)* потенцира дека афирмирањето на македонската нација, потекнува од бугарските комунистички кругови од 1933/34 година, односно дека официјалното признавање на македонската нација е последица на „нихилизмот“ кој ја зафаќа БРП. Како резултат на ваквата состојба која секако била диригирана и под целосна контрола на Коминтерната, на Балканот се афирмира македонската нација, како самостоен и различен национален ентитет од бугарскиот.

[336] Драгојчева и покрај настојувањето да објасни дека БРП имала само најдобра намера, и дека чинот на порзување на МПО со БРП е само чин на поврзување и добрососедски гест МПО да не падне во изолација, во нејзината книга *Такава е истината* на стр. 61 ќе истакне дека: „веднаш по 22 јуни 1941 година...ЦК на БРП прави напор за градење на воена соработка со комунистичките партии на Балканот...Во ноември 1941 година ЦК на партијата излезе со повик во кој најрешително објави дека е против подготвуваното **хитлеровско окупирање** (болдирано С. Н.) на Источна Србија од страна на Бугарските војски“. Официјалниот бугарски печат, истакнува понатаму Драгојчева „го бранеше тој престапен акт со лажното тврдење, дека Бугарија ќе може 'чесно да се оддолжи' на Хитлеровска Германија за постигнатото 'национално обединување'. И пoрај тоа што Драгојчева зборува дека ЦК излегол со повик против хитлеровско окупирање на Источна Србија од страна на бугарските војски, сепак не можела да излезе од својата националистичка матрица и ќе истакне дека: „Навистина, присоединетите 'нови земји' кон границите на Бугарија всушност беа области **со претежно бугарско население, одземени со неправедните мировни договори од 1878,1913 и 1919 година**“. (болдирано С. Н.). За разлика од ова, каде е потенцирана окупацијата на Источна Србија, за Драгојчева окупацијата на Македонија претставува „воспоставувањето на бугарската администрација и бугарските воени гарнизони во Вардарска Македонија“. Цола Драгойчева, *Такава е истината...*, 57, 61/62.

[337] Ристо Шуплиновски, *Шарло (монографски прикази и полемики)...*, 85-90; Антун Колендиќ, *Белите дамки на македонската историја.*

Задграничното биро ја користи шансата и веќе во април 1941 година дава директива на ЦК на БРП за преземање на контролата врз новоослободените краеви на бивша Југославија. Испраќа писмо до секретарот на ЦК на БРП, Трајчо Костов, веднаш да се преземе раководството и контролата над сите организации во „новоослободените" краеви на бивша Југославија и Грција. Според тогашната проценка или т.н московски гледишта се сметало дека засекогаш е завршено со Версајска Југославија.[338]

Потоа следуваат неколку политички моменти, Советскиот Сојуз го признава разбивањето на Југославија, си заминува југословенскиот амбасадор, а советскиот амбасадор во Бугарија тогаш (април-мај 1941) му честитал на цар Борис „припојување на новоослободените краеви" т.е. делови од Југославија и Грција што дипломатски де факто значело признавање! Секретаријатот на ИК на Коминтерната долго и детално го разгледувале неочекуваното менување на ситуацијата. Тие сметале дека новонастанатата ситуација и новопрекроените граници ќе останат трајни, дека тоа апсолутно е потврдено и потпишано со договорот Молотов-Рибентроп.[339] Сметале дека трајни биле западните граници на СССР како и вклучувањето на Добруџа во Бугарија, а со самото тоа и разбивањето на Версајска Југославија. Посебно било дискутирано околу новонастанатата положба на Македонија. За тоа прашање реферирал Владимир Поптомов. Тој застапувал став дека е неопходно да се активираат големите капацитети кои лежат во националното движење на Македонците. Затоа, сметал дека е потребно да ги води јака и одлучна компартија. А според него на Балканот најјака и најдобро организирана била Бугарската партија. Затоа сметал дека македонските организации (КП и ВМРО-обединета) треба да се стават под контрола на ЦК КПБ и организационо да се поврзат со нив. Во однос на ова, Димитров кој не учествувал во дискусијата, дополнително се согласил со предлогот.[340]

После добиената согласност, бугарското задгранично Биро во Москва ја прифаќа одлуката и веднаш ја спроведува во дело. За да се оправда ваквото однесување на теренот ја пласираат тезата „една територија една партија". Од расположливата документација, која ја консултиравме, можеме сосема слободно и со право да заклучиме дека поврзувањето на македонските комунисти со бугарското раководство е само финале на

https://www.marxists.org/makedonski/kolendik/1989/beli-damki.htm.
338 Исто таму.
339 Исто.
340 Исто.

една системски преземена акција и политика. БРП веднаш по добиената согласност од страна на Коминтерната ја распушта дотогашната „македонска комисија“ и формира трочлена комисија во состав: Христо Калајџиев, Тодор Павлов и Митко Зафировски со задача да работат на воспоставување на врски со организациите во Вардарска Македонија, Егејскиот дел од Македонија и Тракија и нивно поврзување со БРП. М. Зафировски бил задолжен за Вардарска Македонија, Т. Павлов работи со организациите од Егејска Македонија и М. Калајџиев во Тракија. Затоа кога пристигуваат македонските студенти во Софија во април/мај, била развиена една широка пропаганда и се барале погодни лица кои ќе ја пренесат пораката и ќе ја реализираат идејата за поврзување.[341] И покрај јасната смисла на поврзувањето, БРП во сите документи објаснува дека тие во овој чин на поврзување даваат само привремена помош с□ до разјаснување на ситуацијата. Овој став се препознава и кај бугарската партиска активистка Цола Драгојчева која во своите спомени објаснува дека поврзувањето е само акт на добра соработка и интернационална комунистичка грижа без никакви задни намери, а во таа смисла, истакнува Драгојчева, било дозволено МПО да си ја задржи својата автономност. И овој став можеби би држел доколку на средбата на Шаторов со ЦК на БРП не побарале расцепкување на МПО согласно окупациската поделба, на скопска и битолска и приклучување кон Пиринската организација, која Шаторов категорички го одбива. Овој сегмент од преговарањата и договорањата јасно го покажува афинитетот на БРП за мешање и преземање на ингеренциите кон Македонија, кое ќе доведе до длабок меѓупартиски спор, надминат по вмешувањето и интервенцијата од страна на Коминтерната .

### 3.7 Ставот, политиката и позициите на КПЈ и на Јосип Броз Тито кон македонското прашање

Несомнено дека еден од најконтроверзните периоди во активноста на Македонската партиска организација е политичката ситуација во периодот април-септември 1941 година. Тоа е период во кој доаѓа до судир на две политичко-партиски личности, кадри на Коминтерната, кој подоцна ескалира во судир за преземање на раководството врз МПО, во период кога функцијата политички секретар на КПЈ на Ј. Б. Тито с□ уште не била цврста и политички стабилна.

[341] Љупчо Арсов, Сведоштва..., 106-108.

Јосип Броз на политичката сцена се појавува како претендент на местото генерален секретар уште во 1937/1938 година, а функцијата секретар на КПЈ ќе ја добие на почетокот на 1939 година, кога по силен напор, во Коминтерната успева да го излобира својот мандат како генерален секретар на КПЈ.[342] Веднаш потоа, успева да го актуелизира и наметне и ставот за правилното решавање на националното прашање кое е веќе позната иболна тема во југословенското комунистичко движење,особено кај хрватските членови, во прилог на што оделосоздавањето на националните централни комитети.[343] Во контекст на испланираното сценарио, иако само декларативно, Јосип Броз го афирмира своето гледиште за правилниот начин на решавањето на националното прашање во „Писмо за Србија".[344] На тој начин успева, ако не целосно, барем делумно, противречностите и несогласувањета кои биле предизвикани од национализмите во Хрватска и Србија моментално да бидат смирени, во согласност со неговиот став, препознатлив единствено во доменот на декларативно признание како треба да се гради идната Југословенска држава, овозможувајќи им го на сите народи во Југославија правото за самоопределување до отцепување. Напредните комунистички партии на Хрватска и Словенија ја искористиле во целост дадената моженост. Во Македонија ситуацијата била поинаква, партијата била слаба, без доволно обучени кадри, со силен државен и потиснички режим на с што било

[342] Упорноста на Јосип Броз особено доаѓа до израз при неговото барање за поставување за генерален секретар на КПЈ. За време на неговото лобирање да ја оглави југословенската партија, редовно испраќа писма со молби за негово назначува до политичкото раководство на Коминтерната и до генералниот секретар на КИ Георги Димитров. Во јуни 1938 година во писмото упатено до него видни се неговите напори за конечно затворање на прашањето поврзани со иднината на КПЈ и одобрувањето на неговиот мандат, и во него Јосип Броз апелира: „Драг другар, се наоѓам еден месец овдека во Париз, каде што допатував по твој повик за да го продолжам патот до тебе. Макар што веднаш по моето доаѓање е јавено горе, со тоа да ми се набави с што ми е потребно за пат, јас и до денеска залудно чекам одобрение за влегување...затоа те молам стори с да добијам дозвола за влегување...Другар Д[имитров], те молам застапи се за да се реши што побргу нашето прашање. Ако не е потребно да допатувам кај тебе, тогаш те молам да ми дозволиш да отпатувам во земјата за да укажам помош колку што можам. Ако се нема доверба во мене, тогаш е неопходно да се наименува некој друг и да му се даде морална поддршка. Но не кој и да е од оваа гнила емигрантска средина...", Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 4.... 66, 76 и 320; Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I, 82-113.

[343] Врз основа на одлуката донесена на IV Конференција на КПЈ, одржана во 1934 година во Љубљана, за формирање на централни национални раководства на Хрватска, Словенија а во блиска иднина и во Македонија, во 1937 година биле одржани основачките конгреси на КПС и на КПХ. Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 3..., XIV/XV, 116, 145, 294, 344

[344] Својата концепција за начинот на решавање на националното прашање Јосип Броз го изнесува во „Писмо за Србија" во кое се истакнува: „...Значи, хрватскиот, словенечкиот, српскиот, македонскиот и црногорскиот народ треба да се изјаснат на демократски начин како сакаат да ги уредат своите меѓусебни односи во државната заедница...Нема демократија без национална слобода и нема национална слобода без демократија". Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 3..., 41-48.

напредно и во услови кога партијата немала капацитет да излезе од влијанието и интересите на српските комунистички кадри.

И покрај почетните успеси, титовата политичка позиција до јуни 1941 година не била стабилна, и тој бил свесен за тоа.[345] Затоа во деновите непосредно пред априлската војна, мудро го одмерува секој свој потег во политичката игра со далеку помоќните комунистички секции и нивните интереси на Балканот. Чекор по чекор, по неговото назначување на почетокот на 1939 година, лојално ги завршува задачите кои му биле поставени од Коминтерната и веќе при крајот на 1940 година успева преку Петтата земска конференција да го зацврсти својот политички кредибилитет најмногу меѓу членството на КПЈ, упорно испраќајќи најситни подробности и детали од својата политичка активност и глорифицирајќи ги и најмалите ситници како успеси на КПЈ до Коминтерната. Но и покрај с□, неговата позиција на лидер како и позицијата и авторитетот на КПЈ на Балканот с□ до јули/август 1941 година нема да бележи некој изразит раст туку ќе се движи во линија на консолидација на партијата.

Априлскиот погром на Кралството Југославија во 1941 година ќе предизвика брзиот распад на државата да се рефлектира како реална и сосема можна опасност и по иднината и опстанокот на КПЈ. Таа како мултинационална партија која во својот состав ги прифаќала работните и народни маси во границите на Кралството Југославија, со раководство кое го сочинувале претставници од националните и покраинските партиски

---

[345] Еден од условите кои Коминтерната му ги поставува на Јосип Броз во залог за добивање на функцијата генерален секретар на КПЈ е реализирањето на политичката чистка од „опортунистичките“ и „троцкистички“ елементи во редовите на југословенските комунисти. Затоа веднаш по враќањето во земјата во март 1939 година Јосип Броз ја одржува првата седница на Привременото раководство на КПЈ во Бохињ во Словенија, кога доаѓа и до конституирање на ЦК на КПЈ. На седницата покрај останатите партиски задачи кои Коминтерната му ги наложила на Јосип Броз, приоритетно било извршувањето на задачата за проверување на партискиот кадар и чистење на партиските редови по разни основи: за предавство, фракциска и групашка борба, поради врски со троцкистички и други сомнителни елементи, врски со класниот непријател итн. На самата седница била донесена одлука за исклучување на видни партиски и раководни членови од КПЈ како и на оние кои веќе биле уапсени од страна на НКВД, но кои с уште не биле осудени. На седницата била донесена и одлука нивните имиња да бидат објавени и веќе во првиот број на в.„ Пролетер“ во мај 1939 бил објавен список со сите имиња на исклучените комунисти. Несомнено дека во тоа време да се биде исклучен од Партијата и без нејзина заштита е скоро еднакво со ликвидирање, затоа голем број од наведените комунисти подоцна од страна на НКВД биле осудени со смртни казни. Но, и покрај ваквото полтронирање Јосип Броз долго време нема да успее да ја стабилизира својата функција. Потврда за тоа е Петтата земска конференција која и покрај бројноста на делегатите, како и напорите на Тито истата да добие статус на Конгрес, и со тоа дефинитивно да го затвори прашањето за негова доверба, Коминтерната му порачува дека на оваа етапа е потребно собирот да се задржи на ниво на Конференција. Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 4..., 209, 363/364, Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 6..., 259; *Петта земска конференција на КПЈ (19-23 октомври 1940)*.

раководства, во текот на изминатите 20-тина години неизбежно била засегната од нерешеното национално прашање во државата како и препознатливиот хегемонистички однос на српското политичко лоби.

Но, веќе во дадениот период перфидниот Титово себе го имал акумулирано потребното искуство од партиската работа и јасно ги согледувал проблемите кои нерешеното национално прашање и мултинационалноста во К. Југославија ги носело во себе. Во таква ситуација прифаќајќи ја реалноста од можен распад на партијата, успева да го наметне чувството на заедништво, над националната припадност преточена во чувството на „југословенство“, и при тоа успева да ја искористи потенцијалната сила на обесправените и поробени народи и народности, и преку актуелизирање на паролата „братство и единство“ да ги сплоти народите и народностите во Југославија во интерес на реализирањето на својата цел. Затоа како искусен политичар, пред с прагматичар, во почетните денови на војната главните сили и средства ги насочува кон задржување на единството и негово афирмирање во Партијата. Останува во Загреб каде во моментот на формирањето на Независна Држава Хрватска, се чувствува најголема потреба од негова присутност и каде постои опасност за расцеп и одвојување на КПХ од КПЈ.[346] Во втората половина на април, со засилена работа и партиска пропаганда ги пишува и објавува прогласите: „Народи на Југославија“[347] и „Работен народе на Југославија“[348] кои ги упатува до централните и покраинските комитети во земјата. Во нив го отсликува империјалистичкиот карактер на Втората светска војна, нагласувајќи посебно дека: „Целиот капиталистички свет на сите пет континенти се наоѓа во војна која систематски ја подготвуваа финансиските олигархии на големите империјалистички сили, без оглед на тоа дали тие се нарекуваат Англија, Германија, Италија, Јапонија или американска империјалистичка клика. Империјалистите од двата војувачки табори без оглед на тоа дали тие се нарекуваат национал-социјалисти или фашисти или демократи тие ги тераат

[346] На 10 април 1941 година по навлегувањето на единиците на 14 оклопна дивизија во Загреб, била прогласена Независна Држава Хрватска. Јосип Броз уште истиот ден свикува заеднички состанок со членовите на ЦК КПЈ и ЦК КПХ на кој била анализирана состојбата и утврдени понатамошните задачи на партијата. Јосип Броз, *Собрани дела*, т..., 401.

[347] Јосип Броз, *Собрани дела*, т.6..., 243.

[348] Јосип Броз, *Собрани дела*, т.7..., 3.

своите народи во воен колеж само заради своите имеријалистички капиталистички интереси...“.[349]

Согледувајќи ја опасноста во која се нашло кралството Југославија, во прогласот се истакнува распарчувањето на земјата, теророт врз недолжното население особено врз работничката класа, и ја потенцира опасноста од братоубиствената борба: „...Занданите на Југославија, особено во Хрватска, се полни со работнички борци, а реакционерната марионетска, франковечка, господска влада во Хрватска непрекинато и се заканува на работничката класа со стрелање и терор. Разните малобројни разулавени франковистички орди од Хрватска, Босна итн. дивјачки го тероризираат работниот народ и народите од другите вери. Против српскиот и словенечкиот народ се разузда една незапаметена шовинистичка и братоубиствена кампања од страна на марионетската влада во Загреб...“.[350]

Сепак, главната порака од првомајскиот проглас е паролата за зачувување на единството на народот и партијата и во таа смисла се вели: „И како што комунистичката партија досега стоеше во првите редови во народната борба така отсега уште поупорно ќе организира и води борба на народите против окупаторите и нивните слуги во земјата против распалувањето на националната омраза, а за братство на народите на Југославија и на сите народи на Балканот“.[351] Во истиот дух се повикуваат: „ Работници и работнички! ...Создавајте упорно ваше борбено единство што е најсигурно оружје во денешните судбоносни денови. Поврзувајте се со вашите браќа на село, создавајте борбен сојуз на работниците и селаните...Младино на Југославија? Младино, Комунистичката партија те повикува да бидеш во првите редови на народната борба против империјалистичките освојувачи, во борбата за среќна и подобра иднина на младата генерација“.[352]

Но, она по што овој проглас е интересен за нас како Македонци, е секако содржината на текстот и позицијата на Македонија по априлскиот погром. Индикативно е, што во содржината на прогласот, во целиот негов текст, на ниту едно место не се споменува Македонија, ниту пак македонскиот народ се споменува во делот на поробените народи на Југославија, па во заглавјето на прогласот насловен како„ Работен

---

[349] Исто таму.
[350] Исто, 5.
[351] Исто, 6/7.
[352] Исто,7/8.

народе на Југославија!" стои следната содржина: „...Срби, Хрвати, Словенци, Црногорци, Босанци и други – освојувачката чизма ја гази вашата земја, вашата независност и сака да ве збрише од лицето на земјата".[353]

Во првата половина на мај под влијание на с уште актуелната и главна закана по единството на КПЈ, во истиот контекст, Јосип Броз доставува до хрватското партиско раководство уште една директивна статија под наслов „Да ги зацврстиме и зајакнеме нашите партиски организации".[354]

Според она што досега ни е познато од југословенската и македонската историографија, на почетокот на мај, во Загреб, Јосип Броз подготвува и свикува т. н. Мајско советување како реална потреба за увид во состојбата на националните и покраинските раководства, и потребата да им се дадат насоки на раководствата за политичките акции во блиска иднина.[355] Повод за советувањето на КПЈ како што стои во документот е:

„1) Во новонастанатата ситуација, поради окупација на земјата, нашата партија брзо организационо да се приспособи кон новите услови;

2) да се извлечат поуки и заклучоци од блиските минати настани што претходеа и се одигруваа за време на нападите на империјалистичките освојувачи врз нашата земја, за улогата на нашата партија во тоа време и

3) да се утврдат задачите што се поставуваат сега пред нашата Партија, кога е земјата распарчена, а народите на Југославија опљачкани и поробени стенкаат под окупаторската чизма на империјалистичките грабачи".[356]

Во однос на Македонија, во документот, се истакнува: „Македонија исто така ја доживеа таа несреќа меѓусебно да ја поделат неколку освојувачи. Од под великосрпското угнетување таа дојде под бугарски, а делумно и под италијански јарем. Бугарската реакционерна капиталистичка клика со македонскиот народ го прави истото она што го правеше и великосрпската клика. И бугарските освојувачи не го признаваат правото на македонскиот народ, и тие го прогонуваат и со сите сили работат врз неговото однародување. Насекаде во Македонија се воведува бугарскиот јазик. Бугарските

---

[353] Исто, 6.
[354] Исто, 10.
[355] Исто, 33-52.
[356] Исто, 33.

освојувачи го пљачкосуваат македонскиот народ исто така како што го прават тоа германските и италијанските империјалистички грабачи. Задача на македонските комунисти е да ги собирааат народните маси во борбата против насилното присоединување и делење на Македонија, а за слободно национално определување на македонскиот народ и за неговата национална независност и слобода“.[357]

Во заклучоците од советувањето посебно е нагласено „распарчувањето на земјата“ и „нејзината поделба“, но според Јосип Броз „тоа не може да биде никаква пречка за понатамошното **единствено дејствување на Комунистичката партија на Југославија, тоа не може да биде никаква пречка за заедничката борба на народите на Југославија за нивната независност и слобода тоа не може да биде пречка за заедничката борба на народите во сите покраини против окупаторите и нивните агенти во земјата“.**[358] (болдирано С. Н.).

Меѓутоа, денес толкувањето на мајското советување вака како што е претставено во југословенската и македонската историографија, е дискутабилно и контраверзно, и ставено на повторно преиспитување. Според анализите од понов датум, се поставува прашањето дали мајското советување се одржало така како што е наведено во историографијата или позадината на сето тоа има друга димензија. Имено, не постои доказ кога, каде, во кој објект истото е одржано, ниту пак е познато кои делегати имаат учествувано во него.[359] Она што е дадено во документите е дека: „Во почетокот на мај се

---

[357] Советувањето ја дефинира окупацијата на Македонија, поделбата и положбата на македонскиот народ, но плановите на Тито застануваат овде и не се оди понатаму за разлика од текстот во делот на словенечкиот народ во кој се признава направената штета од Версајските договори. Па за разлика од текстот наменет за Македонија во однос на Словенија се истакнува: „Комунистичката партија на Словенија сега има поважни задачи пред себе. Да го собира словенечкиот народ во сите окупирани подрачја, па и во оние кои во минатата империјалистичка војна и беа грабнати на Словенија во борба против окупаторите и окупаторските ѕверства“, за разлика од распарчувањето на македонскиот народ помеѓу трите соседни држави од Балкански и Првата светска војна кое не е земено во обзир, ниту пак била земена можноста за исправање на таа историска грешка. Исто, 40, 44.

[358] Исто, 45.

[359] Според истражувањата од понов датум, одржувањето на мајското советување е спорно и дискутабилно како што беше претставено. Според Југословенската историографија тоа е одржано во првите денови на мај, а конкретен датум, место и учесници не се дадени, што секако е зачудувачки. М-р Емил Јаков во својот необјавен магистерски труд *Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Македонија помеѓу КПЈ и БКП со рефлексии врз месниот комитет на Куманово, 1941-1942,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Институт за Национална историја Скопје, Скопје 2014, на стр. 48 истакнува дека постојат малку сеќавања кои се однесуваат на него (Иса Јовановиќ), а местото и датумот остануваат нејасни и нерасчистени. Непосредни документи од текот на советувањето нема, с што се врзува со документацијата е од подоцнежниот период. Титовиот натпис „Советување на Комунистичка партија на Југославија“ е од покасно, средината на јуни, како што и Владимир Дедиер во „Нови прилози за биографију Јосипа Броза

одржало партиско советување во присуство на раководни другари од Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Војводина, Босна и Херцеговина. Од технички причини не можеа да дојдат на советувањето другарите од Македонија и Далмација".[360]

Не постои никакво сомневање дека на Јосип Броз во тој момент повеќе од с□ му било потребно да покаже **„Мајско советување и заклучоците кои произлегоа од него како и 'согласноста' на политичките претставници за единство и монолитност на партијата"**(болдирано С. Н.). Во дадената ситуација, кога сите посериозни политички фактори во Европа не се сомневале во конечниот распад на Версајска Југославија, Јосип Броз, егзистенционално бил принуден, пред Коминтерната, да покаже и докаже дека КПЈ е монолитна партија и дека така ќе продолжи и понатаму, со едногласно залагање од страна на членството за опстанок на КПЈ во претходните граници на Југославија. Во тоа време не само што постоела опасност за опстанокот на КПЈ, туку постоела сериозна опасност и по животот на нејзиниот лидер, односно негово политичко елиминирање и ликвидирање. Еден од најлојалните офицери на Коминтерната, поставен за извршување на задачите на озлогласената НКВД, Мустафа Голубиќ веќе во февруари 1941 година се наоѓа во Србија. Добива задача директно од Сталин да застане на чело на КПЈ и да започне востание. Генералот Голубиќ, во Белград веќе имал своја организација „Црвен камерен оркестар" и по превратот стапува во контакт со ген. Симовиќ. С□ уште не е расветлена улогата на Мустафа Голубиќ во државниот преврат, но неговите контакти со Божин Симиќ и ген. Симовиќ како и вмешаноста во потпишувањето на договорот за пријателство помеѓу СССР и Југославија јасно ја дефинираат неговата висока позиција. Овој можеби најсериозен титов ривал за кој се претпоставува дека во 1941 година бил задолжен за ликвидирање на Јосип Броз како и за оглавување на КПЈ, на 5 јуни 1941 година заедно со Мате Видаковиќ ја кренале во воздух муницијата во смедеревската тврдина која Германците ја заплениле и чувале по априлската војна. Во неразјаснети околности на 7

Тита" наведува повеќе советувања, а не едно во мај, кои Тито ги одржал. Овој негов став е спротивен од поранешниот изнесен во неговата прва биографија за Тито од 1952. Преку сеќавањата познато е дека на советувањето, освен Ранковиќ присуствуваат само членовите на политибирото на КПЈ. Секретарите на покраинските комитети освен Јанковиќ од БиХ и Блажо Јовановиќ тогаш за Ц. Гора, Косово, Санџак, Миха Маринко од Словенија, нема присутни од Србија ( Ѓилас се зема како нивен претставник).

Во разговорот што го водевме со Перо Ивановски, во врска со мајското советување исто така наидовме на сомневањето дека во мај 1941 година во Загреб било одржано советување вака како што е претставено. Затоа и во Собрани дела т. 7 на стр. 257 се истакнува дека: „Нема пишан документ за точниот датум на одржувањето на тоа советување, ниту е утврдено во која зграда во Загреб е одржано".

[360] Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 7..., 33.

јуни Мустафа Голубиќ бил упасен и набргу стрелан од страна на Германците. За неговата висока позиција и почитта која му била дадена говори и податокот дека по влегувањето на Црвената армија во Белград во октомври 1944 година бил пронајден гробот на Мустафа Голубиќ и неговите остатоци пренесени во СССР. Бил погребан со највисоко државни почести и е прогласен за народен херој на СССР.[361]

Поради ваквата состојба, во која се наоѓа и секако му е позната на Јосип Броз, бил принуден, до Коминтерната да достави извештај со детали за една пренагласена и фалсификувана состојба на неуништливото единство на КПЈ.[362] Работата од „советувањето" во вид на статија позната под насловот „Заклучоците на Мајското советување" ги пишува некаде во јуни по пристигнувањето во Белград, а истите биле објавени во средината на јули во в. „Пролетер".[363] Во таа смисла се истакнува: **„Еден од најкрупните успеси на нашата Партија во последните настани е секако тој што Партијата остана цела, што ги зачува своите кадри во тие тешки моменти, што остана континуитетот во работењето на Партијата за сето време, што таа во овој хаос и збрка остана единствена неразбиена, продолжувајќи ја својата работа** (болдирано С. Н.)".[364]

При тоа, посебно се истакнува потребата сите раководства и органи на КПЈ да се приспособат кон новите услови, да се пронајдат нови методи за работа и донесена е одлука за формирање на воени комитети, како органи што ќе се грижат за подготовките за вооружена борба.[365]

---

[361] Миодраг Јанковић, Вељко Лалоћ, *Кнез Павле истина о 27 марту* ( Београд: UNA PRESS, 2007), 121-123.

[362] Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 7..., 22-32.

[363] Исто, 257.

[364] Исто, 48.

[365] Неспорно е дека Јосип Броз во тој период, на „мајското советување" или воопшто на советувањата и средбите со партиските раководители, донесува неколку суштинско важни одлуки кои се однесуваат на нованастанатата ситуација. Во заклучоците стои дека „на советувањето се решава во сите раководства на КПЈ да се формираат воени комитети како органи што ќе се грижат за подготовките за вооружена борба". Најверојатно станува збор за доутврдување на одлуката на Тито донесена на состанокот на ЦК КПЈ и ЦК на КПХ во Загреб одржан на 10 април, кога се донесуваат одлуки: „да се продолжи со борбата без оглед на распаѓањето на вооружените сили на Кралството Југославија, да се формира Воен комитет на чело со Тито, да се работи врз собирање оружје и воена опрема и седиштето на ЦК КПЈ да се префрли во Белград". Сакајќи да има увид во ситуацијата во целата земја, односно во партиските организации низ земјата и воедно да бидат однесени заклучоците меѓу кои и заклучокот дека КПЈ продолжува да функционира во целото свое единство, Јосип Броз ги упатува членовите на ЦК КПЈ во Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Словенија. Единствено во Македонија, односно во МПО, Јосип Броз не упатува член на ЦК на КПЈ односно делегат од повисок ранг како што се случува во останатите места во Југославија, туку ја испраќа Мара Нацева, а подоцна бил испратен и Лазар Колишевски во тоа

Во мај 1941 година, додека с uште се наоѓа во Загреб, Јосип Броз продолжува во истиот дух, с uште алармиран од постоечката опасност за отцепување на хрватските комунисти од КПЈ и пишува уште еден проглас, со наслов „Зошто сме уште во составот на КПЈ!“, во кој се потенцира: „А тоа што сме ние уште во составот на КПЈ, тоа е затоа што ние комунистите на Хрватска, Србија, Словенија, Македонија, Црна Гора, Војводина и другите се обединивме во единствената Комунистичка партија на Југославија, не заради тоа што бевме приврзаници на Версајска Југославија, туку заради тоа, полесно, со заеднички сили да се бориме против заедничкиот непријател, олицетворен во поранешните југословенски влади и во целата југословенска буржуазија...Пред нас комунистите, што сме во состав на единствената комунистичка партија на Југославија, а чии што народи ги снајде истата судбина, се поставува прашањето дали денеска ќе се разединиме и ќе ги распарчиме нашите сили, кога треба да се бориме против заедничкиот непријател, империјалистичките окупатори? Не, нема да се разединиме, туку денеска повеќе од кога и да е ќе ги сплотиме нашите единствени редови околу нашиот ЦК на КПЈ, ќе ги собереме околу себе сите народи на Југославија во заедница со другите прегазени и окупирани народи на Балканот и во цела Европа, на чело со Советскиот Сојуз, (и) ќе поведеме решавачка и непомирлива борба за истерување на импeрјалистичките окупатори од нашите поробени и окупирани земји и за уривање на своите домашни угентувачи и експлоататори“.[366]

Веќе наредниот чекор на Јосип Броз е анимирање на повисоките форуми за својата активност. Тито доставува целосно излагање во вид на извештај кое го испраќа во Советскиот Сојуз до Коминтерната, со барање за потврдување на исправноста на неговите постапки.[367]

---

време сосема анонимна партиска фигура. Сомневањето уште повеќе се зголемува бидејќи во прогласот кој треба да се разнесе низ Југославија на ниту едно место во текстот не се споменува Македонија ниту пак македонскиот народ. Исто, 330.

[366] Исто, 20/21.

[367] Јосип Броз, во Белград, преку дипломатските претставници кои од Југославија си заминале за СССР, доставува извештај до ИК на КИ со наслов „За положбата и за настаните во Југославија“, во кој ја известува Коминтерната за причините за брзата капитулација на К. Југославија истакнувајќи ги злосторничката надворешна и внатрешна политика на владите во изминатите години. Во извештајот до Коминтерната повторно не постои споменување на Македонија во текстот, во кој се објаснува теророт и окупацијата секаде само не и во Македонија. Во него се потенцира: „За сето време на империјалистичката војна комунистичката партија на Југославија имаше јасно определена линија по прашањето на војната и неутралноста на Југославија.“ Ја глорифицира улогата на КПЈ и ја известува Коминтерната дека спроти нападот врз Југославија, во согласност со нејзината линија да се брани земјата, партијата дала директива

Во исто време не оставајќи ништо на случајност презема одредени активности и прави напори за поврзување со опозициските партии во Југославија и обид за формирање на широк ослободителен фронт. [368] За оваа активност Јосип Броз информира во писмото до Извршниот комитет на Коминтерната, испратено во првата половина на јуни 1941 година, во кое јасно се гледа неговата спремност да преговара, да соработува и да ги обедини политичките партии, нормално под раководстсвото на КПЈ.[369] По пристигнувањето во Белград каде од крајот на мај и почетокот на јуни се собира потесното раководство на ЦК КПЈ, Тито свикува состанок на кој присуствуваат членовите на ПБ на КПЈ Александар Ранковиќ, Иван Милутиновиќ и Милован Ѓилас како и членовите на ЦК КПЈ – Иво Лола Рибар - секретар на ЦК СКОЈ и Светозар Вукмановиќ – Темпо –раководител на централната техника во Белград[370]. На состанокот, поради немањето целосен увид во состојбата во Македонија, покрај останатите прашања, била

сите членови на партијата што биле воени обврзници да заминат во војска и на фронтот и таму да работат меѓу војниците во духот на партиската линија. Таквата одлука на партијата членството ја прифатило со воодушевување, а тоа од своја страна во редовите на војската оставило многу силен и добар впечаток кога се видело дека комунистите биле први кои се јавувале во борбата за одбрана на независноста на народите на Југославија. Во извештајот понатаму се истакнува: „На фронтовите каде што комунистите беа бројно доволно силни, како на пример во Црна Гора, цели полкови ги слушаа комунистите...за целото време на кратката но хаотична војна партијата го зачува континуитетот во својата работа и меѓусебните врски, сите партиски форми, од ЦК до најниските партиски форуми останаа главно цели и ги вршат своите функции. И на крајот поентира: „Без оглед на тоа што е Југославија поделена меѓу империјалистите и што се создадени нови граници, **КПЈ остана единствена, а ЦК раководи непречено во сите области на окупираната земја и има редовни врски со тие области** (болдирано С. Н.). Доказ за тоа е одржувањето на советувањето на раководните другари во почетокот на мај годинава, на кое беа застапени раководните другари од Србија, Црна Гора, Хрватаска, Словенија, Војводина, Босна и Хрецеговина. Од технички причини не можеа да дојдат другарите од Македонија и Далмација. Исто, 32.

[368] Уште на самиот почеток на разгромот на Кралството Југославија, преку силна политичка активност ЦК КПЈ има преговори и прави обид за здружена ослободителна акција во која ќе се вклучат политички партии во широка коалиција под раководство на КПЈ. Јосип Броз и Сретен Жујовиќ водат преговори со претседателот на Народната странка, д-р Драгољуб Јовановиќ, на 5 јуни во Белград, на кои учествува и лидерот на демократската левица д-р Иван Рибар, при што била изразена спремност за соработка со КПЈ во борбата против окупаторот. Подоцна лидерот Драгољуб Јовановиќ не се придржува до договореното и ја прекинува соработката. Исто, 254.

[369] Опишувајќи ја оваа ситуација во писмото упатено до ИК на КИ од јуни 1941 се вели: „...На желба на раководството на српските земјоделци, ЦК КПЈ го ополномошти Валтер и уште еден член да водат преговори за соработка на сегашната етапа. Склучена е оваа спогодба: 1. Заедничка борба против окупаторот; 2. Заедничка борба за советска власт и сојуз со СССР; 3. Заедничка борба против англиските агенти и обидите да се врати стариот поредок; 4. Заедничка борба против распалувањето на националната омраза; 5. Заеднички одбори на сојузот на работниците и селаните...Борбата против окупаторите е составен дел на нашата борба за национална слобода и рамноправност на народите на Југославија. Нашата слобода и рамноправност на народите ќе може да се постигне само врз база на братска спогода на сите народи на Југославија. Во врска со тие прашања Партијата ги мобилизира сите свои сили во борбата против распалувањето на националната омраза која со сите средства ја шират окупаторите и нивните агенти на Англија“. Исто, 54.

[370] Исто, 331.

донесена одлука Лазар Колишевски да се упати во Македонија, да ги однесе документите на ЦК КПЈ настанати од 15 април до почетокот на мај, и да утврди каква е состојбата во Македонија.[371]

Меѓутоа случајот со МПО и решавањето на македонското прашање не започнува да се решава во мај 1941 година. Напротив, тоа има своја генеза и поконкретен обид за негово решавање од страна на Јосип Броз бил направен уште на почетокот на 1941 година. С□ уште нестабилен на својата функција, Јосип Броз прави напор едно актуелно и многу суптилно прашање т.е. македонското, благовремено да го реши, насетувајќи ги престојните опасности кои упатувале на можни воено-политички промени на Балканот.[372] За таа цел упатува свој претстваник во БРП со предлог-декларација која најмногу се однесувала на македонското прашања. Во неа се вели: „Како монета за поткусурување или, подобро речено, како мамка за вовлекување на бугарските империјалисти во војна – за постигање на таа цел на силите на Оската треба да послужи напатениот македонски народ. Македонија, околу која се караат југословенските, бугарските и грчките империјалисти, би требало да стане жариште на крвави, братоубиствени борби за интересите на империјалистичките освојувачи, а на штета и пропаст на независноста на малите балкански народи...Народите на Бугарија и Југославија не смеат да дозволат да дојде до тој меѓусебен колеж заради нова поделба на Македонија, која стенка под великобугарско и грчко угнетување, за да мине потоа под исто такво угнетување од страна на бугарските империјалисти, или, што веројатно и би се случило, во таа братоубиствена борба да ја изгубат својата независност и бугарскиот народ и југословенските народи и заедно со македонскиот и со другите народи на Балканот да паднат под јаремот на големите империјалистички угнетувачи.

Македонците не се ни Срби, ни Бугари, ни Грци; тие се Македонци. Како посебен народ имаат право на самоопределување до отцепување, имаат право на своја слобода и самостојност како и сите други народи на Балканот. Под водството на комунистите на Македонија, македонскиот народ води борба за своите права и своето ослободување...**Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Грција треба да застанат на чело на ослободителното национално движење на**

---

[371] Исто.
[372] Јосип Вроз,*Собрани дела*, т. 6..., 108-111.

**македонскиот народ за негово ослободување и обединување** (болдирано С. Н.). Бугарските комунисти треба да водат борба против обидите на своите империјалисти со помошта на империјалистите на Оската да го подјармат македонскиот народ и со таа намера да го фрлат бугарскиот народ во војна на страната на силите на Оската да вадат за нив костење од оганот.

**Доколку постојат неправди нанесени во Версајскиот мировен договор на бугарскиот народ** (болдирано С. Н.),[373] тие не можат праведно да се решат со воен колеж и со меѓусебно истребување на бугарскиот, грчкиот и југословенските народи, туку со братска спогодба во интерес на народите на Балканот, а не во интерес на империјалистичките војувачки големи сили...*комунистичките партии на Југославија и Бугарија бараат национална слобода за македонскиот народ, се борат за неа и решително му се противат на секое понатамошно поробување на народот на Македонија...*Македонскиот народ може да ги извојува своите права само заеднички со другите народи на Југославија, Бугарија и Грција на чело со комунистичките партии во борбата за мир, за независност, за слобода за демократски права на работниот народ, за национални права и слободи на угнетените народи, особено на Југославија".[374]

Меѓутоа, во одговорот на Георги Димитров од 22 март 1941 година што бил упатен до Јосип Броз и БРП, јасно и децидно им се порачувало: **„Не е потребна сега општобалканска декларација и нема потреба да се истакнува специјално македонското прашање. Да се истакне паролата за борба против националното угнетување и за ослободување на национално потиснатите народи** (болдирано С. Н.)".[375] Вака дадените насоки од страна на Коминтерната, нејасни и неконкретни, оставиле доволен простор за калкулирање со македонското прашање и со иднината на македонскиот народ согласно нивните потреби и интереси.

Затоа, сосема се погрешни толкувањата на настаните кои досега беа прифатени во југословенската и македонската историографија по однос на местото и улогата на МПО во рамките на КПЈ во дадениот период. Во таа смисла, искривувањето на фактите за наводната улога на КПЈ во антифашистичкото движење уште за време на Мартовските

---

[373] Јосип Броз Тито заборава дека со Версајскиот мировен договор најголема неправда му беше нанесена на македонскиот народ, бидејќи тој остана поделен помеѓу трите балкански држави.

[374] Исто.

[375] Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 6..., 274.

демонстрации и во периодот по априлскиот погром, одат во прилог единствено во обидот и настојувањето за глорифицирањето на улогата на КПЈ во тој период на Балканот. КПЈ која на комунистичката сцена на Балканот имала несигурна споредна улога, во еден момент била разгледувана дури и можноста за нејзино распуштање, битно ќе го промени своето политичко котирање со доаѓањето на нејзиниот челник Јосип Броз Тито, по нападот на Советскиот Сојуз.

Јосип Броз с□ до средината на мај се наоѓа во Загреб и од таму ја раководи работата на ЦК. Не испуштајќи ниту една ситуација надвор од негова контрола најпрво ја средува состојбата со партиската организација во Хрватска која имала тенденција да се оддели и функционира како засебна. Во однос на Македонија и Титовите обвинувања изречени кон Методија Шаторов дека по сопствена иницијатива без знаење на КПЈ ја отцепува МПО и ја приклучува кон БКП, не може да стане збор. Иако Македонија била една од интересите на Јосип Броз и дел од неговата визија за идната југословенска држава, во тој момент воопшто не било јасно каков историски тек ќе земат настаните во однос на Македонија, и според анализите сосем очекувано било ново прекројување на Балканот. Денес е јасно дека КПЈ и нејзиниот ЦК го знаеле тоа, затоа при заминувањето од Загреб на организациониот секретар на ПК на КПЈ за Македонија, Перо Ивановски од страна на членот на ПБ на КПЈ Иван Милутиновиќ, му било соопштено доколку предвидувањата се остварат „наскоро е можнавојна и може да се случи нашата територија да биде окупирана, во тој случај да се врските со ЦКЈ отежнати. Во таков случај вие ќе треба да се поврзете со ЦК на Бугарија, но за сето тоа да н□ известите нас". Перо Ивановски по враќањето во Македонија пораката му ја пренесува на Шаторов. Свесен за сета сложеност на ситуацијата, како што истакнува *Ивановски* „*Шаторов непокажуваше брз интерес за да се поврзе по своја иницијатива, туку чекаше да бидеме повикани*".[376] И точно како што очекувал, Шаторов бил повикан, истовремено додека во центарот на соседната комунистичка секција се донесува одлука Лазар Колишевски да се упати во Македонската партиска организација и да изврши контрола и увид во состојбата.

---

[376] Перо Иваноски Тиквар, „Методија Шаторов- Шарло и неговото време (1897-1944)", *Методија Шаторов- Шарло и неговото време...*,172.

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

## НАДМИНУВАЊЕ НА СПОРОТ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ПО МПО

## 4.1 Активноста на Лазар Колишевски во Македонија и конфликтот со Методија Шаторов – Шарло

Во ситуација кога сè уште не била јасна позицијата на КПЈ и местото на МПО, а политичкиот секретар на ПК на КПЈ за Македонија Методија Шаторов, не одговорил на поканата на ЦК на КПЈ за советување и средба во Белград, без детален увид во состојбата со МПО, ЦК КПЈ односно Јосип Броз не сакајќи да ја изгубат МПО од својот делокруг, одлучува при крајот на април во Македонија да ја испрати Мара Нацева,[377]а при крајот на мај да биде упатен и Лазар Колишевски.[378] Од денешна перспектива нормално се поставува прашањето зошто изборот на Јосип Броз да испрати членови во партиската организација во Македонија паѓа на двајца по ранг непознати и недоволно искусни политички работници, ако е познато дека во Македонија, веќе биле испраќани делегати од висок политички ранг, членови на ЦК на КПЈ, кога не така одамна, во МПО постоеше потреба од политичка реанимација. Сериозноста на ситуацијата пред која беше исправена МПО во периодот април-септември 1941 година, ги надминуваше, до тогаш, сите претходни ситуации и состојби во кои се има најдено МПО, па аналогно на тоа се поставува прашањето ако беше потребна помош, комуникација и советување и ако Јосип Броз сакаше да ја има под целосна контрола МПО (во што нема никакво сомневање) зошто тој се одлучува за двескоро анонимни партиски фигури, ако се знае дека летото 1940 година ги испраќа Милован Ѓилас, а потоа Светозар Вукмановиќ- Темпо и Сретен Жујовиќ членови на ЦК на КПЈ, а подоцна во 1942 година и почетокот на 1943 година во МПО ги испраќа Добривое Радосављевиќ-Боби и Светозар Вукмановиќ –Темпо.

Познато е дека во втората половина на мај, Јосип Броз од Загреб заминува за Белград, каде се префрлува политичкото раководство и оттаму ја координира работата на КПЈ во новонастанатите услови. Во Белград покрај седиштето на Политбирото се наоѓаат и седиштата на ЦК СКОЈ, ПК на КПЈ за Србија, ПК СКОЈ и Централниот и Покраинскиот

---

[377] По враќањето во Белград од Куманово, во средината на април, Мара Нацева преку партиската активистка и врска Веселинка Малинска која во тоа време живее и е активна во Белград, успева да се поврзе со партиското раководство на КПЈ, од кого добива информација дека е одредена за член на Покраинскиот комитет за Македонија. По пристигнувањето во Македонија, Нацева на средбата со организациониот секретар Перо Ивановски дознава дека Шаторов е во Бугарија. Нацева набргу била упатена на работа во кумановската партиска организација каде останува сè до 25 јуни. Поради постоење на опасност од нејзино апсење македонското раководство ја враќа во Скопје, каде преминува во илегала. Мара Нацева, „Спроведување на јулските одлуки на ЦК во Македонија", *Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945*...,186/187.

[378]Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 7..., 331

одбор на НОФ.[379] По окупација на Југославија, Јосип Броз донесува одлука членовите на најтесното раководство да ги испрати низ сите делови на Југославија, освен во Македонија каде не е испратен член на ЦК КПЈ, настојувајќи на тој начин да биде во тек со настаните, а воедно да ја држи контролата во партијата. Преку своите делегати, писма и дописи ги координира националните и покраинските раководства апелирајќи дека основна задача на Партијата сега е борбата за единство меѓу народите во Југославија, залагајќи се за збиени и цврсти партиски редови.[380] Веднаш по пристигнувањето во Белград се состанува со членовите на Политибирото, Александар Ранковиќ, Иван Милутиновиќ и Милован Ѓилас и со членовите на ЦК КПЈ, Иво Лола Рибар и со Светозар Вукмановиќ Темпо, на кој сосема сигурно станало збор и за МПО и нејзината состојба.[381]

И покрај тоа што во досегашната објавена историска документација и литература не постои документ кој објективно ќе го докаже текот на настаните, во титовите Собрани дела се истакнува дека на овој состанок била донесена одлука во Македонија да биде упатен Лазар Колишевски кој ќе ги однесе документите на ЦК КПЈ настанати од 15 април до почетокот на мај и да утврди зошто Методија Шарло не одговорил на поканите и зошто ги прекинал врските.[382] Но, индикативно и дискутабилно е прашањето, ако навистина била донесена одлука од страна на највисокиот политички форум за испраќање на Лазар Колишевски во Македонија тогаш зошто на истиот не му била дадена партиска врска и контакт-јавка како што тоа било вообичаена пракса дотогаш и каква што добила Мара Нацева при доаѓањето во Македонија. Понатаму, не постои документ кој ќе докаже дека Лазар Колишевски навистина,од страна на ЦК КПЈ, со име и презиме бил назначен за работа во МПО. На истото место стои, дека набргу по состанокот, Александар Ранковиќ го известува Тито дека Лазар Колишевски по наредба на ЦК на КПЈ заминал за Македонија.[383]

[379] Исто таму.
[380] Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 6..., 401
[381] Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 7..., 331
[382] Исто таму.
[383] Исто, 332.

Лазар Колишевски на почетокот на мај, по априлската војна, добива покана да се јави во Белград и на средбата со Александар Ранковиќ дознава дека треба да замине во Македонија, во ПК на КПЈ за Македонија, каде веќе била упатена Мара Нацева.[384]

За разговорот и текот на настаните, Колишевски во своите сеќавања истакнува:

„...Ранковиќ ме запозна со состојбата во Македонија и со неприфатливите ставови на секретарот на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија Методи Шарло-Шаторов во врска со прогласот на ЦК КПЈ и заклучоците на Мајското советување на ЦК КПЈ. Шаторов, кој одбил да присуствува на тоа советување, не се одзвал ни на неколкуте повикувања да отиде во Белград и да ги објасни своите ставови спрема КПЈ. 'Доколку ситуацијата во Покраинскиот комитет биде поволна, - ми рече Ранковиќ - ќе инсистираш да се формира воена комисија и ќе раководиш со неа...' - со оглед на тоа дека ми беа познати искуствата од работата на партиските организации на Србија во организирањето на работата на тие комисии".[385]

Понатаму Колишевски продолжува: „Ранковиќ во Белград ми соопшти дека Априлскиот и Мајскиот проглас на КПЈ како и заклучоците на Мајското советување се упатени до Покраинскиот комитет, но дека, за чудо немало никаков глас за нивното објавување...Изгледа, рече, комунистите и јавноста во Македонија с uште не се запознати со тие документи и со линијата на КПЈ".

„Вие значи сте добиле задача во Македонија да ги спроведете одлуките на Мајското советување на ЦК КПЈ?"

„Точно така. Преземајќи ја задачата на ЦК КПЈ бев свесен за големата одговорност, но и за довербата што ми беше укажана. Постојано ми се наметнуваше прашањето како да се снајдам во новонастанатата ситуација и како што подоследно да ја спроведам политиката на КПЈ во Македонија".[386]

[384] Лазар Колишевски, „Мајските и јунските дни во 1941 во Македонија", *Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945*,...115; Драган Кљакич, *Времето на Колишевски*, редактор и превод од српски Мирко Миронски, (Скопје: Матица Македонска. 1994), 63.

[385] Според објавенета документација со која располагаме на ниту едно место не постои потврда дека Колишевски имал било каков контакт и одговорност за формирање на воена комисија, било каде во Југославија. Овој податок е неточен и е единствено во функција на истакнување и нереално пренагласување на партиската позиција која во тоа време ја има Колишевски.

[386] Во историографијата, досега нема пронајдено документ со кој ќе се докаже дека на состанокот на ЦК КПЈ во Белград, Лазар Колишевски е упатен на работа во партиската организација како делегат од ЦК КПЈ. Точно е дека постои податок, односно е дадено објаснување за неговото испраќање во Македонија кој е даден во Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 7 во хронологија на стр. 331. Меѓутоа во разговорот со Перо

По пристигнувањето во Скопје, Колишевски се сретнува со организациониот секретар на ПК на КПЈ за Македонија, Перо Ивановски, со кој се знае од Петтата земска конференција на која Колишевски присуствува во својство на делегат од српската партиска организација. За оваа средба Колишевски истакнува: „Тој пријателски ме прифати и ме смести кај себе во куќата. Меѓутоа, не ги усогласивме ставовите околу основните прашања за активноста на партијата во Македонија. **Ивановски тогаш не ми потврди дека партиската организација на Македонија е приклучена кон Бугарската работничка партија (к)** (бидејќи тогаш таа с уште не била поврзана, во тоа време Шаторов е во Бугарија- болдирано С.Н.). Побарав средба со Шаторов, но Тиквар ме извести дека Шаторов е надвор од Скопје“. [387]

На барање на Колишевски, по враќањето, доаѓа до средба со Методија Шаторов. За текот на разговорот на средбата со Шаторов, Колишевски споменува дека ги објаснил ставовите на КПЈ за подготовка на вооружено востание соопштувајќи му дека низ целата земја се вршат подготовки за борба.[388] Шаторов, истакнува дека Колишевски со недоверба го примил неговото укажување и во таа смисла одговорил: 'Не се согласувам, рече, со линијата на ЦК КПЈ'! **и почна да ги изнесува ставовите на Бугарската партија кои, всушност беа ставови на Коминтерната** (болдирано С. Н.).' Јас ги примив материјалите

---

Ивановски оваа констатација е ставена на повторно преиспитување. Имено во разговорот, тој истакна дека во тоа време Лазар Колишевски по својот партиски ранг единствено што успева е да стапи во контакт со Александар Ранковиќ, кој му ја соопштува одлуката да замине во Македонија, не како делегат и инструктор ниту како номиниран член за ПК на КПЈ за Македонија, туку како обичен партиски член. Затоа, вели Ивановски тој немаше ниту службена партиска јавка ниту врска што во тоа време беше незамисливо, доколку, како што тврди Колишевски, станува збор за упатување во ПК на Македонија по службена партиска линија.

Понатаму Колишевски во *Времето на Колишевски* на стр. 63/64 истакнува дека Ранковиќ го запознал со состојбата во Македонија и со неприфатливите ставови на Шарло во врска со прогласот на ЦК КПЈ и заклучоците од Мајското советување. Се поставува прашање од каде се тие сознанија на Ранковиќ за „состојбата во Македонија“ и дека Шарло не го прифатил прогласот кога според сознанијата Шарло ја поврзува македонската партиска организација во периодот 24. 05-01. 06. Од анализата, компарирајќи ги податоците, доколку се земе во обѕир дека во споменатиот период 24. 05-01. 06 Шарло е во Бугарија, а повикот да се јави во Белград стигнал во време на неговиот престој во Бугарија. во тој период Коце Металец заминува на средба со централното раководство во Белград и дури тогаш тој известува дека Шарло е во Бугарија и дека тоа е причината што не се одѕвал на повикот.

387 Драган Кљакич, *Времето на Колишевски*..., 67; Лазар Колишевски, „Мајските и јунските дни во 1941 во Македонија“, *Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945*..., 115

388 Ако податоците во однос на времето кога разговорот е воден се точни, факт е дека, во разговорот што е наведен станува збор за крајот на мај и почеток на јуни. Во тоа време во Југославија никаде не се вршат подготовки за вооружена борба. На овој состанок единствено за што може да се разговара се заклучоците од „Мајското советување“ или одлуките од советувањата кои се водени, и во кои не се признава распарчувањето на Југославија, туку основната девиза и парола под која се борат комунистите е паролата за единство и монолитност на КПЈ.

од Мајското советување, ги прочитав, - ми рече- ама, отворено да ти кажам, јас со нив не се согласувам и не сум должен да ги спроведувам!'. На крајот од разговорот ми предложи во Македонија да работам во некое подрачје. 'Се разбира, под услов – рече-ако си согласен со ваквите мои ставови. А ако не си, можеш да си одиш'".[389]

За ваквата одлука на Шаторов, Колишевски констатира „за мене Шарло беше длабоко загазен во опуртунизмот. Неговата понуда се разбира ја одбив. 'Јас не и припаѓам на БРП и не дојдов во Македонија да спроведувам бугарска линија. Не знам колку ја познаваш расположбата и определбата на членовите на партијата во Македонија, ама треба да знаеш дека комунистите во Македонија не ги прифаќаат линијата на БРП и отцепувањето од составот на КПЈ што ти го застапуваш и го спроведуваш. Затоа барам тоа да го расправаме на состанок на ПК'. Ми предложи од Скопје да заминам во моето родно место Свети Николе. Таму да се сместам и да создадам партиска организација. Му одговорив дека немам ништо против како член на ПК да отидам каде било и да создадам партиска организација, но не и таму да живеам. Не прифаќам какво била одлука ако не се состане ПК. По овој разговор Шаторов отпатува во Софија за да ги извести за разговорите со мене и веројатно да добие нови задачи во однос на политиката на ЦК на КПЈ".[390]

Според Колишевски неколку дена подоцна по враќањето на Шаторов од Софија имало состанок, на кој во ПК присуствувале уште три члена. Шаторов на своја рака го проширил ПК, па на состанокот покрај членовите на ПК повикал и други членови и на него присуствувале Боге Кузмановски, Благоја Давков, Коце Златевски, Периша Савелиќ и Илија Јакимовски.[391] За овој состанок Колишевски продолжува: „Ги изнесов ставовите на КПЈ за неопходноста за подготовка на востание, инсистирајќи на формирање на воени комисии. Зборував за готовноста на македонскиот народ да ја прифати линијата на КПЈ и да го осуди неправилниот став на ПК – согласноста за предавање на оружјето на

---

389 Драган Кљакич, *Времето на Колишевски...*, 67/68.

390 Овој податок дека Методија Шаторов заминал и имал средба со претстваници на БРП го сретнуваме само кај Лазар Колишевски, за кој нема потврда ниту од орагнизациониот секретар Перо Ивановски дека Шаторов по средбата со Колишевски заминал во Бугарија, со што вистинитоста на истиот е ставена под прашање.

391 Не е точен податокот кој се среќава во текстот кај Лазар Колишевски, во кој се наведува дека Методија Шаторов самоиницијативно го проширил составот на ПК. Станува збор за проширен состанок на МК на Скопје на кој учествуваат и членови на ПК на КПЈ за Македонија. Ваквата констатација е дадена единствено во функција за оцрнување на кредибилитетот на Методија Шаторов во однос на неговите квалитети и способности како политички секретар на МПО.

окупаторот издвојувањето на МПО од составот на КПЈ и нејзиното приклучување кон бугарската работничка партија".

„Шаторов се обиде да се брани и своите ставови да ги аргументира со 'објективна оцена, со специфичностите' на политичката ситуација во Македонија. Наведе две причини: Првата е фактот дека Македонците никој не може да ги убеди дека Германија и СССР, покрај јавната спогодба не се и тајни сојузници и дека тие никогаш нема да се борат едни против други додека ситуацијата во Србија и во Црна Гора и во други краишта на Југославија е поинаква одколу во Македонија. Заканите на Германскиот окупатор во Македонија спрема оние што собираат оружје можат да прераснат во сурова акција на одмазда на окупаторот што би довело до ликвидирање на истакнати партиски кадри, а тоа би биле големи жртви за македонските комунисти. Затоа треба да се сопрат борбените акции на комунистите, заклучи Шаторов. Кога ќе дојде време за востание тогаш ќе најдеме оружје ако треба и ќе го одземеме од непријателот или ќе го купиме! Не постојат ни организациони услови за востание, наведуваше Шаторов. Бидејќи партијата не е поврзана со селата, поради што би изостанала поддршката и посилното политичко влијание врз селата. Селаните-рече- ќе ги ловат партизаните по шумите и ќе ги предаваат на бугарските власти. Поради таквите сфаќања Шаторов во ниту еден свој проглас не го повика македонскиот народ на вооружена борба".[392]

Според Колишевски, состанокот завршува неочекувано за Шарло, бидејќи тројца членови на месниот комитет на Скопје Боге Кузмановски, Благоја Давков и Коце Златевски се изјасниле за ставовите на КПЈ. За нив се изјаснила и Мара Нацева, член на ПК, Коце Стојановски не бил присутен, а Шаторов доживеал фијаско и морал да ја прифати одлуката за формирање на воена комисија. Но, со сите сили се залагал, тој да биде раководител на комисијата.

Понатаму Колишевски продолжува: „...По заострените расправи во партиските организации, особено по состанокот на ПК и утврдените штети од Шарловата политика која моравме радикално да ја оневозможиме, отпатував во Белград за да го известам ЦК КПЈ за вистинската состојба на партиската организација во Македонија и за спорното приклучување на Македонската партиска организација кон БРП за што ЦК КПЈ пред

---

[392] Драган Клакич, *Времето на Колишевски*,...69; Лазар Колишевски, „Мајските и јунските дни во 1941 во Македонија", *Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945*..., 121.

моето доаѓање во Белград не беше известен. Со себе го носев и писмото на Тодор Павлов од ЦК БРП (к) како и одговорот на ЦК БРП(к). Кај Куманово на 22 јуни 1941, дознав за нападот на Германија на Советскиот Сојуз.[393]

Мара Нацева во врска со овој состанок истакнува: „На наше инсистирање да се одржи состанок на ПК, Шарло некаде кон средината на јуни свика состанок на ПК во проширен состав т. е присуствуваа и некои членови на МК од Скопје. На тој состанок се дискутираше за усвојувањето на Прогласот и линијата на ЦК КПЈ, за подготовките за вооружено востание, против присоединувањето на македонската организација кон бугарската Партија и слично. Покрај Лазо и мене, за ставовите на ЦК КПЈ се изјаснија и некои членови на МК од Скопје. Шарло и двајцата членови на ПК не сакаа ни да дискутираат за прифаќањето на ставовите на ЦК КПЈ...“.[394]

Во интерес на расчистувањето на фактите и компарирајќи го сеќавањето на Лазар Колишевски, кое има доста противречности и контраверзи во себе, најдобар увид во однос на состојбата во МПО по пристигнувањето на Лазар Колишевски дава Перо Ивановски, кој при тоа истакнува: „Некаде во средината на месец мај во Скопје пристигна Лазар Колишевски кого јас лично го запознав на Петтата земска конференција во Загреб, како делегат во Македонија. Тој дојде со намера да остане на партиска работа во Македонија. Јас се израдував, бидејќи ние имавме потреба од кадри, а него го сметав природно за висок состав. Се однесов со доверба. Тој не донесе каков било знак дека е испратен и во какво својство, како што усно кажуваше. Му предложив на Шаторов да го примиме во ПК. Тој не беше против таква солуција. Но сакаше извесно време да го имаме на проверка. Затоа предложи да биде времено испратен во Св. Николе и Штип каде што исто така имаше потреба од партиска помош. Меѓутоа Лазо го одби таквиот предлог. Тој уште веднаш настапи со голем критицизам за затечената состојба во партијата, за нејзините слабости во секој поглед иако тукушто дојден, немаше ни можност ни време да се запознае со положбата. Говореше јавно пред секоја средба и со членови на Партијата и со членови на Месниот комитет, иако неговиот статус со ништо не беше одреден. Се однесуваше некооперативно, критизерски и надмено. Тој не се вклопи, не се фати за никаква работа, со закана дека тој 'за с[illegible] ќе каже каде треба'. Поради тоа што односот

---

393 Драган Кљакич, *Времето на Колишевски...*, 74.

394 Мара Нацева „Спроведување на јулските одлуки на ЦК КПЈ во Македонија“, *Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945...*, 188.

Шаторов-Лазо се изоструваше, особено на состанокот на МК на кој и тој беше повикан кога разбра за нашето поврзување со Бугарската партија, реши да замине од Македонија. Јас тогаш добив впечаток дека тој и нема да се врати“.[395]

Лазар Колишевски во Македонија пристигнува како обичен член кој е на линија со членот на ПБ на КПЈ Александар Ранковиќ, без официјална јавка и врска со ПК на КПЈ за Македонија. Сакајќи да се наметне во МПО, бара состанок и место во македонското раководство и преку своите лични контакти, настојува политички да се реализира во Македонија. По упорното барање да се види со Методија Шаторов и да го наметне про-југословенскиот став, бил поканет на проширениот состанок на МК на Скопје на кој учествувале и членови на ПК и политичкиот секретар Методија Шарло. Средбата се одржува во скопскиот парк во средината на јуни. На истиот доаѓа до жестока дискусија на која се изнесени гледиштата на Методија Шаторов кои соодветствуваат со објективната ситуација во Македонија и во МПО, во однос на расфрлувањето на прогласите кои со себе од Србија ги има донесено Лазар Колишевски. Станува збор за прогласот од 15 април и првомајскиот проглас во кои се афирмира идејата за обединета КПЈ, аналогно и идејата за обединета идна Југословена држава. Факт е дека постои сериозна опасност, ширењето на паролите од страна на МПО, во кои се афирмира довчера озогласената Југославија, да придонесат за одбивање и изолирање од масите. Затоа Шаторов на средбата потенцира дека состојбата во Македонија е различна со останатите делови на Југославија. По арогантното однесување на Колишевски и неговиот напад, приговарањето по разни основи, во врска со недостатокот на илегални станови и слабата поврзаност со селото, следел одговор од страна на Шаторов, дека Лазар Колишевски имал свои задачи и задолженија и истите треба да си ги извршува.

Држејќи се лојално кон директивите на Коминтерната, Методија Шаторов не ја прифатил линијата на ЦК на КПЈ и решенијата од Мајското советување. Различните концепти кои ги застапувале, концептот на Методија Шаторов за самостојна и обединета македонска држава и обединета македонска комунистичка партија, за разлика од про-југословенската линија на Колишевски, довеле до судир меѓу двајцата, кој особено се

[395] Перо Ивановски, „Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 173.

засилил по соопштувањето заповрзувањето на македонската партиска организација со бугарската.

Во таа смисла податокот кој се среќава во сеќавањето на Колишевски и изјавите на современиците дадени подоцна, дека останатите членови се спротивставиле на политичкиот секретар Методија Шаторов и се согласиле со ставовите и линијата на КПЈ дека ќе се борат за идна Југословенска држава, кој ги прокламирал скоро непознатиот Лазар Колишевски, се сосема дискутабилни, во интерес на осцрнувањето на Методија Шаторов и фалсификување на вистината. Анализата на настаните, докажуваат дека, не постои сомневање, во дадениот период, Методија Шаторов да не ја ужива поддршката од членството од ПК, напротив тоа му е максимално лојално. Затоа по неуспешноста на Лазар Колишевски да се наметне и дури да ја преземе раководната улога во ПК, тој на 21 јуни заминува за Белград.

Веќе на 23 јуни Лазар Колишевски се вратил во Белград. Според Собрани дела т. 7, се истакнува дека Тито дури тогаш преку извештајот на Лазар Колишевски проследен преку А. Ранковиќ, разбрал дека секретарот на ПК КПЈ за Македонија, Методија Шаторов Шарло ја „отцепил“ македонската организација од КПЈ и ја „приклучил“ кон Бугарската работничка партија (комунисти) и тоа во договор со ЦК на Бугарската работничка партија.[396] Потоа, при крајот на јуни Тито се состанува со членовите на Политбирото и при тоа донесува одлука Лазар Колишевски одново да појде во Македонија, да им ги пренесе на македонските комунисти ставовите на КПЈ, да го однесе Прогласот на ЦК КПЈ по повод нападот на Германија врз СССР, кој треба да се преведе и да се растури по Македонија, и најважната одлука, Методија Шаторов да се исклучи од Партијата“.[397]

---

[396] Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 7..., 335.
[397] Исто таму, 335.

### 4.2 Одлука на ЦК КПЈ за исклучување на Методија Шаторов-Шарло од КПЈ

Паралелно со акцијата за стабилизирање на состојбата со Хрватската комунистичка партија и оневозможувајќи го нејзиното отцепување од КПЈ,[398] акција која во титовите политички интереси заземала примарно место, Јосип Броз во новата воено-политичка ситуација, која следува по нападот на СССР, интересот и вниманието паралелно ќе го насочи и кон решавањето на проблемот со Македонската партиска организација.

И покрај наводната индиферентност во однос на МПО, вистината е дека Јосип Броз с□ до 22 јуни 1941 година, внимателно го следи текот на случувањата и будно ја набљудува состојбата во македонското раководство, го чека моментот за разврска, без да превземе некои подрастични мерки. Меѓутоа, веќе на 22 јуни, воено-политичката ситуација во целост ќе се промени со нападот на Советскиот Сојуз. Јосип Броз согледувајќи ја сериозноста на новиот момент, по веста за нападот на СССР, истиот ден во Белград, свикува состанок со членовите на Политбирото и со членовите на ЦК КПЈ кои тогаш се наоѓале во Белград. На состанокот била разгледана новата ситуација ипри тоа, било одлучено да се издаде проглас по повод нападот, кој од страна на Тито бил напишан веднаш, а веќе утредента на 23 јуни под наслов „Работници, селани и граѓани на Југославија“ истиот бил испечатен во Белград.[399] Сепак, според содржината на прогласот од 22 јуни 1941 година, може да се забележи дека КПЈ с□ уште се наоѓа во доменот на декларативното повикување за борба против империјалистичко – фашистичките злосторници, без директен повик за кревање на востание. Во него се истакнува: „Пролетери од сите земји на Југославија, на своите места, во првите борбени редови.

---

[398] На почетокот на јули 1941 година, Јосип Копинич упатува директивно писмо до ЦК на КПХ во кое се критикува хрватското раководство за неактивност и партиски грешки, за што ја известува и Коминтерната. Добива налог од Коминтерната за смена на раководството, по што Месниот комитет на Загреб следејќи ги директивите на Копинич, се одвојува и започнува да работи самостојно, надвор од ЦК на КПХ односно од КПЈ. Во тој момент ситуацијата станува доста сериозна по опстанокот и целовитоста на КПЈ, и постои реална опасност судирот да ескалира до целосен расцеп и одвојување на КПХ. Нормално дека ваквото сценарио се случува со поддршка од Коминтерната која му порачува на Копинич да формира нов ЦК на КПХ. Случајот се расчистува по заслуга и огромно залагање на Јосип Броз кој по добивањето на информацијата реагира веднаш, свикува седница на ПБ на ЦК КПЈ на која покрај Јосип Броз учествуваат Александар Ранковиќ, Иван Милутиновиќ и Иван Лола Рибар. На седницата е анализиран проблемот и е донесено решение да се формира „ Истражна комисија “ на ЦК КПЈ на чело со Благое Нешковиќ, која ќе го испита случајот „Воздух“ и на Политбирото ќе му поднесе извештај. Веќе на почетокот на август 1941 година со посредство на Едвард Кардељ, Благоја Нешковиќ и Владо Поповиќ, ситуацијата успева да се смири а раководството да се врати во партијата под ингеренциите на КПХ и КПЈ. За ова повеќе во Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич,* кн. I..., 200-243, 273-347; Јосип Броз, *Собрани дела,* т. 7 62, 79-81, 95, 336-342.

[399] Јосип Броз, *Собрани дела,* т. 7..., 55-60, 261.

Сплотете ги цврсто своите редови околу вашата авангарда, Комунистичка партија на Југославија. Секој на своето место! Непоколебливо и дисциплинирано вршете ја својата пролетерска должност. Подготвувајте се итно за последниот и решавачки бој. Не дозволувајте да се пролева драгоцената крв на херојските советски народи без ваше учество. Ваши пароли мораат да бидат: Ниеден работник или работничка не смее да појде во фашистичка Германија, со својот труд да ги јакне силите на фашистичките бандити. Ниеден топ, ниедна пушка, ниедно ѓуле, ниедно зрно жито итн. не смее со ваша помош да дојде во рацете на фашистичките злосторници...Комунисти на Југославија! Не двоумете се ни момент, туку итно подгответе се за таа тешка борба. Веднаш приспособете ги своите организации и нивната работа за тој последен бој. Преземете с□ што подобро да ги обезбедите нашите драгоцени кадри кои денеска ни се потребни во таа борба од кога и да е. Организирајте ги работните маси и пренесете им го вашето тешко здобиено искуство. Застанете на чело на работните и национално угнетените маси и водете ги во борба против фашистичките угнетувачи на нашите народи...".[400]

И покрај прокламираниот интернационализам, хуманоста, како и повисоките вредности на општеството за кои се залагале комунистичките партии, неоспорен е фактот, дека, ниту една комунистичка секција не можела да направи ниту еден самостоен чекор без знаење и дозвола на комунистичкиот центар-Коминтерната, за што говори и податокот дека кон крајот на јуни, Јосип Броз испраќа телеграма до ИК на КИ, во која покрај останатото соопштува, и бара дозвола : „Партијата издаде проглас по повод нападот врз СССР и го повика народот на борба против фашистичките окупатори. Даде директива за масовни саботажи и организира партизански одреди за уништување на комуникациите...".

„..Ние подготвуваме народно востание против окупаторот, зашто народот е подготвен за борба. **Јавете ни го вашето мислење за тоа** (болдирано С. Н.). Оружје имаме доста малку.-Има ли можност наскоро да го добиваме?"[401]

При крајот на јуни, Јосип Броз преку Јосип Копинич, добива порака од Коминтерната упатена до ЦК КПЈ, во која КПЈ се повикува да се преземат сите мерки за

[400] Исто таму, 57, 59.
[401] Исто, 61.

да се помогне борбата на СССР, воедно и известување дека „во сегашната етапа се работи за ослободување од фашистичкото подјармување, а не за социјалистичка револуција.[402]

Дури тогаш, на 4 јули 1941 година, Јосип Броз се осмелува и свикува седница на Политбирото на која била донесена одлука за кревање на востание.[403]

Во една сосема изменета воено-политичка ситуација, на 23 јуни во Белград пристигнува Лазар Колишевски со впечатоците од состојбата во МПО.[404] Истиот ден случајно се сретнува со Светозар Вукмановиќ-Темпо на кој му ја пренесува состојбата во Македонија, а веќе наредниот ден се среќава со Иван Милутиновиќ. На средбата добил сугестија да се врати во Македонија, во Скопје, и на состанок на партиската организација да се расчистат спорните прашања преку избор на нов Покраински комитет.[405] На крајот на средбата, Милутиновиќ му ветил на Колишевски дека за ова ќе разговара со уште некои другари.[406]

Сеќавајќи се на овие настани понатаму Колишевски раскажува: „Потоа се сретнав со Александар Ранковиќ, кого исто така го известив за ситуацијата во Македонија. На нашиот следен состанок тој ми ја предаде одлуката на ЦК КПЈ за исклучување на Методија Шаторов од Покраинскиот комитет и од КПЈ на Југославија. Во тоа време ЦК КПЈ веруваше дека таа одлука ќе ги отрезни и другите членови на ПК и дека сето тоа ќе влијае за поактивна работа на партиската организација во Македонија“.[407]

---

[402] Исто, 335.

[403] На седницата на Политбирото на која покрај Јосип Тито присуствувале и А. Ранковиќ, М. Ѓилас, И. Милутиновиќ, И. Л. Рибар, Сретен Жујовиќ и С. Вукмановиќ било решено од саботажи и диверзии да се премине на општо востание, чија основна форма ќе биде партизанската војна, ударните групи...итн. Во одделни покраини да се испратат членови на ЦК КПЈ со вонредни овластувања за организирање и кревање востание-во Црна Гора Милован Ѓилас, а во Босна и Херцеговина Светозар Вукмановиќ-Темпо, да се основа орган на ГШ НОПОЈ и ЦК КПЈ со проглас да им упати повик на востание на народите на Југославија. Исто, 335/336.

[404] Лазар Колишевски, „Мајските и јунските дни во 1941 во Македонија“, *Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945...*, 126.

[405] За разговорот на Лазар Колишевски со Иван Милутиновиќ и неговата содржина, досега не се пронајдени докази дека навистина состанокот и неговиот тек вака се имаат случено. Нејасно е и далеку од научно објаснување да се прифати фактот дека во еден неврзан разговор, без седница и одлука на повисок форум, Иван Милутиновиќ, самостојно, без консултации, донел одлука и истата му ја пренел на Лазар Колишевски. Да се прифати дека вака на летечки состанок, Мулитиновиќ му дава задача на еден партиски член кој во тоа време нема статус ниту на член на ПК на КПЈ за Македонија, а уште помалку на ЦК на КПЈ, да го смени политичкото раководство на Македонската партиска организација и нејзиниот политички секретар сепак не држи и е далеку од логично размислување и научна анализа.

[406] Исто таму.

[407] Исто, 126/127.

Наводно, со одлуката за исклучување на Шаторов, Колишевски се вратил во Македонија. Но, Методија Шаторов и Покраинскиот комитет, одбиле да ја прифатат одлуката. Со себе го носел и прогласот на ЦК КПЈ од 22 јуни 1941 година, кој требало да биде растурен меѓу партиските организации. Иако Шаторов не сакал прогласот да биде растурен, Колишевски успеал, со помошта на Страшо Пинџур да го преведат на македонски јазик и да го растурат. Бидејќи не успеал да ја изврши задачата која му била дадена за исклучување на Методија Шаторов, Лазар Колишевски се вратил повторно во Белград. Тогаш со одлука на ЦК КПЈ од 24 јули 1941 година бил суспендиран Покраинскиот комитет. Со таа одлука, истакнува Колишевски, заедно со Драган Павловиќ трганале назад во Скопје за да ја средат состојбата во партиската организација на Македонија.[408]

Сеќавајќи се на овие настани, Мара Нацева која во тоа време е кооптитран член на ПК на КПЈ за Македонија истакнува: „Кон крајот на јуни Лазо отиде во Белград, му поднесе извештај на ЦК КПЈ и по неколку дена се врати во Скопје. Донесе нови партиски материјали и Прогласот на ЦК КПЈ по повод нападот на Германија врз СССР... Лазо не извести Пинџур и мене дека некој од ЦК КПЈ ќе дојде да ја расчисти ситуацијата во врска со Шарловиот ПК. И како што ПК порано не ги усвои мајските одлуки, така не го усвои и овој Проглас на ЦК КПЈ ниту дозволи материјалите да се размножат и достават до партиските организации и широкото партиско членство... Бидејќи делегатот на ЦК КПЈ не дојде како што го очекувавме, во втората половина на јули Лазо повторно појде за Белград. Наскоро се врати заедно со делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ – Шиљо кој ја донесе и одлуката за суспендирање на Шарло од должноста секретар на ПК и новите директиви за работа.[409] Во сеќавањата на Мара Нацева никаде не се сретнува наводната одлука која ја има Колишевски за елиминирање на Методија Шаторов.

На состанокот на ЦК КПЈ, следејќи ги извештаите на Лазо Колишевски, бил разгледан и потенциран проблемот со македонската партиска организација. Донесена е одлука во Македонија да се испрати делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ- Шиљо, со овластување од ЦК на КПЈ, да ги спроведе одлуките за сменување на Методија Шаторов од должноста секретар на ПК и негово исклучување од КПЈ, понатаму да го суспендира

[408] Исто.
[409] Мара Нацева „Спроведување на јулските одлуки на ЦК КПЈ во Македонија“, *Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945...*, 189/190.

постоечкиот состав на ПК и да им „помогне“ на македонските комунисти да формираат ново раководство со про-југословенско ориентирани членови кои ќе бидат целосно на линијата на КПЈ. Со ваква содржина на 24 јули 1941 година, Јосип Броз ја пишува одлуката за исклучувањето на Методија Шаторов од КПЈ, која Драган Павловиќ ја донесува во Македонија и ја предава на членовите на ПК на КПЈ за Македонија.[410]

Во интерес на објективноста и вистината што навистина се случуваше летото 1941 година, во прилог, го даваме и сеќавањето на Антун Колендиќ кој за улогата на Лазар Колишевски го истакнува следното: „Колишевски останува во Белград цел месец јули. По лична наредба од Ранковиќ (не на ЦК КПЈ-б. м.), требаше на 27 јули со вечерниот воз да се врати на партиска работа во Македонија. Меѓутоа, тој ден изутрината Колишевски виде кога беше уапсен Ранковиќ, за што *веднаш* ѝ јави на својата партиска врска, таа пак за тоа го извести Тито, а тој ја нареди - и белградските скоевци ја спроведоа - познатата храбра акција за ослободување. Во врска со овој среќен случај Ранковиќ подоцна ќе изјави: 'Колишевски и јас и порано пријателствувавме, но исклучително нè зближи, така да кажам, мојата неволја во летото 1941 година, кога паднав во заседа на гестаповската полиција и кога тој ме виде раскрвавен, како ме одвлекуваат во автомобил... Тој ја извести Цана Бабовиќ... Можеби кон него сум бил малку сентиментален како човек, но, ете - во прашање беше мојот живот. Било, па се памети!'“. [411]

Тито, тактички и умно ја спроведува својата доследна линија за револуционерната концепција на КП на Југославија, па во случајот на Македонија, соочен со антијугословенските махинации на бугарското лоби во Коминтерната, увидува дека задача на моментот е да се ликвидира најпослушниот експонент на Коминтерната: Методија Шаторов - Шарло. **Освен писмената одлука, тој, по подробните усни упатства, го праќа на почетокот на август како официјален делегат на ЦК КПЈ Драган Павловиќ за да ја спроведе одлуката за македонскиот ПК и исклучувањето на Шаторов.** (болдирано С. Н.). На друга страна, во тој ист Белград, Колишевски не отпатува за Македонија, како што одлучи Ранковиќ, со вечерниот воз на 27 јули. Кога дозна дека Ранковиќ е ослободен, тој бараше состанок со него, **соопштувајќи му дека сака да**

[410] Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 7..., 338/339.

[411] Антун Колендиќ, *Белите дамки на македонската историја.* https://www.marxists.org/makedonski/kolendik/1989/beli-damki.htm

**остане на работа во Белград** (болдирано С. Н.). Меѓутоа, Ранковиќ, тешко повреден во Гестапо и во длабока илегала, за молбата на Колишевски дозна дури на 3 август, истовремено кога и за Титовата одлука да го испрати делегатот на ЦК КПЈ Д. Павловиќ. Ранковиќ ѝ одговара на врската дека Колишевски *мора веднаш* назад во Македонија со Шиљо.Така, Колишевски на почетокот на август 1941 година втор пат доаѓа во Македонија.[412]

*

По упатениот повик на 4 јули до народите и народностите во Југославија и до сите партиски организации на КПЈ за отпочнување на НОАБ, кога центарот во Москва, односно Коминтерната постојано е бомбардирана со податоци и информации за Титовата поддршка кон братскиот и напатен советски народ, во втората половина на јули 1941 година,по смирувањето на ситуацијата со КПХ, а регионалната воено-политичката ситуација веќе се стабилизира и станува поволна по иднината за КПЈ, тргнувајќи од својот интерес свесен дека не смее да го испушти моментот во кој единството и целосноста на КПЈ бара неодложно расчистување со Шарловата линија, Јосип Броз свикува состанок на Политбирото на кој присуствуваат: Александар Ранковиќ, Иван Милутиновиќ и Иван Лола Рибар, кои се целосно согласни со титовите одлуки, и се политички параван за донесувањето на неговата одлука за политичко елиминирање на Методија Шаторов и членовите на Покраинскиот комитет на Македонија.[413]

### 4.3 Состојбата во МПО и ПК на КПЈ за Македонија летото 1941 година

Во Македонија заедно со Драган Павловиќ инструктор на ЦК КПЈ, со одлука на Александар Ранковиќ, повторно е упатен Лазар Колишевски. По пристигнувањето во Македонија, на 2 август 1941 година одржуваат средба со Мара Нацева и Перо Ивановски на која ги запознаваат со одлуката на Јосип Броз за исклучувањето на Шарло. Мара Нацева веднаш ја прифатила одлуката за разлика од Перо Ивановски кој се колебал и истата не ја прифатил, иако станува збор за одлука од највисокиот форум.[414]

---

[412] Исто таму.

[413] Јосип Броз, *Собрани дела*, т. 7..., 338/339.

[414] Во „Мајските и јунските дни во 1941 во Македонија" на стр. 127 Колишевски истакнува: Со оваа одлука, Драган Павловиќ и јас тргнавме за Скопје за да ја средиме состојбата во партиската организација на Македонија. Стигнавме на 2 август.

Закажуваат повторна средба со политичкото раководство на МПО, и по два дена на 4 август 1941 година во Скопје се одржува состанок со Методија Шаторов, Перо Ивановски, Мара Нацева и Коце Стојановски во присуство на Драган Павловиќ и Лазо Колишевски. На состанокот Шаторов заедно со Перо Ивановски и Коце Металец одбиваат да ја примат одлуката со образложение дека сега се одговорни пред ЦК на БРП. Не ги признаваат грешките на Методија Шаторов, ниту пак го признаваат обвинувањето за неактивност. Сметаат дека одлуката на ЦК КПЈ е донесена врз база на лагите и клеветите на еден човек. На крај, Драган Павловиќ им соопштува дека ги суспендира од функцијата членови на ПК на КПЈ за Македонија. Секако дека ниту ова решение не било прифатено.[415]

По состанокот Драган Павловиќ успева да стапи во контакт со една тесна група од членството кои ја подржуваат линијата на КПЈ и започнува политичка борба за придобивање на поширокото членство. Од една страна групата на Лазо Колишевски, Страшо Пинџур под раководство на Драган Павловиќ агитираат за про-југословенската линија, од друга страна Перо Ивановски останува лојален на политичкиот секретар на ПК на КПЈ за Македонија-Методија Шаторов и по месните комитети ја застапува Шарловата линија. Ситуацијата станува сериозна и судирот стигнува до месните партиски организации каде членството с□ повеќе е збунето и дезориентирано. Но факт е дека тие како лојални членови не се мешаат и не сугерираат во одлуките на раководството, и нивниот партиски став е одлуката да биде донесена од повисоките форуми.

Соочен со можен неуспех во извршувањето на својата задача, бидејќи почетните активности не вродуваат со плод, и поради потребата да се дознае вистината, како се случило поврзувањето, Драган Павловиќ го испраќа Лазар Колишевски во Софија, на средба со раководството на ЦК БРП,[416] а Страшо Пинџур со одлуката од 24 јули на ЦК

---

Денес е сосем јасно дека ЦК КПЈ го испраќа единствено Драган Павловиќ кој бил ополномоштен да ја однесе одлуката и да ја спроведе. Лазар Колишевски пристигнува во Македонија по ургентно залагање на Александар Ранковиќ. Јосип Броз, *Собрани дела,* т. 7..., 72, 339; *Извори*, т. I, кн. 1..., 34/35.

[415] *Извори*, т. I, кн. 1..., 34/35.

[416] На истото место во „Мајските и јунските дни во 1941 во Македонија" Колишевски во врска со неговото заминување во Бугарија истакнува: „По неколку дни јас по одлука на ЦК КПЈ, тргнав за Софија на разговори со ЦК на Бугарската работничка партија (комунисти) во врска со создадената состојба во партиската организација на Македонија, како и да го известам за суспендирањето на Покраинскиот комитет на Македонија. Со себе го носев и писмото што ЦК КПЈ го упати до ЦК БРП(к), како и одлуката за суспендирање на Покраинскиот комитет.

КПЈ и Јосип Броз, заминува на работа и пропагирање по месните партиски раководства.[417]

За време на својот престој во Македонија, Павловиќ пишува циркуларно писмо до сите организации и членови на партијата во кое се објаснува ситуацијата со нападот на СССР и задачите на комунистите кои произлегуваат од новонастанатата ситуација, за борбата во цела Југославија освен во Македонија како резултат на неактивноста на ПК, одлуката на ЦК КПЈ за исклучување на Шарло како и ставот на ПК по тоа прашање. Понатаму во циркуларното писмо Павловиќ нагласува дека „прашањето на која партија ќе и се приклучи Македонската организација не е централно и битно и дека братски ќе го решат двајцата 'Татковци'. Битна е неактивноста на ПК, неговите грешки и саботерскиот и контрареволуционерниот став...". [418]

Во својот извештај, Павловиќ наведува дека некои организации во потполност ја примиле одлуката, додека еден дел се колебал или сосема ја одбил.[419]

Со цел правилно разјаснување на политичката ситуација во која се нашла МПО и нејзиниот Покраински комитет, а во недостаток на службена документација ќе се навратиме на сеќавањата на Бане Андреев кои и покрај тоа што во одредени моменти се разликуваат меѓу себе, секако претставуваат сериозен извор на податоци .[420]

Бане Андреев во август поради семејни потреби заминува во Охрид, каде останува неколку дена и при тоа присуствува на три партиски состаноци на месната организација во Охрид. На враќање за Велес, се симнува во Битола каде се сретнува со Страшо Пинџур и Стиле Милевски од Прилеп. На средбата му ја објаснуваат состојбата во Покраинскиот

---

И оваа констатација која ја среќаваме кај Лазар Колишевски не е точна, бидејќи фактите говорат дека на средба со БРП(к) Лазар Колишевски е испратен по барање на Драган Павловиќ, а не со одлука на ЦК КПЈ. *Извори*, т. I, кн. 1..., 35.

[417] *Извори*, т. I, кн. 1..., 35.

[418] Исто таму.

[419] Месните партиски раководства различно реагирале на одлуката за исклучување на Методија Шаторов и суспендирање на ПК. Кумановската партиска организација, ја примила а потоа го запознала своето раководство со одлуката на Јосип Броз. во што несомнено голема заслуга има интензивната активност на Лазо Колишевски. Имено Колишевски уште за време на својот прв престој во Македонија се обраќа за помош во Кумановската партиска организација каде ги шири про-југословенската линија и ставовите на КПЈ. За разлика од неа Битолската, Прилепската и дел од Велешката партиска организација воопшто не сакале ниту да разговаат за запознавање на членството со одлуката на Тито и останувaат лојални на ПК на КПЈ за Македонија и секако на политичкиот секретар Методија Шаторов. За ова повеќе во Мара Нацева „Спроведување на јулските одлуки на ЦК КПЈ во Македонија", *Скопје во ослободителната војна и револуцијата 1941-1945...*, 191; Документационо одделение „Велимир Брезовски", ИНИ, Бане Андреев, *Сеќавања од НОАБ,* (I верзија непрочистен текст). Сл.IV.499, 3-5.

[420] Македонската историографија располага со три сеќавања за кои постои мислење дека Бане Андреев ги депонира зависно од политичките потреби.

комитет, го запознаваат со писмото и одлуката на Јосип Броз и напорите што ги прават со цел да се прочита и прифати писмото од 24 јули 1941 година и ставот на ЦК КПЈ. Но Месниот комитет на Битола, Прилеп и Велес не се согласува со акцијата која ја презема Страшо Пинџур, не сакаат да го примат ниту него, ниту пак да одржат состанок во врска со оваа тема и остануваат лојални на Методија Шаторов и на Покраинскиот комитет.[421]

По неуспешните обиди да се прочита и прифати писмото и одлуката на ЦК КПЈ, во Битола и Прилеп каде наидоа на затворени партиски организации, Бане Андреев се враќа во својот роден град и во Велес прави напори да се сретне со свои постари познаници и членови на партиската организација. Успева да свика состанок на кој присуствуваат Страхил Гигов, Орце Сребров, Кољо Бабунски, Мино Богданов-Богдан и други, каде било прочитано и прифатено писмото од присутните. Било договорено писмото да се умножи и да се разнесува низ партиските ќелии како и да се работи на изнаоѓање на партиски поддржувачи. Биле одредени и лица кои писмото ќе го шират низ останатите месни комитети во градовите од околината.[422]

Бане Андреев наскоро заминува за Скопје и со посредство на Страшо Пинџур се сретнува со делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ. На средбата повторно била разгледана состојбата со МПО но реално без поголеми изгледи за успех во спроведувањето на одлуката на ЦК КПЈ. Општа била констатацијата дека месните партиски раководства се лојални на Методија Шаторов, со исклучок на кумановската и делумно партиски членови од Велес. Драган Павловиќ го задолжува Бане Андреев да се обиде преку разговор да го

[421] На средбата со Страшо Пинџур и Стиле Милевски, Бане Андреев дознава за писмото на ЦК КПЈ од 24 јули 1941 година, и за задачата која ја има Страшо Пинџур, одлуката за исклучување на Методија Шаторов и смената на ПК, да ги пренесе низ месните партиски организации. Месниот комитет на Битола не сака да одржи состанок на кој Страшо ќе ја соопшти одлуката на Тито и ЦК и не сакаат воопшто да ја примат. Во тоа време според Бане Андреев секретар на Месниот комитет на Битола е Стив Наумов кој не сакал да одржи состанок на оваа тема и ги затвора вратите на партиската организација. Истиот ден, Пинџур се сретнува и со Лилјана Чаловска која реагирала на ист начин велејќи му „да не те знаев ќе те сметав за провокатор и ако настојуваш и понатака целата работа ќе ја сметам за провокаторска и ќе треба да се губиш". Наредниот ден во Прилеп се сретнуваат со Вера Ацева секретар на МК на Прилеп, која реагира на ист начин како и раководството на Месниот комитет на Битола, не сакала ниту да слушне за свикување на состанок велејќи му на Пинџур „дека најдобро е да се чисти поскоро и на време". По неуспехот со битолската и прилепската организација во Велес, наишле на истиот став дека месниот комитет во Велес му дава поддршка на Шарло и ја затвара организацијата. Бане Андреев, *Сеќавања од НОБ...*, 3.

[422] Фракционерското крило на Драган Павловиќ ја продолжило акцијата и за таа цел биле испратени партиски членови во Свети Николе, Штип, Гевгелија и Струмица кои ќе го разнесат писмото и ќе бараат од сопартијците да се одлучат и изјаснат за про-југословенската линија. Исто таму, 4/5.

придобие Перо Ивановски.[423]

И последниот обид на Бане Андреев и Драган Павловиќ да го придобијат Перо Ивановски пропаднал, бидејќи на средбата која ја имале со Ивановски, им соопштил, дека е пристигнат делегат од Бугарското раководство кој понатаму ќе ја преземе одговорноста за сета досегашна работа на ПК во Македонија, со напомена дека оваа работа сега е работа на пристигнатиот делегат од Бугарија и на Шарло.[424]

Соочен со сериозноста на ситуацијата и опасноста кризата во Политичкото раководство да се пренесе и да ги зафати и пониските структури како по вертикала така и по хоризонтала, што во тој исклучително значаен момент би значело расцеп на партиската организација, Методија Шаторов ја согледува потребата од итност во разрешувањето на спорот и набргу свикува партиско советување.

На состанокот кој се одржува на 17 август 1941 година во Скопје присуствувале делегати од сите партиски организации од Македонија, освен од партиските организации на Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Струга со кои била потешка комуникацијата, бидејќи се наоѓале под италијанска окупација. На конференцијата присуствувал и со свое излагање учествувал и делегатот од БРП(к) Петар Богданов.[425]

На самиот почеток на состанокот делеготот од Бугарија ја објаснил состојбата со раководството на Македонската партиска организација која се наоѓала под бугарска ингеренција, понатаму објаснил пред присутните, дека клеветите против Шаторов, се

---

[423] Драган Павловиќ и неговите подржувачи сметале дека Перо Ивановски ќе му ја откаже лојалноста на Шаторов и во врска со тоа Павловиќ го кажува своето мислење за Ивановски, велејќи: „Ма јас веќе пробав неколку пати, но ништо не успеав. Партијата и другарите горе во него најмногу се надеваа, млад е и перспективен, но тој не ги оправда надежите. ниту на другарите ниту на Партијата".

На истиот тој состанок, Павловиќ му ја објаснува на Андреев погрешната политика на БРП спрема Македонија, му ја дава адресата на Перо Ивановски со надеж и препорака да направи секаков напор да го убеди Перо Ивановски да му откаже послушност на Шарло. Веднаш по средбата, Бане Андреев се сретнува со Перо Ивановски поточно заминува кај него дома. По скоро двочасовен разговор и убедување Ивановски му ветува дека ќе размисли и утре ќе го даде својот конечен одговор. Следниот ден заедно со Драган Павловиќ, Бане Андреев повторно оди кај Перо Ивановски, најдевајќи се дека се одлучил во полза на линијата на КПЈ и дека конечно ќе му откаже послушност на Шаторов. Но за разочарување на двајцата Перо Ивановски на средбата останува лојален и истакнува дека не треба да се цепи партиската организација, понатаму дека македонската партија е приклучена кон бугарската и таа повеќе не е под јурисдикција на југословенското раководство. На крајот соопштува дека пристигнал делегат на Централниот комитет на Бугарската партија, кој ќе ја преземе одговорноста и понатаму тој ќе ги расправи тие работи. Бане Андреев, *Сеќавања од НОБ*, (I верзија непрочистен текст)..., *5*.

[424] Исто.

[425] Документационо одделение „Велимир Брезоски", ИНИ. Сеќавања на Бане А. Андреев-Ронката, дел трети, за период од излегување од робија 4 јули 1941 година до почетокот на јуни 1942 година (до пучот во покраин. комитет), Сл.IV. 888/III, 18.

невистинити и претерани од страна на КПЈ, и дека наскоро состојбата ќе се расчисти. Петар Богданов истакнал дека наскоро се очекува да пристигне и писмен одговор од Коминтерната кој ќе претставува и официјално признавање на бугарските компетенции врз македонската партиска организација а со самото тоа и надминување на спорот за кој тие зборуваат. На крај Богданов истакнал дека македонската партиска организација треба да остане во состав на Бугарската партиска организација, како засебна покраинска организација со автономија, но под раководство на БРП(к).[426]

Конференцијата ја продолжил Методија Шаторов кој опширно зборувал за политичката положба по окупацијата и за задачите што сега се наметнуваат пред комунистите во Македонија. По излагањето на Шаторов на состанокот, во дискусија се вмешува Перо Ѓеоргиевски и од името на неговата местна партиска организација истакнува и смета дека советувањето е неправилно и неисправно и дека е потребно на состанокот да присуствува и делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ, кој се наоѓа во Скопје.[427]

Конференцијата продолжила со предлозите кои биле општо прифатени од сите присутни, освен од Перо Ѓеоргиевски-Чичето, а при тоа била разгледана состојбата со Македонската партиска организација, Покраинскиот комитет и настанатиот спор околу припадноста на Партиската организација на Македонија.[428]

За време на завршниот збор, Методи Шаторов се задржал на забелешките на Перо Ѓеоргиевски - Чичо и Бане Андреев и истакнал дека Бугарската партија не ја признава Хитлеровата поделба, но дека попрактично и полесно ќе се контактира во рамките на границите на една земја. Тој ги отфрлил гревовите што му ги препишува ЦК КПЈ, освен за паролата за Советска Македонија, за која се согласил дека е избрзана, по што дал своја

---

[426] Исто таму, 18/19.

[427] Во текот на своето излагање Перо Ѓеоргиевски ја прочитал изјавата која заедно со Бане Андреев ја напишале претходниот ден. На крај, побарал да се стави барањето на гласање и присутните да се изјаснат по овие забелешки со што би издејствувал да се повика и да присуствува и претставникот на ЦК КПЈ. По кратката пауза, и консултациите меѓу потесното раководство се одлучило дека сега моментот не е добар да се прекинува конференцијата и да се излегува пред с поради конспиративни причини а подоцна Петар Богданов ветил дека ќе оствари средба со делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ. Исто.

[428] Методија Шаторов имал свое подолго излагање, потоа секој делегат ја претставил активноста во својата месна организација и акциите кои дотогаш биле извршени врз основа на задачите поставени од Покраинскиот комитет, односно сите делегати поднеле еден вид краток извештај за состојбата во месната партиска организација од каде што доаѓаат. Понатаму сите по пат на гласање го потврдиле ставот на Шарло и Бугарската партија, воедно изјаснувајќи се против ставот на Комунистичката партија на Југославија и осудата против Шарло. Исто, 20-22.

самокритика.[429]

После конференцијата, доаѓа до средба помеѓу двајцата делегати, на ЦК КПЈ и на ЦК БРП, кои ги изложиле интересите на своите комунистички секции. Во бучна и напната атмосфера, Драган Павловиќ го напаѓа бугарскиот претставник дека го штити Покраинскиот комитет, кој во моментот е обвинет за злоторничка неактивност. На нападите и обвинувањата упатени кон него и неговата партија, Петар Богданов одговорил дека постои одобрение од Георги Димитров за приклучувањето на македонската организација кон Бугарската партија. Потоа на изненадување на Павловиќ подвлекува дека не постои неактивност и грешки освен одлуката за предавањето на оружјето, која според него не ја сметаат за некоја поголема грешка. Богданов истакнал дека БКП и Коминтерната односно Георги Димитров го знаат Методија Шаторов и имаат целосна доверба во него како партиски другар и во неговата лојалност, затоа раководството останува непроменето, а одлуките на КПЈ се преостри и се донесени без никакво проверување. Поради ваквиот став на бугарскиот преставник кој го изнел на состанокот, Драган Павловиќ бил принуден да се откаже од понатамошната работа и борба на теренот и решението на целиот случај да се пренесе на „татковците" (на централните комитети-С. Н.) и на „дедото" (Коминтерната), односно одлуката да ја донесат повисоките форуми.[430]

Набргу во Скопје се враќа и Лазар Колишевски кој заминал во Софија на состанок со членовите на ЦК на БРП.[431] Извештајот што го доставува Лазар Колишевски од

---

[429] По завршената дискусија и завршниот збор од страна на Шарло била поднесена Резолуција со која му се дава доверба, се одобрува неговата политика и работа, се одобрува политиката и работата на целиот ПК под негово раководство како и приклучувањето на Македонската партиска организација кон БРП(к). Сите присутни позитивно гласале за Шарловата резолуција и со тоа ја одобриле неговата политика. Единствено Пера Ѓеоргиевски - Чичо и Бане Бндреев не ги прифатиле решенијата на Конференцијата. Исто.

[430] *Извори*, т. I, кн. 1..., 35/36.

[431] Цола Драгојчева член на ЦК БРП и одговорна за врските и контакти со претставниците на Југословенската и Грчката партија, детално ја објаснува средбата и текот на разговорот што го има со Лазар Колишевски. Колишевски и Кузман Јосифовски пристигнуваат во Софија по задача од делегатот Драган Павловиќ, при што бугарското раководство треба да го запознае со одлуката на Јосип Броз, обвинувањата и исклучувањето на Методија Шаторов. Според Драгојчева средбата со југословенскиот преставник ја дочекува со радост во согласносност со комунистичкот интернационализам и братството помеѓу двете соседни комунистички секции. Очекувале дека ќе се обноват врските кои биле прекинати поради воените настани и окупацијата на Југославија како и дека ќе успеат братски и заеднички да се договорат во преземањето на акциите во интерес на антифашистичката борба особено во моментот кога СССР е нападнат од фашистичките војски. Меѓутоа радоста не потрајала за долго. Наместо другарски дијалог, добронамерен разговор тој се претворил во оптужувачки монолог од страна на Лазар Колишевски. Запрепастена Цола не можела да поверува на оптужбите кои Колишевски им ги упатил нејзе, на раководството на БРП и Методија Шаторов. На средбата Колишевски ги обвинил: „Доаѓам од името на ЦК на КПЈ за да го изразам нашето чудење и незадоволство, бидејќи вие с уште не кревате вооружено востание, и меко кажано тоа е

средбата во Софија бил скоро идентичен на изјавата која ја дава и Петар Богданов. И во Бугарија, на Лазар Колишевски му била соопштена истата содржина во однос на Македонската партиска организација, дека одлуката е од страна на Коминтерната и дека тие сметаат дека Шаторов нема направено партиска грешка.

Ставен пред свршен чин поради ваквиот тек на настаните, поточно по дознавањето дека одлуката за поврзувањето на МПО е донесена од повисок форум, Драган Павловиќ безпоговорно ја прифатил, и при крајот на август заминува од Македонија. По пристигнувањето во Белград доставува извештај до ЦК КПЈ за настаните кои се случуваат во Македонската партиска организација по што следува Титовата одлука за конечно затворање на случајот МПО и елиминирање на политичкиот секретар Методија Шаторов.[432]

### 4.4 Воената активност на МПО и ПК на КПЈ за Македонија

По доаѓањето на Методија Шаторов на чело на ПК на КПЈ за Македонија, Партиската организација во Македонија одржува Покраинска партиска конференција на 8 септември 1940 година на која едногласно била усвоена политичка програма во која се зацртани неколку примарни задачи за македонските комунисти. Покрај дефинирањето на

---

опортунизам; понатаму со својата политика бугарската партија се изедначува со политиката на монархо-фашистичкиот режим; земете пример од нас и неодложно исправете го политичкиот курс и кренете вооружено востание...“, на крајот Колишевски побарал средба не со еден претстваник на ПБ на ЦК на БРП туку да му биде организиран состанок со сите членови на централното раководство. По средбата со Лазар Колишевски, Цола Драгојчева ги известува Антон Иванов и Трајчо Костов за текот на разговорот и оптужбите кои им ги упатува Лазар Колишевкси како и за неговото барање. Двајцата раководители на БРП, едногласно се согласуваат дека нема потреба за организирање на таков вид на средба со Колишевски и Кузман Јосифовски. На наредната средба Цола му укажува на Лазар Колишевки дека и покрај успесите на братската КПЈ кои и те како се почитувани од БРП, сепак потребен е заемен респект меѓу двете партии. Упатена критиката, Колишевски воопшто не ја прифатил. Напротив Колишевски продоложил со обвинувањата дека се непоправливи опортунисти и дека е „нормално што другиот Бугарин Шарло кај вас најде поддршка и покровителство“, при тоа нарекувајќи го непријател, предавник и саботер. Според Цола: „бев поразена и повредена до дното на душата“ и уште повеќе кога продолжил со клеветите против Шаторов кој го сместил во купот на заколнатите бугарски опортунисти. Понатаму продолжил со нападите дека без дозвола ја присоединиле македонската партиска организација со посредство на Шаторов. На убедувањата дека за тоа имало причина заради опасноста од изолирање на МПО, и со договор од КПЈ Колишевски отсечно негирал дека КПЈ нема дадено дозвола ниту е известен туку дека Шарло на своја рака за да ги оствари своите контрареволуционерни и предавнички планови.Тогаш од нив ултимативно побарал да ги прекинат врските со МПО и да ја вратат под ингеренции на КПЈ, како и да му помогнат на ЦК КПЈ да го дезавуираат Шаторов сред македонските комунисти и да помогнат во испраќањето на Шаторов во внатрешноста да биде даден и суден за неговото предавство. По разговорот Лазар Колишевски околу 20 август се враќа во Македонија и на Драган Павловиќ му доставува извештај за содржината на разговорот кој има исто значење како и содржината на разговорот што Драган Павловиќ го води со Петар Богданов. Цола Драгойчева, *ПобедатаПовела на дълга,* книга 3, (Спомени и размисли)..., 342.

[432] Јосип Броз, *Собрани дела,* т. 7..., 141-150.

приоритетот за автономна македонска партиска организација, решавањето на националното и аграрното прашање, таа ги отвора вратите на сите слободоумни, демократски и револуционерни сили, организирајќи ги во широк национален фронт. Во периодот од април 1940 до септември 1941 година бројно нараснува членството а партиските организации ги зафаќаат квалитативни промени во однос на начинот на работење и партиското делување. Променетиот пристап и организираноста во Партијата, ќе ефектуира нов партиски квалитет во однос на: самостојноста и автономијата на партиската организација и напуштање на слепото следење на централното, односно српското политичко влијание; воведување на македонскиот јазик во прогласите и апелите со што нивните содржини станувaат блиски не само до членовите, туку и до широките македонските маси, па во повикот на ПК на Комунистичката партија во Македонија со наслов „До македонскио народ" од ноември 1940 година, упатен до македонскиот народ се повикува:

„Драги брајкја!

Првото нешто, кое бие на очи е признаването от страна на српските големци да постои Македониа. До сега секогаш си го дереа грлото оти Македониа нема, а има само 'Јужна Србиа', а сега признаа оти Македониа има не само во Грциа и Бугариа, ами и во Југославиа. *Ама сушноста на споро мегју српските и бугарските шовинисти е кој да владеи во Македониа и кој да стрижи македонската овца.*

Господата од Белград и Софиа спорат за Македониа, а македонскиот народ ич не го питат. Тије поробители на Македониа имат тепегјозлуг да зборуат оти македонскио народ бил српски, бил бугарски и да Македонците немале историа, јазик и др. Македонските поробители лажат! Во сушност Македонците *не сет нити Срби ниту Бугари а сет само Македоници.*

Брајкја,

Вие имате свои јазик, своа култура, свои традиции, песни и итн. Вие имате славна историа и минало. Кирил и Методиа не беа ни Срби ни Бугари, а македонски Славјани кои дадоа писменос и култура на сите Славјани. Новата историа на Македониа е богата со

борби за национална слобода, *Илинден е најславнио пункт на Македонците за слобода и рамноправие*".[433]

Шарловото раководство, се залага политичката акција и делувањето на македонските комунисти да биде во согласност со националната обединителна програма во која иднината на Македонија ја гледа во обединувањето на трите расцепкани дела како слободна и самостојна целина на Балканот. Свесен за тежината на споменатите цели Методија Шаторов се залага за автономна, обединета комунистичка партија како единствен гарант на интересите на Македонија. Идеалот за слободна, независна и обединета Македонија и остварувањето на вековниот сон го бара во закрилата и во поддршката на Коминтерната и братските комунистички партии и при тоа истакнува: „Како посебна политичка задача пред Комунистичката партија во Македонија Проширениот пленум го поставува создавањето на македонски демократски фронт со сите антиимперијалистички [вклучувајќи] [...] групи и елементи за влегување во општиот демократски фронт на Југославија врз база на сојузот на меѓусебна помош и пријателство со СССР, за мир и демократија за народна власт во Југославија".[434]

За време на неговото раководство од април 1940 до септември 1941 година содржината на отпорот и партиските акции добивале разни облици на невооружен и вооружен отпор зависно од општествените и воените околности. За прв пат, Партијата во Македонија, го канализира незадоволството на работниците и е предводник на разни облици на работнички протести, штрајкови, демонстрации, саботажи, пишување на пароли, растурање на прогласи и повици до македонскиот народ.[435] Со еден збор го подготвува народот за невооружено и вооружено спротивставување и пресметка со потиснувачкиот великосрпски режим како и за национална слобода и рамноправност на македонскиот народ, па во повикот „На работнио народ во Македонија" од јуни 1940 година се истакнува: „*Работничката класа со нашата Партија на чело, била и е во првите редови во борбата за национална слобода и рамноправност...*".

„*...Вашите јаки и единствени работнички редови и вашата решителна борба треба да биди пример и водител во ослободувачката борба на работнио народ во*

---

[433] Илегалниот печат на КПЈ во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, том II, книга 2, Извори за историја на СКМ, ( Скопје: „ Комунист", 1983), 206/207.

[434] *Документи и материјали 1921-1941,* том I, книга 2..., 381/382.

[435] Повеќе за ова во Орде Ивановски „Работничкото движење во Скопје", *Скопје во НОВ 1941...*, 27-44.

*Македонија. Вие треба да бидете први во борбените редови за национални права и слободи, против скапотиата и војната, против режимо на насилие и арамилак".*

*„Вие треба да бидете организатори и предводители како авангарда на работничката класа и на чело во борбата на македонскио народ за полно национално ослободување.*

*Вие треба да го кажите на македонскио работен народ вистинскио и правио пријател на потиснатите народи Советскиот Сојуз, земјата на мир и слобода, работничко-селската држава...".*[436]

До априлскиот погром, партиската акција имала социјално и класно обележје и биле насочени кон подготовка на масите за социјалистичка револуција и промена на класното уредување по примерот и со поддршката на СССР.

Обновата и новиот начин на организирање и делување започнува да ги зафаќа и местните партиски раководства. На иницијатива на Покраинскиот комитет, уште на почетокот на јануари 1941 година била извршена реорганизација на Месниот комитет на КПЈ воСкопје. Било избрано партиско раководство во чиј состав влегол и Коце Стојановски-Металец, кој воедно бил и член на ПК на КПЈ за Македонија.[437]

Меѓутоа, априлската војна и распадот на Кралството Југославија суштински ја менува положбата и дејноста на Партиската организација на Македонија. Во воените услови, таа ќе се најде поделена и окупирана од страна на Бугарија и Италија.

Новата ситуација, ја детерминира и менува содржината на партиските активности. С□ до нападот на Советскиот Сојуз, партијата своите активности ги насочува кон уништување на полициската документацијата и архива за компромитираните членови на партијата, работи на собирање на воениот материјал, оружје, храна, облека како и санитетски средства, ги активира и ја засилува работата на органите на Народната помош. Работи на афирмирање на партиската организација на село потенцирајќи го селото како многу значаен елемент во заднинската поддршка во борбата со непријателот. Ја афирмира партијата во младинските средини, помеѓу жените и младинките. Прогласите на ПК на КПЈ за Македонија, пропагираат за вистинската окупаторска улога на Бугарите,

---

[436] Цитирано според *Методија Шаторов-Шарло,* документи и материјали..., 269-277.

[437] Во раководството на МК на град Скопје влегувале: Боге Кузмановски, Периша Савелиќ, Благоја Давков, Илија Јакимовски, Коце Златев и Коце Стојановски-Металец како секретар на МК, кој воедно бил член и на ПК. ВанчеСтојчев, „Воената дејност на Методија Шаторов-Шарло", *Методија Шаторов-Шарло и неговото време...,*141.

потенцирајќи му на македонскиот народ: „Вие сами се убедифте на вашите плекји, оти Немците и нивните ортаци, Бугарите, дојдоја не да донесат слобода на Македонија, а да ја оплјачкајат и наново поробат...Од горе на сето това на Македонците е забрането да се викаат Македонци, а македонската култура и целата македонска 50-годишна борба за слобода и рамноправие от страна на бугарските завоеватели се претставуе не како македонска, а како бугарска...“, затоа Покраинскиот комитет апелира во прогласот „Македонски народе на штрек“, македонскиот народ да не потпаѓа и да не ги прифаќа ваквите заблуди.[438] Бугарската окупациона управа, во почетокот водела суптилна политика за асимилација и денационализација на македонскиот народ, па, во експозето на претседателот на бугарската влада Филов, поднесен на 19. IX. 1941 година во бугарското Собрание се истакнува: „...Остварено е обединувањето на бугарскиот народ...Идеалите за кои се бореше бугарскиот народ повеќе од 60 години денес се на пат на целосно остварување...Сите земји на кои бугарскиот народ има неоспорно право за вклучување денес се во ’пределите’ на ‘Царството Бугарија’“.[439] Со помошта на колаборационистите, интересот им бил свртен кон преземањето на културно-просветните и културно-уметничките друштва. Меѓутоа македонските комунисти повеле акции за освојување на управите, читалиштата и културните установи и настојувале да постават свои лојални членови кои ќе ги спречат намерите на окупаторот.[440]

Во тој период, Партија со сите сили се борела да ја афирмира крајната цел на македонските комунисти што е единствена и заедничка цел и на целиот македонски народ, да ги сплоти народните маси во борбата за слобода и формирање на македонска држава. Единствена слобода која може да ја има македонскиот народ, се потенцира во прогласите, е во заедничка ослободителна борба, борба за протерување на окупаторот, братска борба со сите угнетени и потиснати и единствено така ќе „’ ИЗГРЕЈ ЗОРАТА НА СЛОБОДАТА’ ЗА СИТЕ ПОРОБЕНИ НАРОДИ ВО ЕВРОПА-ВО ТОВА ЧИСЛО И ЗА МАКЕДОНСКИО НАРОД.“, сметајќи на целосна подршка на СССР.[441]

[438] *Извори*, т. I, кн. 1..., 22.

[439] Цитирано според д-р Антун Колендич, „Услови, тек и значење на НОБ во Скопје 1941“, *Скопје во НОВ 1941*..., 146.

[440] Повеќе за ова во д-р Миле Тодоровски , „Антиокупаторското расположение во Скопје и видовите на отпор “,*Скопје во НОВ 1941*..., 171-187.

[441] *Извори*, т. I, кн. 1..., 29-33.

Уште во април, во Скопје, група младинци самоиницијативно успеале да разбијат еден воен склад со воен материјал и храна. Храната била поделена на народот, а воениот материјал складиран во одредените складишни места. Во овој период биле организирани и изведени првите диверзантски акции во Скопје и околината, од страна на млади партиски кадри, организирани од Месниот комитет на Скопје, а една од позабележливите акции извршена од група младинци била акцијата за палењето на германскиот авион ЈУ-52 паднат во с. Лисиче на 2 јуни 1941 година.[442]

На 22 јуни 1941 година, месниот комитет на партиската организација на Скопје оддржува проширен состанок во околината на Скопје, во местото Козле. На состанокот покрај членовите на МК присуствувале и 25 претставници, членови од разни партиски ќелии и организациониот секретар на ПК на КПЈ за Македонија Перо Ивановски -Тиквар. Ова бил редовен состанок на МК на Скопје на кој биле разгледани прашањата за меѓународната ситуација, ситуацијата со бројниот состав на партијата и воопшто прашања од интерес на партиското работење. За време на дискусијата, пристигнува Мустафа Карахасан и соопштува за нападот на СССР. Веднаш по добиената вест, се менува дневниот ред, без да се чека директива од повисоките форуми, централна тема на состанокот станува нападот врз Советскиот Сојуз и подготовките за одбрана на првата социјалистичка земја. Ова значело момент на пресврт и во партиската програма и активностите на македонските комунисти. Задоени во интернационален дух, се солидаризираат со советскиот народ и во тој момент единствено вооружената борба како масовен облик на спротивставување и отпор било прифтливото решение и само на тој начин реално се гледала победата над наци-фашизмот. Затоа состанокот понатаму продолжил, со разгледување и донесување на заклучоци за војната, која добива антифашистички и народноослободителен карактер согласно новосоздадената ситуација.[443]

На 28 јуни 1941 година била формирана Воена комисија како посебен орган на Покраинскиот комитет, истовремено вршејќи функција на Воен комитет при Месниот

[442] Ванче Стојчев, „Воената дејност на Методија Шаторов-Шарло", *Методија Шаторов-Шарло и неговото време...*, 141-143.

[443] Перо Ивановски Тиквар, „Методија Шаторов- Шарло и неговото време",*Методија Шаторов-Шарло и неговото време...*, 174.

комитет на КП за Скопје.[444] Покрај Методија Шаторов Шарло кој раководел со Воена комисија, во нејзиниот состав влегувале: Бранислав Шикиќ-Бруно - одговорен за известителна, односно разузнавачка дејност, Коце Стојановски-Металец - одговорен за врски и за работа со активисти и луѓе кои се наоѓале во бугарската војска и Љубомир Лековиќ-Горски одговорен за диверзантски групи. Подоцна во комисијата се вклучиле Илија Јакимовски и Роберт Гајдиќ.[445]

Воената комисија ќе одржи три состаноци во времето кога Методија Шаторов-Шарло се наоѓа на чело на ПК, на кои биле донесени значајни одлуки во согласност со подготовките за вооружено востание. На првиот состанок на Воената комисија била донесена одлука за формирање на диверзантски групи. Набргу потоа, одлуката била спроведена. Биле донесени и складирани големо количество на експлозив, фитили и друг воен материјал, кој бил сместен на еврејските гробишта или распределени по другите организации на КП низ градовите.[446] Во периодот од 3 јули до 22 август, особено по илинденските демонстрации во Скопје, од групата партиски членови кои се компромитирале пред окупаторот и се повлекле во илегала, биле формирани 5 диверзантски групи. Тоа всушност претставувал и првиот чекор во реализирањето на определбата за подготовки на вооружена борба. Една од задачите на диверзантските групи била да го прибираат и складираат прибраното оружје, храна, облека и др. коишто се наоѓало собрано во ќелиите на КП. Собраниот материјал бил сместен во три магацини. Еден се наоѓал во еврејските гробишта, втор во Маџир маало и трет во куќата на Нада

[444] За ова повеќе кај Митре Инадески „Осврт на некои истражувања за вооружениот отпор против окупаторот во Скопје во 1941 година", *Скопје во НОВ 1941...*, 189-206.

[445] Д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, *Главниот штаб и државноста на Македонија (1941-1945)*, (Скопје: ИНИ, 2001), 46; Митре Инадески, *цитираниот труд*, 187-206.

[446] Во однос на начинот на снабдувањето на месните партиски организации со оружје и воен материјал интересни податоци изнесува Митре Инадески, приложувајќи го сеќавањето на Вера Ацева, во кое се вели: „...По првиот состанок на месниот воен штаб во последните дни од месец јуни неколкупати се испраќани курири во Скопје да донесат динамит. Еден од првите беше Стеван Стојановски, кој донесе еден куп со динамит. Интересно е да се истакне дека при прегледот на трошарината во Прилеп, кога го отвориле куферот и виделе, го прашале што е ова, тој им рекол дека е тоа жолта боја за налани и така се извлекол. Уште еден или двајца курири одеа во Скопје и донесуваа по еден куфер динамит, така што ние имавме доволно динамит за вршење на акција во тунелот кај Богомила. На сличен начин беа пренесувани неопходното оружје и воен материјал и во останатите партиски организации". Митре Инадески „Осврт на некои истражувања за вооружениот отпор против окупаторот во Скопје во 1941 година", *Скопје во НОВ 1941...*, 196.

Веселинова. Од сличен карактер се и трите акции изведени во рудникот Радуша во времето од 10 август па до крајот на месецот.[447]

Воената комисија која била под директни ингеренции на ПК и на Методија Шаторов, на својот трет состанок одржан во втората половина на август донела одлука за формирање на посебни борбени единици, партизански одреди согласно повикот и директивата на Коминтерната[448] со што започнала да ја спроведува концепциската определба на ПК на КП за Македонија за вооружено востание како програмска ориентација.[449]

Сосем нормално е што ваквата активност на партиската организација на Македонија кон крајот на август 1941 година во склопот на општите подготовки, имаат квалитативно нараснување на отпорот во сите средини и облици. Така диверзантските групи се обединуваат и на 22 август 1941 година во месноста Чифлик со одлука на Воената комисија бил формиран Скопскиот партизански одред. Скопскиот партизански одред била првата оружена единица во Македонија која оперирала на просторот меѓу планините Водно, Жеден и Скопска Црна Гора. Во своите сеќавања, во врска со формирањето на Скопскиот партизански одред, Боро Трајковски ќе истакне: „Според одлуката на Воениот штаб, на 22 август 1941 година, крај реката Вардар во близина на селото Злокуќани, се собравме припадниците на диверзантските групи. Тука во присуство на членовите на Месниот комитет на КПЈ за Скопје и Воената комисија, Периша Савелиќ и Љубомир Лековиќ-Горски, беше формиран Првиот скопски партизански одред. Во неговиот состав влегоа петте диверзантски групи. Сите борци на Одредот бевме членови на Партијата и СКОЈ. Според тогашните прилики, овој историски акт не се изврши со некој однапред подготвен церемонијал. Меѓутоа, кај сите нас борците се чувствуваше нескриена радост и гордост што почна да ни се остварува дамнешната желба - да припаѓаме на борбен одред на нашата Партија и народ, и со пушка во рака да се бориме против фашистичкиот окупатор“.[450]

При крајот на август по наредба на Воената комисија, Скопскиот партизански одред ја извршил првата борбена акција. Сеќавајќи се на првата акција, популарно

---

[447] Повеќе за ова во Миле Тодоровски „Антиокупаторското расположение во Скопје и видовите на отпор“, *Скопје во НОВ 1941*,...171/187; Митре Инадески, *цитираниот труд*, 189-206.

[448] Јосип Броз, *Собрани дела,* т. 7..., 335.

[449] Митре Инадески, *цитираниот труд*, 197-201.

[450] Исто таму, 201.

нарекувајќи ја „**прво крштевање**“ борецот и учесник во Скопскиот партизански одред Боро Трајковски раскажува: „Веднаш по формирањето, одредот доби задача да изврши акција на рудникот Радуша. Всушност ова беше трета по ред акција што се вршеше во рудникот за одземање на експлозив и друг воен материјал. Меѓутоа беше прва во која учествуваше целиот партизански Одред. Затоа беше изготвен подробен план. Моравме да препешачиме 70 километри за неполни 20 часа, зошто местото определено за акција беше оддалечено 35 километри...Акцијата ја изведовме успешно. Запленивме околу 370 килограми експлозив и извесно количество railписли, фитил и друго“. [451]

Во документацијата со која располагаме, во однос на прашањето за местото и улогата на Методија Шаторов во организирањето на воената активност на МПО и ПК на КПЈ за Македонија имаше негативна конотација. С□ до распадот на Федеративна Југославија прашањето околу воената активност, формирањето на воената комисија, диверзантските групи, одлуката за собирање на оружјето, како и формирањето на првиот партизански одред му се негираа како воена заслуга на Методија Шаторов. Клеветите кои беа упатени кон него покажуваа субјективни и едноумни толкувања кои се косат со науката и објективната вистина. Без било каков стремеж и обид да се намали епохалното значење на НОАБ на македонскиот народ во заедничка антифашистичка борба со останатите југословенски народи, денес кон разгледуваните прашања сепак пристапуваме од еден поинаков агол не оптоварени со идеологизација и политизација. Во однос на констатацијата за наводниот опортунизам на Шарло во оргнизирањето на Воената комисија и партизански одреди, тврдењето е наполно неточно, од причина што тој во својата работа секогаш е лојален извршител на директивите на Коминтерната. Значи во моментот кога СССР е нападнат, целиот комунистички свет, а во тие рамки и македонските комунисти, предводени од Методија Шаторов и МПО, не само што безпоговорно ја прифатиле директивата на Коминтерната[452] туку веднаш пристапуваат кон формирање на Воена комисија. Уште поголема збунетост се јавува кај аналитичарите кои под притисокот на споменатиот култ не можат да бидат рационални дека во времето на Шаторов е формиран првиот партизански одред кој долги години по ослободувањето е негиран токму од Лазар Колишевски и неговите приврзаници. Причината е повеќе од

---

[451] Цитирано според Митре Инадески „Осврт на некои истражувања за вооружениот отпор против окупаторот во Скопје во 1941 година“. *Скопје во НОВ 1941*.... 201.

[452] Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. II..., 183.

јасна. Постоењето на Одредот всушност беше крунскиот доказ дека обвинувањата по ова прашање се политички инструирани и ја следат единствено титовата цел, кон која се приклучува и Лазар Колишевски, а тоа е расчистување со Методија Шаторов и неговите заслуги во македонското национално-ослободително движење. Подоцна кон ова биле надоврзувани и други „грешки“ и клевети кои неправедно биле упатени кон Методија Шаторов.

Во прилог на ова ја спомнуваме полемиката на Вера Ацева со Светозар Вукмановиќ - Темпо и Лазар Колишевски која за овие прашања ќе проговори од поинаков агол и ќе даде свое објаснување.

„Фактот што во Скопје останаа и Црногорци и Срби и што Периша Савелиќ-Црногорец, токму од ПК на чело со Шаторов во летото 1941 година беше поставен за секретар на МК на Скопје, (есента Колишевски го симна од секретар како шарловист), што Миленковиќ Љубомир - Србин од Косово беше поставен за командант на Скопскиот партизански одред, што не беа истерани браќата Свето и Драган Томиќ и други, сосема јасно говори дека заминуавњето на двајцата членови на ПК Орландиќ и Видиќ, не било резултат на некаков шовинистички однос, ниту на самиот Шаторов. **Додуше сите погоре споменати другари, есента во 1941 година во затворот во Скопје од Колишевски беа прогласени за шарловисти** (болдирано С. Н.)“ ќе истакне Вера Ацева.[453]

На крај кон ова би ја додале дискусијата во која се вклучува и Боге Кузмановски водена на научниот собир „Скопје во НОВ 1941“ каде се согледува збунетоста не само на научните работници туку и на директните учесници во настаните, соочени со личниот конфликт дека во работите така како што се прикажувале нешто недостасувало, поточно недостасувала целата вистина, дека една од заслугите на Методија Шаторов е континуитетот на партиските активности на МПО под раководтсво на ПК кој го предводи лично тој како и Воената комисија, и како резултат на таа активност скопската партиска организација исфрли партизански одред. Вистината е дека овој одред подоцна е игнориран, неангажиран и расформиран во времето на Лазар Колишевски осудувајќи ги неговите борци за „Шарловизам“.[454]

---

[453] Документационо одделение „Велимир Брезоски“, ИНИ., ф. Вера Ацева, Сл. IV 1128/1, 20/21.

[454] Во дискусијата на Нучниот собир „Скопје во НОВ 1941“ Боге Кузмановски прашува: „...Меѓутоа, овде се наметнува прашањето за скопскиот партизански одред. Како можело да се случи да биде формиран Одредот уште во август, да даде заклетва на 23 септември, а да не биде вклучен во акциите на 11 октомври,

### 4.5 Рефлексијата на Воено-политичката ситуација во Европа

На 23 август 1939 година во Москва бил потпишан Пакт за ненапаѓање помеѓу Германија и Советскиот Сојуз од страна на министерот за надворешни работи на Советскиот Сојуз, Вјачеслав Молотов и министерот за надворешни работи на Германија, Ј. Фон Рибентроп. Договорот кој во историјата е познат како договор „Рибентроп-Молотов" ја елиминирал опасноста од можен меѓусебен напад и им гарантирал сигурност на земјите потписнички. Во тајниот дел на Договорот се прецизирала поделбата на териториите кои спаѓале во интересни сфери на Советскиот Сојуз и Германија. Било договорено, во случај на распад на државите од Источна Европа, Финска, земјите од Балтикот, Источна Полска и Бесарабија да влезат во делот на интересни сфери на Советскиот Сојуз.[455]

С□ до нападот, на 22 јуни 1941 година, Пактот како решение, обезбедил краткотраен мир на СССР, меѓутоа со неговото потпишување се наметнала една нова состојба.

Пактот склучен меѓу СССР и нацистичка Германија имал свое влијание во преорентирањето на политиката на Коминтерната во светски рамки, како организација, која формално гледано се водела како самостојна, иако самата, со години била орудие на советската државна политика. Оттаму сосема нормално било, што Коминтерната морала да ја следи стратегијата и политиката на Сталин во меѓународните односи. Штетноста на овој договор, и покрај тоа што на почетокот гарантирал привремен мир и заштита на интересот на Советскиот Сојуз, се согледува во условеноста на Коминтерната, да се откаже од одлуката донесена на VII Конгрес во 1935 година, кога била прифатена политиката на групирање и обединување на сите демократски сили против фашизмот преку формирање на широк народен фронт.

Затоа започнувањето на војната, според комунистичкиот центар било оценето и прогласено за империјалистички судир, а самата војна добива империјалистички карактер. Комунистите не се вклучуваат директно во воените настани, туку биле повикани војната

како што беше тоа случајот со одредите во Прилеп и Куманово? Тоа и до денес не успеавме да го расчистиме, како што не успеа да се расчисти и тоа кој ја попречи директивата за исфрлување на одред во Велес". *Скопје во НОВ 1941...*, 417.

[455] Хронологија радничког покрета и СКЈ 1919-1979...., 275.

да ја претворат во револуционерна пресметка со владеачките граѓански сили во сопствените земји. Оваа радикална промена во политиката на Коминтерната имала многу лош одраз врз комунистичките движења во светот. За да ги заштити експанзионистичките интереси на СССР, пропагандата на Коминтерната повторувала дека војната е неправедна и империјалистичка и дека и двете завојувани страни имаат империјалистички цели во борбата за нова поделба на светот. Таа се дистанцира од јавната осуда на германскиот напад врз Полска, експанзијата на Балканот, војната и окупацијата на Југославија, Грција и Полска, и уште повеќе ги прекинува врските со дипломатските претставници на Југославија што значело признавање на окупацијата. Не реагира против напредувањето на фашистичките сили и нема преземено никакви мерки тоа да го спречи, останувајќи индиферентна во однос на напорите на Велика Британија и Франција да се спротиставаат на хитлеровата експанзија.

Политиката која ја водела Москва и која во претходните 5-6 години на неколкупати ја менувала својата цел на дејствување, директна рефлексија има во однесувањето на балканските комунистички партии. Бугарската комунистичка партија својата улога на главна и најмоќна балканска партија ја должела пред с□ поради доминантната застапеност во партиските органи и тела во Коминтерната како и на истуреноста на Задграничното биро во СССР. Оваа состојба има свое влијание и ја прави привилигирана во однос во нејзините интереси, да предничи пред останатите балкански партии. Нејзиното влијание во оваа форма и доминација се осеќало с□ до нападот на СССР. Затоа во априлските денови, покрај московските ставови кои ја детерминирале иднината на КПЈ, многу влијателно, во игра влегле и интересите на БРП. И покрај прокламираниот комунистички интернационализам и усвоените пароли за право на народите на слобода, самоопределување и отцепување во сопствена држава, таа воопшто не била имуна на великобугарскиот идеал за голема и обединета Бугарија. Нерасчистените рецидиви од минатото за бугарските корени на македонскиот народ, кои идеолошки го обременувале раководството на БРП, ќе бидат дополнителен мотив, навлегувањето на Бугарските војски во Вардарскиот дел на Македонија, да биде оценето и дефинирано како администрирање на областа, а не окупирање на територијата. Со поддршка на Коминтерната таа ја искористува шансата и бара да и се дадат ингеренции во поглед на раководење со

македонската организација а поврзувањето на МПО со БРП бил правдан со принципот „една територија една партија“.

Во тие денови, иако многу претпазливо, делувањето и постапките на лидерот на КПЈ, Јосип Броз, отстапува од вообичаената слепа послушност која ја имале другите партии. Јосип Броз благодарение на својата политичка машинерија со која бил опкружен, односно соработници од разни политички средини и профилации кои нормално имале врски и контакти со Запад, и покрај тоа што дотогаш целосно и беспоговорно ги почитувал одлуките на Коминтерната доаѓа до податоци кои со сигурност му укажуваат на можни тектонски промени во однос на силите во Европа и претстојната агресија врз СССР. Врз база на овие сознанија до кои доаѓа преку сопствени извори и канали, за разлика од Сталин, кој и покрај тоа што на неколкупати бил предупредуван дека во блиска иднина е можна агресија врз Советскиот Сојуз, Јосип Броз се подготвува и спремен го дочекува нападот на СССР.[456] Лично се спротивставува на московските гледишта и ставови за самостојни и расцепкани национални партии, и целиот партиски врв го ангажира во борбата за опстанокот и монолитноста на КПЈ. Затоа 22 јуни, односно нападот на СССС, бил клучниот историски момент кога ситуацијата во Европа се менува, и на Јосип Броз му овозможува, предвидувањата и заложбите набргу да ги реализира.

Германско-советскиот договор за ненапаѓање не успева да ја спречи германската армија на 22 јуни 1941 година, да ги нападне советските единици кои не биле во состојба на готовност, ниту пак биле подготвени за одбрана. И покрај, извештаите и предупредувањата кои стигнувале до Сталин и неговото раководство, занемарувајќи ги дури и информациите од неговата разузнавачка служба, како и информациите од разузнавачките служби од другите држави, тие не можеле да го убедат Сталин дека ќе

---

[456] Јосип Копинич преку радио-центарот на Коминтерната во Загреб (Копинич преку овој центар држел врска уште со 8 компартии на Коминтерната) уште на почетокот на 1941 година го предупредил Сталин за постоење на германски таен план за продор на исток. Неколку месеци подоцна Копинич испратил ново известување за разместување и концентрација на 165 германски елитни девизии на границата на СССР. Према кажувањето на Копинич, и Тито располагал со слични информации од свои извори, и при крајот на април 1941 година Тито доставил информација за движењето на германските трупи од Југославија кон исток према Советската граница. Оваа информацијата преку Копинич била пренесена до Сталин. Воедно, Тито го замолил Димитров да му пренесе на Сталин уште: „дека југословенските комунисти ќе кренат востание, и тоа веднаш, доколку и ако дојде до фашистички напад на СССР“. Со тоа, пишува Тито тие ќе го обелат образот на КПЈ и ќе ја докажат нивната приврзаност на првата земја на социјализмот. Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I..., 140.

бидат нападнати и дека војната ќе се води на советска територија.[457] Последица на ваквата едноумност на Сталин им овозможила на наци-фашистичките сили успешно да ја започнат и да напредуваат во оваа војна. Во почетокот на агресијата, Москва не успеала да се консолидира и да издаде наредба за контра напад што овозможило од своја страна непречено навлегување на германските војски на руска територија. Воените операции за напад на СССР, според планот „Барбароса" започнуваат на 22 јуни 1941 година, од дотогаш најмодерната, најдобро опремена и организирана војска на територијата на Европа, од силите на Оската. Германските оружени сили биле одредени за напад на СССР во три групи армии. Група армија Север, која била насочена кон Ленинград, група армија Центар со пробив кон Москва и група армија Југ во правец на Киев и Дон.[458]

Проценката на Хитлер била дека операциите ќе завршат во 1941 година. Сметале дека од 8 до 10 недели биле доволни за да се заврши војната со Советскиот Сојуз и дека воениот план може да го оствари ако ја заземат онаа советска територија која што е најнаселена и каде се наоѓаат главните извори на снабдување. Затоа главното тежиште на стратегијата на Хитлер и воениот врв се базирала врз брзите блиц-криг настапи на германските тенковско-механизирани единици концентрирани во големи оклопни групаци-армии кои со длабоки клинови требало да го пробијат советското гранично подрачје и со помош на авијацијата длабоко да продрат во внатрешноста на СССР, да ги разбијат системите за врска, командувањето и снабдувањето. По пробивањето на Советскиот систем на одбрана, германските оклопни клинови со кружно затворање на обрачот и во опкружување требало да ги уништат советските сили. Според германскиот план, уште пред да успеат да ги мобилизираат своите резерви Советите требало да бидат уништени.[459]

Во новата ситуација, кога сите комунистички партии се затекнати и се наоѓат во состојба на изненаденост и дефетизам, КПЈ веќе на 22 јули е спремен да ја понуди својата

---

[457] *Други светски рат*, прва књига, (Београд: ИРО Народна књига), 241; Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I..., 140.

[458] Вкупните сили на Оската се проценувале на околу 21 тенковска девизија, со над 3300 употребени тенкови против СССР. Поддршка и непосредно содејство им даваат 14 моторизирани девизии, како и 124 пешадиски девизии , 6 брдски девизии, 1 СС полициска девизија или вкупно 131 девизија. За нападот биле предвидени околу 3200 војници. Против СССР биле ангажирани 2000 авиони координирани во акции, во содејство со оклупните механизирани девизии. Иако вооружените сили на СССР во извесна мерка во однос на бројноста имале предност над германските воени сили, сепак, скептичниот Сталин бил главната пречка што Советскиот Сојуз спремни не го дочекале нападот. *Други светски рат*, прва књига..., 236.

[459] Исто таму, 237/238.

помош и поддршка на нападнатиот советски народ. Бил напишан и испратен проглас со повик до народите во одбрана на братскиот советски народ и на 4 јули била донесена директивата за започнување на вооружено востание на југословенските народи. Овој момент и ситуација, во која се удрени темелите на идната Југословенска држава, ќе имаат влијание и врз иднината на македонскиот народ. Соочен со „несебичната“ помош од страна на Јосип Броз и „разгореното“ партизанско движење во Југославија, изолираниот Сталин е спремен на отстапки и исполнување на барањата на Јосип Броз. Интересот на Јосип Броз за Македонската партиска организација, ќе успее да се ефектуири и реализира, а неа да ја врати во редовите на КПЈ, кога на негово инсистирање во август 1941 година барањата ќе му бидат удоволени.[460]

Промената која настанува по нападот од 22 јуни ја следи и промената во терминолошката дефинираност на војната, односно суштината на нејзиниот карактер. Ако дотогаш во комунистичката терминологија, Втората светска војна се дефинираше како империјалистичка војна, и покрај тоа што за одредени земји како на пр. Полска, Кралството Југославија и Кралството Грција војната немаше империјалистички карактер, тие земји беа нападнати и кај нив вклучувањето во војната значеше одбрана на земјата, сепак пресуден момент за реагирање и мобилизација на сите ресурси, за државите, а особено за комунистичките партии не беше чинот на окупирање на сопствената земја, туку 22 јуни 1941 година, кога беше нападнат Советскиот Сојуз. Од тој момент во комунистичката терминологија, војната започнува да се толкува како антифашистичка, односно одбрамбена војна.[461]

Сепак она што може да се извлече како општа констатација и главна карактеристика на комунистичките партии во периодот 1939-1941 година е нивната дезориентираност и дефетизмот. Голем дел од нив беа парализирани и се најдоа во состојба на исчекување што понатаму. И оваа пасивност и стагнација траеше с. додека самиот СССР не даде знак, односно повик, до сите комунистички партии за вклучување во одбрана. Така што после првичната затекнатост и изненаденост, Советскиот Сојуз упатува повик за помош и учество во големата татковинска војна за слобода и

[460] *Историјски архив Комунистичке партије Југославије*, том VII, Македонија у Народноослободилачком рату и Народној револуцији 1941-1944 (Београд: Историјско одељење Централног комитета КПЈ, 1951) 50. (понатаму: *Историјски архив*, том VII ).

[461] Перо Морача, *Комунисти Југославије 1919-1969*, (Београд: НИП Младост, 1969), 105.

независност, со цел да се анимираат сите патриотски движења како и револуционерните сили за одбрана и победа на СССР.[462]

Во тие рамки, Коминтерната на 28 јуни испраќа телеграма до ЦК КПХ и до ЦК КПЈ во која се повикува: „...Не постои фронт само на границите на СССР, туку фронтот е и овде во заднината на непријателот. И затоа ние комунистите должни сме да се бориме со сите свои сили па ако е потребно и животот да го дадеме за победата на СССР и за слободата на нашите народи...Отворените акции, отворената борба против нашиот непријател фашизмот воедно е најдобрата работа меѓу масите и тоа е патот со кој ќе ги придобиеме масите на своја страна".[463]

За веднаш потоа на 1 јули Коминтерната доставува повик во кој ЦК КПЈ односно сите раководни партиски форуми се повикуваат „...Татковинската војна која ја води советскиот народ против разбојничкиот напад од страна на Хитлер е дивовска борба на живот и смрт од чиј резултат не зависи само судбината на Советскиот Сојуз, туку и слободата на вашиот народ. Чукна часот кога комунистите се должни да го подигнат народот на отворена борба против окупаторот. Организирајте не губејќи ниту една минута партизански одреди и разгорете партизанска војна во непријателската заднина. Потпалувајте воени фабрики, магацини, складишта, на гориво (нафта, бензин и др.) аеродроми и уништувајте ги железничките пруги, телеграфската и телефонската мрежа, не дозволувајте превоз на трупи и муниција (воен материјал воопшто)".[464]

Ако само три месеци претходно, на 28 март 1941 година се советуваше „...Не ставајте ја под удар и не фрлајте ја предвремено во оган авангардата на народот. Уште ни оддалеку не настапил моментот за решителен судир со непријателот. Основната задача на Партијата сега се состои во тоа неуморно да ги објаснува своите гледишта и сестрано да

---

[462] На 22 јуни 1941 година, Јосип Копинич добива порака од Москва, која се однесувала не само за КПЈ туку и за сите национални партии со кои одржувал врска. Во пораката се истакнувало: „Предавничкиот напад на Германија врз СССР не е само удар против првата земја на социјализмот, туку и против слободата и независноста на сите народи. Одбраната на СССР е истовремено одбрана и на народите кои се окупирани од Германија. На народите на Југославија им се пружа можност да развијат сестрана ослободителна борба против германските подјармувачи. Неопходно е да се развие движење под паролата за создавање на единствен интернационален фронт за борба против германските и италијанските фашистички разбојници... Земете во обзир дека во сегашната фаза се работи за ослободување од фашистичкото подјармување, а не за социјалистичка револуција". За ова повеќе во Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I,...197 и кн.II,... 182/183; Јосип Броз, *Собрани дела*, т .7... , 335.

[463] Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I..., 197 и кн. II..., 182/183.

[464] Исто таму, 183.

се подготува себеси и масите“.[465] Веќе на 28 јуни и 1 јули 1941 година се повикува: „...Затоа е неопходно потребно да пристапите веднаш кон: рушење на телеграфските и телефонските линии; рушење на железничките пруги и оневозможување на транспортот воопшто, палење на складиштат со муниција, храна и гориво итн., создавање на борбени единици и партизански одреди , саботажа во претпријатијата кои работата за непријателот итн“.[466]

Значи само за неколку месеци ситуацијата е нова и сосем изменета и во тие услови од комунистичките партии се бара да се направи „салто мортале“, па нивната реакција нормално беше збунетост и недоумица како да постапат. Во оваа состојба за разлика од затекнатите и пасивизирани раководства, ЦК на КПЈ предводен од Јосип Броз веќе на 4 јули на проширената седница на Политбирото донесува одлука за започнување на вооружено востание [467] и спремно ја дочекува новонастанатата ситуација. Смислено и со јасно дефинирана цел Јосип Броз, ажурно ја известува Коминтерната за секоја и најмала преземена акција и доставува извештаи за почетокот на вооруженото востание.[468] На затекнатиот Сталин, иако со претходна недоверба и резерва кон Јосип Броз, во воено-политичката ситуација, добро му доаѓа сојузник во борбата против непријателот.

Ситуацијата полека си добива свој тек по потпишувањето на спогодбата на 12 јули во Москва меѓу СССР и Велика Британија за заедничко водење на војната против Германија,[469] а особено после одржувањето на Сесловенскиот конгрес во Москва.[470]

---

[465] Јосип Броз, *Собрани дела,* т. 6..., 277.

[466] Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич,* кн. I..., 183.

[467] Јосип Броз, *Собрани дела,* т. 7..., 335/336.

[468] Рејтингот на Тито во кругот на Коминтернта и кај самиот Сталин и покрај честото информирање за успесите на КПЈ, и понатаму бил занемарувачки. Во обид да ја стекне довербата на Коминтерната односно на Сталин, Јосип Броз испраќал извештаи во кои детално информирал за ситуацијата во Југославија и барал одобрување на постапките. Коминтерната односно Георги Димитров на 1 и 9 јули 1941 година, доставуваат писмо до Јосип Копинич, односно радио-центарот во Загреб, со остро предупредување за исполнување на директивите дадени од нив. Во писмото на Коминтерната упатено до ЦК КПЈ, од 1 јули, се нагласувало: „Неопходно е со помошта на сите средства да се тероризира непријателот така што тој да се чувствува како да е во опкружена тврдина. Потврдете го примањето на директивите и соопштете ги фактите, кои ќе го докажат извршувањето на директивите“. По неколку дена, на 9 јули, Коминтерната алармирана од состојбата во КПХ, повторно упатува писмо, сега до Јосип Копинич, во кое се нагласувало: „Што работи Валтер (Јосип Броз-б.м.). Јавете ги фактите за партизанското движење во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина“. Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич,* кн. I..., 227 и кн. II....183.

[469] Спогодбата потпишана на 12 август помеѓу СССР и Велика Британија, ги обврзувала двете влади дека ќе се поддржуваат и помагат во борбата против Германија и дека во текот на војната нема да водат преговори ниту ќе склучат примирје или договор за мир со непријателот освен ако за ова не се спогодат претходно. Јосип Броз, *Собрани дела,* т. 7..., 270.

Затоа веќе на еден од наредните состаноци на Балканскиот секретаријат одлучувачки фактор во донесувањето на одлуките бил односот на силите на Балканот меѓу комунистичките партии. Историската дискусија за која расправал Балканскиот секретаријат на Комунистичката интернационала во однос на партиската организација во Македонија, на 12 август 1941 година значело само потврдување на изменетиот однос на силите и донесување на одлука согласно новите услови. Предлогот на КП на Бугарија, партиската организација на Македонија да се присоедини кон Бугарската комунистичка партија наишол на отпор и негативен одговор. На состанокот со кој претседавал Вилхелм Пик, присуствувале претставниците Васил Коларов, Станке Димитров-Марек и Владимир Поптомов од БРП, од страна на КПЈ- Вељко Влаховиќ и Мита Деспотовиќ –Бојков, од името на КП на Турција- Марат, од КП на Романија претставникот Борис Степанов. По жестоката дискусија помеѓу Вељко Влаховиќ и Владимир Поптомов присутните одлучиле Извршниот комитет на Комунистичката интернационала да даде препорака дека не може да се признае фашистичката окупација на Југославија, ни фашистичкото прекројување на географската и националната карта на Југославија.[471] Аналогно на ова, било одлучено партиската организација на Македонија да остане во составот на Комунистичката партија на Југославија. Препораката дадена на ИК на КИ во моментот имала значење на директива како да се постапи со македонската партиска организација.[472]

Сеќавајќи се на настаните од летото 1941 година и на поврзувањето на МПО со БРП(к) како и одлуката во август таа да се врати пак под ингеренции на КПЈ, Георги Димитров во врска со овие настани раскажува: „Меѓутоа - Валтер (Тито) енергично протестираше најпрво преку кратка телеграма, а потоа со низа надолго објаснети обвинувања. Ние, извршниот комитет брзо ја исправивме оваа наша очигледна грешка. Валтер доби сатисфакција. Не смее да се заборави дека до оваа грешка дојде во време кога с□ уште дејствуваше пактот Молотов- Рибентроп и кога КП на Југославија беше мала, илегална партија, послаба не само од КП на Бугарија туку и од КП на Грција! Кога дојде

[470] Од 10 до 11 август во Москва бил одржан Сесловенскиот конгрес, на кој биле осудени фашистичките агресори и нивните соработници и бил упатен повик до сите словенски народи во борба против нив. Во неговата работа како југословенски претставници учествувале Божидар Маслариќ и Димитар Влахов. Приближувањето во односите помеѓу СССР и КПЈ се почуствувало и на самиот Конгрес кога во Сесловенскиот комитет како еден од неговите претседатели бил избран Б. Маслариќ претставник од Југославија. Исто таму, 106, 280.

[471] Вељко Влаховиќ, *Тези за македонското национално прашање,* (Скопје: Комунист, 1975), 6-7.

[472] *Историјски архив,* том VII..., 50.

до Хитлеровиот напад на Советскиот Сојуз и кога почна партизанската војна во Југославија, ние се уверивме дека згрешивме и болшевички ја признавме грешката и ја поништивме погрешната одлука".[473]

### 4.6 Одлуката на Јосип Броз до Извршен комитет на Комунистичката интернационала

По завршувањето на Сесловенскиот конгрес и по доставувањето на одлуката на Балканскиот секретаријат до ИК на КИ, во која прецизно било нагласено како треба да се толкува решението во однос на македонската партиска организација, информациите кои во средината на август пристигнуваат од Москва имаат охрабрувачки карактер и го известуваат Јосип Броз дека Коминтерната веќе одлучила во корист на КПЈ.[474]

Јосип Броз, смирено го дочекува враќањето на Драган Павловиќ, кој на почетокот на август беше испратен во МПО, со цел да ја пренесе одлуката од 24 јули за исклучување на Методија Шаторов, и веќе на 28 август 1941 година го прима неговиот извештај. Во извештајот детално биле презентирани текот на настаните и ситуацијата во Партиската организација во Македонија.[475] Потоа, на 31 август 1941 година, свикува седница на Политбирото на која покрај него присуствувале: Александар Ранковиќ, Иван Милутиновиќ и Иван Лола Рибар. Била разгледана состојбата во Партиската организација во Македонија, настаните околу поврзувањето со БРП и ставот на ПК на КПЈ за Македонија предводен од политичкиот секретар Методија Шаторов. Сигурен дека неговата одлука без никаков проблем ќе помине и дека истата ќе биде одобрена од Коминтерната, Јосип Броз одлучува, конечно да го затвори случајот МПО. Затоа одлуките на седницата се само формална потврда на Титовата замисла, Методија Шаторов, политички да биде елиминиран а членовите на Покраинскиот комитет кои му даваа

---

473 Антун Колендиќ, *Белите дамки на македонската историја.* https://www.marxists.org/makedonski/kolendik/1989/beli-damki.htm

474 Вељко Влахович, кој и самиот бил учесник на познатата дискусија на 12 август, за која расправал Балканскиот секретаријат на Комунистичката интернационала по повод поврзувањето на македонската партиска организација со БРП, сеќавајќи се на тие историски моменти ќе истакне: „На тој состанок-на кој претседаваше Вилхелм Пик, од бугарска страна присуствуваа Васил Коларов, Марек (Станке Димитров) и Владимир Поптомов, од страна на КП на Југославија Вељко Влаховиќ и Бојков (Мита Деспотовиќ), од името на КП на Турција Марат, од името на КП на Романија Борис Степанов – се донесе препорака за Извршниот комитет на Комунистичката интернационала дека не може да се признае фашистичката окупација на Југославија, ни фашистичкото кроење на географската и националната карта на Југославија и партиската организација на Македонија да остане во составот на Комунистичката партија на Југославија". Вељко Влаховиќ, *Тези за македонското национално прашање,* (Скопје: Комунист, 1975), 6-7.

475 *Извори*, т. I, кн.1..., 34-37.

подршка на Шаторов, да бидат суспендирани. Воено-политичките услови во моментот дозволуваат, да даде конечна завршница на случајот, но сепак ја задржува хиерархиската процедура и преку официјално писмо на 4 септември 1941 година, го известува генералниот секретар на Коминтерната, Георги Димитров за состојбата во Македонија, барајќи од Извршниот комитет на Комунистичката интернационала да се произнесе за случајот со Македонска партиска организација.[476]

Во писмото упатено до ИК на КИ, насловено „ЗА ДЕДО“, од 4 септември 1941 година, Валтер[477] го обвинува Методија Шаторов дека „Македонскиот ПК го откажа одржувањето на врски со нас и се поврза со КП на Бугарија веднаш во почетокот на окупацијата на Македонија“.[478]

За да се оправда главното обвинување „поврзувањето“ поради кое Шаторов морал да биде исклучен од Партијата, следуваат низа обвинувања и грешки кои тој наводно ги направил:

„Шарл[о] [Методи Шаторов] не сакаше да дојде по тројна покана од ЦК во Белград на седница за да се претресе прашањето на Македонија“, уште повеќе „тој одби да го раздели Прогласот од ЦК КПЈ со повик на акции, даде директива да им се предаде сето оружје на властите и заземе став за советска Македонија и чекање на Црвената војска“, а „спрема српските другари во Македонија заземе непријателски став“ и „Шарл[о] води харанга кај членството против раководството на КПЈ и секретарот, нарекувајќи го англофилски, поради тоа што во Прогласот рекол дека е Југославија поробена. Заради сето ова „испративме делегат во Македонија и во Софија“.[479]

Бидејќи Коминтерната во текот на целиот спор, јавно никогаш не се изјаснила во однос на поврзувањето на МПО со БРП, и покрај с , таа мудро молчела, а известувањата кои преку Драган Павловиќ стигнаа до Јосип Броз ја докажуваа вмешаноста на Коминтерната, перфидниот Тито во писмото упатено до КИ со благ тон заинтересирано ќе истакне: „бугарскиот ЦК на Партијата го поддржува Шарло и вели дека е Македонија припоена кон Бугарската КП по налог од Коминтерната“, но „сметаме дека таквата

[476] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 141.
[477] Псевдоним на Ј.Б.Тито.
[478] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 141.
[479] Исто таму.

постапка на ЦК на Бугарската партија е неправилна“.[480]

И кога сите овие обвинувања ќе му се препишат на Методија Шаторов , одлуката на ЦК КПЈ и на нејзиниот лидер е повеќе од јасна „ние го исключивме Шарло од Партијата поради саботирање на акциите, поради грубо кршење на дисциплината, поради харанга против раководството, поради национален шовинизам итн“.[481]

И покрај фактот што под раководството на Шарло уште на 22 август е формиран партизански одред, извршени диверзантски акции кои несомнено укажуваат на воени активности, се разбира согласно условите во Македонија, во писмото Тито ќе потенцира: „во Македонија до денеска нема никакви акции и партизански одреди поради таквиот злосторнички став...Ние испраќаме наш делегат да организира партизански одреди, акции и понатамошна работа, а виновниците ќе ги ставиме **пред нашиот воен партизански суд** (болдирано С. Н.). Ве молиме јавете ни дали е точно дека КП во Македонија навистина е припоена кон Бугарија по ваш налог“.[482]

Овој дел од писмото укажува на заклучокот дека овде суштинската забелешка на Јосип Броз не се однесува на ставот кој тој нашироко го ширеше во останатите писма дека Шаторов ја отцепил МПО од целосноста на КПЈ, т.е. од Југославија, туку овде се нагласува дека ја припоил заради врските, односно заради поврзување. Затоа Тито во ова писмо ќе се држи до добронамерноста и во тој контекст ќе истакне: „**дека тоа не е добро, зашто и бугарската Партија стои слабо со акциите и со врските, бидејќи нејзините врски се разбиени** (болдирано С. Н.)“.[483]

Јасно е дека Коминтерната, и покрај Титовото упорно барање и настојување не најде за сходно да одговори на писмото на Јосип Броз. Таа не чувствуваше никаква потреба своите одлуки и решенија да ги елаборира и затоа нема да упати ниту повратен одговор на писмото кое од страна на ЦК КПЈ било упатено до КИ. Она што како одговор пристигнува од Коминтерната е објаснување и јасни насоки како треба да се реши прашањето со македонската партиска организација, и известување за ингеренциите кои се враќаат на ЦК на КПЈ во однос на раководењето со неа. Поточно, тоа е одговор што Комунистичката интернационала го испраќа на претходно добиено писмо од ЦК БРП во

[480] Исто.
[481] Исто.
[482] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 141.
[483] Исто таму.

кое БРП, по интервенцијата на КПЈ во однос на Методија Шаторов, реагира на двојното раководење и проблемот настанат во МПО.[484]

Според анализата на документацијата можеме да заклучиме дека, ЦК на БКП, односно секретарот на БРП Антон Иванов, по информациите кои ги добива од средбата на Цола Драгојчева со Лазар Колишевски, а уште повеќе по неговиот остар и агресивен тон и обвинувањето упатени кон Методија Шаторов и БРП, на 16 август 1941 година упатува писмо до Георги Димитров во кое се наведуваат преземените активности од страна на КПЈ за доминација и за стекнување на раководната улога во „српска Македонија“. Бидејќи, како што А. Иванов наведува во писмото, „во Скопје како резултат на ваквата активност, се формираа паралелни организации и комитети, ЦК на БРП бара инструкции во врска со појавата на двојно раководење“, при тоа афирмирајќи и застапувајќи ја исправноста на ставот „една држава една партија“.[485]

Георги Димитров писмото го добива на 23 август и истиот ден од името на ИК на КИ возвратува со писмо до ЦК на БРП, односно до Антон Иванов.[486]

Во повратното писмо, согласно одлуката донесена на седницата на Балканскиот секретаријат се дава одговор и инструкција како да се реши прашањето по однос на раководењето со Македонската партиска организација:

„Македонија да остане при Југославија од причини **практични и целесообразни**. Основната борба **сега се** води против германските и италијанските окупатори и нивните агенти. Главното средство на борбата **сега е** партизанското движење. Ова движење **сега се** развива на југословенската територија и под раководство на Југославија. Српска Македонија треба да стане една база на ова движење кое што ја дезорганизира заднината на Германија и Италија на Балканот.

Имајќи ја предвид воената положба во Македонија, **неопходно е да се создаде најтесна соработка помеѓу Југославија и Бугарија особено по местата** (се мисли на теренот –б.р.).

---

[484] Владо Ивановски, „Методија Шаторов - Шарло и Македонија 1941“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 112-115.

[485] Исто таму, 112/113.

[486] Исто.

Бугарија треба на БК (ПК-б.м.) којшто се наоѓа на територијата на Југославија, да му излезе во пресрет, да и укажува сесрдна помош на Југославија и **обете партии да заземаат став за самоопределување на македонскиот народ**.

Потребен е напор за **да се осигури соработката меѓу бугарскиот и југословенскиот народ** против заедничкиот непријател".[487] (болдирано С. Н.)

Во писмото многу јасно се нагласува дека „СЕГА" станува збор за една сосема нова ситуација и затоа македонската партиска организација од „ПРАКТИЧНИ И ЦЕЛЕСООБРАЗНИ ПРИЧИНИ" треба да остане во Југославија што дава можност за заклучок, доколку условите „СЕГА" не беа такви таа ќе останеше под раководство на БРП. Никаква суштинска причина не се наведува освен објаснувањето дека основната борба **„сега се"** води против германските и италијанските окупатори и ова движење **„сега се"** развива на југословенската територија и под раководство на Југославија. Вака дефинираната одлука ја докажува ПРИЧИНАТА поради која МПО СЕ ВРАЌА ПРИ ЈУГОСЛАВИЈА.

Но она што е поразително во случајот со МПО е повторниот „грев" на Коминтерната, и нејзиното калкулирање со македонското прашање држејќи го и овој пат отворено и давајќи им можност на двете комунистички секции да **„создадат најтесна соработка помеѓу Југославија и Бугарија особено по местата"** (болдирано С. Н.) односно на теренот, но на плеќите на македонскиот народ. Оваа можност во целост ќе ја искористат и двете партии, бидејќи дава подеднаква можност **обете партии** (болдирано С. Н.) да се мешаат и **да заземаат став за самоопределување на македонскиот народ** (болдирано С. Н.) со што нивната политичка борба во однос на МПО не само што нема да запре туку ќе се засили и ќе се рефлектира подоцна во секоја одлука на Покраинското раководство и партизанското и народноослободително движење на македонскиот народ. Тоа ќе биде една од главните причини која ќе влијае и ќе го детирминира текот на македонската национално ослободителна борба. Да не се залажуваме со фактот во добронамерноста на Коминтерната, нејзе ѝ е сосема јасно како може македонското прашање да се финишира и реши, бидејќи алатката е кај неа. Но таа тргнувајќи повторно

---

[487] *Историски архив*, том VII..., 50; *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том втори..., 354/355.

од својот интерес и оваа политичка игра ќе ја одигра единствено водена од СВОЈОТ ИНТЕРЕС.

Одговорот на ИК на КИ со писмо од БКП[488] до ЦК на КПЈ, во Македонија ќе биде донесен од страна на Страшо Пинџур, некаде на почетокот на септември 1941 година.[489]

Во пропратното писмо на БРП, кое заедно со одлуката на ИК на КИ било испратено до ЦК КПЈ, во рамките на постојната хиерархија, БКП „безрезервно" се согласува со донесеното решение на Коминтерната и се залага „македонските другари безусловно да се придржуваат неодложно кон воспоставената врска со Југославија и активно да ги спроведуваат решенијата под раководството на Југославија".[490]

„За контакт со Југославија, и координација после во Македонија, ние го предлагаме нашиот полномошник при ПКМ" а за „полесно ликвидирање на ненормалната ситуација, испраќаме специјално наш човек, за кого ќе подготвиме специјални инструкции".[491]

Понатаму во писмото се истакнува дека „се согласуваме со линијата на Југославија, изложена во писмото испратено до нас. Истовремено ги правиме следните забелешки:

а) решението за поврзувањето на македонската ком-партија беше без особено објаснување од претставникот на Југославија и се раководеше од практични разлози;

б) **се согласуваме дека другарот 'Стари' направил груби политички организациони грешки (предавање на оружјето, советска Македонија, непартиско поведение спрема Југославија) за кои го осудуваме и за кои тој заслужува казна. Но ние сметаме, познавајќи го неговиот предан труд во Бугарија, дека пребрзо е окарактеризиран како класов непријател и контрареволуционерен елемент. Интервенираме за ублажување на казната. Сакаме реорганизацијата да се изврши максимално организирано и без раздори, во што ќе учествуваме и ние...**". (болдирано С. Н.).[492]

Бугарската работничка партија, обременета од позицијата и чувството на надмоќност како доминантна партија на Балканот, ослонувајќи се нормално на

---

[488]*Историски архив*, том VII...,50/51; *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том втори..., 355/356.

[489] Ванчо Николовски, *НОВ без догми 1941-1942*, Критички осврт на досегашната историографија, (Скопје: НИП „ГЛОБУС", 1997) 83.

[490] *Историски архив*, том VII...,50.

[491] Исто таму.

[492] *Историски архив*, том VII,...50/51; *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава*, том втори..., 355/356.

поддршката од Коминтерната, во писмото нагласува дека побудена од чувството да „помогне“ за **„полесно ликвидирање на ненормалната ситуација, испраќаме специјално наш човек...“**.[493]

Провидно, барајќи оправдување за вмешаноста во поврзувањето на МПО со БРП, вината во случајот ќе ја префрлат врз Методија Шаторов, без претходно да направат било каква проверка дали обвинувањата кои се изречени за Методија Шаторов се вистинити. За да ги смират добрососедските односи, тие ќе истакнат дека **„се согласуваме дека другарот 'Стари' направил груби политички организациони грешки“** и уште повеќе **„сакаме реорганизацијата да се изврши максимално организирано и без раздори“**, при што не забораваат да ја потсетат КПЈ дека со одлуката на Коминтерната и тие имаат дозволата да **учествуваат** во консолидацијата на МПК.[494] (болдирано С. Н.)

По добивањето на писмото во почетокот на септември, Методија Шаторов за истото го известува делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ, кој во тој период повторно се враќа во Македонија, и му ја предава одлуката со свое кратко писмо во кое истакнува:

„Ви ги испраќам погоренаведените писма во оригинал. За првото писмо буквите Б. К. изгледа дека треба да бидат П. К. Допуштена е изгледа грешка. Ние веднаш им даваме известувања на организациите за решенијата на КИ и согласност на ПК. Ги очекуваме вашите инструкции и вашиот човек. Ние сме готови за акција која може да се изведе веднаш. Лично за себе молам да ми се дозволи да одам во партизанското движење. Што се однесува до грешките јас ја признавам онаа за 'Советска Македонија' која грешка со помошта на Бугарија ја исправивме. Што се однесува до другите грешки, како за оружјето или организациски јас не ги признавам. До врзувањето со КПБ јас точно ги спроведував вашите директиви и ненормалноста настана по тоа“.[495]

### 4.7 Одлука на ЦК на КПЈ до членовите на КП на Македонија

Доаѓајќи до сознанија за чинот на поврзување на МПО со БРП, кој бил основен мотив и аларм во политичкиот интерес, да не се изгубат ингеренциите врз македонската организација, Јосип Броз, криејќи се зад параванот за наводната антипартиска и контра-револуционерна дејност на Методија Шаторов, на 24 јули донесува одлука со која тој се

[493] *Историски архив*, том VII..., 50/51.
[494] Исто таму.
[495] Исто, 51.

симнува од должноста член на ПК за Македонија и се исклучува од Партијата. Писмото со одлуката во Македонија го носи делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ на почетокот на август. Во него Шаторов се обвинува дека „постапката на стариот ‘Бугарин’ [Методи Шаторов Шарло], што беше одговорен пред ЦК КПЈ за работата во Македонија, се покажа не само антипартиска туку и контра-револуционерна; Тој го саботираше издавањето на Прогласот на ЦК КПЈ и заземе национал-шовинистички став; тој ги прекина сите врски со ЦК КПЈ по окупацијата и не се одзва на повикот да дојде со извештај во ЦК; не само тоа, тој не сметаше за потребно ни да го образложи тој свој прекин; тој заземе непријателски став спрема другарите Срби, заземе став што по ништо не се разликува од ставот на македонската реакционерна буржоазија; тој ја запостави својата партиска активност сега кога е должност на Партијата да ги развива сите свои сили во борбата против окупаторите, а за помош на СССР; тој ги игнорираше сите партиски правила во поглед на внатрешните партиски односи и дисциплината“.[496]

Не сметајќи за потребно да се направи претходна анализа, или да се формира Комисија и да се испита случајот, ниту пак да биде испратен сериозен претставник од ЦК или од ПБ на КПЈ, базирајќи се на извештајот на Лазар Колишевски, или уште повеќе оправдувајќи ја својата постапка со извештајот на Лазар Колишевски, свесен дека ваква политичка фигура ќе му биде идна пречка во реализирањето на својата идеја, Јосип Броз, му изречува казна на политичкиот секретар на ПК на КПЈ за Македонија, Методија Шаторов во која се вели: **„Според тоа, ЦК КПЈ целата таа негова постапка ја смета за антипартиска и контрареволуционерна и поради тоа го симина од неговата должност член на ПК за Македонија и го исклучува од Партијата)“** (болдирано С. Н.). [497]

Понатаму во писмото на ЦК се информира за испраќање на „еден или двајца другари“ и за задачите кои се поставени пред ПК: саботажа против окупаторот; да се разурнуваат железниците; да се уништуваат транспортните возови; да се пали и уништува сиот воен материјал и прехранбените продукти што се определени за окупаторот,...да се уништува с□ што им служи на окупаторите и на непријателите на СССР“.[498]

На крај, за да биде сериозно сфатена пораката, КПЈ на македонските комунисти им порачува: „Тоа не е само наша одлука, туку и одлука на Дедо [Коминтерна] одозгора.

[496] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 72/73.
[497] Исто.
[498] Исто,73.

Секоја саботажа во извршувањето на тие задачи повлекува по себе не само исклучување од Партијата, туку и многу потешки казни“.[499]

Бидејќи задачата која му била доделена на Драган Павловиќ, да го исклучи Методија Шаторов од функцијата политички секретар не успеал да ја реализира, а македонските комунисти на состанокот од 17 август му изгласале доверба на Шаторов, ваквиот чин на македонските комунисти поткрепен со сознанието кое го добива од бугарскиот делегат Петар Богданов дека поврзувањето е настанато по налог на Коминтерната, ќе биде причина, Драган Павловиќ на крајот на август да се врати во Србија без да ја заврши поставената задача и да достави извештај за текот на разговорите и случувањата во Македонија.[500]

Политичката криза која помеѓу двете комунистички секции ќе ескалира во август 1941 година, својата разврска ќе ја добие, по вклучувањето и интервенцијата на Коминтерната, веднаш по одлуката донесена на Балканскиот секретаријат на ИК на КИ на 12 август. Затоа одлуката на Јосип Броз која во ваква форма, ја испраќа на 6 септември 1941 година до членовите на Комунистичката партија на Македонија, е всушност повторување на обвинувањата против Методија Шаторов кои веќе беа изречени во Одлуката од 24 јули 1941 година за антипартиска и контрареволуционерна дејност, но сега со конечна цел, случајот со МПО конечно да се затвори.

На почетокот во писмото од 6 септември 1941 година, анализирајќи ја состојбата во Југославија, на членовите на КП на Македонија им биле соопштени тековите и постигнатите успеси на народните партизани во сите краишта на земјата, нагласувајќи ја несебичната жртва на илјадници борци кои ги дале своите животи во борбата против намразените фашистички освојувачи. Понатаму со осуда ќе им укажат: „...Додека по целата земја се водат толку жестоки борби против окупаторите, Македонија мирува, таму непријателот слободно шета, се чувствува сигурен зашто никој не му пречи. Зошто е тоа така? Каде се причините за тоа? Причините се во саботерското држење на некои раководни луѓе од ПК на Македонија, кои свесно ги саботираа директивите од ЦК на КПЈ“. И во ова писмо се укажува за сторените грешки на Шаторов:

---

[499] Исто.
[500] *Извори*, т. I, кн. 1..., 34-37.

„Главниот човек од Македонија, стариот Шарло [Методи Шаторов] го уништи Прогласот од КПЈ во кој се повикува членството на борба и акции. Стариот Шарло направи груба политичка грешка, што на сегашнава етапа заседе курс на создавање на советска Македонија, наместо да се организираат сите родољубиви сили во борба против фашистичките освојувачи; тој издаде директива оружјето да се предаде во рацете на непријателот, а народот да остане голорак, со што е направено предавство на интересите на народот. Зошто вие сега немате оружје? Затоа што го предадовте, наместо да го задржевте и да водевте борба против намразените освојувачи, како и сите народи на Југославија. Тој одби да се одзове на повикот од ЦК на нашата Партија и да дојде во Белград за да се претресе прашањето на македонската организација, Тој без наше знаење отиде во Софија и таму издејствувал божемно припојување кон бугарската Партија, за што ние до денеска немавме ни поим, тој харангира против раководството на КПЈ и најподмолно [го] клевети...ПК на Македонија не организира партизански одреди, не организира никакви акции и саботажи, не го изврши она што го бараше Коминтерната, туку свесно ги саботираше тие акции и сакаше со бегство во Софија да се извлече од нашата контрола.

Тие луѓе го чекаат доаѓањето на Црвената армија, мирно гледаат како гинат и крвават прекрасните советски луѓе. Тие фантазираат за тоа да дојде Црвената армија и да им ја донесе власта во чинија. Ставот на раководството и на некои другари во Македонија спрема српските другари не е правилен, во него има национален шовинизам кој е недопустлив во редовите на Комунистичката партија“.[501]

На крајот од писмото македонските комунисти се информираат: „Другари Македонци ние одново ви испраќаме наш повереник кај вас со полномошно да го спроведе, да организира партизански одреди и акции. Од вас бараме да ги прифатите неговите мерки и да го поткрепите во работата. Дигнете се што е чесно и што сака да се бори против фашистичките освојувачи и нивните бугарски агенти. Впрегнете се на работа и надополнете го она што го пропуштивте, не по ваша вина туку по вина на неколкумина саботери. Нашиот повереник има полномошно да организира оперативно раководство, од кое вие треба да примите директиви, додека не дојде одлука од КИ преку нас за вашето

[501] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 144-146.

прашање“.[502]

Одземајќи му ги ингеренциите на старото раководство во писмото се истакнува дека тоа „нема веќе никакви права. Оние исклучувања што ги изврши тоа ние ги поништуваме и му даваме задача на повереникот да организира комисија која одново ќе ја испита вината на исклучените другари“.[503]

### 4.8 Одлука на ЦК на КПЈ до ЦК на КПБ

Со цел конечно да го затвори случајот со македонската партиска организација и да се надмине политичката криза, свесен дека сега решението ќе биде во корист на КПЈ, на 6 септември Јосип Броз испраќа писмо и до ЦК на Комунистичката партија на Бугарија во кое обвинувајќи и повикувајќи го на одговорност во случајот со македонската организација во писмото ќе истакне: [504]

„...Раководството на ПК во Македонија ги оправдува своите постапки со тоа што тоа божем го уредило прашањето на македонската организација со вас - дека добива директиви од вас и дека Коминтерната преку вас го потврдила тоа припојување. Таквата постапка ние ја сметаме сосема неправилна, зашто по тоа прашање требаше со нас да се разговара и работата заеднички да се уреди“.

За да се оправда постапката за политичко елиминирање на еден лојален и добро позициониран партиски војник на Коминтерната, како што во тоа време беше Методија Шаторов, и во кој се гаела целосна доверба, Јосип Броз бил наполно свесен дека се потребни јаки и издржани обвинувања. Затоа и во ова писмо на ЦК КПЈ, односно Јосип Броз, не пропушта да го обвини Методија Шаторов за сторените грешки:

„1) Шарло не сеодзва на тројниот повик од ЦК КПЈ...

2) Го саботираше ширењето и умножувањето на Прогласот од ЦК КПЈ по повод нападот од фашистичките бандити врз Советскиот Сојуз, во кој се повикува народот на борба против окупаторите...

3) Тој заседе саботерски став по прашањето на акција против окупаторите, а наспроти тоа донесе одлука дека треба да им се предаде оружјето на властите...

4) Тој заседе сосема погрешен и штетен став, наспроти линијата на КПЈ, земајќи курс

---

[502] Исто таму,145.
[503] Исто,146 .
[504] Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 147-150.

на создавање советска Македонија...

5) Нашиот делегату тврди на самото место дека Шарло не само што не ги признава своите грешки туку и го клевети раководството на КПЈ и секретарот на Партијата, обвинувајќи го дека [раководството] е англофилско итн.

Врз основа на сето тоа, ЦК КПЈ го исклучи Шарло од редовите на Партијата како саботер и антипартиски елемент, за што ја известуваме и Коминтерната".[505]

За да се оправда и постапката за дезавуирање на Шаторов и на покраинското раководство во писмото се наведуваат „вистинските факти" кои потврдуваат дека „по цела Југославија-Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, во Војводина и Далмација се водат масовни акции и саботажи, се води жестока борба на нашите партизани, ... само во Македонија нема акции, нема партизански одреди, наспроти колосалните објективни и субјективни услови, наспроти нашите барања, директиви и материјална помош што ја дадовме. Никакви изговори не можат да ја оправдаат таа саботажа. Ние овде по цена на огромни жртви, речиси голораки, освојуваме оружје и понатаму секојдневно во борбите [го] освојуваме, само за да ја помогнеме борбата на Советскиот Сојуз и ослободувањето на нашите народи...Нашиот делегат утврди на терен дека мнозинството партиски организации се жалат на неактивност, а дека по нивното мислење има доволно услови за создавање на партизански одреди и изведување на разни акции...Спрема другарите Срби во Македонија се зазема националшовинистички став, се ставаат во ист кош со разните великосрпски реакционери. Со таквиот став се влијае и врз другите членови на Партијата. Зар е тоа пролетерски интернационализам?...Шарло го клевети пред членовите на Партијата раководството на КПЈ и на тој начин го урива угледот на раководството и единството во редовите на Партијата.

Еве, тоа се фактите што н  присилија да преземеме толку остри мерки. Сметаме дека не беше правилно од ваша страна што не се поврзавте со нас, што го решававте прашањето на македонската организација без нас, што уште и сега му давате поддршка на Шарло. Тоа прашање можеше да се реши другарски, без потреси во таа организација". [506]

Ова се всушност истите обвинувања кои се изречени и кои се повторуваат и во останатите две писма. Но понатаму во содржината на писмото упатено до ЦК БРП, Јосип

[505] Исто, 147/148.
[506] Исто, 149.

Броз не ја пропушта можноста да приговори за одговорноста на ЦК БРП во случајот со МПО и за заштитата и за поддршката која му се дава на Шарло, и во писмото се истакнува дека ситуацијата можела да се реши другарски, без потреси во организацијата. Во него, меѓу другото се вели: „Зар фашистичките освојувања можат да бидат повод за проширување на една братска комунистичка партија, а не потребата од вистинска, успешна организација на народната борба, добрите врски и континуитетот во работата?

Еве, во тоа ве сметаме одговорни, зашто можевте да дојдете до нас, како што ние веќе повеќепати дојдовме до вас, да се договориме за тие прашања и за заедничка борба, а не да дозволиме да дојде до толку нездрава состојба и неактивност на една партиска организација поради злосторничката постапка на неколку луѓе“.

Истакнувајќи дека имаат и тие веќе висока позиција и врска со Коминтерната се вели: „Ние стоиме во постојана врска со Ѓорѓе [Георги Димитров] и токму тој постојано ни ја подвлекуваше потребата од најсилни акции и кревање на востание. Ние сметаме за своја должност и вас да ве предупредиме на тоа, зашто е тоа директива на КИ, зашто е тоа и ваша должност спрема херојскиот советски народ, како и спрема бугарскиот народ“.[507]

Но, Јосип Броз и овојпат, знаејќи дека с□ уште не е доволно моќен за отворено да се спротивстави и да не се замери со моќната БРП, ќе истакне: „ние сметаме дека треба да испратите еден или двајца луѓе од ЦК заедно со нашите претставници на состанок на кој би се договориле за заеднички акции и борби за кревање на востание во Македонија и Бугарија.По потреба ние би можеле да испратиме и неколку вооружени одреди...“.[508]

Бугарската партија писмото од ЦК КПЈ го добива на 6 септември 1941 година и на истото одговара некаде во октомври или ноември 1941 година.[509] Во одговорот на БРП интересни се неколку моменти, кои се истакнуваат и даваат толкување и објаснување на воено-политичката ситуација, во која, од нивен аспект гледано, се нашле бугарските комунисти односно БРП по априлскиот разгром на Југославија.

Во почетокот на писмото БРП е категорична и укажува дека никогаш немала намера да влегува во улогата и прерогативите на КПЈ, но во случајот со МПО и условите

---

[507] Исто 149/150.

[508] Исто, 150.

[509] Според податоците кои се среќаваат кај Цола Драгојчева, ЦК БРП на писмото испратено од ЦК КПЈ одговара во октомври 1941 година и одговорот на ЦК БРП, преку нејзиниот делегат Бојан Б’лгарјанов, е доставен некаде при крајот на октомври 1941. Цола Драгойчева, *Щурмът Повела на дълга*, книга 2, (спомени и размисли)..., 504.

кои биле создадени првите месеци по распадот на Југославија, смета дека како братска партија имале долг во поставувањето на врската и контактот со членовите на КПЈ во Македонија, а преку нив со КПЈ, заради координирање на работата во Македонија. Во тоа време, се истакнува понатаму „**ни се јави претставникот на Покраинскиот комитет на Македонија со соопштение дека ЦК КПЈ одлучил да и даде слобода на македонската организација да стапи во организациски и политички врски со БРП и да се стави под нејзино раководство** (болдирано С. Н.). Претпоставувајќи дека дотогашните врски помеѓу Македонија и Белград ќе бидат отежнати, ако не и сосема невозможни, ние со тоа се сложивме. Во тоа се раководевме имајќи ја во предвид практичната целисходност и работевме-уште еднаш подвлекуваме-со длабоко убедување дека ја имаме вашата согласност. Се разбира дека најправилно би било заедно со вас да работевме на македонското прашање, но за жал тоа не можевме да го сториме, бидејќи како што знаете, непосредните врски кои ги воспоставивме уште пред војната се прекинаа и ние не знаевме каква е состојбата во Белград. За тоа веднаш ја известивме КИ. До конечното решавање на прашањето одлучивме на Македонскиот комитет да му дадеме широки автономни права и да му укажеме најголема помош, водејќи само извесна контрола над него. Македонската организација требаше да продолжи со издавањето на својот орган како Автономна работничка македонска партија“.[510]

Во однос на забелешката на ЦК БРП дека „ни се јави претставникот на Покраинскиот комитет на Македонија со соопштение дека ЦК КПЈ одлучил да и даде слобода на македонската организација да стапи во организациски и политички врски со БРП и да се стави под нејзино раководство“[511] во извештајот на Шаторов се истакнува спротивното дека: „Македонија немаше врски со ЦК КПЈ и не треба да се сомнева во тоа дека **ние бевме повикани, а не да ние баравме врски со ЦКБ** (болдирано С. Н.) и заради тоа обвинувањата на моја адреса не ги прифаќам“.[512] За понатаму да продолжи, но „и покрај сето тоа“, вели Шаторов, „**ние не се поврзавме со ЦКБ с додека ЦКЈ не ни даде**

[510] *Историјски архив*, том VII..., 56.

[511] Исто таму.

[512] Миле Михајлов, „Извештајот на Методија Шаторов-Шарло до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.09.1941 година“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 187.

**одобрување** (болдирано С. Н.) така што ние стварно го прашавме ЦКЈ за поврзувањето со ЦКБ...“.[513]

Во случајот со поврзувањето на МПО и БРП можеби и би држале изјавите на БРП ако таа предходно, веднаш по бугарската окупација не презеде цела низа на системски мерки ова поврзување да го реализира. Да се потсетиме само дека таа детално работеше во пронаоѓањето на лица кои ќе го направат поврзувањето и во тоа се држеше не само до комунистите како Митко Зафировски, туку се обиде оваа задача да ја реализира и преку македонските студенти. Уште порано, БРП формира Комисија и на членовите им даде јасни задачи кој каде ќе делува во тоа поврзување.[514] Така да изговорот на БРП дека тие не се мешале с□ додека претставникот, односно Методија Шаторов не побарал од нив врска, по добиената дозвола од ЦК КПЈ, е апсолутна лага.

Затоа нивниот став дека „...**Бевме длабоко изненадени кога подоцна го примивме известувањето дека ЦК КПЈ не донел одлука за поврзувањето на македонската организација со нашата Партија, дека тој протестирал против присоединувањето и дека поради тоа во Македонија се создала затегната и ненормална состојба, дека започнала фракцонерска борба помеѓу Македонскиот комитет и преставникот на КПЈ, дека фактички дошло до цепење на организацијата, заемни исклучувања и паралелни комитети**“ е само безличен политички и непрофесионален обид „вината“ да ја префрлат на друг во случајот на Методија Шаторов. И уште повеќе дека **„ние ја известивме КИ за состојбата и ги советувавме македонските другари и претставникот на КПЈ да направат с□што е можно да се разберат меѓу себе и да стават крај на внатрешната фракционерска борба и цепење додека не се добие одлуката на КИ...Што се однесува до Шарло ние уште тогаш ги осудивме како грубите политички грешки кои се направени од него, особено неговиот безобразно потценувачки однос кон ЦК КПЈ како и рушењето на дисциплината во КПЈ, во што сега ние потполно се убедивме после разговорот со него“.**[515]

---

[513] Исто таму, 187/188.

[514] Ова прашање детално е елаборирано во трета глава, во точката со наслов „Поврзувањето на македонската партиска организација со БРП“.

[515] *Историски архив*, том VII..., 56/57.

Меѓутоа, БРП многу лесно заборава дека токму нејзиниот делегат Петар Богданов беше во Македонија и направи увид во состојбата и само еден месец претходно му даваше целосна поддршка на Методија Шаторов на конференцијата одржана на 17 август во Македонија, и уште повеќе поддршката јасно му ја укажа пред делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ –Шиља, истакнувајќи во разговорот дека ова поврзување е настанато под директна насока од Коминтерната. Се поставува прашањето, ако обвиненијата изречени подоцна навистина укажуваат за постоењето на вина на Методија Шаторов тогаш зошто Петар Богданов не извести за тоа, па благовремено да се преземеа соодветни мерки. И на крај, зошто при посетата на Лазар Колишевски, исто така во август, бугарските раководители беа запрепастени од неговиот арогантен тон, ако тој ја зборувал вистината. Но напротив, нему му била кажана истата работа дека оваа одлука–поврзувањето на МПО е настаната по укажување од Коминтерната. Затоа Драган Павловиќ кога слушнал дека станува збор за одлука на Коминтерна сосема оправдано веднаш **го прекинал** растурањето на одлуката за исклучување на Шаторов од 24 јули, бидејќи во случајот станувало збор за одлука од највисок форум, инаку во спротивно тој ќе одговараше пред КПЈ и пред самиот Тито, за непочитување на наредбата дадена од својот раководен форум.

„За да го олесниме безрезервниот прием и брзото извршување на одлуките на КИ од страна на македонските другари“ истакнува понатаму БРП „ние испративме специјален човек во Македонскиот комитет и тој ни соопшти дека Македонскиот комитет едногласно ја прифатил одлуката. Затоа недоразбирањето меѓу нас и вас сметаме дека е разјаснето, а прашањето исцрпено. Сметаме дека во тогашните услови постапивме добросовесно и политички целисходно, раководејќи се не од 'империјалистички сфаќања' туку исклучиво од настојувањето во создадената ненормална состојба да влијаеме на македонската организација до потполно разјаснување на прашањето и да ја сочуваме. Поради тоа сметаме дека е неоправдан вашиот прекор дека сме биле до извесен степен одговорни за создадената состојба во Македонија.[516]

Во целата оваа збрка, дали формално или не, сепак мора да се истакне една работа, а тоа е дека БРП, во документите, секогаш ја потенцирала целосната поддршка на македонската партиска организација, особено во поглед на нејзиното право за

[516] Исто таму.

самоопределување што се потврдува и во документот кој во февруари 1942 година, Комунистичката интернационала го доставува до ЦК на КПЈ, и во кој од страна на БРП се бара од КИ да се разгледа уште еднаш прашањето за целосната автономија на македонската партија. Во документот се вели:

„...ЦК на БКП смета дека при постоечката состојба е целисходно соединување на Македонските партиски организации во самостојна македонска партија“.[517]

Коминтерната го препраќа писмото до ЦК КПЈ, а одговорот што следи од страна на Јосип Броз само ја докажува неговата веќе стекната воено-политичка моќ на Балканот. Во одговорот на Тито на телеграмата на ИК на КИ од 27 - 28 февруари 1942 година се вели: „Информацијата на ЦК на Бугарската компартија ја добивме. **Неразбирлив ни е последниот дел од телеграмата во врска со реорганизацијата на КП на Македонија како самостојна партија** (болдирано С. Н.). Овие денови го испраќаме во Македонија нашиот претставник за врска со КПБ и за помош на другарите од Македонија...“.[518]

Тој претставник кој го ветуваа ЦК КПЈ дека веднаш ќе го испратат, дојде дури во септември 1942 година, кога македонската партиска организација оставена сама на себе помина низ жестока криза во која иднината на МПО беше доведена во прашање.

*

Несомнено дека Методија Шаторов ставен пред чинот на бројните обвинувања изречени од страна на ЦК на КПЈ и осуден од нејзиниот лидер Јосип Броз, ќе осети лична потреба и неопходност во целата ситуација да проговори и да даде свое објаснување и одговор на изречените кон него обвинувања, лаги и клевети. Со таква намера пишува официјален документ кој во вид на извештај, треба да биде доставен до Коминтерната. Извештајот напишан од страна на Методија Шаторов со датум од 16. 09. 1941 година,[519] бил наменет за Комунистичката интернационала и за ЦК КПЈ и ЦК РПБ и всушност претставува негова официјална исповед за неговата партиска работа како политички секретар на ПК на Македонската партиска организација.

[517] *Историски архив*, том VII..., 61.
[518] Исто таму, 62.
[519] ДАРМ, фонд НОБ, к. 1, арх. бр. 5019.

### 4.9 Извештајот на Методија Шаторов-Шарло

Еуфоријата која долги години се чувствувала кај македонскиот народ од штотуку завршената НОАБ и успешната револуција во која народот во Вардарскиот дел од Македонија за прв пат се стекнал со своја државност и национално признавање, можеби беше една од главните причини за „слепата“ послушност и верност кон централното југословенско раководство. Националните дејци кои покажуваа и најмало отклонување од зацртаната југословенска линија без разлика што го декларираа единствено чистото македонско национално чувство еден по еден беа отстранувани од македонската политичка сцена. На тој начин македонското чувство и стремеж за обединета Македонија, со текот на годините беше елиминирано, а македонскиот народ, во тој дел, ја имаше ограничената државничка слобода во која се глорифицираше системот на СФРЈ. Ако само до априлската војна 1941 година во Македонија населението беше 1/3 со македонско, 1/3 со бугарско чувство, останатите 1/3 неопределни, но кои се приклонуваа кон македонското сознание, сега националната определеност на Македонците, што од притисок на братската југословенска заедница, што од сопствената еуфорија и глорифицирање на СФРЈ, се приклонуваше кон новото југословенско сознание.

Во тие рамки македонската историографија како млада наука беше целосно зависна од државната, југословенска историографија, па толкувањето на победоносната револуција беше во корелација со насоките кои се даваа во редуцираните документи и материјалите на централата. Не постоеше никаква можност местото и улогата на „стариот Бугарин“, Методија Шаторов, поинаку да се третираат освен како „опортунист“, „контрареволуционер“ и „предавник на македонскиот народ“.

Во таква општествено политичка реалност долги години прашањето околу поврзувањето на МПО со БРП, во македонската историографија, се оценувало како резултат на личната заложба на Шарло да ја отцепи МПО и да ја приклучи кон БРП и да го спречи кревањето на вооруженото востание во Македонија. Осудата за прв пат била изречена во одлуката на ЦК КПЈ од 24 јули 1941 година, како и во писмата испратени во септември 1941 година до Коминтерната, БРП и МПО. Шаторов обвинет и оценет како контрареволуционер и предавник бил принуден да ја напушти Македонија. На Петтиот конгрес на КПЈ и Првиот конгрес на КПМ и двата одржани во 1948 година, под влијание на победничката еуфорија и веќе изградениот култ кон личноста на Јосип Броз и секако

успехот на КПЈ, без објективен и научен пристап, прашањето за местото и улогата на Методија Шаторов - Шарло во Народноослободителната антифашистичка борба повторно било отворено и уште еднаш исто како и во 1941 година Јосип Броз ќе истакне дека, „најтешки грешки се направени во Македонија, каде секретарот на ПК на КП на Македонија и член на ЦК КПЈ 'Шарло' со сите сили го саботираше создавањето на партизанските одреди, т.е. развивањето на вооруженото востание...“.[520] А во тие денови, во ситуација кога „Тито поручује!“ не постоеле реални шанси, порачаното да не биде извршено.

Во документите кои произлегле од работата на двата конгреси, Методија Шаторов бил обвинет по неколку обвинителни точки:

1. Неовластено приклучување на партиската организација кон БРП;

2.Директивата за предавање на оружјето на окупаторот;

3. Ставот спрема колонистите;

4. Прашањето за распуштање на ПК;

5. Прашањето за првомајскиот проглас од 1941 г. на ЦК на КПЈ, односно ставот на КПЈ во тој проглас дека народите на Југославија ја загубија својата слобода и независност, наспроти ставот на Шаторов дека народот на Македонија никогаш немал своја слобода и независност.[521]

Осудата за „стариот Бугарин“, устоличена само врз база на тврдењата на Тито, ќе го прати с□ до 90-тите години на XX век. Со него беа замолчени и сите оние кои ја поддржуваа неговата политика и го добија епитетот „шарловисти“, како група која ја поддржувала промакедонската, а не projугсловенската линија.

По 1991 година работите полека почнуват да се менуваат. Бранот на промени полека ги зафаќа сите сфери на општественото живеење, па и историската наука. Во тој контекст, освен барање за рехабилитација на Методи Андонов Ченто, Панко Брашнаров, Пирузе и др., полека почна да се одмотува и вистината за Методија Шаторов Шарло. Денес македонската историографија располага со документот „Извештај на Методија Шаторов-Шарло до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од

[520] Јосип Броз Тито, *Политички извештај Централног комитета Комунистичке партије Југославије*, Реферат одржан на V Конгресу КПЈ, ( Београд: 1948 ), 74/75.

[521] Миле Михајлов, „Извештајот на Методија Шаторов-Шарло до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.09.1941 година“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 183.

16.09.1941 година“,[522]дешифриран од проф. д-р Миле Михајлов што претставува еден од најзначајните документи кој фрли светлина врз неговата партиска работа во Македонија.[523]

Документот е превод на српски јазик направен од страна на Перо Ивановски и неговата сопруга Милка на оригиналниот документ на Методија Шаторов кој бил во ракопис и на македонски јазик и е пронајден во 1945 г. од страна на Перо Ивановски – Тиквар.[524]

Иако текстот во „Извештајот...“ е оштетен на некои места и до 60%, сепак е успеано содржината да се распознае и дешифрира.[525]

Во содржината на документот – „Извештајот...“, Методија Шаторов ќе се обиде да даде објективна анализа и пресек на воено-политичката состојба во Македонија по бугарската окупација. Во тој контекст ја изложува состојбата во ПК на КПЈ за Македонија, и неговата улога како раководител, особено во настаните, одлуките и делувањето во критичниот период, мај-септември 1941 година. Со право може да се каже дека „Извештајот...“ претставуваи едно објаснување и одбрана на нападите изречени кон него. Го пишува на 16 септември 1941 година и го доставува до ИК на КИ, преку ЦК на КПЈ и ЦК на БРП со надеж дека „точките по кои сум обвинет и на [**состанокот на Политбирото со донесената ре**]золуција сум исключен од Партијата и од ЦКЈ вам добро ви се позна[**ти и не би се задржувал на**] нив. Затоа сметам за потребно да дадам објаснувања за [**работа на ПК на Македонија**] и да ги молам Секретаријатот и Исполком на КИ да ги разгледаат[**мојот извештај и другите реа**]гирања. Исто така, ги молам централните комитети на двете парт[**ии да го разгледаат мојот извештај што ќе стаса**] до нивните

[522] ДАРМ, фонд НОБ, к. 1, арх. бр. 5019.

[523] Д-р Миле Михајлов, „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16. 9. 1941 година“, Гласник на ИНИ, год. 50, бр. 1, Скопје, 2006. (понатаму : д-р Миле Михајлов, „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година“)

[524] Миле Михајлов, „Извештајот на Методија Шаторов-Шарло до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.09.1941 година“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*...,184-194.

[525] Прв обид за дешифрирање на документот бил направен од страна на Ристе Бунтевски Бунте и Ристо Шуплиновски за истиот на крај успешно да биде завршен и дешифриран (нормално колку што (не) оштетеноста на текстот тоа го дозволуваше) од страна на проф. д-р. Миле Михајлов. Исто таму.

раце, да одредат комисија, којаќе ја провери **[точноста на обвинувањата]**[526] и да утврди колку сум јас виновен, а колку **[Бирото на ПК на Македонија]**".[527]

Во извештајот Методија Шаторов прави напор достојно и објективно да даде објаснување на секоја поединечна точка за која е осуден. Самиот тој дефинирал осум обвинителени акти заради кои е осуден:

„1. заради свесно саботерско држање **[и одбивање на дирек]**тивите на ЦКЈ;

2. заради поништување на повикот издаден од страна на ЦКЈ со кој **[се повикуваат]** масите на борба и акција;

3. заради директивата издадена од мене да се **[предава]** оружјето на германските и на бугарските окупатори...;

4. заради гонење на српските другари и заземање на национал-**[шовини]**стички позиции;

5. заради одбивање да се јавам во Белград за разгледување на **[македо]**нското прашање;

6. не сум организирал саботажни и четнички акции, туку свесно сум **[са]**ботирал и **[сум]** побегал во Софија...;

7. заради тоа што **[сум]**издејствувал некакво 'божемно' поврзување со бугарската партија;

8. заради **[паролата]** Советска Македонија". [528]

Во извештајот, Шаторов признава дека имало само еден случај кога тој не ја испочитувал директивата на КПЈ, а таа се однесува на директивата за распуштање на партијата. Сметал дека токму извршувањето на оваа директива ќе значело и затворање на

---

[526] И покрај барањето на Методија Шаторов, објективно да биде разгледана ситуацијата која довела до таа „ненормална состојба", преку формирање на комисија, која според него детално и објективно ќе го разгледа неговиот случај, факт е дека ова барање на Шаторов не му беше удоволено. Само да се потсетиме дека за спорната ситуација со КПХ и случајот Ј. Копинич, на седница на ПБ на ЦК КПЈ која ја свикува Јосип Броз и на која покрај него учествувале Александар Ранковиќ, Иван Милутиновиќ и Иван Лола Рибар било донесено решение да се формира „Истражна комисија" на ЦК КПЈ на чело со Благое Нешковиќ, која ќе го испита случајот „Воздух" и на Политбирото ќе му поднесе извештај. Јосип Броз, *Собрани дела,* т.7..., 95; *Енигма Копинич,* кн. II..., 262.

[527] Д-р Миле Михајлов, „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година", 197.

[528] Исто таму, 197.

Партијата и според него „(тогаш имавме само 300 члена) и ако земев**[ме таков критериум тогаш]** во Партијата во Македонија не би останале ни 5 души“.[529]

Треба да се има предвид дека пред да биде поставен на функцијата политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија, Методија Шаторов долги години работи во БРП и во ВМРО(Об.) во Пиринскиот дел од Македонија. Искуството кое го стекнува таму, не само во БРП туку и во ВМРО(Об.), му дава за право да се спротивстави на ваквата одлука. Како искусен револуционер е свесен дека македонското национал-револуционерно ткиво е разбиено токму од поделбите и фракциите. На крајот на својата работа во ВМРО(Об.) ќе осознае дека само во услови на широк национален фронт под паролата „назад кон обединување“ со сплотени сили се решаваат прашањата од интерес на македонскиот народ. Затоа тој јасно ќе се декларира против секакво „чистење“ на партиските редови. Потпирајќи се на искуството кое го стекнал во 1934 г. кога од страна на ИК на КИ била донесена одлука за распуштање на РПБ сметал дека и „тогаш и сега“ е противник на вакви панични директиви. За целиот период на неговото раководење настојува реално да ја согледа состојбата во Македонија и повеќе од било кој е свесен за задоволството меѓу народот по навлегувањето на Бугарите во Македонија, затоа Шаторов вели: „Не би сториле големо д**[елосо казнување на членовите на Партијата и]** да ја распуштевме Партијата, кога само нашата мал**[а партиска организација земе]** став по прашањето на „ослободувањето“ на Македонија од страна на **[окупаторите и мобилизацијата]** на масите во Македонија, кои беа обземени со фашистички **[дух и ветувањата во име на цар Бо]**рис“.[530]

Овој податок кој всушност ја покажува реалноста во Македонија, доста време во македонската историографија се настојуваше или да се избрише или да се неутрализира. Се наметнуваше сознанието дека македонскиот народ во целост бил со веќе изградена наполно чиста македонска свест, а дека влегувањето на Бугарите го сметале за окупација. Точно е дека кај поголемиот дел на македонскиот народ, и кај самиот Шаторов, македонското национално чувство беше искристализирано и јасно, а навлегувањето на бугарските војски и администрацијата неспорно било оценето како нова окупација и поделба на македонскиот народ, но факт е дека кај еден дел кој според Шаторов и не е

---

[529] Д-р Миле Михајлов, „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година“, 198.

[530] Исто таму.

така занемарлив, една третина, бил со бугарско сознание и нормално дека тој дел на влегувањето на Бугарите во Македонија гледал како чин на ослободување. Затоа Шарло во „Писмото до Стојана“ ќе истакне: **„некој Македонци-врховистите сакајат да кажат, оти борбата на Македонците е свршена со окупацијата на Македонија од страна на германски, италјански и бугарски војски“.** И самиот го поставува прашањето: **„дали това е вистина“.** И дава одговор: **„но, ни не може да биде, зато што Македонија не доби ни национална и политичка слобода...“** и дека **„со право се праша секој честен Македонец: каква ли е оваја слобода, штом шумадинците се заместени со Бугари, а Македонците се држат под карантина“** (болдирано С. Н.).[531] И понатаму во извештајот ќе истакне:. „**Затоа, секој што бил во тоа**] време во Македонија може да каже каков **[беше дочекот, а и приемот на бугарскиот]** окупатор и од македонските маси воодушевува[**њето, кое го искажаа и некои пар**]тијци, иако беше решено да го кријат и да го чуваат **[оружјето со муницијата, тие го]** уништуваа и го携реа, така ја уништија и нашата **[база за собирање]** ново оружје“.[532] Шаторов е свесен дека со народ кој има 1/3 бугарско сознание и народ кој со вооодушевување гледал на своето „ослободување“ и најмодерното оружје да го имал на располагање, нормално, ќе било залудно, бидејќи не е оружјето тоа што крева востание туку свеста на народот, неговото чувство дека го загубил најсветото нешто СЛОБОДАТА. Ваквото објективно толкување на Шаторов подоцна во социјалистичка Македонија беше фризирано и го оневозможуваше поради идеолошки и политички причини објективното и научно објаснување на настаните во однос на „ослободителната“ мисија на Бугарите.

Затоа осудата и обвинувањето за „оружјето“ од денешен аспект е една сосема неважна работа и само причина повеќе Тито да му натовари уште едно обвинување на Методија Шаторов.

И покрај тоа што Шаторов не чувствувал ни малку вина за она што го направил, имал потреба и се обидува на повисоките форуми да им даде објаснување во каква состојба работел. Затоа во извештајот ќе објасни дека била донесена одлука „да не се собира но[**во оружје, а не да се предава ОРУЖ**]ЈЕТО“. „Ова прашање исто така се зло[**употребува**]. Директива за несобирање на оружје не сме давале. За оружјето кое [**веќе**

[531] *Извори*, т. I, кн. 1, 14/15.

[532] Д-р Миле Михајлов, „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година“, 199.

**беше собрано и складирано, исто така,]** не сме дале директива да се предаде. **[Затоа можете да се информирате кај одговорниот]** другар од Скопје, одговорен во ПК за собирање на оружје. **[Ние тоа оружје го набавивме купувајќи го намер]**но кај арнаутите. ПК се позанимава со тоа **[прашање и одлучи да прекине]** во оваа етапа да собира ново оружје, особе**[но заради честите провали и затоа што на]** младата партија и беше поважен ПОЛИТИЧКИОТ **[НАЧИН НА ДЕЈСТВУВАЊА]**". Но според него, **„основни причини поради кои досега не [се организирани акции] на партизанските одреди беа: политички и организац[иони]** (болдирано С. Н.)".[533]

По 1991 година во однос на обвинувањето за „Директивата за несобирање на оружјето", проговорија неговите сопартијци и благодарение на голем број дискусии кои беа водени токму за ова прашање расчистено е со дилемата дали тогаш била дадена директивата така како што стои во обвинувањето или Методија Шаторов настојувал да го заштити младиот и кревок кадар на партиското членство. Сметаме дека од денешен аспект ова прашење е расветлено.[534]

Во поглед на обвинувањето дека Методија Шаторов не сакал да го рашири прогласот на КПЈ, тој се обидува во „Извештајот..." да ја објасни вистината за спорните прогласи велејќи: „Уништен проглас на ЦКЈ со кој се повикувало чл**[енството на борба и акци]**ја не постои. Таков проглас не е добиен, ниту **[јас сум дошол до]** него. Вистина е, ако примевме еден примерок **[од тој проглас и доколку]** имавме техника, ние ќе умноживме **[ако постоеше интерес на ПК, затоа што]** ние бевме дел од ЦКЈ и така

---

[533] Точно е дека Методија Шаторов како искусен партиски член, имајќи го зад себе искуството од претходниот период, особено военото искуство, с до нападот на Советскиот Сојуз, е на мислење дека во Македонија с уште не се созреани условите за да се започне со вооружено востание. Ваквата констатација во никој случај не може да се толкува дека тој бил децидно против востание. Во прилог на аргументирањето на својот став, се задржува на две главни причини: првата е политичка, а втората организациона. Политичките причини истакнувал Шаторов се состоеле во тоа што Македонците никој не би можел да ги убеди дека Германија и СССР не се „тајни сојузници" и дека ситуацијата во Македонија е сосема различна и поинаква од ситуацијата во Србија, Црна Гора, и другите краишта, бидејќи тие ја изгубиле националната слобода, а Македонците не, што е сосема точна констација. Во однос на организационите причини ја наведува недоволната поврзаност со селото, што во ситуација на кревање на востание е неопходен предуслов за успех, бидејќи без организациона потпора од селото и без посилно политичко влијание во селските средини, партизаните, сметал Шаторов ќе останат изолирани од масите и уште повеќе ќе бидат предавани на властите.

[534] За ова повеќе во Љубен Петревски –Димуш, „Методија Шаторов –Шарло сеќавање од Кирил Петрески-Димуш", *Методија Шаторов-Шарло и неговото време...*, 241-245.

некако, т.е. да не издава[**ме документи на ЦКЈ ниту про**]гласи, ни на мене, ни на некој од другарите не ни [**падна напамет ниту пак некој имал наме**]ра...“.[535]

Македонската историографија денес располага со спорните прогласи и нивните содржини, за кои Шаторов се осудува дека не се објавени и раширени низ Македонија. Тоа се прогласите кои ЦК КПЈ односно Тито ги пишува во средината на април и почетокот на мај 1941 година. Но ако се направи една објективна и непристрасна анализа на прогласот „Народи на Југославија!“,[536] ќе се увиде дека според содржината на прогласот, тој е наменет на хрватскиот народ и на проблемот кој тогаш се поставувал пред КПЈ, а тоа е целината на Југославија, односно целината на КПЈ. Овој проглас всушност се однесува на опасноста од новоформираната и прогласена т.н. Независна Држава Хрватска и нејзиното одвојувањето од Југославија. Во содржината на прогласот се вели: „Хрватски народе! Тие господа ти зборуваат дека ти извојувале слобода и независност со помошта на Хитлер и Мусолини. Го веруваш ли ти тоа? Паметиш ли ти дека некогаш во твојата илјадагодишна макотрпна историја, во твоите тешки часови ти бил пријател и заштитник германскиот, унгарскиот, италијанскиот или некој друг освојувач? Не и никогаш...“,[537] понатаму: „..Хрватски народе! Ти овие денови беше очевидец на нечуена срамота...Настаните во Загреб ќе бидат најтемната дамка во твојата историја, хрватски народе....Хрватски народе! Туѓинските слуги, хрватските господа ти сеат омраза спрема твоите крвни браќа-Србите и Словенците во време кога тие со својата крв одново пишуваат славна , иако трагична страница на својата историја. Знај хрватски народе, дека борбата на твоите браќа е и твоја борба...“,[538] за на самиот крај да се повикаат „Народи на Југославија –на Србија, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Македонија и Војводина! **Вие, кои се борите и гинете во борбата за својата независност,** (болдирано С. Н.) знајте дека таа борба ќе биде крунисана со успех па макар вие сега и да подлегнете во таа борба против надмоќниот непријател...“.[539]

Безрезервно и без никакво двоумење можеме да нагласиме дека ширењето на овој проглас во Македонија не би го имал потребниот ефект кај македонскиот народ и би

[535] Д-р Миле Михајлов, „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година“, 198.
[536] *Собрани дела*, т.6..., 243.
[537] Исто таму,245.
[538] Исто 244/245.
[539] Исто.

предизвикало единствено штетни последици. Познато е дека со години Македонците биле асимилирани и денационализирани во Кралството Југославија, без никакви национални и човечки права, и сега од Шаторов се бара да се повикаат македонските комунисти на „борба за својата независност". Овој проглас не се однесува на Македонија ниту пак содржински може да даде било каков поттик и да ги анимира македонските маси да застанат во борбата пред с□ за туѓата слобода, бидејќи овде никако не станува збор за македонската борба. И да постоеле идеални технички услови за печатење на прогласот, Шарло би бил во право бидејќи не постоела никаква потреба, туку штета од неговото ширење меѓу македонските комунисти и народот. Во вториот проглас со наслов „Работен народе на Југославија!"[540] во повикот кој е упатен до народите на Југославија, Македонците воопшто не се споменуваат, во него се повикуваат „...Срби, Хрвати, Словенци, Црногорци, Босанци и други - освојувачката чизма ја гази вашата земја, вашата независност и сака да ве збрише од лицето на земјата...", и не само во насловот, туку во целата содржина на Прогласот, македонскиот народ воопшто не се споменува. Овие прогласи не само што би предизвикале штета туку во основа биле и против македонската кауза.

Доколку пак станува збор за прогласот на ЦК КПЈ „Работници, селани и граѓани на Југославија",[541] од 22 јуни 1941 година, кој е напишан по повод нападот на Советскиот Сојуз, факт е дека тогаш не постоела можност истиот веднаш да биде донесен во Македонија. Но поради сериозноста и итноста која во тоа време го барал моментот, ПК на КПЈ на чело со Шарло, веднаш по нападот на Советскиот Сојуз, се состанува и инспирирани од настанот донесуваат одлука веднаш да се излезе со Проглас.[542] По содржината прогласот „Македонски народе на штрек "[543] не се разликува од Прогласот на ЦК КПЈ. [544]

[540] *Собрани дела*, т. 7..., 3-9.

[541] Исто таму, 54-60.

[542] Перо Ивановски, „Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)", *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 174.

[543] *Извори*, т. I, кн. 1..., 19-22.

[544] Долго време во историографијата се оспоруваше прогласот на ПК на КПЈ за Македонија напишан по повод нападот на Советскиот Сојуз, бидејќи акционо не повикувал на вооружени акции и вооружено востание. Но за волја на вистината, ниту во прогласот на ЦК КПЈ акционо не се повикува на вооружено востание туку паролите остануваат во доменот на декларативното, што е сосема нормално за таа ситуација, затоа што с уште не била јасна насоката која требало да се добие од страна на Коминтерната. Затоа овој повик, поточно неговата содржина, ќе предизвика забуна и кај хрватските комунисти и ЦК КПХ,

Во гревовите на Шаторов за кој е осуден се споменува и „бркање на српските другари и заземање на шовинистички **[став спрема нив]**...“.[545] Нормално, ова обвинување Шаторов го негира и бара да му се посочи конкретен пример за кој „другар“ или „другарка“ станува збор, бидејќи според Шаторов такво нешто ниту имало ниту се случило. „Исклучен е еден Црногорец, техничко лице во Партијата, но **[не заради тоа што е]** Црногорец, туку затоа што направил престап кон Партијата“. Понатаму Шарло потенцира дека од Партијата заминале само двајца Црногорци и еден Србин, но според него, тие заминале по свое барање. „Ние **[имаме]** во Партијата уште Срби и Црногорци, кои се на одговорни места и **[не]** само што никој не ги брка, туку ние во Партијата и раководстото настојуваме да **[ги]** убедиме дека треба да останат“.[546]

Подоцна и Вера Ацева, како современик и учесник во настаните, ќе се приклучи во дискусијата за наводниот „национал-шовинизам“ на Методија Шаторов. Таа е децидна дека национал-шовинизам од страна на Методија Шаторов не постоел.[547]

Денес не постои ниту едно сеќавање, ниту една изјава која ќе докаже дека Шаторов бил национал-шовинистички настроен кон било кого. Напротив историографијата од различни провиниенции го забележала Шаторов како голем и хуман човек, граден, воспитуван и израснат во интернационален дух. Единствено чувство кое го покажувал Методија Шаторов бил патриотизмот. Но тоа не значи дека и македонскиот народ градел такво чувство кон Србите. Посебно е дискутабилно прашањето дали македонскиот селанец и работник ги чувствуваше за блиски колонизаторите и дали по навлегувањето на бугарските војски и окупацијата, српските „другари“ навистина беа безбедни во Македонија или во првата прилика ќе беа предавани на бугарските власти. [548]

---

кои во врска со овој проблем го известуваа ЦК КПЈ и во него пишуваат: „Истиот ден (26 јуни-б.м) кога ја добивме пораката на Дедо (Коминтерна-б.м) за линијата, стигна до нас и прогласот на ЦК КПЈ. Бидејќи видовме дека и во тој проглас јасно не е истакната основната линија на Дедо (антифашистичкиот карактер на борбата во сегашната фаза и прашањето за создавање на единствен национален фронт) ние преку телефон го прашавме Таткото (ЦК КПЈ) дали прогласот да го издадеме така како што е напишан, или Таткото ќе напише нов проглас во духот на пораката на Дедо“. Вјенцеслав Ценчиќ, *Енигма Копинич*, кн. I..., 211.

[545] Д-р Миле Михајлов, „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година“, 199.

[546] Исто таму.

[547] Архив на ИНИ „ Велимир Брезовски“, ф. Вера Ацева, Сл. IV 1128/1, 20/21.

[548] Не смее да се изземе од предвид фактот дека македонскиот народ во Државата на Хрватите, Србите и Словенците, а подоцна во Кралството Југославија повеќе од дваесет години беше колонизиран, асимилиран и национално потиснуван. Повеќе од 20 000 Срби, му ја земаа и обработуваа, најубавата земја на македонскиот селанец додека тој бил принуден на сопствената земја да аргатува за еден мизерен и недостоен живот, на прагот на егзистенцијата.

Но, да не се залажуваме, вистинската причина која стои позади ова обвинување е ставот на Методија Шаторов на Петтата земска конференција кога пред сите истакнал дека „на колонистите им е дадена најдобрата земја. Таа им е одземена на селаните. Пасиштата и шумите им се одземени на селаните. Во Македонија има малку земја, затоа бараме колонистите да се иселат во Срб[ија]. Земјата има да им се [даде] на мак[едонските], селани, само доколку има повеќе, тогаш да им се даде на другите нации“.[549]

Со намера да биде дескредитиран му се препишани и другите обвинување, како обвинувањето дека не организирал саботажни акции по директивите на ЦК КПЈ и дека ја избегнува нивната контрола. Во своето објаснување и одбрана ќе истакне дека „мали **[акции и диверзии во град]**ските монополи има. Фабрики за саботажи нем**[а и тие грешки не]** се од политички и ораганизациски карактер[550]...Целата Партија па и **[ЦКЈ знаат дека можностите]** се мали, а сега веќе сме готови...а тоа трезнење настана во душите на Македонците дури по избивањето на антисов**[етската]** војна. До тогаш ништо не беше во состојба да ги убеди дека СССР и Герм**[анија не се]** некои тајни воени сојузници. Народите во Југославија, а специјално во Србија **[и во Цр]**на Гора, убедени дека ја изгубиле својата слобода, веднаш на повикот на Парт**[ијата]** се дигнаа на оружје. Тоа во Македонија не можеше да се случи...Немаше никаква сми**[сла испраќањето на голораки чет]**ници в шума, каде селаните би ги фаќале и предавале на влас**[тите а со тоа полож]**бата и била сосема подруга. Се појавија услови за партиза**[нско војување дури со почетокот на реквизициите. Селаните]** сега ништо не ѝ даваа на бугарската држава-одзема**[њето на производи и барањето сите ли]**ца да плаќаат данок по српските закони. Така се создаде **[ОТПОР**...Уште од првите денови на антисоветската војна форм**[иравме Воена комисија при ПК, иако нема место за пра]**вдање дека сме немале оружје. Тогаш

[549] *Документи и материјали 1921-1941,* том I, книга 2, Извори на историјата на СКМ,...21-41.

[550] Факт е дека во Македонија работничката класа се формира и нараснува подоцна за разлика од останатите делови на земјата, а производните капацитети кои постоеле пред војната не оделе во корист на масовно организирање на работничката класа. Работниците по својата бројност, наемнина и права биле далеку од организираните и масовни работнички движења во останатите делови во Југославија и Шаторов е сосема во право кога го истакнува тоа. Може да се потенцира дека работничката класа предводена од комунистите своите масовни протести ги организираат со обновувањето на македонската партиска организација некаде при крајот на 1939 и почетокот на 1940 кога се формира нов ПК и на чело на партиската организација застанува Методија Шаторов. Тогаш во Вардарска Македонија работниците предводени од партиската организација се јавуваат како сериозен политички фактор барајќи и борејќи се за своите права.

беше одреден од страна **[на ПК другар одговорен за набавка на оружје.]** Сега останува тоа да го заврши новиот ПК“.[551]

Благодарение на залагањето на Методија Шаторов, неговата правилна партиска политика кон членовите на македонската партиска организација, во октомври 1941 година МПО резултира со 12 спремни партиски организации да исфрлат партизански одреди. Како заслуга на работата на ПК на 22 август 1941 година веќе беше исфрлен првиот Скопски НОПО. И во такви услови кога стануваше збор не само за иднината на партиската организација туку и за иднината на македонскиот народ беше направен раздор и елиминација на Методија Шаторов и на Покраинското раководство. Но последицата од раздорот и наметнувањето на пројугословенската линија на таков начин со хируршко ампутирање на претходните директиви, елиминирање на раководните лица по месните партиски организации, за кои се сметало дека се приврзаници на шарловата политка беа **ГЛАВНА, ОСНОВА и ПОГУБНА** (болдирано С. Н.) причина што на самиот ден, беа пренесени двете директиви, и директивата за излегување на партизанските одреди и директивата за одложување на востанието, па од планираните одреди излегоа само 3 од кои едниот воопшто не беше ангажиран, а кумановскиот заради таа неорганизираност претрпе големи жртви.

Но сите овие обвинувања и гревови се само политички параван кои одат единствено во прилог на главната „грешка“ што ја направил Шаторов и заради која е осуден „поради тоа што **[сум]**издејствувал некакво ’божемно’ поврзување со бугарската партија“. Неправедно обвинет чувствува потреба да го објасни случајот во врска со МПО и нејзиното поврзување. И во тој контекст ќе истакне: „вистина е дека **[одбив да одам во]** Белград, но треба да прашате зошто. На барање на ЦКБ јас отидов **[во Софија заради поврзување]** и да примам инструкции, а тоа го сторив со одлука **[на ПК на Македонија оценувајќи го]** барањето на ЦКБ за правилно...**И пок**]рај сето тоа, ние не се поврзавме со ЦКБ с□ додека ЦК**[Ј не ни даде одобрување така што ние]** навистина го прашавме ЦКЈ за поврзувањето со ЦКБ **[и тоа го разгледувавме повеќе пати во ПК]** во месец август, но тој (ЦКЈ) мислеше дека **[поврзувањето со ЦКБ ќе ја активира партиските]**организации. На другарите од ЦКЈ им напоменувам **[дека ние баравме од нив]** дозвола за

---

[551] Д-р Миле Михајлов, „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година“, 202/203.

поврзувањето со ЦКБ, тие нам ни пора[**чаа дека ќе ни испратат ја**]вка помеѓу двата централни комитети, т.е. за и [**ние да воспоставиме врски, заради што**] отидов во Софија на 24. V, а се вратив на 1. VI. [**До овој датум ние бевме поврзани**] организационо и акционо со ЦКЈ, [**а потоанастанаа недоразбирањата и тогаш**] стаса пораката во ПК од страна на ЦКЈ да се ја[**вам во Белград заради добивање на нови директиви. Во ПК**] решиле да отиде еден член на ПК, кој беше истоврем[**ено и член на Воената комисија и тој се ја**]вил во ЦК и им дал информации за [**положбата на Партијата во Макеоднија и моето отсу**]ство, (дека во тој момент се наоѓам во Софија)... [**Македонскиот ПК немаше врски со ЦКЈ и ве уверувам вас**]во тоа дека ние бевме повикани, а не дека ние сме [**барале поврзување со ЦКБ, затоа се неприфатливи обвинувањата на мо**]ја адреса и на адреса на останатите другари во ПК на Македонија“.[552]

Она што понатаму следуваше беше само уште една животна трагедија на еден македонски лидер со огромни можности и дисциплиниран кадровик на Коминтерна. Затоа сосем со право, не можел по „по 22години партиска работа“ да се помири со фактот „...**да бидам исклучен и сепак да ја прифатам**]дадената ми казна.Не сум [**верувал дека после толку долготрајна партиска работа ќе бидам исклучен и тоа**] ме мачи“. Она што посебно го мачело била неможноста да даде „..**одговор на обвинувањата на Митрета**]“. Сметал дека ЦК КПЈ му го одзеле „правото да се ка[**јам за сторените грешки, но и не за обвинувањата од страна на Митрета и**] неговите најгадни из[**мислувања за мојата партиска работа и неверувањето во по**]бедата на социјалистичката р[**еволуција**]“.[553]

Веднаш по добивањето на решението од КИ со истото биле запознати партиските организации и ПК, и истовремено истакнал Шаторов „очекуваме ваши инструкции и ваш човек. Ние сме спремни за акција која може да се изврши во секое време и **лично за себе молам да ми се дозволи да одам во партизанското движење**...“.[554] (болдирано С. Н.). Меѓутоа и тоа негово барање ќе биде одбиено поради интервенција на повисоки кругови и повеќе од јасно било дека за него нема повеќе место во Македонија. Прибежиште ќе бара во соседна Бугарија и во октомври 1941 година заминува од Македонија.

---

[552] Исто таму.
[553] Исто, 204/205.
[554] *Историхски архив*, том VII, 51.

### 4.10 Покраинскиот комитет и партиските организации во Македонија по исклучувањето на Методија Шаторов

Позитивниот тек кој повеќе од година ја следел Македонската партиска организација, бил прекинат со настаните кои се случиле со поврзувањето на МПО со БРП и вмешувањето на КПЈ, што довело до појава на поделено мислење околу ова прашање. Формирањето на двете крила предизвикало поделеност во организацијата, од една страна про-југословенската опција со Лазар Колишевски, Страшо Пинџур, Мара Нацева и др. кои се ставиле на располагање на делегатот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ и ја ширеле одлуката на КПЈ за исклучување на Методија Шаторов по месните партиски организации и втората група од останатите членови на партиската организација кои изненадени од оптужувањата за нивниот политички секретар, во кого имале целосна доверба и почит, и предупредени од организациониот секретар Перо Ивановски, сепак останале лојални на раководството на Партијата и ги затвориле организациите.

Затоа во септември 1941г. овие настани ќе извршат силно влијание и поделеност во редовите на македонските комунисти и ќе го одбележат почетокот на длабоката криза во која наредниот период ќе западне македонската партиска организација. Во моменти кога Шарловото раководство донесува политички и воени насоки кои се однесуваат на подготовки за формирање на партизански одреди и отпочнување на вооружена борба, политички се елиминира Методија Шаторов, а членовите на легално избраниот Покраинскиот комитет се суспендираат и се формира ново покраинско раководство назначено од делегатот на ЦК на КПЈ Драган Павловиќ-Шиљо, во состав: Лазар Колишевски, Бане Андреев, Мара Нацева, Борка Талески, Благој Јанков.[555]

---

[555] Во однос на прашањето кога е формиран новиот ПК и кои членови влегуваат во неговиот состав, не постојат во целост прецизни податоци во македонската историографија. Велимир Брезовски, за ова прашање ќе истакне: „...Делегатот на ЦК на КПЈ Драган Павловиќ, кој во почетокот на септември 1941 година повторно пристигна во Македонија, пристапи кон формирање на нов Покраински комитет на КПЈ за Македонија. Не располагаме со прецизни податоци кога беше формиран и каков беше составот на новиот ПК. Првпат за тоа се споменува во извештајот на делегатот на ЦК од 29 октомври 1941 година во кој се нагласува дека создавањето на новото раководство **'одеше многу бавно и тешко'**( болдирано С.Н) поради немање на способни и искусни раководители. Според изјавата на Страшо Пинџур од првата половина на август 1942 година се изнесува дека новото покраинско раководство е избрано во средината на септември 1941 година. По с изгледа дека ПК е формиран во средината на септември во Скопје и дека во него влегле 'три работника и два интелектуалци'. Од овој податок, а и од други од подоцнежниот период и од сеќавањата на некои раководни лица од тоа време, недвосмислено произлегува дека ПК го сочинуваат: Лазар Колишевски, Бане Андреев, Мара Нацева. Борка Талески и Благоја Јанков...". Велимир Брезовски, *Комунистичката партија на Македонија 1941-1944*, Редакција Миле Михајлов, Тодор Чепреганов, Ѓорѓи Чакарјаневски (Скопје: ИНИ, 2003), 83.

Составот на новото политичко раководство е потврдено од делегатот на ЦК на КПЈ Драган Павловиќ, без да биде одржана конференција на која делегатите ќе ги изберат членовите на раководството, како што беше случај со претходниот состав на ПК на КПЈ за Македонија. Исто така, без да се води сметка за континуитетот на активностите, при изборот на новите членови несомнено единствениот критериум за избор била лојалноста кон пројугословенската линија.[556]

Затоа подоцна, Вера Ацева за овој ПК ќе каже: „Јас приговарам зошто ЦК КПЈ, односно овластениот инструктор од нив, односно од Ранковиќ – Драган Павловиќ – Шиља создаде ПК од 5-мина, од кои тројца беа на подолги години надвор од Македонија, не ја познаваа положбата, а и самите беа непознати. А во тие најсудбоносни денови за македонскиот народ, во КП на Македонија покрај Кузман, Страшо и Мирче имаше редица други другари израснати, од коишто можеше да се создаде бројно јак и организационо - политички силен ПК како што вика нашиот народ 'топ да не го бие'. Јас овде ќе набројам само некои од нив, покрај горните тројца: Цветан Димов работник, Периша Савелиќ студент од Скопје, Перо Чичо, Гојко Стефков работници и Панче Пешев музичар од Куманово, Димче Мирчев, Коло Бабунски, Страшо Бегин, работници и други од Велес, Стив Наумов студент од Битола, Мите Богоевски студент од Ресен, Јоска Јосифовски – Свештарот правник и Благој Јанков – Мучето работник од Струмица, (Благој Јанков беше земен како што видовме, ама бргу беше вратен поради некаков судир со Колишевски) Орце Николов работник од Скопје, ако се беше во ред на враќање од затвор не мораше да загине. (Патем да кажам дека Колишевски го набројува и него како испратен, а тој беше скопски кадар). Перо Иваноски – Тиквар и Коце Стојановски – Металец, коишто и од далеку не беа така криви во врска со Шаторов за да не можат да останат во ПК, најодзади тие требаше и заради континуитет да останат. Потоа Борко Темелковски – Лилјак работник, Крсте Црвенкоски студент од Прилеп, Цветко Узуновски шпански борец, Ванчо Прке и Славчо Стојменски студенти од Штип и други...**Јас и овојпат тврдам дека токму составот на Новиот ПК КПЈ за Македонија, особено челните личности во него,**

---

556 Во писмото на ЦК на КПЈ упатено до ЦК на БРП од 6 септември 1941 година јасно се нагласува дека ЦК на КПЈ ќе преземе мерки да го промени раководството за кое тие сметаат дека се наоѓа на шарловата линија: „По враќањето на нашиот делегат, ние донесовме одлука да се смени целото раководство на македонската организација, зашто неговото мнозинство се солидаризирало со Шарло". Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. 7..., 148.

**претставуваше најголем хендикеп за организирањето и успешното водење на вооружената борба во Македонија во 1941 г. и првата половина на 1942 г. Тврдам дека токму таквиот состав на ПК беше причина за с□она што се случи во крајот на 1941 и првата половина до мај 1942 година, а како последица на тие настани во 1942 година и изгинаа најсилните кадри, а другите беа уапсени** (болдирано С. Н). "[557]

Во македонската историографија не само што е нејасно кога и каде, и дали воопшто била одржана седница по вака значајно прашање, како што е изборот на партиското раководство,[558] туку нејасно е и прашањето кому му била доделена и кој ја извршувал функцијата политички секретар во новиот ПК на КПЈ за Македонија, што од друга страна ќе значи кој ќе ја преземе одговорноста.[559] Долго време, тргнувајќи од поривот да се глорифицира и истакне улогата на Лазар Колишевски во македонското национално ослободително движење во југословенската, аналогно и во македонската литература се калкулирало со податокот дека функцијата политички секретар ја извршувал Колишевски. Меѓутоа, по повторното анализа на документацијата се доаѓа до заклучокот дека функцијата политички секретар на ПК на КПЈ ја извршувал Бане Андреев, поточно тој бил назначен за политички секретар, но фактички раководењето со ПК било под директна контрола на Лазар Колипевски .[560]

---

[557] Документационо одделение „Велимир Брезоски", ИНИ, „Велимир Брезовски", ф. Вера Ацева, Сл. IV 1128/1, 56/57.

[558] Според разговорот воден помеѓу Вера Ацева и Мара Нацева, на прашањето „дали на првиот состанок на новиот ПК на 21 септември било конституирањето на ПК и дали бил избран секретар, таа (Мара Нацева -б.м) ми одговори дека воопшто немало никакво конституирање, ниту пак избрале секретар на ПК". Вера Ацева, *Писмо до Темпо*...,139.

[559] Вера Ацева, и самата признава дека во неколку свои изјави има истакнувано дека оваа функција ја обавувал Лазар Колишевски, како што и на V Конгрес на КПЈ во рефератот на А. Ранковиќ било нагласено дека Лазо Колишевски бил секретар. Меѓутоа во *Писмо до Темпо*, таа сакајќи да ја расчисти оваа дилема од македонската историографија ќе истакне: „Според партиските документи и она што јас знам, Колишевски не беше секретар туку само член на Бирото на Новиот ПК КПЈ за Македонија, којшто беше формиран на 21 септември 1941 година. Кога кон крајот на октомври 1941 година дојдов во Скопје, со мене разговараше Бане Андреев и тој ме запозна со решението на Политбирото за моето кооптирање во Бирото на ПК и за задачите. Вообичаено беше да раговара политичкиот секретар на ПК...", и понатаму продолжува: „Си спомнувам, на состанокот на Бирото на новиот ПК што го држевме на 5 ноември 1941...дневниот ред за состанокот го предложи Лазар Колишевски. Меѓутоа Андреев нешто проврте и повеќе како за себе рече: 'Јас требаше да го предложам дневниот ред, ама неисе. Потоа состанокот го раководеше Андреев...". Сеќавањето на Ацева јасно говори за состојбата во која се наоѓало политичкото раководство. Вера Ацева, *Писмо до Темпо...,* 136 -140.

[560] Во повеќе документи можат да се сретнат податоци за тоа дека политички секретар на Покраинскиот комитет бил Бане Андреев што и покрај настојувањето оваа функција да му се препише на Лазар Колишевски, сепак постојат докази кои го оспоруваат тоа и одат во прилог на Бане Андреев. Во извештајот на Светозар Вукмановиќ испратено на 8 август 1943 година до ЦК на КПЈ се вели:

Значи во една крајно сериозна состојба кога се донесува одлука за отпочнување на вооружено востание на челната позиција се наметнува секретар кој долги години е надвор од Македонија, непознат е за членството и ниту сака, а ниту е и спремен истата да ја обавува.[561]

Како и да е, во септември се пристапило и кон формирање на Покраински воен штаб кој ќе ја координира, забрза и спроведе работата по воената линија, односно ќе ги насочи организациите за исфрлање на партизански одреди и отпочнување на вооруженото востание. Всушност, во писмото на Јосип Броз од 6 септември се потенцира токму одлуката за формирање на воен штаб кој бил приоритетна задача на Драган Павловиќ по неговото доаѓање во Македонија. Затоа, за спроведување на воената линија во организацијата во септември, бил формиран Покраински воен штаб (ПВШ).[562]

Токму кога разврската на кризата во ПК била во полн ек, а Методија Шаторов веќе бил отстранет, во септември 1941 година, поголемиот дел од месните раководства с уште не знаат за промените кои настануваат во партискиот центар, и продолжуваат да ја следат директивата која била дадена од претходното раководство, постепено да се

---

„Новоформираното раководство со Бане не успеа да ја оздрави партиската организација...“. *Историски архив*, том VII..., 231.

[561] Бане Андреев присеќавајќи се за овие настани, ќе истакне: „Со Драган имав уште неколку состанока...Диксутиравме дали треба да влезам во раководството или не, му напомнав дека вчера сум излезен од робија, да не го познавам животот надвор, дека тешко се ориентирам во населените места, а уште помалку во животот...Тогај Драган ми рече дека со сите сили настојува да го реши, зашто го смета за најважно, формирањето на Покраински комитет...'мене ми викаше да бидам јас секретар и по тоа прашање имавме долги дискусии'...По некое време дојдоа кај мене дома Драган со Лазара Колишевски, живеев кај една моја братучеда...Разговаравме пак по прашањето за формирање на Покраинско раководство, околу целата политика и како да се работи. Драган тогај ми рече, пошто си ти познат треба да влезеш, **ти повечку ќе 'пискараш'** (болдирано-С.Н) и дури писмено можеш да држиш врска со Покраинскиот комитет, ако неможеш да се движиш, курири нека ти носат писма, како што работат во Белград. Лазар ми рече ајде влези ќе работиме. Тогаш се сложив и првиот Покраински комитет го сочинваа: Лазар Колипевски, Мара Нацева, Борко Талевски-Црниот, Благој Јанков-Мучето и јас“. Документационо одделение „Велимир Брезоски“, ИНИ, Сеќавања на Бане А. Андреев- Ронката, дел трети, Сл.IV. 888/III..., 28.

[562] И во однос на прашањето за точниот датум на формирањето и составот на Покраинскиот воен штаб во македонската историографија не постојат сигурни податоци. Врз основа на сеќавањата на преживеаните учесници, Штабот најверојатно е формиран во исто време со формирањето на новиот покраински комитет или кратко време пред тоа, а како официјален податок за формирањето на ПВШ се зема септември 1941 година. Во сеќавањата на Бане Андреев во однос на формирањето на Покраинскиот воен штаб се истакнува: „Во тие разговори тој ми подвлече дека има тешкотии со составот на раководството и дека Покраинскиот штаб го формирал од: Лазар Колишевски, како командант, Мирче Ацев, Страшо Пинџур, шнајдерот од Струмица Благој Јанков-Мучето и уште некои други, но не знам кои. Апостолскки во прво време не беше во штабот, тој дојде покасно...“. Документационо одделение „Велимир Брезоски“, ИНИ, *Сеќавања на Бане А. Андреев- Ронката, дел трети*, Сл.IV. 888/III, стр. 28.

Во македонската историографија е утврдено дека во составот на Покраинскиот воен штаб влегувале: Лазар Колишевски, Михаило Апостолски, Страшо Пинџур, Мирче Ацев, а нешто подоцна и Цветко Узуновски. Велимир Брезовски, *Комунистичката партија на Македонија 1941-1944...*, 85.

организираат за отпочнување на вооружената борба. И во тој краток временски период, по разврската со политичкиот центар, партиските организации прифаќајќи ја линијата за вооружено востание, засилено продолжуваат со подготовките за формирање на партизански одреди и отпочнување со вооружена борба. Тогаш, месните партиски организации, с уште не биле зафатени целосно со фракционерството предизвикано од шарловата и про-југословенската линија, но полека започнува да се чувствува подвоеноста и последиците од политичката криза на партиското раководство.

Состојбата станува поконфузна, кога се формира новиот Покраински комитет, и кога претендентите на новото раководство започнуваат низ партиските организации во Македонија да вршат ревизија и прочистување на партиските редови од „шарловистите" и од „опортунистичките" елементи, односно да вршат смена на секретарите на местните партиски организации за кои се сметало дека го подржувале Шарловото раководство и се поставени нови местни раководства во неколку локални партиски организации.[563]

И покрај тоа што во македонската историографија се настојува да се глорифицира новото раководство и позитивните ефекти, јасно е дека„новиот Покраински комитет тежиштето на активноста во прво време го насочи кон две основни задачи: брза внатрешна консолидација на организацијата и покренување на вооружена борба. Беа преземени организациски и политички мерки за зацврстување на организацијата, за нејзиното чистење од разни колебливи и штетни (опортунистички) елементи, за ликвидирање на штетните остатоци од политиката на Шаторов и за оспособување за раководење на оружената борба во Македонија...Бидејќи не располагаме со податоци во документите, тешко е да се утврди колкав беше обемот и какви беа резултатите од зајакнувањето и чистењето на организацијата од лица што ја одобруваа и поддржуваа работата на Шаторов и од такви што не беа решителни во однос на потребата од оружена борба...Освен исклучувањето, сменувањето на Шаторов од должноста секретар на ПК,

[563] Во септември Лазар Колишевски свесен дека месните раководства биле лојални на Шарловиот комитет врши обиколка на партиските организации. За спроведените активности Драган Павловиќ на средбата го известува Бане Андреев дека „Лазар тогаш беше заминат за Охрид или во некое друго место да ги преземе организациите и изврши избор на нови раководства". Документационо одделение „Велимир Брезоски", Сеќавања на Бане А. Андреев- Ронката, дел трети, Сл.IV. 888/III..., 28.

отстранување од работата на организацијата и сменување на поголем дел од членовите на МК од Скопје, Велес, Битола, Охрид не се познати други такви случаи“.[564]

Како резултат на активноста на Новиот ПК, факт е дека во овој период веќе постојат двојни раководства во некои месни партиски организации и започнува подделеноста на членството и нивно групирање. Во такви, крајно нездрави услови, кога месните партиски организации се подвојуваат, без организирана потпора од селото и стратегиски план како ќе се војува, се донесува одлука за кревање на востание.

### 4.10.1 Одлука за почеток на востание - 11 Октомври и контроверзите околу него

Податоците во врска со 11 Октомври, односно отпочнувањето на востанието се доста штури, донекаде контраверзни и од нив не може да се разјаснат клучните прашања за воената состојба на Партиската организација во Македонија, бидејќи главната карактеристика која доминира во македонската историографија е осудата за воена некативност и контрареволуционерноста на Шаторовиот комитет. Нејасно е што се случувало во месните организации, како течеле подготовките за вооружено востание кои биле започнати уште во август односно почетокот на септември и каков одраз врз нив имала промената на централното раководство.[565] Не постојат ниту податоци кои ќе наведат на каква линија меѓу себе биле политичкото и воемото раководство, односно дали ПК и ПВШ држеле состаноци и донеле одлука по вака фундаментално прашање како што е отпочнувањето на востание во Македонија, усвојување на стратегија и тактика, понатаму по кои критериуми одел изборот на борци за одредите и до каде биле подготовките со заднинската поддршка од селските средини. Ова се несомнено, примарните прашања и основни работи кои се предуслов за успешно водење на вооружаната борба и без никаков поговор морале да бидат решени во текот на подготовките за востание. Но за волја на вистината отсуствувале во периодот пред да бидат исфрлени партизанските одреди.[566]

---

[564] Велимир Брезовски, *цитираниот труд*, 84.

[565] Вера Ацева во полемиката со Темпо ќе нагласи: „Прво, како и однапред што видовме, на брзина беше донесено само решението за вооруженото востание во Македонија од страна на новиот ПК КПЈ и од Покраинскиот воен штаб во Македонија. Инаку, подготовките за вооружената борба и за партизанските одреди во партиските организаци и во месните комитети се вршеа уште од април, односно од јуни 1941 година, и како резултат на тоа веќе беше оформен и Скопскиот партизански одред и партизанската чета во Прилеп“. Вера Ацева, *Писмо до Темпо...*,141.

[566] Ванчо Николовски , *НОВ без догми...*, 88/90.

Колку и да се настојува да се прикажат како „светли“ овие страници од поновата македонска историја факт е дека сите овие важни моменти, се обвиткани со длабока тајна и конфузија и се крајно нејасни. Во однос на прашањето како, кога и кој ја донел одлуката за вооружено востание, хронолошки може да се заклучи дека таа е дел од континуираниот тек на одлуките на ЦК КПЈ и е во согласност со одлуката на ЦК на КПЈ од 4 јули за започнување на вооружено востание на територијата на Југославија како и одлуката на Коминтерната во која се повикуваат сите слободоумни и прогресивни сили во борбата против фашизмот. Во септември 1941 година било упатено директивно писмо на ПК на КПЈ за Македонија до месните комитети, и членовите на КПЈ и СКОЈ. Во него македонските комунисти се повикуваат: „Другари, во Македонија беше доста чекајне! Зар еден комунист можи денеска да седи со скрстени раце! Зар тој можи мирно да гледа како гинат секидневно иљадници Советски луѓе, како пајга во борбата најарните синои на француские, чешкио, бугарскијо, српскијо, хрватскијо, и другите народи! Зар није македонските комунисти, ке дозволиме да на нас падни срамота шо не дадовме свој дел во оваа најтешка и судбоносна борба, да ни се речи, и тоа со право, оти сме биле кукајци и неспособни... Не смејме појче да чекаме и да се двоумиме. Нека и исфрлиме од својте редои сите плашливи и колебливи, сите тије шо викаат оти уште не е времето, оти уште треба да се чека, оти немало условија итн. Тије се обични саботери и кукајци шо је запираа нашата борба и ги деморалисува нашите редој. Не је вистина оти уште не је времето дојдено! Дојдено је дури и предојдено! Да не је времето дојдено не би не барале на сеславјанскио конгрес во Москва... Напред, другари храбро и решително во борба да напишиме нови и светли страници во македонската историја, да го поводиме сио народ со нас. Земјата шо дала еден Илинден – таја ке дај и друг“.[567]

Во октомври 1941 година ПК на КПЈ за Македонија повторно упатува проглас до македонскиот народ: „...Влезујте во редовите на народноослободителните партизански чети и помогните ги во таја борба коа е и ваша борба...Нека не ве мамат лагите на шпионите, народните предатели, полициските власти и другите ваши непријатели да македонските чети се четници кој се борат за това да Македонија ги размени својте господари. Партизанските чети се борат против фашизмот за национална слобода и поарен живот...... *Вашите партизански чети се борат заедно со другите братски народи*

[567] *Извори*, т. I, кн.1, 39-42.

*на Балканот за плна слобода и рамоправнос на сите Македонци, Бугари, Срби, Хрвати... Црногорци, Грци – Албанци и др".*[568]

Следејќи ја централната линија и неодложноста на одлуката за отпочнување на востанието во Македонија се споменуваат неколку состаноци во септември 1941 година. По формирањето на Покраинскиот воен штаб, се појавува одредено несогласување меѓу неговите членови. Страшо Пинџур и Лазо Колишевски доаѓаат во конфликт токму околу деталите за востанието во Македонија. Страшо Пинџур сметал дека вооружената борба мора да биде подготвена политички, организационо и воено, а општата определба на КПЈ за вооружената борба мора да биде конкретизирана на македонски услови. Според него „условите во Македонија не биле исти како оние во Србија", па „излегувањето на одредите требало да биде почеток на борбата, а не почеток на неуспесите".[569] Реално анализирајќи ја состојбата во Македонија, Пинџур бил против секаква брзоплетост. Од денешен аспект повеќе од очигледна е сличноста на неговите и ставовите на Методија Шаторов во однос на условите на вооружено востание во Македонија. За разлика од него Лазо Колишевски и Драган Павловиќ настојувале беспоговорно и веднаш да ја наметнат одлуката за отпочнување на вооружено востание без разлика на условите кои владеат во Македонија, грижејќи се само за спроведување на задачата дадена од ЦК на КПЈ. Затоа сеќавајќи се на тие денови ген. Апостолски во однос на првиот состанок на ПК на кој покрај него учествувале и Страшо Пинџур, Мирче Ацев и Лазо Колишевски, ќе истакне „сите бевме согласни дека во Македонија постојат услови за вооружена борба" дилемата се однесувала на тоа **„...како и на кој начин да се создаваат партизанските одреди. Меѓутоа бидејќи Партијата беше организатор на востанието, се реши дека по партиска линија ќе се дадат упатствата за создавање на партизански одреди** (болдирано В. Н.)".[570] Не може со сигурност да се потврди која е причината поради која Страшо Пинџур не влегол во составот на новото покраинско раководство т.е. во новиот ПК, но со сигурност може да се констатира дека една од причините е ставот на Пинџур по

[568] Исто таму, 48.
[569] Ванчо Николовски, *НОВ без догми...*, 88/90.
[570] Цитирано според Ванчо Николовски , *НОВ без догми...*, 89.

однос на решението за партизанските одреди и нивното излегување на терен како и начинот на започнувањето и водењето на вооруженото востание.[571]

Според првичните податоци, за исфрлање на партизански одреди се подготвувале, покрај скопската која уште на 22 август исфрла партизански одред, прилепската и кумановската и други месни партиски организации, како штипската, струмичката, велешката, битолската и др. За да се оживотвори ова решение, членовите на новиот ПК на КПЈ за Македонија и Покраинскиот воен штаб (ПВШ) околу први октомври направиле обиколка низ Македонија и ги известиле месните раководства дека се планира започнување на востание. Повеќето месни раководства кои биле планирани да исфрлат одреди веќе биле при крај со подготовките. Тие на почетокот на октомври очекувале директива од ПК и од ПВШ со точен датум за отпочнување на востанието.[572]

Според писмото на Мирче Ацев, упатено до Пленумот на ПК на КПЈ за Македонија, се сретнува податокот дека „одма после составот на новиот П. К. беше издајна директива да се исфрла парт[изански] одред. На таја директива от окупно предвидени 12 организации, кој требаше да исфрла 500 партизани, исфрлија само три: Пр[илеп] 45 Ск[опје] 20, и Кум[аново] 40; укупно значи околу 100.[573]

Македонската истириографија намерно или ненамерно никогаш не одговори на прашањето како од планираните 12 одреди беа исфрлени само 3 партизански одреди од кои едниот Скопскиот партизански одред воопшто не бил ангажиран, а долги години бил оспоруван дури да се спомене и дека постоел.[574] Уште повеќе што и самите учесници во настаните долги години се прашувале меѓу себе, како тоа паралелно со директивата за исфралање на партизански одреди се ширеше и директивата дека востанието се одложува.

[571] Документациono одделение „Велимир Брезоски“. Сеќавања на Бане А. Андреев- Ронката, дел трети, Сл.IV. 888/III..., 30; Ванчо Николовски , *НОВ без догми...*, 88.

[572] Вера Ацева, *Писмо до Темпо...*, 130.

[573] *Извори*, т. I, кн.1,157.

[574] „Си спомнувам набргу по ослободувањето...Кемал Сејфула којшто бил борец во Скопскиот партизански одред стана и го постави прашањето: Зошто на тој одред не му се одбележува годишнина. Тогаш на голема вчудоневиденост на сите присутни, Колишевски почна да докажува дека тој Скопски одред не постојал. Крсте Црвенкоски и јас Вера Ацева, станавме и говоревме дека е невозможно да се тврди дека еден партизански одред не постојал кога е општо познато дека тој навистина постојал, за што има и партиски и полициски документи. Меѓутоа, Колишевски беше непопустлив и по ова советување Скопскиот одред 'не постоеше'. Не смееја ништо да пишуваат за тој одред дури ни историчарите с□ додека Колишевски беше на чело на ЦК КПМ“ се сеќава Вера Ацева за вистината за Скопскиот партизански одред. Вера Ацева, *Писмо до Темпо*...,127.

Нејасно е кој ја донел и чија е одговорноста за таквиот тек на настаните за 11 Октомври.[575] Анализата покажува дека позитивниот тек на активностите на партиското членство кој постоеше во МПО беше прекинат со исклучувањето на Методија Шаторов и суспендирањето на членовите на ПК што беше главна причина за појава на криза и своевиден дефетизам пред почетокот на востанието. Партиското членство соочено со промената на челните раководители се најде во недоумица која директива да ја прифати. Затоа податоците укажуваат, дека освен прилепската и кумановската, сите останати партиски организации биле конфузни и недоволно подготвени за исфрлање на одредите, па сосемае разбирливо што местните партиски организации од вкупно планираните 10-12 партизански одреди со околу 500 борци ги исфрлаат само Прилепскиот[576] и Кумановскиот[577], и претходно исфрлениот Скопски[578], со вкупно 100-тина борци.[579]

---

[575] Според сеќавањата на современиците и учесниците во настаните, за 11 Октомври и директивите за отпочнување и одложување на востанието, Вера Ацева во Писмо до Темпо го истакнува следното: „Меѓутоа, непосредно пред 11 октомври, Бане Андреев, секретар на ПК КПЈ преку Велес испрати директива до МК Штип, Струмица, Гевгелија и Прилеп дека се одложува востанието па така на 11 октомври не треба да излегуваат партизанските одреди...Дента на 11 октомври, како што реков понапред, и на Куманово му била испратена таква директива. Колишевски му ја пренел на Кочо Попов, тогашен член на МК Куманово. На 11 октомври 1981 година Мара Нацева во своето искажување...меѓу другото кажа дека во Куманово на 11 октомври 1941 година, вечерта не излегол партизанскиот одред поради тоа што добиле директива за одложување на вооруженото востание кое инаку беше предвидено за 11 октомври-вечерта. Со тоа што МК на Куманово не бил уверен во правилноста на таа директива, утредента на 12 октомври испратиле човек во Скопје да провери во што е работата, и тогаш добиле нова директива, веднаш да организираат, односно да излезе партизанскиот одред во Куманово. Во февруари 1982 во Игало се сретнав со Мара Нацева и тогаш и поставив прашање : Кој ја пренел таа директива во Куманово и кога и од кого ја добил? Мара ми одговори дека директивата ја примил од Скопје и ја пренел Кочо Попов, дента на 11 октомври 1941, а ја добил од Колишевски...Уште нешто. Колишевски пред 11 октомври од Прилеп требало да наврати во Велес за да им го каже датумот за востанието. Меѓутоа тој не слегол во Велес, туку продолжил за Скопје. Така велешани останале неизвестени“, но според дискусијата која се водела на Научниот собир Велес и Велешко „на самиот ден 11 октомври претпладне од Велес во Прилеп дошла другарката Вера Мирчева и донела писмо коешто имало директива за одлагање на исфрлувањето на одредот“. Анализирајќи и резимирајќи ја целата ситуација Вера Ацева на крај ќе истакне: **„Одложувањето на востанието се разбира не можело да стане без знаење и одбрение на Драган Павловиќ –Шиља којшто во тоа време с уште се наоѓал во Македонија-во Скопје** (болдирано С. Н.)“. Исто таму, 130-135.

[576] Прилепскиот НОПО „Гоце Делчев“ бил формиран во месноста Црвени Стени, Прилепско на 11 октомври 1941 година. Бројноста на одредот била 39 борци. Истиот ден, поделен во три групи одредот извршил напад на бугарската полициска станица (участокот) при што бил убиен еден полициски стражар и бил извршен напад на поштата и прекинати ПТТ врските. На 12 октомври бугарските окупаторски власти уапсиле 700 граѓани. На 15 октомври на одредот му се приклучила и првата Прилепска партизанска чета, која била формирана уште на 12 септември 1941 година. Во с. Царевиќ бил одржан првиот партизански митинг и била испеана песната „А бре Македонче“. Подоцна одредот се расформира, а борците поради зимски услови како илегалци се распоредуваат во Прилеп, Битола, Преспа, Скопје и Кавадарци.

[577] На 12 октомври 1941 година, во месноста Менкова колиба-Кумановско, бил формиран Карадачкиот НОПО со броен состав од 15 борци, а во месноста Студена Вода - Кумановско, на 12 октомври Козјачкиот НОПО со 25 борци. Само два дена по излегувањето на Карадачкиот НОПО бил откриен и разбиен кај с. Белановце- Кумановско, а Козјачкиот бил откриен и разбиен на 17 октомври кај с. Малотино – Кумановско од страна на бугарските окупациони сили. За пет дена двата Кумановски партизански одреди,

Историски гледано, 11 Октомври и излегувањето на терен на одредите како и извршувањето на вооружените акции имаат огромно значење. Фактот дека во Македонија, македонските комунисти со оружје во рака се спротивставуваат на бугарскиот окупатор значи негирање на неговата ослободителна улога. Со самото тоа што е демаскирана и разобличена улогата на Бугарија во Македонија е направен еден од важните предуслови за почеток на борбата на македонскиот народ. Историското значење на исфрлањето на партизанските одреди се согледува во надминувањето на илузиитекои во овој период на окупацијата во Македонија, и не така занемарливо, биле присутни во врска со Бугарија и нејзината улога на „ослободител“. Тие, постепено се отфрлени, откако по првичните вооружени акции бугарскиот окупатор спроведува жестоки мерки на терор, прогон, убиства и затворање на стотици македонски граѓани.[580]

### 4.10.2 Кризата во Македонската партиска организација и нејзината разврска

Објективноста во анализата на овој период, сепак, упатува на заклучок за воен и политички удар кој го доживуваат партизанските одреди и партиската организација. Неуспехот на воен план, ја интензивира веќе започнатата партиска криза, која се појавила во некои местни партиски организации по смената на раководствата кои стоеле на линијата на Шаторов. Сложеноста на ситуацијата и неуспехот на воен план, претставувале реална опасност, кризата во Покраинскиот комитет да ескалира во серозен партиски проблем.

---

биле разбиени. Дел од борците успеале да се пробијат, но останатите биле заробени. За жал дел од нив уште во борбите и опкружувањето биле убиени.

[578] Скопскиот НОПО се формира на 22 август 1941 година во месноста Чифлик. Одредот бил формиран од 12 или 13 борци од составот на петте диверзантски групи кои оперирале во скопско. Командант на одредот бил Чедомир Миленковиќ, а политички секретар Дамјан Крапчев –Стари . Одредот нараснал на вкупно 42 борци и тоа со мешовит национален состав. Бил стациониран на Скопска Црна Гора каде останал до средина на октомври. Денес е познато дека одредот поради неговото поврзување со Методија Шаторов, е игнориран и не е ангажиран во акциите од 11 октомври. Со политичко дејствување на борците на одредот, во с. Чучер бил формиран и првиот македонски Местен народноослободителен одбор (НОО) на 4 октомври 1941 година. Оваа прва политичка единица на народната власт во Македонија се препишува како една од заслугите на одредот. По суровата пресметка со Кумановскиот одред и репресијата на бугарската војска и полиција, на 30 октомври непосредно пред почетокот на претстојната зима била донесена одлука одредот да се расформира, а борците како илегалци да бидат сокриени во Скопје.

[579] *Извори*, т. I, кн.1, 157.

[580] По исфрлањето на партизанските одреди и воената акција на 11 октомври 1941 година, се засилил бугарскиот воен и полициски режим. Есента биле уапсени 1.937 лица од кои 134 членови на КПЈ, СКОЈ и нивни симпатизери. Биле изречени 38 смртни пресуди, 63 временски казни, а биле извршени и голем број притисоци и тортури, интернирани и присилно иселени граѓани. Симо Младеновски „Шарло и Шарловизмот“ , *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)...*, 237.

Соочени со сложеноста на задачите кои стоеле пред ПК во отсуство на револуценерен лидер од рангот на Шаторов, Бирото на ПК ќе направи програмско и акционо стагнирање, делумно свртување кон веќе прифатената про-југословенска линија и организациони грешки кои дополнително ќе ја дестабилизираат партиската организација .[581]

Во ноември 1941 г. се компромитирани многу членови на партијата, борците по неуспехот се приморани да преминат во илегала, при што доаѓа до оптоварување на месните организации,060чести апсења и провали. Истиот месец е уапсен и Лазар Колишевски. Бирото на ПК останува само со 4 члена: Бане Андреев, Мара Нацева, Борка Талески и Вера Ацева, по што доаѓа до силно фракционерство и поделба на мислењата на членовите во Бирото.[582] Во ваква ситуација во ПК, кога врските со ЦК на КПЈ се прекинати, задкулисно влијание ќе наметне делегатот на БРП – Бојан Б'лгарјанов.[583]

Покраинското раководство на чело со Бане Андреев неколку месеци ги остава партиските организации без доволна координација и раководна насока, не може да одговори на партиските барања и политички е немоќен да ја консолидира организацијата во Македонија. Иако ситуацијата во партиската организација барала неодложно советување во поширока форма и иако прашањето неколкупати било потенцирано од членови на ПК, на барањето ќе се одговори дури на 7 јануари 1942 г., кога се свикува Покраинско партиско советување познато како Јануарско советување.[584] Меѓутоа, сериозни подготовки за него нема да бидат направени. Советувањето било недоволно организирано, без присуство на сите членови на Пленумот и без претходно обработена и доставена програма до месните комитети.[585]И покрај тоа што на советувањето биле разгледани сите актуелни прашања за македонската партиска организација, до квалитативно подобрување на работите нема да дојде, особено, по веќе отвореното влијанието на Бојан Б'лгарјанов и бугарската политичка линија.

Пролетта 1942 година ПК прави обид да се врати на линијата на вооружена борба, издава прогласи, директивни писма и донесува одлука за формирање и исфрлање на нови

[581] *Извори*, т. I, кн.1, 68-74, 284.

[582] *Извори*, т. I, кн.1, 188-204.

[583] *Историјски архив*, том VII, 56-60, 89-93.

[584] На 7 јануари 1942 година во Скопје било одржано Покраинско партиско советување познато како Јануарско советување. Подетално за ова види: *Реконструкцијата на Јануарското советување на ПК на КПЈ за Македонија од 1942 година*., Документационо одделение „Велимир Брезоски“, ИНИ, “, Скопје.

[585] *Извори*, т. I, кн. 1, 160.

партизански одреди и покрај појавениот дефетизам кај одредени кадри, но без поголем воен и политички успех. [586]

Во услови кога партиското раководство неуспева да ја стабилизира работата на партијата, не е способно да се наметне како одлучувачки фактор ниту пак да ги заштити членовите на партиските организации при нарушена конспирација, многу комунисти се откриени од бугарскиот окупатор и убиени. Поради непочитување на партиската конспирација биле убиени и Борка Талески и Лазо Филиповски -Лавски. За случајот Борка Талески неговиот сопартиец Мирче Ацев ќе обвини дека: „ПК не води никаков рачун за кадаро и есапам дека е директно одговорен за смртта на Борка Талески Црнио бивши член на ПК. И поред писмото на ЦК каде стојит недвосмислено да не смејат да се прака кадаро никаде дури претходно не се испита и осигура условијата за негојот опстанак и сугурност ПК во овој случај направи обратно. Кога ПК соопшти на Кавадар орг. оти таму ке дојди Црнио да работи по техника, одговорнио на таја орган. одма јави дека нема никакви условија таму и дека нема што да работи тој другар на техниката, ПК во рок на две недели не најде време да му соопшти на Црнио да не оди“.[587]

Конфузноста во работењето на покраинското раководство од септември 1941 година до крајот на 1942 година, било предизвикано од низа објективни и субјективни причини:

1. Партијата во Македонија и нејзиното раководство биле препуштени сами на себе. Летото 1941г. ситуацијата во Македонија неодложно наметнувала решавачки одлуки за македонската партиска организација и налагала единство во партиските редови и цврста партиска организација. ЦК на КПЈ во тие услови, наоѓа начин брзо да реагира и да го отстрани легално избраното раководство на чело со Методија Ш. Шарло, кога за негоќе оцени дека е саботерско, и тогаш „лесно“ успева да испрати делегат кој ќе делува меѓу партиските редови и ќе ја врати македонската организација на про-југословенската линија. Но, по заминувањето на делегатот Драган Павловиќ-Шиља, па с до доаѓањето на инструкторот на ЦК на КПЈ Добривое Радосављевиќ, цела година партиската организација

[586] Соња Николова „Кризата во ПК и нејзиното влијание врз партиските организации во Западна Македонија“, *д-р Владимир Полежиноски – живот и дело*, (Кичево, 6 декември 1912 –Скопје, 19 јуни 1980), ( Скопје: Институт за национална историја, Совет на О. Кичево, 2013), 77.

[587] Цитирано според Соња Николова „Состојбата во ПК на КПЈ за Македонија во периодот 1941-мај 1942 година“, *Зборник на трудови 70 години од убиството на Борка Талески и Лазо Филипоски – Лавски*, (Прилеп: ЈПУ Градска библиотека„Борка Талески“, 2014, 16.

во Македонија ќе биде оставена сама на себе. И уште повеќе, поради можноста од прекин на врските со ЦК КПЈ, се дава насока македонската организација **да се поврзе со БРП** (болдирано С. Н.).[588]

2. Партиската криза која го зафати раководството и се продлабочуваше и во месните партиски организации, по доживеаниот воен пораз на партизанските одреди, ќе биде идеална подлога, делегатот Бојан Б'лгарјанов да го пласира и брани ставот на БРП, дека во Македонија исто како и во Бугарија нема услови за вооружена борба.[589] Оваа теза дополнително ќе биде поткрепена и со самиот факт што бугарскиот окупатор на почетокот беше далеку помирољубив за разлика од останатите покраини во Југославија особено во Србија каде народот се најде под жесток удар на германскиот окупатор. Исто така, факт е дека кај еден респективно значаен дел од македонскиот народ особено од источно-граничните делови сè уштене биле изживеани илузиите за „ослободителната мисија“ на бугарскиот окупатор, а скоро целиот македонски народ немаше никакви симпатии кон бившата версајска Југослоавија. Исто така народот по изминатите две Балкански војни и Прва светска војна кога беше полигон на воените дејства и кога даде огромни жртви за интересите на туѓите држави беше претпазлив кон влегувањето во нова војна ако таа не беше во целост од интерес на македонскиот народ.[590]

3. Една од најголемите болки на македонското раководство по политичкото елиминирање на Шаторов беше што од своите редови не можеше да исфрли лидер, политички издигнат револуционерен кадар од таков ранг, кој ќе успее да се спротивстави на надворешните влијанија и интересите на туѓите комунистички партии, кои, за волја на вистината, секогаш стоеле во одбрана на своите интереси. Токму недостигот од ваков тип на партиски лидер, силно ќе се почувствува во времето на партиската криза. При силна фракционерска борба и обвинувања, немајќи доволно политички капацитет и искуство, партиското раководство, дополнително ќе ја дестабилизира и онака слабата партиска организација.[591]

И можеби најзначајно е што македонското раководство со елиминирањето на Шаторов кој се залагаше за обединување на македонскиот народ не успеа за цело време на

---

[588] *Историски архив*, том VII, 103.
[589] Исто таму, 56.
[590] Исто,56, 89.
[591] *Извори*, т. I, кн. 1, 284.

НОАБ да изготви една заедничка национална програма која ќе ги обединува борците од сите три дела на распарчена Мкаеоднија. Постоеја неколку моменти на доближување до ваква програма, но секогаш беше спречувано и оневозможено нејзиното реализирање. Шаторов направи огромен чекор уште на Петтата земска конференција, кога бараше нејзино реализирање за што беше осуден за национализам.

Кризата, која ќе ескалира во мај 1942, ќе биде реално продолжение и последица на насобраните партиски грешки. Затоа, и вториот обид во пролетта 1942 г. за исфрлање на партизански одреди, кое ќе следи без претходно објективно согледување на грешките кои довеле до првичниот воен и политички неуспех на партизанските одреди од октомври 1941 г., ќе се повторат. Одредите и овојпат биле тесно условени со предиспозициите на територијата од каде потекнуваат. Немаат маневарска способност да оперираат на поширока територија, поради условеноста да се снабдуваат со неопходни средства за живот од месните партиски организации, кои во тие моменти се трансформираат во курири за достава на одредите. Не била почитувана ниту директивата дадена од ЦК на КПЈ, во која изричито се напоменувало, во нив да влезат широките народни маси и компромитираните членови на партијата, спротивно на ова тие биле пополнувани од партискиот кадар на месните партиски организации со што дополнително ги слабееле партиските организации кои требало политичко-пропагандно да дејствуваат врз народот.

Затоа, пролетта 1942, акумулираните политички проблеми и фракционерската поделба во ПК, од една страна Бане Андреев, Мара Нацева и Страшо Пинџур, од друга Цветко Узуновски, Цветан Димов и Љупчо Арсов,[592] ќе придонесат во повеќето месни партиски раководства, да се формира критична маса, која незадоволна од политичките текови во партиското раководство, и директното мешање на бугарскиот делегат Бојан Б'лгарјанов, да демонстрира силен политички отпор и бојкот и своето незадоволство во вид на писма и протести да го упати до ПК.[593] Надминувањето на партиската криза се согледувало во итно свикување на пошироко советување и смена на ПК, кој се сметал како најодговорен за политичката криза. Скоро сите месни партиски организации го затвораат пристапот и не ги признаваат документите и директивите на ПК, со што најавуваат директен бојкот на работата на ПК и бараат формирање на комисија која ќе ја

[592] Исто, 156-168, 182-204, 221-223, 251-255, 266-283.
[593] Исто.

раководи организацијата до формирање на ново раководство. Судирот помеѓу македонските комунисти толку многу се заострил, што се заканувала сериозна опасност од разбивање на единството на организацијата. Сепак претставниците и од едната и од другата фракционерска група, соочени со можната опасност по опстанокот на партијата, покажуваат политичка зрелост тоа да се избегне, и се согласуваат за формирање на ново раководство формирано од двете групи. Доаѓа до формирање на Привремен покраински комитет во состав: Цветко Узуновски, Љупчо Арсов, Мирче Ацев, Цветан Димов и Мара Нацева, кој ќе направи обид за надминување на проблемите во организацијата и сочувување на партиското единство.[594]

Сепак, можеби најзначајниот момент, во надминувањето на кризата е усвојувањето и прифаќањето на националната политичка линија која била прокламирана во прогласот по повод 39 - годишнината на Илинденското востание. На состанокот на ПК одржан на 22 јуни 1942 година во Скопје македонското политичко раководство се согласува дека основна цел на македонските комунисти и на македонскиот народ е борбата за национална слобода, за самоопределување и рамноправност, за народна демократска власт, кои принципи ги втемелува во својата национална политичка платформа.[595] Всушност во оваа национална и социјална политичка плаформа биле содржани четирите основни принципи:

„1. Дека мак. народ ќе се бори за национална слобода преку општонародно востание;

2. Дека ќе се бори за самоопределување, односно сам ќе одлучува за својата судбина;

3. Дека ќе се бори за рамноправност;

4. Дека ќе се бори за народна демократска власт“.[596]

Понатаму на состанокот за прв пат по исклучувањето на Шаторов било разговарано за поврзување на борбата на македонскиот народ од сите делови на Македонија и било донесена одлука да се воспостави врска со соодветните раководства на Грчката комунистичка партија за Македонија и со Бугарската комунистичка партија во Пиринска

---

[594] Исто, 205.

[595] Цветко Узуновски, „Белешки за некои состојби и услови на НОД во Македонија во кои дејствуваше и Прилепската партиска организација“, *Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година* ( Материјали од Научниот собир одржан на 13, 14 и 15 декември 1976) Книга прва, Општински одбор на Сојузот на борците од НОВ-Прилеп, ( Скопје: Култура , 1978), 108-109.

[596] *Извори*, т. I, кн. 1, 249.

Македонија – со цел да се најде заедничко решение за поврзување и кординација на борбата на македонскиот народ во сите три делови на Македонија.[597] Моментот кога се донесува одлука за обединување, всушност ќе значи победа на македонските комунисти, кои исправени пред сложеноста на ситуацијата сепак на крајот од политичката криза, донесуваат одлука да се надминат слабостите во работењето на организацијата и да започне нова фаза во развојот на дејноста на организацијата. [598]

Стабилизирањето на македонската партиска организација ќе започне со доаѓањето на Добривое Радосавлевиќ, при крајот на август 1942 година, а особено по доаѓањето на Светозар Вукмановиќ-Темпо на почетокот на 1943 година кога македонското партиско и воено раководство ќе доживее организациони промени. Во јуни 1942г. Покраинскиот воен штаб прераснува во Главен штаб на НОПОМ, а подоцна во 1943г. се преименува во ГШ на НОВ и ПОМ. Иако е нејасно под кои услови и како се формира КПМ на 19-20 март 1943 г. во Тетово се одржува и првиот состанок на КПМ, на кој биле донесени значајни одлуки за КПМ и за партизанското движење, а на воен план се формираат пет оперативни зони со што партијата и партизанското движење, од тој момент ќе ја преземат иницијативата на политички и на воен план, и победоносно ќе ја завршат НОАБ на македонскиот народ.

*

Денес согледувајќи ја реално целата ситуација, анализата покажува дека Методија Шаторов и неговото раководство и покрај долгогодишните обвинување за неговото наводно бојкотирање и опструирање на вооруженото востание, се најзаслужни за спремноста на македонските месни раководстава и организации за вооружено востание. Факт е дека Шаторов се залагал за нараснување на партиската организација и во негово време таа достигнува над 740 членови, што значи дека го создавал и го заштитувал членството, со јасна заложба дека без народ нема востание. Тој е заслужен и за единството кое дотогаш владеело во нив, како и спремноста да се следи директивата на повисокото

[597] Во интерес да се реализира оваа одлука ПК на КПЈ дал директиви за поврзување на Битолската партиска организација со партиските организации во Леринско во Егејска Македонија, а на Струмичката партиска организација со партиската организација во Петричко. Цветко Узуновски, „Белешки за некои состојби и услови на НОД во Македонија во кои дејствуваше и Прилепската партиска организација", *Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година,...*110.

[598] И покрај обидот за обединување на македонското антифашистичко и национално революционерно движење, во сите три дела, летото 1942 година, во услови кога бил елиминиран главниот иницијатор и предводник на оваа идеја, тоа нема да успее. Македонското национално революционерно движење, за жал во годините што следат, нема да успее повторно да исфрли лидер од таков ранг каков што бил Методија Шаторов кој ќе успее да ја реализира вековната идеја за обединување на македонскиот народ.

раководство. Но она што е најзначајното и што успеа да ги привлече масите е што тоа раководство беше со предзнак **МАКЕДОНСКО,** а партиското раководство се потпишуваше со ПК на КПМ. Членството за прв пат во времето на Шаторов ја следеше и се бореше за својата **АВТЕНТИЧНА СУДБИНА** за своја **ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА**. Со своето искуство стекнато за време на дејствувањето на ВМРО (Об.) повеќе од кога и да е Методија Шаторов ја знаеше фундаменталната болка на македонскиот народ, неговата национална поделеност и знаеше колку може да биде погубна за народот. Затоа во тие судбоносни денови повеќе од сите му беше јасно дека за успех на Македонија и за нејзина иднина се подеднакво потребни сите македонски сили кои во широк национален фронт мораа бескомпромисно да се обединат под македонското лоби. Токму таа идеја беше водилката на Шаторов, затоа уште на Петтата земска конференција јасно и декларативно стана против ставот на КПЈ, македонското прашање да се решава отпосле, по завршувањето на револуцијата со други зборови како што повторно ќе наложат условите и интересите на големите сили. Шаторов повеќе од било кој беше свесен дека таквото сценарио и порано се случувало и било катастрофално за македонскиот народ затоа жестоко ќе застане и ќе се залага тоа прашање да се решава веднаш и веднаш да се отпочне со процесот на нејзиното обединување. На Јосип Броз му беше сосема јасно за што всушност се залага Шаторов. Не пропагандно, туку акционо решавање на македонскиото прашање во текот на војната, а не на мировна конференција и уште повеќе тоа да си го решат самите Македонци од трите дела во борбата за национално обединување. Но сигурно дека тоа не одеше во прилог и во интерес на Титовите планови за повоено уредување на Југославија. Тоа ја намалуваше неговата моќност, а ја зголемуваше позицијата на Македонија. Затоа Тито ништо не сакаше да остави на случајност. Сосема мудро и прагматички го исчека моментот и политички го елиминира Шаторов од Македонија.

За жал со самото негово елиминирање беше направена катастрофална грешка и неправда врз македонскиот народ, бидејќи со тоа се обезглави партиската организација во еден исклучително сложен и значаен момент за иднината на македонскиот народ, кога лидер од таков ранг како што беше Шаторов можеше да го обедини македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија кон кого согласно воено-политичките услови ќе ги

привлечеше и Македонците и од Пиринскиот и Егејскиот дел. Неговото елиминирање ја спречи обединителната идеја уште на самиот нејзин почеток.

# ГЛАВА ПЕТТА

## АКТИВНОСТА НА МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ВО БУГАРИЈА ДО НЕГОВОТО УБИСТВО

### 5.1 Методија Шаторов во софиското раководство на БРП

По разврската на спорот со ПК на КПЈ за Македонија и враќањето под раководство на ЦК на КПЈ, Методија Шаторов е исклучен од КПЈ, му била одземена функцијата политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија, а членовите на раководството биле суспендирани. Во „Извештајот...“, кој го доставува до Комунистичката интернационала, ЦК на КПЈ и ЦК на БРП, Методија Шаторов ја соопштува својата желба да замине во партизани т.е. во редовите на Скопскиот партизански одред и во септември без да ја чека одлуката на раководството заминува во Штабот на одредот на Скопска Црна Гора. Но наместо да му биде удоволено барањето, како обичен борец да учествува во активностите на одредот, му било соопштено дека според добиените инструкции не може да остане во одредот. Почитувајќи ја партиската директива Шаторов се враќа во Скопје и бара начини да ја напушти Македонија. Со тоа завршува неговата партиска активност на територијата на Македонија.[599]

И покрај напорите и писмата на Јосип Броз до Коминтерната, во кое се бараше „злосторниците“ да бидат изнесени пред партискиот суд, меѓу кои го потенцираше и Методија Шаторов, Коминтерната свесна за квалитетите и долгогодишното партиско искуство и лојалност на Шаторов, не одговара на Титовите барања и на својот кадар му дава целосна заштита и шанса да продолжи со својата револуционерна активност. Како дисциплиниран кадар на Коминтерната единствено место каде во тој момент можел да замине била Бугарија.

Во октомври 1941 по илегални канали, со помош на Бојан Б’лгарјанов, кој во тоа време е ополномоштен за врска на БРП со КПЈ,[600] Шаторов пристигнува во Бугарија, во Софија. Моментот на пристигнувањето на Шаторов во Софија е особено важен во поглед на условите во кои работела БРП. Како држава која пристапила кон Тројниот пакт уште во март 1941 година Бугарија ги применила сите закони против членовите на комунистичката партија. Иако нивната активност била во целосна илегала, во Бугарија, провалите биле секојдневна појава.

[599] С□ уште со сигурност не може да се каже за точниот датум на заминување на Методија Шаторов од Македонија во Бугарија. Во македонската и бугарската историографија се споменува дека во Софија пристигнува некаде во октомври, најверојатно на почетокот на месецот. Ѓорѓи Чакарјаневски, „Некои биографски белешки за Методија Тасев Шаторов-Шарло во бугарската историографија“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)* (Скопје: ИНИ, 2007). 303.

[600] *Историски архив*, том VII, 57.

По пристигнувањето во Софија, Шаторов веднаш се вклучува во работата на софиската партиска организација. Но по кратко задржување во Софија, земајќи го предвид неговото огромно револуционерно искуство и партиско-политичката зрелост, бугарската партија го испраќа да помогне во работата на партиската организација во Пловдив. Таму се поврзува со секретарот на Пловдискиот окружен комитет и член на ЦК на БРП Петар Ченгелов и се вклучува во работата на Пловдивската окружна организација.[601] И покрај провалите кои ја зафатиле БРП во втората половина на 1941 година, меѓу кои затворања на партиски и младински активисти имало и во Пловдив и Асеновград, Пловдиската партиска организација предводена од Ченгелов с□ уште работела стабилно, каде особено се истакнувале бојните групи со своите масовни и смели акции во градот. Имајќи го предвид военото искуство на Методија Шаторов и останатите неговите способности, по неговото пристигнување и поврзување со Окружниот комитет на БРП во Пловдив, добива задача да раководи со Пловдиската окружна воена комисија.[602]

По нападот врз Советскиот Сојуз на 22 јуни 1941 година, и издадените директиви и повици на првата социјалистичка земја во кои се повикуваат патриотите, прогресивните и револуционерни сили, како и комунистите од цел свет, обединето да се борат и да го дадат својот придонес во борбата против наци-фашизмот, ЦК БРП го следи повикот и внесува нови и приоритетни содржини и активности во својата политичка програма. Паралелно со формирањето на боевите групи кои делуваат во поголемите стопански центри извршувајќи саботажи и диверзии, била дадена директивата за подготвување и исфрлање на првите партизански одреди како и неодложно делување во бугарските касарни и гарнизони помеѓу бугарската војска заради нивното придобивање.[603]

Есента 1941 година, откако ЦК на БРП ја прифаќа вооружената борба како примарна воено-политичка форма и облик на вооружен отпор и спротивставување против фашистичкиот режим на Филов и цар Борис, Софиската окружна организација нараснува

---

[601] Според Цола Драгојчева, Методи Шаторов веќе од октомври 1941 по пристигнувањето во Бугарија се става во служба на ЦК на БКП. Во своите спомени таа истакнува дека на средбата со Петар Ченгелов, во тоа време секретар на Окружниот комитет на Пловдив. во декември 1941 година, дознава дека во ноември 1941 во Пловдив како поддршка и засилување на партиската организација бил испратен Методија Шаторов заедно со Петар Богданов. Цола Драгојчева, *Щурмът*, Повеля на дълга, книга 2, (спомени и размисли), (Софија: Партиздат, 1975). 474-478.(понатаму :Цола Драгојчева, *Щурмът*, Повеля на дълга, книга 2,)

[602] Исто таму, 478/479.

[603] Исто, 489.

со нов, борбено поспремен кадар. По наредба на ЦК на БРП одделни групи се преструјуваат, се назначуваат нови командири, се формира нов тип на саботажни и војно-диверзантски групи кои смело преземаат непосредни ударни дејства. Нивната активност била насочена кон диверзии и саботажи на фабрики, работилници и складишта на стоки наменети за потребите на Германија. Но, токму овие засилени активности на БРП и РМС, ја предизвикале бугарската полиција на жестоки акции против партијците и младинците, по што набргу се случиле и првите затворања, убиства и егзекуции.[604]

Сепак, БРП и ЦК продолжуваат со работата и веќе при крајот на 1941 година, на чело на Централната воена комисија бил поставен Цветко Радоинов. Од страна на ПБ добива задача да ја зацврсти комисијата која ќе работи по воена линија, по што нејзиниот состав се засилува со влегувањето на Емил Марков и Петар Вранчев, а подоцна и Атанас Романов, Никола Вапцаров и Антон Попов. С□ до неговото затворање тој успева Централната воена комисија да ја издигне на едно повисоко воено ниво, како раководно воено тело во организирањето на вооружената борба во Бугарија. Со цел да се афирмира вооружената борба меѓу партиските организации и членството, го подготвува проект-документот под наслов „Совети кон четникот", но поради неговото затворање и смртната пресуда не успева да го заврши. Подоцна докуменот бил преземен од БРП и истиот го завршува и издава ПБ на БРП под наслов „Воени инструкции на партизаните".[605]

При крајот на декември 1941 година не стивнуваат провалите во БРП напротив тие продолжуваат уште посилно и ги зафаќаат окружните организации во Софија, Сливен, Русе, Варна, Хасково и др. БРП длабоко потресена од полициските акции и теророт не успева до крај да се соземе од бранот провали кои полека ги зафаќаат скоро сите партиски

---

[604] Во периодот од 1 септември до 30 октомври 1941 година, во Бугарија, полицијата сакајќи да го згасне отпорот помеѓу револуционерните и прогресивни сили, привела 7.448 антифашисти. Најпрво на удар била Варненската окружна организација каде десетици активисти биле затворени од кои двајца осудени на смрт. Подоцна пристигнала вест и за ширење на провалата и затворања и убиства и во Плевен, Сливен, како и од Горноџумајскиот округ. Веста за убиства и провали ја донесува лично секретарот на Горноџумајскиот окружен комитет Никола Парапунов. И софиската организација ја зафаќа бранот на провали и убиства. Биле затворени членови на комитетот и окружната воена комисија со што таа била разбиена. Биле затворени Дичо Дичов, Ангел Цанев и Руси Христозов. Особено есента 1941 година полицијата успеала да нанесе силен удар меѓу софиското членство и бугарските бојни групи во Софија, кога затворила многу партиски активисти и го извршила убиството на Христо Ников раководител на софиската воена комисија и извршила егзекуција на Ботушев, Шопов, Денко Денков и Александар Велков. Провалата се шири и се затворени уште 35 комунисти со што се разбива составот на Централниот реонски комитет на чело со неговиот секретар Борис Велчев. Веќе во декември е уапсен и Петар Богданов. Исто, 478-497.

[605] Исто, 534/5.

окружни организации.[606] Состојбата во Софија, поради зачестените провали во Партијата и убиствата врз нејзини членови, исто така станувала с посериозна, и затоа при крајот на јануари 1942 година по разгледувањето и анализата на состојбата во Софиското окружно раководство, централното раководство на БРП донело одлука Методија Шаторов да се повлече од Пловдив и да биде вратен како помош на софиската организација.[607]

На почетокот на 1942 година се враќа во Софија и станува член на ЦК на БРП. Веднаш се вклучува во работата и по извршената анализа на ПБ на БРП, набрзо е назначен за политички секретар на Софискиот окружен комитет на БРП како најпогодна личност која е способна да го раководи комитетот.[608]

Некаде на почеток на 1942 година провалите во Бугарија како за момент да стивнуваат, но само наизглед. Во тој период БРП и покрај притисокот од страна на бугарскиот фашистички апарат, засилено се подготвува за организирање и отпочнување на вооружена борба што било прифатено од поголемиот број на окружни комитети и организации, поради што биле преземени мерки за дополнително снабдување на партиските организации со оружје и воена опрема по разни канали. Акциите за снабдување на БРП со поголеми количини на оружје биле организирани од раководителот на Централната воена комисија, Цветко Радоинов, а во тој период се засилуваат и напорите за поврзување и воспоставување на постојани врски со југословенското раководство во граничниот појас околу Пирот и Скопје, особено преку Бојан Б'лгарјанов кој се наоѓа на работа во македонската партиска организација. Но за жал, ваквата активност не останува неоткриена. Полицијата преку уапсените членови кои не успеале да го издржат притисокот и полициската тортура ги соопштуваат плановите, врските и самите раководители и веќе на почетокот на март 1942 започнува уште пострашна

[606] По краткиот престој на Драгојчева во Пловдив, откако во ноември успешно бега од концлогорот од Асеновград, добивајќи врска, се враќа во Софија. При крајот на 1941 година таа успева да се сретне со секретарот на БРП Трајчо Костов кој ја информира за провалите и првите убиства и егзекуции кои се случуваат во софиската организација особено во редовите на бојните групи и нивните раководители. Како резултат на тоа се појавува одреден дефетизам и фракционерство во однос на прифаќањето на вооружената борба како програмски акционен облик на делување во рамките на политичката програма не само меѓу обичното членство на БРП туку и во политичкото раководство поради што се извршени одредени раководни поместувања и измени во ПБ и ЦК. Исто, 481-487.

[607] Според Владимир Танов на самиот почеток на јануари, бугарското раководство го повлекува Методија Шаторов, назад во Софиската организација. Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма*, Просопография на Стариот Бугарин (Велико Търново: *"Знак '94 "*, 2006) 79. (Понатаму: Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма*); Владимир Танов, *Утре животът ще бъде наш*. (Софија: Партиздат, 1980) 119.

[608] Цола Драгојчева, *Щурмът*, Повеля на дълга, книга 2, 538.

организирана акција на полицијата која имала за цел конечно разбивање и уништување на главното политичко и воено раководство на БРП. [609]

Во тој исклучително кризен момент кога Шаторов се враќа во Софиската партиска организација за неколку месеци се извршени смртните пресуди на 15-тина членови на ЦК и нивни блиски соработници како и на 17-тина воени активисти и раководители.[610] Соочени со ваквиот погром основното прашање кое сега се поставува помеѓу членството било дали ќе успејат да ја пребродат кризата. Со убиството на првите раководители Антон Иванов, Цветко Радоинов, Петар Богданов и другите револуционери и дејци на БРП, кои биле стожерот и политичко - идеолошкиот темел на Партијата нормално дека следното прашање било што понатаму? Задграничното биро било известено за ситуацијата со трагичните убиства и единствената надеж на преостанатите членови им била дека Задграничното биро, односно двајцата нејзини членови Георги Димитров и Васил Коларов

[609] Во март 1942 година бугарската полиција започнува организирана акција за целосно онеспособување и уништување на ЦК на БРП во Софија, во која на удар особено биле раководителите и инструкторите на ЦК и Централната воената комисија. Ноќта на 3 спрема 4 март во акцијата од страна на полицијата биле затворени Патар Богданов, Атанас Романов, Никола Вапцаров членови на Централната воена комисија. Акцијата ги зафатила и организациите во Пазарџик, Стара Загора, Сливен, Бургас, Горна Ораовица и др. за во април истата година, да бидат затворени ракводителот на Централната воен комисија Цветко Радоинов и членот на ПБ на БРП, Антон Иванов и политичкиот секретар на ЦК на БРП, Трајчо Костов, со што за момент била блокирана и парализирана БРП. Бугарската влада оценила дека подобро е затворените да бидат судени на два одделни процеси. Едниот процес ги опфаќал членовите на централната воена комисија наречен „процес на парашутистите" и другиот процес на членовите на централниот комитет. Процесот на „парашутистите" започнува на 9 јуни 1941 и во судскиот процес биле опфатени 27 борци на чело со Цветко Радоинов. На 26 јуни завршува процесот, и е донесена пресуда според која 18 лица се осудени на смрт заедно со Радоинов. Десет дена подоцна започнува вториот судски процес за членовите на Централниот комитет. Во него, 60 комунисти биле осудени. Меѓу нив покрај затворените, биле осудени и партиски раководители во отсуство: Цола Драгојчева, Антон Иванов, Антон Танев Ѓошев, Христо Иванов Михајлов, Трајчо Костов, Иван Николов Масларов, Петар Богданов, Ѓорѓи Иванов Минчев, Дико Димитров Диков, Никола Иванов Вапцаров, Атанас Димитров Романов и други. На 23 јули судот ја донел пресудата. Биле осудени Антон Иванов, Никола Вапцаров, Атанас Романов, Петар Богданов, Георги Минчев и Антон Попов на смрт со стрелање. Во отсуство, исто така, на смрт со стрелање биле осудени уште шест души. Цола Драгојчева, Антон Ѓошев, Христо Михајлов, Аврам Стојанов, Дико Диков и Борис Копчев, и 6 лица на доживотен затвор, 20 лица на 15 години затвор. Цола Драгојчева, *Шурмът*, Повеля на дълга, книга 2, 554-563, 570-580; Илия Стефанов *Убийството на Методи Шаторов* (София: 2005) 25. (Понатаму:Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов*)

[610] Провалата која во Бугарската комунистичка партија започнала во февруари и се разгорела во март-април, пламнала во полна сила летото 1942 година кога биле извршени смртните пресуди на 17 воени раководители меѓу кои и Цветко Радоинов раководителот на Централната воена комисија. Од смртните пресуди не успеале да се спасат ниту членот на ПБ на БРП и член на ЦК на БРП Антон Иванов-Старецот, понатаму блиските соработници на бугарското централно раководство Петар Богданов, Атанас Романов, Никола Вапцаров, Горги Минчев, Антон Попов, Иван Грудев –секретар на Сливенскиот окружен партиски комитет, Стојан Златев-секретар на Јамболската окружна организација. При крајот на јуни провалата и понатаму несопирливо се ширела, и зафатила поголем број од окружните партиските организации меѓу кои Пловдиската и Сливенска организација. Цола Драгойчева, *ПобедатаПовела на дълга,* книга 3, (Спомени и размисли), (София: Партиздат, 1979), 8. (понатаму: Цола Драгойчева, *ПобедатаПовела на дълга,* книга 3)

ќе направат обид да му помогнат на ЦК на БРП преку враќањето на зрели и искусни раководители во Бугарија.[611]

Шаторов успева да остане неоткриен во провалите, бидејќи според зборовите на Цола Драгојчева тој подолго време е отсутен од Бугарија и с уште е непознат на бугарската полиција, иако од предходниот период и политичката активност во Бугарија судот му има изречено смртна пресуда. Сепак, во големата полициска акција успева да остане илегален и прикриен с до октомври 1942 година, кога во отсуство, бугарскиот суд му изрекува смртна пресуда. Како илегален раководител ја обавува функцијата политички секретар на ОК на Софија и раководител на софиската воена комисија, односно раководител на бојните групи во Софија с до јули 1943.[612]

Партиското раководство во БРП следејќи ги директивите и условите за борба и отпор во Бугарија, станува с посвесно дека БРП не ќе може сама, потпирајќи се единствено на комунистичката идеологија и сопствениот кадар, да оствари позначаен успех, доколку нејзината борба остане изолирана од останатите политички и опозициски структури во Бугарија. Затоа нејзините истакнати дејци ќе вложат дополнителни напори за преговори и поврзување со останатите политички структури во Бугарија кои се против владеачкиот режим на Филов и се залагаат, односно ја подржуваат идејата за прифаќање на еден „нов општонационален антифашистички и воен сојуз на сите патриотски и демократски сили - Отечествен фронт" (ОФ). Меѓу споменатите раководители кои се залагаат за ваков широк облик на сеопшт национален фронт е и Методија Шаторов. Поголемиот дел од своето време тој го посветува на формирање на структурите на Отечествениот фронт. Несомнено дека овде целосно се вложува учествувајќи во преговорите меѓу левите и левоориентираните политички сили и политичкиот круг „Звено" за формирање на коалиција која требало да и се спротистави на погубната политика на Цар Борис и бугарската Влада и нивниот сојуз со Германија.

По неколку месечни преговори на 17 јули 1942 година, политичките партии и организации се обединуваат околу една заедничка платформа, наречена „Политичка

---

611 Исто таму, 10.

612 Според Тодор Балкански во октомври 1942 повторно има околу 30 тина затворени партиски активисти и во тој судски процес, во отсуство, Методија Шаторов е осуден на смрт. Во јануари 1943 година се случува уште една провала во софиската организација и во судскиот процес Шаторов е осуден уште на една смртна казна во отсуство. Сепак на својата функција останува како секретар на софиската организација с до 15 јули 1943 година кога е заменет од Ѓорѓи Чанков. Исто Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма*, 79.

програма на Отечествениот фронт", составена од членовите на Задграничното биро, Георги Димитров и Васил Коларов, а пренесена преку илегалната станица „Христо Ботев", именувана како „ Програма на Отечествениот фронт". Во широката платформа на фронтот влегле: политичкиот круг „Звено", Бугарската работничка партија, Бугарскиот земјоделски народен сојуз „Александар Стамболиски" (Пладне) и Бугарската работничка социјалдемократска партија (обединета). Била прифатена и идејата Отечествениот фронт да биде раководен од национален комитет.[613]

По формирањето на Отечествениот фронт (ОФ), во август 1942 година, Методија Шаторов заедно со Цола Драгојчева организираат средба од поширок партиски состав на пл. Витоша. Непосредно пред свикувањето на Конференцијата на пл. Витоша, Политбирото ја разгледало Програмата на ОФ. Оценката на ПБ на БРП била едногласна во усвојувањето на програмата, бидејќи таа во себе содржела нов квалитативно повисок степен во развиток на антифашистичката борба, нудела „нови форми" и зацртани нови патишта на борба, определувајќи нови блиски цели и формулирала нови стратегиски задачи пред бугарското антифашистичко и револуционерно движење. Програмата била наменета до сите бугарски патриоти во која тие се повикувале да се собори „монархофашистичката власт" и да се формира „вистинска национално демократска власт способна да ја спаси Бугарија од третата национална катастрофа и да ја изведе на чист историски пат".[614]

На средбата на која, покрај организаторите Цола Драгојчева и Методија Шаторов, учествуваат и д-р Кирил Драмалиев, Борис Богданов, Димитар Халов, Марко Добрев (член на ЦК на РМС и секретар на Софискиот окружен комитет на РМС) и Петар Манзелов, кои претходно од страна на ПБ биле предложени за членови на Комисијата на ОФ. На почетокот на средбата бил утврден дневениот ред: анализа на внатрешната и надворешна ситуација; изложување и анализа на Програмата на ОФ и на Декларацијата на ЦК во врска со неговото создавање; конституирање на Централна комисија на ОФ и определување на нејзините задачи.[615]

Била разгледана Програмата според која биле дефинирани задачите кои се поставувале пред ОФ: да не дозволи вовлекување на Бугарија во погубната војна за

---

[613] Горанов, П. и колектив, *Христоматия по История на България* 1944-1971 година., Вт., 1981, 8.
[614] Исто таму, 16
[615] Исто, 18, 22.

бугарскиот народ; да се повлечат под итно бугарските војски кои биле упатени за загушување на борбата на братскиот српски народ против германското и италијанското ропство; да се анулира сојузот на Бугарија со Хитлеровска Германија и со други држави од Оската; да се ослободи бугарската земја од германските фашистички војски и гестаповски банди; да се осигураат согласно Атланската повелба националните интереси на бугарскиот народ во договор со другите балкански народи и преку тоа да се воспостави тесна соработка на Бугарија со СССР, Англија, САД и др. мирољубиви народи.[616]

На конференцијата на Витоша биле решени и појавените организациски прашања. Според анализата, организациското изградување на ОФ се сметало за основна задача на ЦК и на целата партија. Едно од главните решенија на конференцијата било дека основната содржина и насока е да се отпочне со вооружена борба. При тоа присутните се раководеле од статијата на Васил Коларов, односно неговото специјално излагање од 22 јули 1942 година, под наслов „Без организација и раководство не може да постои ОФ" што се емитувало на станицата „Христо Ботев". Во статијата на В. Коларов се нагласувало: „Но има еден услов кој е над сите. Имено, нужно е собирањето, групирањето, на сите народни организации, групи и движења кои ја прифаќаат програмата за дејствување на ОФ, *нужно е организационо изградување на отечествениот фронт (*италик е во оригинилот)...организационото изградување на отечествениот фронт ќе овозможи разрешување на секоја одделна задача на борбата и ќе ја забрза победата на отечествениот фронт целосно! *Без здрава организација и правилно раководство нема отечествен фронт!"* (италик е во оригинилот).[617]

Понатаму, било решено ОФ да биде раководен од член на ПБ на БРП, а како негова помош да биде формирана специјална комисија. Било заклучено дека Централниот комитет „во најскоро време треба да излезе" со печатена верзија на Декларација која ќе биде упатена кон партиските членови и кон целиот народ и со која ќе се информира за формирањето на ОФ. На конференцијата било разгледано и кадровското прашање и било одлучено Цола Драгојчева како член на ПБ да биде одговорна за изградувањето на Отеченствениот фронт. Поединечно од секој член на Комисијата бил прифатен предлогот

[616] Исто, 14.
[617] За ова повеќе кај Цола Драгойчева, *Победата Повела на дълга,* книга 3, 13-16.

на ПБ за членство во составот на Централната комисија како и одлуката на ПБ за раководител на Централната комисија на ОФ да биде поставен д-р Кирил Драмалиев.[618]

Од она што можеме да заклучиме е дека Отечествениот фронт во суштина претставува народен фронт, формиран во услови на Втората светска војна. Со сигурност може да се истакне дека во програмата на ОФ немало ниту антикапиталистички ниту социјалистички задачи. Основната поента била насочена кон истакнување на борбата против фашизмот којашто била незамислива без да се привлечат сите потенцијални политички сојузници и со вклучување на сите постоечки резерви на работничката класа. Исто така било сосема јасно дека во таа етапа, не може да биде исфрлена паролата за социјалистичка револуција кога голем дел од масите с uште не биле политички зрели и подготвени за нејзино реализирање. Програмата на Отечествениот фронт во основа била програма, односно широка политичка и антифашистичка платформа како основа за борба против фашизмот.[619]

На конференцијата биле дадени и конкретни задачи за делување во определени политичките средини, групи и организции со кои членовите на Комисијата требало да воспостават врска.[620]

По Конференцијата на Витоша, многу подинамично продолжила активноста на раководните лица, но се зголемила и нивната будност и претпазливост. Постоеле доста случаи кога договорените средби во последен момент биле одложувани, а учесниците успевале да се заштитат и да ги избегнат поставените стапици од страна на полицијата токму поради засилените мерки на претпазливост и конспирација.[621]

---

[618] Во комисијата влегле д-р Кирил Драмалиев како раководител, Борис Богданов, Димитар Халов, Марко Добрев (член на ЦК на РМС и секретар на Софискиот окружен комитет на РМС) како преставник на РМС и Петар Манзелов кои биле назначени за членови на Комисијата на ОФ. Исто таму, 17/18, 36.

[619] Исто, 34.

[620] Секој член поединечно, бил задолжен, со конкретно поставена задача, со кои политички партии и нивни претставници да комуницира. Димитар Халов – со Демократската партија (лидер Никола Мушанов и Александар Гергинов), Радикална партија (лидер Стојан Костурков), Народната партија (лидери Атанас Бунов и Цветко Богошевски), а исто така и со сојузните раководства на адвокатите, новинарите, писателите, резервните офицери и други; Петар Манзенов – со Социјалдемократската партија (лидери: Григор Чепмециев, Крстју Пастухов, Димитар Братанов и други), со политичкиот круг „Звено"(лидери: Кимон Георгиев, Георги Кулишев, Дамјан Велчев и други); Петар Манзенов требало да одржува постојано контакт и со раководствата на кооперативните сојузи кои што требало да ги претставува во комисијата; Борис Богданов – со раководството на професионалните сојузи, но исто така и со одделни дејци на „Звено", со националлибералите, со групи од републикански задоени резевни офицери и други. Исто, 40.

[621] Драманлиев заедно со Цола Драгојчева, Шаторов и Марко Добрев требало да ги разгледаат основните чекори кои што Комисијата на ОФ требало да ги преземе по нејзиното формирање. За таа цел бил

По витошката конференција било одлучено да се активираат и бојните групи во Софија раководени од Воена комисија, односно од Методија Шаторов.[622] Шаторов ја добива задачата да ги организира и координира активностите на политичките раководни структури на новоформираните партизанските чети и одреди, како и на другите форми на оружена борба во софиската област, а воедно да врши и координација со БРП и ремсовите структури[623]. Како главен и одговорен на Софиската воена комисија, Шаторов добива задача да ги организира атентатите на видни бугарски личности. По негова препорака било формирано јадро од најсмелите и најдобро обучени саботажно-диверзантски групи на софиската окружна организација чиј раководител бил Славчо Радомирски. Кон оваа група биле привлечени и уште неколку истакнати партијци од други бојни групи од Софија. Изборот паднал на 15 борци мажи и жени предимно работници, кој бил извршен од Шаторов и Радомирски. Уште во текот септември и октомври 1942 година борците кои биле поделени на двојки и тројки започнале засилени подготовки во обука со ладно и огнено оружје. [624]

На списокот за ликвидирање се нашле ген. Христо Луков, проф. Александар Цанков, ген. Кочо Стојанов, полк. Пантев, главниот редактор на фаш. Весник „Зора" Данаил Крапчев, фашистичкиот политичар Сотир Јанев, агент-провокаторот Никола Христов-Кутуза и неколку тајни полициски агенти. Листата била разгледана од Централната воена комисија и од ПБ на БРП по што била одобрена. Веднаш потоа се пристапило на извршувањето на задачите.[625]

---

закажан состанок во домот на д-р Рачо Ангелов кој бил оценет како сигурно место за оддржување на состаноци на Комисијата на ОФ, но поради заседите кои полицијата ги подготвила на Марко Добрев, Методија Шаторов Панајот го предупредил д-р Кирил Драмалиев за опасноста од заседи и откривања на членовите и за одложување на состанокот. Воедно Шаторов предложил привремено пасивизирање на Марко Добрев додека не помине актуелната опасност од постојаниот надзор и следење од страна на полицијата. Исто, 89/90.

[622] Цола Драгојчева, „*Победата, Повеля на дълга*", книга 3..., 166/179.

[623] РМС-Работнички младински сојуз.

[624] Цола Драгојчева, „*Победата, Повеля на дълга*", книга 3..., 166/167.

[625] Методија Шаторов освен како политички раководител често пати се истакнувал и бил дел од воените структури на БРП. Во 1943 година бил раководител на Софиската воена комисија и ги организирал бојните групи. Прв на удар на воената организација бил Христо Луков. Тој бил истакната воена и политичка фигура во Бугарија, поранешен министер на војната и раководител на националистичката организација „Бугарски национални легиони" лојален на фашистичкиот решим. На 13 февруари 1943 година му бил извршен атентат, прв во редот на планирани атентати од страна на Софиската воена комисија под раководство на Методија Шаторов и неговите непосредни помошници Коста Чекаларов и Славчо Радомирски. Цола Драгојчева, „*Победата, Повеля на дълга*", книга 3..., 157-159.

По консолидирањето на партиските редови по провалата во 1942 година во која биле приведени голем број на партиски активисти и егзекутирани раководните луѓе во БРП, а особено по успехот на Сталинградската битка која претставува пресвртен момент во воено-политичката ситуација на источниот фронт, се наметнала потреба партиското раководство на БРП да организира заседание од поширок состав или пленум, кое ќе има за цел решавање на генералните прашања кои стојат пред партијата во однос на преземањето на конкретни задачи во организирањето на вооружената борба. Но, следејќи ги мерките за конспирација и имајќи ја во предвид опасноста на штотуку консолидираното раководство и ризикот повторно да не западне во провала и криза било одлучено планираниот состанокот да го организираат во форма на проширено заседанието на кое ќе учествуваат само членовите на ПБ и тројца претставници од Софија од ЦК Емил Марков-Христо, Методи Шаторов-Пантелеј и Јорданка Николова-Катја секретар на ЦК на РМС а останатите членови на ЦК кои се наоѓале на партиски задачи по окружните организации за решенијата дополнително да бидат известени.[626]

Проширеното заседание на кое учествувале членовите на ПБ било одржано при крајот на февруари 1943 година во крајно конспиративни и илегални услови во еден од најсиромашните делови на Софија. Согласно новата воено-политичка состојба и пресвртот на односот на силите со сталинградската победа еден од главните заклучоци на состанокот во февруари 1943 бил перспективите и разгранувањето на антифашистичката борба. За таа цел ЦК бил повикан да изврши неопходна организационо и партиско–политичка подготовка, да ја зацрта новата тактика која одговара на таа етапа од развитокот на борбата. Тактиката за вооружената борба била елаборирана во посебен документ – програма познат како „Директива“ на ЦК на БРП за идното вооружено востание. Тоа всушност е и примарната цел на февруарското проширено заседание. Потребно е да се нагласи дека документот во текот на целиот февруари го анализирале и разработиле членовите на ПБ така да на состанокот биле направени само конечните корекции и било едногласно прифатено мислењето дека „единствениот пат кон спасување на Бугарија од катастрофа, и за победа на ОФ, е сенародно вооружено антифашистичко востание при што

[626] Исто таму , 184/185.

ЦК дал непосредни насоки „за формите, средствата и начините, кои комунистите и сите антифашисти треба да ги искористат за подготовка на идното востание“.[627]

Шаторов како член на ЦК на БРП и секретар на Софискиот окружен комитет, организатор на боевите групи, човек во раководните структури на бугарската партија, неизбежно бил вклучен во акцијата против иселувањето на Евреите. Според анализата тој несомнено е и еден од организаторите на акциите против антиеврејските закони, донесени во Народното собрание.[628] Партиското раководство на БРП посебно било вознемирено од фактот што бугарската влада и Цар Борис додворувачки прифатиле еврејската заедница да биде депортирана од Бугарија. Тие биле свесни дека власта под притисок на јавноста прави маневри, но кога ќе се стиши бурата ќе го направат замисленото, поради што Партијата и РМС организирале протестна акција. Особено засилена реакција од страна на комунистите, ремсистите и останатите работнички здруженија имало во градовите населени со компактна еврејска заедница. Затоа БРП подигнала тревога на високо ниво и ги раширила информациите за направеното злосторство над еврејското население во Беломорска Тракија, Вардарска Македонија и Западните покраини (Пиротско) едновремено цитирајќи писма до ЦК од комунисти од местата каде што биле депортирани Евреите.[629]

По 17 мај кога комесарството за еврејски прашања дало рок од една недела да се пристапи кон масовно иселување на Евреите, ЦК и Софискиот окружен комитет заседавале непрекинато. Методија Шаторов и неговите сопартијци од окружниот комитет, му предложиле на ЦК план за отпор против подготвуваните погроми над Евреите, кој бил прифатен. Во текот на таа седмица ситуацијата во Софија се вжештила до крајни граници особено во третиот реон каде живееле најголемиот дел од вкупно 25.000 Евреи. Партијата организирала митинзи на коишто зборувале партиските членови, кои повикувале на решително спротивставување на депортацијата на Евреите. Во истите денови Окружниот

---

[627] Исто, 185/6.

[628] Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма*,...278/282.

[629] За местото и улогата на Методија Шаторов во процесот на спасувањето на Евреите, бугарската историографија не располага со многу податоци. Според Тодор Балкански по завршувањето на војната на Методија Шаторов му се одземени заслугите, и неговите заслуги неправедно се дадени на Тодор Живков кој според Балкански во тоа време не може да игра некоја позначајна улога, бидејќи и самиот не располага со некоја позначајна функција. Токму софискиот окружен комитет е одговорниот орган кој се залага и го организира процесот на демонстрации и заштита на Евреите, затоа секако дека честа и благодарноста би требало да ја носи токму Методија Шаторов. Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма*...,278-282; Цола Драгојчева, *„Победата, Повеля на дълга“*, книга 3..., 460.

комитет отпечатил, а реонскиот комитет ги распространил специјалните прогласи за заштита на Евреите. Врв на процесот за заштита на Евреите бил 24 мај кога огромна маса од третиот реон, Евреи и Бугари, комунисти, ремсисти, непартијци, антифашисти, студенти, занаетчии и луѓе од сите професии и структури, организирани од партијата започнале да се собираат насочувајќи се кон „јучбунарската" синагога. Се собрале околу 10.000 демонстранти. Прво зборувал рабинот, а потоа преставникот на реонскиот комитет по што сите организирано тргнале кон центарот на Софија да демонстрираат пред дворецот. Меѓутоа демонстрантите биле спречени од интервенцијата на полицијата која реагирала многу жестоко при што биле повредени околу 400 демонстранти од кои 120 покасно биле испратени во концентрациони логори.[630]

Летото 1943 година, воено-политичката ситуација како и донесените одлуки на февруарското проширено заседание на ПБ и на ЦК на БРП за отпочнување на вооружена борба неизбежно налагале, БРП да пристапи кон ново преструктуирање во организацијата на партиското раководство. Биле преземени мерки за мобилизација на членството и нараснување на партизанското движење. Се создаваат нови организациони форми на вооружената борба во сообразност со конкретните услови. Во периодот март –април 1943 година територијата на Бугарија била поделена на 12 востаничко оперативни зони (ВОЗ) а воената комисија се реорганизира и преминува во Главен штаб на Народноослободителната востаничка армија (НОВА). Согласно настанатите промени во окружница бр. 2 била набележана потребата од мобилизација на сите антифашистички сили што од своја страна барало да се направи ново преструктуирање и организација и на самото партиското раководство. Согласно потребите било решено најголем дел од членовите на ПБ и ЦК да бидат испратени во одделни окрузи и оперативни зони за да им укажат помош на лице место и да ги активираат масите за оружена борба и за востание. Во Софија требало да остане само раководното јадро на ПБ составено од три члена: Антон Ѓошев, Добри Терпешев и Цола Драгојчева. Останатите биле испратени на терен. При тоа, ЦК на БРП го формира најтесното раководство идонесува одлука Методи Шаторов -

---

[630] Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма...*,279; Цола Драгојчева, *„Победата, Повеля на дълга"*, книга 3..., 208-210.

Панајот да биде назначен за командир на III (Пазарџиска) ВОЗ, а функцијата политички секретар во зоната му била доделена на Стојан Попов.[631]

### 5.2 Методија Шаторов командир на III (трета) оперативна зона

Летото 1943 година се пристапува кон спроведување на одлуките на БРП и согласно организационите измени во Бугарското раководство и одлуката за упатување на раководните кадри на теренот се планира префрлувањето на Методија Шаторов како командир на III (трета) воено-оперативина зона(ВОЗ) во Пазарџик.[632] Но, провалите во Бугарија, повторно се засилуваат прво во софиската партиска организација, а потоа во јуни 1943 година и во партиската организација во Пазарџик, па заминувањето на Шаторов за Пазарџик, временски било одложено.[633]

Во август 1943, Ѓорги Момеков добива задача од Софискиот ОК на БКП да воспостави врска со Методија Шаторов во Софија. На средбата го известува за состојбата во Пазарџиската област, како и за каналите и врските за неговото безбедно пристигнување. Конкретизирани се деталите околу заминувањето на Шаторов до Пазарџик и местото за врска со преставници на ОК. Согласно договорениот план Методија Шаторов во Пазарџик пристигнува во почетокот на ноември 1943 година во фотостудиото на Стојан Удев.[634] Единствен неоткриен и слободен член на ОК во парзарџиската организација, во тоа време бил Стојан Танев, кој го прибира Шаторов во својот дом, а подоцна го сместува и во други безбедни илегални станови. С□ до активното излегување на терен, Методија Шаторов најчесто се криел кај доверливи луѓе на партијата, кај свои јатаци, но најмногу во куќата на учителката Љуба Војводова.[635]

---

[631] Цола Драгојчева, *„Победата, Повеля на дълга“*, книга 3..., 426/427.

[632] Илия Стефанов, „Дейноста на Методи Шаторов в Пазарджишкиот край-ноември1943 г.-септември 1944“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)* (Скопје: ИНИ, 2007), 195.

[633] Провалата од Пазарџик се проширува во Софија при што бил зафатен техничкиот оддел на ЦК на РМС и бил притворен Владимир Танов, еден од студентите на Софискиот државен универзитет и др. пазаџиски студенти кои биле ангажирани за префрлувањето на Методија Шаторов во Пазарџик. *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП*, (София: Партиздат, 1985), 364.(понатаму: *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП)*

[634] Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов...*, 26: *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП*,365; Државен архив –Пазарџик, Спомени, No.1066 Б, Стоян Танев.

[635] Љуба Војводова е една од најблиските луѓе на Методи Шаторов за време на неговата револуционерна дејност во Пазарџик, интимна пријателка и жена кај која Шаторов со сигурност и доверба престојувал. Таа е првата личност која по настаните на 9 септември насекаде се распрашува и го бара Методија Шаторов. По смртта на Шаторов, неговата ќерка Кремена Шаторова,во Пазарџик, воспоставува најблиски релации токму со Љуба Војводова.

По пристигнувањето во Пазарџик, Шаторов се состанува со секретарот на ОК на БРП за Пазарџик Љубен Гумнеров кој детално го информира за состојбата во окружната партиска организација, за партизанските единици на теренот, бојните групи како и за партискиот кадар во округот. Методија Шаторов по првичните контакти во зоната организира средба со раководството на ОК на која присутните ги запознава со задачите поставени од централното раководство на БРП. Објаснува дека е потребно зацврствување на партиските и ремсовите организации, како и проширување на работата на отечественофронтовските комитети во округот. Како посебно важна, Шаторов ја истакнал задачата за разјаснувањето на целите на партизанската борба кај месното население, потребата од анимирање на масите и приливот на нови борци и формирањето на нови партизански единици. Пред с□ потенцирал дека е потребна нивна координација и поврзување со борците од одредот „Антон Иванов“ кој оперирал во Родопите под команда на II ВОЗ во Пловдив.[636]

На почетокот на ноември 1943 година, Шаторов придружуван од секретарот Љубен Гумнеров излегува на терен и во месноста Јарешка полјана има дводневна средба со борците од четата „Кочо Чистеменски“при што држи предавање меѓу борците и ги запознава со задачите поставени од централното раководство. При крајот на 1943 година веќе се чувствува нараснување на единиците, па во реонот на пл. Елеџик група од 16-тина борци во присуство на командирот на зоната М.Шаторов, комадирот на четата „Стефан Караџа“ Ѓорѓи Момеков и политкомесарот свечено полагаат заклетва и се примени за борци во четата.[637]

Во тоа време во Пазарџиската област оперирале четите: „Стефан Караџа“, предводена од комадир Георги Мемеков и четата „Кочо Честименски“ предводена од командир Костадин Старев со околу 50–тина партизани, а одредот „Ѓорги Бенковски“ дејствувал во Средногорието со околу 50-60 партизани. Во Родопите се наоѓал и одредот „Антон Иванов“ со 153 партизани. Партиското раководство во Пазарџик имало комуникација и држело врска со борците на теренот и партизанското раководство. При крајот на 1943 година по воено-територијалната поделба во Бугарија, како и поради одлуката на централното раководство за омасовување на востаничките единици, било

[636] *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП*, 365.
[637] Исто таму, 365/366.

донесено решение, од одредот „Антон Иванов“ да се издвои една група партизани од Чепинско и да се префрлаат во пазарџискиот реон. Од оваа група ќе биде формирана четата „Браќа Крстини“ предводена од командир Атанас Семерџиев и комесар Манол Велев која подоцна прераснува во одредот „Чепинец“. До крајот на 1943 година во третата оперативна зона бројот на партизани достигнува над 130 борци.[638]

По доаѓањето на Стојан Попов и Владимир Танов во Пазарџик се дооформува Штабот на Зоната па претходно донесената одлука на политичкото раководство на БРП се реализира и за политкомесар на Штабот на Зоната се назначува Стојан Попов, партиски член и долгогодишен секретар на ОК на БРП Пазарџик, а како членови во Штабот влегуваат секретарот на ОК на БРП Љубен Гумнеров и секретарот на ОК на РМС Владимир Танов.[639]

По преструктуирањето на раководството и организациските промени, вака организиран и засилен со искусни членови, Штабот на III ВОЗ –Пазарџик, започнува со подготовките и пристапува кон решавањето на задачите поставени од Главниот штаб на НОВА и од окружницата бр. 1, на ЦК на БРП, да се активира борбената активност на партизанските чети и одреди во сообразност со зимските услови и можности.

Бугарскиот полициски и воен апарат секако дека не останува индиферентен во однос на нараснувањето на диверзантските акции во населените места на активистите на БРП, како и на вооружените активности на партизанските единици. С поинтензивното делување ги предизвикало органите на власта да се организираат и да работат кон уништување на револуционерните јадра, политичките и воените раководства, како и членовите на БРП. Но и покрај напорите за нивно уништување вооружениот отпор с повеќе се прифаќа од масите. Нараснуваат воените единици и нивниот број се зголемува. Веќе се насетувал недостатокот во храна и секако потребата за оружје, муниција и неопходните продукти како лекови, облека за партизанските одереди. Затоа уште на почетокот на 1943 година како една од приоритетните задачи нагласена од страна на ПБ на БРП било поврзување со војската и формирање на револуционерни јадра во касарните и гарнизоните, меѓу самите војници кои ќе се стават на страната на органите на БРП и ОФ. Успешна активност во тој поглед била направена од револуционерното јадро формирано

[638] Илия Стефанов, „Дейноста на Методи Шаторов в Пазарджишкиот край-ноември1943 г.-септември 1944“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, 197.
[639] *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП*, 366.

во 27 Чепински полк во Пазарџик, од каде групата на Спас Томов член на ОК на РМС успева да изнесе од касарната големо количество на оружје, муниција, облека и храна и истите да им ги предаде на партизаните.[640]

До крајот на 1943 и почетокот на 1944 година бројот на партизанските единици и нивните акции с повеќе се зголемува.[641]Нараснуваат борбените дејства во Парзарџискиот реон под командата на Методија Шаторов. И покрај лошите временски услови се активираат четите „Кочо Честименски“ и „Стефан Караџа“. Како командир на Зоната, Методија Шаторов настојувал постојано да има увид во настаните, поради што често бил во обиколка на селата во пазарџиската област, а не ретко влегувал и во самиот град Пазарџик. На 22 декември 1943 четата „Кочо Честименски“ извршува неколку нападни дејства, а особено била забележителна акцијата кога борците извршиле напад врз возот кој се движел на правецот од с. Чепино за Пазарџик при што била уништена композиција која превезувала дрвен материјал наменет за потребите на Германците. И покрај блокадата од страна на полицијата четата со помош на јатаците успешно се извлекува.[642]

Преминувањето на единците од II ВОЗ од одредот „Антон Иванов“ кон III ВОЗ-Пазарџик, не успеава да се реализира во предвидениот рок. Се појавуваат тешкотии при поврзувањето така и покрај обидите на Методија Шаторов, кои ги прави за поврзување со II ВОЗ и ОК на БРП за Пловдив, до средба доаѓа на 5 јануари 1944 година. На состанокот кој се одржува во с. Мало Коњаре присуствуваат командирот на III ВОЗ М. Шаторов, секретарот на ОК на БРП на Пазарџик Љ. Гумнеров, политкомесарот на зоната Стојан Попов и Ѓорги Кацаров командир на диверзантските чети од одредот „Антон Иванов“. Ѓ. Кацаров ги известува присутните за проблемите кои настанале поради предвременото масовизирање на партизанското движење, поради тешката зима, отежнатоста во снабдувањето на единиците и недостатокот од неопходните артикли за живот и

[640] Исто таму, 367.

[641] Една од тие акции е и на одредот „Ѓорги Бенковски“ на 26 октомври 1943 година кога има акција во с. Крстевич каде ја уништува архивата, го зема оружјето, радиоапаратот, машини за пишување и храна. На 30 октомври уништува полициски сили, а на 4 ноември го зазема с. Душанци каде држи митинг со насобраните селани и се снадува со храна и оружје. На 27 веќе партизаните ги вршат и првите смртни пресуди врз предавниците и ја разбиваат реквизационата комисија во с. Копривштица. На 21 декември повторно се во с. Крстевич од каде земаат 15 пушки и 2000 куршуми. Во јануари за командир на одредот е поставен Иван Врачев. Исто.

[642] Илия Стефанов, „Дейноста на Методи Шаторов в Пазарджишкиот край-ноември1943 г.-септември 1944“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, 197.

излолираноста од населението. На средбата било уточнето како и на кој начин да се изврши разделување на одредот и приклучувањето на борците кон III ВОЗ. За жал по средбата Кацаров паѓа во заседа и заедно со уште еден соборец загинуваат. Така што и овој пат детално разработеното решение за одделување на борците не стигнува до одредот „Антон Иванов“.

На 21 јануари 1944 Шаторов и политкомесарот на зоната Стојан Попов заедно со политкомесарот на четата „Кочо Чистеменски“, Димитар Караиванов заминуваат во Пателенската Планина.[643]

На 8 јануари четите „Кочо Честименски“ и четата „Стефан Караџа“ организираат и успешно изведуваат акција во с. Величково на само 20 км. од Пазарџик во содејство со револуционерни јадра кои дејствувале во војската. По успешното заземање на селото била изгорена архивата, пред насобраните селани бил одржан митинг и биле афирмирани целите на партизанското движење и на ОФ. Акцијата добила публицитет и во в. „Работничко дело“ како пример за успешно спроведена акција и во тешки временски услови. Но успехот на четите предизвикал револт кај власта и веднаш била организирана блокада на реонот во која учествувале 120 војници од 27-Чепинскиот полк и 80 полицајци потпомогнати со неколку бугарски ловни друштва блиски до власта. Сепак по успешно извршениот маневар 45 партизани успеваат да се повлечат како и пеесетина припадници на бојните групи од Карабунарскиот и Церовскиот реон кои претходно учествувале во акциите. На 29 јануари 1944 година четата „Кочо Честименски“ успева во присуство на комадирот Шаторов и комесарот Стојан Попов да изврши акција за снабдување во Батунскиот манастир.[644]

Меѓутоа акцијата ги алармира полициските сили, по што тие веднаш вршат блокада во која загинуваат десетици партизани.[645]

Во исто време откриени се и скривниците на четата „Кочо Честименски“ над селата Семчиново и Симеоново.[646]

---

[643] *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП*,369.

[644] Исто таму.

[645] Во врска со акцијата во Ботунскиот манастир проф. д-р Тодор Балкански има поинакво мислење за кое и самиот вели дека до крај не е расчистено како и за која цел Шаторов се придвижува кон манастирот. Претпоставката е дека таму тогаш се наоѓа Митрополитот Пловдивски Кирил по потекло од Македонија, па Балкански не ја отфрла можноста заминувањето на Шаторов да е поврзано токму од оваа причина. Втората негова претпоставка за причина на оваа средба е судбината на бугарските Евреи. Тодор Балкански, *Методи Шаторов междумакедонизма и българизма...*, 85/86.

На 2 февруари 1944, партизани од четата „Кочо Честименски“, заедно со командирот на зоната Методија Шаторов и политкомесарот Стојан Попов пристигнуваат во реонот на масивот Елецик во скривницата на месноста Чоковец, каде што заседнале над 40 партизани од четите „Стефан Караџа“ и „Кочо Чистаменски“. Се одржуваат состаноци на коишто командирот на зоната ги запознава за успесите на Црвената армија и Советскиот Сојуз. Исто така се набележуваат и престојните задачи кои се однесуваат на спроведувањето на широка мобилизација на ремсовите активисти од околните села и тука престојуваат двете чети околу две недели. На 14 февруари пет души со командирот на четата на „Стефан Караџа“, Ѓорѓи Мемеков заминуваат за село Муково да се снабдат со храна. Но, останатиот дел од четата на 15 февруари поради убавото време излегуваат од скривницата (земјанката) и околу 10 часот забележуваат кордон од полиција и војска насочен кон нив. Раководството, односно Методија Шаторов решава да се прифати борбата и испраќа борци да се организира заседа. Заседата не успева, бидејќи е откриена предвреме. Започнува нерамноправна борба. Триесет и шесте партизани имаат различно оружје и ограничени куршуми. Загинуваат 22партизани меѓу кои и раководителите на четите „Кочо Чистаменски“ и „Стефан Караџа“. Останатите 14 партизани со ранетиот командир и политкомесар на зоната се повлекуваат.[647]

Во таа акција биле опожарени повеќе места и села во реонот и биле заробени околу 500 души. [648]

Но, најголем удар во зимските операции од страна на бугарската полиција и војска го поднесуваат борците од одредот „Антон Иванов“. При крајот на јануари 1944 година биле заробени над 200 јатаци и помагачи на партизаните. На 8 февруари 1944 годона биле

[646] *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП,*370.

[647] Кај проф. д-р Тодор Балкански анализата покажува одредени детали во врска со акцијата и разгромот на Елецик, за која акција, во историографијата има контрадикторни податоци, и Методија Шаторов е нападнат за нејзиниот исход. Имено, се смета дека, Шаторов неосновано ја прифатил борбата со далеку побројниот непријател и заради тоа е одговорен за смртта на паднатите партизани. Најверојатно неговата одлука се базира на наредбата на ЦК на БРП за разгорување на востанието и формирање на слободни територии. Особено силна нетрпеливост се јавува помеѓу Шаторов и Стојан Попов иако Методија Шаторов за цело време на повлекувањето го носи ранетиот политкомесар, повлекувајќи се низ силен студ и вејавица. Постоела реална опасност при повлекувањето да бидат завеани. И во такви услови и натчовечки напори Шаторов и останатите соборци го спасуваат Стојан Попов. Меѓутоа за својата одлука за прифаќање на борбата на Елецик, Шаторов, жестоко е нападнат и обвинет, што преставува една од дамките во негото револуционерно дело во Бугарија. Тодор Балкански, *Методи Шаторов междумакедонизма и българизма...*, 88/89; Атанас Семерджиев, Преживяното не подлежи на обжалване, ( София: Издателска къща „ Христо Ботев“, 1999), 67/68.

[648] *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП,* 370/371.

стрелани 12 јатаци од село Козарско, Жребичко, Батак и др. Бидејќи со денови се наоѓале во опсада, постоела опасност партизаните да бидат изгладнети до смрт. Во обидите да ги снабдат единиците, партизанските групи приморани да бараат храна, наидувале на организирани опсади и блокади и дополнително давале жртви. Одредот „Антон Иванов“ кој оперирал во Родопите во тешки околности и опкружување го напушта логорот, меѓутоа по него тргнуваат голем број на ловни единици, делови од Втора дивизиона митралеска единица, делови од 27-ми Чепински полк и полициски чети од Пловдив. Следуваат борби една по друга и на врвот Екин, борците од одредот „Антон Иванов“ преземат решителна битка против непријателските сили. Офанзивните дејства на непријателските единици биле потпомогнати и со авионска поддршка па одредот со последните сили на 1 и 2 март 1944 година влегува во решавачка борба, во која загинуваат 36 партизани. Преостанатите борци успеваат да се повлечат во реонот на Батак, Равногор, Фотиново и други места, но загубите во одредот „Антон Иванов“ се проценуваат на 130 партизани. И покрај с□ непријателот не успева да го уништи антифашистичкото движење кое и покрај студената зима и лошите услови, пролетта и летото 1944 добива масовен карактер и размер.[649]

Непосредна помош на III ВОЗ му дава ПБ на ЦК на БРП и Главниот штаб на НОВА чијшто членови од април до јуни 1944 година се наоѓаат во Пловдив. Потенцирањето на омасовувањето на вооруженото востание особено било нагласено со окружницата бр. 2 на ЦК на БРП со која се истакнувало дека основен фактор за вооружено востание е подготовка и спроведување на „сенародно вооружено востание“.[650]

По пребродувањето на тешката зима и борбите, партизанските единици се косолидираат и продолжуваат со акциите во пролетта 1944 година. На 24 март во организирана акција на одредот „Ѓорги Бенковски“ и четата „Бачо Киро“ бил ослободен првиот град во реонот Копривштица. По ослободувањето на градот раководството одржува митинг меѓу насобраните граѓани каде се афирмирале целите на партизанската борба и борбата против фашистичката власт. Била изгорена архивата, осудени народните предавници, а биле земени и 50 пушки, 2000 куршуми, бомби, една автоматска пушка и војнички униформи. Борците се повлекуваат навремено пред да биде затворена опсадата, а

[649] Исто таму, 372-373.
[650] Исто 374.

нивните редови биле нараснати со нови партизани. Меѓутоа, акцијата го предизвикува бугарскиот фашистички апарат да врши палежи и малтретирања, односно да се осветува врз недолжното население во Средногориeто.[651]

Во мај одредот „Г. Бенковски" започнува нови акции. С□ до јуни 1944 година се одвиваат жестоки борби во Чепинското корито. Збирната единица составена од четите „Кочо Чистаменски" и „Стефан Караџа" прима во својот состав нови партизани и на 6 април 1944 под раководството на Методија Шаторов го зазема селото Долно Вршило. Како резултат на подемот на вооружената борба, блокадата којашто била поставена од страна на единиците на Чепинскиот полк и воените и полициските единиците од Пловдив, на 21-22 април е пробиена и четата заедно со Методија Шаторов и Љубен Гумнеров слегуваат во Пазарџик.[652]

При крајот на април Методија Шаторов заминува во Пловдив и има средба со претставници на НОВА и на ПБ. Раководителот на Главниот Штаб на НОВА, Добри Терпешев му ги предава директивите на ЦК на БРП и најновите заповед-директиви на Главниот штаб на НОВА во согласност со кои било наведено дека е неопходно да се направи оценка за состојбата на вооружените сили на партијата како целина така и во одделните зони, да се набележат конкретните мерки кои што штабовите на зоните, одредите, четите, треба да ги преземат за мобилизирање на силите во партизанските единици, бојните групи и војничките јадра во армијата. Востаничкото движење требало да се разгори, а партизанските единици да нараснат до размер на масовна народноослободителна армија. Веднаш потоа од 2 до 4 мај 1944 година раководството на зоната и ОК на БРП прават дополнителни планови и пристапуваат кон извршување на задачата. Членовите на штабот на зоната Методи Шаторов, Стојан Попов, Љубен Гумнеров и Владимир Танов заминуваат за с. Гелеменово кадешто пристигнува Александар Димитров (Сашо), претставник на ЦК на БРП и НОВА. На 6 мај се одржува Заседание на Штабот на III ВОЗ и ОК БРП на коешто се прифаќаат решенијата за масовизирање на партизанското движење, за активирање на партиските и ремсовите организации и привлекување на сите антифашистички сили под знамето на ОФ. Се решава нараснатиот одред „Ѓорги Бенковски" да прерасне во бригада. Веќе на 6 спрема 7 мај 20

---

[651] Исто 375.
[652] Исто.

ремсисти од с. Черногорово се присоединуваат кон партизанските чети во реонот на масивот Елецик. Потоа четата „Кочо Чистаменски“ заминува во реонот на Родопите.[653]

Решението коешто било донесено на 6 мај за преминувањето на одредот „Г. Бенковски“ во бригада било извршено од страна на Методија Шаторов и Стојан Попов кои при крајот на мај заминуваат во реонот на Панагориште. Попатно и во месноста Попова Софра се одржува партиско собрание на кое пред присутните борци, раководството на зоната информира за положбата на источниот фронт, решението од заседанијата во с. Гелеменово, повикот за масовизација. Одредот се придвижува кон с. Б'та каде на 15 јуни 1944 на проширено собрание со раководството на одредот и Методија Шаторов и Стојан Попов како раководители на Зоната, се договараат околу спроведувањето на решението на Штабот на зоната од 6 мај и уште истиот ден пред построените 140 до 150 борци, Методија Шаторов ја соопштува одлуката, дека одредот прераснува во бригада и ги соопштува натамошните задачи кое се поставени пред одредот односно бригадата по што се назначува нејзино раководство.[654]

Повторно поради настапувањето на бугарската војска и полиција и блокадата која ја поставуваат, бригадата била приморана да се раздели на два дела и да дејствува на различни реони на теренот. Едниот дел оди кон Стрелчанско – Коприштенската Планина, а другиот дел со началникот на Штабот на бригадата, Ѓорѓи Мемеков и командирот на зоната Методи Шаторов, се повлекува кон планината Елецик. На тоа место Шаторов останува до 12 јули.

Меѓутоа во текот на летото 1944 година воените и полициските сили се концентрираат во Панагорска Средна Гора каде што се дополнуваат со единици од Прва и Втора бугарска армија. Вака здружени силите имале за цел со операцијата „Богдан“ да ги ликвидираат партизанските единици во Средногорието и да се уништат партиските комитети и нивните поддржувачи. Се затвораат јатаците и помагачите на комунистите и во месеците мај - јуни од Панагорската околија се затворени 189 антифашисти. Но и покрај затворањето и притисокот отпорот продолжува да расте, доаѓа до прираст на нови борци, па четата „Браќа Крстини“ прераснува во одред „Чепинец“, а при крај на август 1944 година прераснува во бригада „Чепинец“, раководена од командир Атанас

[653] Исто.
[654] Исто, 378.

Семерџиев и политкомесар Манол Велев. Бригадата во својот броен состав има над 200 партизани. Во текот на јули и август 1944 година бригадата скоро секојдневно има акции во реонот.[655] И четата „Стефан Караџа" се омасовува. На 9 јули пристигнуваат 23 нови борци, а на 13 јули уште 20. На 15 јули четата „Стефан Караџа" прераснува во одред „Панајот Волов". Четата „Кочо Чистеменски" исто така нараснува и во средината на август влегува во составот на новоформираниот одред „Ангел К'нчев". Заедно со одредот „Чепинец" одредот „ Ангел К'нчев " на теренот спроведуваат акции во реонот. Летото 1944 година, со прегрупирање и концентрирање на единиците во Пазарџискиот округ партизанските единици, кои оперираат на теренот, ја достигнуваат бројноста од 800 партизани во III ВОЗ, спремни да ги прифатат задачите за конечна пресметка со фашистичките воено-полициски структури во Бугарија. [656]

Една од позначајните партизански акции која имала голем морално политички ефект е т.н. „Четворна акција" на 18 август 1944 година извршена во содејство на одредите „Чепинец", „Ангел К'нчев " и „Панајот Волов" под директно раководство на Штабот на зоната, ОК на БРП и лично од Методија Шаторов и Љубен Гумнеров.[657]

На 3 август 1944 година, ЦК на Партијата и Штабот на НОВА испраќаат писмо до Штабот на III ВОЗ, односно до Методи Шаторов, со директива: „Истовремено со масовно политичката дејност, сите членови на партијата, младинци и отечественофронтовци, способни за водење вооружена борба, кои што се останати по населените места да бидат организирани во бојни групи, неодложно да преминат во акција и да прераснат во вистинска народна милиција. Покрај партизанските одреди и народната милиција, вооружената борба да се пренесе во самите населени места, разгорувајќи и нараснувајќи ја брзо до размери на сенародно вооружено востание".[658]

Под влијание на успесите на Црвената армија, и дејноста на раководството на БРП, широките народни маси пристапуваат кон масовно вклучување во борбата против фашизмот. Се создават благопријатни услови за кревање и победа на општонародно вооруженото востание. На 26 август ЦК на БРП ја издава историската окружница бр. 4 во која се истакнува задачата паралелно со вооруженото востание да се освои и политичката

[655] Илия Стефанов, „Дейноста на Методи Шаторов в Пазарджишкиот край-ноември1943 г., септември 1944", *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, 198/199.
[656] *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП*, 382-383.
[657] Исто таму, 386/387.
[658] Исто, 384.

власт и да се создаде Влада на ОФ. Окружниот комитет на БРП и Штабот на III ВОЗ ја извршуваат директивата. Окружницата веднаш била распространета низ зоната. Се вршат нови мобилизации и прегрупирање на воените единици. Народот се повеќе активно се вклучува во вооружената борба и согласно заповедта на Главниот штаб за заземање на административните и стратегиските центри, Штабот на III ВОЗ изработува план за започнување на завршните акции за влегување во градовите и создавање на слободна територија. Во рамките на завршните операции бригадата „Ѓорги Бенковски“, нарасната со нови борци и единици, се поврзува со бригадата „Васил Левски“ од II ВОЗ и со здружени сили водат неколку часовни борби во близина на селото Старосел. [659]

На почетокот на септември по наредба на штабот на III ВОЗ на Милеви скали пристигнуваат одредот „Ангел К’нчев “ и поголемиот дел од бригадата „Чепинец“ и се групираат силите за извршување на задачите.[660]

Но, во истото време, командирот на втората девизиона област – Пловдив, генерал Попбожилов дава наредба војската да започне организирана акција за уништување на партизанските единици во Пазарџискиот реон. На 1 септември во Пазарџик пристигнува мајор Киров со заповед 27. Чепински полк да се насочи кон врвот на Милеви Скали. Концентрирањето на силите под раководство на полковник Еленков започнува уште на 3 септември кога се врши групирање на воените и полициските сили. Веќе наредниот ден започнува вооружената акција на Милеви скали.[661]

### 5.3 Акцијата на Милеви скали

Придвижувањето, концентрирањето како и акциите кои летото 1944 година биле преземени од партизаните не останале незабележани од страна на полициските и воените сили. При крајот на август по наредба на софиската команда, комадирот на Втората дивизиона област – Пловдив, ген. Попбожилов издава наредба воените единици да започнат акција за претресување на реонот на варварскиот Балкан во правец кон Милеви скали, и расчистување од партизанските единици кои се наоѓаат во Пазарџискиот округ. Во акцијата учествувала војската од 27 полк – Пазарџик и втората митралеска дивизиона единица и десетиот коњанички полк. Војската со камиони ноќта, на трети спрема четврти

[659] Исто ,385.
[660] Исто, 386.
[661] Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов...*, 29.

септември, била транспортирана до подножјето на Милеви скали. Во раните утрински часови се придвижуваат кон врвот на Милеви скали од кај Белово и с. Семчиново по што биле забележани од партизанската извидница.[662]

Уште на почетокот на септември следејќи ги наредбите за извршување на завршните операции и формирање на слободна територија Шаторов групира околу 240 борци на Милеви скали и тоа поголема група од одредот Чепинец, и одредот „Ангел Кънчев".[663]

Во тоа време на Милеви скали се наоѓа и командирот на зоната Методија Шаторов а на 3 септември пристигува и поликомесарот Стојан Попов во придружба на Делчо Чолаков. Останатите двајца членови на штабот Стојан Танев и Владо Танов и покрај обидот да се придвижат кон Милеви скали, поради блокадата не успеваат да се пробијат. На Милеви скали на 4 септември во 08.00- 08.30 бил закажан состанок односно партиско советување на комунистите од одредот „Ангел К'нчев". Според сеќавањата на учесниците на советувањето требало да бидат разгледани и некои прашањата за распоредување на силите и раководството на новоформираната бригадата „Чепинец" која требало да се транформира од одредот „Чепинец".[664]

---

[662] Во разговорот и консултациите кои ги направивме со Илија Стефанов околу прашањето зошто имало потреба за таква одлука и кој имал потреба да даде таква наредба за придвижување на силни полициски и воени сили во септември 1944 година, во ситуација кога било повеќе од очигледно дека прашање на време е кога Бугарија ќе капитулира, Стефанов се согласува дека ваквата наредба воопшто не била потребна. При анализата на акцијата на Милеви скали, јасно е зошто Шаторов бил приморан да преземе ваква решителна акција против бугарската војска и полиција, при самиот крај, односно непосредно пред капитулацијата на Бугарија за која како командир на III ВОЗ секако имал сознанија дека набргу ќе се случи. Сосем извесно е дека тој како командир морал да постапи согласно насоките дадени на советувањето на партиското раководство во Пловдиви согласноодлуката за создавање на слободна територија и преземање на политичката и административната власт по градовите.

Ако овде ги додадеме и обвинувањата изречени во 1941 година од страна на ЦК на КПЈ за Шарловата наводна контрареволуционерна дејност и саботирање на одлуките за отпочнување со вооружено востание, во такви услови Шаторов морал да ја прифати борбата со многу побројниот непријател. Од друга страна пак, се знае дека војската и полицијата кои учествувале во акцијата на Милеви скали не презеле посериозни воени дејствија против партизаните. Војската и полицијата пукале во воздух и немале намера да пукаат во партизаните. Затоа и бројот на жртвите е многу мал. Само 12 загинати борци во услови кога полициските и воените сили имаат митралеска поддршка со себе. Според сведочењата на војници, како и на учесниците во настаните, најголем дел од убиените загинуваат качувајќи и криејќи се на дрвјата и при повлекувањето од Милеви скали. Нормално дека ако се пукало кон партизаните, жртвите ќе биле многукратно побројни.

[663] Од исказите на Љубен Гумнеров дадени за време на неговото испитување од страна на Државната безбедност во 1951година за настаните од 4 септември, се истакнува дека на први и втори септември на Милеви скали пристигнал одредот „Чепинец" во состав од 140 борци со командирот на одредот Манол Велев (според Гумнеров командир на одредот не е Атанас Семерџиев туку Велев).

[664] Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов...*, 30.

Според сеќавањата на Љубен Гумнеров, утрото на 4 септември на Милеви скали се наоѓа военото и политичкото раководство на Третата оперативна зона и тоа: Методија Шаторов, Атанас Семерџиев, Љубен Гумнеров, Стојан Попов и командирите на воените единици.[665] Но состанокот се прекинува кога на Милеви скали пристигнува Васил Костадинов Стојчев кој соопштува дека кон Милеви скали се придвижуваат големи полициски и воени сили и дека партизаните се опкружени. По потврдувањето на информацијата дека кон Милеви скали се движат многубројни воени и полициски сили, Методија Шаторов како командир на Зоната, ги распоредува партизаните во неколку правци, и поради политичкиот момент дава наредба неодложно да се прифати борбата, по што, извршил групирање на силите.[666]

Според сведочењата на учесници во настаните на Милеви скали, убиството на Методија Шаторов се случува токму при повлекувањето од Милеви скали кога група партизани заедно со Шаторов биле во клисурата. Тогаш се случила и главната престрелка од непријателскиот оган, тогаш паѓаат најголемиот број од жртвите меѓу кои загинува и Методија Шаторов.[667]

---

[665] Според изјавата на Љубен Гумнеров дадена при истрагата од 1952 година рано изутрина на 4 септември раководството на Зоната имале партиско советување. Едно од прашањата на состанокот било примањето на Тодор Дабов за член на партијата. Со ова решение не се согласувал Љубен Гумнеров за разлика од Методија Шаторов кој бил согласен за вклучувањето на Т. Дабов во партијата. Во тој момент се слушнале истрели и првите пукотници во борбите кои започнуваат на Милеви скали. Слични податоците се среќават и во изјавата на Атанас Семерџиев дадени 1951 година на барање на истажител на државната безбедност. Во неа се вели: „... На 4 септември имавме собрание...не го помнам дневниот ред... некаде испука пушка. Другарот Шаторов испрати двојка (извидница) да провери...“. Илия Стефанов, „Дейноста на Методи Шаторов в Пазарджишкиот край-ноември1943г. септември 1944“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, 200.

[666] Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов...*, 32- 33.

[667] При обидите да се открие вистината, и истрагите кои за таа цел биле преземени, постојат доста непоклопувања на исказите и доста контраверзни податоци. Биле земени изјави од голем број на учесници во настаните. И сеќавајќи се на последните моменти од дружбата со Шаторов, односно моментот на повлекување Семерџиев истакнува: „...Во клисурата се спуштивме сите другари вклучувајќи и го и др. Шаторов и Попов, јас бев заобиколен од другарки од Чепино кои беа исплашени. Гумнеров ме престигна и продолжи напред. Јас тргнав по него...13 души тргнавме на исток. Останатите се вратија кон клисурата. Тука паднаа жртвите...“.

Во сеќавањата на Манол Велев за случувањата на Милеви скали, се вели дека тој бил во групата со Љ.Гумнеров, а Атанас Семерџиев заостанал како што стои и во изјавата на Семерџиев, со другарката Николина Пунева. Манол се крие меѓу дрвјата и го видел Шаторов како продолжува покрај него.

Во изјавата на Димитар Генов дадена на МВР во 1952 за настаните на Милеви скали се објаснува дека тој останал со ранетиот Хр. Бојанов. Во тој момент од местото каде што биле, здогледал како Методија Шаторов, Љ. Гумнеров и Стојан Попов се повлекуваат. По 9 септември на околу 60 м. од местото каде се наоѓал Д. Генов и ранетиот Бојанов, на околу 250 м. каде се повлекувала групата во која бил Шаторов и Гумнеров на пет чекори од црн колски пат бил пронајден трупот на Методија Шаторов на 15 септември.

На 6 и 7 септември војската веќе се наоѓа во касарните и се очекувала капитулацијата на Бугарија. И покрај тоа ниту еден од соборците, ниту пак воен или политички раководител од Штабот не издал наредба ниту самиот тргнал да го бара командирот на зоната Методија Шаторов, иако со денови го немало, а можност за безбедна потрага по него, постоела.

Според кажувањето подоцна на војниците, повеќе од јасно било дека тие немале наредба да пукаат во партизаните, бидејќи според нив располагале со митралеско оружје и можеле како што партизаните биле на отворени позиции на пољаната сите да бидат истепани, но тие не само што не пукале во партизаните, туку пукале над нив.[668]

Како и да е, Методија Шаторов бил ранет на Милеви скали во вооружена акција од страна на бугарската војска на 4 септември 1944 година на само 5 дена од капитулацијата на Бугарија. Ранет, оставен сам на себе, живеел уште неколку денови по што им подлегнал на раните. Трупот му е откриен на 15 септември.

### 5.4 Контроверзите околу убиството на Методија Шаторов

Познато е дека пет дена пред 9 септември 1944 година на Милеви скали се води борба помеѓу бугарската војска и полициските сили со околу 240 партизани. Во борбата загинуваат 12 партизани меѓу кои и Методија Шаторов, Командирот на III ВОЗ. Постојат повеќе верзии за убиството на Методија Шаторов од кои ниту една до денес не е расветлена и призната како официјална. Според истражувањата на бугарските автори се посочуваат неколку личности кои имаат интерес Методија Шаторов да не ја преживее војната што би значело и можен мотив за негово убиство.

Сомнежите уште повеќе се зголемуват од констатациите запишани во судско-медицинскиот акт за смртта на Методија Шаторов изготвен од д-р Давид Попов, по извршената аутопсијата од 16 септември 1944 година. Во извештајот стои дека смртта настанала околу 9 септември (неколку дена по ранувањето).[669] Важно е да се истакне дека

---

[668] Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма...,*98-100.

[669] Во заклучокот на судско-медицинскиот акт, поточно неговиот препис стои дека: „Смртта на Методи Шаторов на околу 44 години-четник се должи на крварење во десната градна половина и силната глад. Покојниот е ранет со огнострелно оружје, со еден проектил (куршум-б.м) во десната градна половина, во левиот зглоб и левото бедро. При тие дејства покојниот се здобил со големо крварење во десната градна половина. Совршено празните тенки црева и дел од дебелото црево како и празниот стомак, покажуваат дека после ранувањето живеел доста долго време –неколку денови, и е гладувал за време на престојот во планината. Со сигурност не може да се одговори кога настапила смртта. Распаѓањето на трупот зависи од

оригиналниот документ за овој извештај не е најден. Постои копија на оригиналот кај д-р Давид Попов. Во 1950 година докторот бил испрашуван од комисија на Околискиот комитет на БКП-Пазарџик раководена од Стојан Танев, (еден од присутните и потписници на судско-медицинскиот акт) кој го барал оригиналниот извештај од аутопсијата на Шаторов од 16 септември. По 1952 година повторно бил распрашан и од него ја побарале копијата која за среќа доктор Попов ја чувал.[670]

По капитулацијата на Бугарија, помеѓу населението особено помеѓу борците, учесници во вооружените настани 1943/1944 се појавува победничко расположение и желба за осуда и казнување на предавниците кои биле во служба на профашистичкиот владеачки апарат. Нормално е во тие услови безусловно да се прифати обвинувањето дека за убиството на Методија Шаторов е виновен војникот Андреа Андреев кој е осуден на 15 години затвор, без при тоа да бидат расветлени многубројните нејаснотии и контроверзи во извештајот и во самата истрага. Според оваа верзија, која воедно претставува една од најзастапените и прифатените верзии во бугарската историографија, убиството на Методија Шаторов го има извршено војникот Андреа Андреев.[671] Како најжесток

---

времето и од положбата во која се наоѓал трупот. Кога се има предвид дека починатиот бил во планина и времето е доста ладно тогаш распаѓањето на трупот одговара на смрт од 3-4 дена така што може да се земе дека починатиот живеел ако е ранет на 4 о.м – 5-6 дена". судско медицинскиот акт е потпишан од д-р Д.Попов и присутните Стојан Танев и Ива Царски, како и во присуство на I$^{-ви}$ судски истражител Иван Икономов. Стојан Николов Танев, Судско медицински акт, Л.ф. 876-2, 107 арх.ед.

[670] Во разговорот кој го водевме со Илија Стефанов во септември 2014 година во Пазарџик, во однос на преписот(копијата) од судско-медицинскиот акт, кој се наоѓа во архивот во Пазарџик, и кој успеваме да го добиеме, ни беше потврдено дека е веродостоен. Според неговото кажување, тој детално го има анализирно документот и има направено споредби од што заклучува дека копијата е автентична.

[671] Според двете изјави кои ги дава осудениот војник Андреа Ат. Андреев и изјавата на војникот Христо Пашов акцијата се случува кога четниот командир Бошков им заповедал на војниците од четата да се спуштат надолу по клисурата. При спуштањето во клисурата со војникот Христо Пашов здогледале партизан со пушка и бомба на околу 30-40 чекори од нив кој се обидел да пука накај нив, но пукал во празно. И двајцата возвратиле. Партизанот паднал ранет а во изјавата на Андреев се споменуваат и тројца подофицери од четата кои се приближиле кон ранетиот, му ја соблекле јакната, го пребркале по џебовите, му го зеле новчаникот и од него извадиле слика (сликата подоцна кружи меѓу војниците, но автентичноста на овој податок е дискутабилен. С уште постои сомневање дали тоа е слика на Шаторов и прашање е во такви конспиративни услови зошто би ја носел сликата со себе), по што Пашов му ја одзел бомбата и го прашал „ти што правиш овде и кој си" на што партизанот одговорил „ јас сум Бугарин". Пашов ја подигнал пушката и го удрил со неа и го опцул. Потоа заминале и во селото се пофалиле дека го убиле. Подоцна повторно се зема изјава од Андреа во која тој прераскажува за случувањата на Милеви скали и дава појасен преглед на настаните: „Јас бев војник во 1-ва митралеска чета во состав на 27 –ми полк...се спуштавме надолу кон селата за да се собереме. Јас, Христо Пашов, Ангел Риков се движевме по клисурата кон селата Симеоновец и Семчиново. Одејќи по клисурата го сретнавме подофицерот Лазар Лазаров, кандидат-подофицер Ангел Ругачев додека претресуваат еден партизанин каде се упативме и ние. Партизанот беше тешко ранет и умираше. Двајцата подофицери ги зедоа од него бомбата, пушката, пиштолот, новчаникот со слика. Тројцата, јас, Христо и Ангел тргнавме накај селото, а подофицерите останаа. Наскоро не пристигнаа

подржувач на оваа верзија е ген. Атанас Самарџиев. Тој смета дека Методија Шаторов е убиен од војниците и дека не постои мотив неговите соборци да се извршители на убиството. Сепак верзијата има премногу недостатоци. Уште повеќе што изјавите на испитаните војници не се поклопуваат помеѓу себе, особено околу новчаникот, сликата, оружјето на партизанот кој според изјавите на војниците пука со пушка, а за Шаторов се знае дека носи пиштол, а не пушка, понатаму се разликуваат изјавите и во делот на идентификувањето на забите. Дали бил златен како што тврди Ангел Рогачев или сребрен според Пешов, а според мислењето на заболекарката Веселка Стојанова нема начин во таква позиција некој да може да ги види забите на ранетиот.[672]

Останува сомнежот и дискутабилно е прашањето зошто било потребно да се даде нарачена изјава со цел да се идентификува убиениот партизан како Методија Шаторов и дали навистина Лазаров знаел дека тоа е Шаторов. И на крај, кому му беше потребно да ја експлоатира наивната фалба на војникот Андреев дека го убил Методија Шаторов и да го осуди.

Во јануари 1952 година бил испрашан и Владимир Бојаџиев, учесник во оружениот судир на Милеви скали, еден од последните партизани кој го сретнал ранетиот командир Методија Шаторов. Раскажува како при повлекувањето по правец кон Белово со уште еден соборец, го сретнуваат М.Шаторов: „Ја минавме втората клисура... Продолживме во насока на Белово паралелно на полето. По едно време слушнавме стенкање, застанавме и наслушавме. Наближивме до човек, застанавме до него од јужната страна, ако се има во предвид дека тој лежеше на стомак со насока на главата кон исток. Го прашавме кој е. Тој ја подигна главата и не запраша „вие кој сте“... Мојот другар му кажа: „Другар командир вие ли сте?“ Тој продолжи да стенка...Ве ранија ли? Тој кажа: „ да“ и кажа „ве молам дајте ми малку вода“. Ние не му дадовме бидејќи имавме во предвид дека е тешко ранет... Тој се обрна со молба накај нас да го убиеме...Сигурно проценил дека тоа ние нема да го направиме и н[illegible] замоли. „Ве молам другари дајте ми ја пушката јас да се самоубијам“. Ние и тоа не го направивме. Другарот го запраша „Што ви направија“, а тој одговори „ Ме

---

и тие. Кога слеговме во селото подофицерот Лазаров кажа дека тоа е Методи Шаторов. Тогаш јас се пофалив дека го убив –кое не беше точно. Кој стрелаше во Шаторов мене не ми е познато“.

И двете изјави на Анреев имаат многи противречности, не само помеѓу себе туку и споредени со изјавите на другите учесници на настаните. Според изјавата на Георги Велин кој заедно со Иван Белчелов се нашле при стрелбата кон партизанот за кој се претпоставува дека е Шаторов, Пашов стрелал кон него. Георги Велин и Иван Белчелов заминале од местото, а со партизанот останале Андреа и Пашов.

[672] Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов...*, 60.

ограбија. Другарот запраша: „Што ви зедоа?, а тој одговори „пиштолот, часовникот, новчаникот и кондурите". Јас го запрашав „накаде отидоа војниците", а тој одговори „по клисурата." Тој беше голем човек на раст не можевме да го земеме со нас. Тргнавме во насока југо-запад по клисурата со цел да најдеме наши другари и да се вратиме". Но не се вратиле.[673]

Во сведоштва и изјави дадени во 1951 пред органите на МВР, Стојан Попов изјавува дека после борбата не знаел каква е судбината на М.Шаторов, поточно не знаел дека е убиен с□ до донесувањето на трупот на Шаторов во Пазарџик. Меѓутоа изјавите од соборците го тврдат спротивното. Проф. Стоимен Дабов во изјавата го опишува повлекувањето на Милеви скали. На 6 септември кај нив доаѓа Стојан Попов и им соопштил дека М.Шаторов е мртов.[674] Кон тврдењето дека Стојан Попов сепак знаел за убиството на Шаторов оди во прилог и изјавата на Тодор Дабов- јатак на Методија Шаторов кај кого често се сокривал. Според неговата изјава на 7 септември околу ручек ги посетил С.Попов и им соопштил дека М. Шаторов е убиен. На Паправ Бивак каде партизаните после борбите требало да се соберат, се наоѓа уште еден јатак на Шаторов, Калофер Натов со уште 20-тина партизани кога С.Попов го коментирал убиството на М.Шаторов. Уште подискутабилна е постапката на С.Попов кој на 9 септември испратил извидница да го бараат Љ.Гумнеров на Милеви скали, а истото не го сторил и за Шаторов. Останува прашањето дали соборецот на Методија Шаторов, С.Попов е можниот убиец или соучесник во убиството на командирот на Зоната?

По 1950 во Бугарија, се формираат неколку комисии, со цел повторно да се покрене истрагата за убиство на Методија Шаторов.

---

[673] Во 1980 година, „Истражувачкиот оддел" при ОУ МВР Пазарџик, при Министерството за внатрешни работи на Бугарија, повторно го истражува случајот со убиството на Методија Шаторов и за таа цел е повикан Владимир Николов Бојаџиев, да даде изјава за она што се случило на Милеви скали. Бидејќи испитаниот заедно со уште еден соборец последни го виделе жив (барем така се претпоставува-б.м)на 4 септември ноќта после 22 часот. И оваа изјава се повторува како и претходната. Дискутабилно е зошто соборците-учесници на Милеви скали, иако знаеле дека станува збор за Командирот на Зоната, не направиле никаков напор да го спасат или пак да пријават дека с уште е жив но ранет, и соодветно да се реагира.Сепак да не се изуми дека станува збор за Командир на Зона. Протокол од распит гр.Пазарџик,13.09.1980 год. „Истражувачкиот оддел" при ОУ МВР Пазарџик, при Министерството за внатрешни работи на Бугарија, Државен архив –Пазрџик, Ч.П.17 Б, а.е.4 ; Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов...*, 49.

[674] Илија Стефанов во 1997 се сретнал со проф.Дабов и разговарал за настаните на Милеви скали настојувајќи да слушне некаква нова информација. Но проф.Дабов бил многу претпазлив и штедлив на зборовите така што И.Стефанов не успеал да дознае некој нов податок за Шаторов и за текот на борбата. Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов...*, 37.

По распитот на учесниците во случувањата на Милеви скали, партизани и војници, во 1952 година истрагата за можната вмешаност на Љубен Гумнеров во убиството на Методија Шаторов завршува. На 23 април 1952 година е изработен протокол, потпишан од 5 луѓе и потврден од заменик мининистеротна МВР генерал мајор Георги Кумбилив. Според Заклучокот од истрагата е констатирано дека Љубен Гумнеров не е убиецот на Методија Шаторов.[675]

Во архивот на МВР во Пазарџик се чува и друг документ – извештај составен на 25 ноември 1951 година од комисијата која била одредена да направи истрага и увид на местото. Комисијата била во состав: Љубен Данаилов Атанасов од државната безбедност во Софија, Костадин Дим. Атанасов –началник на Окол. управа на МВР-Пазарџик, Стојан Танев–секретар на Окол. комитет на БРП-Пазарџик, Давид Попов–лекар, Славчо Тумангелов-лекар, Георги Алексиев-бивш партизан. Во работата на комисијата учествувал и потполковник Атанас Семерџиев. Во протокол е опишано местото каде најверојатно е убиен Шаторов и постои скица направена од ген.Семерџиев. Во протоколот има записи како на пр.: „трупот каде е најден е наполно можно да биде убиен од внатрешен човек...местото каде што е најден трупот е на 20 чекори од местото каде се видени заедно со Гумнеров...куршумот веројатно е 9 мм...Љ.Гумнеров бил вооружен со парабелум-пиштол 9 мм...покојниот би можел да вика и да биде слушнат во близината...можел да направи придвижување на извесно растојание". Сепак е нејасно зошто во извештајот е запишано: „Умрел 24 часа после последното јадење. Кога според судско медицинскиот акт јасно е дека ранетиот Шаторов живеал 4-5 дена после ранувањето. Повеќето од констатациите во извештајот подоцна се отфрлени како неточни, иако дел од нив се земени во обзир".[676]

*

Методија Шаторов бил интернационален комунист, револуционер од висок ранг во целост предан на комунистичката идеја, изграден хуманист и човек кој го краселе прекрасни особини. Бил член на ЦК на БРП и член на ЦК на КПЈ. Познат по својата репутација и лојалност високо котирал во редовите на балканската комунистичка и

---

[675] Според И. Стефанов, анализата на документот укажува на бројни грешки не само граматички туку и објективни, оценки и наводи дадени без доволно аргументи што може да се протолкува како недоволна подготовка на истражителите или можеби во прашење се други причини. Илия Стефанов, *Убийството на Методи Шаторов...*, 50/51.

[676] Исто таму.

политичка фела и соработувал со раководителите на балканските комунистички партии и пошироко. Не сомневајќи се ниту за момент во личноста и револуционерната дејност на Методија Шаторов, во октомври 1941, Коминтерната и раководството на БРП го поддржува и го овозможува прифаќањето на Шаторов во Бугарија, вклучувајќи го веднаш во работата на БРП, доделувајќи му ги највисоките политички функции. Како командир на III ВОЗ-Пазарџик на 4 септември, само 5 дена од капитулацијата на Бугарија, Методија Шаторов е ранет на Милеви скали. Неколку дена подоцна им подлегнува на раните. Трупот на 15 септември 1944, е донесен во Пазарџик.

Бугарските воени и политички органи по војната спроведуваат неколку истраги, особено по 1950 година, кога формираат комисии во кои влегуваат не само стручни лица – експерти, туку и луѓе кои учествувале во собитијата на Милеви скали. Биле земени изјави и сведоштва од учесниците во настаните, биле правени анализи, но и покрај тоа, не успеваат да дадат целосен и објективен извештај за случувањата на Милеви скали. Карактеристично е што сите извештаи се полни со недоследности, па и невистини поврзани со убиството на Шаторов. Неизбежно се поставува прашањето колкав беше и дали воопшто имаше интерес од страна на бугарските државни органи вистината да излезе на видело за смртта на Методија Шаторов.

*

Постојат неколку верзии и дилеми за смртта на Методија Шаторов. Темата – убиството на Методија Шаторов е обработувана претежно од автори од бугарска проминенција за разлика од македонските историчари кои од веќе познати причини не биле во можност во целост да се посветат на една комплексна тема како што е енигмата Методија Шаторов.[677] Во однос на дилемите присутни се неколку:

1. Зошто беше потребно да се прифати борбата со далеку побројната бугарска војска на 5 дена од капитулацијата кога беше јасно дека Бугарија ќе капитулира, кога советските војски беа во непосредна близина;

[677] Според Тодор Балкански кој подолги години студиозно го има проучувано убиството на Методија Шаторов, постојат 18 верзии за можните сторители на убиството на Методија Шаторов. Додека пак кај Илија Стефанов кој исто така бил посветен на расветлувањето на убиството на Методија Шаторов и во таа смисла е објавена неговата монографијата „*Убийството на Методи Шаторов*“ постојат 3-4 верзии за неговото убиство. Сепак во објавената литература и на двајцата автори, не постои конечен одговор кој е убиецот на Методија Шаторов.

2. Според аутопсијата Методија Шаторов умира неколку дена по неговото ранување или на 8/9 септември. Пукано му е во грб и е погоден со 9 мм куршум од пиштол, а се осудува војник кој од оружје има пушка;
3. Андреа Андреев е војник во бугарската војска кој е обвинет за убиството на Шаторов и осуден на 15 години затвор, и покрај големите недоследности во истрагата;
4. Во последните мигови, при повлекувањето на Милеви скали со него се наоѓаат членовите на раководството на Штабот;
5. На 9 септември раководството од Партијата испраќа потерница да се бараат партизани од одредите, но истото не се прави за М.Шаторов;
6. Трупот му е пронајден и донесен во Пазарџик дури на 15 септември;
7. Вршени се повеќе службени истраги, но извештаите меѓу себе се контрадикторни и со многу противречности и недостатоци.

Според првата верзија: една од најчесто експлоатираните верзии, Методија Шаторов е убиен од војник/ци од редовите на бугарската војска во оружената пресметка на Милеви скали на 4 септември 1944. Како фактички убиец, бил посочен, обвинет и осуден на 15 години затвор, војникот Андреа Андреев врз основа на неговата наивна фалба дека тој го застрелал командирот на Зоната- Методија Шаторов. Доказите наведени во истрагата имаат голем број недостатоци и контраверзи кои и до денес не се расчистени.

Според втората верзија, убиецот на Методија Шаторов е соборец на Шаторов, човек кој заедно со него се повлекува на Милеви скали и во моментот кога се отвора оган и од страна на воската, му пукал в грбот. Причините кои како аргументи се наведуваат во интерес на оваа верзија се нетрпеливоста помеѓу самите раководители меѓу кои особено се истакнува Љубен Гумнеров, но постои можност истото да било извршено и од Стојан Попов па дури и Атанас Семерџиев.

- Причини во прилог на верзијата: нетрпеливоста меѓу самите раководители и борбата за позицијата на Шаторов.

Според третата верзија, убиството на Методија Шаторов го врши човек од Југославија или од неговата родна Македонија, директно нарачано од Јосип Броз-Тито. Како причина се наведува спорот помеѓу двајцата револуционери и осудата на смрт која

во тајност од страна на Тито и ЦК на КПЈ му била изречена на Шаторов за наводниот дефетизам, по спорот околу прашањето за припадноста на македонската партиска организација. Во интерес на објективното интерпретирање на настаните, а како аргумент во интерес на оваа верзија би ги додале и поединостите од дејноста на Јосип Броз со кои Шаторов бил запознат, па честопати во разговорите го напаѓал како англофил и човек со сомнителни буржуаски манири и постапки.

Интересна е изјавата на Илија Стефанов кој се сеќава на 1964 година, кога на 31 август на Милеви скали се собрале над 20 000 души од округот. Во чест на паднатите жртви на 1 септември бил откриен споменик кој и денес се наоѓа на врвот. На собирот присуствувале највисокиот воен и политички врв во Бугарија: Тодор Живков, Добри Џуров, Атанас Семерџиев и окружни раководители. Иако доста млад ги знаел деталите за собитијата и името на Шаторов. Тогаш за прв пат сосем случајно го слушнал разговорот на група од 5-6 души меѓу кои имало и воени лица. Деталите ги заборавил, но се сеќава дека спомнале за смртта на Шаторов дека бил погоден со куршум од оружје какво што немало ниту во полицијата ниту во војската?! Тоа не доведува и до верзијата дека убиството на Шаторов е извршено од луѓе на Јосип Броз, а нарачателот на убиството можеби е самиот Јосип Броз. [678]

Денес с□ почесто е присутна оваа верзија во која се даваат некои интерсни детали околу наводната вмешаност на Јосип Броз во убиството на Методија Шаторов. Имено се споменува дека за да се увери во смртта на Методија Шаторов, Јосип Броз го испраќа Светозар Вукмановиќ-Темпо и го задолжува да му донесе доказ-фотографија од мртвиот Шаторов. Телото на Шаторов било есхумирано и сликано од страна на Темпо. Видлива е

[678] При разговорот со Илија Стефанов го покренавме и ова прашање, можниот убиец на Методија Шаторов да доаѓа од редовите на КПЈ. Според него верзијата се појавува и во Бугарија но во неговата истражувачка дејност по ова прашање не наишол на сериозни докази кои би ја потврдиле. Одредени мислења дека наводниот убиец на Шаторов потекнува од Југославија се сретнува и кај сериозни историчари во Македонија, па и во разговорот воден со Перо Ивановски-Тиквар организациониот секретар на ПК на КПЈ за Македонија. Во разговорот што го водевме со Ивановски немаше демант за можноста убиството на Шаторов да било нарачано од Јосип Броз. Аналогно на ова се поставува прашањето доколку нарачателот на убиството е од Југославија, дали раководството на БРП па и самиот Георги Димитров се запознати и дали, евентуално, било одобрено од нивна страна како казна за наводно сторените „гревови“ на Шаторов во Македонија. Според анализата на досегашната литература се доаѓа до заклучок дека обвинувањето на Методија Шаторов од страна на Јосип Броз е провиден обид некои вистини од животот на Јосип Броз за кои несомнено Шаторов е запознат да бидат затскриени. Факт е дека двајцата револуционери се знаеле многу порано од 1940 година и знале доста поединости од револуционерната активност на секој поединечно, што е доволен мотив да не се исклучува можноста Јосип Броз да е можниот нарачател на убиството на Методија Шаторов.

сличноста помеѓу случајот Шаторов и случајот Благоја Паровиќ (како што Паровиќ бил убиен од главниот Титов егзекутор Беговиќ и сликан, така овде на ист начин се бара да се слика мртвото тело на Шаторов).

Како и да е, она што од анализите со сигурност може да се забележи е недоволната заинтересираност на сите засегнати страни и личности вистината да излезе на виделина. Несомнено во случајот се инволвирани воено-политички личности кои во комунистичка Бугарија се наоѓаат на моќни државни функции, и од позиција на сила имаат увид и можност, а секако и интерес да го контролираат текот на истрагите.

# ГЛАВА ШЕСТА

# МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ВО ИСТОРИОГРАФИЈАТА

## 6.1 Методија Шаторов во македонската историографија до 1991 година

Голем број научни работници-историографи, инспирирани и мотивирани од значењето на периодот во кој македонскиот народ се стекна со своја државност и национално признавање, во годините по ослободувањето, директно, а уште повеќе индиректно анализирајќи, толкувајќи и расветлувајќи го овој период, неизбежно биле условени да го опфатат и Методија Шаторов-Шарло[679] и неговата улога како политички секретар на партиската организација на Македонија.[680] И покрај тоа што Шаторов, во македонската партиска организација се наоѓа на највисоката политичка функција, сепак анализата на податоци укажува дека во периодот од 1945 -1995 година од околу 6.000 статии, реферати и научни трудови презентирани во македонската историската научна област и литература, само еден труд целно обработувал тематска соджина посветена на Методија Шаторов, насловена „Исклучувањето на Шарло од КПЈ“ од д-р Владо Иваноски.[681]

Како и да е, она што може да се забележи во македонскатаисториографија, до 1991 година, без исклучок,е оцената за опортунистичко-предавничката улога на Методија Шаторов.Од учебниците во основните, средните и стручните училишта па с□ до историската научна мисла и литература објавена од страна на МАНУ и високообразовните институции и институти, Методија Шаторов- Шарло дефинитивно бил етикетиран како „опортунист“ и „предавник“ на македонскиот народ,споменуван исклучиво во негативна конотација, одговорен за „националшовинистичките позиции кон колонистите во Македонија и српските другари“, за „злосторничка и антипартиска политика“, „залагањето за формирање на широк и обединет народен фронт“ и ред други обвинувања, како и најголемиот грев кој му се препишувал на Методија Шаторов за „неовластеното приклучување на партиската организација кон БРП“. [682]

---

[679] Методија Шаторов, во странската и домашната документацијата може да се сретне со неколку конспиритивни имиња: „Марко“, „Димо“, „Атанасов“, „Сава“, „Каталина“, „Пешо“, „Панталеј“, „Панајот“, „Бај Панајот“, „стариот Бугарин“ во југословенската историографија, а во македонската историографија како „Шарло“ и „Митре“.

[680] Методија Шаторов функцијата политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија ја извршува во периодот од април 1940 до септември 1941.

[681] Вера Гошева, Наташа Котлар, „Методија Шаторов-Шарло во македонската историографија“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, 311.

[682] *Историја на македонскиот народ*. Книга III. Периодот меѓу двете светски војни и Народната револуција (1918-1945) (Скопје: Институт за национална историја и НИП „ Нова Македонија“), 1969;

Денес македонската историографија не може да го игнорира фактот дека политичкиот интерес на владеачката структура во годините по ослободувањето, да се фризираат историските настани за наводно „повисоките интереси и добробит на нацијата“ било пресудно, нештата и настаните да добијат ново руво, украсено, селектирано и глорифицирано, па Методија Шаторов долги години во југословенската и македонската историографија да биде елиминиран и изолиран од секаква заслуга и почест,и етикетиран како предавник и злосторник на македонскиот народ, а неговите заслуги да бидат преземени и со нив да се красат и чествуваат други ликови.

Како што споменавме во македонската историографија до 1991 година, ретко се споменувало името на Шаторов, а уште помалку било анализирано местото и улогата на Методија Шаторов во интернационални рамки, особено ако се знае дека тој бил интернационален комунист, член на ЦК на БКП[683] и член на ЦК на КПЈ[684]. Забележливо е

---

*Историјски архив Комунистичке партије Југославије*, том VII, Македонија у Народноослободилачком рату и Народној революцији 1941-1944 (Београд: Историјско одељење Централног комитета КПЈ, 1951); *Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 – 1945*, Том I, Документи на Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Македонија 1941 – 1945, Книга прва, Документи на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија 6 април 1941 – 22 ноември 1942 (Скопје: Институт за национална историја, март 1968); Лазар Колишевски, *Аспекти на македонското прашање* (Скопје: Култура, 1969);Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. VII, крај на април – 28 ноември 1941 (Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1979); *Развојот и карактеристиките на Народноослободителната војна и на Револуцијата во Македонија,* Симпозиум, Скопје, 9-10 декември 1971 година (Скопје: МАНУ и ИНИ, 1973);*Скопје во НОВ 1941*, Материјали од научен собир (Скопје: Грдаски одбор на СЗБ од НОВ – Скопје, 1973*);* Михајло Апостолски, *Ослободителната војна во Македонија* (НИК Наша Книга 1974/1975); *Велес и Велешко во Народноослободителната војна 1941*, Материјали од Научниот собир „ Велес и Велешко во НОВ 1941“ одржан на 19 и 20 април 1972 година во Титов Велес, ( Титов Велес, Општински одбор на сојузот на здруженијата на борците од НОВ-Т. Велес, 1973); Владо Ивановски, *Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944* ( Скопје: ИНИ,1973); *Прилеп и Прилепско во НОВ 1941*, (Материјали од научниот собир одржан на 11, 12 и 13 декември 1974) ( Скопје: Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ-Припеп , Култура, 1976); *Прилеп и Прилепско во НОВ 1942*, (Материјали од научниот собир одржан на 13, 14 и 15 декември 1976), I и II книга, ( Скопје: Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ-Припеп , Култура, 1978); *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија*, Материјали од Научниот собир одржан 1,2 и 3 ноември 1979 година, I и II книга (Скопје: Комунист, 1980);Љупчо Арсов, *Сведоштва* (Скопје: Комунист, 1984); *Струмица и Струмичко во НОВ од 1941 до септември 1943 година*, материјали од научниот собир „ Струмица и Струмичко во НОВ од 1941 до септември 1943 година“ одржан во Струмица на 15,16 и 17 мај 1978 година (Струмица: Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ-Струмица, 1980); Lazar Mojsov, *BRP(k) I Makedonsko Nacionalno pitanje*, ( Beograd: IRO Narodna knjiga, 1980); Скопје во Народноослоодителната војна и револуција 1941-1945, Зборник на сеќавања, том I, книга прва, (Скопје: Архив на Скопје, 1984); Велимир Брезовски, *Комунистичката партија на Македонија 1941-1944*, Редакција Миле Михајлов, Тодор Чепреганов, Ѓорѓи Чакарјаневски (Скопје: ИНИ, 2003).

[683] Методија Шаторов е избран за член на ЦК на БКП на II илегална конференција на БКП одржана во Берлин декември 1927-јануари 1928. *Методија Шаторов – Шарло*, Документи и материјали, 46.

[684] Методија Шаторов е избран за член на ЦК на КПЈ на V конференција на КПЈ одржана од 19-23 октомври 1940, во Дубрава кај Загреб. Јосип Броз Тито, *Собрани дела*, т. VI, 323.

дека постои една голема празнина во документирањето на дејноста на Методија Шаторов додека бил отсутен од Македонија во периодот од 1918 година до 1939 година.

Тој е еден од раководителите на ВМРО(Об.)-одговорен за Пиринскиот дел на Македонија,[685] активист во редовите на Коминтерната[686] и близок соработник на генералниот секретар на Коминтерната - Георги Димитров[687]. Високо котирал во политичката елита и ја имал партиската доверба во комунистичкиот лагер за што сведочат бројните партиски задачи кои му биле доделени за извршување од БКП како и од Коминтерната. Лично се познавал со голем број комунистички дејци кои ја креирале политиката на комунистичките партии, а самиот бил активист во Германија, Советскиот Сојуз, Франција и Шпанија. Во материјалите на македонските и бугарските автори се споменува дека како инструктор престојувал и во Кина.[688]

По одржувањето на Седмиот конгрес на Коминтерната летото 1935 г. неколку месеци подоцна во најстрога тајност била одржана конференција во присуство на функционери и раководители на комунистичките партии меѓу кои присуствувал Јосип Броз, а се смета дека на истата присуствувал и Методија Шаторов.[689]Неизбежно се поставува прашањето: Од кога датира познанството помеѓу двајцата активисти и каков бил нивниот однос?[690]

---

[685] *Методија Шаторов – Шарло*, Документи и материјали,10,135-153.

[686] Исто таму, 39-50.

[687] Цола Драгойчева, *Такава е истината,* 68-71; Ристо Шуплиноски, *Шарло (монографски прикази и полемики)*, необјавен материјал, 59.

[688] Периодот на политичкото созревање и формирање на револуционерниот профил на Методија Шаторов се одвива надвор од Македонија кога тој се наоѓа во емиграција (1918-1939) претежно во Бугарија, но и во Германија, Советскиот Сојуз, Франција и Шпанија. Во истражуваната документација, објавена и необјавена, до посериозен податок за неговото престојување и политичка активност во Кина не наидовме па во однос на ова прашање ќе се задржиме само на претпоставка за негова можна активност.

[689] Карло Штајнер, *Повратак из гулага* (Загреб: Глобус, 1989), 176.

[690] Во периодот од февруари 1935 до октомври 1936 година Јосип Броз се наоѓа во Советскиот Сојуз каде активно учествува во политичкиот живот во разни органи и тела на Коминтерната. Како претставник на КПЈ остварува голем број на средби со активисти од повеќе европски земји, дојдени по повод одржување на VII Конгрес на Коминтерната, податок кој се среќава кајЈосип Броз, *Собрани дела*, т. III, 255-266. Меѓутоа во овој материјал не постои податок кој ќе укаже на можна средба помеѓу Методија Шаторов и Јосип Броз иако според истражувањата на Ристо Шуплиновски и според сеќавањата на Перо Ивановски-Тиквар (истите објавени во третиот фељтон во „Нова Македонија" под наслов „Дијалози за историските контроверзи" ) средба помеѓу двајцата активисти постоела.

Во *Шарло (монографски прикази и полемики)*, кое е необјавено дело на Ристо Шуплиновски, се нагласува дека Методија Шаторов во 1935 година во Москва присуствувал на супер тајна конференција. Од кога датира нивното познанство во македонската историографија, нема податок но со право се претпоставува дека двајцата активисти се имаат сретнато многу порано од доаѓањето и поставувањето на Методија Шаторов за политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија во април 1940 година. Особено што според истражувањата на публицистот Шуплиновски и кажувањата на Перо Ивановски, Методија Шаторов

Во истиот период во Москва како член на југословенската делегација на КПЈ се наоѓа и Никола Оровчанов, кој учествува на седниците на Балканскиот секретаријат на Коминтерната (БЛС-Balkanländersekretariat).[691] Македонската историографија нема дадено податоци ниту пак до сега е истражувано можното познанство и партиска соработка помеѓу двајцата Македонци која неминовно морала да постои.

Колку голем бил стравот да се спомене името на Методија Шаторов и опасноста да не бидат обвинети за „шарловизам" говори и молкот на Димитар Влахов во неговите *Мемоари* дали намерно или случајно, па не само што испуштил да ја спомене благодарноста за помошта, која во еден од најтешките мигови му ја пружил Методија Шаторов, туку воопшто не го ни споменува.[692]

С□ уште нема научно објаснување, а македонската историографија не зазела конечен став и по прашањето по чии насоки и ингеренции Шаторов доаѓа во Македонија?

За жал, до 1991 година, односно до осамостојувањето, само таксативно, сосем површно, без подлабока научна анализа се споменува учеството на Методија Шаторов во БРП(к) и токму таа неговапозиција во бугарското комунистичко движење и Партија, се наведува како главен мотив за неговата наводно „бугарска" определба, обвинувајќи го за обидот за поврзување на МПО со БРП(к) и уште повеќе придодавајќи му бугарска национална свест. Почнувајќи од осудата изречена од Јосип Броз на 24 јули 1941 година во која „постапката на стариот 'Бугарин' [Методи Шаторов Шарло], што беше одговорен пред ЦК КПЈ за работата во Македонија, се покажа не само антипартиска, туку и контра-револуционерна..." обвинувањата ќе бидат „допрецизирани" со изјавите на неговите

е заменик директор во хотелот „Лукс" во Москва каде се собирала политичката елита и функционерите на Коминтерната од целиот свет, а каде престојува и Јосип Броз Тито. (пошироко во хронологија во Јосип Броз, *Собрани дела*, т. II, 317 и Јосип Броз, *Собрани дела*, т. III, 255-266);. Архив на ИНИ „ Велимир Брезовски", ф. Вера Ацева, Сл. IV 1128/1. 14;Ристо Шуплиновски, *Шарло (монографски прикази и полемики)*, 68.

[691] Никола Оровчанов (Сандански) е македонски револуционер, комунист, роден во Велес кој се школува во Москва, а 1933 година е испратен на партиска задача во Вардарска Македонија како инструктор во македонската партиска организација. Трагот му се губи по 1934 година кога поради провалата од 1933 година е приморан пак да замине од Македонија. По враќањето во СССР, се претпоставува дека бил елиминиран во познатите сталинови чистки. Ристо Шуплиновски, цитираниот труд, 66; Г. Зографски и Димче А. Зографски, *КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930,* 125/126.

[692] Густав Влахов сеќавајќи се за тие денови ќе раскаже „По нешто повеќе од една година во Москва дојдоа и моите родители. Кога н видоа како живееме и каде живееме, а Илзе (сопруга на Густав Влахов-б.м) беше бремена, подоцна мајка ми раскажуваше, дека татко ми заплакал. Тој доби соба во „Лукс" (сега хотел „Централнаја") и со помош на Методија Шаторов Шарло успеал да издејствува да добиеме една поголема соба, од 27 квадратни метри, и една помала, од четири метри квадратни, која порано била бања. Така, тука се сместивме ние петмина и домашната помошничка. Повеќе за ова кај Густав Д. Влахов, *На пресвртница* , како ја видов и доживеав 1948. (Скопје: НИО „ Студентски збор" 1990), 21.

сопартијци кои ставени пред „чесниот“ и „праведен“ суд на штотуку формираната македонска федерална единица во рамките на Народна Федеративна Југославија, беа принудени да дадат изјави во кои ќе го дооцрнат ликот и делото на Методија Шаторов. Веќе од позиција на македонски лидер, на Лазар Колишевски ќе му се укаже шанса во политичкиот извештај поднесен на Првиот конгрес на КПМ во 1948 година, да го зацементира местото на Шаторов во македонската историја и историографија и да даде насока како треба понатаму да се пишува за него.[693]

Периодот на дејствувањето на Методија Шаторов како политички секретар на ПК на КПМ е познат на македонските историографи и научни работници, иако долги години неговата улога во македонското комунистичко движење била селектирана, игнорирана, а неговите заслуги биле едноставно ампутирани.Во времето кога Методија Шаторов е политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија, македонската партиска организација доживува политичка ренесанса во секој поглед и се етаблира како сериозен политички фактор во земјата. Сепак во македонската историографија се настојува неговата заслуга да се занемари, дури и да му се одземе, одејќи во една крајност Методија Шаторов да се нападне за опструкции во активностите на македонските комунисти. И покрај тоа што прогласите, летоците, заклучоците и резолуциите на ПК во/на КП на Македонија се објавени во *Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 – 1945*, Том I, Документи на Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Македонија 1941–1945, Книга прва, Документи на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија 6 април 1941 – 22 ноември 1942, и се знаело дека се напишани од Методија Шаторов, и покрај јасната македонска национално-обединителна линија и свест на Методија Шаторов, неговиот повик за борба на македонскиот народ за своја слобода, национално признавање и државност, тие беа толкувани како национал-шовинизам и со цел, и на начин, како најубедливо да биде обвинет Методија Шаторов. Резолуцијата и заклучоците во неа, донесени на Покраинската партиска конференција од 8 септември, е единствената национално обединителна програма на македонските комунисти и македонскиот народ, со јасно дефинирана и чиста македонска линија. Не постои ниту пробугарско, просрпско ниту пак прогрчко влијание во програмата, прочистена е од секаква пропаганда и надворешно

---

[693] Лазар Колишевски, *Аспекти на македонското прашање,* 167.

влијание. И покрај сета пожртвувана работа на МАКЕДОНЕЦОТ Шаторов, тој не смееше така да се толкува, им беше забрането на неговите сопартијци така да размислуваат. Вера Ацева ќе истакне: **„Прво другари, ако се чита писмото на Методија Шаторов-Шарло, напишано по распуштањето на Покраинскиот комитет и неговото сменување од секретар на ПК КПЈ за Македонија во 1941 година доновиот ПК, ако се чита внимателно и ако се гледа со политичко око , ќе се види дека тој длабоко во душата е Бугарин. Тој говори за Македонија, но говори во поттекстот –бугарска Македонија, бугарски Македонци. Не го споменува зборот бугарски, но тоа му е во душата**(болдирано С. Н.)".[694] Оваа изјава на Вера Ацева ќе им даде несоборлив „адут" и „доказ" на нашите соседи од Бугарија, при секое споменување и дебатирање во врска со националната определба на Шаторов, да се повикуваат токму на неа.

Многу слична е состојбата и во однос на утврдувањето на вистинското место и улога на Методија Шаторов во однос на национално - револуционерна дејност во ВМРО (Об.),или поточно неговото игнорирање, иако темата по своето значење е од суштинска важност за утврдувањето на текот и развојот на македонското национално револуционерно движење и признавањето на македонската нација и јазик. Не постои никакво двоумење за неговата улога во ВМРО (Об.) во Пиринскиот дел на Македонија. Епохална е неговата и заслугата на Васил Ивановски кога во 1935 година заедно со Методија Шаторов влегуваат во раководството на Областниот комитет на ВМРО (Об.) во Пиринскиот дел на Македонија и го актуелизираат прашањето за постоењето на македонската нација како различна од останатите балкански нации.[695] И покрај сето, во македонската историографија, односно кај проф.д-р Даринка Пачемска, во монографијата *Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета)*, Методија Шаторов се споменува попатно и површно без подетално и постудиозно проучување,[696] како што е случајот и во *ВМРО (Обединета)*, Документи и материјали, книга II, во избор редакција и

---

[694] *Скопје во НОВ 1941*, Материјали од научен собир..., 378.

[695] Во раководството на Областниот комитет на ВМРО (Об.) во Пиринскиот дел на Македонија. учествувале Методија Шаторов кој е одговорен за организациониот оддел, Асан Чаракчиев кој работи со младината. На Васил Ивановски му е доделен оделот за пропаганда и агитација и тој сушност е теоретичарот на ВМРО (Об.) и еден од редакторите на в. „Македонско знаме". Четвртиот член во ОК на ВМРО (Об.) за Пиринскиот дел на Македонија бил Христо Калајџиев кој бил задолжен за масовна работа меѓу емиграцијата, а за техничкиот дел одговарал Арсо Поптодоров. *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, Том втори..., 928; Дечо Добринов, *ВМРО (Обединета)*, 226.

[696] Даринка Пачемска, *Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета)*, (Скопје: НИО „Студентски збор", 1985), 104,159.

коментар на академик Иван Катраџиев каде Методија Шаторов е скоро целосно игнориран.[697]

Оттука неизбежно произлегуваат неколку круцијални прашања на кои македонската историографија до 1991 година нема дадено објективни, туку крајно селектирани и политички исконструирани одговори, потпирајќи се единствено на обвинувањето на Јосип Броз без при тоа да бидат земени во предвид воено-политичките моменти и условите на ПОВРЗУВАЊЕ, како настана истото и под чија директива, по сопствена одлука на Шаторов, БКП или Коминтерната.

До осамостојувањето на Македонија не постојат податоци кои го обработуваат периодот на Методија Шаторов по неговото заминување во Бугарија каде се вклучува и раководи со комунистичкото и антифашистичкото движење во Бугарија. На 4 септември 1944 г. само неколку дена од капитулацијата на Бугарија во с уште неразјаснети околности кај месноста Милеви скали е убиен. Исто како и за животот, таков молк владееше во историографијата и за смртта на Методија Шаторов.[698]

Во шеесетите и седумдесетите години на XX век македонските научни работници-историографи, се најдоа пред нова задача. Наредните дваесетина години беа направени реконструкции на сите позначајни настани, конференции и советувања на македонската партиска организација, ПК на КПЈ за Македонија како и реконструкции на работењето на месните комитети врз база на сеќавањата на с уште живите учесници. Скоро во сите градови во Македонија беа организирани и одржани научни собири во соработка на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ и научните институции, на кои беа изложени реферати токму од областа на Народноослободителната војна и револуцијата. Она што е очигледно и може да се забележи во исказите и сеќавањата на сведоците, е одредено отстапување во исказите, во зависност од временската рамка кога се давани, како и забележливото глорифицирање на одредени настани и ликови, а занемарување дури до степен на искривување на вистината за одредени случувања и револуционерни ликови, кои не се вклопувале во општата слика на победничката пост-револуционерна гарнитура.

И покрај огромниот притисок, во колективната меморија сепак не можеше да се избрише вистината за Методија Шаторов, па едно по едно прашањата полека излегуваа на

---

[697] *ВМРО (Обединета)*, Документи и материјали, книга II, избор редакција и коментар Иван Катраџиев.[697] (Скопје: ИНИ - Скопје, 1992), 356.

[698] *Методија Шаторов – Шарло*. Документи и материјали, 18.

површината и бараа одговори. Меѓу првите беше потребата јавно да се проговори за Скопскиот партизански одред формиран на 22 август 1941 години, кој долги години се премолчуваше. Зошто и кому пречеше вистината за него и што докажуваше неговото постоење? За веднаш потоа да се надоврзе и вистината за Покраинската конференција одржана на 8 септември 1940 година како и резолуцијата усвоена на самата конфренција. Кој ја напиша и што таа всушност значеше за македонскиот народ. И кому му пречеше куќичката каде беше одржана, што таа докажуваше, па се срамни со земјата со цел да и се изгуби секаков траг.[699]

Дискутабилно е и прашањето зошто во македонската историографија не се експлоатираше пораката која Методија Шаторов ја упати во неговото „Писмо до Стојана". Ако само површински, дури и бегло се прочита, а не да се анализира, ќе биде повеќе од јасна неговата националната определба и неговиот став за бугарската окупација на Македонија и тоа без никаква дилема.[700]

Гревот и главната осуда на Шаторов сепак доаѓа по моментот на поврзувањето на партиската организација со бугарскиот ЦК. Методија Шаторов е осуден и во октомври 1941година заминува од Македонија. Го остава партиското членство со бројност од околу 740 члена за разлика од затекната состојба во 1940 година од само 200 членови. И повторно тема за дилема. Чија е заслугата на повеќе од дупло згоеменото членство и спремноста на тоа членство да излезе во партизански одреди? Денес не можеме да се согласиме дека заслугата му припаѓа на новиот ПК и на Лазар Колишевски,колку и да се настојувало нештата да се глорифицираат и (не)историски да се прикажат.[701]

[699] Архив на ИНИ „ Велимир Брезовски", ф. Вера Ацева, Сл. IV 1128/1. 73/74.

[700] *Извори*, т. I, кн. 1, 13-18.

[701] Спремноста на 12 македонските партиски организации во септември/октомври 1941 година да исфрлат партизански одреди, е единствено заслуга на Методија Шаторов и членовите на Покраинскиот комитет. Тие со максимални напори вложувајќи се себе целосно во македонската организација, успеаја тројно да го зголемат членството, да го кренат моралот во Партијата и да наметнат единствена и крајна цел **дека Комунистичката партија во Македонија ниту за момент не се откажала од својата крајна цел полно ослободување и рамноправност на Македонија-дури до барањето, до отцепување во самостојна државна заедница"** (болдирано С. Н.). Ваквиот став, чиј идеен творец и промотор бил политичкиот секретар Методија Ш. Шарло, го претставува фундаментот на националната обединителна државотворна програма на народноослободително движење и стремежот на македонскиот народ. *Документи и материјали 1921-1941*, том I, книга 2...381/382.

## 6.2 Методија Шаторов во македонската историографија по 1991 година

Корекцијата во поглед на расветлувањето и правилното толкување на местото и улогата на Методија Шаторов во македонското национално-ослободително движењеи во настаните кои се случија летото 1941 година, започнува во текот на 80/90-те години од минатиот век, кога сеобјавуваат сеќавањата на учесниците за споменатиот период. По објавувањето на мемоарите на Цола Драгојчева, *„Повела на дълга"*, а подоцна и останатите нејзини дела,[702] се создаде можност да се отвори дискусија во однос на нејзините ставови искажани во мемоарите. Прв кој се произнесе по нејзините мемоари беше Светозар Вукмановиќ –Темпо кој истово своите мемоари *„Револуција која тече"*, а подоцна и во *„Борба за Балканот"* ќе се најде повикан да разјасни некои нејзини толкувања во врска со Македонија.[703] Во дискусијата се вклучува и Лазар Колишевски со неговата веќе објавена *„Аспекти на македонското прашање"*[704] и Вера Ацева, со *„Писмо до Темпо"*,[705] а потоа и Антун Колендиќ со своите работни документи и истражувања објавени во *„Bjele mrlje makedonske povjesti"*,[706] сакајќи секој од нив од своја перспектива да ги дообјаснат работите.

Сепак како посериозен почетокот за преоценување на улогата на Шаторов е направен со излегувањето од печат на книгата сосеќавања на Вера Ацева, насловена како *„Писмо до Светозар Вукмановиќ- Темпо"*, во која таа не само што побива некои порано искажани сопствени мислења и толкувања во врска со Методија Шаторов, туку преку една дискусија таа ги конфронтира своите со искажаните ставови на Темпо, Лазар Колишевски и Цола Драгојчева. Во врска со актуелните теми таа ќе истакне: „Она што го пишува Драгојчева дека поврзувањето на ПК КП во Македонија со ЦК БКП станало на иницијатива и на барање на Шарло не е вистина. Обратно, според она што јас го знам тоа

---

[702] Цола Драгойчева, *Повела на дълга*, (спомени и размисли), ( София: Партиздат, 1972); *ЩурмътПовела на дълга*, книга 2, (спомени и размисли), (София: Партиздат, 1975); *ПобедатаПовела на дълга,* книга 3, (Спомени и размисли), (София: Партиздат, 1979); *Из моите спомени, На класови и интернационалистически позиции,* (София: Партиздат, 1979); *Такава е истината,* (София: Партиздат, 1981).

[703] Svetozar Vukmanović Tempo, *Revolucija koja teče*, Memoari, knjiga I, II, ( Beograd: Komunist, 1971); *Борба за Балканот*, (Скопје: Мисла, 1982).

[704] Лазар Колишевски, *Аспекти на македонското прашање*, (Скопје: Култура, 1962); Драган Кљакиќ, *Времето на Колишевски*, редактор и превод од српски Мирко Миронски, ( Скопје: Матица Македонска, 1994).

[705] *Писмо до Светозар Вукмановиќ- Темпо*, (8 април 1988 година, Скопје ), (Скопје: Култура, 1991).

[706]Антун Колендиќ, *Белите дамки на македонската историја* , (прв пат објавено Dr. Anton Kolendić, *Bjele mrlje makedonske povjesti*, "Start magazin", Zagreb, No. 537, 19.8.1989, 50-55) https://www.marxists.org/makedonski/kolendik/1989/beli-damki.htm.

поврзување стана на иницијатива и по барање на ЦК БКП, што на Цола Драгојчева бездруго, ќе и е добро познато. Дали и каква улога имала Коминтерната во тоа, не знам...".[707] Понатаму продолжува: „...Во СФРЈ по ослободувањето е раширено мислењето за Македонија и македонските комунисти во 1941 година дека постојал еден предавник на македонскиот народ, Методија Шаторов – Шарло, и друг спасител Лазар Колишевски, зашто донекаде и ти Темпо пишуваш. Всушност, ниту Шаторов е таков предавник каков што се прикажува, уште помалку Колишевски е спасител на Македонија и македонскиот народ, како што и ти се мачиш во книгата 'Борба за Балканот' да го прикажеш, особено денеска, кога можат да се прочитаат и кога ќе се согледаат и споредат другите работи, сликата е сосема поинаква од онаа која што е раширена...",[708] а во однос на Шарло ќе истакне: „...Ти Темпо подобро од мене знаеш дека Шаторов без оглед на грешките што ги направи и сеедно што беше коминтерновски човек, тој не беше случаен во Партијата. Па тој беше Македонец, родум од Прилеп, според кажувањата на неговата сестра тука и се формирал како комунист. На околу 22-23 годишна возраст пред теророт и апсењата што ги вршела големосрпската полиција, околу 1919-1921 година,пребегал во Бугарија...".[709]

Оваа дискусија ќе даде можност, по осамстојувањето на Македонија да започне процесот на историска и политичка рехабилитација на Методија Шаторов.

Во тие рамки може да се спомени и еден скромен обид од страна на ген.Михајло Апостолски за промена во некои свои еднострани и крајно инструирани размислувања за Методија Шаторов дадени во„ *Историја на македонскиот народ*", Книга III, од 1969,[710] во која се вели дека „Шарло е недораснат на извонредно сложената ситуација во Македонија" што го довело „во ситуација да направи повеќе погрешни потези...Основните погрешни потези на Шарло се од организациона и политичка природа". Мала корекција и отстапување од оваа карактеристика за Шаторов ќе биде дадена во рефератот „Скопје во подготовките за востание 1941" објавен во зборникот „*Скопје во НОВ 1941*",[711] во 1973 година кога за активноста на Шаторов ќе истакне: „Тој проблем засега да го оставиме за една посебна студија која ќе мора да ги земе предвид сите околности во кои тогаш се најде

[707] Вера Ацева, *Писмо до Темпо*, 86.
[708] Исто таму, 91.
[709] Вера Ацева, *Писмо до Темпо*, 97.
[710] *Историја на македонскиот народ*. Книга III. Периодот меѓу двете светски војни и Народната револуција (1918-1945) (Скопје: Институт за национална историја и НИП „ Нова Македонија"), 1969.
[711] *Скопје во НОВ 1941*, Материјали од научен собир (Скопје: Грдаски одбор на СЗБ од НОВ – Скопје, 1973).

ПК КПЈ за Македонија. Потоа, мора да се испита притисокот што е вршен од страна на БРП(к) врз македонското раководство. Но, исто така, посебно е важно и значајно, дека без увид во документацијата на Коминтерната и во документацијата на бугарската партија по тој проблем, тешко би можеле целосно да ги согледаме и разоткриеме причините за таквото држење....Но, засега да се задржиме на веќе дадените констатации и оцени (од повеќе автори и форуми)“.[712]

И веќе по 1991 година, Ристе Бунтески-Бунте започнува да ја препрочитува постоечката документација и да излегуваат од печат неговите први дела, статијата „Активноста на Методија Шаторов во ВМРО (Об.) “објавена во 1998 година во зборникот „*70 години ВМРО (Об.) 1925-1995 година*“, со приказ на активноста на Методија Шаторов пред доаѓањето во Македонија.[713] Подоцна излегуваат неговите „*Полемики*“ I, II и III во кои прави анализа на состојбата и причините кои доведоа до кризата летото 1941 година, преку еден критички осврт на сите релевантни чинители, давајќи сосема поинаква слика за Методија Шаторов и неговата улога во македонското национално-ослободително и револуционерно движење, следејќи го неговиот развоен пат преку активностите на Шаторов во ВМРО (Об.) во Пиринскиот дел на Македонија, па с□ до неговото трагично загинување во 1944 година.[714]

Веќе во „*Македонскиот историски речник*“, објавен 2000 година, за прв пат, акцентот не е ставен на сторените грешки на Методија Шаторов, туку на неговата национална дејност од 1940-1941 година.[715]

За разлика од предходното толкување во „*Историја на македонскиот народ*“ од 1969 година, корекција е направена и во „*Историјата на македонскиот народ*“, том 5 од 2003, и во неа на ликот и делото на Методија Шаторов му е отстапено поголемо место во

[712] Цитирано според „Вера Гошева, Наташа Котлар, „Методија Шаторов-Шарло во македонската историографија“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, 311.

[713] Цитирано според „Вера Гошева, Наташа Котлар, „Методија Шаторов-Шарло во македонската историографија“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, 312.

[714] Прв автор кој во македонската историографија го прекрши молкот и на повторно разгледување ја стави негативната оценка за ликот и делото на Методија Шаторов е публицистот Ристе Бунтевски Бунте. Види поопширно во Ристе Бунтески-Бунте, *Методија Шаторов- Шарло (политички ставови)*(Скопје: Друштво за наука и уметност- Прилеп, 1996); Ристе Бунтески-Бунте, *Полемики* ( Ванчо Николовски: „НОВ без догми 1941-1942)“, Васил Ивановски: „ Зошто ние Македонците сме посебна нација“, Славко Милосавлевски : „Југословенските социјалисти-комунисти и македонското прашање (1918-1945), Лазар Лазаров: „Општествено-економскиот развој на НР Македонија“) (Прилеп: ДНУ, 2003), *Полемики II*(Прилеп: ДНУ, 2006), *Полемики III* (Прилеп: ДНУ, 2010).

[715]„Вера Гошева, Наташа Котлар, „Методија Шаторов-Шарло во македонската историографија“, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, 313.

темата со наслов „Почеток на вооружената борба во 1941 година“.[716] Таму е проследена неговата активност од февруари 1940 до неговото исклучување во октомври 1941 година. Терминолошкото оценување на Методија Шаторов се разликува од крутите ставови во предходната историја и овде веќе е претставен како „ интернационален револуционер“, кој ги застапувал македонските национални интереси, кој бил продолжена рака на Коминтерната и на БКП, т.е. на Горги Димитров, така што се однесувал во согласност со нивните директиви“.[717]

Понатаму се сретнува и одредена разлика и во толкувањето на активноста на покраинското раководство на чело со Методија Шаторов Шарло кое сега веќе се смета дека „го застапувало мислењето за самостојно водење на борбата, без директно влијание на ЦК на КПЈ како единствен пат за слободна и целосна Македонија“.[718]

За одбележување е иницијативата на академик Блаже Ристовски кој во монографијата „*Столетија на македонската свест*“ во 2001 година, повикува да му се „најде предното место на корифејот на македонската национална мисла и акција од тоа време Методија Шаторов-Шарло и да ги расплете историските околности во кои беше преземено македонското ослободително дело“.[719]

Во 2005 година иако пропратен сополитички отпори и осуди за „повампирување“ на шарловштината, Институтот за национална историја во соработка со Македонската академија на науките и уметностите, организираа научен собир посветен на ликот и делото на Методија Шаторов-Шарло и прави обид делумно, научно да го рехабилитира. Меѓутоа, притисокот на кој наишле организаторите и после половина век од актуелните случувања, во голема мера потврдува за големината и моќноста на делото на Методија Шаторов, и обидот и после толку години неговиот придонес во македонското национално-ослободително движење да се неутрализира. Општата карактеристика на Научниот собир беше с□ уште актуелната поделеност во мислењата на учесниците.[720]

Во тие рамки беше завршен и процесот на дешифрирање на содржината на документот „Извештајот на Методија Шаторов-Шарло до Извршниот Комитет на

[716] Исто таму.
[717] Исто.
[718] Исто.
[719] Исто.
[720] Види повеќе во *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944)*, ( Скопје: ИНИ, 2007), 7, 337-367.

Комунистичката интернационала од 16. 9. 1941 година", од страна на проф. д-р Миле Михајлов и во 2006 година беше објавен под наслов „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година",[721] со што на истражувачите и проучувачите на оваа тематика им беше понудена можност, заклучоците во однос на комплексната тема „Методија Шаторов" да ги компарираат и базираат, вклучувајќи ја и анализата дадена од страна на Методија Шаторов и неговото дообјаснување на настаните.

Во 2012 година е објавен зборникот*Методија Шаторов-Шарло*, документи и материјали под редакција на проф. д-р Зоран Тодоровски во соработка на Ристе Бунтески-Бунте кој преку мноштвото документи ја дообјаснува реалната слика и личниот и професионален профил на Методија Шаторов.[722]

Благодарение на општествените текови кои ги зафатија балканските држави од социјалистички лагер и промените кои настанаа во полето на историографиите, голем број на архивски документи го тргнаа превезот на тајноста и станаа достапни за научно проучување.

### 6.3 Методија Шаторов во бугарската историографија

По завршувањето на спорот помеѓу двете балкански комунистички партии, и донесената одлука на Јосип Броз за исклучување на Методија Шаторов од КПЈ и одземање на функцијата политички секретар, Методија Шаторов заминува во Бугарија. Таму ја продолжува својата животна приказна и веднаш се вклучува во партискиот живот во БРП. Бугарската комунистичка партија свесна за квалитетите на овој интернационален комунист и патриот го вклучува во партиската работа и станува активен член на ЦК БРП. Извршува низа задачи кои му биле доделени, од политички и воен карактер и бугарската историја и историографија го забележала како голем револуционер и масовник обдарен со прекрасни човечки особини. Како резултат на неговата политичка и воена активност, неговите сопартијци и современици, подоцна преку објавувањето на своите спомени ќе одделат респективно место за Методија Шаторов.

[721] „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16.9.1941 година", Гласник на ИНИ, год. 50, бр. 1,( Скопје, ИНИ, 2006). 195-205.

[722] Методија Шаторов-Шарло, документи и материјали , избор, преговор, редакција д-р Зоран Тодоровски, соработник Ристе Бунтески-Бунте, ( Скопје: ДАРМ, Македоника Литера, 2012).

Првите спомени од дејноста во Бугарија се среќаваат во бугарските истории и во објавените сеќавања на Цола Драгојчева. Таа го опфаќа неговиот партиски стаж од 1941 па с□ до крајот на 1943 година, кога Методија Шаторов заминува како командант на III ВОЗ во Пазарџиската област. Во нејзините описи и сеќавања за ликот и делото на Методија Шаторов, може да се воочи жестокоста со која Драгојчева го брани революционерниот профил на Методија Шаторов во конфликтот со Лазар Колишевски. Тој најпогрдно ќе го нападне Методија Шаторов при неговото одење во Софија за расчистување на спорот меѓу двете компартии, како и БКП, истакнувајќи дека тие се : „... непоправливи опортунисти! А плус тоа изгледа против нас се сместил стариот бугарин Шарло-предавник, непријател и саботер...и ништо чудно токму кај вас да ги пронашол своите покровители и инспиратори". Во контекст на овие обвинувања Цола ќе истакне: „бев поразена и огорчена до дното на душата и уште повеќе кога Колишевски истури порој од обвиненија и клевети насочени кон Методија Шаторов ...Со што всушност тој ги заслужил овие отровни и тешки обвинувања кого сите ние го познававме и високо го ценевме како прекрасно подготвен искусен и прекален комунист- интернационалист, кој ги има докажано своите квалитети во десетлетните класни битки кај нас во Шпанија и во Франција? И бевме убедени исто така дека Шаторов ја има целосната доверба дадена од Коминтерната и лично од Ѓорѓи Димитров, со чија препорака беше испратен да раководи со ПК на Македонија. Можно ли е токму таков раководител да биде ' предавник, непријател и саботер?' И уште, може ли да се допушти дека деец од таков ранг воспитан во Димитровската воена школа навикнат со годините да го носи смртниот ризик на борбата, способен да ја преземе полната одговорност за своите зборови и дела сега во ваков важен момент за судбината ... да се служи со невистини".[723]

Во бугарската историографија, која го обработува овој дел од животот и револуционерната активност на Методија Шаторов периодот (1941-1944), Шаторов се среќава и во документацијата се препознава под псевдонимите „Панајот", „Бај Панајот", „Панталеј", „Пешо".[724] Тоа била нормална конспиративна постапка на која бил навикнат Шаторов, па токму Цола Драгојчева високо ценејќи ја неговата способност за конспирација ќе истакне: „Методија Шаторов Панталеј чекори покрај мене со широк и

---

[723]Цола Драгойчева, *Такава е истината,* (София: Партиздат, 1981), 68-71.

[724] Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма.* Просопография на Стариот Бугарин, (Велико Търново: *"Знак '94 "*, 2006), 246-250.

рамномерен чекор на стар планинар, но спротивно на обичајот, молчи или го загубил вообичаеното чувство за смеа или весели париски сеќавања. Облечен во туристичка облека, имаше благонадежен изглед на софиски интелектуалец кој ја извел сопругата на празничен излет кон Витоша. Едвај некој полициски агент би можел да се посомнева дека во големиот ранец меѓу туристичкиот прибор, храна и конзерви на елегантниот излетник се кријат два заледени броунинзи (пиштоли-б. м.), а во страничните џепови на ранецот оддолу под ровко сварените јајца се наоѓаат неколку јајцевидни одбрамбени бомби... Фотографијата на Методија заедно со наредбата за негово затворање беше распространета во билтенот на полицијата на почетокот на годината, а мојата после бегството од концлогорот во Асеновград ... Навистина се потрудивме фотографските изгледи да ни се разликуваат од оригиналите (Методи- со пуштени широки гарвано-црни мустаќи)“.[725]

Не била помала неговата способност ниту кога станувало збор за организирање на супер тајни средби и конференции во присуство на највисокото партиско раководство, па Цола Драгојчева ќе истакне: „...Мала тревна тераса, затскриена во старата манастирска гора, тоа беше местото на нашето заседание. На прв поглед се гледа дека тоа е избрано од искусен конспиратор- Шаторов...сокриено од туѓите очи, настрана од секакави туристички патишта и патеки и едновремено заштитено од задгрб, местото не само што исклучува секакви изненадувања, туку и претставува одлична можност за набљудување“.[726]

И во спомените на Елена Майеркарактеристична црта на Методи Шаторов „беше способноста да ги чува кадрите од ударите на полицијата. Тој н□ учеше како да го рашириме кругот на становите кои ги користевме за партиски потреби, да се задржуваме во нив што е можно пократко време за да не предизвикаме сомневање. Неможам, а да не изразам восхитување од тој исклучително талентиран раководител, баран од полицијата, но до крај не фатен“.[727]

Методија Шаторов во бугарската историографија од страна на неговите сопартијци и соборци е оценет со највисоки оценки и е дочекан со непосредна и искрена гостопримливост.

[725] Цола Драгойчева, *ПобедатаПовела на дълга,* книга 3, (Спомени и размисли), (София: Партиздат, 1979), 7.

[726] Исто таму, 18.

[727] Спомени на Елена Майер 26 август 1964, Пазаржиски окръжен държавен архив, Ф. 876, оп. 2, арх. ед., 110 Л. Ф., Стојан Танев Николов.

Но сепак, треба да се истакне ставот на проф. д-р Тодор Балкански за контраверзноста на Методија Шаторов: 1) „...Има ли попозната личност во т.н. 'партизанско движење' во Пазарџиско од Методи Шаторов? Си одговорив со: 'Не!' ; 2) Има ли погламурозен имиџ во новата историја на Пазарџискиот крај од тој на комунистот Методија Шаторов? Си одговорив со: 'Не!' ; 3) Има ли друг претставник на невозможната камарила од самовеличените комунисти во Пазарџиско, во Бугарија и во Македонија кои ги поседува параметрите на Методи Шаторов: да се родиш во Турско, да живееш во Српско, да застанеш на антибугарски позиции во Бугарско, да го потпомагаш погрешно разбраниот интернационализам во Франција, Кина и Шпанија, да ја рушиш со коминтерновски комунизам и антибугаризам својата родина и да умреш со бугарско име на уста? Категоричниот одговор е: 'Не!'.

И зошто тогаш никој не напиша, во тие времиња на трагични тоталитарни и нехумани угнетувања апологија на тој неверојатен чоек? Не можев да си одговорам! И сега не можам!“.[728]

Во македонската и бугарската историогарфија не располагаме со податоци кои ќе го докажат престојот на Методија Шаторов во Кина и во какво својство заминува таму, уште повеќе што ретко кој од авторите го споменуваат и имаат истражувано за престојот на Шаторов во Кина. Тодор Балкански е еден од авторите кој ќе проговори и за ова прашање, истакнувајќи „Во пишувањата за Методија Шаторов можат да се сретнат скудни сведоштва за тоа дека бил пријател со Мао Це Тунг. Познанството им започнува со престојот на М. Ш. во Русија (1929-1934 г.) во тоа време раководителот на кинеските комунисти всушност се појавува неколку пати накратко во Москва. Во литературата за М.Ш. се тврди дека тој ја има посетувано Кина (Бл. Наумчевски, Вистини). Ако М. Ш. ја има посетено Кина најверојатно тоа било во 1931 г. кога Мао Це Тунг е претседател на Исполнителниот комитет на привремената централно работничко- селска влада...“.[729]

За разлика од македонската, во бугарската историографија, местото на Методија Шаторов во голема мера е нагласено и глорифицирано. Во спомените на неговите соборци со најубави епитети е оценуван ликот на Методија Шаторов. Во спомените на Елена Маер уште пред да дознаат кој е човекот кого Партијата им го испратила се вели: „...Кој беше

---

[728] Тодор Балкански, *Методи Шаторов между македонизма и българизма*, 7/8.
[729] Исто таму, 44.

тој, како му беше вистинското име, од каде идеше и каде одеше ние не знаевме. Кај нас го испрати партијата...Тоа беше доволно. Но тој с носеше со себе си, за да не го заборавиш никогаш. Постепено, во процесот на работата ние навлегувавме во неговиот живот и тој ни се откриваше со неповторлива убавина и сила на комунист, револуционенрен борец за народна слобода и среќа.

Ние тогаш не знаевме дека тој е член на ЦК на БКП, дека е командир на Трета оперативна партизанска зона, дека бил функционер на Коминтерна, дека работел во СССР, Германија, Франција и Шпанија и др. Шаторов меѓутоа беше незаборавен во секојдневниот живот, во обичниот живот, во малите нешта, кои ни го покажаа во неговата морална величина како човек и комунист. Неговата личност, неговиот однос во секојдневието зрачеше со неодолив гламур, моќна привлечност која го освојуваше секој човек со радосно чувство на приврзаност".[730]

Описите за него се детални со јасно отсликување на неговиот изглед како човек, претставен како убав и строен маж на почетокот на зрела возраст од свои 45 години. За него неговиот сопартиец Владимир Танов во „*Утре животоьт ще бьде наш*" ќе истакне:

„С што овој човек поседуваше: витката и стегната фигура, правилните и импресивни црти на лицето, јасно нагласените усни, високото и откриено чело, црниот тен, белиот прамен во инаку бујните му црни коси се физичкото и видливото на него, и некако веднаш ме привлече и истовремено во мене предизвика респект и почитување...".[731]

Бугарските автори не само што се задржуваат на неговата надворешна и секако убава физиономија, туку со видлив интерес се трудат Методија Шаторов да биде прстставен во најубаво светло, во кое е истакната почитта кон него како воено-политичка фигура, која е дел од бугарското комунистичко и антифашистичко движење. Во врска со неговите професионални квалитети Владимир Танов продолжува: „...Цела среќа беше за нас, живите воени другари на Методи Шаторов, што имавме можност да работиме и да се бориме во најтешкиот период на отпорот против фашизмот и капитализмот рамо до рамо со тој прекрасен човек, борец и раководител, да ги слушаме неговите мудри совети, да учиме од неговото огромно воено и политичко искуство, да се инспирираме од хероизмот

---

[730] Спомени на Елена Майер 26 август 1964, Пазарджиски окрьжен дьржавен архив, Ф. 876, оп. 2, арх. ед., 110, Л. Ф. Стојан Танев Николов.

.[731] Владимир Танов, *Утре животоьт ще бьде наш*, Партиздат, София, 1980, 120.

и дрскоста да и гледа на смртта право во очи, без да му трепне барем еден мускул од лицето“.[732]

За разлика од македонската историографија во која се појавува подвоеност и различно оценување на неговата револуционерна и национално ослободителна дејност, зависно од тоа дали материјалите се напишани во периодот до 1991 година или по македонското осамостојување, во бугарската историографија се сретнуваме со константност во поглед на оценката и сеќавањата за Методија Шаторов. Ваквата искристализирана и комплетна слика за Шаторов укажува на високото позиционирање во редовите на бугарското комунистичко и антифашистичко движење во Бугарија. До сега не е пронајден податок, прилог или сеќавање во објавената бугарска литература или публикација кое ќе истакне било каква негативност во неговиот личен и професионаен профил, напротив за него се вели : „во морално-домашното воспитување пројавуваше таква рутинирана и принципиелна строгост, кое сигурно го има само во неговата родна Македонија, култивирано низ вековите! Мојата мајка додека не почина го споменуваше со восклик 'Каков човек синко, каков човек'. Тој ја беше фасцинирал премногу мојата неписмена мајка која не знаеше што се тоа идоли.

Методи Шаторов поседуваше еден еминентно драгоцен квалитет на масовик што многу помагаше во сплотувањето на партиските кадри. Тој буквално ги освојуваше симпатиите на луѓето, умееше да даде јасна перспектива, да инспирира верба за блиската победа. Главниот негов квалитет беа јасно фомулираните задачи кои стоеја за решавање. На него му беа туѓи шаблоните во партиската работа, внимателен со луѓето, зборуваше јасно, но со соодветен јазик во зависност од политичката подготвеност и степенот на револуционерната готовност на партиските дејци“.[733]

Шаторов бил многу привлечен и емотивен човек, маж во кој и покрај тешките воени денови биле вљубени припадничките од понежниот пол. Меѓу најверните соборки била и неговата интимна пријателка Љуба Војводова која дава најпластичен пресек каков човек бил Методија Шаторов: „...Како да го гледам сега, како тогаш, првиот пат, кога се исправи да се поздрави на масата, во нашата кујна: висок, моделиран како од стар скулптор, наспроти светлината, која го покриваше одзади и странично и која ја оцртуваше

[732] Исто таму, 124-125.

[733] Спомени на Елена Майер 26 август 1964, Пазаржиски окръжен държавен архив, Ф. 876, оп. 2, арх. ед., 110, Л. Ф. Стојан Танев Николов.

таа крупна фигура, а го оставаше спрема мене во сенка неговото лице со исечени црти, сурово покрај насмевката, со прамен прошарана коса над умното чело, со веѓи – „крилја ластовичини', со белка во црните очи, со карактеристичните брчки на експресивното лице, со тврдокорните усни и остри движења – целиот: напрегнат, мисла и елан за борба.

Го гледав од долу нагоре.

Тој ја протегна раката. Во акцентот ми се стори посебен, но не му го разбрав потеклото. Останав со впечаток на едноставност и природност и истовремено - на некаква внатрешна сила.

...И сега го гледам него, тврдокорниот стар болшевик и стихот напишан за него од мојот другар за него, по неговата смрт, ми се наметнува со својата праведност:

Тврдокорниот стар болшевик,
Тој не знаеше за страв и сомнеж
И умре недостижно голем
Во нерамната конечна битка!

Таков беше кога го доведоа...

Имаше остро чувство за справедливост.

Животот му беше прост и скромен.

Човек со голема култура, слушал и завршил марксистичко-ленинистичка школа во Москва, тој не се срамуваше да оддели од своето време за да измете, да ја навади зелката, да измие садови кога брзав за во школо.

Еј, таков работлив, непретенциозен и природен беше.

Бевме разбрале дека е од големите раководители на гигантската борба, но тој се држеше опуштено без каква и да било желба да го нагласи тоа.

Скромноста, најценетиот квалитет на комунистот, беше во суштина неговата самодоверба.

Ги поседуваше здравите услови на стариот семеен македонски морал, така добро опишан од Димитар Талев во 'Железниот светилник', но облагороден во Шаторов од социјалистичкиот хуманизам.

Во жената гледаше другар, соборец.

Морално чист, тој беше просто пример за висока морална чистота.

Не сакаше да зборува за себе си. Беше дискретен, не само затоа што тоа му го налагаше илегалната работа. Беше самосвесен бидејќи чувствата му беа свети.

Откривме случајно дека е Македонец. Еднаш мојот другар на шега кажа нешто за Македонците. Тој не ја демантираше наведената слабост дека претпоставуваме за неговото потекло. Тој призна, но од каде е не ни кажа. Не доведе во заблуда дека е од Скопје.

Кога еднаш посакав да ми го каже неговото име, погодував, и кога ги изредив македонските имиња: Кирил, Методи, Климент, Даме, Гуле, Гоце, Наум и сл. го прашав дали го споменав неговото име, тој се насмевна и одговори дека меѓу наброените имиња е и неговото, носе разбира не ми кажа кое е. Тоа го налагаше илегалната работа. Јатаците требаше да знаат колку може помалку за луѓето кои ги криjат.

Тој се залагаше за слободата на Македонија и долгорочни врски со Бугарија.

Неговото однесување кон нас му беше другарско. Се држеше како поголем брат. Ги земаше при срце нашите лични стравови и грижи. Се трудеше да ни биде корисен со совет и ангажирање.

Од него се учевме на чист патриотизам. Беше пример за социјалистички хуманизам и вистинска појава на интернационализам...Тој ни беше вистински учител по марксизам-ленинизам...Тој не поднесуваше некој да загине во борбата, покажување страв пред опасноста. Не се служеше со лаги. И самиот длабоко човечен тој ги разбираше човечките можности, но ја објаснуваше неопходноста од ангажирање на волјата за гигантскиот двобој за кој треба да се жртвува се...“.[734]

Затоа можеме слободно да констатираме дека по војната Методиј Шаторов од страна на државните органи на Бугарија ги има добиено најголемите почести и заслуги и неколку општествени установи го носеле неговото име. Од друга страна и бугарската повоената историографија со видлив интерес и залагање настојува Методија Шаторов целосно да го приопшти како свој револуционерен лик заслужен за револуционерната борба на бугарскиот народ. Македонската историографија, од своја страна до 1991 година Методија Шаторов го споменуваше исклучиво во негативна конотација, лик со безброј

[734] Спомени на Люба Войводова –Шокова, Пазаржиски окръжен държавен архив, Ф. 876, оп. 2, арх. е., 110.

неоправдано накалемени обвинувања. Но сигурно дека демократските процеси по 1991 година дадоа можност ликот и делото на М. Ш. Шарло полека, но сигурно да го зазема вистинското место кое му припаѓа во македонската историографија.

## ЗАКЛУЧОК

Патот до меѓународното признавање на секој народ е различен, проникнат од борбата и истрајноста за зачувување на сопственото битие, соочен со историските предизвици и зависен од силината на стремежот да се биде „свој на своето“. Во годините на битисување, се гради свест за она „што сме“ и „кои сме“. Свеста за припадност, не може да се внесе однадвор, не може да се подари, институционално да се постави ниту наметне. Таа се стекнува со векови, се гради, пренесува и чува како аманет од поколение на поколение.

Вековните идеали на македонскиот народ за сопствена државност за прв пат своја реализација ќе доживеат во времето на авнојска Југославија. Тоа се времиња обременети со испреплетени туѓи интереси, судири и надворешни влијанија, кои за волја на вистината не завршиле до ден денешен. Во таквата синтеза на настани, Македонија, успеала да даде револуционерни дејци кои и покрај притисоците, цврсто опстоиле на ставот за посебноста и различноста на македонскиот народ од останатите балкански народи, несебично жртвувајќи се себе си, понесени од идеалот за слободна, независна и обединета македонска држава. Во тие тешки и сложени времиња, исполнети со притисоци однадвор, да се остане доследен на својата визија и свесно да се жртвува за делото, да се жртвува сопствената младост, семејството, себе си, сето она што обичниот човечки живот како највисок постулат го вреднува, е најголема етичка жртва која еден револуционер и човек може да ја поднесе. Затоа и вреднувањето на нивното револуционерно дело, е привилегија која му е дозволена единствено на народот. Нивното место и национална големина не згаснува во годините на наметнати политички интереси и дневни политики па прашањата сврзани со „отстранетите“ и „анатемисани“ имиња, секогаш ќе бидат актуелни предизвици и прашања кои ќе испливуваат и ќе се поставуваат пред македонската историографија со можност да се проговори повторно во други услови, од оваа временска дистанца, да се преиспитаат клеветите и анатемите, а да и се даде место на објективноста и вистината и нивната наводна вина и изречената неправда да се исправи.

Методија Шаторов несомнено е еден од првите обвинети, елеминирани и анатемисани македонски дејци уште на самиот почеток на НОАБ на македонскиот народ.

Списокот со анатемисани и отстранети имиња во македонската историографија, не само што не застана на името на Методија Шаторов, туку подоцна тој се зголемуваше, согласно политичката потреба за градење на понудениот модел на „општохумано“ и во тоа време, високо „морално“ социјалистичко општество, препознатливо како времето на титоизмот. Во тие редови се најдоа имињата на  Методија Андонов Ченто, Панко Брашнаров, Петре Пирузе, Венко Марковски, Васил Ивановски и уште многумина македонски револуционери кои останаа доследни на своите идејно-политички видувања кои беа нешто поразлични од усвоените, про-југословенски. Тие беа политички осудени, историски обесправени, со трагични животни судбини, така што денес неизбежно се наметнува прашањето, колку македонската историографија ги забележа како такви и дали согласно непишаното правило дека „историјата ја пишуваат победниците“, беше направена една огромна историска, национална, етичка и секако човечка неправда.

Методија Шаторов Шарло, долги години во југословенската и македонската историографија беше етикетиран како предавник и злосторник на македонскиот народ. За политичките престапи на „стариот Бугарин“,  Комунистичката партија на Југославија предводена од нејзиниот лидер Јосип Броз Тито, во 1941 година, донесе одлука за неговата кривица, обвинувајќи го за саботерско држење и „одбивањето на директивите на ЦКЈ, поништување на повикот издаден од ЦКЈ, директивата да се предава оружјето, за гонење на српските другари и национал-шовинистичките ставови, за одбивањето да се јави во Белград, за неорганизирање на саботажни и четнички акции и паролата за Советска Македонија.“ Денес повеќе од јасно е дека сите овие обвинувања беа параван и дел од алибито на Јосип Броз кој мораше да ја прикаже и обелодени Шарловата „вина“, обвинувајќи го за главен и одговорен виновник во поврзувањето на македонската партиска организација со бугарската партија, односно препишувајќи го поврзувањето како дело на Методија Шаторов.

Шаторов е исклучителна историска фигура која за жал, македонската историографија долги години единствено по што го препознаваше беше оценката за неговата предавничка улога во македонското нацонално-ослободително движење. „Стариот Бугарин“ како што погрдно и навредливо го етикетира Јосип Броз, беше синоним за контрареволуционер и предавник на македонскиот народ, кој летото 1941 година беше обвинет од страна на Јосип Броз и исклучен од КПЈ. Со одземена функцијата

и одземени права, Шаторов беше политички елиминиран од македонската партиска организација, без елементарна човечка можност да се вклучи како обичен член во македонското партизанско движење. Под закана дури и за физичка елиминација Методија Шаторов мораше да замине по втор пат и засекогаш да ја напушти родната Македонија.

Подоцна, по завршувањето на НОАБ на македонскиот народ, на Првиот конгрес на СКМ 1948 година, уште еднаш беше отворен случајот Методија Шаторов. Владеачката гарнитура понесена од пост ослободителната еуфорија, под влијание на југословенскиот раководен центар без објективен пристап и увид во настаните, повторно ги потврди веќе изречените обвинувања за Методија Шаторов, по што за долги години беше запечатена неговата улога, па согласно политичкиот интерес и во македонската историографија настана молк за името на нејзиниот национален деец, а документацијата уредно спакувана се најде депонирана некаде во архивите.

Неправдата која му е сторена на Методија Шаторов со неговото исклучување и политичко елиминирање од македонската партиска организација како и осудата за предавство на македонскиот народ, анатема која долги години го следи неговото име во македонската историографија беше мој предизвик за исправување на оваа научна, историска и етичка неправда и можност за научно утврдување на вистинското место и улога на Методија Шаторов - Шарло во македонската историја и историографија.

Она што примарно се очекуваше како финален резултат и ефект од научното истражување, е стекнувањето на сознанија кои ќе доведат до објективно и научно расветлување на настаните и утврдување на вистината за Методија Шаторов - Шарло, која како таква, досега во македонската историографија се смета за делумно изоставена и политички инструирана.

Рефлексијата на случајот - Методија Шаторов - Шарло, земено од аспект на реален историски проблем, настанат во почетокот на НОАБ на македонскиот народ, продолжува и во повоените години, во времето на создавањето на македонската историографија кога југословенската системска компонента во голема мера ја обои и македонската историографија. Решенијата понудени од централата беа целосно контролирани, прочистени, фактизирани и омеѓени во границите на дозволениот југословенски шаблон, согласно државните вредности на понудениот социјализам. Аналогно на тогашниот интерес, утврдувањето на неговото место во македонската историографија, оцената и

вреднувањето на Методија Шаторов беше резултат на политичкиот интерес на владеачката политичка номенклатура.

Тргнувајќи од тоа, значењето на истражувањето денес, примарно се согледува во утврдување на вистинското место на Методија Шаторов во македонското национало-револуционерно движење, а согласно со тоа и исправувањето на неправдата сторена во претходниот период во секаков поглед (научен, историски, политички, етички).

Гледано од аспект на поширокото општествено значење, успеавме преку единечниот пример на Методија Шаторов, да се расветли, во сета своја сложеност, текот на национално-обединителното движење во Македонија во почетниот период на НОАБ и причините зошто не успеаја да созреат условите за негово реализирање. Зошто македонската национално-обединителна линија во овој пресуден момент и отстапи место на про-југословенската политичка линија, а самата идеја за самостојна, македонска комунистичка партија која ќе ги обедини останатите делови од соседните држави и ќе се бори за обединета македонска држава, остана осамена. Основниот заклучок, до кој дојдовме, е дека (не)единството на македонското национално ткиво е доминантен и пресуден фактор не само во одлучувачките години на НОАБ, туку и денес во моменти на с□ посилен негаторски притисок од соседството и пошироко. Затоа истата вистина која се случувала тогаш и која се случувала со векови е вистината, која н□ следи и ни се повторува и денес.

*

По априлскиот погром на Кралството Југославија, проценката на раководството во Москва била дека засекогаш е завршено со версајска Југославија и дека таа нема никогаш да се обнови. Во таа смисла се и јасните барања на БРП во мај 1941 година, преговорите и комуникацијата, како и потпишувањето на општата балканска декларација (во врска со македонското прашање) да оди преку националните партии, а не преку КПЈ, непризнавајќи го нејзиниот потпис како веродостоен. Во такви услови, македонската партиска организација, останува изолирана од раководството на КПЈ, исто како што Иван Милутиновиќ претпоставувал на состанокот во Загреб во март 1941 година и го предупредил организациониот секретар на ПК на КПЈ, Перо Ивановски пред неговото заминување за Македонија. Според анализите кои несомнено биле правени во раководниот центар на КПЈ, јасно било дека наскоро е можна војна и дека територијата на

Македонија ќе биде окупирана, во тој случај кога врските со ЦКЈ ќе бидат отежнати, МПО е потребно да се поврзе со ЦК на Бугарија и за тоа да го извести ЦК на КПЈ. Истовремено, и во Москва била разгледана и дискутирана новонастанатата положба на Македонија. За тоа реферирал Владимир Поп Томов, кој истакнал дека е неопходно да се активираат големите капацитети кои лежат во националното движење на Македонците. Затоа, сметале во Москва, било потребно да ги води силна и решителна Компартија. На Балканот во тој период најсилна и најдобро организирана била Бугарската партија. Потоа, Москва предлага, македонските организации (КП и ВМРО(Об.)) да бидат ставени под контрола на ЦК на КПБ и организациски да се поврзат со него. Несомнено е дека ваква одлука може да произлезе единствено од највисокиот врв, поточно од Коминтерната, затоа иако Димитров не учествувал во дискусијата, тој морал да даде одобрување на предлогот и според денешните сознанија тој „дополнително се согласил со овој предлог". По добиената насока и согласност, бугарското Задгранично биро во Москва, ја прифатило одлуката и таа веднаш била спроведена. Во мај, била формирана трочлена комисија со задача да го изврши присоединувањето на комунистичките организации од трите дела на окупираните територии. Членот на комисијата Митко Зафировски кој имал задача да го изврши присоединувањето на организацијата во Македонија која била под раководството на КПЈ, се поврзува и лобира меѓу членовите на МПО и меѓу македонските студенти кои по окупацијата се нашле во Софија. Поврзувањето на организацијата од Македонија со БРП било образложено со принципот дека една територија треба да има една партија. Веќе при посетата на Македонија, Митко Зафировски бара врска за поврзување со Покраинскиот комитет. Тогаш на Шаторов му било пренесено дека е потребно да замина во Софија. На 24 мај заминува во Бугарија на средба со членовите од ЦК БРП, каде му е соопштена одлуката дека по насоки од Коминтерната е потребно, организациски да бидат поврзани со БРП почитувајќи го принципот „една територија една партија" со напомена дека станува збор за привремено решение, с до расчистување на состојата. За текот на случувањата, односно поврзувањето детално биле известувани Задграничното биро на БРП, а преку нив Коминтерната. Затоа е толку голема и сосема нормална сигурноста на бугарскиот делегат во исправноста на нивните постапки како партија, а во таа смисла и оправдувањето на постапките на Методија Шаторов. Во случајот МПО и спорот во врска со раководењето со неа, Методија Шаторов е само лојален извршител на директивите од повисоките форуми.

Непотребно е образложувањето дали постоеле реални шанси во дадените услови Методија Шаторов да постапел поинаку. Денес не постои ниту еден научен аргумент кој ќе докаже било каква вина на Методија Шаторов, дека во дадената ситуација прекршил партиско правило. Тој во ситуацијата ниту смеел ниту можел да постапи по своја волја, туку едноставно следел директива на повисоки форуми и тоа не само повисоки од него, туку и од ЦК на КПЈ и ЦК на БРП, затоа што сосема е јасна ситуацијата, кој ја дава наредбата за поврзување и кој имал право да ја даде. И тука приказната со случајот поврзување на македонската партиска организација завршува.

Затоа, обвинувањата изречени кон Методија Шаторов за неговата наводна улога во поврзувањето на МПО со БРП, апсолутно нема никава објективна основа, а уште помалку имаат основа ***ОБВИНУВАЊАТА ЗА ПРЕДАВНИЧКАТА УЛОГА НА МЕТОДИЈА ШАТОРОВ-ШАРЛО ВО МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ. ДЕНЕС Е ПОВЕЌЕ ОД ЈАСНО ДЕКА ТИЕ СЕ НЕТОЧНИ, ИСКОНСТРУИРАНИ И ПОЛИТИЧКИ ИНСТРУИРАНИ.***

МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ШАРЛО е интернационален борец, прекален комунист, кој во исто време имаше животна судбина да се бори за работничките права и национал-патриот со идеја за формирање на македонска држава со Македонци. Судбината му беше онаа болно македонска, роден во турско, како младинец школуван во српско каде на свои плеќи го осетил теророт, денационализацијата и асимилацијата и бегајќи пред нив, ја напушта Македонија и оди во Бугарија, земјата во која се испреплетувало биполарното себесознание, измешаното бугарско и македонско национално чувство, кое го имаше длабоко заробено македонското револуционерно движење. Фрлен во оганот на с□ уште неразјаснетото национално прашање кое во тој период е актуелно не само во македонските средини туку и во Коминтерна и БРП, Методија Шаторов се пројавува и се ангажира, да ја афирмира македонската нација како нешто што постои, со јасен став дека Македонците не се ниту Бугари, ниту Грци или Срби.

Иако по идеологија комунист, неговата јасна и кристално-чиста македонска национална определба судбински ќе преовлада и ќе му ја одреди неговата визија и мисија. За среќа на македонскиот народ, во периодот на неговото ангажирање во ВМРО(Об.) македонизмот им ги испреплете животните судбини, па заедно со Васил Ивановски, апологетите на македонското дело, се зафатија да продолжат таму каде што Крсте

Мисирков застана, жестоко укажувајќи дека „**македонското движење ’има долга и самостојна историја’, но дека проблемот е што поголемиот дел од македонскиот народ не си ја разбира**“. И покрај тоа што соседните држави Бугарија, Грција и Србија го негираат постоењето на македонската нација, а Македонците според Бугарите беа „најдобриот дел од бугарската нација“ и покрај тоа што Србите се трудат да докажат дека Македонците „биле“ „чисти Срби“ или како што велат Грците, Македонците биле „славјаногласни Елини“, со сите сили Методија Шаторов и Васил Ивановски ќе се вложат себеси да ги разобличат маневрите на негаторите на македонската национална индивидуалност и да им покажат и докажат **„ЗОШТО НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ СМЕ ОДДЕЛНА НАЦИЈА?“**. Се вложиле целосно за да покажат дека никој нема право над Македонија освен МАКЕДОНЦИТЕ. Единствената нивна желба била, да го видат овој народ обединет во „самостојна независна република на работниот македонски народ“ и таа мисла ќе ја испратат и преку океанот, во Америка порачувајќи дека во Македонија постојат **„сите елементи на една самостојна македонска нација со своја територија и економска целост со свој јазик и општ национален карактер и со своја македонска историја.“**

И успеале. Донекаде...

Зад нив застанала една од најмоќните организации – Комунистичката интернационала. Таа која ја држела контролата над сите комунистички партии и движења, зазела став **„дека ВМРО(Об.) е должна да стане масовна организација на работниот народ од цела Македонија, раководејќи ги во борбата за своето национално ослободување и обединување, против поробувачите од бугарска, српска и грчка буржуазија“**. Во таква поволна клима, Методија Шаторов ќе биде упорен и во Партијата ќе им стави до знаење и ќе им укаже на колебливиците, но и на своите сопартијци дека **„има другари кои с уште не можат да разберат дека оценката на партијата дека македонските славјани претставуваат одделна нација не подлежи на сомнеж.“**

Дали некој денес може научно да одрекне, да му ја негира и одземе заслугата на Методија Шаторов дека во **ТУЃА** комунистичка партија, каде и да одел низ светот, не само што во **ДОКУМЕНТИТЕ СЕ ДЕКЛАРИРАЛ КАКО МАКЕДОНЕЦ**, туку тој истовремено ја ширел сопствената индивидуалност - македонската национална свест и

идејата за формирање на обединета самостојна македонска држава, самостојна или во рамките на Балканска федерација?

И не може, а да не се постави едно суштинско прашање: Што беше тоа што го попречи реализирањето на идејата за македонска самостојна обединета држава на македонскиот народ?

Кому му пречеше тоа? Ако веќе се артикулираше идејата на дело и можноста беше присутна, историската шанса не смееше да се пропушти! Зад него, зад македонскиот народ беше Коминтерната која од своја страна го поддржуваше обединувањето кое требаше да се случи низ борба.

За жал, тешко е, но мора да се признае дека таа идеја им пречеше на самите МАКЕДОНЦИ. Дали тие кои застанаа против него не беа доволно свесни дека имаат историска шанса да го остварат идеалот на илјадници Македонци сонуван со векови или с уште во свеста им „одѕвонуваа“ пропагандите и не можеа да излезат од стегите дека се ПОГОЛЕМИ БУГАРИ, СРБИ И ГРЦИ И ОД САМИТЕ БУГАРИТЕ, СРБИ И ГРЦИ. Тој тоа прашање веќе го имаше затворено. И сето тоа беше пресудно, двајцата најистакнати Македонци во Бугарија, водачите во ОК на ВМРО(Об.) во Пиринска Македонија, Методија Шаторов и Васил Ивановски, да се најдат изолирани во својата идеја и свесни дека во моментот македонското прашање сепак не може да се затвори и реши. Моќните во Коминтерната, тогаш разочарано ќе сфатат дека и покрај настојувањата, ВМРО(Об.) како репрезент на македонското национално-ослободително движење, не ќе може да ги обедини масите ниту во Бугарија, а уште помалку во сите три поробени дела. Таа моќна организација, исправена пред растечката експанзија и опасноста од наци-фашизмот, немаше повеќе интерес да штити национално-револуционерна организација која не ги исполни нејзините очекувања, а за волја на вистината, нејзе само тоа и ја интересираше. Тогаш, во таа 1934 година македонскиот народ повторно се најде во интересот на „Големите“, и за жал историската шанса не успеа да ја ефектуира. Меѓународните фактори и условите од една страна и поделеноста меѓу нив, биполарноста во националното чувство, ќе биде главната причина што и покрај целосното залагање, Методија Шаторов нема да успее да ја исполни својата замисла. Но со себе ќе го понесе искуството и една многу важна поука, дека единствениот предуслов за успешното реализирање на македонската визија и цел, од примарно значење е обединувањето на разединетото

македонско револуционерно ткиво, а македонската национална самобитност да биде основниот носител во политичкото движење.

Со искуството стекнато во револуционерните мисии во Германија, Австрија, СССР, Франција и Шпанија, а можеби и Кина, со огромно искуство и политички револуционерен „багаж", во години на зрела возраст, животот повторно ќе го врати назад во родната Македонија, со надеж дека нештата овојпат ќе се одвиваат поинаку.

Во текот на една година денонoќна работа, во Вардарска Македонија заедно со младите ентузијасти и комунисти во македонското партиско раководство, Перо Ивановски-Тикварот и Коце Стојановски-Металец, Методија Шаторов ќе успее македонската партиска организација да ја извлече и спаси од состојбата на изолираност и депримираност. Непрепознатливиот македонски сегмент, низ годините држан под контролата и влијанието на српските политички кадри, Шаторов успева да го издвои и афирмира како главно мото на партијата. Нему му успева, македонските комунисти да ги обедини, да ги активира и да ги афирмира на ниво на моќен и респектиран политички фактор кој ќе застане во одбрана на примарните национални интереси. Тој како раководител на македонските комунисти успева да ја постави МПО на позицијата на авангарда, пред обесправената работничка класа, таа - македонска партиска организација да се бори за нивните права и подобри услови за работа. Во неговото покраинско раководство за прв пат статиите, прогласите и повиците беа пишувани на македонски јазик и на тој јазик не само комунистите, туку целиот македонски народ можеше да чита и да разбере што всушност порачуваат паролите и пораките на Партијата, настојувајќи националното македонско чувство да го приближи до обесправените маси и да им понуди излез за слобода, независност, работнички и селански права. Тоа беше пресудно народот да сфати дека постои политичка сила и организација со помошта на која можат да се борат за своја држава и за својата слобода. Тоа беше основниот мотив вратите на партијата да се отворат, а членството од 200 да се зголеми на над 700 членови во цврста и обединета партиска организција.

Дали некој денес, без разлика на мотивот и поривот, може да му го оспори успехот кој Методија Шаторов успеа да го постигне во партијата?

Дали некој денес може да му го оспори националниот патриотизам кога пред сите моќници во партијата на Петтата земска конференција стана и се спротивстави сам,

барајќи македонското прашање да се постави сега, а не после, дека тоа „после“ секогаш било погубно за македонскиот народ, дека тоа „после“ значи договарање меѓу големите, ама за нивен, а на штета на македонскиот интерес, дека тоа „после“ значи изолирање од масите!

Со право Шаторов тогаш укажуваше дека Македонецот нема да знае и нема да сака повеќе да се бори за туѓи интереси, ако не му се даде националната слобода во тој момент, ако не се признае дека е Македонец и ако на македонскиот селанец не му се врати земјата која му ја одземена. **„Не можеме да одиме кај македонскиот селанец и да му кажеме оти колонистите му се браќа на македонските селани. Оти генералите, џандарите, шпиуните не се браќа. Ако би оделе во сојуз со колонистите, тие (македонските селани) би н□ пречекале со своите лопати. Сите тие се угнетувачи на македонскиот народ и со нив не можеме да имаме добри односи!“**.

Дали некој денес може да оспори дека Методија Шаторов, како никој дотогаш, на македонските комунисти им ја гарантираше крајната цел од која нема отстапување „**дека Комунистичката партија во Македонија ниту за момент не се откажала од својата крајна цел полно ослободување и рамноправност на Македонија - дури до барањето, до отцепување во самостојна државна заедница!“**

Денес не постои научен аргумент кој ќе го оспори ова. Понесен од визијата за слободна и рамноправна македонска држава, Методија Шаторов се бореше во таа, не така далечна 1941 година и беше творецот и поборникот на МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА која стана политичка платформа на македонските комунисти. За истата таа цел тој беше присилен и да си замине.

Оваа идеја во 1941 година, во никаков случај не се поклопуваше со идејата и визијата на Јосип Броз, во која, себе си се гледаше како иден лидер, најмалку во границите на Југославија, а ако условите и меѓународната позиција тоа го дозволија, можеби и малку пошироко, на Балканот. Денес е познато и јасно, научно документирано и аргументирано, дека секој политички чекор кој Тито тогаш смислено го направи, го приближуваше до неговата зацртана цел. Не постоеше никаква реална шанса некој или нешто да го попречи. Методија Шаторов, за жал, не беше во неговата визија, а уште помалку Вардарска Македонија можеше да дозволи да биде отцепена од Југославија и обединета. Методија Шаторов и неговата про-македонска идеја во која иднината на Македонија се гледаше

надвор од секакво надворешно влијание, му беше пречка, и таа пречка мораше веднаш да биде елиминирана.

И денес прашањето с□ уште стои отворено: Што тогаш во таа 1941 година беше пресудно, па историјата вака ги скрои судбините на двете политички фигури, ако се знае дека и двајцата иако карактерно различни, на скоро иста возраст, со иста класна идеологија и двајцата на цврсти комунистичките позиции доживееја сосема различни животни судбини.

Факт е дека Методија Шаторов беше верен на идејата, во секој поглед чесен, прекален комунист и национал-револуционерен деец со огромно искуство и респект од највисоките комунистички кругови, масовник без и една дамка во своето револуционерно портфолио. Исто, како што е факт, дека другиот, Јосип Броз, буквално успеа преку елиминирањето на своите сопартијци, па и на луѓето кои го донесоа на власт, со лабилен кредибилитет да застане на лидерската позиција на КПЈ и да се позиционира многу повеќе.

Тогаш, што беше пресудно едниот да го надвладее и елиминира толку лесно другиот?!

Политиката е интересна состојба во која се преплетуваат улогите на главните фактори, личности, настани и меѓународната ситуации. А сигурно главниот збор го имаат ГОЛЕМИТЕ. Во историјата е утврдено дека политиката успева да исфрли на сцена политички фигури со кои успева да манипулира. Тие политички фигури или играчи, се поддржани и актуелни с□ додека постои и интересот од нив и за нив. Во дадената ситуација Методија Шаторов, беше иделист, масовник, слепо верен на комунистичката идеја и на Коминтерната. За него таа беше безгрешна, во неа се молеше, во неа се колнеше. Таа беше неговата икона и светица, таа беше неговиот заштитник и идол истовремено. Методија Шаторов ја имаше таа погубна наивност да верува, што воедно беше неговата најголема „грешка“ и единствениот негов „грев“, бидејќи тој не можеше да сфати дека Коминтерната е само една професионална и исклучително моќна организација, а тој е само еден од илјадниците играчи кои имаа своја употребна вредност и улога која ќе трае с□ додека „МОЌНИКОТ“ има интерес од него. Тој не можеше да ги сфати политичките правила на играта, дека не неговата пожртвуваност, не неговата лојалност, не беспрекорното извршување и „слепото“ следење на директивите се најважните адути да се

биде во игра, туку основното правило да се биде присутен и во игра Е ИНТЕРЕСОТ на КОМИНТЕРНАТА т. е. на СССР, т. е НА МОЌНИКОТ и с□ дури има потреба од Шаторов, с□ дотогаш тој ќе биде дел од таа игра. Тој не можеше да излезе од канџите на влијанието и вербата за исправноста и беспрекорноста на Совесткиот Сојуз, и покрај тоа што во тој идеален Советски Сојуз, безкрупулозниот Сталин успеа да испрати илјадници комунисти во логорите и гулаците во Сибир, погуби илјадници невини комунисти и вешто маниплирајќи со комунистичката идеја го изгради својот тоталитарен систем во кој имаше место само за послушните и тие што размислуваат како него. Но, Методија Шаторов не можеше да сфати дека политичкиот интерес е пред с□ и над с□, над чесноста, над исправноста, над идеалот, а за жал Шаторов беше сето тоа.

За разлика од него, прагматичниот и бескруполозен лидер, Јосип Броз учеше и научи за бескрупулозноста од најдобрите, многу перфидно, чекор по чекор успеа да го трасира својот личен пат и издигнувањето како лидер на КПЈ.

Тито му ветуваше слобода на народот. И тој му ја даде слободата.

Тој им ветуваше национална еднаквост и рамноправност на обесправените. И точно како што вети, тој ги призна потиснатите и им го даде правото на угнетените.

Да, тој беше свесен за моќта на „братството и единството" и многу умешно знаеше што да му даде на „гладниот и жедниот" и што да му даде на обесправениот. И тој тоа му го даде на народот. Тој многу добро знаеше да премери, колку е потребно да даде, за да успее многукратно да земе од даденото.

И сето тоа Јосип Броз успеа да го оствари, НО за свој интерес.

Многу добро знаеше што значат идеалите, а што значи политичка цел, и никогаш не ги мешаше. Таа бистрина и хируршка прецизност во мислата, го постави таму каде што му беше местото, во плејадата на светски познатите и респектирани лидери. Го чекаше и вешто го искористи моментот и меѓународната ситуација, знаејќи дека секој политичар има свои пет минути на политичката сцена. Ја зацрта својата улога и точно го исчека моментот кога сите воено-политички предиспозиции и услови се поклопија. Благодарејќи на новата меѓународна ситуација, на изолираниот Сталин кој се најде осамен далеку на исток, по 22 јуни му ја понуди својата поддршка и југословенското антифашистичко движење, и во тој момент Јосип Броз без проблем прерасна во главен воено-политички лидер на Балканот. Знаеше дека во новата ситуација нема повеќе место за Методија

Шаторов. Многу умешно, декласирајќи го Шаторов, им порача на своите политички противници од БРП, дека местото на политичкиот пиедастал повеќе не им припаѓа ним, и дека нивниот интерес во МПО завршува овде и сега. Јосип Броз, убедливо го презеде водството на Балканот, а опасноста Методија Шаторов успешно беше елиминирана.

Оттаму, може со сигурност и аргументирано да се тврди дека обвинувањата за предавничката улога на Методија Шаторов-Шарло во македонското национално-ослободително движење покрај тоа што се неточни, исконструирани и политички инструирани, тие се одраз на едно време и политичката моќ на Јосип Броз.

Со години низ македонската историографија се провлекуваше гревот на „стариот Бугарин" дека самостојно ја отцепил и приклучил МПО кон БРП. Точно е дека се случи поврзување, но од реален и објективен приод, се поставува прашањето до каде е „погрешното" и што е спорно во тоа ако една партиска организација добие помош од друга комунистичка партија, кога на голема врата се величеше интернационализмот како примарен мотив во врските и комуникациите помеѓу братските комунистички секции. Сосема е јасно дека проблемот не е во чинот на поврзување, туку во позадината, во суптилната цел и скриениот интерес на секој од споменатите фактори. Интересот на БРП и на КПЈ, сето тоа, го прави нечесно, штетно и погрешно. И двете партии, КПЈ и БРП и покрај декларативното залагање, никогаш не му го дадоа вистинското право на македонскиот народ да се определи сам, напротив, служејќи се со секакви методи секогаш тргнувале само од својот интерес да ја имаат македонската партиска организација за себе омеѓувајќи ја во своите интереси. Паролите во такви услови се само формална рамка и алиби за меѓународно прикажување на лицемерната чесност.

И повторно прашање од кое нема бегање. Како да се објасни, зошто во тие услови, Македонецот дозволи повторно некој друг да му ја скрои судбината, па нели тој Методија Шаторов ја жртвуваше и сопствената фамилија за ДЕЛОТО, нели тој тројно ги нарасна партиските редови, за прв пат во паролите и повиците наместо српскиот, го воведе македонски јазик, содржините да им бидат разбирливи на Македонците. За прв пат им гарантираше дека крајната цел на македонските комунисти и по цена на отцепување е слободна македонска држава. Како тоа, сега, кога Македонецот ја артикулираше својата национална индивидуалност и кога националното чувство с повеќе се кристализираше, зошто повторно си ги изневери своите очекување. Дали толку малку им требаше на

македонските комунисти, да се појави само една фигури испратена од Србија, за тие да заборават на с□ што постигнаа со Методија Шаторов, и го оставија осамен и изолиран. Чест на исклучоците, во идејата за формирање на македонска комунистичка партија која ќе ги обедини комунистите од другите делови на поделена Македонија.

Сплетот на воено-политичките околности и повисоките интереси на главните политички фактори, но можеби најмногу македонската слабост и поделеноста на Македонците, ќе бидат уште еднаш причина за несреќата на македонскиот народ. Сосема е јасно дека како многупати дотогаш, истите тие причини ќе бидат главната рамка и дозвола за наметнување на ПРО-ЈУГОСЛОВЕНСКАТА линија и за политичкото елиминирање на Методија Шаторов од македонската партиска организација.

За жал со самото негово елиминирање беше направена катастрофална грешка и неправда врз македонскиот народ, бидејќи со тоа се обезглави партиската организација во еден исклучително сложен и значаен момент, кога лидер од таков ранг како што беше Шаторов можеше да го обедини македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија, кон кого согласно воено-политичките услови ќе ги привлечеше и Македонците од Пиринскиот и Егејскиот дел. Неговото елиминирање ја спречи обединителната идеја уште на самиот нејзин почеток, дополнително го ослабна и го неутрализира потенцијалот на македонското-револуционерно движење оставајќи го дезориентирано и дезорганизирано да бара поддршка од ТУЃИТЕ (бугарското и југословенското) раководства, во моменти кога станувaше збор за опстанокот и иднината, не само на МПО, туку и на македонскиот народ.

Останува да лебди прашањето колку македонскиот народ успеа да ја сфати пораката која неколкупати ни ја праќа историјата и дали научи нешто од неа! Вистината и тогаш и сега ја носи истата порака.

## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| А. К. - | Акциони Комитети |
| А. К. - | Антун Колендиќ |
| БКП - | Бугарска комунистичка партија |
| БКФ - | Балканска комунистичка федерација |
| БЛС - | Балкански земски(лендер) секретаријат |
| БРП(к) - | Бугарска работничка партија (комунсти) |
| БЦАК - | Бугарски Централен Акционен Комитет |
| В. А. - | Вера Ацева |
| ВМРО - | Внатрешна македонска револуционерна организација |
| ВМРО (Об.)- | Внатрешна македонска револуционерна организација (Обединета) |
| ВОЗ - | Воена оперативна зона |
| ГШ - | Главен штаб |
| ДАРМ - | Државен архив на Република Македонија |
| ДНУ - | Друштво за наука и уметност |
| З. Б. - | Задгранично биро |
| ИБ - | Извршно биро |
| И. К. - | Извршен комитет |
| ИНИ - | Институт за национална историја |
| КИ - | Комунистичка интернационала |
| КП - | Комунистичка партија |

КПЈ - Комунистичка партија на Југославија

КПМ - Комунистичка партија на Македонија

КПХ - Комунистичка Партија на Хрватска

Кралство СХС - Кралство на Србите, Хрватите и Словенците

МАНАПО - (Македонски народен покрет) – Македонско народно движење

МАНУ - Македонска академија на науките и уметностите

МК - Месен комитет

МПО - Македонска партиска организација

НКВД - (Нарóдный комиссариáт внýтренних дел СССР) - Народен комесаријат на внатрешните работи на СССР

НОАБ - Народно ослободителна антифашистичка борба

НОВ - Народно ослободителна војна

НОВА - Народноослободителната востаничка армија

НОПОЈ - Народноослободителни партизански одреди на Југославија

НРПЈ - Независна работничка партија на Југославија

ОК - Областен комитет

ПБ - Полит биро

ПВШ - Покраински воен штаб

ПК - Покраински комитет

ПО - Партиска организација

РМС - (Работнически младежки съюз) - Работнички младински сојуз

| | |
|---|---|
| СКОЈ - | Сојуз на комунистичката младина на Југославија |
| СКМ - | Сојуз на комунистите на Македонија |
| СКПЈ - | Сојуз на комунистичката партија на Југославија |
| СРПЈ - | Сојуз на работничката партија на Југославија |
| СССР - | Сојуз на Советските Социјалистички Републики |
| СФРЈ - | Социјалистичка федеративна република Југославија |
| ЦДА - | Централен Државен Архив |
| ЦК - | Централен Комитет |
| ЦКБ - | Централен комитет на Бугарија |
| ЦКЈ - | Централен комитет на Југославија |

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

**Необјавени извори:**


1. Реконструкција на Јануарско советување на ПК КПЈ за Македонија од 1942 година (авторизиран текст). Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ Скопје: 1971.
2. Фактографски материјал и стенографски белешки. Реконструкција на Покраинската партиска конференција на КПЈ за Македонија 8 септември 1940- Скопје. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ, Р-29. Скопје: 1960.
3. КПЈ и ВМРО (обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930 година Сеќавања на Тодор Ѓ. Зографски и Димче А. Зографски. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ.
4. Дејан Алексиќ. Сеќавања. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ.
5. Сретен Жујовиќ. Сеќања из предратног партиског рада. Централни комитет Савеза комуниста Југославије - Историски архив. Врбица, 14 јуни 1960. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ.
6. Бане Андреев. Сеќавања. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ.
7. Бане Андреев. Сеќавања од НОБ. I верзија непрочистен текст. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ.
8. Андреев Бане – Ронката. Сеќавања за период од излегувањето од робија на 4 јули 1941 година до почетокот на јуни 1942 година (до пучот во покраин.комитет). дел трети. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ.
9. Скопје, Стенографски белешки за состанокот со учесниците во Народната револуција за бивша Скопска околија одржан на 3,4,5,6,7, 8 и 9. II. 1958 година во Скопје. Централен комитет на Сојузот на комунистите на Македонија-Историски архив. П.1-1, прв и втор дел. Скопје: 1958.
10. Хаџи Кимов, Васил, Скопје во настаните од 1941 и 1944. ЦДА-ф.1932, о. п. 4, а. е. 32, 20.
11. Фактографија за реконструкција на ПК КПЈ за Македонија и ЦК КПМ. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ.

12. Изјава на Вера Ацева за работата на ПК КПЈ за Македонија од септември 1940 до летото 1942 година. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ.
13. Фонд Вера Ацева,. Документационо одделение „Велимир Брезоски“, ИНИ, „Велимир Брезовски“.
14. Материјали од III Земска конференција одржана 1-4 јануари 1924 година. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ Препис. К. 128, Фонд. збирка К 4.
15. Записник од седница одржана на 17 и 19. III. 1924 г. на И.О. ЦП веќа на КПЈ и др. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ Препис. К. 128, Фонд. збирка К 4.
16. Записник од седница на Пленумот (на ЦП.Веќа) КПЈ од 20-26. XI. 1924 г.- материјали од седницата. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ Препис. К. 128, Фонд. збирка К 4.
17. Материјали од седница на Пленумот (на ЦП.Веќа) на КПЈ од 20-26. XI. 1924 г. Документационо одделение „Велимир Брезовски“, ИНИ Препис. К. 128, Фонд. збирка К 4.
18. Пазаржиски окрьжен държавен архив, Спомени. No.1066 Б. Стоян Танев.
19. Пазаржиски окрьжен държавен архив, Ф. 876, оп. 2, арх. ед., 110 / Државен Архив – Пазарџик, Ф. 876, оп. 2, арх. е., 110.
20. Пазаржиски окрьжен държавен архив, Ф. 876, оп. 2, арх. е., 110, Люба Войводова – Шокова.
21. Пазаржиски окрьжен държавен архив, Спомени Но. 779 б, Люба Войводова.
22. Пазаржиски окрьжен държавен архив Ф. 876, оп. 2, арх. ед. 110 л. Ф. Стојан Танев Николов, Спомени на Елена Майер 26 август 1964.
23. Пазаржиски окрьжен държавен архив, Спомени Но. 1066б, Стоян Танев.
24. Пазаржиски окрьжен държавен архив, Танев, Стојан. Л.ф. 876-2-107 арх.ед.
25. Пазаржиски окрьжен държавен архив, Критички белешки от Манол Иванов Велев, бивш секретар на РК на БКП в Чеписнкото корито, командир и политкомисар на отряд „ Чепинец“ до Бюрото на Окръжния комитет на БКП, гр. Пазарджик. Ч.П. 17 Б а.е. 2.

**Збирки на објавени извори:**


1. *БКП, Коминтернът и Македонският въпрос (1917-1946).* Том втори. Съставители: Цочо Билярски и Ива Бурилкова. София: Главно управление на архивите при Министерския съвет, 1999.
2. *ВМРО (ОБЕДИНЕТА).* Документи и материјали. Книга II, избор, редакција и коментари Иван Катарџиев. Скопје: Институт за национална историја, 1992.
3. *Велика Британија и Македонија.* Документи (1918-1940). Избор, превод и редакција Тодор Чепреганов, Теон Џинго. Скопје: Институт за национална историја, 2011.
4. *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава.* Том втори. Од крајот на Првата свестка војна до создавањето на национална држава. Универзитет „ Кирил и Методиј", Факултет за филозофско-историски науки, филозофски факултет, група за историа –институт за национална историја. Скопје: Македонска книга, Култура, Мисла, Наша книга, 1981.
5. *Документи за Воената организација во Македонија 1941-1945. Покраински и Главен Шатб на Македонија 1941-1943.* Том I, Кн.2. Скопје: МЕНОРА, 2001.
6. *Документи за младинското движење во Македонија 1941-1945.* Скопје: Централен комитет на Народната младина на Македонија, 1961.
7. *Зборник докумената и података о Народноослободилачком рату југословенских народа.* Борбе у Македонији. Том VII, књига 1. Београд: Војноисториски институт Југословенске народне армије, 1952.
8. *Извори за историјата на СКМ. Илегалниот печат на КПј во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни.* Том II, книга 2. Скопје: „Комунист", 1983.
9. *Извори за историјата на СКМ. Документи и материјали 1921-1941.* Том I, книга 2. Редакција, превод и коментари Иван Катарџиев. Скопје: „Комунист", 1985.
10. *Izvori za istoriju SKJ. Peta zemaljska konferencija KPJ (19-23.oktobar 1940).* Prir. Pero Damjanović, Milovan Bosić, Dragica Lazarević. Beograd: Izdavački centar Komunist, 1980.
11. *Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 – 1945.* Том I. Документи на Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Македонија 1941 – 1945. Книга прва. Документи на Покраинскиот комитет на

Комунистичката партија на Југославија за Македонија 6 април 1941 – 22 ноември 1942. Скопје: Институт за национална историја, март 1968.

12. *Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941 – 1945*. Том I. Документи на Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Македонија 1941 – 1945. Книга шеста. Документи на Петтиот обласен комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија септември 1943 – јули 1944. Скопје: Институт за национална историја, јануари 1979.
13. *Историјски архив Комунистичке партије Југославије*. Том VII. Македонија у Народноослободилачком рату и Народној револуцији 1941-1944. Београд: Историјско одељење Централног комитета КПЈ, 1951.
14. *Историски архив на Комунистичката партија на Македонија.* Том II. Статии од весниците и списанијата од периодот на Народноослободителната борба во Македонија 1941-1944. Книга прва 1941-1943. Скопје: Историско одделение при Централниот комитет на КПМ, Култура, 1952.
15. *Komunistička internacionala, stenogrami i dokumenti kongresa. Peti Kongres Komunističke internacionale Moskva 17. jun – 8. jul 1924.* Prvi deo. Institut za me□unarodni radnički pokret. Knjiga 6. Gornji Milanovac: Kulturni centar, JUR „ Privredna knjiga", 1982.
16. *Куманово и Кумановско во НОВ 1941-1945.* Документи. Куманово: Општински одбор на Сојузот на здружението на борците од НОВ –Куманово, 1988.
17. *Методија Шаторов – Шарло*. Документи и материјали. Избор, предговор и редакција Зоран Тодоровски, соработник Ристе Бунтески - Бунте. Скопје: Државен архив на Република Македонија и Македоника Литера, 2012.

**Монографии – статии - зборници:**

1. Апостолски, Михајло. *Ослободителната војна во Македонија.* Скопје: НИК „Наша книга" – Скопје, 1975.
2. Арсов, Љупчо. *Сведоштва.* Скопје: Комунист, 1984.
3. *АСНОМ. Остварување на идеите за создавање на Македонската држава и неговиот меѓународен одглас и одраз.* Симпозиум посветен на 30-годишнината од

АСНОМ, Скопје, 23-25 октомври 1974 година. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 1977.

4. Ацева, Вера. *Писмо до Светозар Вукмановиќ – Темпо.* (8 април 1988 година, Скопје). Скопје: Култура, 1991.

5. Ацева, Вера. *Јануарското „советување" и настаните што доводоа до него.* Архив на ИНИ „ Велимир Брезовски", ф. Вера Ацева, Сл. IV 1128/ II.

6. Балкански, Тодор. *Методи Шаторов между македонизма и българизма.* Просопография на Стариот Бугарин. Велико Търново: *„Знак '94"*, 2006.

7. *Благој Јанков - Мучето живот и дело (1910-1944).* Прилози од Научниот собир одржан на 28 и 29 ноември 1996 година во Струмица. Скопје: Институт за национална историја, Општински одбор на сојузот на Борците од НОАВН-Струмица, 1997.

8. Брезовски, Велимир. *Комунистичката партија на Македонија 1941-1944.* Редакција Миле Михајлов, Тодор Чепреганов, Ѓорѓи Чакарјаневски. Скопје: Институт за национална историја, 2003.

9. Броз, Јосип Тито. *Политички извештај Централног комитета Комунистичке партије Југославије.* Реферат одржан на V Конгресу КПЈ. Београд: 1948.

10. Броз, Јосип Тито. *Собрани дела.* Том втори, август 1928 – март 1935. Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1978.

11. Броз, Јосип Тито. *Собрани дела.* Том трети, март 1935 – ноември 1937. Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1978.

12. Броз, Јосип Тито. *Собрани дела.* Том четврти, декември 1937 – август 1939. Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1978.

13. Броз, Јосип Тито. *Собрани дела.* Том петти, септември 1939 – септември 1940. Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1978.

14. Броз, Јосип Тито. *Собрани дела.* Том шести, октомври 1940 – април 1941. Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1980.

15. Броз, Јосип Тито. *Собрани дела.* Том седми, крај на април – 28 ноември 1941. Скопје: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, 1979.

16. Бунтески, Бунте Ристе. *Методија Шаторов - Шарло (Политички ставови).* Скопје: Друштво за науки и уметност – Прилеп, 1996.

17. Бунтески, Бунте Ристе. *Полемики.* ( Ванчо Николовски: „ НОВ без догми 1941-1942)“, Васил Ивановски: „ Зошто ние Македонците сме посебна нација“, Славко Милосавлевски: „Југословенските социјалисти-комунисти и македонското прашање (1918-1945), Лазар Лазаров: „Општествено-економскиот развој на НР Македонија“). Прилеп: ДНУ, 2003.

18. Бунтески, Бунте Ристе. *Полемики II.* Прилеп: Друштво за наука и уметност, 2006.

19. Бунтески, Бунте Ристе. *Полемики III.* Прилеп: Друштво за наука и уметност, 2010.

20. *Велес и Велешко во Народноослободителната војна 1941.* Материјали од Научниот собир „ Велес и Велешко во Народноослободителната војна 1941“ одржан на 19 и 20 април 1972 година во Титов Велес. Титов Велес: Општински одбор на Сојуз от на борците од НОВ, 1973.

21. Влаховиќ, Вељко. *Тези за Македонското национално прашање.* Скопје: Комунист, 1975.

22. Влахов, Димитар. „Предателите на македонското дело (Мајскиот манифест от 1924 година)“. *Македонска мисъл.* Орган на Македонския научен институт. Год. 1. октомврий-ноемврий 1945.

23. Влахов, Димитар. *Мемоари.* 2 - издание. Скопје: „Слово“, 2003.

24. Влахов, Густав. *Спомени за татко ми.* Скопје: Радио-Телевизија Скопје. Радио Скопје, Библиотека „ Светлини на минатото“ , 1968.

25. Влахов, Д. Густав. *На пресвртница. Како ја видов и доживеав 1948.* Скопје: НИО „Студентски збор“, 1990.

26. Vukmanović, S. Tempo. *Revolucija koja teče*, Memoari, knjiga I i II. Beograd: Komunist, 1971.

27. Вукмановиќ С. Темпо. *Борба за Балканот.* Скопје: Мисла, 1982.

28. Горанов, П. и колектив. *Христоматия по История на България* 1944-1971 г.,Вт. 1981.

29. Дедиер, Владимир. *Јосип Броз Тито.* Прилози за биографија. Скопје: Мисла, 1977.

30. Димитров, Георги. *Биография.* София: Партиздат, 1972.

31. Добринов, Дечо. *ВМРО (обединета).* София: Университетско издатество „Св. Климент Охридски“, 1993.

32. Драгойчева, Цола. *Повела на дълга.* (спомени и размисли). София: Партиздат, 1972.

33. Драгойчева, Цола. *Щурмът Повела на дълга.* (спомени и размисли), книга 2. София: Партиздат, 1975.

34. Драгойчева, Цола. *Победата Повела на дълга.* (спомени и размисли), книга 3. София: Партиздат, 1979.

35. Драгойчева, Цола. *Из моите спомени. На класови и интернационалистически позиции.* София: Партиздат, 1979.

36. Драгойчева, Цола. *Такава е истината.* София: Партиздат, 1981.

37. *Други светски рат.* Књига прва. Београд: ИРО Народна књига, 1981.

38. Жила, Ленина. *Виенска „стапица".* Историја на преговорите меѓу СССР и ВМРО на Тодор Александров. Скопје: Институт за национална историја, 2014.

39. Зографски, Г. Тодор и Димче А.Зографски. *КПЈ и ВМРО (ОБЕДИНЕТА) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930.* Скопје: Институт за национална историја, 1974.

40. Ивановски, А. Владо. *Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944.* Скопје: Институт за национална историја, 1973.

41. Инадески, Митре. *Хронологија на Скопје. Работничкото и народноослободителното движење 1939-1945.* Книга втора. Скопје: Архив на Скопје, 1974.

42. *Историја на македонскиот народ.* Книга III. Периодот меѓу двете светски војни и Народната револуција (1918-1945). Скопје: Институт за национална историја и НИП „ Нова Македонија", 1969.

43. *Историја на македонскиот народ. Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна (1912-1941)*, том четврти, д-р Иван Катарџиев. Скопје: Институт за национална историја 2003.

44. *Историја на македонскиот народ,* том V. Македонија во Втората светска војна, Народноослободителна антифашистичка војна во Македонија (1941-1945), Редактор Новица Велјановски. Скопје: ИНИ, 2003.

45. *Историја на македонскиот народ.* Скопје: Институт за национална историја, 2008.

46. *История на Пазарджишката окръжна организация на БКП.* София: Партиздат, 1985.

47. Јанев, Јован. *КПЈ во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија (1919-1921).* Скопје: Институт за национална историја, 1992.

48. Јанковић, Миодраг, Вељко Лалић. *Кнез Павле истина о 27. марту.* Београд: UNA PRESS, 2007.

49. Јосифовски, Илија. *Раскажувања за националната преродба на македонскиот народ.* ракопис. Скопје: 2006.

50. Јосифовски, Илија. Вистини и заблуди за националната преродба на македонскиот народ. ракопис. Скопје: 2006.

51. Катарџиев, Иван. *КПЈ во Македонија до Обзнаната.* Скопје: Култура, 1961.

52. Катарџиев, Иван. *Време на зреење.* Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930). Книга I и II. Скопје: Култура, 1977.

53. Катарџиев, Иван. *Македонија во XX век. Македонија сто години по Илинденското востание.* Второ издание. Скопје: Култура, 2006.

54. Катарџиев, Иван. *Две различни програмски концепции на НОВ за решавањето на македонскиот проблем: Манифестот на Главниот Штаб и приговорот на АНОК.* Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2012.

55. Катарџиев, Иван. *Васил Ивановски, борец за идеалот за слободна и обединета Македонија на Балканот. Историја на Македонија од Антиката до АСНОМ.* Книга прва. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2014.

56. Катарџиев, Иван. *Васил Ивановски, публицистика и документи.* Книга втора. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2014.

57. Кљакиќ. Драган. *Времето на Колишевски.* Редакција и превод од српски Мирко Миронски. Скопје: Матица Македонска, 1994.

58. *Кочани и Кочанско во НОВ 1941-1945.* Материјали од Научниот собир одржан од 13 до 15 декември 1984 во Кочани. Кочани: Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Кочани, 1985.

59. Колишевски, Лазар. *Аспекти на македонското прашање.* Скопје: Култура , 1962.

60. *Македонскиот идентитет низ историјата.* Материјали од меѓународниот научен собир одржан по повод 60 години од основањето на Институтот за национална историја (Скопје, 10-12 октомври 2008). Скопје: Институт за национална историја, 2010.

61. *Makedonija od ustanka do slobode 1941-1945.* (zbornik radova). Beograd: Vojnoizdavački I novinski centar, 1987.
62. *Методија Шаторов –Шарло и неговото време (1897-1944).* Скопје: Институт за национална историја, 2007.
63. Минчев, Димитър. *Българските акционни комитети в Македония - 1941.* София: Македонски научен институт-София, 1995.
64. Milanović, Nikola. Vojni puč i 27. Mart 1941. Beograd: „Sloboda", 1981.
65. Михајлов, Миле. „Еден обид за дешифрирање на извештајот на Методија Шаторов до Извршниот комитет на Комунистичката интернационала од 16. 9. 1941 година", *Гласник на ИНИ*, год. 50, бр. 1. Скопје: 2006.
66. Mojsov, Lazar. *Bugarska radnička partija (komunista) i Makedonsko nacionalno pitanje.* Beograd: IRO Narodna knjiga , 1980.
67. Морача, Перо. *Комунисти Југославије 1919-1969.* Београд: НИП Младост, 1969.
68. Николовски, Ванчо. *НОВ без догми 1941-1942.* Критички осврт на досегашната историографија. Скопје: НИП „ Глобус", 1997.
69. Николова, Соња. „Кризата во ПК и нејзиното влијание врз партиските организации во Западна Македонија (1941-1943)". *Д-р Владимир Полежиноски – живот и дело.* (Кичево, 6 декември 1912 – Скопје, 19 јуни 1980). Скопје: Институт за национална историја, Совет на општина Кичево, 2013.
70. Николова, Соња. „Состојбата на ПК на КПЈ за Македонија во времето на Методија Шаторов-Шарло". *Гласник на ИНИ.* год. 55, бр. 1-2. Скопје: 2011.
71. Николова, Соња. *Методија Шаторов – Шарло, секретар на ПК на КПЈ за Македонија и активноста на штипската партиска организација.* Скопје: НУ-УБ „Гоце Делчев"-Штип, 2012.
72. Николова, Соња. „Состојбата во Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија во периодот 1941- мај 1942 година". *Зборник на трудови. 70 години од убиството на Борка Талеск и Лазо Филипоски – Левски.* Прилеп: ЈОУ Градска библиотека „ Борка Талески", 2014.
73. Николова, Соња. „Методија Шаторов-Шарло во македонската историографија". *Меѓународна научна конференција Балканот: луѓе, војни и мир.* Материјали од меѓународната научна конференција по повод 65 години од основањето на

Институтот за национална историја (Скопје, 4-5 ноември 2013). Скопје: Институт за национална историја, 2015.

74. *Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија.* Материјали од Научниот собир одржан 1, 2 и 3 ноември 1979 година. Прва и Втора книга. Скопје: ООЗТ Комунист – Скопје, 1980.

75. Пачемска, Даринка. *Внатрешна македонска револуционерна организација (обединета)*. Скопје: „ Студентски збор“ – Скопје, 1985.

76. *Партизанската бригада Чавдар.* (кратък исторически очерк). София: Партиздат, 1972.

77. *Прилеп и Прилепско во НОВ 1941 година.* Материјали од Научниот собор одржан на 11, 12 и 13 декември 1974 година. Скопје: Култура, 1976.

78. *Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година.* Материјали од Научниот собор одржан на 13,14 и 15 декември 1976 година. Книга I и II. Скопје: Култура, 1978.

79. Поповски, Владо, Ленина Жила. *Македонското прашање во документите на Коминтерната.* Историски факултет при Московскиот државен универзитет „ М. В. Ломоносов“, Руски центар за чување и проучување на документите од најновата историја. Том I, Дел 1: 1923-1925 г. Скопје: НИП „ Ѓурѓа“, 1999.

80. Поповски, Владо, Ленина Жила. *Македонското прашање во документите на Коминтерната.* Историски факултет при Московскиот државен универзитет „ М. В. Ломоносов“, Руски центар за чување и проучување на документите од најновата историја. Том I, Дел 2: 1923-1925 г. Скопје: НИП „ Ѓурѓа“, 1999.

81. Поповски, Владо. *Руската и советската надворешна политика и македонското прашање (од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век).* Скопје: Макавеј, 2013.

82. *Развојот и карактеристиките на Народноослободителната војна и на Револуцијата во Македонија.* Симпозиум. Скопје, 9-10 декември 1971 година. Скопје: МАНУ и ИНИ, 1973.

83. Ристовски, Блаже. *Македонски работи. Јазик – литература – историја – нација – држава*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2013.

84. Семерджиев, Атанас. *Преживяното не подлежи на обжалване*. София: Издателска къща „ Христо Ботев“, 1999.

85. Семерджиев, Атанас. *И никой не се завърна.* Партизански спомени. София: Народна младеж, 1971.
86. Семерджиев, Атанас. *За да има живот.* Партизански спомени. Трето преработено и допълнено издание. София: Државно военно издателство, 1973.
87. *Скопје во НОВ 1941.* Материјали од научниот собир. Скопје: Градски одбор на СЗБ од НОВ – Скопје, 1973.
88. *Скопје во Ослободителната војна и револуција 1941*-1945. Зборник на сеќавања. Том I, книга прва. Скопје: Архив на Скопје, 1984.
89. *Слободните територии во Македонија 1943.* Симпозиум. Дебар, 27-29 март 1974 години. Скопје: Одбор за организирање на научниот собир, 1975.
90. Славевска, Лидија. *Етногенезата на македонскиот народ.* Континуитет и традиција, некои аспекти. Скопје: Матица Македонска, 1992.
91. Спасовски, Александар. *Партизанското движење во Скопје и Скопско 1941-1945.* Скопје: Архив на Скопје, 1984.
92. Стефанов, Илия. *Убийството на Методи Шаторов.* София: „ Военно издателство“ ЕООД, 2005.
93. Стојчев, Ванче. *Бугарскиот окупаторски систем во Македонија 1941-1944.* Скопје: „Григор Прличев“, 1996.
94. Стојчев, Ванче. *Воена историја на Македонија.* Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија и Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“, 2000.
95. Стојчев, Ванче, Александар Стојчев. *Букурешкиот мировен договор и поделбата на Македонија во 1913 година.* Скопје: Институт за национална историја, 2013.
96. *Струмица и Струмичко во Народноослободителната војна од 1941 до септември 1943 година.* Материјали од Научниот собир „ Струмица и Струмичко во НОВ од 1941 до 1943 година“ одржан во Струица на 15, 16 и 17 мај 1978 година. Струмица: Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Струмица, 1980.
97. Танов, Владимир. *Утре животът ще бъде наш.* Софија: Партиздат, 1980.
98. Терзиоски, Растислав. *Окупација на Македонија 1941-1944.* Скопје: Менора, 2009.
99. *Tajna prepiska Roosevelt - Staljin.* Prev. Frane Barbieri. Zagreb: Epoha, 1965.

100. *Tajna prepiska Churchill – Staljin. ured.* Frane Barbier, prev. Branko Bucalo. Zagreb: Epoha, 1965.

101. Тодоровски, Зоран. „Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941)“. *Македонија Милениумски културно – историски факти.* Том 4. Скопје: Медиа Принт Македонија, Универзитет ЕВРО-БАЛКАН, 2013.

102. Тодоровски, Миле. *Партизанските одреди во Македонија во 1942 година.* Скопје: Просветна жена , 1972.

103. Тошевски, Иван. *Нација или негација?* Скопје: Книгоиздателство МИ-АН, 2003.

104. Хитлер, Адолф. *Мојата борба.* Скопје: „ Ѓурѓа“, 2005.

105. Хитлер, Адолф. *Мојот Поредок на светот.* Скопје: Мартина, 2006.

106. Христов, Александар. *Создавање на Македонската држава 1893-1945.* Скопје: Матица Македонска, Мисла, 1971.

107. *Хронологија радничког покрета и СКЈ 1919-1979.* Том I. 1919-1941. Београд: Народна книга и Институт за савремену историју, 1980.

108. Цеков, Јордан, Дане. *Куманово и Козјачијата во ослободителната војна 1941-1945.* Скопје: 2010.

109. Cenčić, Vjenceslav. *Enigma Kopinič,* I i II. Beograd: Izdavačka radna organizacija „RAD”, 1983.

110. Цветковска, Надежда. *Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија 1935-1941.* Скопје: Институт за национална историја, 1996.

111. Цветковска, Надежда. *Политичките партии во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија (1919-1929).* Скопје: Институт за национална историја, 2004.

112. Чакарјаневски, Ѓорѓи. *Кичево и Кичевско во Народноослободителната војна 1941-1944.* Скопје: Музеј „ Западна Македонија во НОВ“ Кичево, 1994.

113. Чакарјаневски, Ѓорѓи. *Главниот штаб и државноста на Македонија (1941-1945).* Скопје: Институт за национална историја, 2001.

114. Чепреганов, Тодор. *Судирот на Британските и Германските интереси на Балканот во текот на Втората светска војна.* Скопје: Институт за национална историја, 2000.

115. Чепреганов, Тодор. *Британската управа за специјални операции (СОЕ) во Македонија: Британските воени мисии во Македонија(1942-1945).* Скопје: Институт за национална историја, 2001.
116. Чепреганов, Тодор. „Историја на Македонскиот народ: 1941-2009". *Македонија Милениумски културно – историски факти.* Том 4. Скопје: Медиа Принт Македонија, Универзитет ЕВРО-БАЛКАН, 2013.
117. *Штип и Штипско во Народноослободителната војна 1941-1945.* Прилози од Научниот собир одржан на 17, 18 и 19 мај 1990 година во Штип. Книга 1, 2, 3 и 4. Скопје: Општински одбор на Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичка војна – Штип и Матица Македонска, 2000.
118. Štajner, Karlo. *Povratak iz gulaga.* Stručni redactor Zlatko Čepo. Zagreb: ITRO „NAPRIJED", 1981.
119. Шуплиновски, Ристо. *Шарло. (Монографски прикази и полемики).* Ракопис. Скопје: 1997.
120. *100 години Илинден 1903-2003.* Прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003. Том II. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 2005.

**Серијали:**

1. Методија Шаторов Шарло (1897-1944), Документарен филм https://www.youtube.com/watch?v=uT9c5W2Fg6Q
2. Серијал „Jugoslavija u ratu 1941-1945 - Epizoda 1 – 27 https://www.youtube.com/watch?v=P9g-1Yval1o;
3. Dokumentarac o protestima 27-og Marta 1941 https://www.youtube.com/watch?v=upJklJWYGd4.

**Весници :**

1. Kolendić, Anton. *Bjele mrlje makedonske povijesti. Start magazine,* 19.08.1989. https://www.marxists.org/makedonski/kolendik/1989/beli-damki.htm
2. Колендиќ, Антон. „ Шта се хоће зборником „Македонија ". *Политика,* 5 февруари 1979.

3. „Соборците го бранат Шаторов“. *Дневник*, 18 март 2006, http://star.dnevnik.com.mk/?pBroj=2842&stID=61533
4. „Методија Шаторов-Шарло: одметник и предавник или огнен поборник за македонска самобитност (1)“. *МКД*, 6 февруари 2013. *http://www.mkd.mk/95895/makedonija/metodija-shatorov-sharlo-1*
5. „Ексклузивно: Писмо од Методија Шаторов Шарло“, *Вечер*, 2 ноември 2012. http://vecer.mk/ekskluzivno-pismo-od-metodija-shatorov-sharlo
6. „Методија Шаторов Шарло секогаш се изјаснувал како Македонец“. *Македонска нација,* 10 јули 2013. http://www.mn.mk/aktuelno/7953-Metodija-Satorov-Sarlo-sekogas-se-izjasnuval-kako-Makedonec
7. Николова, Соња. „Методија Шаторов – Шарло - Енигма и денес“. *Зенит,* 22 јуни 2913. http://www.zenitprilep.com.mk/arhiva/5348-2013-06-22-23-29-23.html
8. „Истината за Методи Шаторов“. *Чепинец,* регионален седмичник. Велинград 18-24 септември 1996 г. брой 38(821/год.XXI), 4.
9. Семерджиев, Атанас, „Кой уби Методи Шаторов“. *Дума,* София, год.XI, бр. 35, 12 февруари 2000г.
10. Танов, Владимир. „ Той ще живее вечно“. *Септемвриско знаме,* No.3, 0901.1973.
11. Стефанов, Илия. „ Между „Осанна“ и „ Разпни го“. Методи Шаторов –герой или предател? *Нова Зора*, брой 32. 9 септември 2008 г.